РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА



# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2005 - 2015 СО ПРИДРУЖНИ ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2005 - 2015 СО ПРИДРУЖНИ ПРОГРАМСКИ ДОКУМЕНТИ

**Издавач:**
Министерство за образование и наука
на Република Македонија

**Дизајн и припрема:**
Кома лаб

**Печати:**
Манико Графикс

**Тираж:**
1000

**Финансиски поддржано од:**
Фондација Институт отворено општество - Македонија

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


Предговор ........ 5

Национална програма за развој на образованието
во Република Македонија 2005 - 2015 ........ 9

Програма за развој на предучилишното
воспитание и образование ........ 67

Програма за развој на основното образование ........ 97

Програма за развој на средното
и на постсредното образование ........ 157

Програма за развој на високото образование ........ 259

Програма за професионален развој
на училишниот кадар ........ 319

Програма за обезбедување и контрола
на квалитетот на образованието ........ 371

Програма за развој на институционалната поддршка
на реформите во образованието ........ 401

Програма за развој на ИКТ во образованието ........ 421

Програма за образование на возрасните
во Република Македонија во контекст
на доживотното учење ........ 463

# ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Како во светот така и кај нас, во последната деценија на минатиот век и почетокот на овој век, во образовниот систем се сретнуваат мноштво иновации што се предизвикани од промените во опкружувањето. Од една страна дојде до длабоки промени во хуманизмот и општествените уредувања, а од друга страна техничко - технолошкиот развој доживува експанзија до неслутени граници. Овие трендови ги диктираат стопанските субјекти, поточно нивните претприемачи и нивниот менаџмент.

Од науката се бараат нови решенија. Употребливата вредност на знаењето во некои подрачја е само неколку години. Брзината на пренесување на информациите постојано расте. Се продлабочува јазот меѓу развиените и неразвиените држави во светот, како и меѓу богатите и сиромашните во една држава. Процесот на глобализација се промовира во сите сфери. Во такви услови се менуваат системите на вредности, а со тоа и начинот на живеење.

Овој период за младите генерации се карактеризира со зголемување на желбата за подобар квалитет на живеењето и создавањето нови добра, на желбата за запознавање на светот и нагласениот авантуризам, поголемата еколошка свест, желбата за забава и слободен живот,поголемата индивидуалност и самостојност. Но, исто така се сретнуваат и некои негативни појави, какви што се зависноста од цигари, алкохол и дрога; некултурно и недолично однесување на јавни места; полиберален однос во училиштето, за време на часовите и меѓу нив; немотивираност за некои корисни активности вон наставата; криза на вредности и моралот.

Во вакви околности, училиштата не се снаоѓаат најсоодветно. Прилагодувањето кон новите барања се реализира со потешкотии, со чувство дека промените ги уништуваат нивните „добри стари концепти“ кои што припаѓаа „на едни добри стари времиња“. Тоа се во суштина причините за бавно реализираните промени. Застарениот начин на работа, доведува до тоа да се продуцираат кадри кои се несоодветно подготвени да одговорат на потребите на пазарот на трудот. Како

императив на воспоставената филозофија на учење за цел живот, се наметнува потребата за институциона-лизирање на систем за континуирано образование и образование на возрасните.

Сето ова бара нова организациска поставеност на училиштата и развивање на систем од институции за поддршка и развој на образованието на централно ниво. Во тој контекст, пред менаџментот на училиштата се поставуваат нови, поинакви барања, а тој добива нова улога. Наместо досегашното задоволување на функцијата педагошки раководител и, повеќе или помалку, администратор, директорот на училиштето добива поголема општествена одговорност како водач, кој ги креира, промовира, реализира и евалуира промените во училиштето.

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување на знаења, вештини и способности за овладување со начините за задоволување на потребите (образовна компонента) и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него (воспитна компонента).

Современиот пристап е дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање (тоа е наведено во документот на ОЕЦД и публикувано уште во 1986 година). Потребата и начинот за постигнување на најдобрите резултати од инвестирањето во образованието, само ја промовира и афирмира тезата за неопходноста од развој на менаџментот во училиштето. Освен тоа, членовите на училиштето - учениците и наставниците, имаат различни потреби, интереси, вредности, верувања, очекувања, стилови на однесување, стилови на комуницирање. Улогата на менаџментот во училиштето, во тој контекст, е да „изгради мостови“ меѓу овие различни концепциски излези.

Денес во светот постои силно изразена тенденција за создавање претприемничко општество, како во развиените земји така и во земјите во транзиција. Основата на секое претприемничко општество е создавање на претприемничка свест и култура кај секој поединец и општеството во целина. Евидентно е дека во земјите во транзиција, а особено во нашата држава, постои слабо приспособен систем на образование и обука, како еден од аспектите на човечките потенцијали. Образовните институции имаат проблем со справувањето со растечките потреби, но и со бројот и разновидноста на целните групи. Една од причините за ова е големиот недостаток на флексибилност и адаптибилност во структурите на овие институции и нивниот пристап кон промените. Нивната ригидност ги спречува дури и во приспособувањето и преформулирањето на курикулумите. Образовните системи сѐ уште се стремат да стават прекумерен акцент на академското знаење.

Во овој контекст, треба да се афирмира пристапот на доживотното учење. Во рамките на Европската Унија, афирмирањето на овој пристап бара развој на култура за учење на индивидуално и институционално ниво, во сите сфери на

јавниот и приватниот живот. Ова претставува врвен приоритет, поради следниве две подеднакво важни причини:

1. Европа се стреми кон создавање општество и економија што се базираат врз знаењето. Пристапот до актуелните информации и знаења, заедно со мотивираноста и умешноста за софистицирано користење на овие ресурси, станува клуч за глобалниот квалитет на животот и работата на луѓето.
2. Светот во кој што денес Европејците живеат, е општествено и политички сложен и комплексен. Повеќето луѓе сакаат да го планираат сопствениот живот и очекуваат активно да придонесуваат во општеството, па затоа мораат да научат да живеат со културните, етничките и јазичните разлики. Образованието сфатено во најширока смисла на зборот, е клучот за учење и разбирање, со цел да се одговори на овие предизвици. Свесни за таквите предизвици и на ниво на нашата држава, потребата за прилагодување на реалниот диверзитет на општеството и во повеќејазичниот систем на образование, е и ќе остане предмет на секојдневниот развој на демократското општество и кај нас и во Европа.

Овие две карактеристики на современите општествени и економски промени, се меѓусебно поврзани. Тие истакнуваат две подеднакво важни цели на филозофијата на доживотното учење, а тие се: промовирање на поединецот во општеството, како активен граѓанин, и промовирање на можностите за вработување.

Поаѓајќи од претходното, во сферата на образованието се промовираат некои нови трендови. Еден од нив е стекнувањето нови вештини за сите или универзален и континуиран пристап до учењето, со цел да се добијат и подобрат вештините потребни за партиципирање во општеството во кое што знаењето е од голема важност. Овие нови базични вештини вклучуваат работа на компјутер, странски јазици, технолошка култура, претприемништво и социјални вештини.

Поголемото инвестирање во човековите ресурси или видливото подигнување на нивото на инвестирање во човековите ресурси, е со цел да се постави приоритет врз најзначајната вредност на Европа - луѓето. Еден од начините би бил да се бара согласност, преку социјалните партнери, со којашто компаниите ќе поставуваат цели за продолжителното или континуирано оспособување. Иновациите во наставата и учењето или развивањето ефективни методи на учење и подучување за континуумот на учењето за цел живот, стануваат клуч за успехот. Системите за учење мора да се адаптираат кон променливиот начин на живеење. Пред сѐ, ова значи целосна ревизија и реформа на иницијалното образование и оспособувањето за работно место, како и оспособувањето на оние што ги држат курсевите, односно наставниците. Нивната улога е сé повеќе во насока да бидат ментори, водачи, медијатори.

Вреднувањето на учењето или подобрување начините на кои се сфаќа учеството на учениците и наставниците во процесот на учењето и резултатите од него, и како тие да се вреднуваат добива на значење. Дипломите, сертификатите и квалификациите претставуваат значајна референца, како за работодавците, така и за поединците, и тоа како на пазарот на трудот така и во организациите. Според тоа, осовременувањето на националните системи на сертификати за новите економии, како и новите општествени услови, сПриближувањето на учењето или обезбедувањето можности за учење колку што е можно поблиску до кандидатите, во нивните заедници и со поддршка на капацитетите опремени со компјутери е исто така светски тренд. За најголемиот дел од луѓето, од раната возраст па сè до староста, учењето се случува на локално ниво. Локалните и регионалните авторитети се тие што ја обезбедуваат инфраструктурата на пристапот до учењето за цел живот, вклучувајќи ја детската заштита, превозот и социјалните услуги.

Во светот, веќе се поместува парадигмата: од општество што учи, во општество на знаење. Станува збор за општество на проактивни и претприемчиви граѓани. Во тој контекст, образованието добива клучна улога. Имено, во нашите училишта треба да се едуцираат индивидуи способни да се справат со предизвиците на времето во коешто ќе живеат и работат. Интерактивниот процес на учење што од децата ќе создаде, како што метафорички преудицирал познатиот филозоф Едгар Морен, „глава што мисли, а не глава што памти“, би требало да е суштината на севкупните реформи во образованието, не само кај нас, но и пошироко.

Имајќи го сето ова во вид, Министерството за образование и наука на Република Македонија донесе значајна одлука, а тоа беше да се изготви Национална програма за развој на образованието, како стратешки документ што треба да ги утврди насоките на развој на образованието до 2015 година. Овој значаен проект на Министерството се реализира со финансиска поддршка на Институтот отворено општество - Македонија и она што е најзначајно за истиот е дека се обезбеди транспарентен начин на создавање на Програмата, со учество на сите заинтересирани субјекти во државата.

Министер за образование и наука,  
д-р Азис К. Положани

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2005 - 2015 >>>>>>>>>>>>>>>>>>


Национална експертска група:

д-р Тале Герамитчиоски, координатор
д-р Зоран Велковски
д-р Зоран Т. Поповски
д-р Емилија Симовска
д-р Џеладин Мурати
д-р Снежана Адамческа
Агим Рушити
м-р Ласте Спасовски
д-р Хасан Јашари
Аспасија Хаџишче
Сузана Киранџинска
м-р Шефкет Зеколи
Љатиф Исмаили
Трајче Ѓорѓијевски

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2005 - 2015

*Националната програма е посветена на развивањето и унапредувањето на знаењата и зајакнувањето на културата на живеење на граѓаните на Република Македонија. Таа настојува да даде полн придонес за остварување на одржлив развој и подобрување на општеството и негово афирмирање како рамноправен и респектабилен член во европското и светското окружување.*

*Националната програма за развој на образованието помага да се развие ефективен образовен систем кој располага со механизми за подготовка на младите и возрасните за сите предизвици и промени со кои ќе се судрат во утрешнината која доаѓа.*

*Националната програма треба да резултира со образовна архитектура базирана на вредности соодветни на главните развојни правци карактеристични за современиот свет и доволно моќна да придонесе за задоволување на важните и ургентните потреби на општеството, без притоа да се маргинализира обврската за зачувување на националната култура и традиција. Високите стандарди во образованието ќе придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста како темели на општеството, неговиот развој и добросостојбата на секој негов член.*

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

> **Образованието е фундаментално човеково право. Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот. Го разбива затворениот круг на сиромаштија и е клучен елемент на економскиот и социјалниот развој.**
>
> (ЕФА, УНЕСКО)

Министерството за образование и наука на Република Македонија има општествена одговорност да создаде услови за унапредување на образованието и можности за зголемување на добросостојбата на граѓаните. Последиците од активностите што ги презема Министерството се долгорочни и силни и имаат директно влијание врз животот на секој граѓанин. Условите и можностите за превенција и компензација што Министерството ги создава на планот на образованието и обуката, истражувањето, развојот и афирмацијата на културните вредности се од суштинско значење за животните определби на младите и возрасните.

Националната програма за развој на образованието ги предвидува долгорочните потреби на државата на планот на образованието и покажува спремност која гарантира дека визијата, идеите и вредностите што се во неа содржани ќе бидат реализирани. Стратешката вредност на овој документ за секој граѓанин и учесник во образовнието е можноста неговите цели и определби да бидат реализирани.

Програмата ги предвидува идните промени во локалната сфера, промените во Министерството за образование и наука, промените во општеството и промените во меѓународното окружување, продуцирајќи релевантни цели кои треба да се остварат.

Програмата, исто така, е фокусирана на управувањето и водството со развојот. Тоа е неопходно за да се утврдат доминантните развојни трендови во потесното и поширокото окружување и нивното влијание врз развојот и организацијата на мониторингот на излезните решенија. Карактеристиките и ефективноста на организацијата се клучни за напорите кои се преземаат за постигнување на очекуваните цели.

# II. ПРЕДИЗВИЦИ

Случувањата од втората половина на 20 век поставија неколку клучни предизвици со кои се судира човештвото на почетокот на 21 век. Развојот на компјутерската технологија и современите системи на информации предизвика револуција во животот на луѓето. Економиите се трансформираа од стандардизираното мануелно производство кон поразновидно и *на-знаење* базирано производство на добра и услуги. Благодарејќи на развојот на комуникациските системи и мобилноста на луѓето настана процесот на култур-

ното зближување на народите во светот. Зајакнувањето на интеракциските и соработнички, пред сѐ, економски односи го забрза процесот на политичка интеграција. Економската, културната, политичката и еколошката глобализација станаа основни детерминанти на развојот на земјите во светот.

Оваа нова планетарна архитектура предизвика иницијативи кои имаат за цел решавање на проблемите на народите во светот. Денес, на највисоко меѓународно ниво, се зборува за: политичките трансформациски и интеграциски процеси; интелектуализацијата на професијата и трудот; високата стапка на невработеност; зголемувањето на сиромаштијата; борбата за човекови права (заштита на децата, обесправените, маргинализираните и дискриминираните групи луѓе); мултикултурализмот; пренаселеноста; проблемите во сферата на социјалната и здравствената заштита; билингвизмот и мултилингвизмот како потреба за меѓусебното зближување и разбирање, проблемите во сферата на заштитата на животната средина; афирмацијата на економската димензија на знаењето и сл.

Економската, политичката, образовната и еколошката глобализација, од една страна, и определбата на Република Македонија за интеграција во европските и светските процеси на соработка, од друга страна, ги предизвикуваат капацитетите на државата, човечки и материјални, како еден од предусловите за постигнување на овие цели. Образовниот систем, истражувањето и иновациите и развојот на добра и знаења базирани на *знам-како* способностите, се манифестираат како составни елементи на таа конкурентност. Националниот и меѓународниот успех на Република Македонија директно е детерминиран од егзистирањето на високи стандарди во образованието, унапредувањето на истражувањето и засилувањето на креативноста и иновациите, негувањето на специфичностите во културното различие и употребата на современа информациска и комуникациска технологија.

Во идниот период, Република Македонија ќе се соочи со решавање на низа значајни прашања, како што се: зајакнување на економскиот развој, унапредување на компетенциите и процедурите на донесување одлуки, јакнење на меѓуетничката и културната соработка и остварување на целите врзани за политичките и економските интеграциони процеси. Основна цел, во тој случај, ќе биде *зајакнување на компетитивноста на државата како квалитет кој ќе овозможи оптимално решавање на овие прашања и вклучување на младите и возрасните во образовните и истражувачките процеси на соработка со земјите од Европската унија и останатите земји во светот.*

Активното учество на Република Македонија во глобалните интеграциски процеси подразбира и преземање на одговорност за остварување на глобалните политики во сферата на образованието. Во таа смисла, Министерството за образование и наука ќе ја преземе одговорноста за реализација на цели-

те, принципите и препораките кои се зацртани во меѓународните документи за развој на образованието во Европа и светот. Програмата *Образование за сите* на Унеско, *Милениумските цели* на ОН, *Пактот за стабилност* и *Болоњскиот процес* претставуваат референтна рамка во која се содржат најголемиот дел од целите кои Министерството за образование и наука ќе настојува да ги реализира преку Националната програма за развој на образованието во Република Македонија.

Паралелно со нараснувачката интернационализација на развојот и соработката, Република Македонија, во процесот на своето менување, настојува промените да ги оствари во духот на плурализмот и различноста на вредностите. Нејзините заложби се огледаат во настојувањата да се оствари единственост и транспарентност во делувањето со нагласено негување на духот на заедништвото, демократичноста и квалитетот. За таа цел, се настојува *да се изградат јасни механизми за национална и интернационална соработка, и нова архитектура на вредности* која треба да ги задоволи барањата на развојните процеси и меѓународната соработка, од една страна, и да помогне во решавањето на внатрешните проблеми во државата, од друга страна. Ваквите настојувања треба да резултираат со *остварување на широк простор на понуди кој би осигурал можности за повеќестран избор на секој граѓанин за напредување во кариерата во согласност со неговите животни определувања*.

Во случајот со децата и младите, важно е да се напомене дека ќе им се понуди *образование кое ќе ги негува и унапредува нивните капацитети, ќе ги почитува нивните интереси и склоности и ќе им понуди можности да направат избор и да се реализираат себеси преку воспитно-образовните процеси*.

Промените во возрасната структура на населението во Република Македонија покажуваат дека бројот на живородени деца опаѓа секоја година без оглед на националната припадност. Единствено кај одделни етнички групи (ромската) има позначајно зголемување на бројот на живородени деца. Во наредниот период, бројот на младото население се очекува да се намалува во релација со бројот на возрасното и старото население. Овој тренд силно го детерминира креирањето на образовната политика во државата особено во поглед на мрежата на давателите на образовни услуги и нивната акумулациска моќ, како и специфичностите и карактерот на образовните можности кои треба државата да ги оствари во идниот период. Исто така, невработеноста и намалените можности за работна партиципација на младите влијае врз структурирањето на образовните потреби.

Се очекува еден од клучните предизвици за креаторите на образовната политика и образовниот систем во целост, во наредниот период, да биде *по-*

*дигнувањето на нивото на образование на младите и возрасните*, со посебен акцент на зголемувањето на квалитетот на нивните стручни/работни и социјални компетенции. Објективизацијата на концептот за доживотно учење и обука треба да помогне во воспоставувањето на динамична врска на образованието со пазарот на трудот и општествените промени. Создавањето на услови за континуирано зголемување, промена и освежување на компетенциите на младите и возрасните ќе имплицира подобри стартни позиции при преодот од учење на работа, задржување или промена на работното место и активно учество во процесите на демократското одлучување. Основен предуслов за остварување на оваа цел е *подигнување на квалитетот и моќта на давателите на образовни, културни и спортски услуги и градење на механизми за нивно ефективно делување* врз зајакнувањето на капацитетите и унапредувањето на квалитетот на индивидуалните животи и физичкото и менталното здравје и задоволство на младите и возрасните.

Во согласност со долгорочните стратегии за економски развој на државно ниво потребно е да се изградат и поединечни стратегии за економски развој на регионално ниво. Врз основа на тоа ќе се дефинираат и проекциите за развој на кадарот и намалување на невработеноста. Во функција на зголемување на можностите за вработување потребно е паралелно имплементирање на промените во образовната сфера. Во тој случај, вработувањето ќе биде детерминирано не само од стапката на економски раст и понудата на пазарот на трудот, туку и од ефикасноста во остварувањето на образовната политика на регионално ниво. Економскиот и културниот развој на секој регион и државата во целост ќе зависат од статусот на знаењата и стручните квалитети на приоритетната скала на вредности во регионите и државата. Тие треба да го добијат статусот на одлучувачки фактори за успешен економски и културен развој, наспроти непотизмот и партиското фаворизирање. Само на тој начин може да се излезе во пресрет на барањата на глобалната економија и незапирливиот од на информациската технологија и нивното влијание врз структурите на професиите и занимањата и продукцијата на *на-знаења* базирана работа во сите полиња.

Брзиот развој и сè почестата примена на информатичката технологија во сите сфери на човековата манифестација се едни од основните карактеристики на последните децении од нашиот век. Со широки планетарни размери и импликации во сите облици на човековата дејност, развојот на информатичката индустрија, а особено на компјутерската технологија, во голема мерка го актуелизира прашањето за промоција на информатичката писменост како една од клучните компетенции со кои треба да располагаат младите и возрасните.

Република Македонија, во своите развојни планови, треба да зацрта не само воведување на нова информатичка технологија во сите сектори на

делување, туку и: *зголемување на кадровскиот информатички потенцијал на земјата; зајакнување на информатичкото образование и обука во сите сектори на делување; функционално оспособување или компјутерско описменување на младите и возрасните за секторите заситени со новата информатичка технологија; унапредување на информатичкото образование во задолжителното и пост-задолжителното образование; и употреба на ИКТ во функција на зголемување на ефикасноста на образовниот систем*. Во таа смисла, познавањето и работата со ИКТ претставува есенцијален дел од компетенциите на младите и возрасните и услов за нивна ефикасна манифестација во сферата на трудот и општествено-политичкиот живот.

Во наредниот период Република Македонија треба да создаде фундаментална стабилност на националната економија. Тоа подразбира остварување на економски раст, зајакнување на компетентноста на јавниот и приватниот сектор, создавање на ефикасна легислатива и механизми за осигурување и ефектуирање на економските процеси. Постигнувањето на овие цели е директно детерминирано од определбата на државата за фаворизирање на образованиeто и обуката, имплементација на високата технологија и нејзината ефикасна употреба, зголемувањето на ефикасноста на јавниот сектор и практицирање на високи стандарди и вредности. Квалитетот треба да биде основен и препознатлив излез на овие напори. Поради тоа, државата треба да изврши ревизија на системот за финансирање на развојот на човечките ресурси, т.е. увид во постојните и алтернативните извори за финансирање, и да изгради механизми за ефикасна и функционална распределба на средствата за образование и истражување.

Со оглед на перманентното намалување на средствата за образование и истражување од страна на државата, треба да се води сметка за активностите/проектите што ги спроведуваат домашните и меѓународните фондации и организации во сферата на образованието и истражувањето. За да се компензира недостатокот и во функција на ефикасна реализација на програмските определби на државата, неопходно е да се воспостави координација во реализацијата на активностите меѓу државата, од една страна, и невладиниот и меѓународниот сектор, од друга страна. Важно е да се обезбеди висок степен на совпаѓање меѓу активностите на невладините и меѓународните организации со приоритетите кои ги зацртала државата во сферата на образованието. На тој начин ќе се добие ефикасна искористеност на инвестициите во образованието и компензација на недостигот на средства. Во таа смисла, неопходно е, *во наредниот период, да се утврди кои и какви услуги ќе дава јавниот, приватниот и невладиниот сектор и во каква релација ќе бидат тие услуги со стратешките определби на државата*.

Прогностички гледано, тешко е да се очекува во иднина да расте финансирањето во јавниот сектор, без оглед на состојбите во националната економија. Со оглед на зголемувањето на побарувачката на средства за финансирање на здравствената грижа, пензионирањето и инвестициските зафати во економската сфера, за очекување е буџетските средства за финансирање на образованието перманентно да се намалуваат. Од аспект на планирање на буџетските средства за финансирање на образованието и детекција на алтернативните извори за финансирање, од исклучителна важност е да се утврди каква економија и услужни дејности ќе бидат развивани во локалните самоуправи.  Развојот на земјата во идниот период, а со тоа и развојот на образованието, ќе биде во голема мерка детерминиран од тоа какви односи ќе бидат развиени меѓу централната власт и локалните власти и какви модели и механизми за финансирање ќе бидат изградени.

Социјалното вклучување и учество на младите и возрасните во процесите на одлучување ќе претставува значајно прашање за Република Македонија. Во наредниот период треба да се интензивираат напорите за *промоција на сите форми и активности кои имаат за цел афирмација на младите и возрасните во социјалната сфера*. Тоа подразбира засилување на волонтерскиот ангажман објективизиран преку промоција на културните и спортските активности и разновидните младински активности. Волонтерските активности треба да овозможат социјална инклузија, да влијаат врз развојот и унапредувањето на граѓанските вредности и да ги оспособуваат младите за успешно уредување и управување со нивните животи.  Од аспект на социјалната инклузија и партиципацијата на младите во процесите на одлучување, улогата на образовните установи е голема. Поради тоа, државата и сите субјекти во образованието треба да ги интензивираат напорите за поддршка на проектите кои ги вклучуваат волонтерските активности, од една страна, и образовните установи, од друга страна.

Во функција на социјалната инклузија и партиципација неопходно е *засилување на иницијативите кои делуваат во невладиниот сектор*, особено оние кои за цел имаат образование и обука и културно издигнување на младото и возрасното население, со посебен акцент на популацијата која е образовно хендикепирана. Ваквите иницијативи се очекува да резултираат со создавање на можности, преку вон-институционални и вон-политички канали на делување, да се формираат и унапредуваат компетенциите на младите и возрасните за поголема партиципација и влијание во процесите на донесување на одлуки на локално и на државно ниво.

Националната програма за развој на образованието треба да овозможи поголема компатибилност на националните стандарди со стандардите на Европската унија и пошироко, развој на демократијата и унапредување

на граѓанското општество и развој на современо и интегрирано пазарно стопанство на земјата. Притоа, основен услов за ефикасна реализација на ваквата концепција ќе претставува дополнителниот напор за создавање на клима и култура на управување која ќе го етаблира образованието како значаен фактор и генератор на развојот во сите сфери на општеството и ќе го надмине сфаќањето според кое образованието се третира како потрошувачки сектор. Оттаму, императивно се наметнува потребата од усогласување на напорите на Владата на Република Македонија во целост, а не само Министерството за образование и наука, со локалната самоуправа, невладините организации и другите заинтересирани домашни и меѓународни субјекти.

## III. ВИЗИЈА

Република Македонија настојува да биде рамноправен и респектабилен член во европското и светското окружување и тоа е нејзина трајна ориентација. Таа е цврсто решена да чекори по патеките на современо уредување на државата, каде образованието и обуката, културата, науката и иновациите претставуваат клучни фактори за добросостојбата на нејзините граѓани и јакнење на националната економија.

## IV. МИСИЈА

Националната програма за развој на образованието има мисија преку развојот на воспитно-образовниот систем да помогне во напорите на Република Македонија за нејзино рамноправно и респектабилно учество во светските, а, пред сѐ, европските политички и економски интегративни процеси и да создаде услови за превенирање на последиците и ефикасно користење на придобивките од образовната, политичката, културната и економската глобализација.

Ваквата мисија, Националната програма за развој на образованието се труди да ја оствари со помош на утврдена долгорочна ориентираност и ефикасни интервенции во следниве стратешки/клучни области:

1. Образование за сите /обезбедување на образовна рамноправност.
2. Унапредување на културата на живеење.
3. Зголемување на социјалната партиципација.
4. Зголемување на образовната, културната и економската компетентност на македонското општество.
5. Засилување и унапредување на меѓународната соработка.
6. Управување со промените.

# V. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ ВРЗ КОИ СЕ ПОТПИРА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА

Како дел од Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука е одговорно за развојот на образованието, науката и спортот и меѓународната соработка во овие полиња. Идејната рамка на Министерството е концептот за доживотно учење кој настојува да го оствари преку промоција на образованието, креирањето на поволни услови за создавање и пренесување на знаења, зајакнувањето на компетенциите на младите и возрасните за социјална инклузија и партиципација, поддршка на граѓанските иницијативи, воспоставување на баланс меѓу формалниот и неформалниот сектор и целосна партиципација во процесите на остварување на идејата за добросостојба на секој.

Социјалната, културната, физичката и интелектуалната добросостојба на граѓаните на Република Македонија претставуваат генерални вредности на кои се потпира Националната програма за развој на образованието во Република Македонија. Добросостојбата на граѓаните истовремено значи и добросостојба на државата во целост, и обратно. Во таа смисла, развојот на компетентен, креативен, граѓански ориентиран и етички изграден човечки капитал, сфатен како клучен фактор кој влијае врз социјално-политичкиот и економскиот развој на државата и нејзината меѓународна компетентност, е приоритетна цел на оваа програма.

Националната програма настојува, во духот на современите цивилизациски вредности, како што се: знаењето, демократичноста, правичноста, толеранцијата и хуманоста, да ги креира основните правци на развој на образованието во државата.  Притоа, во рамките на зацртаните цели за реализација, се обидува доследно да ги почитува генералните принципи на кои се темели развојот на образованието во Република Македонија, како што се принципите на: квалитет, граѓанска одговорност, поврзаност со пазарот на трудот, економичност, праведност, транспарентност и интегративност.

# VI. КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ

## 1. ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

*Република Македонија ќе преземе мерки за гарантирање на еднакви можности во образованието за секој граѓанин без оглед на возраста, полот, способностите, етничката припадност и религиозната определба. Владата и Министерството за образование и наука се одговорни за обезбедување на еднакви услови за пристап до сите облици на образование за секој граѓанин.*

### *Цели:*

- **Развој на образовни можности за сите**

Цел на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. Поради тоа, *образованието мора да биде достапно за секој кој живее на тлото на Република Македонија, без оглед на неговата возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба и социјална и финансиска положба.* Исто така, образованието и обуката мора да ги поседуваат сите услови за ефикасност и ефективност за да бидат во состојба на сите да им пружат доволно општо и стручно образование.

**Состојба:**

- Во Република Македонија живеат 2.022.547 жители од кои 1.015.377 се од машки (50,20%) а 1.007.170 од женски пол (49,80%).
- Општа карактеристика за движењето на населението во Република Македонија е благото намалување на прирастот на населението. Природната стапка на прираст на населението која во 1990 година изнесувала 9,70 во 2002 година е намалена на 4,80.
- Во последната декада има појава на намалување на стапката на прираст и на децата. Од 34.608 живородени деца во 1989 година овој број се намалил на 27.761 деца во 2002 година.
- Населението на возраст со 65 и повеќе години 1991 година учествувало во вкупното население со 8,15%, додека во 2002 година тоа учествува со 10,57% и се очекува во 2015 година да изнесува близу 14%.

Образованието мора да го карактеризира динамички и флексибилно поставена структура која ќе овозможи непречена хоризонтална и вертикална мобилност на учениците, студентите и наставните кадри, да функционира по јасно утврдени механизми кои ќе овозможат негова адаптибилност и подготвеност да се излезе во пресрет на променливите потреби на поединците и

општеството во целост. Исто така, образованието мора да ги надмине проблемите и да ги елиминира факторите кои предизвикуваат образовна апстиненција и осипување на корисниците на образовни услуги.

Создавањето на еднакви можности за образование, на тлото на Република Македонија, во идниот период ќе биде условено со балансирање на разликите кои постојат меѓу урбаните и руралните средини, како и меѓу развиените и неразвиените општини. Особено ќе се внимава на разликите кои се манифестираат во сферата на: квалитетот на наставниците, условите за учење, адекватноста на инфраструктурата, расположивоста со соодветен кадар и физичката достапност на образовните установи.

За таа цел, во идниот период ќе се преземат мерки за *подобрување на условите за учење и инфраструктурата во руралните средини, зголемување на опфатот на децата од помалку развиените подрачја на сите нивоа на образование, градење на бенефиции при процесот на вработување за наставниот кадар кој би работел во овие средини, зајакнување на системот за професионално усовршување на постојниот наставен кадар и надминување на проблемите со физичката достапност на образовните установи по пат на воведување на служба за транспорт на учениците.*

Министерството за образование и наука *ќе изгради системски решенија за остварување на еднакви можности и достапност на образованието за децата со посебни потреби.* За таа цел, потребно е усогласување на напорите за инклузија на децата со потешкотии во развојот. Тоа подразбира координација на програмските зафати и усогласување на програмската компонента, создавање на услови (инфраструктурни и кадровски) во воспитно-образовните установи и дополнителна обука на постојниот наставен кадар за работа со оваа категорија на деца.

- **Децентрализација во образованието**

Сите досегашни анализи на состојбите во образованието (особено предучилишното, основното и средното) покажаа дека еден од клучните проблеми во оваа сфера е нагласената централизација. Ваквата состојба генерираше голем број на проблеми, како: крута поставеност на системот; маргинализирање на посебностите кои произлегуваат од спецификите на окружувањето / местото каде дејствува образовната установа, особено во поглед на можноста за осовременување на курикулумите; егзистирање на сложени бирократски процедури при донесувањето на одлуки; тромост на системот да се адаптира на динамиката на промените, како во образовната сфера, така и на промените кои произлегуваат од социо-економскиот развој на државата и општините; процедурите за избор на наставен и раководен кадар беа фокусирани во еден центар на моќ - Министерството, што придонесе за доминација на партиски, етнички и лични интереси во спроведување на

изборната постапка и маргинализирање на стручноста и квалитетот како изборен критериум; маргинализирање на интересот, но и одговорноста на училиштето, родителите и локалната заедница за ефикасното функционирање; можностите за изработка и спроведување на училишни развојни планови беа лимитирани со сложени бирократски процедури и намалени можности за наоѓање на алтернативни извори на финансирање; централистичката поставеност придонесе за функционирање на неконзистентна и програмски незаснована политика на распределба на финансиските средства која во голема мерка беше раководена од волунтаристички мотиви; процесот на поврзување на образованието и трудот беше попречен со намалените ингеренции на образовните установи самостојно да одлучуваат за остварување на соработка со соодветни локални и национални стопански субјекти, како и со неможноста на стопанските субјекти да имаат поголемо влијание во креирањето на курикулумите во образовните установи, т.е. со неможноста да ги реализираат своите интереси; централистичката поставеност на изборот на учебници резултира со создавање на монополи во нивната изработка, печатење и дистрибуција на државно ниво, со што директно се нарушени основните педагошки принципи за корелација на изворот на учење со специфичностите на консументот и просторот во кој се реализира процесот на учење. Со централистичката поставеност на образовниот систем образовните установи се ставија во позиција да играат улога само на непосредни реализатори на образовната политика со неможност да ја остварат и улогата на непосредни креатори на сопствената дејност.

Во идниот период ќе се преземат мерки да се надминат проблемите кои произлегуваа од преголемата централистичка поставеност на образованието во Република Македонија. Со децентрализацијата во образованието ќе се изврши редистрибуција на одговорноста за главните образовани прашања (подобрувањето на квалитетот на образованието, професионалното унапредување на наставниците, финансирањето) на сите три нивоа на образовниот систем - централното, локалното и училишното. Одговорностите ќе се зголемат на локално и на училишно ниво, за сметка на концентрирањето на одговорностите на централно ниво. Овие прилагодувања ќе содржат:

» реорганизирање на образовната администрација и менаџментот преку нови закони за локална самоуправа и финансирање на локалната самоуправа;
» подобрување на менаџментот и управувањето со образованието, вклучувајќи стратешки и концепциски капацитети на централно ниво;
» развивање на поефикасен систем на финансиско планирање, алокации и финансиски менаџмент (подобрена пер-капита формула);
» подобрување на менаџментот на локално и на училишно ниво, како и на

професионализмот и ефективноста на вработените во училиштата и локалната самоуправа;

» прецизно дефинирање и реструктурирање на улогата и одговорностите на административните институции на сите три нивоа;

» изградување систем на училишна самоуправа и обезбедување обука за училиштен менаџмент на директорите на училиштата;

» евалвирање - искористување на капацитетите на административните институции за мониторирање и процена на училиштата. 1

Ваквата операционализација на децентрализацијата иницира градење на *јасен став во кој дел од образовната сфера државата ќе ја преземе одговорноста, а во кој дел одговорноста ќе биде препуштена на локалните субјекти*. За ефикасно функционирање на ваквиот став, покрај законската поткрепа на процесот на децентрализација, потребно е *да се изградат индикатори, механизми и инструменти за контрола на квалитетот, како основен критериум кој ќе го детерминира статусот на образовната установа и нејзините бенефиции и одговорности, нормирани на државно ниво*. Државните тела ќе бидат одговорни за екстерната контрола на квалитетот на образовните установи, додека локалните субјекти, пред сè образовните установи и локалните авторитети, ќе бидат одговорни за обезбедување на услови за повисок квалитет во согласност со националните стандарди за квалитет во образованието. Прераспределбата на моќта и одговорноста од државно на локално ниво треба да биде фокусирана на:

- пренесување на одговорноста за основање на основните и средните училишта на локалните власти, што подразбира дека тие ќе бидат сопственици на училишниот имот, ќе ги дефинираат годишните финансиски планови на училиштата и ќе ги усвојуваат годишните завршни сметки, ќе влијаат на изборот на училишните директори преку своите претставници во училишните одбори, ќе го назначуваат избраниот кандидат и со текот на времето ќе бидат одговорни за училишната мрежа, што значи дека тие ќе имаат право да отвораат и затвораат училишта;
- пренесување на одговорноста за одржувањето на образовните установи од страна на самата установа и локалните авторитети;
- пренесување на одговорноста за делумно финансирање на образованието од локалните буџети;
- пренесување на одговорноста за перманентен мониторинг и интерна контрола на квалитетот на образовниот процес на образовната установа, родителските совети и локалните авторитети;

[1] The Education Modernization Project and Strategic Priorities in the Education System, World Bank, 2004

- создавање на услови и можности за влез на приватниот капитал во образованието;
- создавање на услови и можности за поголема партиципација во креирањето на локалниот курикулум, од страна на сите заинтересирани училишни и локални субјекти;
- давање на поголема слобода на образовната установа при вработувањето на наставниот, административниот, помошниот и раководниот кадар при што партиципацијата на заинтересираните локални субјекти, пред сè родителите, при овој процес треба да биде задолжителна;
- создавање на можности за почитување на правилата на отворениот пазар при изработката, печатењето и дистрибуцијата на учебниците и учебните помагала;
- пренесување на одговорноста за обуката на наставниот и на раководниот кадар, во услови на широк пазар на образовни услуги кој функционира врз база на акредитирани програми за обука на наставници, директори и стручни соработници.

Оваа надлежност и одговорност локалните власти ќе ја спроведуваат врз основа на изготвен "Прирачник за надлежностите на општините во образовниот сектор согласно постојните законски прописи“.

Во услови на децентрализирано образование, државата треба да ги преземе ингеренциите и одговорноста за:

- легислативата;
- делумното финансирање, врз база на распределбата на средствата за образование од централниот буџет на општините во форма на блок дотации. Ваквото финансирање како основен критериум ќе ги има: бројот на учениците, состојбата на инфраструктурата, квалитетот на образовната работа утврден преку екстерната контрола и вертикалната мобилност на учениците;
- екстерната контрола на квалитетот на работата на образовната установа;
- спроведувањето на екстерниот дел и контролата на интерниот дел од матурските и завршните испити;
- изработката на стандардите во образованието, т.е. индикаторите за ефективна образовна установа;
- акредитацијата на програмите за обука на наставниот, раководниот и стручниот кадар;
- лиценцирањето на компетенциите, дејноста и звањата на наставниците и директорите;

- утврдувањето на државниот интерес, т.е. утврдувањето на државниот курикулум кој секоја образовна установа мора да го почитува;
- јавното финансирање.

Спроведувањето на процесите на децентрализација не значи само просто распределување на моќта, туку и прераспределба на одговорностите. Тоа значи дека децентрализацијата ќе рефлектира промени и во статусот и улогата на локалните  политички и административни центри на моќ. Преземањето на одговорноста во образованието значи и одговорност за негово финансирање. Финансирањето ќе претставува еден од клучните проблеми кои локалната самоуправа треба во идниот период да ги реши. Со оглед на тенденцијата за слабеење на финансиската партиципација од страна на државата, најголемиот товар во развојот на општините, а со тоа и на образованието, ќе падне на локалните буџети. Во која мера локалните буџети ќе го издржат притисокот на конкурентскиот развој ќе зависи од квалитетот на нивните развојни планови, јакнењето на локалната економија и коректноста во спроведувањето на даночната политика.

Децентрализацијата ќе предизвика одговорноста за работната сила и давателите на услуги постепено да се пренесе од централната на локалната власт. Тоа, пак, ќе предизвика преземање на одговорност и за последиците од (де)балансот меѓу работната сила и локалната работна понуда и можностите за образование кои ќе им стојат на располагање на младите и возрасните. Може да се очекува, во некои случаи, младите и возрасните да имаат сериозни проблеми со можностите за избор во сферата на образованието и вработувањето. Дали таквите проблеми ќе бидат поголеми или помали ќе зависи, пред сè, од моќта на општината и нејзините капацитети да ги задоволи интересите на младите и возрасните кои гравитираат кон неа. Тоа, пак, од друга страна, може да предизвика зголемување на разликите меѓу општините во државата, не само на планот на образовната и работната понуда, туку и на планот на севкупниот економски и културен развој. Во таа смисла, една од приоритетните цели на државата во наредниот период ќе биде *создавање на ефективна мрежа на даватели на образовни, културни и спортско-рекреативни услуги*, како предуслов за развојот на општините во државата и успешна децентрализација во образованието. Меѓутоа, развојот на општините не зависи само од зајакнувањето на нивните институционални капацитети, туку и од унапредувањето и ефикасното користење на резултатите од истражувањата и иновациите, квалитетот на соработката меѓу образованието и стопанството, употребата на информациско-комуникациската технологија, расположивите ресурси и квалитетот на човечките капацитети.

За поефикасно воспоставување на балансот во развојот на локално ниво мора да се зајакне воведувањето и практицирањето на информацис-

ката и комуникациската технологија. Без имплементација и употреба на ИКТ невозможно е да се очекува добро функционирање на образовните, истражувачките, културните и забавните институции, а оттаму, тешко е да се очекуваат задоволителни резултати и во развојот на општините. Во идниот период треба да се преземат активности за *промоција на важноста на ИКТ* не само за образованието, туку и за севкупниот развој на општините и државата во целост. Со оглед дека образовната партиципација е во корелација со развиеноста на општината, потребно е да се ревидира и унапреди соработката меѓу стопанството и образованието, обемот, квалитетот и искористеноста на информациите и комуникациската технологија.

Во идниот период мора да се унапреди улогата на образовните установи во развојот на општините. Во таа смисла, потребно е образовните установи да ги засилат своите активности за поголемо и поефикасно влијание во своето потесно и пошироко социјално окружување. Тие мора да се трансформираат себеси во дежурни субјекти кои постојано ќе укажуваат на слабостите и ќе ги провоцираат промените во своето окружување. Целта е да се воспостави активна соработка на сите локални субјекти преку: перманентно воочување и елиминирање на слабостите и негативните влијанија, детекција и анализа на факторите на успешност, развој на меѓународна соработка и перманентно настојување за подигнување на атрактивноста и угледот на општината.

Во идниот период е потребно да се обезбеди пристап секому до широк круг на висококвалитетни даватели на образовни услуги во секој дел од земјата. Секој поединец треба да има можност за сопствено докажување и реализирање. Образовните, спортските и младинските институции треба да бидат отворени и секому достапни. Притоа, важно е да се загарантира/обезбеди статусот и да се зајакне позицијата на јавните библиотеки, центрите за образование на деца и млади и институциите за образование на возрасните, да се инвестира во развојот на јавните културни институции, да се поддржуваат иницијативите за образовни и културни манифестации и да се промовира соработката и поврзувањето.

Пристапот до јавните образовни, културни и спортски институции ќе биде осигуран преку прецизно утврдени механизми и инструменти на соработка на локално и на национално ниво. Во која мера пристапот ќе биде осигуран зависи и од доследноста на локалните авторитети во спроведувањето на нивната обврска за зачувување и осовременување на образовната, спортската и културната институционална мрежа и доследното исполнување на одговорноста од страна на државата за подготвувањето и спроведувањето на легислативата и системот на финансирање. Коректноста и издржаноста на легислативата се од исклучително значење затоа што таа ги гарантира принципите на еднаквост додека ефикасноста на локалната и националната економија го

одредува нивото на јавниот придонес. Доколку овие два услови се исполнат, тогаш ќе се создадат услови и можности за отворен пристап до давателите на јавни услуги и непречено водење и охрабрување на учениците/студентите за правење на избор, комплетирање на нивното образование и стекнување на квалификации.

Голем предизвик за образовниот систем, во блиска иднина, ќе биде создавањето на широк пазар на даватели на образовни услуги за возрасни лица. Перманентното задоволување на барањата кои произлегуваат од сферата на трудот и општествениот живот налага јасно позиционирање, т.е. *донесување на легислатива за образование на возрасните* и *поддржување на иницијативите за реализација на програми за образование на возрасните*.

### Финансирање

Инвестирањето во образованието, обуката, науката и истражувањето се секогаш исплатливи инвестиции и најсилни чинители на националната компетентност и конкурентност, а со тоа и основни фактори на одржливиот развој на земјата. Тоа, пак, претпоставува обезбедено финансирање на Министерството за образование и наука и соодветна буџетска поддршка.

**Состојба:**

- *За 2003 година буџетот за образование како процент од БДП изнесува 3,49%.*
- *За периодот 1996 - 2003 год.буџетот за образование како % од БДП бележи намалување за 0,77%.*
- *Од вкупниот буџет за образование, за основно образование се издвоени- 59,15%, за средно - 22,66%, за високо- 12,46%, за ученички естандард- 1,92% и за студентски стандард- 3,81%.*
- *Од средствата кои училиштата ги добиваат близу 80% одат на плати, додека во високото образование тој процент изнесува преку 90%.*

*(Извор: Министерство за финансии, 2004)*

Ако се знае дека овој сектор скоро исклучиво се финансира со јавни средства, одговорноста за овие инвестиции лежи недвосмислено во јавниот сектор. Со оглед дека се очекува дополнителен притисок за одвојување на средства за образование и обука на возрасните и јавното истражување, потребата од ревизија и зголемување на буџетот на Министерството за образование и наука, како и изнаоѓање на алтернативни извори за финансирање, ќе претставува неминовност во идниот период.

Министерството за образование и наука ќе се обиде со помош на внесување на поголема координираност во имплементацијата на активностите, намалување на непотребните расходи, соработка со локалните авторитети, соработка со меѓународните фондации и институции и усогласување на заедничките акции, соработка со невладиниот сектор, и потпирајќи се на домашните експертски капацитети, да обезбеди поголем прилив на финансии во образованието и покоректна распределба на средствата.

Особено ќе биде важно да се дефинира јасен систем за финансирање во услови на децентрализација на образованието. И покрај тоа што е поскапо финансирањето на образованието во руралните подрачја кои се слабо населени, тоа не треба да претставува причина за компромитација на квалитетот на образованието и обуката и ускратување на природното право на образование на секој. Во таа насока, распределбата на средствата ќе се одвива ефективно, профитабилно и праведно и во согласност со приоритетите на државата, водејќи притоа сметка за реалната финансиска моќ на општините и населението, особено маргиналните групи на население, утврдена преку објективни критериуми. Во оваа смисла, потребно е да се зајакне увидот во остварувањето на даночната и социјалната политика и почитувањето на законите во економскиот сектор за секоја општина посебно. Тоа подразбира напуштање на линеарниот начин на распределба на средствата и спроведување на систем за финансирање кој ќе го стимулира квалитетот и ќе ја обесхрабри неквалитетната работа и манипулациите во образовните установи. Притоа, распределбата на финансиските средства мора да ја почитува логиката на предност на државните приоритети.

Делумното финансирање ќе се одвива врз база на распределба на средствата за образование од централниот буџет на општините во форма на блок дотации. Ваквото финансирање како основен критериум ќе ги има: бројот на учениците, состојбата на инфраструктурата, квалитетот на образовната работа утврден преку екстерната контрола и вертикалната мобилност на учениците.

- **Подигање на образовното ниво на населението**

Еден од клучните предизвици во идниот период ќе биде *подигањето на нивото на образованието на сите млади и возрасни*, со посебен акцент на зголемувањето на квалитетот на нивните стручни/работни и социјални компетенции.

| Население - школска подготовка | вкупно | % |
|---|---|---|
| **вкупно** | **1579500** | **100** |
| без образование | 60 700 | 3,85 |
| незавршено основно образование | 170 200 | 10,77 |
| основно образование | 549 200 | 34,77 |
| 3 години средно образование | 168 000 | 10,64 |
| 4 години средно образование | 465 100 | 29,45 |
| вишо образование | 51 200 | 3,24 |
| Високо образование | 114 900 | 7,28 |

*Извор: Стат. годишник 2004*

Анализите на образовната структура на населението во Република Македонија покажуваат дека од вкупниот број на лица над 15-годишна возраст, близу половината (49,39%) се лица кои не поседуваат или поседуваат ниско ниво на образование (неписмени, со незавршено основно и со основно образование).

Ако на оваа група им се додадат лицата со завршено 3 или 4-годишно образование тогаш состојбата со образовната структура на населението во Република Македонија е алармантна и воопшто не нуди оптимизам за идниот економски и социјален развој на државата. Во услови на перманентна модернизација на техничко-технолошката основа на трудот, ваквата состојба во содејство со намалената економска моќ на државата претставува вистински генератор за зголемување на бројот на невработени и слаб економски раст на државата.

| Невработени - школска подготовка | вкупно | % |
|---|---|---|
| **вкупно** | **315 900** | **100** |
| без образование | 3 700 | 1,17 |
| незавршено основно образование | 16 700 | 5,29 |
| основно образование | 112 600 | 35,64 |
| 3 години средно образование | 49 100 | 15,54 |
| 4 години средно образование | 108 400 | 34,31 |
| вишо образование | 7 700 | 2,44 |
| високо образование | 17 700 | 5,61 |

*Извор: Стат. годишник 2004*

Најголемиот број на невработени лица во Македонија се токму оние кои имаат ниско ниво на образование. Ако на ова се додаде и економски неактивното население, во кое 62,05% се од женски пол, и од кое 67,57% поседува образовно ниво до завршено основно образование, тогаш состојбата станува уште полоша. Од друга страна, заложбата на државата за интензивирање на инклузијата и партиципација на населението во процесите на одлучување и влијание на локално и на национално ниво, во услови на голем број образовно хендикепирано население, станува повеќе декларација отколку реална можност за нејзина реализација.

Причини за лошата состојба со образовната структура на населението има повеќе, но како најдоминантни се издвојуваат: незадоволителниот опфат на ученици/студенти, осипувањето на учениците во основното и во средното образование, доминацијата на традиционалните вредности кои го маргинализираат значењето на образованието изразена кај некои етнички групи, нивото на технолошкиот развој во стопанството кое сé уште толерира работници

со пониско образовно ниво, намалената финансиска моќ на населението, слабиот образовен опфат на маргиналните групи и сл.

Во идниот период Министерството за образование и наука ќе преземе *мерки за елиминирање на осипувањето и намалување на бројот на децата кои се надвор од институциите за образование*.

Вкупното осипување во основното и во средното образование изнесува 18,32%, што значи дека секоја година бројот на лица кои имаат ниско образовно ниво перманентно се зголемува. Ако се разгледа вертикалната проодност на учениците во основното и во средното образование, на генерациско ниво, тогаш показателите стануваат уште полоши. Ова јасно укажува дека проблемот со перманентната продукција на популација со ниско и, од аспект на потребите на современиот труд и социјалната инклузија, незадоволително ниво на образование, мора итно да се надмине. Поради тоа, овој проблем треба да влезе во приоритетната листа на интервенции во образованието во наредниот период. Тоа подразбира *зголемување на ефективноста и квалитетот на образовните установи и градење на механизми за детекција на децата кои се надвор од институциите на системот и нивно вклучување или повторно мобилизирање*.

***Состојба-осипување на учениците:***

- *Годишно осипувањето во основното образование изнесува 1,42%.*
- *Годишно прекинување на школувањето во основното образование- 0,29%.*
- *Најголемо осипување има на преодот од основно во средно образование - 16,65%.*
- *Годишното осипување во средното образование изнесува 2,84%.*
- *Годишното прекинување на школувањето во средното образование изнесува 0,88%.*
- *Најмало осипување во текот на образованието има кај македонската етничка група, а најголемо кај ромската.*
- *Само 88,47% од генерацијата која се запишала во 1997/98 година успеала да го заврши основното образование во предвидениот рок.*
- *Состојбата во средното образование е слична на онаа во основното. Генерацијата што завршила во 2002/03 година претставува 89,24% од учениците кои запишале средно образование пред 4 години, но само 69,03% од генерацијата која запишала прва година во основно образование пред 12 години.*

*(Извор: ДЗС, 2002/04)*

Во наредниот период неопходно е активностите да се фокусираат во реализацијата на две глобални цели:

- *подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции;*
- *елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на образовно хендикепирани лица.*

Првата цел укажува на потребата од спроведување на активности насочени кон: *подигање на свеста кај младото и кај возрасното население за значењето на образованието, активно вклучување на формалниот и неформалниот сектор во акциите за подигање на образовното ниво и компетенциите на населението, нудење на финансиски олеснувања за сите оние кои ќе се вклучат во акцијата, активирање на постоечките и изнаоѓање на алтернативни форми за финансирање на програми кои имаат за цел образование и обука на невработеното население.*

Втората цел подразбира преземање мерки за елиминирање на сите пречки кои го прават образованието недостапно или предизвикуваат напуштање од страна на учениците/студентите.

**Состојба(2002) - опфат:**

- *Годишно осипувањето во основното об- Бруто опфат на деца во предучилишното воспитание- 18,67%.*
- *Опфатот во прва година пред поаѓање во основно училиште – 83,23%.*
- *Бруто опфат во основно образование- 97,1%.*
- *Бруто опфат во средно образование - 69,5%*
- *Бројот на студенти на 100 .000 жители изнесува 2 212.*

*(Извор: ДЗС, 2002)*

Една од превентивните мерки која треба да се примени е *засилување на опфатот на децата од предучилишна возраст*. Нискиот процент на опфат покажува дека голем број деца поседуваат слаба подготвеност за вклучување во редовниот школски систем. Ако се почитуваат резултатите од анализите на успехот на учениците може да се констатира дека оние деца кои биле вклучени во облиците на предучилишно воспитание имаат подобри резултати во понатамошното образование и не се осипуваат, т.е. не го напуштаат школувањето. Оваа мерка е особено значајна за ефикасната подготовка на децата - припадници на малцинските етнички групи, кои се најмалку опфатени со предучилишните облици на воспитание, а истовремено доминантно го исполнуваат бројот на оние деца кои се осипуваат или го напуштаат школувањето.

Паралелно со напорите за зголемување на опфатот, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за интегрирање на предучилишното воспитание во својот сектор. Во идниот период, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, ќе се преземат активности за зајакнување на квалитетот на предучилишните установи и зголемување на нивната атрактивност. Во тие напори *ќе се води сметка за имплементацијата на добрите примери/модели од практиката, кои во изминатиот период покажаа добри резултати, без оглед дали произлегуваат од формалното или неформалното подрачје на интервенции. Раниот детски развој ќе претставува еден од приоритетите на Министерството за образование и наука.* Помошта на невладиниот сектор во реализацијата на оваа цел ќе биде драгоцена.

Во наредниот период, важно ќе биде да се зголеми опфатот на млади и возрасни во високото образование. Со 2 212 студенти на 100 000 жители, Република Македонија се наоѓа на самото дно меѓу земјите во Европа. *Во периодот до 2015 година, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за зголемување на опфатот во високото образование и достигање на бројката од 3 500 студенти на 100 000 жители*, за да можеме да го постигнеме минимумот кој го имаат развиените европски земји.

Во таа насока, ќе се преземат иницијативи за зголемување на атрактивноста и ефикасноста на високото образование; ќе се збогати капацитетот на универзитетската мрежа во државата; ќе се поддржи приватната иницијатива во високото образование; ќе се комплетира законската регулатива и ќе се дефинираат нормативите и стандардите за отворање на високообразовна установа; ќе се стимулира меѓународната соработка и мобилноста на студентите и наставниците на национално и интернационално ниво. Посебно внимание ќе се обрне на осовременувањето на образовниот процес во високото образование и примената на ИКТ во наставата. Во соработка со универзитетите во државата, ќе се стимулираат образовните, културните и спортските активности. Примарна одговорност и главна цел на Министерството за образование и наука во наредниот период ќе биде поддршката, поттикнувањето и олеснувањето на имплементацијата на принципите и препораките произлезени од Болоњскиот процес во високото образование во Република Македонија.

*Во идниот период ќе се настојува, со системски мерки, да се извршат промени во структурата на основното и средното образование и да се надминат причините за осипување на младите.* Тоа подразбира системска интервенција која, пред сè, го зафаќа прашањето на траењето на задолжителното образование.

### Зголемување на задолжителното образование

**_Состојба:_**

- *Во Република Македонија задолжителното образование се поклопува со основното образование и трае 8 години.*
- *Тоа е поделено на два циклуси: одделенска и предметна настава со траење од по 4 години.*
- *Постои дисконтинуитет во програмската структура.*
- *Постои големо програмско поклопување меѓу предметната настава и средното образование.*
- *Со завршување на задолжителното образование учениците не стекнуваат работни квалификации.*

Глобализациските процеси и забрзаната динамика на промени, т.е. осовременувањето на трудот и работењето предизвикуваат нагласени тенденции за зголемување на образовното ниво на народите во светот. Одговорноста на државите на планот на образовниот опфат на населението станува сé поголема. Општ тренд во светот е должината на задолжителното образование, како најизразена форма на одговорност на државата, постојано да се зголе-

мува. Ако во минатото горниот лимит на задолжителното образование беше поставен на крајот на елементарното и пониското ниво на средно образование, денес тој сè повеќе се поставува во повисоките степени и во потполност го зафаќа средното образование. Се смета дека средното образование е оној долен лимит на образованост и квалификуваност што секој граѓанин треба да го поседува за да може активно да се вклучи во општествениот и работниот живот. Поради тоа, во поразвиените земји во светот, задолжителното образование може да се сретне со 9, 10, 12, па и повеќе-годишно траење. Времетраењето и структурата на задолжителното образование во голема мерка зависи од економската моќ на државата, карактерот на домашните проблеми и визијата на образовната политика.

Покрај наведените глобални тенденции, како причини за зголемување на времетраењето на задолжителното образование во Република Македонија може да се наведат следниве: лошата образовна структура на населението; малиот опфат и високиот процент на осипување на учениците во редовните степени на образование; и потребата од зајакнување на компетенциите за работна и социјална инклузија на населението. Се чини дека најголем проблем е опфатот на учениците во годината пред поаѓање на училиште (голем број деца го започнуваат школувањето со ниски стартни знаења и способности што подоцна се рефлектира со слаб успех, осипување или апстинирање од понатамошно образование) и преминот од основно во средно образование, т.е. намалениот опфат на учениците за 16,65%. Оваа појава предизвикува перманентен притисок на пазарот на трудот од лица кои поседуваат само основно образование и се без  каква било квалификациска подготовка. Оваа структура доминантно влијае врз зголемувањето на бројот на невработените.

Во идниот период ќе се преземат активности да се зголеми времетраењето на задолжителното образование и во Република Македонија. За таа цел, Министерството за образование и наука ќе воведе 9-годишно задолжително образование[2]. Зголемувањето ќе се изврши на тој начин што годината пред поаѓање на училиште ќе влезе во системот на задолжителното образование. Структурно, тоа значи дека забавиштето и големата група од градинките ќе станат задолжителни за сите деца.

---

[2] Во својата работа Експертската група ја разгледуваше и  можноста за воведување на 10-годишно задолжително образование. Сите показатели покажуваа дека овој модел е посоодветен и може да биде поефикасно решение за проблемите со кои се соочува образованието во Република Македонија. Меѓутоа, за разлика од 9-годишното задолжително образование, овој модел е поскап и бара поголеми инвестиции, особено во сферата на инфраструктурата, наставниот кадар и опремувањето на училиштата. Беше донесен заклучок, идејата за 10-годишно задолжително образование да не се отфрла, туку да биде предмет на расправа во оној момент кога условите за нејзина имплементација ќе созреат.2

Со зголемувањето на задолжителното образование се очекува:

- досегашните 83,23% опфат во годината пред поаѓање на училиште да се зголемат на 100% опфат;
- да се подобри образовната структура на населението;
- да се зајакне базичното образование;
- да се зголемат можностите за професионална ориентација;
- да се олесни и ефектуира преминот во средно образование;
- да се оствари програмска сукцесивност;
- подобро да се искористат образовните капацитети во руралните средини.

Каков систем на деветгодишно задолжително образование ќе се примени, т.е. дали ќе се примени модел 3+3+3; 5+4, 4+5 или 6+3, ќе зависи од постојната состојба во образованието во земјата (расположивите материјални и човечки ресурси) и карактерот на проблемите кои се очекува да се надминат. Начинот на имплементација на овој модел на задолжително образование ќе биде утврден со дополнителни одлуки на МОН.

## 2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕ

*За образованието кое негува култура на живеење и развива знам-како способности, културата и спортот претставуваат есенцијални фактори кои го детерминираат/развиваат самостојното учење, управувањето со животот, само-реализацијата и саморазвојот, а со тоа и интелектуалната и физичката добросостојба на граѓаните на Република Македонија. Перманентните промени во потесното и поширокото социјално окружување го промовираат концептот за доживотното учење и саморазвојот на младите и на возрасните.*

### *Цели:*

- **Зајакнување на интелектуалниот раст**

Најголемата одговорност за зајакнување на интелектуалниот раст лежи на образованието и обуката, културните и спортските активности. Интензивирањето на активностите во овие полиња на човечкиот развој дава гаранција дека индивидуата ќе биде успешно подготвена за активен работен живот и социјално влијание и партиципација. Индивидуата збогатена со знаења и вештини од областа на работната култура и културата на живеење располага со способности за перманентна анализа на потесното и поширокото социјал-

но окружување, релевантно и реално сопствено ситуирање во него и спремност за активна партиципација и придонес во развојот на земјата.

Училиштето, преку своите активности и образовни содржини, нуди стекнување на знаења и вештини за понатамошно управување со сопствениот живот и можности за индивидуален развој. Културните, спортските и уметничките активности нудат можност за запознавање и прифаќање на различните вредности кои дополнително го зајакнуваат и збогатуваат индивидуалниот развој и социјалната инклузија. Во таа смисла, во идниот период од исключително значење е *да се поддржат и помогнат иницијативите за организација на образовни, иновативни, културни, спортски и уметнички активности за младите и за возрасните*.

- **Промоција на ефективна воспитно-образовна установа**

Република Македонија е цврсто определена да ги следи препораките за креирање на *свет по мерка на детето*. Правото на образование е највисокото право кое Министерството за образование и наука и државата во целост има обврска да го почитува и обезбеди.

Во идниот период треба да се преземат мерки кои ќе овозможат: оживотворување на заложбите и на обврските кои произлегуваат од националните и меѓународните документи, и понатамошно развивање на квалитетот и релевантноста на образованието преку: (а) усвојување на стандарди на *Училиште пријател на децата и младите*, кои го дефинираат основното и средното училиште како сигурно и безбедно, стимулативно и поттикнувачко окружување, кое пружа квалитетна настава и трајни и релевантни знаења, ставови и вештини; (б) зајакнување на присуството на знаења, вештини и ставови за стекнување на култура на живеење од страна на децата и младите, во основното и во средното образование.

Културата на живеење претставува процес на градење на квалитетен живот преку осознаени лични и колективни искуства, потреби и интереси на поединецот и активен однос кон животните вредности. Во тој контекст, основните и средните училишта имаат обврска на децата и младите да им овозможат развивање и поттикнување на животни стилови, кои

***Состојба:***

- *Процесот на транзиција во голема мера неповолно се одрази врз образованието.*
- *Средствата за образование перманентно се намалуваат.*
- *Сè поизразени се негативните ефекти на процесот на транзиција врз вредностите и нормите на однесување во поширокото окружување што, за жал, се одразува и врз вредностите, ставовите, однесувањето и навиките на учениците.*
- *Самите деца, родителите и наставниците сè почесто се судруваат со најразлични форми на насилство, па дури и криминал, околу и во училиштата, зголемување на стапката на консумирање алкохол и психотропни супстанции.*
- *Во вакви услови, најголемиот број деца можат да се третираат како деца под ризик.*

соодветствуваат на нивните индивидуални потреби и интереси, како животни вредности и цивилизациски придобивки.

Министерството за образование и наука во соработка со локалните авторитети *ќе развие механизми за мониторирање на состојбата со децата во и надвор од системот на образованието и активно учество на сите релевантни субјекти во детекцијата и мобилизацијата на децата кои никогаш не се запишале или кои го напуштиле образованието*.

Градењето на ефективно училиште претставува сведување на севкупната работа под еден критериум - квалитетот. Тоа подразбира градење на индикатори на успешност и ефикасност на установата во целост. Овие индикатори треба да ги зафатат клучните полиња, како што се: училишната инфраструктура, наставата, наставниците, управувањето и соработката со локалната заедница. Истите индикатори ќе служат и за интерна и екстерна контрола на квалитетот во работењето на образовната установа.

Ефективното училиште: ги практикува, промовира и помага да се мониторираат правата и добросостојбата на СИТЕ деца во заедницата; активно ги бара и пронаоѓа децата кои се надвор од образовниот систем и им помага да се запишат на училиште, и истото редовно да го посетуваат; сензитивно е по однос на полот и промовира рамноправност во опфатот и постигањата на девојчињата и момчињата; го има во фокусот детето - поттикнува учество на децата и активното учење и става приоритет на потребите на децата; отворено е за соработка - ги обединува сите позитивни постигања од проектите што се спроведуваат во Република Македонија; флексибилно е и ги почитува различностите - се прилагодува на различните услови и потреби на децата (полови, културни, социјални, во поглед на способностите); ги промовира усвојувањето и развивањето на вештините за живот (решавање проблеми, критичко мислење, креативност).

Очекувањата од промовирањето на ефективното училиште се големи и тие се огледаат, пред сè, во:

- обезбедувањето на високи постигања и успех;
- подобрувањето на здравјето и добросостојбата на децата;
- зголемувањето на опфатот во школувањето и стапката на неговото завршување;
- подигањето на моралот и мотивацијата на наставниците;
- гарантирањето на безбедна и заштитничка околина за децата;
- осигурувањето на поддршка од локалната заедница;
- охрабрувањето на социјалната инклузија и партиципација.

### Унапредување на наставата и учењето

Анализата на наставата и учењето говори за низа недоследности кои ги попречуваат напорите за модернизација или ги успоруваат иницијативите за нивно иновирање и се карактеристични за сите образовни потсистеми. Поставеноста на наставните планови и програми во најголема мера го фаворизира енциклопедизмот и фактографијата, знаењето наспроти умеењето.

Наставниците се фокусирани врз целите и задачите на програмите, т.е. нивното внимание е концентрирано врз реализацијата на однапред дадените содржини кои  се трансформираат во цели и задачи. Значи, наставникот е свртен кон програмата и нејзината содржина, а не кон ученикот/студентот. Неговото внимание е концентрирано на тоа како да ја реализира наставната единица, а не кон тоа како наставната единица влијае врз учениците/студентите, какви ефекти предизвикува кај нив на планот на усвојувањето на знаењата, развивањето на вештините и изградувањето на ставовите, како учениците/студентите ги стекнуваат тие нови знења и вештини, кои активности ги преземаат при нивното усвојување и сл. Најмало внимание се посветува на тоа како учениците/студентите ги применуваат стекнатите знаења, вештини и ставови во вистинските животни ситуации.

Досегашните интервенции попатно или недоволно  ги осмислуваа преобразбите во наставата и учењето. Како процеси на реализација тие останаа речиси неизменети:  доминација на предавачки стил во работата со учениците/студентите,  негување  и поттикнување на меморирањето наместо учењето со разбирање и/или учењето по пат на решавање на проблеми, послушност наместо критичност, пасивност наместо креативност и активност, фронтална работа наместо интеракција, недоволна употреба на современи наставни средства, недоволна употреба на информациските системи и сл.

Системот на вреднување на работата на наставниците и учениците/студентите има најголема вина за ваквата ситуација. Наставникот и неговата работа се вреднуваат само врз основа на реализираната програма, и тоа нормативно, без притоа да се води сметка дали тој успеал да ги реализира целите и предизвикал одредени промени кај учениците/студентите, т.е. без да се води сметка колку секој од нив стекнал знаења и вештини и какви ефекти тие знаења и вештини предизвикале кај него. Успешноста на наставникот се мери со постигнувањата на учениците/студентите. Всушност, системот на оценување води сметка единствено за умешноста и способноста на учениците/студентите да ги „пресликаат“ содржините од програмата и е доминатно зависен од слободната процена на наставникот.

Ваквиот пристап предизвикува состојба во која недоволно се следи, проверува и оценува оспособеноста на учениците/студентите за примена на усвоените знаења во нови ситуации, особено во вистинските животни ситуации.

Ретко се проверуваат и оценуваат способностите, интересите, ставовите, убедувањата и другите карактеристики на личноста на ученикот/студентот. На тој начин, целокупното оценување на ученичките/ студентските постигања се сведува само на реализација на материјалната задача на наставата, а се запоставува функционалната и воспитната.

Во наредниот период, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за *ревизија на наставните планови и програми и ќе настојува во нив да биде имплементирана Концепцијата на образовни излези (Learning Outcomes) базирана на стандарди на компетенции, од една страна, и ќе настојува да го поддржи и промовира осовременувањето на наставата и учењето, од друга страна*. Тоа подразбира:

***Состојба:***

- *Доминација на традиционалните приоди во наставниот процес.*
- *Фаворизирање на фактографијата и енциклопедизмот во знаењата.*
- *Доминација на поучувачките стратегии.*
- *Доминација на сумативното оценување, наместо континуираното и развојно-аналитичко следење на напредувањето на учениците.*
- *Отсуство на целно ориентирана настава.*
- *Пасивен статус и положба на ученикот во наставата.*
- *Недостаток на стандарди за ефективно училиште и квалитетна настава.*
- *Отсуство на глобална стратегија за евалвација на ефектите од проектните процеси во основното образование.*
- *Недоволна одржливост на иновациите.*
- *Недоволна технолошка поддршка на наставата, како и недоволна искористеност на ИКТ во процесите на настава и учење.*
- *Невоедначени услови за учење.*

- ревидирање на наставните програми во зависност од научните дисциплини и наставните подрачја;
- дизајнирање на целно ориентирани наставни програми;
- јасна диференцијација на општите знаења, специфичните знаења и информациите;
- прецизирање на компетенциите и вештините кои се очекува ученикот/студентот да ги усвои во рамките на наставната програма. Притоа, мора да се води сметка да се исфрлат сите непотребни повторувања и информации кои дополнително ги оптоваруваат наставникот и учениците/студентите;
- остварување на колаборативност и сукцесивност меѓу сите наставни програми;
- градење на соодветен систем на оценување, со јасно прецизирани начини и средства за оценување;
- дефинирање на специфичните активности кои ќе се користат за евидентирање на нивоата на ученичките/студентските постигнувања;
- воведување на систем на контрола на квалитетот во наставата и учењето;

» поставување на образовниот процес врз принципите на интерактивната настава, со доминација на креативното учење, критичкото размислување, решавањето на проблемите и примената на современа образовна технологија;

» внесување на знаења потребни за практиката и секојдневниот живот.

Вака поставениот концепт ќе овозможи:

» ефективен процес на дефинирање на постојните курикулуми и дизајнирање на соодветното оценување;

» перманентен и систематски процес на редизајнирање на курикулумите во зависност од дефинираните стратегии и моменталните потреби;

» поставување на такви основи кои ќе овозможат курикуларен и инструкционален премин од предавање кон учење (т.е. акцентот во наставата помалку да се става на наставникот и неговото предавање, т.е. "покривање на материјалот", а сè повеќе да се практикува учењето на содржината и вештините од страна на учениците/студентите);

» урамнотежување и сукцесивност меѓу програмите;

» воспоставување значајни врски меѓу програмите со оптимално зајакнување на содржините и вештините во повеќе од еден предмет, избегнувајќи ги притоа непотребната одвишност и повторувањето;

» комплексен приод во процесот на учење на учениците/студентите;

» примена на современи техники на настава и учење од страна на наставниците;

» ефикасна подготвеност на учениците/студентите за квалитетен живот и стекнати способности и навики за доживотно образование;

» можности за развивање на способностите за самостојно творечко и критичко мислење и расудување кај учениците/студентите;

» поголем степен на вклучување на децата, младите и возрасните во образованието и поголем степен на проодност и завршување на образованието.

**Зајакнување на системот за иницијална обука и професионално усовршување на наставниот и на раководниот кадар**

Потребата од задоволување на стандардите за компатибилност, современост и ефикасност на образовната практика го актуелизира прашањето за научно осмислен и глобален приод во таа сфера. Подигањето на квалитетот на работата, особено квалитетот на наставниот процес, императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја. Во таа смисла, сите педагошки кадри, а особено наставничките, се наоѓаат во центарот на современите настојувања за подо-

брување на квалитетот и подигање на ефикасноста на педагошката работа. Притоа, барањата кои произлегуваат од местото и улогата на наставникот на преден план ја истакнуваат неговата квалификуваност, т.е. оспособеност за почитување, познавање и аплицирање на современите сознанија од сферата на воспитно-образовната теорија и практика.

Со оглед на фактот дека формалното сертификатно образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, како и со оглед на брзото застарување на сознанијата (стекнати за време на формалното школување) очигледна е потребата од нова архитектура на системот за иницијална обука и системот за професионално усовршување на наставниците. Во таа смисла, се очекува квалитетот и успешноста во работата на наставниците сѐ помалку да претставува одраз на нивната сертификатна квалификација, а сѐ повеќе да биде продукт на нивната вистинска оспособеност, т.е. квалификуваност и подготвеност за перманентна образовна мобилност.

Задоволувањето на потребите за: *зголемување на квалитетот на наставниците и остварување на нивната континуирана образовна мобилност, создавањето на услови за втора шанса на невработените наставници чии способности и знаења со оглед на работната пауза во голема мерка се редуцирани, и нивелацијата на сертификатната, персоналната и работната квалификација во доменот на иницијалното образование на наставниците*, претставува една од приоритетните задачи на Министерството за образование и наука во наредниот период. Тоа има одговорна задача наставничката професија да ја направи што попривлечна, меѓу другото, и преку подобрувањето на општествено-економскиот статус на наставниците.

Во наредниот период, Министерството за образование и наука ќе *дефинира индикатори за успешноста во спроведување на наставничката работа*, т.е. сетови на стручни и професионални компетенции кои ќе претставуваат рамка во која ќе се одвива иницијалното образование на наставниците за

***Состојба:***

- *Во Република Македонија не постои систем за стручно и професионално усовршување на наставниците.*
- *Бирото за развој на образованието е надлежно за континуирано стручно и професионално усовршување на наставниците во предучилишното, основното и средното образование.*
- *Образованието и обуката на наставниците во голема мера се засилени со вклучувањето на меѓународните фондации и институции, пред сѐ, ФИООМ и Уницеф во основното образование.*
- *Во средното образование оваа улога ја презема ФАРЕ, КАРДС програмата, УСАИД и ФИООМ. Поради малиот опфат, добар дел од наставниците сѐ уште немаат никаква дополнителна стручна и педагошка обука.*
- *УСАИД и ФОСИМ остваруваат професионална обука за наставниците од средното образование од сферата на информатичката технологија.*
- *Не постои систем за професионално образование и обука за наставниците од високото образование.*

предучилишното, основното и средното образование и нивното професионално усовршување. Ваквата стандардизација ќе нуди можност за сертификација/лиценцирање на наставничкиот позив што ќе го врши специјализирана институција. Лиценцата што секој наставник треба да ја поседува ќе биде одраз на неговите компетенции. За таа цел, *потребно е да се формира широк круг на акредитирани даватели на образовни услуги кои ќе нудат можности за професионално усовршување на наставниот кадар во основното и во средното образование.* Помошта и придонесот на невладиниот сектор и приватните и меѓународните иницијативи во исполнувањето на оваа задача ќе бидат драгоцени.

Министерството за образование и наука за потребите на подобрувањето на квалитетот на наставничката работа врши измени и дополнувања во законите за основно и за средно образование со што ќе воспостави поголем ред, транспарентност и системност во извршувањето на наставничката професија. Така на пример, прашањето за оценувањето на наставниците ќе добие јасно дефиниран облик и механизми за негово спроведување според јасни индикатори на ефективност; изборот на наставниците ќе се одвива според прецизно дефинирани процедури, како и проверката на компетенциите на идните наставници, професионалното усовршување ќе добие системска рамка, а напредувањето на наставниците законска основа.

Во функција на засилување на мотивацијата на наставниците од основното и од средното образование Министерството за образование и наука ќе воведе *законски измени со што ќе се промовира системот за напредување во кариерата како системско решение во државата*. Овој систем треба да претставува дополнителна мотивација за наставниците бидејќи ќе прави јасни дистинкции не само во поглед на звањата (асистент наставник, наставник, наставник ментор) што наставниците ќе ги поседуваат, туку и во висината на платата што ќе ја примаат. Секое звање ќе подразбира и повисок степен на стручни и професионални компетенции што подразбира и зголемена динамика на планот на образовната мобилност на наставниците и нивното континуирано образование.

Се очекува, со засилување на процесите на децентрализација на образованието, да се даде поголема можност за динамизирање на наставничката работа. Во овој случај се очекува поголема одговорност и ангажман од локалната самоуправа за прашањата поврзани со квалитетот на работата на училиштата, а со тоа и квалитетот на изведбата од страна на наставниот кадар.

Во наредниот период, иницијалната обука и професионалното усовршување на раководниот кадар во училиштата (директорите) ќе претставува една од активностите на Министерството за образование и наука.

Како за наставниците, така и за директорите, ќе се *изработат индикатори на успешност на директорската позиција*. Врз основа на индикаторите на успешност ќе се креира иницијалната обука и професионалното усовршување на овој кадар.  За таа цел, треба да се отвори широк избор на даватели на образовни услуги, фокусирани во подигнувањето на стручните компетенции на училишните директори, кои ќе работат според акредитирани програми за оваа дејност. Ваквата мерка се очекува да ја елимира можноста од појава на „монополи" и импровизации во иницијалната обука и професионалното усовршување на директорите, и е во согласност со заложбите за обезбедување на можности за избор од страна на оние кои сакаат да ги стекнат бараните компетенции. Стекнатите компетенции ќе бидат верифицирани и ќе подлежат на лиценцирање од страна на државно тело. Само она лице кое има службена лиценца за вршење на директорската функција ќе има можност да биде бирано на тоа работно место.

### Обезбедување и контрола на квалитетот

Во наредниот период Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за перманентно обезбедување и контрола на квалитетот во образовниот систем на Република Македонија. Клучните улоги во тој процес ќе ги имаат *Државниот просветен инспекторат (ДПИ), Педагошкиот завод на РМ (сегашното Биро за развој на образованието (БРО)) и Државниот испитен центар (ДИЦ)*.

***Состојба:***

- *Отсуство на кохерентен систем за контрола на квалитетот на централно ниво.*
- *Отсуство на независно тело надлежно за контрола на квалитетот.*
- *Недостиг на обучени професионалци за оценување и контрола на квалитетот.*

Со процесите на децентрализација, улогата на просветната инспекција ќе има исклучително значење објективизирано во следење и контрола на спроведувањето на законските решенија во сферата на образованието. Нејзина директна одговорност ќе претставува: заштитата на детските права во образовната сфера и правото на образование на сите, застапеноста и коректноста во спроведувањето на националните/државните интереси и законски прописи во образованието од страна на образовните установи на локално и национално ниво. Во рамките на ДПИ ќе се врши и државната контрола на квалитетот во предучилишното, основното и средното образование. За овој дел од активностите ќе бидат ангажирани дел од вработените во ПЗ (сегашното БРО). Во таа функција, *Министерството во наредниот период ќе преземе активности за дополнително образование и обука на кадарот кој ќе ја спроведува контролата на квалитетот во предучилишното, основното и средното образование*.

Државниот просветен инспекторат непосредно ќе соработува со Педагошкиот завод на РМ (сегашното Биро за развој на образованието). Оваа соработка ќе биде особено изразена во контролата на законската/нормативната поставеност и квалитетот на спроведување на националниот курикулум во воспитно-образовните установи во Република Македонија.

Педагошкиот завод на РМ (сегашното Биро за развој на образованието), во соработка со Државниот испитен центар, во свои ингеренции ќе ја преземе грижата за градење на национални стандарди за обезбедување и одржување на квалитет. БРО директно ќе соработува со училиштата и локалните власти во дефинирањето на влезните и процесните индикатори за квалитет, додека излезните индикатори ќе бидат во надлежност на ДПИ и ДИЦ.

Во високото образование таа улога ќе ја презем е *Телото за евалвација и акредитација*.

Контролата на квалитетот во образованието ќе се изведува на две нивоа: *државно и локално*.

Државното ниво на контрола ќе се изведува преку националните тела за евалвација на квалитетот (ДПИ и ДИЦ), преку повремена контрола на работата на училиштата, т.е. проверка на степенот на исполнување на националните стандарди за квалитет и преку екстерното оценување на учениците, наставниците и раководниот персонал.

Локалната контрола на квалитетот ќе биде составен дел од активностите на локалната самоуправа и образовните установи. Тие ќе ја преземат одговорноста за следење, обезбедување, одржување и унапредување на квалитетот во основните и во средните училишта, со помош на прецизно утврдени механизми и инструменти за мерење на индикаторите на успешност. Во контекст на децентрализацијата на образованието и редистрибуцијата на одговорностите од централно на локално ниво, од голем интерес за училиштата и, пред сè, локалните власти ќе биде доследната реализација на оваа обврска. Во овие констелации, квалитетот, ефикасноста и ефективноста на образовниот процес и успехот на учениците потпаѓа под нивна директна одговорност. Одговорноста за развојот на општината, во овој случај ќе биде директно детерминирана од доследното исполнување на одговорноста за квалитетот во образованието. Поради тоа, реализацијата на самоевалвацијата и утврдувањето на квалитетот на образованието ќе претставува перманентна задача на училиштата и локалната самоуправа. Соработката со Педагошкиот завод на РМ (сегашното Биро за развој на образованието), особено со неговите меѓуопштински центри за развој и обезбедување на квалитет, ќе биде задолжителна и според прецизно утврдени механизми за соработка. Таа ќе се објективизира преку пружање стручна и советодавна помош на училиштата и наставниците и перманентна соработка со педагошко-психолошките служби во училиштата, а во

функција на обезбедување на квалитет соодветен на националните стандарди за квалитет во образованието.

Интерната контрола на квалитетот во високото образование ќе биде под ингеренции на самите универзитети.

- **Поврзување на формалното, неформалното и информалното образование**

Невозможно е да се очекува целокупната одговорност за јакнењето на интелектуалните капацитети на државата, оспособувањето на младите и возрасните за ефикасна работна и социјална инклузија и партиципација во процесите на одлучување и управување да се препушти само на формалното образование. Поради тоа, во наредниот период, *ќе се преземат мерки за засилување на соработката меѓу институциите за формално образование и институциите и формите на неформално образование*. Во тој домен, важна претпоставка ќе биде градење на ефикасна врска со невладиниот сектор и негово промовирање во *клучен партнер* во развојот на образованието и земјата во целост. За таа цел, потребно е да се изградат механизми и да се оствари динамична соработка и поделба на одговорностите и активностите, во согласност со приоритетите на државата, меѓу владата и навладиниот сектор.

Врските на формалното со информалното учење перманентно се зголемуваат. Треба да се почитува фактот дека луѓето, покрај формалното и организирано образование, учат и на работното место, дома, преку нивните хоби и волонтерски активности и сл. Зајакнувањето на оваа врска придонесува за унапредување на способностите за управување на сопствениот живот, интелектуалниот раст и добросостојбата. Формалниот образовен систем ќе биде развиен така што ќе обезбеди поголемо разбирање за информалното образование.

- **Промоција на доживотното учење**

Целта на доживотното учење е да го одржи и зачува позитивниот и активниот приод кон учењето на сите возрасти во текот на целиот живот. Во идниот период, Министерството за образование и наука ќе настојува да создаде позитивна атмосфера за континуирано учење и саморазвој за сите популациски групи. Тоа подразбира *зголемување на можностите за образовна мобилност на младите и возрасните и остварување на динамична соработка меѓу образовните установи и потребите кои произлегуваат од сферата на трудот и општествениот живот*. Во овој контекст, важно ќе биде мобилизирањето на оние популациски групи на кои поради различни причини им застарело знаењето, не располагаат со соодветни компетенции или останале образовно хендикепирани, како на пример: невработените, неписмените и

маргиналните групи. Соработката меѓу различните субјекти во образованието, јавниот и приватниот сектор, невладините организации и волонтерските здруженија, ќе биде исклучително значајна за остварување на засилена образовна мобилност на младите и возрасните. Во таа смисла, *ќе се даде силна поддршка на активностите на невладините и волонтерските активности на полето на доживотното учење.*

За успешно реализирање на концептот на доживотното учење потребно е децата и младите уште во текот на нивното базично образование да се стекнат со способности и навики за континуирано учење.

- **Образование на возрасни**

Посматрано од аспект на работната компетентност и конкурентност, остварувањето на социјалната кохезија и унапредувањето на квалитетот на животот, важно е да се одржат, кондицираат и подигнат на повисоко ниво работните и социјалните компетенции на возрасните. Со оглед на динамиката на промените кои го зафаќаат современиот труд и експлозијата на *на-знаење* базирани работни места и потребите за ефикасна социјална инклузија и партиципација на возрасните, како и функционалното содржинско исполнување на нивното слободно време, повеќе од нужно е *да се воспостави широка мрежа на формални и неформални даватели на образовни услуги*. Истовремено, тоа значи *перманентна афирмација и потенцирање на значењето на образованието за современиот живот и работа*.

Во наредниот период ќе бидат преземени мерки за да се овозможи:

- *намалување на стапката на неписменост кај возрасните, особено диспаритетот меѓу стапките на неписменост кај мажите и жените,*
- *експанзија на базичното образование кај возрасните;*
- *можности за стекнување на знаење, вештини и вредности од страна на возрасните, кои се бараат за подобрување на квалитетот на животот;*
- *зголемување на можностите за образовен избор;*
- *развивање на образование на возрасни кое ќе биде во функција на општествената кохезија;*
- *развивање на можности за образование и обука кои соодветно одговараат на очекувањата, аспирациите и потребите на различните групи од постојната и потенцијалната работна сила;*
- *образование и обука на возрасните за динамичните промени во сферата на трудот и животот.*

Министерството за образование и наука ќе биде фокусирано во спроведување на активности и давање на поддршка на сите иницијативи

кои се насочени кон спречување на работната и социјалната ексклузија. Промовирајќи го доживотното учење и безбедноста на работното место истовремено ќе се промовира и добросостојбата меѓу населението.

## 3. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА

*Успешноста во спроведувањето на демократските процеси во секое општество зависи од успешноста на партиципацијата на неговите граѓани. Современото демократско општество нуди широка лепеза на можности за инклузија и партиципација на секој поединец или група. Од динамиката и квалитетот на инклузијата ќе зависи и социјалната добросостојба на секој поединец. Основна цел на Министерството за образование и наука, во идниот период, преку интервенции во образовниот систем и поддршка на неформалните облици на образование, е да создаде можности за непречена социјална инклузија и партиципација на младите и возрасните.*

### *Цели:*

- **Активно граѓанство**

Активното граѓанство, т.е. создадените можности за влијание на граѓаните во општеството е единствен услов за одржување и зајакнување на демократијата. Перманентното јакнење на моќта на граѓаните за активна партиципација и влијание врз административните одлуки е составен дел од демократијата и јакнењето на развојот на секое општество.

Клучни фактори во промоцијата на активното граѓанство се образованието, културата и спортските активности. Во таа насока, *Министерството за образование и наука ќе преземе интервенции за да се осигура дека образованието ќе ги екипира младите со знаења и способности за активно граѓанство*. Притоа, ќе се елиминира можноста граѓанските вредности да се усвојуваат од страна на децата и младите преку сувопарни и од непосредното окружување дистанцирани содржини и активности. Усвојувањето на граѓанските вредности ќе претставува пратечка школска и вонсколска активност која ќе биде инкорпорирана во курикулумот на предучилишното, основното, средното и високото образование.

Социјализацијата е сегмент кој мора да биде дел од стратегијата за образование, пред сé заради потребата од планско, канализирано и контроли-

рано пренесување на одредени вредности. Тоа претпоставува операционализација на одредени начела до нивото на изработка на сите содржини со кои се изведува наставата, методологија за нивна примена, критериуми за евалвација и сл. Ваквиот приод би бил не само во функција на планирана и контролирана социјализација, туку би придонел за враќање на загубениот статус на училиштето како доминантен институционализиран агенс на креација и пренесување на вредностите.

Процесот мора да започне од предучилишното образование, од контактот со првите групи и создавањето на првите групни вредности и да ги опфати следниве димензии:

**Курикуларна димензија**, односно самите наставни содржини, пред сè учебниците, во кои социјализацијата мора да биде еден од основните критериуми. Тоа претпоставува дека при оценувањето на вредноста на учебниците и останатата училишна литература, наместо концентрирање исклучиво на книжевните и естетските критериуми, ќе доминира анализата на пласираните вредности. При изборот на литературата мора да се примени своевидно мерило за вредностите од аспект на нивниот: вид, број и сообразеност со возраста на групите на кои им е наменета. Дополнителната литература треба да биде во функција на вредностите кои во учебниците недостасуваат. Во контекст на можноста да се избираат различни учебници, дополнителната литература треба да ги компензира вредностите кои се презентирани во алтернативата. Да се користат сите дополнителни средства за пласирање на вредностите (илустрации, дискусии, практика).

» *Македонското општество е развиено и се развива врз база на плуралитет и различност на вредностите.*

» *Традициите сè уште претставуваат значајни извори на вредности.*

» *Локалните, националните, етничките и религиозните фактори и во иднина ќе се манифестираат како важни спротивности на глобализацијата.*

» *Слободата на младите луѓе да прават избор на различни стилови на живеење без способности добиени во образованието и културата, може да предизвика проблеми во управувањето со животите и да одведе до ексклузија.*

» *Волонтерските активности нудат значајни можности за инклузија, партиципација и влијание. Тие овозможуваат средства за стекнување на граѓански вештини, обновување на демократијата, градење на сопствен идентитет, управување со сопствениот живот и спречување на ексклузијата.*

Неопходно е, со перманентна анализа, да се обрне посебно внимание на граѓанското образование, особено сегментот кој се однесува на човековите права, и поконкретно на правата на детето, со оглед на тоа што сите анализи покажуваат дека кај училишната популација постои огромна празнина и недостаток на знаења од оваа сфера. Со тоа воедно и училиштето би ја повратило доминантната позиција на извор и агенс на позитивните општествени вредности.

Целиот процес би одел во насока на афирмација на наоѓање на заедничкиот именител меѓу постоечките супкултури, како единствена база на вредносната матрица. Тоа значи: истакнување и респект кон супкултурните различности и поединечните белези, но не на сметка на кохезивната димензија во културната трансмисија.

Традицијата во овој процес може да биде само еден сегмент; тоа значи презентирање сознанија и вреднувани информации за историјата и традициите, но со ориентација кон современите глобални интеграциски процеси.

**Екстракурикуларна димензија -** практикување на вредности:

» *Спроведување активности со кои се афирмираат одредени вредности низ практика која ја одразува реалноста, со посебен нагласок на човековите права.*

» *Воведување нова методологија која гарантира успешна интернализација на вредностите.*

» *Иако постојат бројни проекти, перманентната обука на наставниот кадар во оваа смисла е неопходна, пред сè заради востановување на врската меѓу теоретската позадина на човековите права и нивното опред*метување во конкретната општествена практика.

- **Создавање услови за доброволни активности**

Министерството за образование и наука ќе ги поддржи *иницијативите во формалниот и неформалниот сектор кои имаат за цел стекнување и примена на граѓанските вештини, особено на планот на спортските и културните активности*. Посебно внимание ќе биде посветено на формите и активностите од мултикултурен карактер кои промовираат социјална кохезија и здружување. Во таа смисла, мултикултурализмот и размената меѓу културите ќе бидат поддржани.

> ***Состојба:***
>
> » *Волонтирањето сè уште претставува негативен стереотип, нешто што треба, доколку е можно, да се одбегне или временски да се сведе на минимум.*
>
> » *Причините за тоа се секако во ненаоѓањето смисла во ангажманот кој не носи директен личен профит, што делумно е резултат на несоодветно презентираните вредности во текот на воспитниот сегмент на школувањето.*
>
> » *Кај голем број млади постои желба за партиципација преку невладините организации, но не и знаење како и каде да се вклучат.*

Организацијата и реализацијата на граѓанските активности ќе биде заштитена. Особено е важно, на државно ниво, *да се донесе регулатива за овој вид активности*, со што ќе се спречат аномалиите кои можат да се јават на локално ниво. Мора да се пропагира важноста на овие активности и да се развие чувството на локалната самоуправа за значењето на овие активности за јакнење на социјалната добросостојба на младите и на возрасните.

### Спречување на ексклузијата

Социјалната и економската криза која се продлабочува и сѐ поголемото раслојување на општеството го зголемуваат степенот на социјалната ексклузија на одредени групи граѓани. Воедно, се зголемува и бројот на ваквите групи. Младината (како во процесот на школување, така и невработената), поради неразвиеноста на специфични форми на социјално организирање, но и отсуство на самоиницијативност, сѐ повеќе е исклучена од општествените процеси и формите на активна партиципација. Можностите кои може да ги понуди цивилниот сектор во оваа сфера, во Македонија се сѐ уште лимитирани и недоволно популаризирани. И покрај големиот број невладини организации и релативно големиот број проекти кои тие ги реализираат, овој вид здружување не е составен дел на содржините кои се нудат во текот на образованието. Кон нив, освен непознавање, постои недоверба или скепса во однос на целисходноста и ефектите.

На сметка на претходните категории, единствена сфера која младите ја сметаат за отворена е политичкиот ангажман (партиски подмладоци, политизирање на младинските организации и сл.). Заради тоа и возрасната граница на младите кои се политички партиципанти се спушта сѐ подолу, на сметка на сѐ постеснетиот простор за заживување на граѓанските здруженија, невладините организации и сл.

Во наредниот период ќе се преземат мерки за да се овозможи зголемување и подобрување на социјалната инклузија низ следниве форми:

» *афирмација на социјалниот ангажман како вредност низ содржините на наставниот процес;*
» *афирмација и запознавање со цивилниот сектор и можностите кои ги нудат невладините организации низ процесот на образование;*
» *задолжителна практика во невладиниот сектор во текот на школувањето;*
» *стимулирање на социјалното организирање;*
» *деполитизирање на постоечките форми на младинско организирање и нивно насочување кон вредности сообразени на возраста и карактерот на групата;*
» *стимулирање на волонтерскиот труд, на начин на кој тој нема да биде сфатен како злоупотреба, туку како механизам за придонес и подобрување на состојбите во пошироката заедница;*
» *иницирање на проекти во кои младите во образовниот систем, но и невработената младина ќе бидат партнери на невладините организации, а не објект на посматрање.*

Во контекст на образованието, неопходно е зголемување на партиципацијата на младината во процесот, што е најбитен фактор во намалувањето на ексклузијата на оваа група. Стимулирањето на партиципацијата на учениците и студентите во целиот образовен процес, наоѓањето на форми за нивно активно учество во донесувањето на одлуки битни за школувањето, учеството во евалвацијата на наставните содржини и наставниот кадар мора да стане дел од идните правни решенија.

Образованието има одговорност да ги опреми младите и возрасните со знаења и способности за управување и структурирање на нивните животи. Наставата и школските активности треба да го зајакнат чувството за припадност на образовната установа и заедницата во целост. Се очекува, со зајакнувањето на инклузијата во образовната сфера успешно да се превенира ексклузијата. Ваквата поставеност има потреба од развивање на соработката меѓу јавниот сектор и невладините и волонтерските организации. Зголемувањето на бројот на деца и млади опфатени со активна волонтерска работа ќе претставува една од задачите на формалниот и неформалниот сектор во иднина.

Посебно внимание ќе се посвети во елиминирање на ексклузијата која се јавува при осипувањето на учениците, при преминот од пониско кон повисоко образование и при преминот од образование кон работа.

*Децата со посебни потреби ќе бидат заштитени од образовна, а паралелно со тоа и од социјална ексклузија.* Ќе се преземат мерки за нивна инклузија во сите степени на образованието. Една од задачите на образовните установи ќе биде перманентен ангажман за детекција и „извлекување“ на оваа категорија деца од нивите домови и нивно активно вклучување во формалниот воспитно-образовен процес. За таа потреба *ќе се интензивираат напорите за обука на наставниот кадар за работа со оваа категорија деца.*

Во иднина, ќе се преземат мерки за зголемување на можностите за сите возрасни групи, без оглед на полот, социјалната положба, здравствената состојба и етничката припадност, за самореализација во рамките на образовните, културните и спортските активности.

# 5. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОМПЕТИТИВНОСТА НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

*Економската и социјалната добросостојба на Република Македонија зависи од динамиката на продукцијата и квалитетот на апликацијата на новите знаења. Зголемувањето на компетентноста и конкурентноста на македонското општество во меѓународни рамки се објективизира во четири клучни процеси: подигањето на моќта на образованието, развојот на науката, негувањето и дисеминацијата на културата и културните вредности и стимулирањето на истражувањето и иновациите. Во идниот период, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за стимулирање и поддршка на иницијативите кои се фокусирани во развојот на овие клучни полиња.*

## *Цели:*

### Зајакнување на истражувањето и иновацискиот систем

**_Состојба:_**

- *Економската криза доведе до уште подрастично опаѓање на можностите за примена на науката во развојот на економијата на земјата.*
- *Ваквата состојба предизвика намалување на соработката на научно-истражувачки план меѓу универзитетот, научните институти и економските субјекти.*
- *Научно-истражувачката работа во голема мерка се реализира во скромни услови и со минимални средства.*

Инвестициите во зголемувањето на креативноста и иновациите се секогаш исплатливи инвестиции. Политичките напори за заздравување на економијата на земјата и зајакнувањето на нејзината компетентност во глобалните интеграциски процеси ќе резултираат со неуспех доколку не се поддржани од силна домашна креативна енергија која ќе го поттикне тој развој. Република Македонија е мала и економски слаба земја која не може да увезува ум и иновации. Поради тоа, таа е принудена силно да се потпре на сопствените капацитети и да води активна политика за нивно стимулирање.

Вложувањето во образованието, подигнувањето на образовното ниво на населението, развојот на научните истражувања и стимулирањето на креативноста и иновациите не смеат да се сфатат само како дополнителни издвојувања од буџетот, туку треба да им се даде значење на стратешко и развојно инвестирање во иднината на оваа земја.

Со зајакнувањето на иновацискиот систем се зголемуваат можностите за постигнување на национален успех во глобалната економија. Поради тоа, потребно е да се вложат дополнителни напори за зголемување на финансира-

њето на истражувањето и развојот. Во наредниот период, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за *креирање на балансиран и флексибилен систем на соработка меѓу клучните партнери во истражувањето и развојот*. Напоредно со тоа, ќе се направат напори за *зголемување на партиципацијата во интернационалните истражувачки и иновациски мрежи и зајакнување на истражувачката инфраструктура*. Јавното финансирање, кое ќе биде канализирано преку Министерството за образование и наука, ќе биде поврзано со барањата за висок квалитет и апликативност, во зависност од приоритетите на државата. Во приоритетите на Министерството подеднакво ќе се стимулираат и истражувањата од областа на уметноста и културата и истите ќе се сметаат како важен стратешки фактор за зајакнување на компетентноста на државата и збогатувањето на општествената иновациска база.

- **Поврзување на образованието и истражувањето со пазарот на трудот**

Образованието и истражувањето треба да комуницираат со променливите потреби во сферата на трудот. Овие потреби во голема мера ќе ги детерминираат карактерот и содржината на образовната политика и планирањето на образованието и обуката во идниот период. *Поврзувањето на образованието и истражувањето со пазарот на трудот* ќе биде подобрено со инсталирање на механизми за зголемена соработка со бизнисот и индустријата.

Образовниот систем ќе воспостави структура и организација која ќе овозможи негова функционална поврзаност со пазарот на трудот. Притоа, образовниот систем не смее и понатаму да продолжи со практиката да се грижи исклучиво за подготвувањето на новата работна сила и неговата грижа за сопствените партиципиенти не смее да престане во моментот на нивното напуштање на образовните установи. Современата поставеност на образовниот систем мора да ги почитува принципите на флексибилност, функционалност и отвореност. Негова грижа мора да бидат редовните образовни партиципиенти, вработените, невработените и сите оние кои имаат потреба од образовна надградба. Динамиката на промените во образовниот систем ќе ја следи динамиката на промените во потребните компетенции кои ќе ги диктира пазарот на трудот.

Функционирањето на образовниот систем во рамките на предложената поставеност мора да биде следено од редизајнирање на наставните планови и програми. *Основната функција на наставните планови мора да биде остварувањето и ефектуирањето на единството помеѓу: ученикот, општите знаења, професионално релевантните знаења и професионално специфичните знаења, заокружени со стандардот на компетенциите за одредена професија или занимање.*

Актуелните потреби на стопанството никогаш не можат да се решат со изолиран образовен систем. Образовните услуги мора да го напуштат светот на формализираните стандарди и нормативи, да излезат надвор од училишните клупи и да се поврзат со светот на кој му требаат тие образовни услуги. Затоа МОН ќе создаде услови во кои социјалниот дијалог ќе биде фундамент за поврзување на потребите на пазарот на трудот и образованието.

- **Развој на информациско општество**

Во наредниот период *ќе се настојува да се создадат услови за развој на информациско општество.* Новата информациско-комуникациска технологија мора да навлезе во сите пори на општественото живеење. Од неа се очекува да овозможи успешен баланс меѓу технолошкиот развој, од една страна, и интелектуалниот развој, од друга страна.

*Министерството за образование и наука ќе настојува да го засили воведувањето на новата информациска технологија во образовниот систем за да обезбеди: функционално оспособување, т.е. компјутерско описменување на младите за заедницата заситена со новата информатичка технологија, унапредување на образованието, а посебно на системите за специјални групи посетители, зголемување на ефикасноста на образовниот систем и изградување на политичка свест на граѓаните.*

Во наредниот период ќе се преземат мерки за *да се засили пристапот до современите меѓународни и национални информациски системи и базите на податоци*. За таа цел, ќе се преземат мерки за *задоволително опремување на образовните установи со современа информациска технологија и нејзино поврзување со информациските системи*. Истовремено, ќе се поддржат иницијативите за: создавање сеопфатна и транспарентна база на податоци за образованието во Република Македонија, развој на образовни сервиси и трансферирање на културното наследство преку новите медиуми.

И конечно, развојот на информациското општество е условен од развојот на човечките ресурси во доменот на информатичката технологија. Затоа МОН ќе ги поддржува сите иницијативи и насоки кон зајакнување на кадровските капацитети во областа на информатиката, како во формалното така и во неформалното образование.

## 6. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

*Развојната ориентација на Република Македонија е насочена кон вклучување на државата во глобалните интеграциски процеси на европско и светско ниво. Основната цел во наредниот период ќе биде да се изгради заедничка вредносна база за управување со развојните проблеми вклучени во глобализацијата. Определбата на државата за вклучување во ЕУ ќе отвори низа можности за соработка. Квалитетот и интензитетот на соработката ќе зависи, пред сѐ, од спремноста и способноста на државата да ги следи стандардите и критериумите за квалитет кои се основни услови за остварување на таа соработка. Во остварувањето на таа компетентност и конкурентност на европскиот и светскиот пазар, образованието има клучна улога.*

**Демократско и одржливо образование**

Нашата релација со другите земји постојано раѓа нови предизвици во образованието, мобилноста и културата. Препознатливоста на Република Македонија во меѓународни рамки ќе биде обезбедена, меѓу другото, и со нејзиниот активен и позитивен пристап во развојот на образованието, науката и културата. Градењето на ваквите развојни концепти има за цел да ја афирмира и консолидира позицијата на Македонија како одговорна нација.

Јакнењето и осовременувањето на образовниот систем и втемелувањето на демократските принципи и вредности во него е првиот услов кој треба да се исполни. Зголемувајќи ја неговата моќ за пресретнување и решавање на глобалните национални и интернационални проблеми и негувајќи ја неговата отвореност и достапност, флексибилност и спремност за соработка на сите полиња, Република Македонија не само што ќе создава база за перманентно кондицирање на нејзината компетитивност, туку и ќе придонесува во креирањето на сликата за себе и препознатливоста во меѓународни рамки.

Во идниот период, цел на Министерството за образование и наука ќе биде и *јакнењето на меѓународната соработка на државно, институционално и проектно ниво*. Вклучувањето на училиштата и универзитетите во меѓународната размена на ученици/студенти и наставници и реализацијата на меѓународни проекти е од витално значење за зајакнување на нивните капацитети, афирмирање на домашниот „производ“ и интернационализирање на вредностите на глобалните интеграциски процеси.

**Јакнење на високото образование**

Високото образование е составен и неразделив елемент на развојот на секоја земја и еден од најсилните чинители на препознатливоста на една земја во меѓународни рамки, поради што се јавува потребата од забрзана трансформација на неговата целокупна поставеност и воспоставување квалитет соод-

ветен на потребите на земјата и транспарентен и конкурентен во меѓународни рамки. Надминувањето на рецидивите од минатото и имплементацијата на меѓународно признатите норми и стандарди е императив во развојот на високото образование во наредниот период. Само на тој начин, тоа во целост ќе ја остварува својата мисија на национално и на интернационално ниво.

Во минатото, државните универзитети беа тие кои ги задоволуваа потребите на пазарот на трудот за високообразовани кадри. Меѓутоа, процесите на глобализација во голема мера го нарушија тој однос. Денес, пазарот на трудот воспоставува нови релации и нови односи, надминувајќи ги тесните национални рамки, и го проширува својот опфат на интернационално рамниште. Поради динамиката што ја развива, пазарот на трудот има потреба од флексибилна и динамична образовна понуда која можат да ја задоволат само флексибилни и динамични образовни установи. Поради тоа, државните високообразовни установи мора да ја надминат својата инертност и нефлексибилност и мора да развиваат нова структура и организациска поставеност која ќе биде компатибилна со сеопштите промени на пазарот на трудот.

***Состојба:***

- *Во Република Македонија функционираат три државни универзитети: „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, „Св. Климент Охридски“ во Битола и Државниот Универзитет во Тетово.*
- *Покрај државните функционира и еден приватен универзитет - Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.*
- *Покрај овие четири универзитети, во Република Македонија започна и процесот на основање приватни високошколски установи, најчесто формирани како оддели на поразвиени универзитети од странство, кои се занимаваат со продукција на тесни профили од подрачјата на: информатиката, административниот менаџмент, хуманистичкото образование и сл.*

Внатрешните трансформациски процеси и процесите на глобализација, на планетарно ниво, силно се одразија во редизајнирањето на целокупната структура на општеството, со што се јави потребата од национална и интернационална соработка и компатибилност на системите, а со тоа и иновирање на улогата и структурата на високото образование, како значаен фактор во остварувањето на таа компатибилност.

Потребата од стратешки приод во трансформацијата на високото образование не претставува само импликација од промените што се случуваат на национално ниво, туку таа е импликација и од влијанието на т.н. надворешни, т.е. глобални, сеопшти фактори  на влијание кои го детерминираат високото образование и во другите земји во светот.

На 19 септември 2003 година Република Македонија стана рамноправен член на европското семејство на земји кои се обврзуваат да ги следат и реализираат  препораките од Болоњскиот процес и заедничката определба за креирање на единствен европски простор на високо образование.

Преземањето на обврските од Болоњскиот процес, од страна на државата, го става високото образование пред нови предизвици во неговата понатамошна трансформација. Покрај редовните настојувања за подигање на квалитетот на студиите и нивната ефикасност, високото образование се соочува и со обврските за сопствено структурно, организациско и програмско дизајнирање, кое ќе биде транспарентно, конкурентно, компатибилно и препознатливо на европскиот пазар на академски услуги и пошироко. Ваквата нова состојба значи доследно почитување на зацртаните одредби поставени во Болоњската декларација и нивно оживотворување.

Иницијативите за градење заеднички европски простор на високото образование ги ставаат високообразовните установи пред сопствено преиспитување и им даваат дополнителен импулс за вложување напори на нивниот пат за активно членство во семејството на европските универзитети и стекнување статус на респектабилни даватели на образовни услуги на широкиот европски академски пазар.

Како една од потписничките на Болоњската декларација, Република Македонија, а со тоа и Министерството за образование и наука, се обврза во првото десетлетие од 21 век да ја приспособи својата политика за да овозможи реализација на целите произлезени од Болоњскиот процес, а кои се од примарна важност за содавање европски простор на високо образование:

1. **Усвојување систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на додаток на дипломата (Диплома Супплемент)**, за да се овозможи проток на вработување на европските граѓани и меѓународна конкурентност на европскиот систем на високо образование.
2. **Усвојување на систем базиран на два главни циклуси - додипломски и постдипломски.** Пристапот кон другиот циклус е условен со успешно завршен прв циклус на студии кој мора да трае најмалку 3 години. Степенот постигнат по три години се смета за потребен степен на квалификација на европскиот пазар на трудот. Вториот циклус ќе води кон магистериум и/или докторат, како што е во многу европски земји.
3. В**оведување на систем на кредити**, како што е ЕКТС2, како погодно средство за промоција на најширока размена на студентите. Кредитите можат да се земаат и надвор од високошколското образование, вклучувајќи го и доживотното учење, под услов да ги признае универзитетот кој ги прифаќа студентите.
4. Промоција на мобилноста со надминување на пречките за слободно движење, особено на:

   *студентите:* да им се даде прилика за учење, да им се овозможи пристап до студиите и релевантните служби;

[2] Европски кредит трансфер систем

*наставниците, истражувачите и административниот персонал*: да им се признае и валоризира времето кое го минале во Европа на истражување, предавање или учење, без прејудицирање на нивните статутарни права.

5. **Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот** преку развивање на споредливи критериуми и методологија.
6. **Промоција на потребната европска димензија во високото образование**, особено во развојот на предметните програми, меѓуинституционалната соработка, шемите на мобилност и интегрираните студиски програми, обуката и истражувањето.

Реализацијата на овие цели, која треба да се изврши со целосно почитување на културните разлики, јазикот, националните системи на образование и автономијата на универзитетите, треба да овозможи изградба на европскиот простор на високо образование. Од аспект на високото образование во Република Македонија, тоа треба да резултира со:

- зголемена ефикасност во студирањето;
- мобилност на студентите и академскиот кадар;
- подобрен квалитет на образовниот процес;
- активна улога на студентите во обезбедувањето квалитет;
- зголемување на можноста за вработување на дипломираниот кадар на националниот и на европскиот пазар на трудот;
- засилена научно-истражувачка работа;
- осигурана конкурентност и компатибилност на европскиот и на светскиот академски пазар.

Во наредниот период, во согласност со својата одговорност, *Министерството за образование и наука, во соработка со универзитетите во земјата, ќе се обиде да создаде услови за непречено имплементирање на принципите и препораките произлезени од Болоњскиот процес* во високото образование во Република Македонија, преку реализација на следниве цели:

- *Структурно прилагодување на терцијалниот образовен систем на Болоњскиот процес.*
- *Усогласување на законската регулатива со принципите и препораките на Болоњскиот процес.*
- *Усогласување на нормативите и стандардите за високото образование.*
- *Градење на ефикасен систем на стипендирање кој ќе овозможи засилена образовна мобилност на студентите и на наставниците.*

- *Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот преку развивање на споредливи критериуми и методологија.*
- *Зајакнување на системот за екстерна евалвација на квалитетот во високото образование.*
- *Дефинирање и строго почитување на стандардите за основање и акредитација на приватна високообразовна установа.*
- *Развивање на ефикасен систем за финансирање во високото образование и алокација на финансиските ресурси.*
- *Подобрување на стратешките и менаџерските капацитети.*
- *Развивање на научни и технолошки стратегии.*
- *Транспарентно финансирање на научно-истражувачката дејност.*
- *Воспоставување на база за национални системи за иновации во високообразовниот сектор.*

**Промоција на културниот идентитет**

Глобалните интеграциски процеси и динамизирањето на мобилноста на преден план ги истакнуваат посебностите на културниот идентитет. Дел од тој идентитет е степенот на имплементација на демократските вредности и принципи на почитување на човековите права, толеранцијата, транспарентноста на културните вредности и квалитетот на социјалната кохезија.

Министерството за образование и наука ќе креира образование кое во својот фокус ќе го има поединецот, неговиот непречен развој, развојот на неговиот индивидуален и културен идентитет, дефиниран во амбиент на мултикултурно окружување и ситуиран во глобалниот национален и наднационален контекст.

Посебните цели и задачи на образованието ќе бидат насочени кон *негување и развој на индивидуалните карактеристики на личноста преку процесите на запознавање, разбирање и почитување на туѓите култури, на национално и интернационално рамниште, во функција на развојот на индивидуалитетот, неговите интереси, ставови и мотиви.* Овој процес треба да се издигне до степен на самообразовна активност на личноста, за индивидуалниот идентитет да биде во состојба да се ситуира себеси во светот на потесното и поширокото социјално и работно окружување.

Со оглед на меѓународната мобилност која ја нагласува значајноста на толеранцијата и културата на разбирање, од голема важност е да можеме прво да се разбереме себеси за да можеме потоа да ги разбереме и другите.

**Интеграција во Европската унија**

Функционирањето на Европската унија е длабоко втемелено врз продукцијата на знаења и знам-како способности. Предизвик за Република Маке-

донија и нејзината желба за членство во Унијата ќе биде сликата за тоа какви промени ќе изврши во образовниот систем, каква развојна политика ќе изгради во сферата на културата, како ќе ја дефинира и реализира политиката за млади, со кое темпо ќе се одвива развојот на информацискoто општество и структурната политика, особено ефикасноста на системот на финансирање.

Целите поставени од страна на Министерството за образование и наука за имплементација на промените во образованието во Република Македонија мора да бидат осигурени, а ефектите одржливи. Тоа подразбира соработка меѓу сите сектори на владата и сите релевантни субјекти во образованието на национален план и сите релевантни меѓународни тела и институции за образование и развој на меѓународен план.

- **Зајакнување на регионалната и европската соработка**

На својот пат за интеграција во глобалните процеси Република Македонија мора да ги интензивира европските, а уште повеќе и регионалните видови на соработка. *Балканската соработка во сферата на образованието, истражувањето и културата, со оглед на просторната блискост, малите јазични бариери, традиционалните поврзаности и меѓусебното влијание, ќе претставува значајна цел во наредниот период.* Иницијативите за развој на образованието во Република Македонија мора да подразберат и поблиски односи со соседите, особено на планот на размената на експертизи и знаења, мобилност на учениците/студентите; градење на студиските програми; воспоставување на регионални мрежи; заеднички научни истражувања и размена на добри примери од практиката. Притоа, развивањето на соседските односи и соработка не треба да ги маргинализира иницијативите за пошироко поврзување и соработка.

Успешноста и обемот на меѓународната соработка на државно, регионално и институционално ниво директно се условени, не само од компетентноста и спремноста да се влезе во тие процеси, туку и од спремноста да се почитуваат договорите, роковите и стандардите на квалитет што овој вид на соработка ги подразбира. Препознатливоста и атрактивноста на државата во процесите на потесната и пошироката регионална соработка во голема мера ќе зависат од нејзината моќ за исполнување на меѓународните обврски кои ги презела. Тоа подразбира доследно исполнување на преземените обврски од голем број на меѓународни документи, како што се на пример: Болоњската декларација, Образование за сите, Универзалната декларација за заштита на детските права и многу други каде нашата земја е членка или потписник. Во таа смисла, во наредниот период, *Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за имплементација на сите релевантни документи и договори од меѓународен карактер за кои презело обврски дека ќе ги реализира.*

## 8. УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИТЕ

*Заложбите за европска интеграција, забрзан економски, социјален и културен развој го ставаат Министерството за образование и наука пред значајни предизвици за промена на неговата институционална основа и засилување на неговите капацитети. Во наредниот период, раководењето со промените во образованието, во зависност од целите, ќе биде развиено во секторот и ќе биде поддржано со соодветна легислативна основа. Активностите на Министерството во наредниот период ќе бидат поставени според приоритетите и реалната моќ за нивна реализација.*

### *Цели:*

- **Зајакнување на капацитетите на Министерството за образование и наука**

Министерството за образование и наука е доследен реализатор на владината програма за развој фокусирана во секторот на неговото делување. Клучните фактори од кои зависи ефикасноста во работењето на Министерството се ситуирани во секторот на нормативната регулатива, управувањето со активностите засновано на целни исходи и водењето базирано на информации.

Интервенциите во сферата на образованието ќе бидат беспредметни и нема да вродат плод доколку не се следени со сеопфатна и прецизна нормативна регулатива. Во таа насока, МОН ќе преземе акции за *потесно поврзување на нормативната регулатива со Програмата за развој на образованието*. Притоа, квалитетот на законите мора да биде загарантиран.

Ќе се преземат мерки за *интензивирање на врските меѓу финансирањето, стратешките приоритети и управувањето со планираните промени*. Управувањето со промените мора да биде базирано на целните исходи. Целта е да се подигне ефикасноста во раководењето со промените преку поефикасно поставување на целите (целните исходи), мониторирањето, контролата и евалвацијата.

Транспарентноста и перманентното објавување на информациите ќе се искористи за поефикасно имплементирање на Националната програма за развој на образованието во Република Македонија.

Во наредниот период, *Министерството за образование и наука ќе инсталира професионални тела кои ќе бидат задолжени за спроведување на конкретните активности базирани на целни исходи* и ќе служат за квалитетно спроведување, мониторирање, контрола и евалвација на промените.

Ефикасноста и успешноста во спроведувањето на активностите во Министерството за образование и наука е во директна врска со квалитетот и стручноста на кадарот. Функционирањето на Министерството мора да ги почитува заемно договорените квалитети: експертиза, отвореност, соработка, ореинтираност кон иднината и одговорност. Во таа насока, *Министерството ќе спроведе активности за зајакнување на компетенциите на својот кадар и ќе се грижи за нивниот развој.*

Целта на Министерството во наредниот период ќе биде *да се зајакнат неговите секторски капацитети, преку постојани секторски експертизи, секторско истражување, следење и евалвација на нивната работа.* Еден од пратечките елементи од кои ќе зависи квалитетот на работењето на Министерството е постоење на ефикасен информациски систем и богата база на податоци, како меѓу секторите, така и меѓу Министерството и базата (давателите на образовни, културни и спортски услуги). Во тој поглед, ќе биде неопходно перманентно следење на реакциите и добивање на повратни реакции на образовните работници, учениците, студентите, граѓаните и сите засегнати странки и партнери, за текот на имплементацијата на Програмата за развој на образованието и севкупните активности на Министерството за образование.

- **Рекомпонирање на централните образовни институции**

Имајќи ја предвид постојната состојба на централните образовни институции, по завршувањето на процесот на децентрализацијата, а во функција на ефикасно управување со промените во сферата на образованието, како и во функција на зголемување на неговиот квалитет, МОН и Владата на Република Македонија ќе преземат мерки за етаблирање на следните образовни институции на државно ниво:

1. *Државен просветен инспекторат (ДПИ)*
2. *Државен испитен центар (ДИЦ)*
3. П*едагошки завод на РМ (ПЗ)* (сегашното Биро за развој на образованието)
4. *Центар за средно стручно образование (ЦССО)*

**Државниот просветен инспекторат (ДПИ)** ќе претставува централна образовна институција задолжена за почитување на законитоста во областа на образованието и систематска контрола на квалитетот на образовниот процес. Тоа подразбира институциско евалвирање на образовните институции, но и поединечна евалвација на наставниот и раководниот кадар во функција на обезбедување на квалитет и конкурентност.

За да ја оствари вака очекуваната мисија, во ДПИ ќе бидат ангажирани исклучиво истакнати поединци од правна и педагошка провиниенција. Нивното именување ќе се заснова исклучиво на постигнатите резултати во работата и врз основа на многу строги критериуми кои ќе ги имаат предвид успехот,

стажот и препораките од соодветни авторитети. Именувањето на државните советници ќе го врши соодветен државен орган.

Својата работа, а во функција на ефикасност и ефективност, ДПИ ќе ја реализира преку работата на повеќе секторски одделенија лоцирани на национално и локално ниво. Својата функција овие одделенија ќе ја остваруваат преку прецизно дефинирани индикатори со кои ќе се контролираат образовните институции. Овие индикатори целосно ќе кореспондираат со сличните индикатори во Европската унија. Контролата ќе ја спроведуваат тимови составени од државни советници за контрола на законската и нормативната сфера и државни советници за стручна контрола.

ДПИ својата редовна активност на теренот ќе ја остварува врз основа на интерно утврдена динамика, но и вонредно на повик на ПЗ (сегашното БРО) или ДИЦ, на повик на родителскиот совет во училиштата, на повик на локалните власти  и други заинтересирани лица кои ќе укажат на присутни неправилности или слаб квалитет во работата на конкретна образовна установа или поединец.

Ингеренциите на ДПИ во контрола на почитување на законитоста во високото образование ќе бидат уредени со посебен закон. Во поглед на контролата на квалитетот, ДПИ нема надлежности во високото образование. Таа функција целосно ќе потпадне во надлежност на Телото за  евалвација и акредитација и стручните служби на Министерството за образование и наука.

**Државниот испитен центар (ДИЦ)** ќе претставува професионално државно тело со правен субјективитет. Тој ќе ја спроведува периодична проверка на знаењата на учениците преку организирање на завршни испити по четврто и осмо одделение и преку полагањето на државната матура и завршен стручен испит во средното стручно образование. Овие типови на испити како заеднички именител ја имаат екстерноста, која ќе обезбеди постојана будност кај наставниот и раководниот кадар. Ова особено се однесува на директорите на училиштата кои преку самоевалвацијата ќе треба да ги оневозможат појавите на необјективно оценување, подарување на оценки на крајот на учебната година итн. Транспарентноста во објавувањето на резултатите во голема мера ќе ја зајакне одговорноста на сите чинители во образованието.

Главни атрибути на ДИЦ ќе бидат тајноста и објективноста. Исполнувањето на овие услови бара соодветни кадровски и технички претпоставки. Во ДЦИ ќе бидат ангажирани лица со високи персонални и стручни квалитети. Заради обемот и специфичноста на работите и потребата од тајност и безбедност, ќе се обезбедат и соодветни просторни и технички услови за работа. Тоа подразбира објект со посебен режим на заштита, мини печатница за печатење на верификуваните тестови на знаење, силна информатичка поддршка и др.

**Педагошкиот завод на РМ** (сегашното Биро за развој на образованието (БРО)) ќе претставува државно професионално тело со посебен правен субјективитет и ќе ги преземе надлежностите за развој и унапредување на образованието во државата. Во негова надлежност ќе бидат следните активности во предучилишното, основното и гимназиското образование:

- развој на наставните планови и програми;
- градење и одржување на стандардите на знаење и нормативите и стандардите за ефективно училиште;
- утврдување на концепциите за учебници и методологијата за нивно оценување;
- учество во оценувањето на соодветноста на учебниците и учебните помагала со целите и наставната програма;
- подготовка на програмата за професионален развој на наставниците,
- градење на програми за воннаставни и воспитни активности на младите во училиштата и училишните домови;
- зајакнување на педагошко-психолошката служба во училиштата, со јасно разграничување на ингеренциите на кадарот и нивно фокусирање во развојната сфера;
- пружање на стручна помош на училиштата во обезбедувањето квалитет соодветен на националните стандарди за квалитет;
- поддршка на проекти кои имаат за цел подобрување на квалитетот во образованието и се во согласност со државните приоритети;
- востановување на систем за хабилитација на наставниот кадар;
- соработка со невладиниот сектор;
- истражувачко - развојната компонента на образованието.

Ваквите обврски, пред Педагошкиот завод на РМ императивно ја наметнуваат потребата од негово екипирање. Во него ќе можат да работат исклучиво докажани педагошки работници кои професионално ќе ја извршуваат својата дејност. Составен дел од ПЗ (сегашното БРО) ќе претставуваат неговите подрачни единици кои ќе имаат статус на меѓуопштински центри за развој и обезбедување на квалитет во образованието.

**Центарот за средно стручно образование (ЦССО)** ќе ги преземе надлежностите за развој и унапредување на средното стручно образование и обезбедување на квалитет во истото. ЦССО ќе ги фокусира своите активности во зајакнување на вработливоста на младите и на возрасните и создавање на услови за нивна непречена работна и социјална инклузија. Полињата на кои тој ја објективизира својата дејност се средното и постсредното стручно обра-

зование и образованието на возрасните. Во рамките на своите надлежности ЦССО ќе ги реализира следниве активности:

- соработка со стопанството, бизнис секторот и невладиниот сектор;
- градење и одржување на стандардите на знаење и нормативите и стандардите за ефективно училиште;
- утврдување на концепциите за учебници и методологијата за нивно оценување;
- учество во оценувањето на соодветноста на учебниците и учебните помагала со целите и наставната програма;
- пружање на стручна помош на училиштата во обезбедувањето на квалитет соодветен на националните стандарди за квалитет;
- изработка на концепции за различните видови на средно и постсредно стручно образование;
- изработка на систем на стручни квалификации;
- изработка на стандарди за занимања;
- дефинирање на подрачјата на трудот, утврдување и предлагање на образовни профили за различни нивоа на стручни квалификации;
- развој и иновирање на наставни планови и програми за ССО и пружање стручна и советодавна помош за нивна имплементација;
- образование и обука на наставниците;
- утврдување на нормативите и стандардите за теоретска и практична настава;
- следење на пазарот на трудот и истражување на образовните потреби;
- професионално информирање и ориентација на младите;
- поддршка на проекти кои имаат за цел унапредување на квалитетот во образованието и се во согласност со државните приоритети;
- образование и обука (преквалификација и реквалификација) на млади и возрасни.

Со оглед на широкиот обем и карактер на активностите што ЦССО ќе ги реализира тој се афирмира себеси како Центар за професионален развој на млади и возрасни и претставува клучна врска меѓу образовните установи и пазарот на трудот. Од аспект на зголемувањето и одржувањето на работните компетенции на младите и возрасните, воспоставувањето на врска со пазарот на трудот и подигањето на компетентноста на работната сила во државата ЦССО ќе има исклучително значење.

* * *

*Програмата за развој на образованието во РМ претставува рамка според која ќе се реализираат активностите на Министерството за образование и наука до 2015 година.*

*Составен дел на оваа програма се програмите за: предучилишното и основното образование, средното и постсредното образование, високото образование, образованието на возрасните, ИКТ во образованието, финансирањето, легислативата и професионалниот развој.*

*Програмата за развој ќе се осовременува постојано, без оглед на политичката промена на власта. Програмата за развој на образованието ќе биде обврска за секој граѓанин на Република Македонија.*

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ >>>




Работна група:

Сузана Киранџиска, координатор
Љиљана Самарџиска - Панова
м-р Флорина Шеху
д-р Лена Дамовска
д-р Татјана Атанасовска

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

## 1 МИСИЈА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

*Мисијата на предучилишното воспитание и образование во Република Македонија е еднаков пристап и максимална опфатеност на децата од предучилишна возраст со најразлични форми и програми, дизајнирани според современите трендови и најновите научни сознанија од областа на детскиот развој.*

Потсистемот за предучилишно воспитание и образование претставува дел од глобалниот воспитно-образовен систем во Република Македонија чија основна дејност е воспитание и образование на децата од 8 месеци до поаѓање во училиште. Најновите сознанија од теоријата на развојот на мозокот зборуваат за огромната важност на раните години за развојот на човекот.

Со разните програми за деца од предучилишна возраст на секое дете треба да му се овозможат поволни услови за целокупен развој на неговите потенцијали. *Во наредниот период се залагаме за максимален опфат на децата од 3 до 6-годишна возраст* со цел да им се овозможат услови за подеднаков старт во основното училиште и функционално поврзување со следниот потсистем - основното образование. Потребно е да се обезбеди максимален опфат со различни форми на предучилишно воспитание на децата од ранливите групи (деца кои живеат во економски неразвиени подрачја, деца од социјално загрозени семејства, ромски деца, деца со пречки во психофизичкиот развој итн.).

## 2 СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Последните десетина години предучилишното воспитание и образование во најголемиот број земји во светот е издигнато на ниво на национален приоритет во рамките на глобалните воспитно-образовни системи.

Раниот пристап до некоја форма на предучилишно воспитание и образование и долгорочните ефекти на таа образовна партиципација оставаат белег на успехот во целокупното понатамошно школување на секоја индивидуа.

Исто така, покрај процесот на социјализација, што примарно го овозможуваат сите предучилишни програми, останува фактот дека децата чиешто образование започнало во раното детство имаат позитивен однос кон училиштето и мала е веројатноста дека тие предвреме ќе го напуштат школувањето. Раниот почеток на образованието дава можност за еднакви образовни можности и прескокнување на почетните препреки кои ги носи неповолната социјална и културна средина од која доаѓаат децата, се развива позитивна, активна, креативна и хумана личност која верува во себе и ги почитува другите.

Токму затоа во рамките на глобалниот воспитно-образовен систем, во најголемиот број земји на светот, предучилишното воспитание и образование добива подеднаков третман и значење со останатите потсистеми.

Во воспитно-образовната работа со децата сè е подредено на развојните можности и потреби на секое дете индивидуално. Во согласност со целите на воспитанието и образованието во воспитно-образовниот систем во Македонија и на развојните и возрасните можности на детето, националните курикулуми содржат глобални цели и задачи кои понатаму се операционализираат во зависност од конкретните потреби на детето, условите и потребите во локалната средина. Локалната средина треба да обезбеди услови за сигурен развој и учење за секое дете. Исто така, неопходно е да се почитуваат културните, јазичните и религиозните верувања на децата.

Во наредниот период во рамките на предучилишното воспитание и образование, покрај целодневниот престој на децата во градинката, на локално ниво би било добро да се промовираат **кратки форми на опфат,** во зависност од постојните потреби, можности и интереси во локалната средина. Овие форми на опфат би можеле да бидат *институционални, вонинституционални и алтернативни форми* на опфат на предучилишните деца. Ова е веќе и нормативно регулирано со Законот за измени и дополнувања на Законот за заштита на децата од 2004 година (член 20) и се однесува на децата од три до шест години од зафрлени или демографско загрозени „места“.

Тие би биле со различно времетраење и би се однесувале на различни аспекти од развојот на детската личност, или интегрално како модел на скратена програма за предучилишни деца, повторно, согласно со потребите на локалната средина.

Во зависност од локалните потреби и можности, градинката може да понуди автентични локални курикулуми и индивидуални програми кои се однесуваат на одредена категорија деца, со точно утврдени цели и задачи. Оваа

стратегија отвора перспективи и пристап за децата со посебни потреби, за особено талентираните деца, за ранливите групи деца и сите оние деца на кои им е потребна специфична помош и поддршка.

Локалната средина и конкретните услови во неа ќе диктираат кои од горе- споменатите форми на опфат на предучилишни деца може успешно да заживеат и да функционираат во општината.

Ваквата поставеност на системот на предучилишното воспитание и образование во помалите средини, во старт дава можност за зголемување на опфатот на предучилишните деца со некоја кратка форма на предучилишно воспитание и образование. Исто така, кратките форми на опфат нужно ќе ги промовираат мешаните возрасни групи како современа тенденција во методиката на предучилишното воспитание и образование.

Во рамките на предучилишното воспитание и образование, пренесувањето на надлежностите од централно на локално ниво треба да ја подигне свеста за максимално **искористување на постојните капацитети во локалната средина** за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност. Исто така, во рамките на одредени општини треба да се промовираат сите можности за поголем опфат на децата од предучилишна возраст не само во постојните капацитети, туку создавање услови за отворање и на други **институционални форми** (игрални, игротеки, едукација на родителите, на децата и родителите, на децата), **воninституционални** (патувачка градинка, сезонски форми на опфат и др.) или **алтернативни** форми на опфат на децата. Тоа би значело мобилизирање на локалните лидери, деловната заедница и можните партнери за развој.

Покрај постојните институции на системот, партнери треба да се бараат и во приватниот сектор, НВО секторот, кој преку најразлични проекти и денес е присутен во сите степени на образованието. Ова особено се однесува на предучилишното воспитание и образование (моделите на воспитно-образовна работа ,,Чекор по чекор", ,,Мозаик" и др.). Можноста за понуда на различни модели на воспитно-образовна работа, како и компензациски модели на работа со предучилишните деца, кај нас треба да се бара токму во невладиниот сектор.

Еден од главните фактори за успешно реализирање на која било програма наменета за предучилишните деца е **вклученоста на родителите во програмата.** Нивното присуство во програмата е претпоставка дека образовната поддршка на децата ќе продолжи и во родителскиот дом. Токму затоа соработката со родителите, нивното анимирање, особено во програмите за предучилишни деца, е еден главните фактори за успешно реализирање на секоја програма. Добар пример за тоа се сите компензациски програми, особено најстарата компензациска програма HEAD-START. Во неа родителите се

вклучуваат волонтерски, по сопствена желба, а понекогаш добиваат и финансиски средства. Ефектите од таквата соработка се забележителни, особено за децата чиишто родители волонтираат во програмата.

Во одредени модели за воспитно-образовна работа родителите учествуваат и во процесот на планирање и реализирање на некои од програмските содржини. Досегашните искуства од соработката со родителите е позитивна за детето, за родителот и генерално за успешното реализирање на самата програма.

Во националниот курикулум кај нас соработката со родителите, и покрај заложбите, како програмска задача често се реализирала само декларативно. Во таа насока треба да се направат суштински промени. Вклученоста на родителите во секојдневните активности е особено значајна за децата на кои им е потребна специфична поддршка и помош.

Иницијативата за ваквиот вид соработка треба да произлезе од детската градинка. За подигнување на педагошката култура на родителите на децата вклучени во градинката, но и на останатите деца од општината, градинката покрај веќе користените форми, може да организира и педагошко-психолошко советувалиште за родители.

## 3 ПРЕДИЗВИЦИ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Настанатите и тековните промени на општеството влијаат врз определувањето на предизвиците на предучилишното воспитание во Република Македонија доведувајќи и предизвикувајќи во континуитет нивно заемно делување и детерминираност. Денешната поставеност на предучилишното воспитание во целокупниот образовен систем на земјата, како и иновациите и реформите во областа на децентрализацијата на општеството наспроти современите светски трендови во предучилишното воспитание, нужно иницираат потреба од квалитативни и суштествени промени кои ќе можат успешно и целисходно да дадат одговори на поставените барања, потреби и услови. Зголемувањето на опфатот на сите деца со предучилишно воспитание претставува основен услов за подигнување на квалитетот и вертикална мобилност на генерациите во образовниот систем, како и кон заложбите за доживотно учење.

Со предучилишното воспитание и образование децата ги збогатуваат искуствата и систематски се подготвуваат за успешен старт во основното училиште. Покрај примарната социјализација, во детската градинка на предучилишните деца им се обезбедуваат услови за развој на нивните севкупни потенцијали и за стекнување на основните сознанија за светот што ги опкружува. Овој потсистем е особено важен за децата кои доаѓаат од депривирани културни и

социјални средини затоа што помага да се нивелираат стартните позиции на овие деца при поаѓањето во основното училиште. Многу научни истражувања во светот и кај нас укажуваат на тоа дека учениците кои претходно посетувале детска градинка покажуваат подобар успех во текот на натамошното школување.

Шансите за подоцнежно осипување од образовниот систем, исто така, се намалуваат. Поради тоа треба да се започне со подигање на свеста за значењето на предучилишното воспитание и образование не само во годината пред поаѓање на училиште, туку и со посериозен општествен третман на раниот детски развој кој би требало да се издигне како приоритет.

## Мрежа на предучилишно воспитание

Со предучилишното воспитание се опфаќаат деца од 7 до 8-месечна возраст до 6-годишна возраст, т.е. по завршувањето на предвидениот период на породилно отсуство на родителот до вклучување во прво одделение на основното образование.

Мрежата на предучилишно воспитание опфаќа 52 предучилишни работни организации со вкупно 180 објекти.

| Предучилишни организации | Година | Број |
|---|---|---|
| Вкупен број предучилишни организации | 2004 | 52 |
| Вкупен број на објекти при 52 ПО | 2004 | 180 |
| Вкупен проектиран капацитет (број на деца) | 2004 | 24 724 |
| Вкупен искористен капацитет (број на деца) | 2004 | 20 910 |

Непополнетиот капацитет во градинките е, главно, во градовите во внатрешноста на Републиката. Овој податок укажува дека постои можност за поголем опфат на децата до 6-годишна возраст со пополнување на веќе постоечкиот капацитет. Во постоечките објекти на градинките со кратки форми на опфат би можеле да се опфатат уште околу 6% од вкупниот број деца. За уште поголем опфат на децата од предучилишна возраст ќе биде потребно искористување или адаптирање на веќе постоечките објекти во локалната средина (домови на културата, пионерски домови, месни заедници итн.).

Предучилишните организации се концентрирани во градските населени места, а мошне ретко во поголеми селски населени места (само во три села). Затоа опфатот на предучилишните деца во селските региони досега се вршеше со забавишните групи при основните училишта само во годината пред поаѓање во основно училиште. Во иднина, доколку постои неискористен капацитет во некои основни училишта, таму би можеле да се опфаќаат и деца

од помала возраст. Опфатот на предучилишните деца во овие средини може да се зголеми со примена на други алтернативни форми на воспитно-образовна работа (патувачки градинки, вонинституционални форми и сл.).

## Опфат на децата со предучилишно воспитание

Во Македонија во 2004 година со предучилишното воспитание беа опфатени вкупно 36 177 деца до 7 години, или 20 517 во предучилишните организации и 15 660 во забавиштата при основните училишта. (табела бр. 1) Тоа претставува околу 20,43% од вкупниот број деца, 177 050 на возраст до 6 години.

Опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште во 2004 година изнесуваше 82,23%. *Во најголемиот број европски земји опфатот на децата во годината пред поаѓање на училиште е 99,9-100%.*

**Табела бр. 1.**
*Број на групи и деца опфатени во дејноста на предучилишното воспитание во 2004/2005.*

| Опфат на деца | Број на групи | Број на деца |
|---|---|---|
| Јасли | 282 | 2 707 |
| Градинки | 729 | 14 564 |
| Забавишта при градинки | 165 | 3 246 |
| Забавишта при ОУ | 847 | 15 660 |
| **ВКУПНО** | **2 023** | **36 177** |

*(Извор: МТСП и МОН октомври 2004)*

**Табела бр. 2.**
*Број на групи за деца од предучилишна возраст во забавиштата при основните училишта според јазикот на кој се изведува дејноста.*

| Јазик на реализирање на дејноста | Групи 2003/04 | Опфат на децата 2003/04 | % 2003/04 | Групи 2004/05 | Опфат на децата 2004/05 | % 2004/05 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| македонски | 521 | 9 154 | 62,62 | 556 | 9 667 | 61,73 |
| албански | 228 | 5 146 | 35,20 | 260 | 5 482 | 35,00 |
| турски | 15 | 244 | 1,68 | 26 | 433 | 2,74 |
| српски | 5 | 74 | 0,50 | 5 | 78 | 0,50 |
| **ВКУПНО** | **769** | **14 618** | **100** | **847** | **15 660** | **100** |

Во однос на опфатот на децата од предучилишна возраст во забавишните групи при основните училишта според јазикот на кој се изведува дејноста

може да се констатира дека во учебната 2004/2005 има зголемување на бројот на забавишните групи и бројот на децата, и тоа: на македонски јазик зголемување на групите за 35 и 513 деца; на албански јазик зголемување на групите за 32 и 336 деца; на турски јазик зголемување на групите за 11 и 189 деца. Една од причините за зголемување на бројот на групите и децата во забавишните групи при основните училишта се измените на Законот за основно образование („Службен весник на РМ", бр. 63/2004 год.) предвидувајќи задолжителен опфат на децата од шестгодишна возраст. Исто така, кон тоа придонес имаа и други законски измени од сферата на детската заштита и локалната самоуправа.

## Децентрализација

Децентрализацијата во предучилишното воспитание и образование генерално ќе значи постепено пренесување на надлежностите и ингеренциите од централно на локално ниво.

Поконкретно тоа значи пренесување на надлежностите во однос на одговорноста за основање детска градинка, пренесување на одговорноста за одржување на детските градинки, одговорност за делумно финансирање од локални буџети, создавање услови за влез на приватен капитал, создавање услови за креирање локален курикулум според потребите на сите заинтересирани субјекти, поголема слобода при вработувањето на стручен, административен, помошен и раководен кадар итн.

Исто така, на локално ниво треба да се создадат сите услови за правилен психофизички развој на сите деца кои не опфатени со некоја институционално организирана форма на опфат. Секоја општина треба да создаде поволни услови за организирање на вонинституционални и други алтернативни форми на опфат на предучилишните деца. Тоа ќе биде директно условено од конкретните потреби и можности на општината.

## Финансирање

Финансирањето на предучилишното воспитание и образование е во ингеренции на Министерството за труд и социјална политика и е регулирано со Законот за заштита на децата.

Финансирањето на предучилишното воспитание, т.е. предучилишните организации се предвидува во Програмата за заштита на децата и според неа за 2005 година се предвидени средства во износ од **718.351.000,00 денари (или 55,84%) за дејноста на детските градинки и детските одморалишта**.

Во однос на платите, наемнините и надоместоците Министерството за труд и социјална политика за 2005 година ќе одвојува 658.801.000,00 дена-

ри. Во стапката на доделени средства за предучилишното воспитание не се предвидени никакви средства за стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар, а 7% се предвидени за реконструкција и опремување.

## Демократија и законска регулатива

Во однос на законските измени и дополнувања од сферата на предучилишното воспитание потребно е да се обезбеди квалитетна и транспарентна демократизација, децентрализација и либерализација на предучилишното воспитание како интегрален дел на образовниот систем.

Исто така, потребно е надминување на поделеноста на ингеренциите помеѓу МТСП и МОН. Имено, финансирањето на дејноста на предучилишните установи е во надлежност на МТСП и се регулира со Законот за заштита на децата, а МОН е одговорно за програмите за воспитно-образовната работа и стручниот надзор на реализаторите на тие програми. Поради поделените ингеренции понекогаш се случува некоординираност меѓу двете министерства и разлики во однос на приоритетите за развојот и унапредувањето на предучилишното воспитание и образование.

## Програмска поставеност

Во сферата на предучилишното воспитание извршени се значајни иновации во програмската поставеност на предучилишното воспитание и образование. Како најзначајни се одвојуваат: ,,Чекор по чекор“ методички проект кој започна 1994 година и кој се реализира во сите предучилишни установи во вкупно 650 воспитно-образовни групи, ,,Инклузија на децата со посебни потреби“ кој започна во 1998 година, и ,,Граѓанско образование“, (Crighton J. (1996), Republic of Macedonia-Education Rehabilitation project identification, World Bank); Министерство за образование и физичка култура (1998) итн. Ефектите од проектите се вградени во новите програмски документи изготвени од Министерството за образование и наука, т.е. Бирото за развој на образованието.

## Европска интеграција

Трендовите кои водат до доближување до земјите од Европската унија се однесуваат на:

- максимално подобрување и приближување на квалитетот на предучилишното воспитание;
- зголемен опфат на децата од предучилишна возраст со акцент на децата од 3 до 6 години;

- зголемување на квалитетот на иницијалната обука на воспитувачите и стручните соработници;
- подобрување на целокупната опременост на градинките (мебел, дидактика, технички средства и сл.);
- отворање на градинките кон семејствата и локалната заедница;
- вклучување на децата со посебни образовни потреби;
- воспоставување систем за постојано професионално усовршување на кадарот;
- лиценцирање и сертифицирање и на воспитно-образовната установа и на воспитно-образовниот кадар.

## 4. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

### Децентрализација и либерализација

Во наредниот период одговорноста за главните образовни прашања ќе се зголеми на локално и на ниво на детските градинки, за сметка на концентрирањето на одговорностите на централно ниво. Така, прераспределбата на моќта и одговорноста од државно на локално ниво ќе биде фокусирана на:

- пренесување на одговорноста за основање на детски градинки; пренесување на одговорноста за делумно финансирање од локалните буџети и одржувањето на градинките од страна на самата установа и локалните авторитети;
- создавање услови за формирање на приватни градинки;
- пренесување на одговорноста за постојано следење и интерна контрола на квалитетот на воспитно-образовниот процес на градинката на родителските совети и локалните авторитети;
- давање поголема слобода на детската градинка при вработување на воспитувачите, административниот кадар, стручната служба и раководниот кадар, при што ќе има значајно учество на заинтересираните локални субјекти, особено родителите;
- создавање можности за изработка, печатење и дистрибуција на дидактички средства и помагала;
- пренесување на одговорноста за обуката на воспитувачите и раководниот кадар врз база на акредитирани програми за обука на воспитно-образовниот кадар;
- воспоставување неформални и вонинституционални облици како рамноправни форми на предучилишно образование;

- давање на обврската за предучилишно образование на училиштата во руралните области каде што нема градинки (ран детски развој, обука на родителите, кратки форми, мешани групи);
- искористување и адаптација на други објекти во локалната средина.

Во овие услови државата ќе ги има ингеренциите и одговорноста за: легислативата; делумното финансирање; екстерната контрола на квалитетот на работата на детските градинки; изработката на стандардите, односно индикаторите за ефективна детска градинка; акредитација на програмите за обука на воспитно-образовниот и раководниот кадар; лиценцирањето на компетенциите, дејноста и звањата на воспитувачите и директорите; утврдувањето на државниот курикулум кој мора да го почитува секоја детска градинка; јавното финансирање.

Детските градинки треба да ги засилат своите активности за поголемо и поефикасно влијание во своето потесно и пошироко социјално опкружување.

## Принцип на квалитет

Заедничка заложба на стручните институции, организации и здруженија во нашата држава и натаму ќе биде квалитетно предучилишно воспитание и образование за сите. Потребно е да се работи на подигнување и одржување на квалитетно и ефикасно предучилишно воспитание и образование што подразбира:

1. квалитетни програми за воспитно-образовна работа;
2. ефикасна и квалитетна реализација на воспитно-образовните програми во групите со предучилишни деца;
3. обезбедување оптимални услови за реализација на воспитно-образовната работа;
4. подобрување на иницијалната едукација на воспитно-образовниот кадар;
5. постојано и квалитетно стручно усовршување на постојниот воспитно-образовен кадар;
6. изготвување стандарди и индикатори за: предучилишното воспитание и образование за децата од секоја развојна возраст, за ефикасен воспитувач и за ефективна детска градинка.

## Принцип на граѓанска одговорност

Детето во воспитната група е во центарот на вниманието, се почитува како личност и се вклучува како субјект во воспитно-образовниот процес.

Почитувањето на другиот е основа на демократските односи во воспитно-образовниот процес. Почитувањето на личноста на детето подразбира самопочитување на воспитувачот и почитување на другите луѓе и разбирање и почитување на развојниот факт дека детето станува личност врз основа на тоа што другите (родителите, воспитувачите) го сметаат за таков и постапуваат согласно со тоа.

Почитувајќи го принципот на демократичност, воспитувачот ќе му дозволи на детето да избира различни активности. Воспитувачот треба да планира разновидни активности, да користи различни методи на работа, со нагласка на методите на активно учење. Неопходна е и флексибилност во просторната и часовната организација на живеењето и работата во групата.

Преку различните организирани и животни ситуации детето среќава и добива непосредни различни животни искуства, а не е само подучувано. Тоа учи низ животот и за животот.

## Принцип на еднаквост/рамноправност

Потребно е обезбедување еднакви услови за оптимален развој на секое дете од предучилишна возраст. Исто така, потребно е широко и флексибилно создавање услови за вклучување на децата со посебни потреби во редовните групи и индивидуализација во планирањето и реализирањето на воспитно-образовната работа.

Треба да се почитуваат половите разлики, социјалното и културното потекло. Исто така, при изборот на активностите, средствата и материјалите треба да се почитува различноста и мултикултурализмот, што на децата им овозможува негување на сопствениот идентитет и стекнување искуства и знаења за различноста на луѓето и културите.

## Принцип на транспарентност

За да се обезбеди развој на детето во контекстот на животот, треба да се обезбеди воспитно-образовниот процес да биде отворен кон сите институции во кои детето живее, се развива и комуницира. Почитувајќи го семејството како прв воспитен фактор, тој треба примарно да биде отворен кон него, како и кон околината воопшто со сите свои специфичности.

Во услови на децентрализација, од друга страна, детската градинка ќе воспостави активна соработка со сите локални субјекти и со своите активности ќе учествува во подигнување на атрактивноста и угледот на општината.

Голем придонес во однос на оваа проблематика имаше започнувањето и реализацијата на проектот ,,Чекор по чекор“ и тоа преку: едукацијата на стручните соработници, воспитувачите и директорите, издавањето на стручна

литература и материјали, ангажирањето на родителите како асистенти на воспитувачите (вклучувајќи ја тука и нивната обука, што подоцна го ширеа и на останатите родители). Ефектите од проектот на ова поле се вградени и во новите концепциски и програмски документи на национално ниво.

Останува во наставните програми на педагошките факултети и Институтот за педагогија да се вгради посебен предмет кој ќе се однесува на соработката со родителите.

### Принцип на интегративност

Во своите активности детето учествува со сите аспекти на сопствената личност. Тоа го набљудува светот во неговата целина, што императивно ја наметнува потребата од воспитно-образовно дејствување врз целокупноста на неговата личност, а не само врз поединечните развојни аспекти. Во функција на тоа, програмите за воспитно-образовната работа и нивната реализација ќе се потпираат на интегрираност на целите и содржините.

За поголема ефикасност на воспитанието и образованието кај нас, неопходно е посилно поврзување на предучилишното и основното воспитание и образование на сите нивоа: програмска поврзаност, соработка на воспитувачкиот и наставничкиот кадар, размена на службени информации и користење на досието на детето во име на перманентно и објективно следење на развојот и постигањата на секое дете при преминот во основното училиште.

## КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА ЗА ИНТЕРВЕНЦИЈА, ИНСТРУМЕНТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Согласно заложбите за обезбедување образовна рамноправност на сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба и социјална и финансиска положба, во рамките на предучилишното воспитание и образование треба:

- Да се идентификуваат факторите кои предизвикуваат образовна апстиненција на предучилишните деца и обезбедување услови за максимално зголемување на опфатот на децата од помалите возрасни групи (од три до пет години). *Бруто опфатот на децата во предучилишното воспитание во РМ - 20,43%. Ова се однесува, главно, на децата од две до пет години.* (Извор: ДЗС, 2002).
- Да се создадат подеднакви услови за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес во детските градинки, без разлика на

местоположбата на градинката (развиени - неразвиени општини; урбани - рурални средини).

- Да се направи максимален напор за зголемување на бројот на предучилишните деца во градинките кои се наоѓаат во помалку развиени средини *(се однесува подеднакво на сиромашните градски, на селските и на ромските населби).*
- Да се обезбеди соодветна логистика: адекватност на инфраструктурата, расположивост со соодветен кадар, физичка достапност до градинката, особено во руралните средини (с*е однесува на средините каде што ова е воопшто возможно).*
- Да се подобри квалитетот на воспитно-образовниот кадар -воспитувачите, истовремено обезбедувајќи одредени бенефиции за сите воспитувачи кои би прифатиле работа во неразвиени или помалку развиени подрачја. *Најголемиот број вработени во градинките се со средно образование. Исто така, како се намалува возраста на децата така се намалува и степенот на образованието на кадарот. (Тоа се однесува на воспитно-образовниот кадар кој работи со деца од 8 до 24 месеци). Потребно е да се зголеми застапеноста на стручните соработници (музички, ликовен педагог и други стручни соработници, бидејќи нивниот број е незначителен).*
- Да се обезбедат услови за инклузија на децата со посебни потреби во постојните детски градинки (обезбедување стручен тим, адекватна просторна и временска организација на воспитно-образовниот процес).

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ РАСТ И УЧЕЊЕТО

## Промоција на ефективна воспитно-образовна установа

Промовирањето на ефективна воспитно-образовна установа треба да започне уште од предучилишните воспитно-образовни установи. Потребно е секоја воспитно-образовна установа да се залага да ги достигне и да ги реализира карактеристиките на ефективна воспитно-образовна установа. Поради тоа секоја воспитно-образовна установа треба да создаде:

- **Мисија**, цели, споделени вредности и верувања и одговорност на целиот колектив за успех на нивната воспитно-образовна установа.
- **Позитивна клима која придонесува за учење -** стимулативна средина за учење, можности за активно учење, одговорност, позитивно однесување, вклученост на семејствата и локалната заедница.
- **Високи очекувања за сите -** како во однос на барањата кои се поставуваат пред децата, така и во барањата за воспитно-образовниот кадар,

колегијалност, постојано професионално усовршување и доживотно учење, спремност да се преземат ризици, постојана процена на детскиот развој.

## Унапредување на воспитно-образовната работа

Квалитетна воспитно-образовна установа не може да се замисли без квалитетен и одговорен воспитно-образовен  и раководен кадар. Само со цврста верба во постојано подобрување на својата работа, спремност за прифаќање ризици и промени, постојано истражување и прифаќање нови методи кои се покажале успешни во практиката, тимска работа, отвореност и излегување во пресрет на потребите на корисниците, отвореност за соработка и отвореност кон поблиската и поширокката заедница може да се дојде до унапредување на воспитно-образовната работа.

Кадарот кој работи со децата од предучилишна возраст мора да биде стручно оспособен за задачите кои ги извршува. Тој, исто така, мора постојано да се усовршува и оспособува за нови содржини и методи за работа со децата. Воспитно-образовниот кадар во предучилишните организации, основните училишта, како и оние стручни лица кои практикуваат други форми на опфат на децата од предучилишна возраст мора да бидат водени од следниве начела:

*Одговорност* -- што подразбира постојана обврска на децата да им се создадат најдобри можни услови за нивниот целокупен развој.

*Квалитет* - постојан стремеж да се подобруваат условите за учење и развој на децата.

*Иницијативност* - како особина која заедно со креативноста и желбата за внесување иновации треба да бидат постојани двигатели кон подобрување на воспитно-образовната работа, при што постојат можности за максимално искористување на креативните потенцијали на секој поединец.

Освен овие карактеристики, кои се предуслов за унапредување на воспитно-образовната работа, потребно е да се воспостави и систем на постојано следење и вреднување на работата на воспитно-образовните установи и тоа преку: самоевалвација, супервизија и екстерна евалвација.

Досегашната поделеност на ингеренциите за предучилишното воспитание и образование меѓу Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование оставаше простор за занемарување на квалитетот. Со воспоставување систем за постојано следење ќе се воспостават услови за постојано унапредување на воспитно-образовната установа.

## Зајакнување на системот за иницијална обука и професионално усовршување на наставниот и раководниот кадар

Плановите и програмите на факултетите  кои подготвуваат воспитно-образовен кадар не ги исполнуваат во целост барањата на современиот систем на воспитание и образование. Освен со ретки исклучоци,  образованието на воспитно-образовниот кадар е засновано на традиционалната педагошка практика. Поради тоа потребна е промена на наставните планови и програми на овие факултети и методите на работа кои се применуваат при реализацијата на овие планови и програми.

Процентот на практична работа на студентите значително е помал во однос на практичната работа на студентите во развиените  земји во Европа и светот каде процентот на практична работа достигнува и 50%. Потребно е многу поголемо поврзување на овие високообразовни институции со предучилишните установи особено во последната година на студиите (процентот на практична работа во некои земји во последната година на студиите изнесува и 70%).

По стекнувањето универзитетска диплома, пред да се вработи, секој воспитувач би требало задолжително да помине една година низ фаза на стажирање или воведување во работата.

Постојаното професионално усовршување  на воспитно-образовниот и раководниот кадар мора да биде сфатено како процес кој за своја крајна цел има подобрување на воспитанието и образованието за сите деца. Еднаш стекнатата диплома не смее да биде гаранција за постојано вработување, туку потребно е проширување на еднаш стекнатите знаења со нови искуства и информации кои  ќе помогнат во развивањето квалитетен пристап и сфаќање на воспитно-образовната практика. Поради тоа потребно е:

- постојаното професионално усовршување  да стане интегрален дел на системот на образованието во Република Македонија;
- да се искористат добрите модели кои во изминатиот период беа спроведувани од повеќе меѓународни и домашни организации, како и пишаните материјали кои беа развиени во текот на тие обуки;
- дефинирање на обврските на воспитно-образовниот и раководниот кадар во поглед на постојаното стручно усовршување (минимален и максимален број часови обука);
- воспоставување систем на акредитација на програми и установи кои ќе обезбедуваат обука;
- воспоставување процес на сертификација и ресертификација на воспитно-образовниот и раководниот кадар;
- воспоставување мрежа на тренинг центри каде би се вршела обуката на воспитно-образовниот и раководниот кадар;

- воспоставување процес на лиценцирање на воспитно-образовниот кадар.

## Обезбедување и контрола на квалитетот

Сите земји кои водат грижа за квалитетот на воспитно-образовната работа, во својот систем на образование имаат воведено стандарди во кои јасно се дефинираат очекувањата во поглед на квалитетот на образовните услуги: квалитетот на воспитно-образовната установа, стандарди за изведување ефикасна и квалитетна воспитно-образовна програма, стандарди за воспитно-образовниот кадар и стандарди во однос на постигањата на децата.

Потребно е да се создадат системски услови за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната практика со воведување стандарди за реализација на воспитно-образовната програма дополнително дефинирани со специфични индикатори/показатели со кои ќе може да се провери квалитетот на воспитно-образовната работа. Секоја државна или приватна установа која ќе се занимава со изведување воспитно-образовна практика со деца од предучилишна возраст, би морала да исполни стандарди на програмата кои ќе се однесуваат на:

- планирањето кое ќе поаѓа од развојните карактеристики и интереси на децата;
- односот меѓу воспитувачот и децата;
- соработката со семејството и со локалната заедница;
- применувањето активни методи кои одговараат на децата;
- стимулативна средина за учење;
- здравје и сигурност.

Стандардите за воспитно-образовниот кадар треба да се воспостават со цел на воспитно-образовниот кадар да му се дадат квалитетни насоки за реализирање на секојдневната практика. Стандардите треба да ги покријат следниве области:

- Индивидуализација;
- Средина за учење;
- Учество на семејството;
- Стратегии за стекнување трајни и применливи знаења;
- Планирање и процена;
- Постојан професионален развој;
- Социјална инклузија.

Постоењето на вакви стандарди е предуслов за изведување евалвација на воспитно-образовната практика. Евалвацијата може да се изврши на неколку нивоа:

- самиот воспитно-образовен кадар може да врши самоевалвација на својата работа;
- евалвација на воспитно-образовната установа;
- надворешна евалвација.

Треба да се создадат методи на лиценцирање и сертифицирање и на воспитно-образовната установа и на воспитно-образовниот кадар.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА

### Активно граѓанство

Генералниот правец на развој на општеството во Република Македонија е во насока на изградба на здраво граѓанско општество кое се заснова и функционира на принципите на демократијата. Потврда за овој правец на движење се бројните општествени иницијативи, проекти, законски решенија кои претставуваат обид општеството да се устрои по примерот на развиените демократии.

Промовирањето на граѓанското општество, но и неговото практицирање отпочнува уште во предучилишниот систем на воспитание и образование со што во голема мера се следат европските и светските трендови во овој поглед. Предучилишниот систем носејќи се со делот од својата одговорност во поглед на изградба на демократијата и граѓанското општество и по начинот на кој функционира со законска можност неговите врати да бидат отворени за соработка со сите релевантни фактори кои на одреден начин практицираат активна граѓанска иницијатива, но и според други индикатори има голем успех во поглед на воспитувањето на децата во духот на активното граѓанство и изградбата на демократска свест.

Во делот на активностите кои го промовираат активното граѓанство и придонесуваат за изградба на граѓанската свест е и реализацијата на проектот насловен како: „Граѓанско образование - пат кон граѓанско општество“ кој од учебната 2000/2001 година почна да се реализира во рамките на предучилишното воспитание и образование. Со него се опфатени големите и забавишните групи при детските градинки и воспитните групи со полудневен престој во основните училишта. Преку реализацијата на четирите концепти, всушност, се реализираат цели кои се однесуваат на поставувањето на основите на граѓанската свест кај малите деца. За таа цел е подготвена и соодветна стручна литература, работен материјал и за децата и

за воспитувачите. По изминати неколку години од имплементацијата на овој проект од страна на неговите носители: ЦРС и Бирото за развој на образованието, констатирано е дека целите се реализираат на задоволително ниво, со забелешка дека извесни слабости се забележани во делот на развојот на интерактивните способности што е еден индикатор кој треба сериозно да се земе предвид. Концептите кои се дел од оваа програма децата ги упатуваат кон определени општочовечки вредности, ги воведуваат во различноста и потребата од нејзино почитување, како и запознавањето на нивните права, но и обврски.

Во поглед на иницијалната обука на воспитувачкиот кадар за реализација на предвидените концепти може да се каже дека на Педагошкиот факултет во Битола постои посебен предмет насловен како *граѓанско образование со методика* што претставува директно покривање на воспитно - образовната работа со теоретска и методска подготовка на воспитувачкиот кадар. На останатите високообразовни институции кои подготвуваат воспитувачки кадар не постои вакво решение, туку оспособувањето на кадарот останува во доменот на другите методски подрачја и теоретски поставки на оваа проблематика.

## *Перспективи и планирања*

Концептите кои досега беа дел од практичната работа и понатаму остануваат дел од неа, со тоа што се остава можност за примена и на други пристапи во непосредната реализација на она што значи граѓанска свест. Посебно внимание ќе треба да се посвети на надминувањето на забележаните слабости во поглед на недоволниот степен на развивање на способностите за соработка, толеранција, почитување на мислењето на другиот и сл. Во овој поглед би било значајно да се изнајдат форми на стручно усовршување на воспитувачкиот кадар преку кои би се истражувале методски пристапи во јакнењето на оваа компонента од работата.

Во рамките на иницијалното образование на наставничкиот кадар неопходно е да се посвети поголемо внимание на внесувањето повеќе содржини во програмата кои ги третираат проблемите на мирот, човековите права, правата на детето, културните разлики помеѓу децата, интеркултурноста, мултикултурноста. Ова треба да биде проследено со соодветна методска подготовка, практична подготовка која на воспитувачите ќе им биде од најголема корист.

Врз основа на изнесеното во периодот кој претстои треба:

- да се формираат партнерски односи и релации меѓу локалната самоуправа, МОН, БРО НВО заради координирани акции во областа на

граѓанското образование во предучилишниот систем;

- да се реализираат програмските документи во кои се вградени цели и содржини од граѓанското образование.

## Создавање услови за доброволни активности

Волонтерството како облик на општествена партиципација на луѓето во Република Македонија, за жал, нема традиција и нема масовен облик како што тоа е случај во земјите со богата демократска традиција. Оваа констатација важи и за неговата присутност во рамките на системот на предучилишното воспитание и образование, иако тој нуди реални можности волонтерството да стане дел од неговата секојдневна работа.

### *Перспективи и планирања*

Периодот кој следи треба да биде посветен на пристапување кон практична реализација на законските можности за спроведување на волонтерски активности во институциите на предучилишниот систем на воспитание и образование. Законското покритие на ваквите активности е обезбедено со донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата со што е предвидено да се овозможи влез на овој вид на активности кои би биле реализирани од страна на стручни лица. Едновремено ова значи дека во овие институции законски е овозможено во унапредувањето на воспитно-образовната работа учество да можат да земат луѓе кои порано работеле како воспитувачи, тоа можат да го прават студенти кои покрај обврската за редовно извршување на практичниот дел од наставата во рамките на овие институции со пристапувањето кон новите трендови на студирање по кредит трансфер системот може на доброволна основа да спроведуваат активности во нив. Исто така, како волонтери би можеле да се вклучат лица со статус на приправници, како и лица кои сакаат да стекнат практично искуство во оваа струка, а, всушност, се невработени. Уште позначајно е и тоа што во улога на волонтери можат да се јават и родители кои на различен начин можат да се вклучат во збогатувањето на работата на институциите. Во рамките на активностите на Министерството за труд и социјална политика е усвоена и Програма за развој и остварување на заштитата на децата во која, исто така, е наведено дека за постигнување на оваа цел ќе се преземат програмски активности кои претполагаат искористување на сите можни средства и форми вклучувајќи го и волонтерството во рамките на соработката меѓу невладините организации, правните и физичките лица. На овој начин се планира да се реализира едниот аспект на волонтерството кој значи отворање на овие институции кон општествените текови, при што корист

имаат и предучилишниот систем, но и општеството. Во периодот кој следи се планира да се донесе законска регулатива со помош на која ќе се регулираат граѓанските активности, со што ќе се спречи можноста од манипулации и можни злоупотреби кои се возможни при практицирање на ваков вид активности. Ова посебно е важно заради фактот што сите овие иницијативи треба да доаѓаат од страна на локалната самоуправа која со помош на оваа регулатива ќе обезбеди заштита и квалитет. За да се обезбеди активирање на волонтерите во секојдневната активност на детската градинка, потребно е усогласување на законските акти на министерствата надлежни за реализирање на одделни аспекти на работата на градинката.

За реализација на кажаното ќе биде неопходно:

- постигнување на поголема опфатеност во системот на предучилишното воспитание и образование на што поголем број деца преку развој и дисперзија на програмски активности кои доаѓаат од страна на НВО секторот во смисла на организирање на едукативни програмски активности; заживување на неформалните облици на понуди за децата, за родителите; скратени форми на опфат во рамките на основните училишта; форсирање на вонинституционалните облици на едукативни активности;
- да се пристапи кон организирање на систем кој ќе ги опфаќа волонтерските активности проследено со законска регулатива;
- отворање на институциите на предучилишниот систем за волонтерски активности во нив заради подобрување на квалитетот на нивната воспитно-образовна работа.

## Спречување на ексклузијата

### *Состојби и процеси*

Проблемот со образовната ексклузија на децата со посебни потреби е сериозен предизвик за сите општества, вклучувајќи го и нашето. Целокупното решавање на проблемот со социјалната ексклузија на одредена категорија луѓе во едно општество, како и поставувањето на основите на социјалната партиципација од активен карактер кај поголем дел од населението треба да се отпочне уште во предучилишниот систем на воспитание. Обезбедувањето образовна инклузија на децата со посебни потреби во рамките на системот на предучилишното воспитание и образование е една од приоритените цели на предучилишниот воспитно-образовниот систем. Во македонскиот модел на инклузивно образование под деца со посебни потреби се подразбираат: деца со пречки во психичкиот развој; слепи и слабовидни; глуви и наглуви деца; деца со пречки во говорот;

со телесна инвалидност; хронично болни; со пречки во поведението; со тешкотии во учењето; со емоционални проблеми; без родители; од семејства со нарушени семејни односи; од културно-депримирани семејства; деца кои не го познаваат јазикот на кој се изведува воспитно-образовната работа; деца на бегалци и раселени лица и надарени деца.

Во рамките на предучилишниот систем инклузијата на овие групи деца има своја нормативна поставеност во измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата. За оваа намена предвидено е со нив да работат стручно оспособени лица, со што се обезбедува квалитет во работата. Исто така, законска основа е дадена и во поглед на рушењето на бариерата во поглед на јазикот со тоа што со закон е гарантирано правото на припадниците од другите етнички заедници, кои се застапени во значителен процент, на кои македонскиот не им е мајчин јазик воспитно-образовната работа да ја следат на својот мајчин јазик.

## *Перспективи и планирања*

Со оглед на фактот што веќе имаме позитивна практика во нашиот воспитно-образовен систем во поглед на вклучувањето на децата со посебни потреби и имаме конкретни позитивни искуства, во иднина ќе треба да се работи на надминување на пројавените слабости, како и унапредувањето на практиката. Со трендот за задолжително посетување на годината пред поаѓање во училиште голем дел од оваа група на деца со посебни потреби ќе бидат вклучени во редовниот систем на воспитание и образование. Активностите во иднина ќе треба да бидат насочени кон поголемо и порано вклучување на децата (до петтата година на животот) и кон подигнувањето на свеста на родителите за потребата од опфат на оваа категорија на деца. Посебно ќе треба да се работи со родителите на децата од етничките заедници, од руралните средини каде сè уште во голем процент од нив нема никаква форма на опфат за предучилишните деца воопшто. Законските можности кои ги дава Законот за локална самоуправа ја налагаат потребата од помагање од страна на Министерството за образование и наука, како и од Бирото за развој на образованието на локалните власти во делот на стручната подготовка на програмските активности кои ќе ги планира локалната власт преку своите стручни тела. Локалната самоуправа ќе треба да изнајде начин да ја прошири и да ја развие мрежата на институциите во кои ќе се прифаќаат децата од предучилишна возраст, со искористување на сите расположливи капацитети, со цел што поголем процент од предучилишните деца да се вклучат во системот на предучилишното воспитание и образование. Со ова ќе се овозможи и поголем пристап на децата со посебни потреби, кои на овој начин ќе добијат соодветна помош и поддршка, максимално можен развој

на нивните потенцијали, така што кај нив ќе се создаде чувство на целосна вклученост во општественото живеење, наместо чувството на отфрленост и занемареност. Секако дека соработката со стручните институции и лица од Министерството за здравство ќе треба да биде приоритет со цел да се обезбеди навремена идентификација и ран третман на овие деца.

Со вклучување на овие деца во системот на предучилишното воспитание и образование, другите деца ќе се навикнуваат да ги прифатат овие деца онакви какви што се, ќе се научат да им помагаат, но и да соработуваат со нив и да бидат толерантни. Тоа ќе придонесе подоцна како возрасни граѓани да не настапуваат кон оваа категорија на луѓе со недоверба и предрасуди и правилно да ги воспитуваат своите деца. За оваа цел ќе треба до максимум да се искористат можностите кои ги дава волонтерското ангажирање, невладиниот сектор, поддршката од родителите, стручните лица и институциите кои ќе помогнат во реализацијата на квалитетни програми, но и различни облици на опфат на предучилишните деца кои имаат посебни образовни потреби.

Во новите програмски документи за предучилишно воспитание и образование вградени се позитивните ефекти од проектот ,,Инклузивно образование". Заедничката акција на предучилишните институции, невладиниот сектор, стручните служби кои се занимаваат со третман на одделен вид на посебни потреби кај децата, како и креирањето на цврсто родителско лоби, се активностите кои ќе овозможат да се пристапи кон ширење на оваа образовна иницијатива. На овој начин ќе се постигне саканиот опфат, ќе се подготвуваат квалитетни програми за работа, ќе се едуцираат родителите, ќе се ангажираат сите расположливи фактори со што ќе се заштедат средства и ќе се подигне нивото на свест за потребата од систематско воспитание и образование на овие деца уште од предучилишниот период. Децата ќе ја јакнат својата самодоверба и ќе се ослободат од бројните негативни чувства кои ги спречуваат понатаму во животот да станат активни членови во општествениот живот.

Се разбира дека сето ова треба да биде проследено со вклучување на воспитувачкиот кадар во системот на стручното усовршување кој методски ќе ги оспособи за изведување на активности со овие деца. За ова постои потврда од страна на Бирото за развој на образованието кое ги следи досегашните проектни активности од каде доаѓаат сознанија дека кај воспитувачите веќе ги нема првичните негативни ставови во однос на оваа практика и дека голем дел од нив би се вклучиле во нив доколку бидат соодветно стручно оспособени. Покрај ова треба да се размислува и за внесување на одредени промени во иницијалното образование на наставничкиот кадар со тоа што во текот на истото би се внеле содржини,

но и практична обука која би им ги доближила специфичностите на овој вид работа.

Од посебна важност е зголемувањето на опфатот на децата кои се во категоријата на деца со посебни потреби на кои македонскиот не им е мајчин јазик со цел да им се обезбеди еднаков старт во процесот на воспитанието, односно кога ќе влезат во задолжителното образование да не ги чувствуваат негативните последици поради непознавањето на македонскиот јазик. Различните образовни програми со различно времетраење кои ќе се проектираат за средините во кои нема предучилишни установи, а во кои има деца од предучилишна возраст од редот на националностите е уште една приоритетна задача која треба да ја реализираат стручните тимови од локалната самоуправа со помош на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, родителите, НВО секторот и сите други лица и институции кои можат да дадат свој придонес во ова.

За овие цели потребно е да се искористат законските можности за организирање на некоја форма на опфат со различно времетраење и интензитет, во објекти кои би се прилагодиле за намената, но и можноста за организирање на таканаречени вонинституционални активности кои се организираат од страна на детската градинка и се изведуваат од страна на воспитувачите и други стручни лица.

Активностите во следниот период треба да се фокусираат на:

- дисперзија на формите на опфат до што поголем број деца во различни средини заради опфат на деца од различна верска и етничка припадност;
- пропагандни активности заради подигање на свеста од потребата за опфаќање на децата со посебни потреби во системот на редовното предучилишно воспитание и образование;
- систематска работа со родителите на децата со посебни потреби преку изградба на систем за нивна едукација;
- премин од проектни кон активности кои би биле интегрален дел од работата на редовниот систем на предучилишно воспитание и образование;
- стручно оспособување на воспитувачкиот кадар за работа со децата со посебни потреби на ниво на иницијално образование, како и стручно усовршување на истиот;
- развивање на систематска соработка меѓу институциите на предучилишниот систем и стручните институции кои пружаат помош во работата со децата со посебни потреби заради нивно навремено откривање и пружање на стручна помош;

- развој на различни форми и програми на опфат кои ќе соодветствуваат на различните потреби на децата со посебни потреби.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ИКТ ВО РАМКИТЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИОТ СИСТЕМ

### *Состојби и процеси*

Одржувањето чекор со светските трендови ја налага потребата средствата на ИКТ да почнат да се користат уште во предучилишниот период, со цел да не се изгубат драгоцените можности кои ги нуди овој период од развојот на човекот.

Во нашата држава опременоста на предучилишните институции со средствата на ИКТ е на минимално ниво. Ова значи дека во овие институции ја нема можноста тие да се користат во процесот на воспитание и образование. Теоретските основи во предучилишната педагогија укажуваат на можноста и потребата од воведување на средствата на ИКТ во рамките на предучилишниот систем и како средства за технолошка поддршка на воспитно-образовната работа, но и како предмет на проучување на начинот на нивно функционирање. Она што во извесна мера недостасува е методското оспособување на веќе вработениот воспитувачки кадар за нивно користење во воспитно-образовниот процес.

### *Перспективи и планирања*

Во текот на јули 2002 година Собранието на Република Македонија усвои декларација - Препораки за забрзан развој на информатичкото општество и дигиталната економија во РМ со што се налага потребата од континуирано информатичко описменување на нашето население. Кога се во прашање иницијативите во рамките на предучилишното воспитание и образование треба да се обрне внимание на истражувањето на начините на кои децата учат со помош на овие средства поради тоа што ова сѐ уште не е докрај разјаснето и бара темелно проучување.

Она што како активности треба да следува во наредниот период во рамките на предучилишното воспитание и образование во функција на поставувањето на базата на информатичкото општество би било следното:

- Координирана општествена акција во соработка со сите институции и здруженија кои можат да помогнат во опремувањето на институциите на предучилишниот систем со средства на ИКТ.

- Соработка со невладиниот сектор во искористувањето на можностите за користење на средствата на ИКТ со кои тој располага во институциите на предучилишниот систем.
- Развој на програмите за предучилишно воспитание и образование во кои би бил вклучен аспектот на елементарно информатичко описменување, како и внесување на содржини кои ќе ги запознаат овие деца со средствата на ИКТ и ќе помогнат кај нив да се развијат вештини за нивно користење, а воедно ќе налагаат нивно користење во процесот на стекнување на знаења со нивно посредство.
- Интервенции во рамките на иницијалното образование на воспитувачкиот кадар со донесување на стандарди на компетенции во кои би биле вклучени и компетенциите за правилно користење на овие средства во воспитно-образовната работа.
- Развој на систем на стручно усовршување на воспитувачкиот кадар во чија обука ќе влезе и овој аспект.
- Подготовка на едукативен софтвер кој ќе се користи за потребите на децата од оваа возраст со исполнување и контрола на стандардите и нормите кои треба да се почитуваат при неговата подготовка.
- Воспоставување на поблиска соработка со родителите заради здобивање на нивната поддршка и разбирање на значењето што го има овој аспект од работата со децата.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Со оглед на значењето на предучилишното воспитание и образование се наметнува потребата во иднина во Република Македонија секое дете да биде опфатено со некој вид предучилишно воспитание и образование.

   Можните решенија треба да се гледаат во следново:

   1.1. Целосно искористување на постојниот простор и кадар во детските градинки.

Со преземањето на кадарот кој ќе работи со подготвителната година (од септември 2006 година) може да се очекува дека некои групи ќе се префрлат во просториите на основните училишта, со што ќе има повеќе слободни простории во градинките.

   1.2. Целосно почитување на законската регулатива за задолжително опфаќање на шестгодишните деца во подготвителната година.

   1.3. Целосно искористување на постојниот простор и кадар во основните училишта.

1.4. Организирање различни форми на опфаќање со скратени програми на воспитно-образовната програма за деца од две до шест години во градинките и скратени програми за подготвителната година во основните училишта во ридско-планинските краишта.

1.5. Организирање ,,патувачки" градинки во помалите места и ридско-планинските краишта.

1.6. Организирање алтернативни установи со целосна или полудневна програма (искористување на празни домови на културата, задружни домови и слични институции во локалната средина, кои би се преадаптирале за опфаќање на децата од предучилишна возраст од таа средина со различни форми на предучилишно воспитание и образование).

1.7. Организирање и реализација на скратени програми на воспитно-образовна работа со децата кои се на подолготрајно болничко лекување.

1.8. Доколку не постојат услови за организирано опфаќање со која било форма на предучилишно воспитание и образование во ридско-планинските подрачја, да се организира обука на родителите на децата од предучилишна возраст, во насока на позитивен став за значењето на образованието за сите деца (особено женските) и подигање на педагошката култура на родителите.

1. Во детските градинки да се организираат вонинституционални активности – кратки програми во траење од три часа дневно, кои можат да опфатат: игри, игровни активности, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности и сл.
2. Постојано треба да се работи на перманентно стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар.
3. Во наредниот период потребно е поголемо вклучување на родителите во детските градинки и подготвителните групи при основните училишта.
4. Воведување стандарди за реализирање на квалитетна воспитно-образовна работа.
5. Лиценцирање на воспитно-образовниот кадар.
6. Јакнење на соработката на градинката со основните училишта, институциите и здруженијата во конкретната локална средина.
7. Во постојните детски градинки да се организираат педагошко-психолошки советувалишта (за што постојат просторни и кадровски услови) за сите родители на децата од предучилишна возраст кои не се вклучени во која било форма на предучилишно воспитание и образование, а живеат во конкретната општина.

8. Поголемо вклучување на волонтери во работата на детските градинки, што е регулирано со најновата законска регулатива.

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ >>>



Работна група:

д-р Емилија Симоска, координатор
д-р Снежана Адамческа
д-р Џеладин Мурати
Митре Вељаноски
д-р Горан Ајдински
Драган Недељковиќ
д-р Љупчо Кеверески

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Една од стратешките определби врзани за развојот на Република Македонија е подигањето на образовното ниво на населението, особено на децата и младите. Во економски контекст како македонскиот, човечкиот ресурс е можеби најзначајниот фактор со кој можеме да се вклучиме во процесите на глобалниот развој. Едновремено, меѓународната репутација на Република Македонија е непосредно детерминирана и од востановувањето на високи стандарди во образованието, засилување на креативноста и иновациите, негувањето на мултиетнички специфичности, како и културните различности и употребата на современа информациска и комуникациска технологија.*

*Основното образование во овој процес е клучно, пред сè заради тоа што се работи за првиот значаен социјален контекст (вон семејството) каде се стекнува односот кон знаењето, одговорноста и работните навики, и се социјализира во духот на општествените вредности. Ниеден повисок образовен степен не може во целост да ги надомести пропустите и грешките направени во рамките на основното образование.*

*Промените како светски тренд во основното образование кај нас се разбираат и прифаќаат како неминовност условена од потребите за отвореност и кореспонденција на нашето образование со она во развиените земји. Тоа значи надминување на еден систем кој е недоволно стандардизиран, стереотипен, традиционалистички, сè уште генерално авторитарен, и полн со академизам. Систем кој негува стил на работа во кој учениците претежно паметат, а не разбираат, знаат, но не умеат.*

*Посебните предизвици, во моментов, во однос на основното образование произлегуваат од новата територијална организација и процесот на децентрализација. Имено, училишната мрежа, бројот на учениците, превозот, ученичките домови и сл., се прашања кои не можат да бидат третирани во овој документ со прецизност, заради тоа што новата поделеност по општини ќе даде една сосема нова статистичка слика која, пак, е битен предуслов за планирање. Во таа смисла, некои решенија се*

*третирани само на ниво на аспирација, додека кон нивното операционализирање ќе може да се пристапи по добивањето на новите податоци.*

*Програмата за развој на основното образование се темели на сите значајни политички, идејни и стручни документи кај нас и во светот. Оваа програма во потполност кореспондира со специфичностите на државата и актуелниот миг на развој во кој таа се наоѓа. Водејќи се од интегралниот пристап кој е применет, во овој документ се истакнати 2 клучни моменти кои треба да ги сублимираат сите напори на државата и другите партнери во сферата на основното образование во идниот период (2015): 1) зголемување на траењето на задолжителното образование: 2) промоција на ефективно основно училиште. Се очекува дека со остварувањето на овие цели би се премостиле низа проблеми кои се јавуваат во задолжителното и основното (како негов составен дел) образование, со што би се постигнал голем придонес за благосостојбата на граѓаните, развојот на земјата и нејзиното успешно вклучување во европските интеграциони процеси.*

## 1. МИСИЈА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

- Развој на личност која може да преземе индивидуална, семејна и граѓанска одговорност;
- образование кое ги почитува и развива индивидуалните потреби, интереси и афинитети на личноста;
- развој на култура на живеење, т.е. стекнување на знаења, вештини и способности, ставови и вредности за променливиот свет на трудот и општествениот живот;
- образование кое ќе овозможи развој на независна, отворена, критичка и демократска личност со вештини и компетенции за акција;
- развој на демократијата и граѓанското општество;
- образование кое го зајакнува чувството на припадност на заедницата;
- социјализација во духот на општествено прифатените вредности и идеали со негување на духовното, културното и историското наследство;
- развој на подготвеност и свест за доживотно образование.

## 2. ЦЕЛИ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Целите на универзалното основно образование се во согласност со одредбите препорачани од ЕФА извештајот, кој претставува ориентациона рамка со која се согласија земјите во светот. Целите на основното образование се:

### *Пристап до основното училиште*

- Основното образование е отворено и овозможува пристап за сите деца без оглед на јазикот, полот, религијата или физичката и менталната попреченост.
- Основното образование мора да обезбеди дополнителна помош за сите ученици со посебни потреби.

### *Подобрување на постигањата во учењето*

- Основното образование нуди подобар пристап кон средното образование и континуираното учење.
- Основното образование ги подготвува децата за партиципација во информациското општество.

### *Обука во суштинските животни вештини*

- Основното образование овозможува развој на клучните компетенции на секој ученик, неопходни од аспект на информациското општество.
- Основното образование го почитува индивидуалниот развој и општата социјализација на децата низ целокупниот воспитно-образовен процес.
- Основното образование ја негува самодовербата и ја унапредува демократијата и интерперсоналната хармонија.

### *Основното образование обезбедува култура на живеење*

- Основното образование им служи на потребите на 21 век.
- Основното образование ја развива самопочитта и почитта спрема културите на другите; го афирмира мултикултурниот карактер на општеството.
- Основното образование ја промовира интелектуалната слобода и толеранција и креира добри форми на кооперација меѓу наставниците и учениците и меѓу училиштето и семејството.
- Основното образование е ослободено од дрога и насилство.

**Реализацијата на овие цели треба да овозможи ученикот кој ќе го заврши основното образование:**

» да биде способен да се изразува и да пишува на мајчиниот јазик;

» да биде способен да се изразува и да пишува на македонски јазик;

» да ги познава и прифаќа универзалните и посебните општествени вредности и да биде оспособен за живот во плуралистичко и демократско општество, вклучувајќи го и изучувањето на јазикот на средината;

» да има развиено критичко мислење и способности за решавање на проблеми;

» да располага со вештини за комуникација;

» да биде запознаен со другите култури и цивилизации и да владее со два странски јазици од кои еден е англискиот;

» да го знае значењето на науката и технологијата во современото општество;

» да има основни знаења од различни научни подрачја;

» да владее со елементарна информатичка писменост;

» да има развиено чувство и способност за изразување на подрачјето на уметностите, во согласност со сопствените афинитети и можности;

» да има развиени моторички способности низ спортски игри и активности, разбирајќи ја одговорноста за сопственото здравје, здравиот начин на живот и здравата животна средина.

# 3. ПРИНЦИПИ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во реализацијата на мисијата, целите и задачите, основното образование како прв степен на образование се базира на почитувањето на следниве основни принципи:

## *Квалитет*

Задолжителниот карактер на основното образование ја наложува потребата од востановени механизми за континуирано градење стандарди и имплементирање на конзистентна методологија на аналитичко-развојно следење на клучните индикатори на успешност и квалитет на основното образование

## *Опфат*

Основното образование ќе функционира со максимална опфатеност на генерацијата, а со цел да се создадат основни предуслови за натамошно образование и(ли) подготовка на младите за стекнување основна култура на работното ангажирање и работни навики за вклучување во процесите на трудот.

За таа цел неопходна е континуирана грижа на локалните власти за образовна анимација на семејството, родителите и средината во која расте детето-ученик за формирање свест за вредностите на образованието и чувство на индивидуална потреба од образование. Ова особено се однесува на руралните средини, меѓу женската популација и на средините со нагласено влијание на предрасуди и традиционализам.

## *Еднаквост, рамноправност*

Основното образование, како уставно загарантиран степен преку кој припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиват својот идентитет и особеностите на своите заедници, нужно применува еднаков третман на сите деца без разлика на нивната етничка, верска и полова припадност, јазик, социјално-економски статус и место на живеење, и способности/пречки во развојот/учењето. Основното образование е единствено и бесплатно, остварува идентични цели и задачи насочени кон пренесување на општествено прифатените вредности. Задолжителноста и единственоста на основното образование се основа на еднаквоста на секој поединец во општествената заедница.

## *Пристапност*

Основното образование е пристапно за сите граѓани под еднакви и исти услови, тоа е отворено за потребите на индивидуалниот развој на секој поеди-

нец, блиско за сите во однос на дефинираните цели и предуслов за образовно напредување на сите граѓани во општеството во текот на целиот живот.

# 4. КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА НА ИНТЕРВЕНЦИЈА

## ЦЕЛ 1. Зголемување на траењето на задолжителното образование

*Задолжително образование (2000)*

| ЗЕМЈА | Години |
|---|---|
| Холандија | 13 |
| Белгија | 13 |
| Германија | 13 |
| В. Британија | 12 |
| Молдавија | 11 |
| Франција | 11 |
| Норвешка | 11 |
| Малта | 11 |
| Шпанија | 11 |
| Шведска | 10 |
| Чешка | 10 |
| Словачка | 10 |
| Ирска | 10 |
| Финска | 10 |
| Луксембург | 10 |
| Унгарија | 10 |
| Данска | 10 |
| Швајцарија | 9 |
| Естонија | 9 |
| Полска | 9 |
| Португалија | 9 |
| Австрија | 9 |
| Латвија | 9 |
| Италија | 9 |
| Словенија | 9 |

*Извор: Евростат 2003*

Во светот не постои единствен модел на задолжително образование ниту единствен модел на училиште со кои во потполност ќе се задоволат потребите на населението и државата. Всушност, тоа и не е возможно.

Секоја промена на задолжителното образование мора да има предвид два аспекти на појавата: 1) трендовите во земјите во светот, пред сè европските; 2) специфичноста на земјата (економската моќ на државата, училишната мрежа, капацитетот, кадрите и сл.).

Општ тренд во светот е должината на задолжителното образование, како најизразена форма на одговорност на државата, постојано да се зголемува. Ако во минатото горниот лимит на задолжителното образование беше поставен на крајот на основното и нискиото ниво на средно образование, денес тој сè повеќе се поставува во повисоките степени и во потполност го зафаќа средното образование. Поради тоа, во поразвиените земји во светот, задолжителното образование може да се сретне со 9, 10, 12, па и повеќегодишно траење.

Со најновите измени во Законот за основно образование („Службен весник на РМ", број 63, 2004) е предвидено воведување на подготвителна година како дел од задолжителното деветгодишно образование. *Со тоа, досегашното задолжително образование од 8 години се зголемува на 9 години.*

## *Состојба и причини*

**Опфат и осипување- 2001/2002:**

- Бруто-опфатот во основното образование изнесува 97,1%.
- Нето-опфатот во основното образование изнесува 92,5%.
- Годишна стапка на осипување во основното образование изнесува 1,71%.
- Во вкупниот број ученици во основното образование, Македонците учествуваат со 56,39%, Албанците со 33,18%, Турците со 4,20%, Ромите со 3,49%, Србите со 1,00%, Власите со 0,18%, и другите со 1,55%.

*Опфат, осипување и проодност:* Покрај наведените глобални тенденции, пред сè тенденциите за интегрирање на образовниот задолжителен систем на Република Македонија во развојните светски, глобални и регионални трендови, како причини за зголемување на времетраењето на задолжителното образование, во Република Македонија може да се наведат следниве: неповолната образовна структура на населението; малиот опфат и загрижувачки процент на осипување на учениците во редовните степени на образование; потребата од зајакнување на компетенциите за работна и социјална инклузија на населението.

Се чини дека најголем проблем е опфатот на учениците во годината пред поаѓање на училиште (голем број на деца го започнуваат школувањето со ниски почетни/стартни знаења и способности што подоцна се рефлектира со слаб успех, осипување или апстинирање од понатамошно образование) и преминот од основно во средно образование, т.е. околу 16% не продолжуваат во средно образование. Овие лица се без каква било квалификација и, за-

едно со оние кои немаат образование или се со непотполно образование, се најнеконкурентната работна сила на пазарот на трудот.

Проблемот со опфатот и осипувањето на учениците во основното образование доминантно се јавува во руралните/планинските средини, како и кај одредени етнички групи (најмногу кај Ромите), без оглед на местото на нивното живеалиште. Причините за оваа појава се многубројни, но највлијателни се:

- Неповолниот социјален статус на семејните средини од кои потекнуваат децата кои го напуштаат школувањето. Сиромаштијата, по правило, продуцира ниско ниво на образование, а истото повратно делува врз генерирање на сиромаштијата.
- Инертните и нефлексибилните пристапи на образовните институции кон потребите за образование на децата и младите.
- Нееднаквиот образовен старт на децата пред поаѓање во прво одделение. Близу 12% од учениците кои се запишуваат во прво одделение немаат посетувано предучилишна установа што во голема мерка ги прави ,,образовно хендикепирани“ и со помали стартни компетенции наспроти оние деца кои имаат предучилишно образование.
- (Не)достапноста на образовните установи како проблем се јавува на преминот од одделенска во предметна настава и од основно во средно образование. Постојат планински места каде децата за да дојдат до училиштето мора да патуваат подолго време или да претстојуваат во интернат, што е неповолно за нивниот развој, имајќи ја предвид нивната возраст - 10 до14 години.
- Јазикот на кој се следи наставата. Дел од децата одделенска настава следат на еден јазик, а потоа (не)преминуваат во предметна настава или средно училиште каде наставата треба да ја следат на друг јазик (македонски или албански).
- Недостаток на јавни или приватни предучилишни установи во руралните места кои би ги подготвиле децата за успешен старт во основното образование.
- Влијанието на традиционалните верувања (предрасуди и стереотипи) според кои значењето на образованието се маргинализира, особено за женската популација.
- Финансирањето на основното образование. За 2003 година буџетот за образование како процент од БДП изнесува 3,49%. Според податоците, буџетот за образование бележи намалување во периодот од 1996 (4,26%) до 2003 за 0,77%. Според распределбата, во 2003 год. за основно образование се издвоени 59,154%, за средно образование 22,66%, за ви-

соко образование 12,46%, за ученички стандард 1,92% и за студентски стандард 3,81% од вкупниот буџет за образование.[1] Од средствата кои основните училишта ги добиваат близу 80% одат на плати. Овој недостаток на финансиски средства во голема мерка ја намалува моќта на училиштата за подобрување на условите и зголемување на квалитетот на образованието, а со тоа и за намалување на осипувањето на учениците.

Настојувањето да се постигне 100% опфат во основното образование и да се намали осипувањето и напуштањето на школувањето на учениците, досега се манифестираше со:

- Воведување на казнени мерки во законската регулатива за родителите кои не ги пуштаат своите деца во училиште и училиштата каде оваа појава се манифестира. И покрај тоа што оваа одредба е сѐ уште на сила, поради недостаток на прецизна евиденција и отсуство на механизми на контрола, таа воопшто не се практикува.
- Подобрување на инфраструктурните капацитети. Со оглед на малите инвестиции кои се преземаат во оваа сфера и често нерационалното трошење на финансиските средства за оваа намена, состојбата со инфраструктурните капацитети во државата е крајно алармантна.
- Професионално усовршување на наставниот кадар, активност која покрај БРО во најголем број случаи ја спроведуваа невладини и меѓународни организации. Ова настојување требаше да резултира со осовременување на воспитно-образовниот процес и воведување на современи модели на настава, кои ќе го елиминираат позиционирањето на процесот на учење на просечниот ученик и ќе ги земат предвид индивидуалните капацитети и интереси на учениците. За жал, поради отсуство на системски пристап (механизми за следење и вреднување, слаба мотивација, недостаток на финансиска стимулација и сл.) оваа мерка не ги даде очекуваните резултати.

» Училишната мрежа на основни училишта овозможува, речиси, целосен опфат на популацијата со задолжително основно образование.
» Централните основни училишта имаат правен статус.
» Подрачните училишта (места со помал број на жители) немаат правен статус и се во состав на некое централно училиште.
» Основни училишта - 1010.
» Централни осн. училишта - 342.
» Подрачни училишта - 668.
» Во 505 подрачни училишта наставата се организира од прво до четврто одделение.

Предвременото напуштање на училиштето е тренд кој подолго време е присутен во државата. Ако се следи вертикалната проодност на учениците во основното образование ќе се види дека од генерацијата која се запишала во основното образование во 1991/92, во петто одделение школувањето го

[1] Извор: Министерство за финансии.

продолжиле само 95,52% додека основно образование комплетирале само 88,32%. Тоа значи дека 11,67% од оваа генерација се „изгубени" некаде во текот на тие 8 години. Вообичаено таа бројка во помал дел ја сочинуваат повторувачите, а во поголем дел оние кои го напуштиле школувањето.[2]

Стапката на писменост во Република Македонија за 2002 година изнесува 96,38%. Според податоците во државата има 63 562 (3,62%) неписмени лица, постари од 15 год., што претставува намалување на стапката на неписменост констатирана во пописот од 1994 година кога бројот на неписмено население изнесувал 87 749 или 5,96%. Стапката на неписменост кај Македонците изнесува 2,33%, кај Србите 3,79%, Албанците 4,80%, Турците 7,34%, а најголема е кај Ромите 20,63%.[3]

Во 2002 година, во државава има 170 200 или 10,77% лица со непотполно основно образование. За поголем дел од нив може со сигурност да се претпостави дека се алфабетски неписмени, со оглед на пописната процедура која бара само декларативна изјава, а не увид во документација и/или проверка на писменоста.

## *Мерки*

За да може зголеменото задолжително образование да ја покаже својата оправданост не е доволно само механички/регулаторно да се опфатат оние деца кои не посетуваат предучилишно образование и да се „ставаат" во редовниот школски систем.

*Министерството за образование и наука и локалната самоуправа, во рамките на надлежностите што концептот на децентрализација им ги налага и овозможува, ќе ги реализираат следниве мерки:*

1. *Промоција на идејата за задолжително образование / јавна расправа*
2. *Измени во законската регулатива*
3. *Креирање на нова и адаптирање на постојната педагошка документација:*
   - Административна училишна документација
   - Стручна училишна документација
   - Правилници за регулација на дејноста
   - Наставен план и програми (нацрт)
   - Наставни програми за прво одделение
   - Норматив за наставен кадар за реализација на програмата
   - Концепција за изработка на учебници и други материјали

[2] Државен завод за статистика, 2003.

[3] Попис на населението, домаќинствата и становите во РМ, 2002.

    » Упатство за дизајнирање на локален курикулум
    » Наставен план и програми за образование на возрасните

4. *Измена на курикулумот во задолжителното образование*
5. *Систематизација на работните места за директори, наставници и стручни соработници*
6. *Имплементација на моделот за напредување на наставниците*
7. *Спроведување на акциони истражувања во неколку пилот-училишта*
8. *Обука на училишниот кадар за новата улога*
9. *Имплементација на промените.*

**Програмата за задолжително деветгодишно образование може да започне најрано во учебната 2006 / 2007 година и тоа во прво одделение. Имплементацијата би се одвивала сукцесивно, година по година. Тоа значи дека целосниот опфат на првата генерација по новата програма би завршил во 2015 година.**

Паралелно со реализацијата на овие активности, ќе се преземат и овие мерки:

- *МОН и локалната самоуправа ќе воведат финансиски бенефиции (државни и локални фондови, стипендии) за децата кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.*
- *МОН и локалната самоуправа ќе обезбедат од страна на сите училишта доследно извршување на обврските што произлегуваат од законската регулатива за опфат на сите деца и ќе воведат механизми за нивна контрола, евиденција и вклучување/опфат во основното образование.*
- *Владата ќе преземе спроведување на стимулативни, но во одредени случаи и казнени мерки, за сите родители кои не ги пуштаат децата да се школуваат.*
- *МОН и локалната самоуправа ќе ги зајакнат комбинираните одделенија, преку обезбедување на наставни модули за таков вид на настава, во сите средини каде има недостаток на образовни установи.*
- *МОН и локалната самоуправа ќе воведат организиран превоз за учениците во оние средини каде е нерационално одржувањето на образовната установа или каде воопшто не постои образовна установа.*
- *МОН, преку формални и неформални форми на образование, ќе пристапи кон овозможување, односно создавање на кадровски решенија и можности за организирање на настава на мајчин јазик, а дотогаш ќе го зајакне изучувањето на македонскиот јазик за оние деца, припадници*

*на заедниците кои наставата ја следат на мајчин јазик во одделенска настава, а чиј јазик не е наставен јазик во погорните одделенија или степени на образование.*

- *МОН, во соработка со локалната самоуправа и невладиниот сектор, ќе воведе форми/модели на предучилишно образование во оние места каде не постојат јавни или приватни предучилишни установи.*
- *МОН, локалната самоуправа и невладиниот сектор ќе спроведат организирана и активна кампања за популаризација на знаењето/образованието, особено во средините кои се карактеризираат со нагласени предрасуди и стереотипи по однос на значењето на образованието.*
- *МОН и локалната самоуправа ќе обезбедат зголемување на финансиските средства за основното образование, особено во делот за санација, реконструкција и подобрување на инфраструктурните капацитети.*

### *Очекувања*

Со зголемувањето на задолжителното образование се очекува:

- воведување на универзално основно образование;
- досегашните 83,23% опфат во годината пред поаѓање на училиште да се зголемат на 100% опфат;
- да се подобри образовната структура на населението;
- да се зајакне базичното образование;
- да се зголемат можностите за професионална ориентација;
- да се олесни и ефектуира преминот во средно образование;
- да се создадат можности за стекнување на минимум стручна квалификација за оние кои не го продолжуваат образованието;
- да се оствари програмска сукцесивност;
- рационално да се искористат образовните капацитети во руралните средини.

## ЦЕЛ 2. ПРОМОЦИЈА НА ЕФЕКТИВНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Министерството за образование и наука настојува да ги следи препораките за креирање на *училиште по мерка на детето*. Правото на образование е највисокото право кое Министерството и државата имаат обврска во целост да го почитуваат и обезбедат.

Културата на живеење претставува процес на градење на квалитетен живот преку осознаени лични и колективни искуства, потреби и интереси

на поединецот и активен однос кон животните вредности. Во тој контекст, основните училишта имаат обврска на децата и младите да им овозможат развивање и поттикнување на животни стилови, кои соодветствуваат на нивните индивидуални потреби и интереси, како животни вредности и цивилизациски придобивки.

**Состојба**

- Основното образование се третира како јавна потрошувачка, а не како инвестиција за иднината на младата генерација.
- Средствата за образование перманентно се намалуваат.
- Негативните ефекти на процесот на транзиција врз вредностите и нормите на однесување во поширокото окружување, за жал, се одразуваат и врз вредностите, ставовите, однесувањето и навиките на учениците.
- Самите деца, родителите и наставниците сè почесто се судруваат со најразлични форми на насилство, па дури и криминал, околу и во училиштата.
- Се зголемува стапката на консумирање алкохол и психотропни супстанци.
- Основното училиште сè повеќе се доживува како принуда и ,,морање“.
- Во вакви услови, најголемиот број деца можат да се третираат како деца под ризик.

Очекувањата од промовирањето на ефективното училиште се големи и тие се огледуваат, пред сè, во:обезбедувањето на високи постигања и успех;

- подобрувањето на здравјето и добросостојбата на децата;
- зголемувањето на опфатот во школувањето и стапката на неговото завршување;
- подигањето на моралот и мотивацијата на наставниците;
- гарантирањето на безбедна и заштитничка околина за децата;
- обезбедувањето на поддршка од локалната заедница;
- охрабрувањето на социјалната инклузија и партиципација.

Ваквиот приод има, пред сè, своја методолошка фундираност бидејќи претставува прифаќање и афирмација на сите позитивни искуства стекнати низ практиката, а истовремено и имплементација на сè она што се смета за вредна, проверена и селективно насочена иновација во севкупниот училиштен живот.

## Принципи на ефективно основно училиште

### *Генерален принцип: ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ.*

- Ефективното основно училиште треба да осигура образование кое подразбира: обезбедување квалитет на образованието, еднаков пристап за сите и образование адаптирано на индивидуалните и социјалните потреби.

### *Посебни принципи:*

- ЕОУ е поставено врз принципите на солидарност, демократичност, толеранција, плурализам, правда и слобода.
- ЕОУ го почитува и остварува правото на децата за образование и згрижување;
- ЕОУ ја стимулира и поддржува образовната улога на семејството.
- ЕОУ ги дефинира содржините, методите и организацијата на образованието во согласност со психофизичките способности и потенцијали на учениците.
- ЕОУ обезбедува педагошко-психолошка грижа и специјални форми на дидактичка работа.
- ЕОУ создава можности за учење за децата со посебни потреби и социјално неприлагодените деца.
- ЕОУ обезбедува успешен преод кон средните училишта.

### *Хуманистички карактер на образованието*

- ЕОУ ги почитува севкупните приоритети на општите хуманистички вредности, животот и здравјето и слободен персонален развој, згрижување на учениците, формирање на граѓански дух и љубов спрема татковината.

### *Инклузија*

- ЕОУ практикува флексибилни форми на учење со инклузија на учениците со посебни потреби.

### *Партиципација*

- ЕОУ ги охрабрува учениците за кооперација во училишните активности и активен однос во животот на локалната заедница.
- ЕОУ остварува блиски врски со: семејствата, локалната заедница и невладините организации кои се занимаваат со образовни прашања.

### *Отвореност*

- ЕОУ е достапно за секој кој има потреба од образование, без оглед на возраста, полот, етничката и верската припадност.
- ЕОУ воспоставува силни интеракциски врски со: локалната заедница, локалните институции и институциите на системот.

### *Транспарентност*

- Работата на ЕОУ е транспарентна и подготвена за постојано менување во согласност со внатрешната и надворешната детерминираност.

## *Децентрализација*

- ЕОУ го развива и реализира својот курикулум во соработка со локалните авторитети.

## *Ефективното основно училиште вклучува:*

- професионален развој на сопствените кадри, особено наставниците;
- степенување на професионалниот развој на наставниците;
- стручно усовршување на наставниците за менторство и туторство на своите колеги, на наставниците-приправници и на идните наставници (студенти на наставничките факултети);
- просторни, технички и секаков друг вид услови за училишно хоспитирање;
- примена на иновации;
- осмислување форми и модели за тимско работење и соработка во проектните тимови на училиштето.

## *Ефективното основно училиште:*

- својот  рејтинг го гради врз основа на високи аспирации, јасни цели и очигледни постигања;
- претставува пример за добра организациона поставеност;
- реализира квалитетна настава;
- создава поволна социо-емоционална клима за учење и работа;
- прифаќа и решава проблеми во учењето;
- поттикнува индивидуално напредување на децата со специфични предизвици во развојот;
- ги почитува различните можности на децата;
- поттикнува творечко учење, натпревар и создава клима на задоволство од постигнатото;
- го мери  успехот со постигањата на децата;
- прифаќа предизвици.

## *Ефективното основно училиште покажува сензибилитет кон:*

- семејните, меѓугенерациските и меѓуврсничките проблеми;
- потребите на децата со специфични предизвици на развојот;
- личните дилеми, предрасуди и ставови на децата;
- содржините  на слободното време на децата;
- остварувањето на правата  и културните потреби на детето;

- задоволство од знаењето како лична и заедничка придобивка.

Имплементацијата на моделот на ефективно основно училиште во Република Македонија подразбира преземање на конкретни мерки и активности кои ќе го овозможат овој процес. Тоа се:

## ЦЕЛ 2.1. Развој на наставните планови и програми

### *Состојба*

Покрај големиот број на интервенции во основното образование во изминатите години, основната структура на наставниот план во основното училиште не е променета повеќе од две децении. Ова се однесува и на застапените програмски подрачја, нивниот квантитативен соодност, внатрешната организација и другите специфичности.

Структурата и содржината на основното образование во Република Македонија е детерминирана од усвоената *Концепција на основното образование која вклучува*:

- *настава* (задолжителни, изборни и факултативни предмети, дополнителна и додатна настава);
- *вонннаставни активности* (слободни ученички активности, секции, ученички натпревари, заедница на учениците, производствена и друга општествено корисна работа, ученички екскурзии);
- *грижа за здравјето на учениците*;
- *соработка со локалната средина*;
- *следење, вреднување и унапредување на образовната работа;*
- *планирање на образовната дејност на основното училиште*;
- *стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар*.[4]

Наставните програми во основното образование се структурирани според неколку подрачја:

- *јазик и литература* (содржини од мајчиниот јазик, македонскиот јазик, и странските јазици);
- *математика и информатика;*
- *природни науки* (содржини од природа и општество, природа, биологија, физика и хемија);
- *општествени науки* (содржини од природа и општество, општество, историја со содржини за граѓанското општество и географија)

---

[4] Основно образование, содржини и организација на воспитно-образовната дејност, МОФК и ПЗМ, Скопје, 1996 г.

- *техничко образование* (содржини од природа и општество, математика, ликовно образование, техничко образование);
- *физичко и здравствено образование;*
- *уметничко образование* (содржини од музичко образование, ликовно образование. Во реализацијата на уметничкото образование се и одредени содржини и активности од физичкото образование, математиката, природните науки, техничкото образование и др.).

Наставните предмети, според статусот, се изучуваат како *задолжителни, изборни* и *факултативни*.

## *Слабости*

1. Центристичко дефинирање на наставниот план и програмите во основното образование.
2. Недоволно растоварен наставен план и програми.
3. Воведувањето на новиот Наставниот план и програми не доволно проследено со основните причини зошто се преземени промените, кои се придобивките и целите.
4. На наставниците не им беше доволно објаснето што се очекува од нив во реализацијата на овие програми.
5. Присутниот традиционализам во наставата. Изработката и воведувањето на новиот Наставен план не ги зел предвид реалните кадровски потенцијали.
6. Не е применет конзистентен методолошки приод во изработката на новиот план ниту јасна диференцијација помеѓу содржините, активностите за учење и *Резултатите од учењето/Образовните излези*.
7. Не е водено грижа за специфичностите (материјални, кадровски, институциски) на училиштата.
8. Отсуство на стратегија на учење која го оспособува ученикот како се учи, односно го воведува во техниките и постапките на учењето со разбирање.
9. Целно ориентираната настава многу ретко се практикува.
10. Поставувањето на новите наставни програми не е следено и со поставување на нов систем на оценување. Вреднувањето на успехот на учениците не се одвива според Learning Outcomes содржани во наставните програми, туку се одвива според тоа колку ученикот ги совладал содржините кои се наоѓаат во учебникот.
11. Наставата сѐ уште не е фокусирана во ученикот и неговиот развој.

Може да се констатира дека основните слабости на новите наставни програми во основното образование во Република Македонија лежат во нивната

практична примена. Непостоењето на јасна концепција за развој и унапредување на образованието на ниво на државата, непостоењето на квалитетен систем на оценување како на учениците, така и на наставниците кој би бил компатибилен со наставните програми и организацијата на работата во училиштето и кој би се темелел на Концепцијата на Learning Outcomes како краен исход од образовниот процес, присутниот традиционализам во наставата и дискутабилните дидактички компетенции на наставниците, лошата екипираност на училиштата со просторни услови и современи дидактички средства, слабата материјална стимулација на наставниците, големиот број на ученици во одделение и слабостите во менаџментот во училиштето, претставуваат основни причини за спороста и неадекватноста во трансформацијата на основното образование во Република Македонија.

### *Мерки и активности*

- **Имплементација на концепцијата Резултати од учењето (Learning Outcomes) во изработката и реализацијата на наставниот план и програмите во основното образование**

### Активности:

*Министерството за образование и наука, односно Бирото за развој на образованието, согласно Законот на Бирото за развој на образованието, низ организирана тимска работа, во насока на современите образовни тенденции ќе пристапи кон развој, осовременување и прилагодување на наставниот план и програмите преку растоварување на наставниот план и програмите со Концепцијата на образовен излез. Ова ќе се одвива преку растоварување на наставниот план и програмите, вклучувајќи го и модуларното прилагодување на наставните програми.*

- **Конституирање на ефикасен и ефективен систем на оценување на постигањата на учениците**

Во сегашната поставеност на системот на оценување не постојат јасни параметри кои ќе им помогнат на учениците сами да го одредат нивото на сопственото постигање, ниту јасно дефинирани параметри според кои наставникот ќе може објективно и коректно да го мери постигањето на ученикот. Системот на оценување се сведува на квантитативен приказ на учениковото постигање.

Оценката е крајната цел, а не степенот и квалитетот на стекнатите знаења, вештини и способности.

Улогата на наставникот при процесот на проверување и оценување на учениковото постигнување е доминантна. Наставниците имаат двојна улога: тие го проверуваат и оценуваат, т.е. го мерат успехот на учениците и, притоа, сами ги утврдуваат инструментите со чија помош ќе го мерат тој успех. Така, се случува ученик да добие највисока оценка за знаења кои во друга група биле на ниво на средни знаења, токму поради ниското ниво на успешност на групата на која припаѓа. Ваквата состојба не само што е карактеристична помеѓу групите, туку се јавува и на релација меѓу училиштата.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука, низ организирана тимска работа, преку Државниот испитен центар, ќе изгради ефикасен систем за вреднување/оценување на ученичките постигања. Овој систем за оценување ќе се потпира на јасно утврдени критериуми, кои покрај квантитативното оценување ќе го земаат предвид и квалитативниот увид, со јасно дефинирани резултати и нивоа на учење. Истите критериуми за оценување на ученичките достигања треба да бидат применети како во интерното, така и во екстерното оценување.*

- **Градење на високоорганизиран, перманентен и систематски процес на контрола и развој на наставните планови и програми во зависност од дефинираните стратегии и моменталните потреби**

Оваа мерка налага перманентна активност на планот на оценувањето на успешноста на курикулумот и неговиот развој. Таквите обиди треба да се движат во рамките на дефинираните стратегии, но и моменталните потреби. Со оглед на тоа дека центристичкото дефинирање на курикулумот е премногу споро и не може правовремено да реагира на новонастанатите потреби и динамиката на современиот живот потребно е „спуштање“ на процесот на неговото изработување и дизајнирање на ниво на училиште и локална заедница. Во рамките на дефинираниот национален курикулум, кој треба да изнесува 75% од вкупниот обем, и локалниот курикулум со 25% од вкупниот обем, треба да се остварува автономноста и иницијативноста на училиштата и локалните заедници. Законската регулатива во Република Македонија сè уште не дозволува ваков пристап во изготвувањето на курикулумот за основно образование.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука ќе донесе национален курикулум кој ќе претставува обврзна рамка и ќе го изразува националниот интерес и приоритетите на државата, и кој сите основни училишта ќе мора да го почитуваат.*

- **Воведување на целно ориентирана настава и учење во основното образование**

Потребно е поставување на такви основи кои акцентот во наставата помалку ќе го ставаат на наставникот и неговото предавање, а сѐ повеќе ќе се практикува стекнувањето на знаења, вештини и градењето на ставови од страна на учениците.

**Активности:**

1. *Министерството за образование и наука ќе формира тим од експерти кои треба завршниот профил во основното образование да го операционализираат во матрица на цели (знаења, вештини, ставови) и активности кои треба секое училиште да ги реализира.*
2. *Министерството за образование и наука, преку Бирото за развој на образованието, ќе организира и спроведува активности за професионален развој на воспитно-образовни и раководни кадри за реализација на целно ориентирана настава.*

- **Урамнотежување и сукцесивност меѓу програмите (предметите и наставните подрачја) кои имаат соодветна цел и кои се сеопфатни, кохерентни, урамнотежени и со добро организирана содржина**

И покрај тоа што се направени низа зафати за растоварување на програмите, резултатите не се задоволувачки. Најчесто тоа се врши механички, со исфрлање на делови од содржините кои, за жал, често се објаснувања на појавите кои треба да се изучуваат, а се задржуваат сувите факти. Овој пристап е најголемиот проблем и фактор кој предизвикува фаворизирање на меморирањето, фактографијата и енциклопедизмот од страна на учениците во основното образование.

Решението на проблемот е во прашањето: Што му е потребно на еден ученик, на одредена возраст, со дадени потенцијали и интереси, да знае и да умее да направи, за да може успешно да го остварува сопствениот физички, емоционален, когнитивен и социјален развој и со успех да го продолжи своето школување? Само со поставувањето на целите и на прецизирани параметри кои би укажале на тоа што е потребно да знаат и да умеат учениците, може да се постигне суштинско растоварување и тоа да е во согласност со развојните карактеристики на соодветната возраст.

Содржините и активностите предвидени во наставните програми не се диференцирани по обем и нивоа на тежина. Така, имаме ситуација, наставните програми во основното образование, поради нивната преобемност директно да влијаат врз обемот и ,,тежината“ на наставните програми во средното, а индиректно и врз наставните програми во високото образование, што на планот на сукцесивноста создава големи проблеми.

## Активности:

*Министерството за образование и наука, преку Бирото за развој на образованието, врз база на прецизно дефинирани критериуми и изработената матрица на компетенции што учениците треба да ги стекнат, ќе ги утврди потребите за развој на наставниот план и програмите во основното образование. Оваа активност треба да овозможи суштинско, а не механичко растоварување на наставните планови и програми и сукцесивност во повисоките нивоа и степени на образование.*

### ‣ Растоварување на наставните програми и дефинирање на нивоата на ученички постигнувања

Оваа мерка е директна рефлексија од претходната. Предметно-часовниот систем според кој се реализира наставата во основното образование во Република Македонија не подразбира изградени и ефикасни интеракциски врски меѓу програмите и ја оневозможува координираноста во работата на наставниците. Се случува одредени знаења или активности и вештини кај учениците да се повторуваат во повеќе програми. Се троши време на повторување од страна на наставникот, за сметка на времето кое е потребно учениците да учат и вежбаат. Се случува, учениците повеќе пати да бидат оценувани од исти или различни наставници за исти знаења или вештини, во рамките на различни програми, што создава парадоксална ситуација во која еден ист ученик е различно вреднуван за исто ниво на постигање.

За да се надмине овој проблем потребно е да се одговори на прашањата:

- Кои информации очекуваме учениците да ги научат и/или кои компетенции да ги развијат?
- Кои активности треба тие да ги преземат за да ни демонстрираат колку многу и колку добро научиле?

Тоа бара јасно прецизирање на два вида активности: 1) активности со чија помош учениците ќе стекнуваат знаења и ќе развиваат вештини; 2) активности што учениците треба да ги преземат за да демонстрираат како и колку научиле.

### Активности:

*Министерството за образование и наука преку развојот на наставните програми ќе обезбедува стекнување на употребливи и препознатливи способности и вештини. Оваа активност треба да резултира со дефинирање на нивоа на постигања на учениците во текот на нивното школување и имплементација на интегралниот пристап во наставата и комплексни активности во кои учениците ќе ги документираат стекнатите знаења и вештини во комплексни ситуации.*

## ЦЕЛ 2.2. Употреба на квалитетни учебници

Учебниците и дополнителната литература за основно образование се одобруваат на државно ниво. Тие се изработуваат во согласност со наставните планови и програми и концепцијата за учебник, а се вреднуваат со посебна методологија за вреднување на учебници. Изработката на учебничката и прирачничката литература за реализација на наставната програма се извршува надвор од училиштето, т.е. надвор од крајните корисници.

Несомнено е дека развојот на наставните планови и програми ќе иницира процес на педагошка операционализација и трансформирање на статусот на учебниците во статус на *само еден* од можните извори на учење (реализирање на целите), заедно со: информативни и интерактивни ЦД-а, работни/нагледни материјали, прирачници за учениците и наставниците и друга помошна литература. Остварувањето на овој процес ќе биде возможно само доколку се остварени следниве услови:

- Постоење на дефиниран концепт и намена на учебниот материјал/извор.
- Постоење на дефинирани стандарди за изработка на учебните помагала/извори.

» Постоење на изработени дидактички пакети (учебник, работни материјали на различно тежинско ниво за учениците и прирачник за работа и примена за наставниците.

» Постоење на усогласени учебници, особено за почетните одделенија, со вonнаставните активности, истражувачките постапки и самостојната работа на учениците.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука ќе дефинира стандарди за квалитет на учебниците во основното образование базирани на концепцијата Резултати од учењето (Learning Outcomes).*

*Министерството за образование и наука ќе дефинира транспарентни процедури за избор на учебници и друг учебен материјал.*

## ЦЕЛ 2.3. Унапредување на наставата и учењето

Досегашните интервенции на планот на осовременување на наставата и учењето во основното образование попатно или недоволно ги осмислуваа преобразбите во образовниот процес. Како сегмент тој остана речиси неизменет: предавачки стил на работа со учениците, негување и поттикнување на меморирањето наместо учење со разбирање и/или учење по пат на решавање на проблеми, послушност наместо критичност, пасивност наместо активност, фронтална работа наместо интеракција, недоволна употреба на современи наставни средства, недоволна употреба на ИКТ технологија и сл.

Во наставата доминираат традиционални техники кои во голема мерка ги пасивизираат учениците, за сметка на доминантната улога на наставникот. Автократскиот тип на раководење и предавањето се најфреквентните техники кои се употребуваат во наставата, што придонесува процесите на интеракција и активното учење на учениците во текот на наставата да бидат вистинска реткост.

Современите барања го нагласуваат процесот на учење, заради што се неопходни сериозни промени на атмосферата во одделението во кое ученичката интеракција треба да има водечка улога, преку: поттикнување на самостојно и критичко учење, индивидуална и партнерска работа, учење по пат на решавање проблеми, бура на идеи и групни дискусии, проектно учење, самостојно истражување, вештини за користење на повеќе извори на знаења, студија на случај, изработка на есеј/опредметен продукт/операција, организирање на сесии за поставување на цели, визуелна презентација, скицирање

на идеи и нотирање, користење на ликовни метафори и графички симболи, употреба на варијантни постапки, употреба на ИКТ технологија и системи и сл.

Особено битно за унапредување на наставата и учењето е да се лимитира големината на одделението. По светските искуства, за оваа возраст одделението не смее да има повеќе од 30 ученици. Ваквото решение, имајќи ги предвид условите во Република Македонија би морало да има и дополнување: да се овозможи формирање на одделение до 35 ученици - но не по правило, туку по исклучок, со посебно одобрение на МОН.

**Активности:**

- Министерството за образование и наука, преку системот за контрола на квалитетот на наставниците, наставата и учењето, ќе ги фаворизира современите стратегии на настава и учење и тие ќе бидат обврзни за секое училиште и наставник.
- Министерството за образование и наука ќе изработи Правилник за нормативи и стандарди за вршење на воспитно-образовна дејност во основното образование кои ќе бидат во согласност со европските стандарди за ефективна настава и учење.
- Министерството за образование и наука, преку тим на независни експерти, перманентно ќе изврши евалвација на сите проектни активности во основното образование за да ја утврди нивната целисходност и придонесот во рамките на државните заложби за унапредување на наставата и учењето.
- *Министерството за образование и наука ќе го интезивира воведувањето на е-училиште во основното образование.*

## ЦЕЛ 2.4. Унапредување на кадровските ресурси

### *Наставници:*

Образованието на наставниците мора да го поддржи професионалниот развој во сите фази и активности од нивната професионална кариера:

- иницијално образование на наставниците;
- регрутација/вработување;
- образование на наставниците за време на работата;
- понатамошно образование / професионално усовршување;

- учество во развојот на училиштето;
- истражувачка работа.

**Активности:**

Министерството за образование и наука ќе обезбеди континуирана професионална мобилност на наставниците преку:

- *усовршување на иницијалното образование на наставниците;*
- *рефромирање на универзитетскиот курикулум за наставничките профили, во согласност со новата структура на задолжителното образование.*

Програмите за иницијална обука на наставниците треба да се динамични, променливи и да се во постојан развој. Тие треба да ги подготват идните наставници за прогресивно и проактивно преземање на професионалните обврски, заради што вклучуваат:

- висока експертиза во еден или повеќе специфични предмети (академско образование);
- поседување на стабилни знаења и разбирање од предметната/ите област/и за кои тој/таа е одговорен/а;
- дополнување на своите предметни експертизи со педагошки способности, вклучувајќи ја мотивацијата за учење, креативноста, соработката, разбирање на социјалниот контекст на образованието (особено предметните наставници);
- разбирање за педагошкиот потенцијал на технологијата (особено ИКТ);
- способност за интегрирање на принципите на доживотното учење во процесот на наставата и учењето;
- постигнување на меѓународни (европски) стандарди во држењето на наставата;
- широки и избалансирани знаења и разбирање на основните карактеристики на образованието во најразличен контекст;
- способности за воспоставување и одржување на обмислена аргументација за образовни прашања на јасен, луциден и кохерентен начин;
- отчетност за придонесот кон образованието на детето или младинецот и преземање професионална одговорност за развојот на личноста, талентот и менталните, духовните и физичките атрибути на секое дете или млада личност;
- знаења, разбирање и спремност за вклучување во тековните образовни прашања и давање придонес во процесите на развој на курикулуми (осо-

бено на локално ниво), професионалниот развој на вработените и севкупниот училиштен развој;

- оспособеност за примена на различни стратегии во наставата, вклучувајќи соодветна примена на информатичко-комуникациска технологија (ИКТ);
- посветеност на промоцијата на еднаквоста на можностите во инклузивно општество и активно преземање чекори за елиминација на дискриминацијата;
- интелектуална независност и докажан критички ангажман;
- знаења и способности за унапредување на учењето на оние ученици кои имаат проблеми/бариери во учењето;
- известување на родителите за успехот и напредокот на учениците;
- способност за примена на истражувања;
- професионално однесување кон другите наставници и колегите од други професии, пара-професионалци и агенции кои се ангажирани во пружање поддршка на учениците и стекнување искуство во соработка со нив;
- извршување административни задачи според барањата на училиштето.
- преземање обврска и заложби за самоувид и самоевалвација на сопствената професионална практика.

Треба да се истакне дека овие клучни компетенции треба да се применат во практиката во различни социјални, културни, лингвистички и образовни окружувања.

*Акредитацијата на програмите* за иницијална обука на наставниците мора да се разбере во контекст на:

- екстерен систем на одобрување и/или акредитација на програмите за образование на наставниците;
- надворешен систем за сертификација на професионалните квалификации на наставниците.

Овој надворешен систем за сертификација треба да ја потврди соодветноста на програмата за образование на наставниците и нејзината можност да подготвува за професионалните задачи и улогата на наставничката професија. Во таа смисла, програмите за образование на наставниците мора да исполнат неколку услови:

- да бидат водени од страна на институции кои вклучуваат препознатливи партнери и кои располагаат со соодветен и квалитетен наставен кадар;
- да бидат водени од страна на институции кои успешно го минале процесот на внатрешна и надворешна евалвација (по можност од европските институции);

- да бидат водени од институции кои ги задоволуваат стандардите за евалвација на програмите за образование на наставници.

> - *Изработка на каталог на програми за професионално усовршување на наставниците и нивна акредитација.*

*Професионалното усовршување* на наставниците во текот на нивната професионална кариера ќе се реализира во контекст на степенестиот модел на професионален развој и во соработка на широк круг на акредитирани даватели на образовни услуги.

Успешната реализација на оваа мерка ќе води сметка за тоа дали програмите за професионално усовршување на наставниците се поставени врз барањата кои произлегуваат од:

- професионалните улоги кои наставникот треба да ги извршува во основното училиште и поширокиот општествен контекст;
- работните задачи на наставникот во училиштето (едукација, евалвација, администрација, советување и иновација);
- соодветното ниво на квалификација за компетентно извршување на професионалните улоги и задачи.

> - *Формирање на автономна агенција за лиценцирање на наставниците.*

Оваа професионална организација ќе ја преземе одговорноста за:

- лиценцирање на наставниците врз основа на изградени индикатори за квалитет;
- гарантирање и подигање на квалитетот на професионалните услуги на наставниците;
- соработка со МОН и другите социјални партнери во одобрувањето и акредитацијата на програмите за обука на наставниците.

> - *Градење на степенест модел за напредување во кариерата за наставниците во основното образование.*

Досегашните искуства говорат за различно прифаќање и поддршка од страна на наставниците на активностите кои се насочени во осовременување на воспитно-образовниот процес. Старите навики на комодитет, дидактичката носталгија по веќе усвоените и разработените стилови на работа создадоа разнообразие на односи кон проектните активности/обуки - од прикриени

отпори до воодушевеност, од леснотија во прифаќањето на иновацијата до одбивност да се разберат новите барања.

Наставното секојдневие, во глобала, остана исто, со повремени проектни интервенции кои немаат континуитет, не се системски осмислени и се далеку од стратешка определба. Причините делумно лежат и во недоволната финансиска мотивираност на наставниците кои како реализатори на проектните активности за иста плата работат подолго.

Изостанувањето на системски пристап во имплементацијата на проектите и старите навики за урамниловка во статусот и наградувањето, кај голем дел од наставниците, без оглед што поседуваат знаења и способности за современа настава и учење, создаде отпор кон професионалните обврски, со што и имплементацијата на современи стратегии во наставата ја доживуваат како привремен и често дополнителен работен ангажман. Кон тоа придонесуваат и селективноста во имплементацијата и непостоењето на објективна евалвација.

Очигледно е дека осовременувањето на наставата и учењето е невозможно да се изврши сè додека системски не се изврши промена во статусот и наградувањето на наставниците, со што би се избегнале ситуациите во кои сите наставници имаат ист статус и се вреднуваат (наградуваат) *исто*, без оглед на квалитетот што го поседуваат, пристапите што ги практикуваат во наставата и резултатите што ги постигнуваат во работата со учениците.

*Министерството за образование и наука системски ќе изгради модел за напредување во кариерата за наставниците во основното образование и ќе го вгради во законската регулатива.*

Ваквиот модел за напредување во кариерата за наставниците треба да овозможи степенест пристап во статусот на наставниците (*наставник - приправник/асистент, наставник, наставник - ментор*) кој ќе биде соодветно поткрепен и со степенест пристап во наградувањето (наставник асистент - 80% плата, наставник - 100% плата и наставник ментор - 120% плата), согласно колективниот договор.

Изборот во повисоко звање ќе се врши врз основа на прецизни дефинирани индикатори за стекнати компетенции, искуство, покажан квалитет/ успех во наставата и учењето на учениците, иновациите и училишните и вонучилишните активности. *(Анекс 2)*

## *Директори*

До заокружување на процесот на децентрализација, директорите на основните училишта во Република Македонија се бираа од редовите на наставниот и стручниот кадар во училиштето и директно се назначуваа од страна на министерот за образование. Улогата и моќта за одлучување на вработените

во училиштето и советот на родителите, и покрај тоа што се содржат во регулацијата на процедурата за избор, беа во потполност маргинализирани од страна на акредитационото право на Министерството да ја даде конечната одлука за изборот. Вака назначените директори своето искуство и компетенциите за извршување на оваа улога ги имаат стекнато, главно, во текот на работата во училиштето, што значи - посредно.

Со започнување на процесот на децентрализација и преземените активности за подобрување на состојбите во основното образование се преземени мерки за деполитизација и квалитетно спроведување на процедурите за избор на директори на основните училишта. Основната интенција е дека местото - директор на основно училиште треба да се професионализира, да го изведува лице кое има завршена обука за директори и чии компетенции за ефективно извршување на работните задачи се потврдени со положен директорски испит.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука ќе усовршува систем за обука на училишни директори и воведе професионално тело за проверка на достигањата преку испит за директор.*

Програмите за обука на училишните директори треба да бидат изградени врз основа на дефиниран и прифатен стандард на компетенции кој во потполност ќе го одразува овој профил. Програмите за обука ќе продолжат да бидат организирани и реализирани од страна на установи кои се акредитирани за вршење на оваа дејност, со перманентно поттикнување, промоција и афирмација на модели за активна партиципација на директорите во училишниот живот.

**Стручно-педагошка служба:** Основна задача на стручно-педагошката служба е да пружи стручна и педагошка поддршка и помош за ефикасно и ефективно функционирање на основното училиште.

Досегашното функционирање на оваа служба се карактеризира со нагласена дисхармонија во регулацијата и извршувањето на работните задачи од страна на стручните соработници кои ја сочинуваат (педагог, психолог и во некои случаи дефектолог, социолог и социјален работник). Нагласено е:

- отсуство на дефиниран статус и цел на стручно-педагошката служба во основното училиште;
- непостоење на јасна систематизација на работните места, т.е. јасно прецизирани и функционално селектирани надлежности/работни задачи, обврски и бенефиции за секој стручен соработник одделно;

- отсуство на прецизни упатства за тимска работа;
- отсуство на можности за институционално-стручна промоција;
- отсуство на научно-стручни и аналитичко-истражувачки активности;
- незадоволителни технички, просторни, педагошки и други услови;
- отсуство на систем за ефикасен професионално-стручен развој и напредување на стручните соработници.

Ваквата состојба придонесува во училиштето да се јават и конкретни слабости:

- Мешање на надлежностите; чести се случаите каде работните задачи што треба да ги извршува педагогот се вршат од страна на психологот кој за истите задачи не се обучувал за време на иницијалното образование, и обратно, педагогот да извршува работни задачи кои по својот карактер треба да бидат реализирани од страна на психологот. Ист е случајот и за работните задачи кои треба да ги извршуваат останатите стручни соработници. Оваа појава е во најголема мера условена од немањето на јасен концепт од страна на државата и училиштето за позицијата на стручните работници и слабостите во вработувањето. Чест е случајот каде поради ,,рационализација" на училишниот кадар во стручната служба се вработува по еден стручен соработник, без притоа да се размисли дека во контекст на своите компетенции не може да ги реализира сите задачи кои се очекуваат од стручната служба.
- Губење на професионалниот авторитет низ секојдневниот административно-техничкиот склоп на задачи и активности. Чест е случајот стручните работници да се оптоваруваат со вршење на административно-технички активности кои излегуваат надвор од нивните задолженија што предизвикува губење на време и маргинализирање на нивната улога во основното училиште.
- Девалвација на стручните компетенции. Најголем дел од обуките на наставниците во изминатиот период не подразбираа вклучување на стручните соработници. Во случаите кога беа вклучувани, најчесто се случуваше да се обучуваат стручни соработници кои во училиштето не се надлежни за извршување на задачите за кои биле обучени во проектните активности. На тој начин директно се влијае врз одржливоста на интервенциите. Системски приод во професионалното усовршување на стручните соработници во државата не постои.

**Активности:**

> *Министерството за образование и наука ќе изработи програма за работа на стручно-педагошката служба во основното образование дефинирана во законската регулатива.*

Основен услов за успешно реализирање на оваа програма е во законската регулатива и подзаконските акти да биде прецизно наведено:

- **целта** на стручната служба;
- **работните задачи** (одговорности и надлежности диференцирано и групно дадени);
- **начините на работа**;
- **составот** (дали во составот на стручната служба ќе влезат сите профили: педагог, психолог, дефектолог, социолог, социјален работник, здравствен работник);
- **вработувањетои**, т.е. кога и под кои услови стручната служба може да има помал/поголем број на членови.

Ваквата програма има за цел да направи јасна дистинкција на надлежностите на членовите на стручно-педагошката служба и позицирање на работните задачи кои тимски треба да се реализираат. Оваа програма треба да содржи и јасни индикатори на успешност/ефективност кои ќе бидат функционално поврзани со клучните компетенции на сите членови на оваа служба.

Од аспект на ефективното училиште, членовите на стручно-педагошката служба во основното училиште треба да ги реализираат своите професионални обврски и активности според моделите на тимска работа и координација, насочени кон:

- креирање на вкупниот педагошки амбиент во училиштето;
- рано препознавање, идентификација и воспоставување на едукациски третман на надарените и талентираните деца и деца со тешкотии во учењето;
- примена на резултати од педагошко-психолошки иновации;
- интерна евалвација на наставниот процес и целосното педагошко функционирање на училиштето;
- професионална ориентација на учениците;
- обезбедување на адекватна педагошка клима за развој и интегрирање на учениците со различни образовни капацитети;
- подигнување на интерното стручно педагошко усовршување на наставниот кадар со следење на современите трендови;

- дизајнирање на слободните ученички активности во училиштето и во слободното време на учениците;
- програма за подигнување на едукативното ниво на родителите;
- превенција од социо-патолошки појави;
- постојано истражување на состојбите во училиштето.

За успешно извршување на овие обврски потребно е прецизно да се дефинираат и наведат клучните компетенции и надлежности на стручните соработници во Правилникот за работа на стручната служба во основното училишта. **(Анекс 3)**

## ЦЕЛ 2.5. Градење на систем за обезбедување и контрола на квалитетот

Досегашната практика покажа дека обезбедувањето и контролата на квалитетот во основното училиште се одвива стихијно, несистемски и надвор од доменот на заинтересираните субјекти - учениците и родителите. Во отсуство на екстерна контрола на квалитетот и специфичноста на процедурите за упис во средно училиште, предизвикана е вистинска ,,трка" по високи оценки, кои не ретко не претставуваат вистински еквивалент на знаењата на учениците.

### Активности:

*Министерството за образование и наука:*

- *ќе изгради систем за обезбедување и контрола на квалитетот во основните училишта;*
- *образование и обука на кадарот кој ќе ја спроведува контролата на квалитетот во предучилишното, основното и средното образование.*

### Обезбедување на квалитет

*Владата/МОН* - преку создавање и подобрување на елементарните услови (инфраструктура, опрема, ИКТ поврзување, зголемување на квалитетот на иницијалното образование на наставниците, регулирање на процесите, изработка на индикатори, т.е. стандарди на квалитет, државното финансирање и дислоцирање на советниците од БРО од контролори во лица кои стручно ќе им помагаат на училиштата во остварување на потребните стандарди за квалитет) ќе ја исполни својата обврска на обезбедувач на квалитет во основното училиште.

*Локалната самоуправа* - преку создавање и подобрување на условите (одржување на објектите, инвестиции во инфраструктурна и образовна опрема, афирмација на образованието во средината и семејствата, локалното финансирање и стручната помош преку своето одделение за образование) треба да ја исполни својата обврска како обезбедувач на квалитет во основните училишта.

*Основното училиште* - преку доследно спроведување на законската регулатива и нормативите и стандардите за квалитет, инвестирањето во професионалното и стручното усовршување, продукција на иницијативи и идеи за зголемување на ефективноста и доследното спроведување на својата улога во локалната заедница и државата, соработката со локалната самоуправа и родителите, треба да ја исполни својата обврска како обезбедувач на квалитет.

Соработката со БРО, во насока на промовирање на квалитет во образованието, ќе биде задолжителна и според прецизно утврдени механизми за соработка.

*Родителите* - преку учеството во советите за родителите, односно училишните одбори, ќе имаат обврска да се грижат за квалитетот во основните училишта, во рамките на своите ингеренции.

Бирото за развој на образованието, во соработка со Државниот испитен центар, во свои ингеренции ќе ја преземе грижата за градење на национални стандарди за обезбедување и одржување на квалитет. БРО директно ќе соработува со училиштата и локалните власти во дефинирањето на влезните и процесните индикатори за квалитет.

## Контрола на квалитетот

*Владата/МОН* - врши экстерна контрола на квалитетот. Преку Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Државниот испитен центар (ДИЦ) МОН ќе врши контрола на работата на основното училиште од аспект на почитување на законската регулатива и почитувањето на стандардите за ефективно училиште, како и заштитата на детските права во образовната сфера и правото на образование на сите, застапеноста и коректноста во спроведувањето на националните/државните интереси во образованието од страна на образовните установи на локално и национално ниво, ученичкиот успех и квалитетот на работата на училишните кадри и сл. ДПИ својата улога ја извршува во соработка со БРО, преку административна контрола и увид на ,,терен" од страна на мешовити тимови, т.е. инспектори за финансиско-материјално и законодавно работење и инспектори за стручно-педагошки прашања. ДИЦ е одговорен за екстерната евалвација на постигањата на учениците (знаења и умеења) објективизирана преку екстерно оценување на учениците во неколку циклуси во текот на основното образование.

*Локалнаѿа самоуѿрава и основноѿо училиѿѿе* вршат интерна контрола на квалитетот. Тие ќе ја преземат одговорноста за следење/контрола на квалитетот, со помош на прецизно утврдени механизми и инструменти за мерење на индикаторите на успешност.

*Родиѿелиѿе* и училишните одбори перманентно ќе учествуваат во секојдневните активности на училиштето, ќе учествуваат во анализите за постигнатите/остварени тестандарди на квалитет и ќе учествуваат во донесувањето на одлуките, рамноправно со останатите органи на училиштето и претставниците на локалната самоуправа. Нивна задача ќе биде активно да учествуваат во оценувањето на работата на наставниците, стручните служби и директорите на основните училишта.

## ЦЕЛ 2.6. Обезбедување пристап кон ранливите групи

Освен активностите содржани во поединечни проекти, во основното образование не постои концепт кој ќе овозможи ефективен пристап кон децата кои потекнуваат од ранливите групи на население. Поради ваквата појава, најголемиот број на деца кои имаат тешкотии во учењето го напуштаат школувањето, напредуваат со побавно темпо или воопшто не се вклучуваат во основното образование, се токму оваа категорија на деца.

**Активности:**

Министерството за образование и наука во соработка со локалните авторитети:

- *ќе развие механизми за мониѿоринг на сосѿојбаѿа со децаѿа во и надвор од сисѿемоѿ на образование;*
- *ќе развие концеѿѿ за рабоѿа со деца од ранливиѿе груѿи;*
- *ќе обезбеди бенефиции за школување на оваа каѿегорија деца.*

Ваквите мерки подразбираат поголем сензибилитет од страна на училиштата и локалната самоуправа кон т.н. ранливи групи, во кои спаѓаат:

» децата од неразвиени подрачја;

» децата со тешкотии во учењето;

» децата со побавно темпо на напредување во учењето;

» децата кои потекнуваат од семејства со неповолен социјален статус;

» децата на самохрани родители;

» децата од семејства со нарушени односи;

» децата од семејства со нагласени предрасуди и стереотипи;

» децата со хронични болести кои се одразуваат врз редовноста и можностите за следење на наставата;

» децата на кои јазикот на наставата не им е мајчин јазик.

Основното училиште, во соработка со локалната самоуправа, ќе треба:

» овие деца да ги евидентира, следи и поддржува во учењето;

» да формира тимови за помош и соработка;

» да посредува со соодветните органи и институции;

» да создава клима на разбирање, прифаќање и поддршка од страна на соучениците и родителите.

## ЦЕЛ 2.7. Инклузија и образовна партиципација на учениците со посебни образовни потреби

Основното образование својата мисија може да ја исполни целосно само доколку ги почитува принципите на отвореност кон потребите и условите на децата со развојни проблеми и посебни образовни потреби, во духот на меѓународните конвенции и стандарди.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука ќе создаде услови и ќе изгради концепт и програма за работа со учениците со развојни проблеми и учениците со посебни потреби. Тоа подразбира:*

- *следење на постигањата на децата (кооперативно учење и збогатени прилагодени извори на знаења);*
- *збогатување на обуката, реобуката и напредувањето на наставниците кои во редовното образование работат со децата со посебни образовни потреби;*
- *просторно-архитектонска пристапност до образовните институции;*
- *во соработка со локалната самоуправа ќе учествува во создавање на мрежа на паралелки во училишта за децата со посебни потреби;*
- *обезбедување на аудио-визуелни средства, според видот и степенот на попреченоста на децата со посебни образовни потреби;*
- *стандардизирање на теоретско-научната и законската терминологија која се однесува на оваа област, како и нејзино прецизирање и усогласување со меѓународните стандарди.*

Пристапот кон овие деца во потполност ќе го респектира видот и степенот на нивниот развоен проблем, во амбиент кој ќе ги задоволи желбите на детето и семејството и барањата за:

- доследна примена на принципот на инклузија;
- стручна, кадровска, просторно-техничка подготовка на училиштата за прифаќање на децата со посебни образовни потреб ;
- продолжување со работа на посебните училишта за грижа и образование на децата со потешка попреченост.

Во идниот развој, на тој план, нагласена улога треба да има стручната служба (дефектолози, педагози, психолози), кои ќе го следат напредувањето, адаптирањето, учењето и комуникацијата, како и поддршката на наставниците, учениците и родителите.

Соработката меѓу соодветните служби и институции треба да овозможи рана детекција, дијагностика и интервенција.

Работата со овие деца треба да биде строго индивидуализирана, насочена од дефектолозите и стручниот тим во училиштата, за што е потребно задолжително вклучување на дефектолози во редовниот систем на образованието и/или во одделенијата за образование при локалната самоуправа, во оние училишта/средини каде има зачестена појава на оваа категорија деца.

Ако детето и покрај создавање на сите потребни услови не може да го следи редовното образование, се вклучува во посебното образование, односно во посебно одделение при редовно училиште или во посебно училиште. Училиштата за деца со посебни потреби се во надлежност на МОН (централно ниво).

## ЦЕЛ 2.8. Пристап кон талентираните ученици

Во основното образование во Република Македонија не постои систем за рана детекција и работа со талентираните ученици. Најчесто, откривањето на талентите се врши од страна на наставниците и во зависност од амбицијата и подготвеноста на наставникот овие ученици дополнително се стимулираат да ги развиваат своите таленти. Ваквите иницијативи често наидуваат на пречки од страна на законските регулативи, предизвикувајќи обесхрабрување кај наставникот и родителите, разочараност кај децата и замрување на потенцијалите кај овие деца. Покрај штетата што ја трпат овие ученици и наставниците/родителите, најголема штета трпи државата бидејќи покажува дека не знае да ги искористи сопствените интелектуални ресурси и да ги стави во функција на сопствениот развој.

## Активности:

*Министерството за образование и наука:*

- *ќе изгради програма за рано откривање и работа со талентираните и надарените ученици;*
- *ќе интервенира во Законот за основно образование и ќе воспостави механизми и процедури за стимулирање на напредувањето на талентираните и надарените ученици;*
- *ке ја разгледа можноста за отворање на центри за откривање на талентирани деца.*

Со овие мерки се очекува основното образование да постигне национална стандардизација за рано откривање и работа со талентираните и надарените ученици. Елементите на овој концепт вклучуваат:

- надминување на парадигмата за еднаквост на сите ученици и примената на идентични линеарни пристапи и модели на учење и поучување;
- методологија за рано откривање на талентирани, надарени и креативни ученици;
- програми за работа со талентирани ученици во рамките на редовната настава и воннаставните активности;
- операционализација на постапките за побрзо напредување (формално, процесно и содржински);
- едукација на наставниот кадар за детекција и идентификација;
- учество на талентираните ученици на државни и меѓународни натпревари, и соодветно стимулирање преку бенефиции (стипендирање, кредитирање и сл.);
- вклучување на талентирани ученици во меѓународната мрежа за негување на таленти;
- дефинирана терминологија за талентираните ученици според меѓународните стандарди;
- почитување на меѓународните документи во однос на третманот на надарените и талентираните ученици.

## ЦЕЛ 2.9. Улогата на училишните одбори и цивилното општество

Современиот живот сè повеќе ја нагласува потребата од функционална интеракција на училиштето и училишните одбори, особено во контекст на децентрализацијата на образовниот систем, како и промената на системот на вредности во семејството и општеството. Досегашната практика на формално членување во училишните органи и тела ќе мора да се замени и осовремени.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука ќе изгради програма за учество на училишните одбори во функционирањето на основното училиште.*

Ваквата мерка подразбира активна улога на училишните одбори преку:

- партиципација во наставниот процес во улога на извори на знаење, соговорници и соработници;
- форми на партнерство со наставниците;
- поддршка на децата/учениците со проблеми во учењето;
- партиципирање во вonнаставните и вонучилишните активности;
- учество во организирањето на манифестации од локален карактер;
- посредување со локалните власти и заедницата;
- создавање на клима на доверба и разбирање за разликите меѓу децата, особено на децата со посебни образовни потреби и децата со друга етничка припадност;
- промоција на модели за активна партиципација на училишните одбори во училишниот живот и нивна афирмација како партнери во наставата и учењето;
- стимулирање на децата/учениците за учење во семејната средина;
- реализација на разни компензаторски програми;
- учество во оценувањето на наставниците, стручните соработници и директорите на училиштата.

Со постоечките законски мерки и стандарди е димензионирано учеството на родителите во органите на училиштето, но тие мора детално да се операционализираат.

## ЦЕЛ 2.10. Создавање на можности за основање на приватни основни училишта

### *Состојба/Причини*

Во Република Македонија не постои можност за основање на приватни основни училишта. И покрај тоа што оваа мерка успешно се реализира во поголем број земји и претставува основа за конкурентност во основното образование, агенс за јакнење на квалитетот во образованието и можност за поголем опфат на ученици, во Република Македонија ова прашање сѐ уште не е отворено.

**2001/2002 година**

- Вкупно редовни основни училишта - 1 010
- Вкупно ученици - 242 707.
- Вкупно паралелки - 10 094.
- Вкупно наставници - 13 508.
- Вкупно наставници со полно работно време - 12 912.
- Број на ученици по одделение - 24,04.
- На еден наставник - 17,97 ученици.
- На еден наставник со полно работно време - 18,80 ученици.

Државата, во согласност со заложбата за рационализација на училишната мрежа, е судрена и со потребата од зголемување на капацитетите во одредени региони, пред сѐ во урбаните средини. За сметка на тоа бројот на училиштата, особено подрачните училишта во руралните средини, перманентно се намалува.

Во потрага по подобри животни услови дел од руралното население се сели во градовите со што училиштата во селата покриваат сѐ помал број на ученици. Така на пример, во општина Крива Паланка, 19 рурални училишта или близу половината од вкупната бројка, беа затворени во 1995 година. Сличен тренд е присутен и во останатите рурални средини во Република Македонија, особено во нејзиниот централен и источен дел.

| Година | Училишта |
|---|---|
| 1996/97 | 1 045 |
| 1997/98 | 1 043 |
| 1998/99 | 1 041 |
| 1999/00 | 1 036 |
| 2001/02 | 1 010 |
| 2002/03 | 1 020 |

Училишната мрежа, и покрај тоа што статистички ги задоволува потребите за опфат на ученици, ни оддалеку не ја покажува истата моќ доколку предвид се земат стандардите за современа настава и учење. Најголем дел од училишните објекти се изградени пред повеќе децении, слабо се одржувани и многу малку ги задоволуваат основните стандарди за квалитетно спроведување на воспитно-образовниот процес. Оваа ситуација е карактеристична за Централна и Источна Македонија, со доминантна манифестација во руралните средини.

Финансиската моќ на државата за градење на оптимална и современа мрежа на основни училишта е слаба и не дава оптимизам дека во догледно

време ќе се подобри состојбата на овој план. Ваквата состојба во голема мерка ја актуелизира потребата за овозможување на приватна иницијатива во основното образование.

Децентрализацијата налага преземање на голем број на обврски од страна на локалната самоуправа. На прашањето до кој степен општините и кои ќе имаат моќ не само да ги одржуваат, туку и да ги зголемуваат и модернизираат училишните објекти и да ги постават на приоритетната листа на свои активности, е тешко да се одговори. Повеќе од очигледно е дека во наредниот период може со сигурност да се очекуваат намалени инвестиции во основните училишта од страна на локалната самоуправа, што алармантно го поставува прашањето за изнаоѓање на нови извори на финансирање или нови облици на сопственост во основното образование.  Оваа практика ќе може да го растовари локалниот и државниот буџет и ќе создаде услови за поволности/бенефиции за оние деца/ученици кои поради недостаток на финансии не се во можност да го посетуваат или од истите причини го напуштаат школувањето, да можат да се здобијат со бесплатно основно образование. Остварувањето на можности за основање на приватни основни училишта од аспект на децентрализацијата е повеќе од потреба.

Искуството од основањето на приватни средни училишта во Република Македонија, од аспект на конкурентност, воведување на европските стандарди и подигнување на квалитетот на училишната работа, афирмација на добри модели од практиката и мотивација на наставниците и учениците, покажа дека е потребно истото да се направи и во основното образование. Впрочем, позитивните искуства од земјите во поблиското и поширокото окружување кои го воведоа и/или го практицираат ова решение се најсилен доказ дека и во нашата земја треба да се преземе овој чекор.

**Активности:**

- *МОН и Владата на Република Македонија ќе ја прошират мрежата на основни училишта со интервенции во законската регулатива.*
- *МОН ќе ѝ препорача на Владата на Република Македонија разгледување  и создавање можности за основање на приватни основни училишта.*
- *МОН и Владата на Република Македонија ќе овозможат приватно - јавни партнерства и можност за концесионерство во основните училишта со интервенции во законската регулатива.*

Ваквата мерка подразбира интервенции во неколку сфери, и тоа:

1. Интервенција во законската регулатива, со јасно прецизирање на обврските кои ги има приватното училиште и државните процедури и акти кои тоа мора да ги почитува.
2. Дефинирање на кор-курикулум кој ќе го изрази интересот на државата и кој секое државно и приватно основно училиште мора да го почитува.
3. Јасно прецизирање на надлежностите кои ќе ги има ДПИ, БРО и ДИЦ во текот на работата на приватното училиште.
4. Регулација на соработката на приватните училишта со државните основни и со средните училишта.

# АНЕКС 1

## Модел на задолжително образование

***ПРИМЕРИ НА МОДЕЛИ:***

| ЗЕМЈА | Задолжително образование | | Основно |
|---|---|---|---|
| | од - до | траење | траење |
| Албанија | 6-13 | 8 | 4 |
| Бугарија | 7-14 | 8 | 4 |
| Романија | 7-14 | 8 | 4 |
| СЦГ | 7-14 | 8 | 4 |
| **Македонија** | **7-14** | **8** | **4** |
| Австрија | 6-14 | 9 | 4 |
| Италија | 6-14 | 9 | 5 |
| Грција | 6-14 | 9 | 6 |
| Португалија | 6-14 | 9 | 6 |
| Хрватска | 7-15 | 9 | 4 |
| Латвија | 7-15 | 9 | 4 |
| Литванија | 7-15 | 9 | 4 |
| Естонија | 7-15 | 9 | 6 |
| Полска | 7-15 | 9 | 6 |
| Швајцарија | 7-15 | 9 | 6 |
| Словенија | 7-15 | 9 | 4 |
| Русија | 6-15 | 10 | 3 |
| Словачка | 6-15 | 10 | 4 |
| Чешка | 6-15 | 10 | 5 |
| Монако | 6-15 | 10 | 5 |
| Луксембург | 6-15 | 10 | 6 |
| Јапонија | 6-15 | 10 | 6 |
| Ирска | 6-15 | 10 | 8 |
| Унгарија | 7-16 | 10 | 4 |
| Лихтенштајн | 7-16 | 10 | 5 |
| Данска | 7-16 | 10 | 6 |
| Финска | 7-16 | 10 | 6 |
| Шведска | 7-16 | 10 | 6 |
| Малта | 5-15 | 11 | 6 |
| Белорусија | 6-16 | 11 | 4 |
| Молдавија | 6-16 | 11 | 4 |
| Франција | 6-16 | 11 | 5 |
| Андора | 6-16 | 11 | 6 |
| Шпанија | 6-16 | 11 | 6 |
| Исланд | 6-16 | 11 | 7 |
| Норвешка | 6-16 | 11 | 7 |
| Велика Британија | 5-16 | 12 | 6 |
| Украина | 6-17 | 12 | 4 |
| САД | 6-17 | 12 | 6 |
| Германија | 6-18 | 13 | 4 |
| Белгија | 6-18 | 13 | 6 |
| Холандија | 6-18 | 13 | 6 |

Global Education Digest 2005, UNESCO, 2005

# АНЕКС 2

## Глобална матрица на компетенциите на наставниците

### *А. Фокусирање на развојот на ученикот*

1. Секојдневно се грижи за учениците.
2. Знае и разбира како учениците учат и се развиваат.
3. Ги ангажира учениците да стекнуваат соодветни сознајни искуства кои го помагаат нивниот развој.
4. Ги охрабрува учениците да преземаат одговорност за сопственото учење.
5. Упорен е во поттикнувањето на мотивите и желбата на учениците да учат и да постигнуваат подобри резултати.
6. Упорен е во настојувањата учениците да чувствуваат задоволство од постигнатите резултати.
7. Ги поттикнува помалку успешните ученици.
8. Развива вештини за проучување на потребите и интересите на секој ученик.
9. Ги почитува разликите меѓу учениците и води сметка за нивниот развој условен од индивидуалните можности.
10. Го споделува успехот и неуспехот на секој ученик.
11. Создава атмосфера во која развива уверување кај секој ученик дека постигнатиот успех е резултат на неговото лично залагање.
12. Негува стил на работа кој ја поттикнува сознајната љубопитност на секој ученик.
13. Кај секој ученик гради уверување дека постигнатиот успех е резултат на неговото стекнато искуство и личните интереси.
14. Обезбедува активности кои се соодветни на личниот развој на секој ученик.
15. Води сметка за физичкиот, емоционалниот и когнитивниот развој на секој ученик.
16. Гради стратегии за енергично влијание врз воспитно запуштените ученици.
17. Работи со ученици кои имаат проблеми во учењето.
18. Работи со ученици кои имаат тешкотии во развојот.
19. Ги почитува и постапува според правата на детето - ученикот.

20. Ја почитува личноста и мислењето на секој ученик.
21. Создава услови и поттикнува дијалог меѓу учениците.
22. Негува услови за формирање на ставови на учениците и градење на аргументација за нивно зацврстување.
23. Обезбедува можности за активно ангажирање и користење на сите идеи на учениците.
24. Ги почитува интересите и афинитетите на секој ученик.
25. Создава услови во кои учениците учат еден со друг и еден од друг.
26. Создава услови за негување односи на толеранција и заемно почитување на учениците.
27. Го поттикнува критичкото мислење на учениците.
28. Го следи напредувањето на секој ученик.
29. Создава услови за самовреднување и заемно вреднување на учениците.
30. Ги анализира и настојува да ги надмине семејните (не)прилики како еден од условите кои влијаат врз напредувањето на ученикот.

### *Б. Дизајн, менаџмент и развој на средина за учење*

1. Развива ученичка заедница во која учениците веруваат и прифаќаат одговорност за сопствената улога во неа.
2. Кај учениците негува колективна и лична одговорност за вредностите во ученичката заедница.
3. Ја користи индивидуалната и колективната мотивација и однесување за да создаде средина за учење која ја поттикнува социјалната интеракција меѓу учениците.
4. Создава клима за развој на граѓанска одговорност во одделението и училиштето.
5. Има грижлив став и промовира позитивни интерперсонални односи во училницата и училиштето во целина.
6. Заедно со учениците воспоставува и одржува процедури, постапки и очекувања преку кои се обезбедува сигурна и мотивирачка средина за учење и преземање на интелектуални ризици.
7. Негува внатрешна мотивација кај учениците.
8. Развива односи на кооперативност и партнерство во учењето.
9. Развива односи на меѓусебна доверба и почитување меѓу учениците.
10. Создава атмосфера на почитување на соговорникот со различно мислење.

11. Промовира атмосфера во која активната ангажираност на секој поединец претставува критериум за негово напредување.
12. Негува соработнички односи со учениците.
13. Се промовира себеси како партнер со поголемо искуство во учењето.
14. Прашува и очекува да биде прашуван.
15. Поттикнува сознаен дијалог меѓу учениците.
16. Негува социјална интеракција преку групна работа на учениците.
17. Ја поттикнува учениковата иницијатива за поставување на цели, избор на средства и начини на работа.
18. Поттикнува атмосфера на самоорганизираност на учениците во нивната работа.
19. Ги почитува критериумите и аргументите за вреднување и самовреднување на секој поединец во одделението.
20. Се грижи за квалитетни врснички односи и соработка на учениците и надвор од училницата.

## *В. Почитување на индивидуалните разлики на учениците*

1. Покажува грижа и симпатии за сите ученици почитувајќи ги нивните различности.
2. Развива пријателски односи со сите ученици и разбирање за секој ученик – поединец.
3. Ги почитува и разбира разликите меѓу учениците, нивните ставови и пристапи во учењето.
4. Ги прилагодува пристапите на работа кон секој ученик.
5. Негува стил на работа во кој инструкциите, следењето и вреднувањето на ангажираноста на секој ученик се условени од неговите различни можности и способности.
6. Покажува готовност да помогне на секој ученик и создава услови тој да се радува на сопствените постигања.
7. Создава атмосфера на самодоверба и уверување дека секој може да учи и да постигне резултати.
8. Покажува флексибилност во прилагодувањето на инструкциите и очекувањата од секој ученик поединечно.
9. Создава услови за развој на различни стилови на учење условени од различните моности и потенцијали на учениците.
10. Организира соодветни наставни и сознајни ситуации за успешни постигања на учениците со посебни потреби и предизвици во развојот.

11. Умее да ги предвиди тешкотиите на кои можат да наидат учениците со различни можности и способности.
12. Покажува чувство на одговорност кон недоволните постигања на некои од учениците.
13. Нуди и дава силна поддршка на учениците со тешкотии во учењето, бавно сфаќање и недоволното разбирање во учењето.
14. Обезбедува различни извори за учење кои соодветствуваат на различните стилови и приоди во учењето.
15. Развива и нуди посебни програми за поголеми постигања на учениците со поголеми сознајни аспирации и можности.

### *Г. Комуникација во училницата*

1. Поседува и користи знаења, способности и вештини за ефективни вербални, невербални и медиумски комуникациски технологии во училницата.
2. Негува активни истражувачки постапки условени од соработката и интерперсоналната комуникација на учениците.
3. Создава клима на отвореност кон проблемите и сознајните предизвици преку комуникација меѓу учениците.
4. Негува партнерска и групна соработка во одделението.
5. Покажува промислено, грижливо и активно слушање на дијалозите и дискусиите на учениците во одделението.
6. Промовира лична и професионална чувствителност кон вербалните и невербалните форми на комуникација во одделението.
7. Го поттикнува и развива самоизразувањето на учениците.
8. Се афирмира како активен слушател и соговорник на учениците.
9. Со учениците комуницира јасно, недвосмислено и логично.
10. Го поттикнува и развива усното и писменото изразување на учениците.
11. Ја развива способноста за симболичка комуникација на учениците.
12. Негува и бара почитување на јазичните стандарди во писмената комуникација на учениците.
13. Негува стил на работа кој ја поттикнува културата на вербалната и невербалната комуникација меѓу учениците.
14. Се грижи за негување на уметничките вредности на усниот говор.
15. Се грижи за употреба на литературниот јазик од страна на учениците.
16. Се грижи за развој на способностите за творечки писмен јазик на учениците.

17. Го поттикнува јазичното творештво на учениците.
18. Инсистира на прецизен говор во сите програмски подрачја.
19. Се грижи за развој на способностите за јасен, разговетен и нагласен јазик во говорот на учениците.
20. Создава услови во кои учениците можат меѓусебно активно да комуницираат.
21. Активно го следи развојот на комуникациските вештини на учениците.
22. Степенот на развиеност на комуникациските вештини го третира како значајна компонента во евалвацијата на напредувањето на секој ученик.

## *Д. Планирање на наставата*

1. Планира краткорочни, среднорочни и долгорочни цели.
2. Планира наставни, воннаставни и вонучилишни активности.
3. Планира реални и опипливи цели кои учениците ги разбираат.
4. Планира цели кои се сообразени со можностите и способностите на учениците.
5. Планира и развива програми за учениците со посебни потреби.
6. Планира и развива програми за учениците со тешкотии во учењето.
7. Ги планира сопствените активности и ангажманот на учениците.
8. Ги планира очекувањата од постигањата на учениците.
9. Врши споредба меѓу планираните и остварените постигања и врши анализа на причините за отстапувањата.
10. Планира вид и обем на активностите на учениците.
11. Планира цели, активности, средства и содржини кои кореспондираат со наставните програми по соодветните предмети.
12. Планира видови на технолошка поддршка на процесите на учење и поучување.
13. Планира стратегии за реализација на поставените цели.
14. Негува методички плурализам, полиморфност и поливалентност на процесите на поучување.
15. Планира стратегии на различие од стилови на учење и различни извори на знаење.
16. Го планира текот и фазите на учење и поучување.
17. Планира стратегии за следење и евалвација на квалитетот на наставата.

18. Планира стратегии за оценување на пристапите за самоучење и кооперативно учење.
19. Ги планира резултатите од учењето и поучувањето и видот на продуктите кои се јавуваат како ефекти од тие процеси.
20. Го планира видот/видовите инструменти за следење и вреднување на ефектите од работата на учениците.

### *Ѓ. Подготовка на концепти за учење*

1. Ги разбира и почитува различните стилови на учење, средствата за истражување и структурите на знаењето и врз основа на нив ги гради сознајните искуства на учениците.
2. Умее да ги поврзува новите сознанија со претходно стекнатите искуства на учениците.
3. Умее да ги поврзува основните идеи и поединечните примери.
4. Создава услови за учење со разбирање.
5. Користи повеќекратни презентации, примери и објаснувања.
6. Бара лични примери од учениците и инсистира на нивно поврзување со основните идеи.
7. Настојува стекнатите знаења учениците да ги поврзуваат и проверуваат во секојдневниот живот.
8. Настојува стекнатите способности и вештини учениците да ги применуваат и усовршуваат во секојдневниот живот.
9. Организира сознајни ситуации со нагласена самостојна работа на учениците.
10. Обезбедува услови за тимска организираност на учениците во процесите на учење.
11. Обезбедува интегрирани знаења и интердисциплинарни искуства со што кај учениците развива холистички сфаќања за стварноста.
12. Создава услови за заработување на знаењата преку непосредна ангажираност на учениците.
13. Ги наведува учениците на искуствено учење.
14. Создава услови за истражувачко учење.
15. Создава услови за учење преку решавање на проблеми.
16. Негува атмосфера на критички однос на учениците кон усвоените факти и сознанија.
17. Создава услови за примена и користење на алтернативни постапки во учењето.

18. Создава услови за споредување и анализа на факти и сознанија стекнати преку користење на различни извори.

## *Е. Учење на учениците*

1. Овозможува користење на различни стратегии на учење.
2. Го поттикнува логичкото мислење на учениците.
3. Обезбедува искуства кои ги оспособуваат учениците во поставување цели, избор на задачи, планирање на работата, примена и вреднување на квалитетот на работата.
4. Дизајнира активно истражување на учениците помагајќи им да поставуваат и решаваат проблеми.
5. Создава услови учениците да доаѓаат до значајни заклучоци преку избор на извори на знаења и користење на информациите, нивно споредување и спротивставување.
6. Покажува методички варијабилитет на сопствената улога во работата со ученици кои имаат различни интереси, афинитети и способности (насочувач, помагач, соучесник, инструктор, тренер, публика).
7. Ги прилагодува инструкциите кои се условени од потребите на учениците и специфичностите на програмските содржини.
8. Ги развива ученичките способности и вештини за донесување на одлуки и заземање на ставови.
9. Ги развива ученичките вештини за работа со други и за работа во група.
10. Ги поддржува учениците во стекнувањето на сигурност и упорност во учењето.

## *Ж. Оценување*

1. Разбира и користи различни стратегии за оценување на континуираниот интелектуален, социо-емоционален и физички развој на учениците.
2. Обезбедува услови во кои учениците можат да поставуваат цели на сопственото учење.
3. Ги вклучува учениците во различни активности за самооценување.
4. Од родителите, другите наставници и самите ученици бара и користи информации за нивните искуства, за учењето, за однесувањето и за потребите.
5. Континуирано го следи, набљудува и анализира напредувањето на учениците.
6. Води детални белешки за промените во учењето, однесувањето и кому-

ницирањето на секој ученик.

7. Формира база на податоци за напредувањето и постигањата на секој ученик.
8. Комуницира и соработува со родителите и со своите колеги за да ги преиспита индикаторите на сопствените белешки.
9. Негува висока професионална свест за сопствената одговорност во оценувањето на постигањата на учениците.

### *З. Професионален однос кон работата*

1. Пројавува перманентен интерес за својот личен и професионален развој.
2. Презема иницијативи за повисоки стандарди во сопствениот професионален развој.
3. Континуирано да работи на своите професионални компетенции.
4. Учествува во различни организирани форми за професионален развој на наставниците.
5. Го гради својот авторитет преку висока професионалност, компетентност и стручност во работата.
6. Ја афирмира својата професија во својата средина и пошироката заедница.
7. Ја промовира општествената мисија и цивилизациските придобивки на училиштето и образованието во целина.
8. Стекнатото методолошко искуство го користи за преиспитување и истражување на сопствената наставна практика и работата со учениците.
9. Ги знае и ги почитува правилата и процедурите на училиштето како организирана заедница и работна средина.
10. Ги знае и ги почитува одредбите во законските прописи и според нив ги усогласува своите лични и професионални права и обврски.
11. Своето лично и професионално однесување го усогласува според утврдените и прифатените норми во општествената заедница.

### *S. Соработка со родителите*

1. Го афирмира партнерскиот статус на родителите.
2. Го поттикнува и организира присуството на родителите во училиштето и училницата.

3. Ја дизајнира стручната и искуствената партиципација на родителите во наставниот процес.
4. Ги посетува семејствата на учениците.
5. Иницира форми за организирана соработка меѓу родителите на учениците.
6. Редовно ги информира родителите за напредувањето на нивните деца.
7. Организира заеднички средби со родителите и нуди содржини на нивно дружење.
8. Одржува континуирана врска и комуникација со членовите на семејствата на своите ученици.
9. Работи со ученици кои потекнуваат од семејства во криза, раздвоени брачни заедници, деца на родители пред развод, деца - жртви на семејно насилство, деца на родители - зависници и сл.
10. Развива и реализира програми за правата и одговорностите на децата во своите семејства.
11. Развива и реализира програми за одговорно родителство и квалитетен семеен живот.
12. Работи со родителите за развивање на свест и одговорност кон правата на децата и обврските на родителите и семејството.

# АНЕКС 3

## Клучни компетенции и надлежности на стручните соработници

Зајакнувањето на стручната служба во училиштата, со јасно разграничување на ингеренциите на кадарот и нивно фокусирање во развојната сфера, подразбира и дефинирање на нивните клучни компетенции, функционално поставени во зависност од работните задачи кои треба да ги извршуваат.

***Училиштен педагог.*** Основни стручни соработници во училиштата кои се занимаваат со воспитание и образование. Во европските земји, освен со името педагог, овој профил се јавува и како: директор за настава, образовен координатор, образовен советник и сл. Нивната работа во училиштата е фокусирана во неколку подрачја.

- планирање и програмирање;
- работа со ученици;
- работа со учители/наставници;
- работа со родители.

Планирањето и програмирањето вклучува: планирање на сопственото стручно усовршување и стручно и професионално усовршување на учителите/наставниците, планирање на работата во училиштето, работа во наставничкиот совет и учество во изработка на годишниот план и програма на училиштето. Во својата работа, педагогот соработува со директорот на училиштето и останатите стручни соработници (психолог, дефектолог и др.). Во соработка со локалните заводи за вработување педагогот изработува план и програма за професионално информирање. Планот за работа со децата со посебни потреби педагогот го изработува во соработка со психологот и дефектологот, доколку ги има во училиштето.

Педагогот изработува план за здравствена, социјална и еколошка заштита на учениците во соработка со училишната амбуланта/ медицинското лице доколку ги има во училиштето.

Задача на педагогот е да изработи план за културна и јавна активност на училиштето и средување на педагошката документација.

Педагогот ги организира ученичките работилници и додатната настава, организира воспитно-образовни предавања за учениците, а некои и самиот ги реализира, а во соработка со училишниот психолог (доколку го има) го организира и спроведува ,,испитот на зрелоста" за запишување на децата во прво одделение.

Педагозите реализираат дел од професионалното информирање во соработка со заводите за вработување и даваат информации за програмите на

средните училишта.

Во стручниот тим со психологот и дефектологот ги спроведуваат програмите за учениците со посебни потреби и/или учениците со посебни предизвици во развојот, а во соработка со психологот ја спроведуваат програмата за талентирани ученици.

Во работата со учителите, педагозите ја следат/проверуваат реализацијата на наставата и учењето (редовност, примена на наставни стратегии, реализација на целите од програмата и сл.). Тие ги анализираат резултатите на училиштето од аспект на успешност, поведение, поправни испити и сл., ги споредуваат со останатите училишта на локално и државно ниво и даваат препораки за нивно подобрување.

Педагозите организираат истражувачка работа во училиштето и стручно и професионално усовршување на учителите, како и воспитно-образовна работа со родителите.

Своите работни задачи педагогот ги остварува по пат на чести контакти со учителите/наставниците, учениците, родителите, другите стручни соработници и соработниците надвор од училиштето (медицински лица, центри за социјална работа, психолози во заводите за вработување, стручни лица од останати професии, одделението за образование во локалната самоуправа, Државниот испитен центар, Центарот за средно стручно образование и др.).

Покрај квалитетно извршување на работните задачи, обврска на педагозите е постојано стручно да се усовршуваат.

***Училиштен психолог.*** Стручен соработник кој е надлежен за детекција, корекција и унапредување на психолошките аспекти од училишната работа. Како профил во училиште најмногу е присутен во САД, додека во Европа во некои земји се јавува во училиште, во некои воопшто го нема, а во некои работи во локалната самоуправа и покрива поголем број на училишта.

Училишните психолози доминантно се фокусирани во интервјуирање и тестирање на учениците и процена на нивните психолошки проблеми и извори на потешкотии во учењето. Во соработката со родителите и наставниците ги планираат начините како да им се помогне на учениците кои имаат потешкотии во учењето и поведението.

Психолозите ја испитуваат психолошката атмосфера во одделенијата и учествуваат во детекцијата и решавањето на конфликтните ситуации. Во соработка со педагогот се занимаваат со унапредување на методите на поучување и оценување на ученичките постигања, професионалното информирање и советување на учениците.

Во стручниот тим со педагогот и дефектологот ги спроведуваат програмите за учениците со посебни потреби и/или учениците со посебни предизвици

во развојот, а во соработка со педагогот ја спроведуваат програмата за талентирани ученици.

Психолозите реализацијата на своите работни задачи, по правило, ја темелат на внимателно собрани емпириски податоци, системско набљудување на однесувањето на учениците и наставниците во разни околности. Врз база на анализа тие донесуваат судови за одделни ученици / наставници, предлагаат терапевтски постапки и други мерки за надминување на проблемите.

***Училиштен дефектолог.*** Стручен соработник кој ги открива, поучува и оспособува учениците со посебни потреби и учениците со посебни предизвици во нивниот развој. Освен како дефектолог во останатите земји се јавува под името специјален педагог. Како училишен профил највеќе е застапен во САД и во некои европски земји. Во повеќето европски земји не се јавува како училиштен профил.

Работните задачи на дефектологот доминантно се фокусирани во превенцијата, откривањето, дијагностицирањето, третманот, процесирањето и понатамошната грижа за учениците со посебни потреби / ученици со пречки во психофизичкиот развој, доколку ги има во училиштето.

Работи индивидуално и тимски во соработка со педагогот и психологот. Неговата работа е особено значајна на планот на поддршка (советување и едукација) на наставниците и родителите за поефикасна настава и учење во случаи кога училиштето има деца со посебни потреби. Нивното значење доаѓа најмногу до израз во специјалните училишта.

Со оглед на специфичноста на возраста на учениците, бројноста и застапеноста на децата со посебни потреби во основното образование и основната функција на основното училиште, најпожелен профил на дефектолог, кој би можел да биде перманентен член на стручната служба во основното училиште е профилот: општ дефектолог - насока логопедија, т.е. стручно лице за вербално-гласовна комуникација. Негови работни задачи, покрај работата со децата со посебни потреби, би биле превенција, дијагностицирање и третман на учениците кои имаат говорни проблеми и учениците кои имаат проблеми во пишувањето и читањето.

***Социолог, социјален работник и детски лекар*** се стручни работници кои можат, по потреба, да бидат вклучени како членови на стручната служба во основното училиште. Нивните работни задачи во најголема мерка би биле фокусирани во анализи на состојбата и работа со родителите/семејствата. Детскиот лекар би имал и перманентна работа на планот на превенција/заштита од несакани последици по здравјето на децата.

Дефинирањето на работните задачи и функции на стручните соработници треба да имплицира измени во иницијалното образование на овие профили.

Институциите кои се занимаваат со едукација на овие профили мора предвид да ги земат бараните/потребните компетенции за ефикасно извршување на работните задачи на секој профил и согласно тоа да постават студиски програми кои ќе ги исполнат овие услови. Истовремено, потребните компетенции мора да бидат основа за следење и вреднување на работата на стручните соработници посматрани од призма на нивната успешност.

# АНЕКС 4

## Стручни и професионални квалификации на наставниците кои реализираат настава во задолжителното образование

| Бр. | Наставен предмет | Одд. | Професионални квалификации |
|---|---|---|---|
| 1.<br>1.1. | Мајчин јазик<br>Македонски јазик | I-IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски јазик) |
| 1.2. | Албански јазик | I-IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на албански јазик) |
| 1.3. | Турски јазик | I-IV | ▸ авршено високо образование<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на турски  јазик) |
| 2. | Македонски јазик за учиниците од други заедници | III / IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија);<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски јазик) |
| 2.1. | Македонски јазик за учениците од други заедници | V-IX | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филолошки факултет (наставна насока)-Македонски јазик и македонска книжевност |
| 3. | Англиски јазик | III / IV | ▸ Завршено високо образование / англиски јазик + специјализација во педагошка област |
| 3.1. | Англиски јазик | V-IX | ▸ Завршено високо образование / англиски јазик + специјализација во педагошка област |
| 4. | Втор светски јазик | V-IX | ▸ Завршено високо образование/ соодветна насока + специјализација во педагошка област |
| 5. | Математика | I,II,III,IV | ▸ Завршено високо образование + специјализација во педагошка област<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски јазик) |
| 5.1. | Математика | V-IX | ▸ Завршено високо образование/соодветна насока + специјализација во педагошка област |
| 6. | Природа и општество | I-III | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски  јазик) |
| 7. | Природа | IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски  јазик) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Општество | IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски јазик) |
| 9. | Ликовна култура | IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски јазик) |
| 9.1. | Ликовна култура | V-IX | ▸ Завршено високо образование, соодветна насока + специјализација во педагошка област |
| 10. | Музичка култура | IV | ▸ Завршено високо образование + специјализација во педагошка област<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски јазик) |
| 10.1. | Музичка култура | V-IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 11. | Физичка култура | IV | ▸ Завршено високо образование<br>▸ Филозофски факултет (Институт за педагогија)<br>▸ Педагошки факултет (насока одделенска настава на македонски, албански, турски јазик) |
| 11.1. | Физичка култура | V-IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област;<br>▸ Факултет за физичка култура (наставна насока) |
| 12. | Вовед во историјата | V | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 13. | Општа историја | VI | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 14. | Историја на културите и религиите | VII | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 15. | Национална историја | VIII | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 16. | Граѓанско образование | IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 17. | Вовед во географијата | VI | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 18. | Географија на Македонија | VII | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 19. | Европска географија | VIII | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 20. | Светска географија | IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 21. | Биологија | V и VI | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 22. | Хемија | VII и VIII | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23. | Физика | VIII-IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 24. | Информатика | IV | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 24.1. | Информатика | V-IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 25. | Етика | VIII | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 26. | Култура на комуникација | IX | ▸ Завршено соодветно високо образование + специјализација во педагошка област |
| 27. | Технологија и дизајн | | ▸ Различни профили |




# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СРЕДНОТО И НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ >>>



Работна група:

д-р Ласте Спасовски, координатор
д-р Цветко Смилевски
д-р Елена Ачковска-Лешковска
Агим Фазлиу
Лидија Кондинска
м-р Никола Савев
Трајче Ѓорѓијевски

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СРЕДНОТО И НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ



## 1. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА СРЕДНОТО И НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### 1.1. Визија

Република Македонија настојува да создаде рационална мрежа на училиштата за средно и за постсредно образование усогласена со потребите на стопанството, пазарот на трудот и политиката на вработувањето која брзо и ефикасно ќе се прилагодува на локалните и на глобалните промени. Училиштата за средно и за постсредно образование треба да ги задоволуваат европските стандарди, почитувајќи ги принципите на децентрализација, еднакви образовни можности за сите, квалитет, транспарентност, интегративност и граѓанска одговорност.

### 1.2. Мисија

Глобалната мисија на средното и на постсредното образование, за којашто се залага оваа програма, подразбира воспоставување на отворен и ефикасен систем кој ќе обезбеди рамноправен пристап на сите корисници и индивидуален развој на личноста преку здобивање компетенции неопходни за успешна работа, натамошно образование и живот во демократско општество, во согласност со локалните и со глобалните општествено-економски можности, интереси и потреби. Покрај соодветното структурирање на формалниот систем на средното образование, мисијата подразбира и создавање на можности за неформално и информално образование и нивно поцврсто поврзување. Оваа програма треба да овозможи поголема компатибилност со стандардите на земјите од Европската унија.

Вака конципираниот систем за средното и за постсредното образование се очекува да се оствари со помош на претходно утврдени долгорочни и ефикасни интервенции, кои ќе обезбедат:

- еднакви можности за вклучување во средното образование и избор на различни патишта за остварување на иста цел, како и спречување на маргинализацијата на припадниците на одделни групи;
- флексибилно образование во поглед на структурата, изборот на програмите и струките, методите, организацијата, етапите и местото на реализирање на образованието;
- поопшто стручно образование со кое ќе се стекнат компетенции за променливиот свет на трудот, за општествениот и за културниот живот;
- стекнување на животни вештини неопходни во современото информатичко општество и приближување на образованието до бизнисот;
- примена на современи стандарди на образование и стандарди на занимања;
- примена на усовршени наставни планови и програми, модули и курсеви, како и воспоставување оптимална рамнотежа помеѓу општото и стручното образование, теоријата и практиката;
- промовирање на културата на самоевалвација и на развојното планирање на училиштето.

Доколку средното и постсредното образование ја остварат својата мисија, тоа ќе биде силна поддршка за оживување на економијата, за развојот на демократијата и за меѓународната интеграција на земјата.

# 2. СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО РАЗВОЈОТ НА СРЕДНОТО И НА ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 2.1. Современи трендови во средното и во постсредното образование

Кон крајот на 80-те и во почетокот на 90-те години на 20-от век, во светот започна новата реформа на училиштата, чијашто цел беше изградување поефикасни и поконкурентни образовни системи. Промените во потсистемот на средното и на постсредното образование се иницирани од актуелните процеси на општествено-политички, економски и технолошко-технички план: интеграцијата и глобализацијата, експанзијата на комуникациско-информатичката техника и технологија, ориентацијата кон пазарна економија, потребите и трендовите во сферата на вработувањето, конкурентноста и компетитивноста.

Со оглед на тоа што средното образование е најсложениот и најдиверзифицираниот дел од образовниот систем, тешко е да се издвојат карактеристични

промени кои се заеднички за сите земји. Сепак, присутни се некои основни трендови кои можат да послужат како насоки во креирањето на современ средношколски образовен систем. Тие се однесуваат, главно, на двата клучни сегменти на овој образовен потсистем: на структурата и на организацијата на наставата.

Најчесто застапената **структура** во земјите на Западна Европа опфаќа 6-годишно основно образование, 3-годишно нижо средно и 3-годишно вишо средно образование. Најголемиот број земји имаат 9-годишно задолжително образование, но постои тенденција кон поместување на границата нагоре. Во земјите во транзиција сѐ уште е доминантна структурата 8+4. Вишото средно образование трае од 3 до 5 години, а според типот, училиштата можат да се поделат на:

- *гимназии* (3 - 4 години) во чии рамки се изучуваат задолжителни, изборни и факултативни предмети, а завршуваат со матурски испит кој овозможува проодност во високото образование;
- т*ехнички училишта* (3 - 4 години) кои имаат излез кон факултетите или овозможуваат вработување во струката;
- *стручни (занаетчиски) училишта* (2 - 3 години) со кои се добива понизок степен на стручна квалификација (занает).
- *уметнички училишта* (4 години) со три насоки (ликовна, музичка и балет).

Општа тенденција на сите средни училишта е програмско приближување преку поопштување на стручното и воведување на стручни предмети во општото образование. Во таа смисла за забележување е трендот за отворање на стручни и уметнички гимназии, со што се зголемува проодноста кон високообразовните институции.

Влијанието на државата во утврдувањето на наставните планови и програми е присутно во сите земји, но постојат разлики во степенот на тоа влијание. Се воведува **базичен национален курикулум** кој предвидува автономија на училиштата во неговата реализација, но и дефинирање на високи образовни стандарди.

Современата **организација на наставата** во овој потсистем опфаќа неколку клучни точки:

1. Диференцијација и индивидуализација на наставата, со што се овозможува насочување на учениците во согласност со нивните способности и интереси, како и индивидуално темпо на напредување. Тоа се постигнува преку: изборност на наставата, флексибилни наставни програми, наставни техники кои се прилагодени на различните стилови на мислење на учениците, како и можност за забрзано напредување на талентираните и на вредните ученици.

2. Мултикултурно и мултилингвистичко образование, со што се зајакнува соработката помеѓу европските држави.
3. Поголемо учество на учениците, родителите и другите заинтересирани субјекти во управувањето со училиштето.
4. Ширење на соработката и зајакнување на врските помеѓу училиштата и пазарот на трудот, како и градење на духот на претприемачките работи.
5. Создавање предуслови за достапност до средното образование и обука на маргинализираните групи.
6. Изготвување системи за евалвација и самоевалвација на учениците, со што се овозможува вреднување на поголем број активности, како и развивање на одговорност кај учениците за сопственото учење.
7. Изготвување стандарди за евалвација на наставниците и градење адекватна методологија за утврдување на рејтингот на училиштата. Во тесна врска со ова е и подобрувањето на образованието и обуката на наставниците.[1]

**Придобивките** од ваквите структурни и програмски промени се:

- подобрување на квалитетот и на ефективноста на средното образование, во согласност со новите барања на општеството и сменетите шеми за настава и учење;
- овозможување достапност до сите видови средно и постсредно образование и обука, во согласност со принципите за доживотно учење, еднакви можности за сите социјални групи и поттикнување на вработувањето и градењето кариера;
- отворање на системот на средно образование и обука за поширокиот свет, во согласност со предизвиците коишто се јавуваат како резултат на глобализацијата;
- стекнување на етички сознанија кои ќе овозможат изградба на автономна морална личност.

## 2.2. Предизвици на развојот на средното и на постсредното образование

Ако во основата на мисијата на средното образование е вградена клима за доживотно учење, висока проодност, квалификуваност согласна со пазарот на трудот и почитување на утврдените стандарди, тогаш за реализацијата на целните задачи треба да се направат низа промени. Промените треба да произлегуваат од предизвиците кои се присутни во Република Македонија.

[1] Овој аспект е подетално разработен кај работната група која го третира квалитетот во образованието.

### *2.2.1. Демографски трендови*

Република Македонија се простира на површина од 25 713 км$^2$, од кои 79% се ридско-планински терени, 19,10% се рамнински терени и 1,90% се водни површини.

**Табела 1**.

*Население според пописите*

*(„Р. Македонија во бројка“, 2003, стр.6)*

| Год. | Вкупно | Мажи | Жени | Број на мажи на 1 000 жени (маскулинитет) |
|---|---|---|---|---|
| 1921 | 808 724 | 401 468 | 407 256 | 986 |
| 1931 | 949 958 | 478 519 | 471 439 | 1 015 |
| 1948 | 1152986 | 584 002 | 568 984 | 1 026 |
| 1953 | 1304514 | 659 861 | 644 653 | 1 024 |
| 1961 | 1 406 003 | 710 074 | 695 929 | 1 020 |
| 1971 | 1 647 308 | 834 692 | 812616 | 1 027 |
| 1981 | 1 909 136 | 968 143 | 940 993 | 1 029 |
| 1991 | 2 033 964 [1)] | 1 027 352 [1)] | 1 006 612 [1)] | 1 042 |
| 1994 | 1 945 932 [2)] | 974 255 [2)] | 971 677 [2)] | 1 021 |
| 2002 | 2 022 547 | 1 015 377 | 1 007 177 | 1 008 |

1) *Попишано и проценето население.*
2) *Попишано и проценето вкупно население во согласност со дефиницијата од Пописот од 1994 г. која се разликува од дефиницијата користена во минатите пописи.*

Во табела 1 е дадена бројната структура на населението во Република Македонија која има големо значење за обемот, за структурата и за темпото на одвивање на производството во сферата на целокупната општествена репродукција. Може да се воочи и биолошката демографска структура на населението по пол. Оваа структура е значајна поради тоа што репродукцијата на вкупното население зависи од женското население, а од бројот на машкото население е одреден обемот на работната сила.




**Дијаграм 1:**
*Природно движење на населението („Статистички годишник 1999“, стр. 111 и „Статистички годишник 2000“, стр. 99, 100)*

Движењето на населението може да биде: природно (раѓање и умирање) и механичко (преселување, односно територијално преместување на населението).

Бројот на живородените деца на 1 000 жители се намалил од 40,7 во 1948 година на 13,5 во 1999 година, а бројот на умрените лица од 14,4% на 8,3%, при што бројот на умрени доенчиња на 1 000 живородени се намалил од 116,7 на 14,9.

Ова резултира со намалување на природниот прираст на населението од 26,3 на 5,2 на 1 000 жители. Опаѓањето на смртноста придонесе очекуваното траење на живот во 1995 година да достигне 70,1 години за мажите и 74,4 години за жените.

Миграционите движења на населението во Република Македонија се доста интензивни, како резултат на брзиот економски, демографски и политички развој на земјата. Во периодот од 1981 до 1994 година, надворешната миграција во Р. Македонија има негативно миграционо салдо од 128 000 лица, што претставува 6,2% од вкупното население.




**Дијаграм 2:**
*Население според возрасни групи*
*(„Приказ и студии бр. 85“, Скопје 1997, стр. 32)*

Со столбестиот дијаграм 2 е дадена распределбата на населението според трите големи возрасни групи, и тоа: од 0 до 14 години, од 15 до 59 години и

од 60 години нагоре. Во почетокот на процесот на транзиција е доминантно учеството на младото население, а на крајот учеството на старото население.

Оваа структура зависи од: наталитетот, морталитетот, природниот прираст, миграционите движења, економските кризи, војните, епидемиите и природните катастрофи.

Образовната структура на населението ги опфаќа парцијалните структури според писменоста, школската подготовка и другите образовни карактеристики.

Промените во образовната структура во Република Македонија покажуваат дека населението во периодот 1953 - 1994 година има постигнато висок степен на развој на образованието. Намалено е учеството на неписменото население од 33,7% на 5,4% (во 2003 година учеството на неписменото население е намалено на 3,6%). Во 1994 година учеството на населението без образовна подготовка е 6,6%, со основно образование е 33,3%, со непотполно образование е 18,4%, со средно образование е 32,3%, вишо и високо образование со 8,7%. Од податоците може да се заклучи дека во Република Македонија процентот на неписмено население е многу намален.

Осипувањето во основното образование е 1,42% годишно, а во средното двојно повеќе 2,84%. Осипувањето е уште поголемо од влезот до излезот на средното образование 11,76% (податок кој се однесува на генерацијата матуранти во учебната 2002/2003 година).

Споредбено, во средното образование на Република Македонија во учебната 2001/2002 година се запишани 92 060 ученици од прва до четврта година, во учебната 2002/2003 година биле запишани 93 526 ученици, во учебната 2003/2004 година бројот бил 95 842 ученици во средното образование на Република Македонија. Во учебната 2005/2006 година се запишани 96 121 ученици од прва до четврта година, распоредени во 3 153 паралелки во 91 средни јавни училишта и 61 паралелка во 5 приватни училишта.

**Табела 2.**
*Ученици во редовното средно образование според изјаснувањето за националната припадност и според полот („Државен завод за статистика - Основни и средни училишта на крајот на учебната 2002/2003“, стр. 39 и Министерство за образование и наука)*

| Учебна година | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Други | Не се изјаснило | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2001/2002** | | | | | | | | | | |
| **вкупно** | 92060 | 69783 | 16691 | 1785 | 569 | 208 | 1296 | 1731 | 2 | 3 |
| **%** | 100 | 75,8 | 18,1 | 1,9 | 0,6 | 0.2 | 1,4 | 1,9 | 0,0 | 0,0 |
| **ученички** | 45008 | 35371 | 7308 | 755 | 213 | 120 | 571 | 666 | 1 | 3 |
| **2002/2003** | | | | | | | | | | |
| **вкупно** | 93526 | 69728 | 18080 | 1973 | 637 | 252 | 1050 | 1782 | 24 | / |
| **%** | 100 | 74,6 | 19,3 | 2,1 | 0,7 | 0.3 | 1,1 | 1,9 | 0,0 | / |
| **ученички** | 45449 | 35223 | 7893 | 840 | 236 | 128 | 458 | 665 | 6 | / |
| **од тие во приватни училишта** | | | | | | | | | | |
| **вкупно** | 848 | 282 | 321 | 176 | 1 | 1 | 8 | 59 | / | / |
| **ученички** | 332 | 134 | 111 | 62 | / | / | 4 | 21 | / | / |
| **2005/2006** | | | | | | | | | | |
| **вкупно** | 96121 | 66560 | 21019 | 2246 | 1250 | 358 | 1120 | 2675 | / | / |
| **%** | 100 | 69,3 | 21,9 | 2,4 | 1,3 | 0.4 | 1,2 | 2,8 | | |
| **ученички** | 43292 | 32507 | 8188 | 735 | 494 | 150 | 461 | 757 | / | / |

Од табела 2 е евидентно дека во средното образование се зголемил опфатот на ученици со албанска, ромска и турска етничка припадност, а благо се намалил опфатот на ученици од македонската популација. Овој тренд е присутен особено кај женската популација. Податоците што ја отсликуваат наведената состојба се однесуваат на преминот од учебната 2001/2002 кон учебната 2002/2003 година и учебната 2005/06 година.

Со оглед на демографската состојба во Република Македонија, образовните установи за средно и за постсредно образование треба:

- да ѝ помогнат на Република Македонија во намалување на надворешната миграција и стимулирање на внатрешната миграција со градење на флексибилен образовен систем, кој овозможува хоризонтална и вертикална проодност;
- создавање хумана свест кај учениците за помош;
- да го подигнат образовното ниво на младите, посебно на женската популација и да ги зголемат стручните компетенции на возрасните.

### 2.2.2. Демокра*ш*ија и законски регула*ш*иви

*Образование за си*ш*е* е мотото за остварување на поголема демократија и поквалитетни законски решенија во легислативата во сите степени и видови на образование.

И покрај тоа што средното и постсредното образование не се задолжителни, се создаваат услови за образование за сите дури и во материјална смисла, преку различни институционални решенија или со помош од невладини фондации. Законот за средно образование и посебниот Закон за стручно образование и обука, што е во процедура на донесување, нормативно гарантираат рамноправност на сите учесници, без разлика на етничката, верската, половата или друга припадност.

Меѓутоа, наведените законски акти не ги регулираат сите прашања во врска со работата и животот во установите за средно и за постсредно образование. Затоа, некои сè уште отворени прашања треба да се решаваат со подзаконски акти, преку квалитетни интерни курикулуми и преку соработка помеѓу училиштата и нивните партнери.

Познавањето и применувањето на правото е многу суптилна категорија поради честите промени во законската регулатива и во административните структури. Граѓаните не се доволно запознаени со новите институции на системот, со сопствените права и слободи, како и со нивните обврски, за да остварат активна партиципација во севкупните општествени односи. За граѓаните е особено значајно да ги познаваат образовите установи, структурата и механизмите на функционирање на образовниот систем. Во училиштата за средно образование се прават првите обиди за вклучување на родителите и на заедницата во целина за правилно одвивање на образовно-воспитните активности. Со одделни проекти се дава посебна поддршка за активност на родителите во училиштето. Се воспоставува поблиска комуникација родител - наставник, но сè уште учеството на родителите во управувањето на училиштата во квалитетна смисла на зборот е на ниско ниво.

Како и другите земји во транзиција, така и Република Македонија има потреба од развој на демократијата и зајакнување на правната држава, поради што е неопходно:

- дооформување и зацврстување на новите демократски структури и механизми на централно и на локално ниво;
- развивање облици на децентрализација и деконцентрација на власта во функција на нејзино приближување кон граѓанинот, согласно новиот закон за образование;
- воспоставување демократски механизми низ кои граѓанинот ќе може да ги манифестира и презентира своите потреби и интереси и да оствари

влијание врз центрите на одлучување, во насока на задоволување на овие потреби и интереси;

- достигнување ниво на разработка на принципот на владеење на правото кое ќе ја обезбеди правната сигурност на граѓанинот и заштитата на основните права и слободи на човекот;
- оспособување на граѓанинот за негова активна партиципација во имплементирањето на законите: законот за средно образование, Законот за стручно образование, Законот за локална самоуправа и низа подзаконски акти што ги регулираат односите во образовната сфера.

### *2.2.3. Пазарната економија и невработеноста*

Економскосоцијалната структура на населението ја отсликува структурата на стопанството во Република Македонија. Таа ги опфаќа парцијалните структури според економската активност, дејноста, занимањето, положбата во занимањето, секторот на сопственост, поделбата на населението на градско, мешовито и селско население, поделбата на домаќинствата според извори и големина на приходи и друго. Подолу се дадени податоци за некои од парцијалните структури, за кои извор е „Македонија во бројки, 2003“ (17 - 21 стр.).

**Табела 3.**

*Население на возраст над 15 години според економската активност*

| | 2001 г. | 2002 г. | 2003 г. |
|---|---|---|---|
| Вработени | 561341 | 545108 | 545 000 |
| Невработени | 263 483 | 315 868 | 316 000 |
| **Активно население** | **824 824** | **860 976** | **861 000** |
| **Неактивно население** | **742129** | **718 474** | |




**Дијаграм 3:**
*Невработени според должината на невработеноста, 2003 година*




**Дијаграм 4:**
*Вработени според економскиот статус, 2003*

**Табела 4.**

*Стапки на активност на населението на возраст над 15 години, 2003 година*

| | Стапки на активност 1) | Стапки на вработеност 2) | Стапки на невработеност 3) |
|---|---|---|---|
| 15 - 19 | 15,4 | 5,1 | 66,6 |
| 20 - 24 | 55,3 | 19,1 | 65,5 |
| 25 - 29 | 75,8 | 37,3 | 50,8 |
| 30 - 34 | 79,3 | 45,2 | 43,0 |
| 35 - 39 | 80,8 | 54,4 | 32,7 |
| 40 - 44 | 79,8 | 59,0 | 26,1 |
| 45 - 49 | 76,0 | 59,4 | 21,9 |
| 50 - 54 | 64,8 | 50,2 | 22,6 |
| 55 - 59 | 48,1 | 36,9 | 23,2 |
| 60 - 64 | 22,6 | 19,3 | 14,3 |
| 65 и повеќе | 5,3 | 5,2 | 2,1 |
| вкупно | 54,5 | 34,5 | 36,7 |

*1) Учество на работната сила во вкупното население над 15 години.*

*2) Учество на бројот на вработените во вкупното население над 15 години.*

*3) Учество на бројот на невработените во вкупната работна сила.*




**Дијаграм 6.**

*Невработени според возраста и според полот, 2003 година*

**Табела 5.**
*Невработени според образовната подготовка*

| | 2001 | 2002 |
|---|---|---|
| Без образование | 4 714 | 3 679 |
| Незавршено основно образование | 12 609 | 16 737 |
| Основно образование | 95 792 | 112 594 |
| 3 години средно образование | 37 890 | 49 093 |
| 4 години средно образование | 92 941 | 108 408 |
| Вишо образование | 6 022 | 7 688 |
| Високо образование | 13 515 | 17 669 |
| **Вкупно** | 263 483 | 315 868 |

Според податоците може да се воочи:

- зголемување на невработеноста;
- најголем број невработени со време на чекање од 4 и повеќе години;
- најголема невработеност на лица со средно образование;
- највисока стапка на невработеност на лица на возраст од 20 до 29 години.
- Невработеноста во Република Македонија е актуелна неколку децении, со тенденција на постојан раст. Како причини за невработеност можат да се издвојат:
- процесот на приватизација, со кој престанаа со работа големите претпријатија, а се формираа мали и средни претпријатија;
- чекањето на вработување по работа на определено време;
- неусогласеноста помеѓу понудата и побарувачката на работна сила, особено кај одредени занимања; најчеста причина за тоа е техничко-технолошкиот развој;
- сезонскиот карактер на некои занимања (земјоделството, туризмот итн.).

Невработеноста може да се надмине со:

- поголема иницијатива на претприемачите и оспособување за самовработување;
- усогласување на понудата од страна на образовните установи за средно и за постсредно образование со побарувачката на работна сила;

- следење на техничко-технолошкиот развој од страна на образовните установи за средно и за постсредно образование.

### *2.2.4. Децентрализација и либерализација*

Образовниот потсистем за средно и за постсредно образование во Република Македонија до 1. 06. 2005 година беше централизиран. На тоа ниво одредени се: целите, структурата, формирањето и укинувањето на образовните установи, наставниот план и програмите, воспитно-образовната работа, оценувањето и испитите, статусот на ученикот, наставникот и соработниците, усовршувањето и унапредувањето на наставникот и стручните соработници, раководењето и надзорот (стручен и административен).

Поради брзите промени во економијата, производството, технологијата и обемот и структурата на знаењето, не можеше да се задржи централното планирање на образованието. Поголема децентрализација ќе значи управување со образовните содржини на нов, пофлексибилен начин. Притоа доаѓа до поместување на ингеренциите од државно кон училишно ниво, со што доаѓа до израз професионалноста во работата и одговорноста на образовните установи и на локалната заедница.

Со Програмата за развој на средното и на постсредното образование се планира да се преземат мерки со кои ќе се помогне во периодот на адаптација (до крајот на 2007 година) на децентрализацијата на овој образовен потсистем.

Децентрализацијата претпоставува поголеми демократски односи. Тоа ќе подразбира зголемено учество на општината, граѓаните и родителите во активностите на образовните установи за средно и за постсредно образование. На сите одлуки ќе им претходат преговори и консултации помеѓу образовните установи, од една страна, и работодавците и релевантните органи на власта, од друга страна, заради воспоставување на образовен потсистем кој гарантира соодветно функционирање и потребно финансирање.

Во Република Македонија се планира децентрализацијата донесена со закон да биде рамнотежа помеѓу централното и локалното управување, помеѓу политичките и професионалните одговорности. Притоа, децентрализацијата мора да биде поврзана со јасни цели, и тоа:

- установите за средно и за постсредно образование да ги направи флексибилни и способни навреме да ги прифаќаат новините и како стабилен потсистем да ја следат динамиката на промени. Тоа ќе помогне во избирање на соодветен начин на структуирање на наставните програми и почитување на основните стандарди кои тие треба да ги исполнуваат;

- создавање нови услови за управување, реорганизација на администрацијата и промена на нејзината правна основа, како и на оние кои управуваат и раководат со образовните установи;
- постојано следење на промените во пазарот на трудот, кое ќе создаде услови за континуирано образование;
- обука на наставниците за активна настава заради јакнење на професионализмот и развој на иницијативата за доживотно учење;
- намалување на државните трошоци, а зголемување на учеството на граѓаните во финансирање на образованието.
- Потребно е да се истакне дека децентрализацијата не обезбедува автоматско остварување на целите. Таа дава само рамка или, подобро речено, создава погоден амбиент за примена на регулативите и механизмите со кои овие цели ќе се остваруваат во практиката.

### 2.2.5. Финансирање

Кога се започна со децентрализиран образовен систем во Република Македонија, се размислуваше и се преземени активности и за начинот на финансирање. Во периодот на адаптација на децентрализацијата на образованието, во областа на финансирањето на потсистемот за средно и за постсредно образование потребно е да се усовршуваат:

- техниката на финансирање на централно ниво, како и индикаторите за утврдување на обемот на средствата;
- финансиската автономност на локално ниво;
- финансиската автономност на ниво на образовна установа за средно и за постсредно образование.

### 2.2.6. Социјална кохезија, национален и граѓански идентитет, мултикултура и интеркултура

Образовните установи за средно и за постсредно образование треба да му овозможат на секој учесник во потсистемот да стекне знаења, вештини и вредности карактеристични за општеството на кое му припаѓаат.

Преку процесот на социјализацијата, ученикот остварува врска со луѓето околу себе. Овој процес вклучува различни чинители во различен период од животот. Во адолесценцијата, покрај семејството, голема улога имаат и другарите, училиштето, средствата за масовна комуникација, верата и друго.

Социјализацијата продолжува во текот на целиот живот. Преку неа луѓето се оспособуваат за соочување со проблемите што ги носи општествениот живот, пред сè, со присуството на социјалните и на културните разлики.

Културниот идентитет на секој поединец му овозможува да се препознае и да се чувствува како припадник на една култура.

Република Македонија е мултиетничка и мултикултурна земја, за чие непречено функционирање е неопходно да се почитуваат принципите на еднаквост, толеранција, размена и соработка меѓу етничките култури. Можни се и натпреварувачки процеси и конкуренција кои понекогаш ги отежнуваат односите дури и меѓу сличните култури.

Образовните институции за средно и за постсредно образование во Р. Македонија потребно е да обрнат внимание на:

- **Разликите во социјалниот и во економскиот статус на населението.** Рамноправноста на учесниците во средното и во постсредното образование се согледува во давањето еднакви можности за восприемање квалитетни и применливи знаења во образовните установи. Со приватизацијата се зголемува опасноста од економска поларизација на населението. Затоа, со системот на стипендирање на талентираните ученици или со посебните фондови за помош на социјално загрозените лица, треба да се ублажи таа разлика и да се обезбедат услови за подобрување на стандардот.
- **Социјалната кохезија.** Образовните институции треба да преземаат соодветни активности за развивање повисока свест за меѓусебна поврзаност, зависност и солидарност кај сите учесници во потсистемот на средното и на постсредното образование, без оглед на нивниот културен, етнички и полов идентитет.

### *2.2.7. Европска интеграција*

Со интеграција во европскиот систем, средното и постсредното образование во Република Македонија ќе стане компатибилно со она на земјите од ЕУ. Без правење компарација со европските системи, нема можност да го осознаеме нашето ниво на развој. Предмет на таа компаративна анализа треба да биде: менаџирањето со училиштата, квалитетот на наставата, мотивираноста на учениците, соработката со социјалните партнери и слично.

Процесот на интегрирање на Република Македонија со Европската унија во сферата на образованието наметнува потреба од примена на стандарди како во основната структура на образовните установи (број на ученици во паралелката, опременост, степен на наставна технологија), така и во евалвацијата на постигнатите резултати на училиштето.

Определбата за европска интеграција во образованието значи:

- подготовка на кадри кои успешно ќе се вклучат во европскиот пазар на трудот;

- воспоставување образовни стандарди компатибилни со европските и нивна екстерна проверка;
- давање европска димензија на образованието преку усогласување на образовните цели, содржини и образовниот процес;
- размена на информации преку информациско-комуникациска технологија и Интернет системи и соработка со образовните институции од Европа и од светот;
- обезбедување поголема мобилност на учениците и на наставниот кадар во Европа и пошироко.

### *2.2.8. Животна средина*

Проблемите за заштита на животната средина во Република Македонија не се нови. Тие се присутни со индустрискиот развиток и со урбанизацијата.

Една од целите на образовните установи за средно и за постсредно образование треба да биде заштитата на животната средина. Во Република Македонија, последниве години, се реализираат значајни проекти во рамките на оваа сфера. Преку нив се градат навики, вештини и традиција за зачувување на вредното и на убавото. Новата свест за пријатна еколошка средина треба да ги хомогенизира учениците во напорите да го чуваат, одржуваат и уредуваат училиштето како свој втор дом. Таквиот однос треба да се гради и кон пошироката средина, особено кон природните реткости и убавини.

Во најголем број држави, меѓу кои спаѓа и Република Македонија, денес постојат и посебни министерства за заштита на животната средина. Покрај тоа, се основаат здруженија кои преземаат низа акции за подигнување на еколошката свест, како и за преземање мерки за заштита на животната средина.

За да се заштити животната средина од страна на образовните установи за средно и за постсредно образование, потребно е:

- да се негува развојот на свеста за потребата од заштита на животната средина;
- да ги поттикнува и вклучува едуцираните ученици да ги пренесуваат своите знаења на пошироко граѓанство преку младински организации, невладини организации, разни клубови и здруженија;
- да се негуваат односи на меѓусебна доверба, тимско и креативно работење, исполнително и авторитетно водство во училиштето, како претпоставки за здрава животна и работна средина.

# 3. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА РАЗВОЈ НА СРЕДНОТО И ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 3.1. Квалитет

Квалитетот е основно барање на секоја дејност во современиот свет. Со исполнување на високите образовни стандарди, образованието ќе стане важен фактор во социо-економскиот развој на Република Македонија.

Квалитетот на воспитно-образовниот процес зависи од квалитетот на: наставните програми, наставниот кадар, наставата, организацијата и раководењето на работата во училиштата и евалвацијата на воспитно-образовната работа.

За да се обезбеди висок квалитет на сите сегменти од образовниот систем неопходно е:

1. Да се изградат **образовни стандарди** за: наставните програми, наставниот процес, организацијата и раководењето со воспитно-образовните установи, постигнувањата на учениците, обученоста на наставниот кадар и сл. Согласно со тие стандарди потребно е:

- да се извршат детални преиспитувања на постојните наставни програми кои треба да се променат според согледаните недостатоци, за да можат да одат во чекор со развојот на општеството и со научните достигнувања. Притоа треба да се води сметка, секоја промена да овозможува задоволување на индивидуалните потреби на учениците, развој на меѓупредметната интеграција и да дава економичност во работењето;
- да се работи на едукација и доедукација на наставниот кадар, кој ќе биде оспособен за реализирање квалитетна настава.

**Состојба:**

» Заради обемноста на програмата, знаењето на фактите стана мера за успешност на ученикот. Од друга страна, разбирањето и примената на стекнатите знаења во непознати ситуации, покажано со одредени истражувања (учество во интернационални тестирања: ПИСА, ТИМСС), се на многу ниско ниво. Покрај обемноста на програмите, причина за ваквата состојба се и наставните форми и методи кои се применуваат во работата со учениците. Имено, преовладува фронталниот облик како начин на работа и методот на монолог кога на часовите се обработуваат нови содржини. На часовите за утврдување најчесто се бара репродукција на факти или работа на слични задачи.

» Единствена активност на евалвацијата е сумативното оценување на учениците од страна на наставникот, кое претежно се сведува на традиционално вреднување на усните одговори, писмените задачи и однесувањето на учениците во наставниот процес. Сегашниот начин на оценување поддржува вербална репродукција на содржините соопштени во излагањата на наставникот или во учебникот. Како резултат на тоа се јавува учење за оценка, а не учење за знаење.

» Во нашиот сегашен потсистем на средното и на постсредното образование, не постојат стандарди за следење и за вреднување на квалитетот на образовните активности и нивните излези, како и за квалитетот на условите во кои се реализира наставниот процес.

При изготвувањето на стандардите треба да се земат предвид современите светски гледања за квалитетот на одделните сегменти на воспитно-образовниот процес, за кои кај нас веќе постојат стручни сознанија, но не и доволно практични искуства.

2. Да се изградат **стандардизирани постапки за мерење и за оценување на постигањата на образовните стандарди**. За реализирање на таа цел потребно е:

- усовршување на работата на центарот за образовни стандарди и евалвација заради обезбедување на професионално и квалитетно организирање и реализација на акциони истражувања (вклучувајќи и партиципација во интернационални тестирања) и експертни испити. Исто така, потребно е да им се даде поддршка на наставниците во совладување на постапките, начините и инструментите за оценување на постигањата на учениците, како и на сопствената работа (самоевалвација) согласно со образовните стандарди;
- оспособување на училиштето да врши евалвација и самоевалвација. Тоа подразбира изготвување на концепција на училишна евалвација, обука на директорот, наставниците и стручната служба за евалвација и самоевалвација и изготвување на прирачници за евалвација и самоевалвација.

Системот на евалвација, како составен дел на системот на образование, треба да обезбеди континуирано следење и зголемување на квалитетот на образовните услови, наставниот процес и излезите од образованието. Тој систем би требало да биде: автономен во однос на политичките интереси, интегриран, кохерентен, ефикасен, демократичен, праведен и усогласен со релевантни меѓународни конвенции и вистински стручни и материјални капацитети на образованието во Република Македонија.

Покрај функцијата обезбедување на квалитет, системот на евалвација би требало да го поддржи процесот на реформа на останатите аспекти на потсистемот за средно и за постсредно образование (демократизација, децентрализација), да обезбеди тој континуирано да се развива во согласност со потребите и можностите на општеството и да влијае на обезбедување на квалитетно и достапно образование за сите.

Ваквиот систем треба да биде поврзан со информацискиот систем во образованието и да овозможи повеќенасочно користење на релевантните информации за квалитетот.

3. Да се **формираат приватни установи** за средно и за постсредно образование со што ќе се задоволи потребата од конкуренција во областа

на образованието. Ова е еден од начините да се зголеми квалитетот на образованието.

## 3.2. Граѓанска одговорност

Прифаќањето на основните политички вредности, владеењето на законот, човековите права, но и обврските кои ја детерминираат релацијата граѓанин-граѓанин, граѓанин-општина и граѓанин-држава, како елементи на политичката култура, се пресудни за кохезијата и за опстанокот на заедницата. Поради тоа, неопходно е нивно интегрирање во наставата и во воспитните активности, но и воведување на нови облици на воннаставни активности во оваа насока.

При конципирањето на образовната стратегија во средното и во постсредното образование, стратешка цел треба да биде планираниот и контролиран процес на учење и прифаќање на хуманите и општествените вредности. Различните облици на граѓанско образование се еден од најбитните механизми за стекнување вештини од страна на граѓанинот за активна партиципација во образовните установи и унапредување на критичката свест во однос на нештата од секојдневието.

Тоа треба да придонесе за создавање граѓанин кој ќе поседува знаења и способности, кои ќе ги применува во секојдневниот живот, ќе оформи ставови за соработка, за толеранција и за меѓусебна комуникација.

Поаѓајќи од ова, една од целите на средното и на постсредното образование е градење на граѓанска одговорност, како општ принцип во процесот на образованието.

**Состојба:**

» На полето на граѓанското образование (во едно пошироко сфаќање на поимот) исклучително важна станува активноста на невладините организации. Тие се полидимензионално вклучени во неформалното граѓанско образование и во заштитата на базичните човечки права и слободи во границите на своите можности и својата компетентност. Реализираат програми во доменот на образованието и добиваат согласност нив да ги реализираат во одреден број паралелки во некои државни училишта. Повеќето од овие програми ги вклучуваат темите за решавање конфликти, меѓуетничка толеранција, човекови права, намалување на предрасудите и сл. Притоа, програмите имаат ограничен домен на реализација, во согласност со просторната и со временската перспектива.

» Во Република Македонија се направени почетоци на граѓанско образование во училиштата за средно и за постсредно образование. Во средното стручно и гимназиско образование се воведени наставни предмети за граѓанско образование (граѓанско образование, граѓанска култура, култура за заштита, одбрана, мир и толеранција) со наставни програми, учебни помагала и едукација на наставниците, како потребен предуслов за изведување на наставата.

» За предметите социологија, политички систем и човекови права, право, економија, историја, етика во гимназиското образование подготвени се програми со однапред дефинирана цел да одговараат на барањата на граѓанското образование.

Во врска со принципот на граѓанска одговорност треба:

- да се работи на едукација на наставниот кадар за да биде оспособен за примена на современи форми и методи на работа при реализација на наставните содржини од граѓанско образование;
- да се извршат детални преиспитувања на постојните наставни програми и да се направат соодветни промени за тие да можат да одат во чекор со: развојот на општеството и со научните достигнувања, правото за вероисповед и човекови права, како и да даваат знаења за обврските, правата и заштитата на потрошувачите;
- формирање на стандарди за граѓанско образование во средните училишта;
- посредна контрола на наставниците преку проверка на знаењата и вештините на учениците преку екстерно проверување.

## 3.3. Поврзаност со пазарот на трудот

Стопанството оптоварено со своите проблеми, не покажа заинтересираност во делот на креирање на потребата за профили, за нивно обликување и за нивна обука. Тоа доведе до состојба образовните установи за средно образование врз основа на сопствени видувања да вршат промени. Притоа, стекнатите знаења не се веднаш употребливи, па се губи основната смисла на стручното образование која се однесува на квалитетната подготовка и на директното вклучување во работниот процес.

Актуелните потреби на стопанството не може да се решат со изолиран потсистем на средното и на постсредното образование. Образовните услуги мора да го напуштат светот на формализираните стандарди и нормативи, да излезат надвор од училишните клупи и да се поврзат со светот на кој му требаат тие образовни услуги.

Потсистемот на средното и на постсредното образование е потребно да изгради сопствена специфична структура и организација, која ќе овозможи негова функционална поврзаност со пазарот на трудот. Образовните установи на овој потсистем, во рамките на својата воспитно-образовна работа, не смеат да се грижат само за подготвувањето на новата работна сила и не смее нивната грижа за сопствените партиципиенти да престане во моментот на нивното напуштање на образовните установи. Современата поставеност на средното и на постсредното образование треба да ги почитува принципите на флексибилност, функционалност и отвореност. Значи, негова грижа мора да бидат редовните образовни партиципиенти, вработените, невработените и сите оние кои имаат потреба од образовна надградба.

Социјалниот партнер треба да е присутен во сите сегменти на промените.

Тие, преку своите институции, ќе обезбедат јасна дефинираност на потребите за профили, стандардизирање на неопходните знаења и вештини како барања кои ќе се реализираат во наставниот процес. Процесот на обука е заедничка одговорност на просветните и на приватните субјекти, кои на учениците им обезбедуваат усвојување на потребните знаења.

Децентрализацијата во подрачјето на средното и на постсредното образование и вклучувањето на социјалните партнери треба да создава поволни услови стручното образование и образованието стекнато во стручните гимназии да се насочи кон потребите на трудот кои се со интернационален карактер.

Главните активности кон кои треба да се движат промените во овој образовен потсистем, треба да бидат фокусирани на:

- воведување на модуларни форми на работа кои ќе овозможат флексибилност на потсистемот и подигање на неговата способност правовремено да одговори и да се адаптира на сите промени во севкупноста на општественото живеење, како на микро, така и на макроплан, а тоа значи:
  - поинаку да се организира наставниот процес (промени во наставниот план за секој вид средно и постсредно образование, намалување на бројот на ученици во паралелка и сл.);
  - да се редефинираат општите знаења кои младите луѓе ги добиваат во стручното образование и да се идентификуваат вистинските комбинации помеѓу општиот, теоретскиот и практичниот трансфер на знаења, што ќе овозможи подобра подготовка за пазарот на трудот;
  - повремено да се иновираат наставните планови и програми, особено на стручно теоретските предмети и практичната обука според потребите на стопанските и услужните дејности, како и да се воведат нови форми на работа (групна работа, интерактивно учење, проектна работа, решавање на проблеми итн.);
  - да се иновира опремата и наставниот материјал;
- вклучување на стопански субјекти во група субјекти кои го дизајнираат средното и постсредното образование и го верифицираат образовниот ефект, со што ќе се зголеми флексибилноста и функционалноста на образовниот систем. Навремените сугестии, добиени од стопанските субјекти, за промените кои се случуваат во нивната сфера, можат да бидат драгоцени за планирањето на:
  - образованието и обуката на идната работна сила;
  - обука преку преквалификација на возрасните (кои немаат квалификации или се долго време невработени) и преквалификација на вработените во големите државни претпријатија;

» стручно и професионално усовршување на наставниот кадар по стручно теоретските предмети и практичната обука.

Надлежноста за обуката и преобуката не може да биде фокусирана само во едно министерство. За овој сегмент надлежноста треба да ја имаат повеќе министерства: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Министерството за економија.

## 3.4. Еднаквост

Доживотното учење ја нагласува потребата од достапност на сите степени на образование, на сите членови на општеството под еднакви услови, без разлика на полот, возраста, етничката припадност, социоекономската состојба и другите социјални фактори. На тој начин се гради општество со еднакви услови за сите, што е важно не само за неговиот демократски развој, туку е услов за оптимално користење на човечките ресурси во правец на општествениот и личниот развој.

Принципот на еднаквост во образованието не се подразбира само како еднаквост на можностите, туку и како осигурување на условите потребни секој да го оствари својот образовен максимум. Како што сѐ повеќе образованието станува неопходно за поединецот, така и државата станува обврзна да ги обезбеди условите секој поединец да го реализира својот образовен потенцијал.

Поединецот е одговорен за своето образование, но заедницата треба да му овозможи целосна поддршка во неговите напори. Во спротивно, доживотното образование може да доведе до „доживотни нееднаквости“. Еднаквост во образованието се остварува во контекст на другите принципи, како што се принципот на достапност, проодност, флексибилност, индивидуализација, советување, развивање на поддршката на училишната клима и финансиска поддршка на учесниците во образовниот процес, чијашто материјална положба е ограничувачки фактор за продолжување на образованието. Со тоа, во некоја мера се компензираат последиците од нееднаквата социо-економска состојба на семејството.

Достапноста на учесниците во средното и во постсредното образование се зголемува и со приближување на местото на учење со местото на живеење или со местото на работа, соодветно според возраста. Во тој контекст, и учењето дома претставува еден од облиците на далечинско учење кое образованието го прави достапно, па според тоа, треба да биде признаено како рамноправен облик на формалното образование.

За да се постигне еднаквост во средното и во постсредното образование треба:

- да се води сметка за индивидуалните потреби на секој учесник, а особено за оние со тешкотии во психичкиот и во физичкиот развој, како и за надарените ученици во образовниот процес;
- образованието да се прилагоди на потребите на различни целни групи, при што особено треба да се имаат предвид припадниците на потенцијално дискриминираните групи по полова, етничка, социо-економска, територијална, или која било друга основа;
- образованието да се прилагодува на променливите потреби на поединците и на општеството во целина, со цел што е можно повеќе да се остваруваат потенцијалите на секоја единка.

## 3.5. Транспарентност

Потсистемот на средното и на постсредното образование треба да биде јасен и разбирлив за учениците, наставниците, родителите и работодавците. Тоа значи:

- постоење на јасни и познати образовни стандарди за секој вид средно и постсредно образование;
- разбирлива структура на наставните програми и патишта за хоризонтална и вертикална проодност, што стојат зад секој сертификат и диплома;
- познавање на вредноста што ја имаат сертификатите и дипломите на пазарот на трудот.

Транспарентноста во средното и во постсредното образовние ќе се зголеми доколку:

- подготвените национални стандарди им бидат достапни на сите заинтересирани;

**Состојба:**

» Постојат дискусии за промените во овој потсистем на образование, но практично тие се во кругот на стручната јавност, така што другите заинтересирани субјекти (родители, ученици, работодавци) не се доволно вклучени и запознаени со нив.

» Постојат активности за обезбедување на поголема транспарентност од страна на Одделението за оценување, преку извештаи од реализирани проекти (матура, учество во меѓународни мерења на постигањата на учениците и сл.).

» Некои училишта што се вклучени во проектите, чувствувајќи ја потребата да информираат за квалитетот на својата работа, почнаа да подготвуваат информативни брошури за родителите со основни податоци за работата на училиштето, но нивниот број е сè уште мал поради недостигот од средства.

» Образовните установи за средно и за постсредно образование се затворени за родителите и за работодавачите и тие немаат можност непосредно да се запознаат со образовниот процес. Некои благи промени во надминување на овие состојби се прават преку формирањето на советите на родителите (што е новина во законските решенија од 1995 г.) и формирањето на асоцијација на родителите на државно ниво.

- се зголеми вредноста на сертификатите за завршен степен на образование преку поставување на јасни стандарди за завршни испити;
- се усовршува системот на екстерни национални оценувања, што овозможува релевантни информации за постигањата на учениците;
- се контролира квалитетот врз основа на јасни стандарди, а показателите за квалитетот да им се достапни на корисниците на образовните услуги;
- образовните институции се отворени за влијанија од страна на корисниците на услугите;
- се воспостави двонасочен систем за информирање, а тоа значи информациите што ги собрало Министерството за образование и наука од областа на образованието треба да бидат достапни на пошироката јавност.

**Состојба:**

» Во рамките на повеќе проекти се издаваат брошури или информатори за нивните активности, но и тие стигнуваат само до училиштата, а не и до пошироката јавност.

» Учениците се недоволно информирани за можностите за вработување, потребните квалификации, како и патиштата и начините кои водат до нив. Тоа е резултат на непостоење на изграден систем за информирање и комуникација помеѓу образовните установи, недостаток на активности и интерес на фирмите за стручниот кадар што е сè уште во образовниот процес. Се смета дека причина за тоа е презаситеноста на пазарот на трудот, како и застареноста на системот на професионално советување и водење во училиштата.

» Промени во гимназиското образование, ФАРЕ и ВЕТ 3 проектот во средното стручно образование, кои претставуваат начин за надминување на недоволната информираност на работодавците за вредноста на дипломите и сертификатите и содржините што се изучуваат, како и нивно вклучување во завршните испити.

## 3.6. Интегративност

Во функција на принципот на интегративност потребно е наставните програми по предмети во средното и во постсредното образование да се изработуваат и реализираат потпирајќи се на внатрешна (предметна) и надворешна (меѓу предмети, меѓу теорија и практика, односно меѓу она што се учи и она што се работи) интеграција на целите и на содржините. Потребата од принципот на интегративност во сферата на потсистемот за средно и за постсредно образование е особено значајна од аспект на трудот, за кој е потребно да се обезбеди интегрирано учење и искуство, создавање услови за стекнување на трансферни квалификации, квалификации за јазик, мултиквалификации во областа на електрониката, компјутерите, менаџментски квалификации во финансиите, маркетингот, продуктивноста и сл.

Поаѓајќи од таквите барања на современиот труд може да се воочи потреба од усогласување на умеењата и знаењата на моментните училишни консументи и идни „трагачи по вработување“ со оние кои ги преферираат работодавците.

Промените што се случуваат во последните години во нашата земја, особено оние во областа на економијата, технологијата, стопанството, приватизацијата и вработувањето, ја налагаат потребата од ширење на гимназиското образование.

**Состојба:**

- » Во сегашната структура на потсистемот на средното и на постсредното образование, гимназиското образование е застапено со 38%.
- » Во моментот, во стручното образование, при остварување на проектните цели, проектите ГТЗ и ВЕТ 3 се стремат кон доближување на потребите на пазарот на трудот и зголемување на шансите за вработување на младата популација.

Согласно со неговата застапеност, можно е проширување на овој вид образование со воведување на стручни гимназии кои ќе ги подготвуваат учениците за продолжување на образованието, но и за професионална кариера. Истовремено во стручното образование се прават и ќе се прават обиди за меѓусебно поврзување на општото и на стручното образование, со цел образовните профили и стручни квалификации да имаат свој пласман на пазарот на трудот.

Принципот на интегративност во средното и во постсредното образование ќе се постигне со:

- детално преиспитување на наставните програми во однос на интеграцијата (внатрешна и надворешна) на целите и на содржините;
- едукација на наставниот кадар за работа во тим, реализирање на тимска настава и сл. што ќе овозможи интеграција на целите и на содржините во предметот, меѓупредметите, меѓу теоретскиот и практичниот дел од наставниот план во рамките на една година;
- учество на стопанските субјекти (работодавците) во креирањето на образовната понуда, заради остварување на компатибилност помеѓу образовниот продукт и барањата на работното место;
- создавање на функционален однос помеѓу општото и стручното образование, кој ќе биде основен принцип при програмирањето, како на општото, така и на стручното образование. На тој начин, пошироко ќе се остварат патиштата и можностите за хоризонтална и за вертикална проодност од општо кон стручно образование, од еден во друг вид образование.

# 4. КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ, ИНСТРУМЕНТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО СРЕДНОТО И ВО ПОСТСРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 4.1. Клучни подрачја за интервенции, заеднички за средното и за постсредното образование

### *4.1.1. Образование за сите*

#### а) Развој на образовните можности за сите

**Состојба:**

- Намалување на прирастот на населението.
- Зголемено присуство на луѓе на возраст од 65 и повеќе години во однос на вкупната популација.
- Разлики помеѓу урбаните и руралните средини, како и меѓу развиените и неразвиените општини.
- Разлики во квалитетот на наставниците.
- Разлики во условите за учење.
- Разлики во физичката достапност на образовните установи.

Националниот контекст на средното и на постсредното образование не е продуктивен ако води во одвојување од светот и од своето окружување. Секоја нација ќе има повеќе изгледи за афирмација на своите позитивни вредности ако рамноправно се вклучи во светот или во глобалните процеси, прифаќајќи ги милениумските цели: брза размена на информации, работливост како дел од општата култура, живот во постиндустриско општество, подготвување за живот во цивилизацијата која учи итн.

Програмата за развој на средното и на постсредното образование има цел да обезбеди образовна рамноправност на сите граѓани на Република Македонија, без разлика на нивната возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена, социјална и финансиска состојба.

За да се постигне целта потребно е:

- да се идентификуваат причините поради кои учениците со завршено основно образование не продолжиле во средно образование;
- да се обезбедат услови (адекватна мрежа на училишта за средно и за постсредно образование, како и мрежа на интернати за средношколци и сл.) за максимално вклучување во образовните установи за средно образование;
- секој поединец, кој се вклучил во овој потсистем за учење, да се оспособи за брза обработка на информации, на техники на вреднување и самовреднување. Ова значи дека педагогијата на подучување ќе мора да биде заменета со педагогија на учење;
- образовните установи за средно и за постсредно образование да подготвуваат образовни програми на институционално ниво, кои ќе можат да одговорат на потребите на пазарот на трудот и за одреден временски период ќе овозможат стекнување на работни способности, чии стандарди би ги одредувал работодавецот;

- да се формираат критериуми според кои државата ќе даде финансиска поддршка на талентираните ученици и на учениците кои од материјални или од други причини не можат да го продолжат образованието по задолжителното образование;
- да се создадат услови за оспособување на личноста на ученикот со: комуникациски способности, способност за брзо воочување на проблемот и донесување одлуки, снаодливост во конфликтни ситуации, способност за критичко размислување и отвореност за соработка, чувствување одговорност за квалитет и сигурност, информативна писменост и општи етички вредности, кои ќе му помогнат за опстанок при јакнење на конкуренцијата на пазарот на трудот;
- да се подобри квалитетот на наставниот кадар и да се обезбедат одредени бенефиции за наставниот кадар кој би прифатил работа во неразвиени или во помалку развиени подрачја.

## б) Децентрализација на средното и на постсредното образование

Децентрализацијата во образованието е едно од клучните прашања на идните реформи на средното и на постсредното образование. Процесот на децентрализација ќе се остварува постапно, во повеќе фази и во согласност со Законот за локална самоуправа.

Главните области во кои ќе се интервенира при децентрализација на средното и на постсредното образование се:

- управувањето на училиштето, што ќе значи дефинирање на одговорностите на ниво на општината во управување на установите за средно и за пост-средно образование;
- обликувањето и реализацијата на програмите, што ќе овозможи вклучување на специфичните потреби на општината и меѓу општините;
- политиката на запишување, што ќе овозможи јакнење на соработката со општината и ќе влијае на

**Состојба:**

» Управувањето во средното и во постсредното образование е обезбедено со Законот за средно образование од 2004 година. Во таков систем, голема и главна одговорност за реализацијата на средното образование има Министерството за образование и наука.

» Министерството за образование и наука е основач на државните училишта за средно и за постсредно образование, одлучува за нивно отворање и затворање, поставува директори на училиштата, донесува наставен план и програми за сите профили и подрачја на работа кои се единствени за целата територија на Република Македонија, го одобрува реализирањето на проектите во образованието.

» Министерството за образование и наука го носи планот за запишување во секое училиште, за секоја учебна година, и може, со дополнителни одлуки, да го зголемува бројот на ученици кои можат да се запишат во секое средно училиште. Исто така, одговорно е за финансирањето кое се остварува, главно, преку државниот буџет.

» Министерството за образование и наука е одговорно за легислативата во оваа општествена сфера и за спроведувањето на законските прописи во државните образовни установи.

задоволување на општинските и меѓуопштинските потреби во средното и во постсредното образование;

- финансирањето на средното и на постсредното образование;
- контролата на управувањето со образовните установи.

Усогласеноста на средното и на постсредното образование со потребите на општината ќе значи нов пристап. За да биде задоволено ова барање, неопходно е:

- подготвување на флексиблна и според потребите на стопанството конципирана политика на запишување;
- прифаќање на брза технолошка промена во одделни образовни профили;
- обезбедување верификација и евалвација на знаењата на ученикот и на програмските содржини, врз основа на професионалната ефикасност и на барањата на одредено работно место. Процесот на евалвација на знаењата на ученикот и на програмските содржини ќе биде клучен елемент во постигнување на квалитетно средно и постсредно образование.

Децентрализацијата, како клучно прашање на реформските чекори на образованието, отвора многу стратешки прашања кои треба да се решат во најкус период со:

- воспоставување на општинска политика во средното и во постсредното образование;
- дефинирање на критериуми за утврдување на мрежа на установи за средно и за постсредно образование;
- дефинирање на номенклатурата на струки и профили на државно ниво;
- јакнење на менаџерската функција во образовните установи;
- јакнење на врската помеѓу образовните установи и општинската самоуправа;
- зголемување на општинското и меѓуопштинското значење на образовните установи (поголема поврзаност со стопанството, културните и другите институции на општинско и на меѓуопштинско ниво).

Врз основа на искуствата на развиените европски земји и земјите во транзиција, се предлагаат четири можни нивоа на управување во областа на средното и на постсредното образование:

- државно ниво;
- меѓуопштинско ниво;
- општинско ниво;
- ниво на училиште.

Во акциониот план за средно и за постсредно образование ќе бидат јасно дефинирани ингеренциите и обемот на активности во рамките на секое од наведените нивоа на управување.

### в) Подигање на квалификационото ниво на населението

Средното и постсредното образование во Република Македонија имаат две главни функции: компензациска функција и функција на континуирано образование. Компензациската функција се состои во надополнување на образовното заостанување на возрасното население, кое се јавило поради образовните пропусти во младоста. Функцијата на континуираното образование овозможува вклучување во новите трендови, како што е информациско-комуникациската технологија.

**Состојба:**

- » Во Република Македонија од вкупниот број лица над 15-годишна возраст, близу половина (49,39%) се лица без или со основно образование.
- » Во постапка е создавање на посебен фонд за развој на училиштата, кој ќе биде насочен на задоволување на потребите на образовните установи. Со проектот „Модернизација на образованието“, чија цел е доделување грандови за проекти на училиштата, во текот на првата половина на 2004 се опфатени 10 пилот-училишта, а од втората половина на 2004 беше планирано да се опфатат сите основни и средни училишта од Република Македонија.

Основен стратешки правец на Програмата за развој на средното и на постсредното образование е воспоставување на комуникација со која сите членови на образовните установи, како и претставниците на општеството и стопанството, ќе можат да ги делат образовните извори и услуги. Значи, потребно е да се создадат услови во кои информациско-комуникациската технологија ќе претставува составен дел на потсистемот за средно и за постсредно образование, во вид на поддршка на сите негови активности овозможувајќи увид во нив.

Влијанието на информациско-комуникациската технологија на образованието е комплексно. Постојат многу прашања на кои треба да се одговори, во согласност со постојните општествени околности. Потребно е да се формираат експертски групи кои ќе се занимаваат со прашања, како што се:

- информациско-комуникациската технологија во однос на актерите на образовниот процес;
- информациско-комуникациската технологија во однос на начинот на организација на наставата;
- информациско-комуникациската технологија во однос на целокупната организација на образовниот процес и сл.

Показателите кои се однесуваат на состојбата на информациско-комуникациската технологија во нашите установи за средно и за постсредно образование јасно упатуваат на постоење на потребите за планирање и за финансирање на информациско-комуникацискиот систем и образовната технологија.

Потребна е и современа обука за технологија, чија структура и примена ќе биде прилагодена на потребите на идните и потенцијални корисници.

Од експертските тимови се очекува придонес во постигнување на следниве цели:

- изградување на училиштен систем способен да користи извори и да дава образовни услуги преку Интернет;
- опремување на училиштата со современа информациско-комуникациска технологија;
- обука на наставниците и на учениците за користење на информациско-комуникациската технологија;
- подигање на нивото на општа дигитална писменост и изградување на вештини кои се неопходни за живот во информатичкото општество;
- поддршка на образовни мултимедијални содржини;
- промоција на културата со размена на интелектуалните добра кои се однесуваат на образованието (знаења, искуства, најдобри практични решенија, мултимедијални содржини и сл.).

Постигнувањето на целите бара јасен глобален план за доаѓање до информации за потребите на образовните установи за средно и за постсредно образование, како и организација и избирање соодветен начин на кој технологијата понатаму ќе се усогласува со специфичните потреби на училиштата.

Целта на училишниот фонд ќе биде:

- создавање стимулативна средина за настава и учење;
- оспособување на училишниот кадар за преземање активна улога во подигањето на квалитетот на наставата, осетливоста на училиштето за сопствените потреби и за одговорноста кон локалната заедница.

Ова ќе се оствари преку фондовите за активности, означени како приоритетни во училишните развојни планови. Средствата ќе бидат упатени директно на училиштата за да спроведат некои од тие приоритетни активности.

Потребата од горенаведените промени во средното и во постсредното образование во Република Македонија претставува дел од напорите за подигање на квалификационото ниво на населението, како и зголемување на неговата мобилност. Притоа, треба да се има предвид дека суштинската цел на образованието не е само добивање квалификација, туку и развој на поединецот и негово успешно интегрирање во општеството низ усвојување на заедничките вредности, пренесување на културното наследство, стекнување самодоверба и потпирање на сопствените способности.

Посебно се нагласува потребата за изградба на многу повисок степен на корелација и координација помеѓу политиката на средното и на постсредното образование, политиката на пазарот на трудот и политиката на вработување, како што е случај во развиените земји. Во рамките на тоа, потребно е да се стави многу поголем акцент на образованието и континуираното усовршување

на возрасните, особено на вработените (обезбедено и финансирано од страна на работодавецот), како и на технолошкиот вишок и невработените (обезбедено и финансирано/кредитирано од работодавецот, според потребите на пазарот на трудот). Тоа ќе се постигне и преку развивање на механизмот на социјално партнерство помеѓу институциите на пазарот на трудот и образовните установи, со поддршка на државата.

### *4.1.2. Унапредување на индивидуалниот развој и учењето*

Прогресот на едно општество зависи од професионалната оспособеност и изградената култура на живеење на неговите граѓани. Оттука, се наложува потребата, во рамките на институционалните и неинституционалните форми на образование, знаењето и умеењето да се промовираат како примарни вредности. Фактот дека човечките ресурси се најголемото богатство упатува на тоа дека секое општество треба да создаде услови во кои неговите граѓани во потполност ќе ги развијат своите интелектуални капацитети и ќе се самоактуализираат.

Следејќи ги искуствата на земјите со развиени образовни системи, Програмата за развој на средното и на постсредното образование во Република Македонија се заложува за унапредување на индивидуалниот развој и учењето на учесниците преку: промоција на ефективни установи за средно и за постсредно образование, унапредување на наставата и учењето, обезбедување квалитетно образование и негова контрола, поврзување на формалното, неформалното и информалното образование, како и промоција на концептот за доживотно учење.

### а) Промоција на ефективни училишта за средно образование

Врз основа на наведените показатели на сегашната состојба, заложбата на Програмата за развој на средното и на постсредното образование во Република Македонија е:

- ***Воспоставување стандарди за квалитетно училиште***, што подразбира безбедно училиште во стимулативно окружување, кое нуди квалитетна настава што ги подготвува учениците за академски постигнувања во повисоките степени на образование или им овозможува усвојување стручни знаења и градење вештини за компетентно вклучување во работниот процес. Воспоставените стандарди не ја попречуваат слободата на управите во училиштата за изградување сопствена стратегија за нивно постигнување. Стратешките определби на училиштата ќе бидат вградени во развојните планови што ќе содржат мисија, визија, цели, вредности и оперативни чекори за реализација на плановите. Во подготвувањето на развојните планови на училиштата ќе се вклучат и родителите, учи-

лишните одбори и релевантните претставници на локалната заедница. Стратешките планови ќе бидат транспарентни за корисниците на услугите.

- ***Училиштето да создава клима за стекнување култура на живеење***, што значи поттикнување на ентузијазмот за образование и доживотно учење преку идентификување и задоволување на потребите и интересите на младите, но и пласирање на универзалните вредности и цивилизациските придобивки.
- ***Соработка на училиштето со локалната заедница***, со што заедницата го покажува својот интерес и дава поддршка на квалитетното образование. Двете инволвирани страни ќе имаат придобивки од соработката. Училиштата ќе можат да реализираат дел од наставните содржини надвор од училишната зграда, во институции и фирми кои можат да обезбедат извршување на практична работа во реални услови. Овој облик на соработка е особено корисен за учениците од средните стручни и од уметничките училишта. Од друга страна, отвореноста на локалната заедница придонесува за сопствена промоција и афирмација кај нејзините членови.

**Состојба:**

» Анализата на актуелната состојба во нашите училишта за средно образование покажува дека сè уште се присутни слабости кои оневозможуваат тие да се квалификуваат како „училишта по мера на ученикот“.

» Квалитетот на наставата не обезбедува во доволен степен усвојување на трајни и применливи знаења, а воспитната улога на училиштата е маргинализирана, што повлекува зачестено присуство на асоцијално и неетичко однесување кај учениците, како и висока стапка на ризично однесување (консумирање алкохол и психотропни супстанции).

» Училиштата и нивното непосредно окружување не претставуваат доволно безбедно место за непречен раст на адолесцентите, кои минуваат низ многу сензитивен период на социо-емоционален развој.

» Врската со локалната заедница е слаба или никаква, а не задоволува ниту соработката со родителите и покрај нивното формално вклучување во соодветните тела во училиштето.

» Училиштата не располагаат со развојни планови и програми или тие не им се познати на корисниците на образовните услуги, што ја отежнува одлуката при изборот на училиштето за средно образование.

» Улогата на стручните служби во училиштата за средно образование е девалвирана заради слабата застапеност на различни стручни работници (педагози, психолози, социолози), поради што севкупната работа најчесто му е препуштена на едно стручно лице, кое неретко ги запоставува своите обврски поради ангажираност со активности надвор од стручниот домен.

- ***Градење индикатори за ефикасност на установите за средно и за постсредно образование.*** Познавајќи ги релевантните индикатори, образовните установи ќе имаат патоказ во градењето стратегија на развој, а воедно ќе се овозможи интерна и екстерна контрола на квалитетот во работењето.

## б) Унапредување на наставата и учењето

Последнава деценија во Република Македонија се реализираат повеќе проекти кои се во функција на реформските зафати во гимназиското и во средното стручно образование. Нивната цел е модернизација на образованието преку опремување на училиштата со современи наставни помагала, обуки на наставниците за водење активна настава со современи наставни техники и со користење на информатичко-комуникациската технологија, како и применување на модели на континуирано оценување и самооценување на учениците.

Меѓутоа, искуствата покажаа дека по завршувањето на проектната фаза, сериозен проблем претставува одржливоста на иновациите и нивното спонтано вградување во наставниот процес. Покрај инертноста и отпорите кон промени кои се присутни кај некои наставници, веројатно една од причините за ваквата состојба е и некоординираноста на различните проектни активности, што придонесува за постоење на когнитивна дисонанца кај наставниците.

**Состојба:**

- Денес во наставата сè уште доминираат традиционалните наставни приоди, кои се базираат на акумулирање фактографски знаења. Последица од недоволното активирање на учениците на часот е зголемениот воннаставен ангажман во совладувањето на содржините, со што им се узурпира слободното време и поттикнува развој на негативни чувства кон училиштето и нередовно присуство на часовите.
- Недостигот од современи учебници и други наставни помагала ги става наставниците во ситуација да импровизираат или да им презентираат на учениците застарени информации.
- Резултатите од истражувањето спроведено по воведувањето на измените и дополнувањата на Наставниот план и наставните програми за гимназиското образование во учебната 2001/2002 година укажаа на низа слабости. Сите субјекти инволвирани во имплементацијата (учениците, наставниците, директорите, координаторите, родителите) се согласија дека гимназиското реформирано образование е концепциски нејасно дефинирано, содржински и временски предимензионирано (голем број наставни предмети и часови) поради што се јавија организациски тешкотии и чувство на оптовареност кај сите учесници во наставниот процес. Идентификуваните проблеми ја дадоа насоката за интервенции во Наставниот план и наставните програми во смисла на нивно растоварување, но го иницираа проблемот на вишок на наставен кадар.
- Наставниот кадар е недоволно методско-дидактички подготвен за реализација на новите наставни програми, особено на оние од подрачјето на задолжително изборните предмети.

Со цел да се надминат евидентираните слабости во програмските проекции и наставната практика во средното образование во Република Македонија, Програмата за развој на средното и на постсредното образование се заложува за унапредување на наставата и на учењето преку:

- периодично ревидирање на наставните планови и програми во потсистемот за средно и за постсредно образование и воспоставување оптимален баланс на теоретските знаења и практичните умеења;

- координирање на различните проектни активности и нивно вградување во системот на средно и за постсредно образование;
- примена на техники на настава и учење кои поттикнуваат креативно и критичко мислење кај учениците, како и развој на социјални вештини;
- користење учебници, прирачници и други наставни помагала за наставниците и учениците, кои ќе ги задоволуваат критериумите на квалитет во содржинска и во дидактичка смисла;
- користење современи и објективни модели на оценување на учениците;
- придржување до стандардите за оценување на постигањата на учениците;
- зајакната контрола на квалитетот на наставата со воведување соодветни критериуми.

### в) Систем за обезбедување квалитет на средното и на постсредното образование

> **Состојба:**
> » Отсуство на систем за контрола на квалитетот на образовните услуги, како и недостиг од стручни лица кои ја вршат таа контрола.

Една од најслабите страни на досегашната образовна практика е отсуството на систем за контрола на квалитетот на образовните услуги, како и недостигот од стручни лица кои би ја вршеле таа контрола. Овој сегмент од образовниот процес е особено потенциран во земјите со развиени образовни системи, кои имаат воведено јасно дефинирани стандарди за квалитет. Степенот на исполнување на стандардите се оценува со помош на објективни, мерливи индикатори. Тие служат како основа за евалвација и самоевалвација на воспитно-образовната практика, како и за лиценцирање и сертифицирање на воспитно-образовните установи и кадри.

Според Програмата за развој на средното и на постсредното образование во Република Македонија, контролата на квалитетот на средношколските образовни услуги ќе се обезбеди преку формирање државни тела кои ќе ја извршуваат таа функција: Државниот просветен инспекторат, Заводот за школство на Република Македонија и Државниот испитен центар. Во согласност со законската регулатива, контролата ќе се остварува и на локално ниво, преку образовните институции и преку локалната самоуправа.

Секоја државна или приватна установа, која се занимава со средно или со постсредно образование, мора да исполнува три вида стандарди: **1.** за изведување ефикасна и квалитетна образовна програма; **2.** за квалитет на воспитно-образовниот кадар и **3.** за постигањата на учениците.

Квалитетот и ефикасноста на образовната работа треба да се остварува преку:

- наставни програми во кои се вградени современи научни и технички сознанија;
- примена на активни методи на учење и настава кои обезбедуваат трајни и применливи знаења;
- оспособување на учениците со завршено средно или постсредно образование за основање и водење на сопствена фирма;
- партиципација на работодавците и на родителите во предлагањето измени и дополнувања на постојните наставни планови и програми;
- утврдување на регистар на стандарди за занимања за стручно образование и обука;
- експертиза на квалитетот на трговските друштва и занаетчиите кај кои ќе се врши стручна обука на учениците.

Квалитетот на воспитно-образовниот кадар треба да се остварува преку:

- постојан професионален развој на наставниците со различни форми на дообука, организирана од државни образовни институции, невладини организации или синдикални здруженија;
- стручна дидактичка дообука на обучувачите од претпријатијата;
- акредитација на установи кои ќе организираат обука на наставнициинструктори.

Поставувањето стандарди за постигнувања на учениците е барање кое е детерминирано од актуелниот недостиг од унифицирани мерила за вреднување на знаењата и вештините на учениците, што придонесува да постојат огромни разлики меѓу општините, но и меѓу наставниците во рамките на исто училиште.

Потсистемот за средно и за постсредно образование во развиените земји познава различни начини на проверување и оценување на постигањата на учениците кои можат да се сведат на два основни начини и нивна комбинација.

Двата основни начини на проверување и оценување на учениците кои треба да се присутни во средното и во постсредното образование се:

- ***Интерно*** проверување и оценување, кое се реализира континурано во текот на образовниот процес, низ непосредна интеракција на наставниците со учениците. Целта на овој вид на проверување и на оценување треба да биде насочување на наставникот кон идното планирање на наставниот процес согласно со потребите на секој ученик и следење на напредувањето на секој ученик. Притоа, проверувањето е основа на

оценувањето, а оценувањето е природен епилог на проверувањето. Ако проверувањето на постигањата на учениците заврши без оценување, тогаш самото проверување нема никаква смисла. Проверувањето не мора секогаш да заврши со официјална оценка, туку само со тековна-формативна оценка чија цел е да укаже колкаво е отстапувањето од очекуваното и да иницира активности за можни корекции. Начинот на проверување на постигањата го одредува наставникот, почитувајќи ги наставните програми.

- ***Екстерно*** или ***надворешно*** проверување и оценување, кое треба да се реализира во одредени временски интервали, по правило, на крајот на одделни фази на средното образование (при запишување во средно образование, годишно, при изборот на насоката и сл.), а редовно на крајот на средното образование. Институциите кои ќе ги конципираат, развиваат, организираат, спроведуваат, управуваат, следат и контролираат сите активности за екстерни проверувања, подразбира поставување на голем број прашања и системско разгледување на нивните вредносни и практични (оперативни) импликации. Прашањата за кои мора да се размислува при конципирањето на добар систем на екстерни проверувања се: карактеристиките на екстерните проверувања, функциите на екстерните проверувања, значењето на екстерните проверувања, повратна информација кон училиштето, користење на резултатите како индикатори за ефикасноста на училиштето и управување со екстерните проверувања и нивно финансирање.

Значи, воведените форми на екстерно оценување ќе бараат јасно дефинирани стандарди за постигањата на учениците, кои треба да бидат транспарентни и достапни за сите даватели и корисници на образовните услуги.

### г) Поврзување на формалното, неформалното и информалното образование

Во современиот потсистем на средно и на постсредно образование потребно е присуството на три категории на учење:

- ***формално*** учење кое се остварува во установите за средно и за постсредно образование и кое завршува со добивање на признаени дипломи и квалификации;
- ***неформално*** учење, кое се реализира надвор од овој потсистем на образование и на крајот не обезбедува формални сертификати;
- ***информално*** (секојдневно учење) кое претставува природно следење на секојдневниот живот.

Причините за постоење на неформалното образование се содржат во две битни потреби на современото општество. **Првата** се однесува на успешно подготвување на невработените за вработување и на вработените за задржување на работното место или унапредување. **Втората** потреба е од универзално значење, карактеристична за општества кои својот вкупен развој го засноваат на научно-технолошкиот развој и задоволување на потребите на секој поединец за поголем квалитет во работата и во животот.

Постојниот систем на формално образование дава општо и професионално образование на профили, кое е основа за извршување на работните задачи во едно или во повеќе сродни занимања. Опфатени се младите генерации, со цел да се подготват за живот и работа. Значи, формалното образование треба да биде базично, општо и стручно образование кое пред стапување на работа, и подоцна, во текот на професионалната активност, мора да се конкретизира или да се дополнува со содржини кои се усогласени со актуелните барања на пазарот на трудот. Дипломата од формалното образование е доволна за кандидирање за одредени работи. За вклучување во процесот на трудот, а подоцна, во текот на работата, мора да има дополнување на стекнатите општи и стручни знаења, чиј обем и содржина зависат од конкретните барања и услови на работа.

Потребите од неформално образование се однесуваат на:

- оспособување на лица кои немаат занимање или за работи со помала сложеност во одредени области;
- оспособување на невработените лица со завршено основно или непотполно средно образование, за стекнување на конкретно занимање на одреден степен;
- иновирање на знаењата во рамките на исто занимање;
- преквалификација за занимања од ист, понизок или повисок степен на стручна оспособеност;
- оспособување на приправници за самостојна работа во занимањето или во конкретното работно место;
- специјализација за извршување на работни задачи со голема сложеност, во рамките на истото занимање или занимање од повисока категорија на сложеност;
- образование на надарени (талентирани) кандидати за научно-истражувачка работа;
- образование на лица со посебни потреби заради нивно прилагодување и оспособување за соодветен облик на работа и др.

Неформалното образование досега се реализирало во рамките на различни институции: во училишни организации, во центри за стручно

образование, во претпријатија, во работнички универзитети, во завод за вработување и др.

Неформалното образование не е доволно педагошки осмислено: план, програма, образовна технологија, верификација и др., туку во реализацијата им се остава слобода на реализаторите самите да го обликуваат образовниот процес.

Отсуството на утврдени норми и стандарди за изработка и за реализација на програмата, како и вреднување на сертификатот за завршена обука овозможувало импровизација во сите фази, почнувајќи од планирањето, изборот на изведувачи и посетители, до завршната проверка на оспособеноста. Ова ќе се надмине со воведување стандарди на знаење и систем за верификација.

Формалното и неформалното образование не се спротивставени, туку се поврзани и заедно претставуваат целина која ги опфаќа сите аспекти на образовните потреби на современото општество.

Во вкупната досегашна традиционална слика на учење, недостасувало и секојдневното учење, кое постоело и се остварувало, но без вреднување. Развојот на информациската технологија, особено на компјутерите, покажа дека овој облик на учење има свое значење. Секојдневното учење денес станува резервоар на учење и може да биде извор на иновации и на современи методи на учење.

Укажувајќи на сето ова, потсистемот на средното и на постсредното образование ќе настојува учењето во текот на целиот живот на поединецот да го опфати формалното, неформалното и секојдневното учење.

## д) Промоција на доживотното учење

Заложбата за доживотно учење е вклучена во сите современи концепции за образование, а е иницирана од следниве причини:

- формалното образование не може да ги следи во чекор новините во науката и техниката;
- дипломите стекнати во текот на формалното образование немаат универзална и вонвременска важност поради што не гарантираат успешност на работното место и флексибилно прилагодување кон променетите услови на работа и живеење;
- комплексноста на современото општество бара едуцирани поединци кои умешно ќе се снајдат и активно ќе партиципираат во неговото изградување, со што ќе си овозможат и лична благосостојба.

Поаѓајќи од оваа реална слика, Програмата за развој на средното и на постсредното образование во Република Македонија се заложува за промоција на концептот за доживотно учење преку следниве активности:

- дизајнирање на настава која нема да биде фокусирана само на усвојување на фактографско знаење, кое честопати брзо застарува, туку и на оспособување на учениците за самостојно доаѓање до актуелни информации и нивно користење;
- воспоставување позитивна атмосфера за интернализирање на концептот на доживотно учење кај учениците и кај наставниците, како предуслов за личен и професионален развој;
- институционализирање на образованието за возрасни (донесен Закон), кое ќе овозможи унапредување на знаењата и на вештините кај младите кои го напуштиле средното образование, како и преквалификација на невработените лица (кои го изгубиле работното место или долго време не можеле да најдат вработување во примарната струка);
- организирање на обуки на наставниот кадар заради нивно континуирано усовршување, во согласност со современите трендови и образовни стандарди;
- соработка со установи од невладиниот сектор кои можат да преземат дел од обуката за возрасни и нивна акредитација.

### *4.1.3. Зголемување на можностите за партиципација*

#### а) Демократско и одрживо образование

Една од значајните содржински димензии на средното и на постсредното образование е развивањето на демократска свест и однесување. Затоа, во средното и во постсредното образование треба да се усовршуваат постоечките и да се создадат нови услови за практикување на демократијата. Со други зборови, секој демократски политички систем треба да бара активности на училиштето, преку кои ќе им помогне на учениците да се стекнат со основните способности за доживување и унапредување на демократијата во нивниот секојдневен живот во училиштето и надвор од него. На тој начин учениците нема да го гледаат училиштето како институција која е надвор од нивните потреби, туку како нивна сопствена институција каде што ќе можат да ја изразат својата сопствена личност.

Демократијата заслужува да продолжи да биде резултат-последица на целокупниот училиштен живот, од невидливото образование или од таканаречените „скриени наставни програми“, како и учеството на учениците во управувањето, односно во одлучувањето за образованието.

Демократско и одржливо образование може да се остварува во средното и во постсредното образование преку:

- достапност на средното и на постсредното образование што дава еднакви можности за сите категории на млади и возрасни да го стекнат саканото општо и стручно образование во различни етапи од својот живот;
- односот ученик-наставник, што треба да го поттикне развојот на креативноста на нивните меѓусебни односи во наставниот процес;
- реализацијата на програмата, што значи воведување нови форми на организација на наставата, нови системи на контрола и евалвација, со што ќе се овозможи смалување на традиционалните облици на еднакви програми;
- отвореноста на училиштето во средината, што значи идната реформа на средното и постсредното образование во Република Македонија ќе биде насочена кон негово отворање според потребите и специфичностите на општината;
- односот наставник-родител, што добива посебно значење и важност во отворање на средното и постсредното образование на Република Македонија кон општината и нејзините потреби. Родителот, училишниот одбор како партнер и соработник во училиштето да биде повеќе заинтересиран за партиципација во целокупниот развој на училиштето. Во таквите нови односи, улогата на родителот не се сведува само на учество во работата на училишните одбори, туку и во креирањето на вкупниот наставен процес.

Демократско и одржливо образование во средното и во постсредното образование во Република Македонија не креира и спроведува само Министерството за образование и наука и експертите, туку и сите оние актери кои се заинтересирани и вклучени во образовниот процес. Притоа, тие можат да партиципираат во:

- јакнење и осовременување на образовниот потсистем и втемелување на демократските принципи и вредности во него;
- јакнење на способноста за соработка на државно, институционално и проектно ниво;
- вклучување на училиштата во меѓународна размена на ученици-средношколци и наставници;
- реализација на меѓународни проекти заради зајакнување на капацитетите, афирмирање на домашните производи и интернационализирање на вредностите на глобалните интеграциски процеси.

## б) Промоција на културниот идентитет

Развојот на личниот идентитет и сликата за себе, како социјален процес, треба да започне во раното детство и да се негува и доградува во текот на целиот образовен процес. Разбирањето на социјалниот свет и разбирањето на самиот себеси кај младите треба да се изградува на реципрочен начин, со заемно влијание и ограничување.

Во установите за средно и за постсредно образование потребно е да се креира образование кое во својот фокус ќе го има поединецот, неговиот непречен развој, развојот на неговиот индивидуален идентитет, дефиниран во амбиент на мултиетничко и мултикултурно окружување.

Наместо да се создаваат и негуваат услови за живеење едни крај други, различните културни групи треба да се поттикнуваат во текот на средното и постсредното образование на меѓусебно запознавање и почитување, но и на негување на односи на заемна соработка.

Тоа во установите за средно и за постсредно образование ќе може да се постигне преку:

- партиципација во негувањето и во заштитата на културните различности кај младите, од страна на сите субјекти од образовните установи;
- негување на позитивен пристап кон различноста (културна, етничка, социјална и сл.) на личноста преку активностите на запознавање, разбирање и почитување на разликите;
- создавање услови за егзистенција и манифестација на различностите на личноста;
- партиципација во манифестирањето и во промовирањето на присуството на мултикултурноста;
- иницирање и негување на односите на соработка. Важен фактор за развојот на социјалната соработка во образовниот процес е создавањето услови и давањето помош во градењето чувство на групен идентитет кај младите, кој претставува траен придонес за нивниот демократски развој и создавање клима во образовните установи за меѓусебна интеракција, како и заедничко дефинирање на културните параметри.

## в) Создавање услови за доброволна активност

За да се постигне развој во средното и во постсредното образование, како потсистем на образовниот систем, потребно е воведување и одржување на принципот на доживотно образование заради две важни причини, и тоа:

- Европа се развива и движи кон општество и економија кои се базираат на: знаење и учење; пристап до современа информациска техника и знаења; мотивација и вештини кои стануваат клуч за јакнење на европ-

ската конкуренција и подобрување на вработувањето и адаптирањето на работната сила;

- денес се живее во сложен општествен и политички свет и индивидуите повеќе од кога било сакаат да го планираат својот живот, активно да придонесат во општеството, да учат и да живеат заедно со културните, етничките и јазичните разлики.

Овие две причини директно издвојуваат важна задача на доживотното образование, а со тоа се создаваат услови за партиципација на средното и на постсредното образование во промоцијата на активни граѓани.

Кога станува збор за активни граѓани се мисли на тоа дали и како граѓаните можат да учествуваат во сите сфери на општествениот и на економскиот живот, кои се можностите и ризиците со кои тие се среќаваат и какво е нивното чувство на припадност во општеството.

Учениците низ средното и низ постсредното образование треба:

- да се усовршуваат во донесувањето одлуки за сопствениот живот, како и да станат способни да влијаат врз својата непосредна околина;
- да ја развијат својата способност да дејствуваат (компетентност за активности);
- да се оспособат за проценување на своите можности кога дејствуваат самостојно или во група;
- да се развива компонентата-ентузијазам и вклученост на учениците. Не е доволно да се има корисно знаење за полето на кое се работи, ако недостига ентузијазам или желба да се употреби тоа знаење. Притоа, мотивираноста мора да биде заштитена и негувана од ученици кои се обидуваат да ги пренесат своите знаења преку активности.

Значи, преку образованието треба да им се помогне на младите да станат свесни и активно да се вклучат во граѓанскиот живот. Образованието може да ја постигне оваа цел преку програмско осмислување на три подрачја на работа:

- давање знаења, способност за учење и решавање на проблемите;
- развивање способност за проценување на политички, културни и економски врски;
- подготвување за активно учество во социјалната средина.

Системските, интензивните и екстензивните образовни програми ќе партиципираат во совладувањето на знаења, способности, ставови и вештини, тогаш кога овие програми ќе почнат:

- да поттикнуваат интеракција меѓу учениците во училницата;
- да воведуваат содржини што вклучуваат соодветен третман на јавните прашања;

- да бараат вклучување на искусни надворешни лица за проширување на дискусиите и активности на часовите за работа со паралелката;
- да добиваат ентузијастичка поддршка од училишната управа и од другите образовни раководства;
- да иницираат потреба од постојано усовршување на кадарот. Ова, природно, влијае врз актуелната улога на наставникот. Наставникот треба да биде во позиција да ја исполни својата улога на консултант и, уште повеќе, да биде во состојба од свое сопствено искуство и талент да ги согледа проблемите на денешницата од интердисциплинарен аспект. Ова ќе биде главниот предизвик за обуката на наставниците во иднина (како во текот на школувањето, така и во континуираната едукација по вработувањето);
- да посветуваат големо внимание на формите и на активностите од мултикултурен карактер, од кои се очекува промовирање на социјална кохезија и здружување;
- да го поддржуваат мултикултурализмот и размената меѓу културите;
- да заштитуваат организација и реализација на граѓански активности;
- да носат соодветна регулатива за овој вид активности, со што ќе се овозможи спречување на аномалиите кои можат да се јават на општинско ниво.

## г) Политичка социјализација

Во рамките на Програмата за развој на средното и на постсредното образование неопходно е, меѓу другото, да се започне со соодветни активности кои водат кон социјален развој на секој граѓанин на Република Македонија и оспособување на дејствување за постигнување на целите за подобар живот, без разлика на неговата верска и етничка падност, а сето тоа значи политичка социјализација на секоја личност.

Притоа, при партиципацијата на социјализација во средното и во постсредното образование треба да се продолжи со оспособување за:

- разбирање на младите, односно развивање на компетентност за разбирање на мислите и на чувствата на другите;
- социјална соработка и комуникација, интеракција ученик-ученик, ученик-наставник;
- формирање на пријателство со врсниците, како и мешање на возрастите и вредностите на учењето на ученик од ученик.

Во таа насока, потребно е да се преземат интервенции кои ќе овозможат социјална мобилизација на учениците во установите за средно и за постсредно образование, и тоа:

- социјализацијата да овозможува планско, канализирано и контролирано пренесување на одредени вредности во атмосфера на отворена комуникација. Во тој случај, може да се очекува да се развие искрена интеракција која придонесува градење на меѓусебна соработка. Пријателството станува многу порационален однос, ако се присутни заеднички вредности, слични интереси, однесувања и ставови, во училиштето и во училишните активности;
- социјализацијата треба да биде еден од основните критериуми за: учебниците, дополнителната литература, која е во функција на вредностите кои во учебниците недостасуваат и користените дополнителни средства за пласирање на вредностите (илустрации, дискусии, практика);
- спроведување на активности преку нова методологија на работа, која гарантира успешна политичка социјализација на учесниците во образовниот процес;
- континуирана обука на наставниот кадар за остварување врска меѓу теоретските познавања на човековите права и нивното применување во конкретната општествена практика.

## д) Спречување на ексклузијата

Ексклузијата, како појава на невклучување или напуштање на образовниот процес на одредени групи на ученици, се потврдува со направената анализа за учебната 2003/2004 година на запишување на ученици од основно во средно образование, како и нивното осипување во текот на средното образование по години.

**Состојба:**

- VIII одделение завршиле 30 095 ученици, од кои во I година се запишале 25 999 ученици, што значи 4 096 ученици (13,61%) не продолжиле во средно образование.

| | година | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| запишани | 25 999 | 24 080 | 23 585 | 18 862 |
| напуштиле во текот на 2002/2003 година | 484 | 221 | 105 | 89 |
| осипување [ % ] | 1,86% | 0,92% | 0,45% | 0,47% |

- Младината сè повеќе е исклучена од општествените процеси и форми на активна партиципација, поради неразвиеноста на специфичните форми на социјално организирање, но и поради отсуството на самоиницијативност.
- Во Република Македонија сè уште се лимитирани и недоволно популаризирани активностите кои може да ги понуди невладиниот сектор во оваа сфера.
- Наспроти големиот број невладини организации и релативно големиот број проекти кои тие ги реализираат, овој вид на здружување на младите не е во корелација со содржините кои се нудат во текот на образованието.
- Единствена сфера која младите ја сметаат за отворена е политичката ангажираност (партиски подмладоци, политизирање на младинските организации и сл.).
- Декада на Роми-започната е реализација на проекти со цел да се зголеми бројот на ромските деца во образовниот систем.

Програмата за развој на средното и на постсредното образование во Република Македонија има за цел да ја намали ексклузијата на одредени групи ученици, која е резултат на социјалната и на економската криза.

За ексклузијата многу значајна е нејзината релација со инклузијата. Инклузивното образование, како интегрална компонента на целокупниот образовен систем, вклучува развој на практика во која е присутно почитувањето на различноста што ќе се рефлектира со редукција на ексклузијата.

Со Програмата за развој на средното и на постсредното образование се планира:

- афирмација на социјалниот ангажман, како вредност низ содржините на наставниот процес;
- афирмација и запознавање со цивилниот сектор и можностите кои ги нудат невладините организации низ процесот на образование;
- задолжителна практика во невладиниот сектор во текот на образованието и образовното надградување;
- стимулирање на социјалното организирање;
- деполитизирање на постојните форми на организирање на младите и нивно насочување кон вредности согласни со возраста и со карактерот на групата;
- стимулирање на волонтерскиот труд на начин кој нема да биде сфатен како злоупотреба, туку како механизам за придонес и за подобрување на состојбите во пошироката заедница;
- иницирање на соодветни проекти во кои младите во образовниот систем, како и невработената младина, ќе бидат партнери на невладините организации, а не објект за набљудување;
- стимулирање на партиципацијата на учениците-средношколци во целиот образовен процес, наоѓање на соодветни форми за нивно активно учество во донесувањето одлуки значајни за нивното школување; учеството во евалвацијата на наставните содржини и наставниот кадар мора да станат дел од идните правни решенија;
- збогатување на младите и на возрасните со знаења и способности за управување и структуирање на нивните животи;
- соработка меѓу јавниот сектор и невладините и волонтерските организации, како и зголемување на бројот на млади опфатени со активна волонтерска работа со формалниот и неформалниот сектор во иднина;
- наоѓање на соодветни постапки за откривање на ексклузијата која се јавува при преминот од пониско кон повисоко образование и при преминот од образование кон работа, како и постапки за нејзино спречување;

- обука на наставниот кадар за спречување на ексклузијата;
- преземање мерки за зголемување на можностите за сите возрасни групи, без оглед на полот, социјалната, здравствената состојба и етничката припадност, за вклучување во рамките на образовните, на културните и на спортските активности;
- лобирање и застапување на ромската заедница преку локалната самоуправа и институциите во однос на: образованието, здравствената заштита, социјалната положба, вработувањето, животната средина, инфраструктурата, човековите права и сл.

### *4.1.4. Унапредување на меѓународната соработка во средното и во постсредното образование*

#### а) Поврзување на образованието со пазарот на трудот

Од севкупната состојба може да се заклучи дека образованието на кадрите и стопанскиот развој се во директна корелација. Затоа, сè поактуелни стануваат целите на образовниот процес кои се во корелација со потребите што ги наметнува секојдневниот живот, работата и пазарот на трудот. Потсистемот на средното и на постсредното образование на Република Македонија ќе мора да се развива во согласност со потребите и со интересите на економскиот развој.

Фазите на развојот и односите население-стопанство треба да бидат следени од страна на средното и на постсредното образовние, кое треба да покажува голема флексибилност во своето приспособување кон потребите за развојот, кои истовремено се и потреби на работната сила која конкурира за вработување во стопанството, па нејзините шанси за вклучување во производствените процеси исклучиво сè повеќе ќе зависат од степенот на нивните знаења и способности.

**Состојба:**

» Периодот на транзиција предизвика нагласени потреси на економски план и појава на масовна невработеност. Она што загрижува е застапеноста на невработеноста кај младите. Во вкупниот број невработени лица учеството на популацијата до 30 години во 2003 година изнесува 47,01%. Ваквата состојба е показател за потребата од брзи и темелни промени во сферата на вработувањето. Меѓутоа, овие промени ќе мора да бидат следени и со соодветни промени во сферата на средното и на постсредното образование и обуката.

» Една од посериозните причини за невработување е непродолжување на образованието по осмо одделение и осипувањето на учениците во текот на нивното средно образование. Оваа популација, на пример, во учебната 2002/2003 година изнесувала 15% што дополнително влијае врз зголемувањето на бројот на невработените. Притоа, ако се знае дека современата економија сè повеќе се карактеризира со интелектуализација на професијата и трудот, тогаш судбината на популацијата која го напуштила средното образование е однапред осудена на долготрајна невработеност.

Во согласност со тоа, средното и постсредното образование треба да овозможи:

- задоволување на барањата на економијата од аспект на оспособување на работниците за стекнување нови знаења, способности и вештини;
- нови начини на поврзување на образованието со пазарот на трудот, како и создавање на флексибилни врски;
- натамошно усовршување на наставните планови и програми, а тоа би значело осовременување на организацијата; воведување нови програми, курсеви; поинакво дефинирање на практичната обука; задоволување на рамнотежата помеѓу општото и стручното образование;
- создавање услови за континуирано стручно усовршување на наставниците;
- обезбедување услови за стекнување сертификати, дипломи и квалификации усогласени со европските стандарди;
- рационализација и усогласување на мрежата на образовни установи за средно и за постсредно образование со потребите на стопанството, пазарот на трудот и политиката на вработување;
- развој на системот на стандарди за: образовни установи, наставници и програми за образование;
- обезбедување квалитетно образование и постојано следење и евалвација на резултатите како на учениците и наставниците, така и на училиштата во целина;
- обезбедување подобра вертикална и хоризонтална проодност на учениците во рамките на средното и на постсредното образование и надвор од него.

**Состојба:**

» Од вкупниот број средношколци во учебната 2003/2004 година, 40,24% биле вклучени во гимназиско образование, 58,82% биле вклучени во стручно образование и 0,95% во уметничко образование. Од средните стручни училишта најатрактивни се средните училишта од здравствената струка (13,19% од вкупниот број на средношколци во стручните училишта) и од економско-правната струка (17,89% од вкупниот број на средношколци во стручните училишта). Притоа, овој тренд не продолжува во високото образование. Во високошколското образование најатрактивни се општествените науки (68,17% во 2003/2004 година), додека атрактивноста на природните науки е на пониско ниво (28,20%).

За да може средното и постсредното образование во Република Македонија да го овозможи сето ова, потребно е да ги следи:

- движењето на вработувањето и структурата на населението, како извор на работна сила од сите домени, но и како елемент за оспособување на образовниот процес и на учењето низ работа;
- корелацијата помеѓу техничко-технолошкиот развој и кадровските потре-

би на земјата, како и потребата од трансформација на работната сила и населението под влијание на стопанскиот развој и техничко-технолошкиот процес;

- формите и методите на рационално користење на човечките потенцијали со сите свои карактеристики, особено квалитативните кои се основа на побрзиот развој и изнаоѓање на соодветна материјална стимулација и општествен третман на стручните кадри;
- кадровските потреби на општеството, на меѓуопштинско и на општинско ниво и навремена преквалификација и преориентација во согласност со потребите од технолошките промени;
- изборот на формите за оспособување на кадрите, согласно со потребите на пазарот на трудот;
- развојот на сопствени кадри и нивна ангажираност во сите фази на развојот;
- воведувањето документациска основа за следење на кадрите и промените кај нив.

Притоа, ќе се вложуваат бројни напори од страна на Министерството за образование и наука и соодветни институции во Република Македонија во изнаоѓање соодветни индикатори за да се следат појавите и да се сугерираат решенија за натамошниот развој на образовниот потсистем за средно и за постсредно образование.

Како најважни показатели за поврзаноста на средното и на постсредното образование со пазарот на трудот во Република Македонија може да се издвојат неколку, кои се применуваат во повеќе земји, и тоа:

- оптималната големина на образовните институции подразбира определување на големината на училиштата кои ќе овозможат рационален, ефикасен образовен процес од сите негови аспекти;
- бројот на наставниците и на соработниците што ја изведуваат наставата се одредува според однапред дадени критериуми;
- определување на просечното време на траење на средното и на постсредното образование, кое се стреми за што покус рок да ги оспособи младите и возрасните за нивните идни занимања или професии;
- програмската усогласеност на содржините од наставните планови и програми со современите барања на стопанството и на другите дејности;
- вложувањата во образованието, без кои не може да се осовременува и да ги следи светските достигнувања во сите научни области;
- развиеноста и усогласеноста на мрежата на образовните установи за средно и за постсредно образование со структурата на стопанството на меѓуопштинско и на општинско ниво;

- планирање на професии и рамка на квалификации според стопанската развиеност и стопанската структура и сл.

За успешноста и за квалитетот на образовниот систем влијаат и бројни други фактори, како што се образовната технологија, материјалниот статус на учениците, материјалниот, социјалниот и образовниот статус на родителите, традициите итн.

## б) Интеграција во Европската унија преку пазарот на трудот

Младата генерација која денес се стекнува со образование влегува во свет кој доживува промени во сите свои сфери: економија, култура, политика, наука, технологија, општествени односи. За да одговори на новите барања, средното и постсредното образование треба да овозможи:

- стекнување на потребно знаење, стручни (професионални) вештини кои сè повеќе се софистицирани со технолошките промени во процесот на работа;
- широки компетенции на работниот кадар кои се потребни во современото производство и во сферата на услугите;
- давање поддршка на самовработувањето и зајакнување на продуктивноста.

Бидејќи компјутерската технологија станува секојдневие на секој човек, на секој управувачки систем, на секој производствен процес, на секој технолошки процес, неминовно се поставува обврска и во образовниот процес, почнувајќи од основното образование па сè до највисоките форми на оспособување, да се воведе изучување на оваа технологија и оспособување за работа со неа.

Според тоа, напорите за промени во овој домен треба да се одвиваат во правец на:

- зголемување на обемот на наставните содржини од областа на информатиката на сите степени на образование;
- опремување на образовните институции со современа опрема, неопходна за совладување на наставата;
- организирање на сите форми за оспособување за информатичка технологија (вежби, курсеви, секции, натпревари и сл.) кои ќе ја надополнуваат основната настава и ќе ја афирмираат оваа област во иднина;
- усовршување, преквалификации и континуирано учење на вработените граѓани паралелно со работата, бидејќи промените во технологијата стануваат сè побрзи и бараат од вработените нови знаења, флексибилност и, во крајна инстанца, нова култура на трудот;

- изработување на нови програми и соодветни форми за преквалификации, доквалификации и обновување на знаењата.

## в) Зајакнување на регионалната и на европската соработка во областа на пазарот на трудот

Откако образовниот систем во Република Македонија ќе изгради специфична структура и организација која овозможува негова функционална поврзаност со пазарот на трудот, тој на својот пат за интеграција во глобалните процеси мора да ги интензивира европските, а уште повеќе и меѓуопштинските видови на соработка во областа на пазарот на трудот, преку потсистемот за средно и за постсредно образование.

Во согласност со тоа, средното и постсредното образование во ова подрачје треба:

- да обезбеди систем на откривање, следење и поттикнување на талентирани ученици и кадри;
- да ги поддржи и осмисли оние врски и соработка кои носат интерес, прогрес и унапредување на научно-техничката и образовната дејност кај нас;
- да овозможи оспособување на разни кадри кои потоа ќе се вклучат успешно во меѓуопштинската и во европската соработка во областа на пазарот на трудот;
- да се оформи во модерен потсистем според светските стандарди;
- да воведе конкуренција во образованието и да создаде пазар на образование;
- да усовршува мрежа на образовни институции, која ќе овозможи покомплексно и поекономично нивно организирање и на државно ниво да се дефинираат критериуми за нејзино воспоставување;
- да обезбеди вертикална и хоризонтална флексибилност во рамките на средното образование, со што се овозможува: еднакви права во своето лично и стручно унапредување и развој, реализација на принципот на доживотно образование и заминување на поединецот во светот на квалитетно извршување на работните обврски и враќање од тој свет во образованието за обновување на своите знаења и способности во согласност со технолошкиот и со информатичкиот развој;
- да обезбеди професионална ориентација, што станува едно од приоритетните барања;
- да се направи диверзификација на наставните планови и програми, содржини и наставни методи. Во тој процес потребно е да се обезбеди: задоволителна рамнотежа помеѓу општото и стручното образование;

вертикална и хоризонтална проодност внатре во наставните планови и програми во рамките на едно или на повеќе подрачја на трудот; воведување на модуларниот принцип на работа, било во целина на средното образование, било по подрачја на трудот или во рамките на одделни стручни училишта и образовни установи; поврзување со постсредното образование и овозможување проодност кон високото образование;

- да се поврзе со социјалните партнери, значи: поврзување со општината (управување, инвестициска политика, дополнителни форми на работа, финансирање, планирање), поврзување со пазарот на трудот на општинско ниво, поврзување со стопанските претпријатија, поврзување со професионалните асоцијации, поврзување со претприемачите и нивните асоцијации, поврзување со институциите и со неформалното образование.

## 4.2. Клучни подрачја за интервенции во посебните нивоа и видови средно и постсредно образование

### *4.2.1. Потреба и причини за промени во средното и во постсредното образование*

Општествено-економскиот развој како синтетичка детерминанта на вкупниот образовен систем, со целиот свој интензитет концентрирано се јавува во последниве десетина години како позадина на сите потреби и причини за посеопфатни промени во средното образование. Како ***главна причина за промени,*** од тој вкупен кластер на фактори, може да се идентификува високиот степен на расчекор помеѓу она што од средното образование се очекува и она што се добива, од една страна, и она што на средното образование му е потребно и она што од општеството го добива, за да одговори на своите задачи, од друга страна. Овој расчекор се манифестира во рамките на следниве групи на потреби за промени во средното образование:

а) Содржинско и организациско структуирање на средното образование за да ги задоволи потребите на пазарот на трудот во рамките на вкупната пазарна ориентација на стопанството и на придружните дејности. Сигурно дека во овие рамки не се очекува средното образование да го реши проблемот на невработеноста, но она што може да го направи е на пазарот на трудот да понуди компетентни кадри за најголемиот број работни функции на работодавците и со тоа битно да ги редуцира дополнителните, непотребни напори од преквалификација и доквалификација како услов за усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на трудот. Во самата филозофија и ментални модели што треба да се формираат кај идните кадри свое место треба да најде и пазарната

филозофија и клиент како клучен критериум за квалитетот на која било работа во веригата на задоволување на неговите потреби.

б) Паралелно со развивањето на слободното, претприемничко пазарно стопанство, во земјата се развива парламентарната демократија како општествен систем со граѓанинот како центар на општеството. Оттука произлегува следната група потреби за содржинско, особено процесно трансформирање на средното образование во остварување на неговата општествена функција да ги подготвува идните граѓани за одговорно и за компетентно општествено живеење и дејствување.

в) Република Македонија е консензуално определена за интегрирање во Европската унија. Таа определба, заедно се присутниот тренд на глобализација на светската економија претпоставува не само право, туку и компетентност за конкурентност на кадрите не само во домашните фирми, туку и мобилност за вработување и продолжување на студиите надвор од границите на земјата. Јазичната, компјутерската и определени содржински компетентности се јавуваат како неодложна потреба за промени во содржината и во стилот на реализацијата на средното образование.

г) Пазарната ориентираност на дејноста не се однесува само на стопанските субјекти. И самите образовни организации имаат потреба од прифаќање и практикување на таа филозофија на свртување кон својот клиент – ученикот. Тоа ја нагласува ургентноста на потребата од организациски, нормативни, стилски и интерперсонални промени со кои ученикот ќе се постави во центарот на креирањето на сите решенија во средното образование.

д) Експоненцијалниот продор на новите информатичко-комуникациски технологии во секојдневното работење на најголемиот број професии и занимања, ја артикулира потребата од ургентно инкорпорирање на тие технологии и како предмет на изучување, но многу повеќе како рационална инфраструктура за рационализација на вкупната дејност на средното образование.

Потребите за промени отвораат простор за постојан развој на образованието бидејќи овозможуваат:

- средното и постсредното образование да се отворат и да се оспособат за брзо и за ефикасно прилагодување во изменетите и променливи услови;
- простор за постојано подобрување и усовршување;
- создавање механизми за навремено и квалитетно реагирање на новонастанатите потреби;

- остварување на функционална интеграција на иновациите во кохерентен и во ефикасен систем.

Средното образование треба да се заснова на филозофијата на доживотно учење што подразбира:

- потполна и постојана достапност на средното образование на сите членови на општеството;
- учење во услови и на начин кои се во согласност со реалните потреби и можности на оние коишто учат и со можностите и со потребите на средината;
- ширење на можности за учење низ институционален, програмски и организациски плурализам во реализацијата на образованието и поврзувањето на формалното и неформалното образование;
- обезбедување на квалитет и професионализам во реализацијата на образованието, што подразбира општествена верификација на норми и стандарди за образовни програми и за институции.

Во рамките на промените на средното и на постсредното образование како отворен систем на дистрибуција на знаења, умеења и способности за вршење на соодветна работа и продолжување на образованието треба да се создаде можност за:

- влегување, излегување и повторно враќање во системот согласно со потребите на поединецот или на пазарот на трудот;
- вертикална и хоризонтална проодност;
- интегрираност и поврзување на различни видови програми на образование и оспособување.

На тој начин ќе се овозможи можност за креирање на сопствено темпо и пат во развојот на компетенциите и стекнувањето на знаење и умеење, што е еден од клучните чекори кон демократизацијата на образованието и кон квалитетното образование.

За да може да одговори на ваквите барања, стручното образование треба да обезбеди:

- релевантност на образовните програми и образовните излези;
- усогласеност со потребите на пазарот на трудот;
- ефективност во образованието на висококвалитетни кадри кои се бараат на пазарот на трудот што треба да овозможи најдобро искористување на достапните ресурси и брзо вработување;
- еднакви можности за сите поединци и групи.

Врз основа на изнесеното, основни правци на развојот на средното и на постсредното образование во Република Македонија се:

- задоволување на барањата на економијата во поглед на оспособување на кадри за стекнување нови компетенции;
- поврзување на образованието и на пазарот на трудот и создавање на пофлексибилни врски;
- усовршување на наставните планови и програми, воведување нови образовни програми и задоволување на рамнотежата помеѓу општото и стручното образование;
- обезбедување на услови за стекнување на сертификати и дипломи од квалификационата рамка, усогласени со европските стандарди;
- рационализација и усогласување на мрежата на средните стручни училишта со потребите на стопанството, пазарот на трудот и политиката на вработување;
- развој на систем на стандарди за образовни програми, наставници и институции;
- обезбедување на квалитет на стручното образование и постојано следење и евалвација на резултатите на учениците, наставниците и образовните институции во целина;
- обезбедување на подобра внатрешна хоризонтална и вертикална проодност;
- создавање услови за континуирано стручно усовршување на наставниците;
- зголемено финансиско вложување и вклучување на различни извори на финансирање.

### *4.2.2. Значење, функција и основни карактеристики на средното и на постсредното образование*

Средното образование и формално и суштински се наоѓа во средината на глобалниот образовен систем. На ова ниво на образовниот систем започнува системската диференцијација на патиштата за натамошно напредување како во образованието, така и во професионалниот развој. Тука се прекршуваат, усогласуваат и оптимизираат влијанијата на клучните чинители на образованието како клучна општествена функција. Индивидуалното тежнеење за што повисоко образование, а со тоа и за што повисок општествен статус и старт, во светот на трудот се судира со индивидуалните и другите ограничувања, општествените можности, општествената поделба на трудот и барањата на развојот на науката и на технологијата. За разлика од овој дел од системот на образованието, основното образование, како општо и задолжително за сите, се среќава со многу помалку дилеми, а слично е и со високото образование кое во целост е професионално и останува да се решава само прашањето

на траењето и на ирината на професионалната насоченост. Од тие причини, средното образование и просторно во сите земји, и временски во сите развојни периоди на општеството, било и е предмет на најчести промени, реформи и реорганизирања. Оттука, произлегува и неговото значење за целината на глобалниот образовен систем, но и неговата функција во задоволувањето на индивидуалните и општествените потреби.

Клучното **значење** на средното образование произлегува од фактот што со неговата физиономија, содржина и функционирање се создаваат услови за остварување на едно од основните човекови права - ***правото на работа***. Имено, правото на работа е поврзано со исполнување на еден битен услов - *компетентност за извршување на определен вид и сложеност на работа*. А токму таа компетентност, во нејзиниот најголем дел ја дава средното образование како завршна функција (средно стручно образование) или ја овозможува како подготвителна функција за сложени професионални и општествени функции (гимназиско образование како подготовка за високото образование). Исто така, средното образование е значајно поради фактот што во него треба да се реши на соодветен начин една од големите општествени противречности: еднаквите права на достапност на образованието и работата на сите граѓани, од една страна, и различните предиспозиции, можности и капацитети, но и различниот период на созревање на одделни поединци, од друга страна. Конечно, средното образование е значајно и поради фактот што во тој период на индивидуалниот развој се случува индивидуалното созревање (адолесценција) со сите општи карактеристики на воспоставување на релациите на индивидуата и на средината, но и индивидуалните специфичности на тој развој со далекусежни последици на иднината на секој поединец.

Ваквото значење на средното образование и од него изведените системски, содржински, организациски и процесни решенија го прават овој дел од глобалниот образовен систем најкомплексен, а со тоа и предмет на постојано преиспитување и доградување. Оттука и произлегува неговата сложена и мошне диференцирана системска и општествена функција.

***Општествената функција*** на средното образование ги содржи следните компоненти:

- социјализирање на целокупната генерација преку пренесување на општите и националните културни вредности и подготвување за вршење на граѓанските должности во демократското општество;
- подготвување на компетентни кадри со средно образование за сложени барања на пазарот на трудот;
- што поцелосен опфат на генераци-јата што завршува основно образование.

***Системската функција*** на средното образование се согледува во обезбедувањето на вертикална поврзаност и хоризонтална сеопфатност на сите видови средно образование, односно:

- надградување на сите видови курикулуми во средното образование на стандардот на задолжителното деветгодишно образование;
- подготвување за успешно студирање со завршување на гимназиското образование и под определени услови на другите видови средно стручно образование;
- задоволување на индивидуалните образовни потреби на сите категории младинци и возрасни преку: програми за определени образовни профили со различно траење на школувањето; средно уметничко образование; образование на ученици со посебни образовни потреби; образование на возрасните; образование на мајчин јазик на припадниците на сите етнички заедници;
- задоволување на образовните потреби на определени посебни субјекти на пазарот на трудот и на образованието: организација на занаетчиско образование, организација на настава на странски јазик и сл.

**Состојба:**

» не постои неформален систем на образование;
» одвоеност на образованието од животот, од трудот и од потребите на поединецот;
» образовните институции се поврзани по вертикала само по пат на програми;
» просечност, мерило на сè е просечниот ученик/учесник;
» недемократичност (недостапност под исти услови на сите нивоа и видови на образование);
» образованието на возрасните не е вклучено во образовниот систем;
» образовниот систем не е разгранет по видови и по програми и не е флексибилен;
» образовниот систем е ригиден - се остварува само врз основа на пропишани програми кои бавно се менуваат и се усогласуваат со вистинските потреби;
» влијанието на локалната средина на системот на управување е скромно;
» системот на финансирање не поттикнува развојни промени;
» нема разработена концепција за дидактичко-техничко опремување на образовните институции.

Наведеното значење и функција на средното и на постсредното образование претпоставува воспоставување (конципирање) на разгранет, диференциран, адаптибилен, флексибилен и транспарентен систем кој ќе ги задоволува растечките образовни потреби и ќе придонесува за формирање на силни креативни и интелектуално-етички вредности на личноста способни за слободно, автономно расудување, преземање одговорност за својот развој и создавање на подобар свет и иднина. Тоа значи дека на нашата држава ѝ е потребен модерен образовен систем на средно и на постсредно образование кој ќе одговара на времето во коешто живееме и на времето коешто доаѓа. Таквиот систем треба да ја уважува разгранетоста на образовните потреби кои поради научно-технолошките промени и понатаму ќе се развиваат. Сегашниот

систем на средно образование, претежно формален и многу ригиден, станува сè повеќе „тесно грло“ и не може да ги задоволува различните образовни потреби, што може да има негативни импликации и на општествено-економскиот и на технолошкиот развој на земјата.

Новиот систем на средно и на постсредно образование треба да овозможи:

- поврзување со неформалниот систем на образование, отворање на образовните институции за неформални облици на образование и можност други институции од областа на културата, спортот, науката и трудот да организираат и нудат образовни програми;
- развој на систем за акредитирање на наставници и лиценцирање на образовни институции, програми и сл.;
- вклучување на сите интересни групи во планирањето и во усвојувањето на политиката на образованието;
- развивање на механизми за смалување и за спречување на осипувањето на учениците;
- диверзификација на образовни програми, услуги и институции;
- остварување на соработка помеѓу образовните институции, подвижност на наставниците и на учениците, постоење на заеднички програми и комбинирање на програми на различни образовни институции;
- подигнување на квалитетот на образованието преку обезбедување услови за работа, стручно усовршување на наставниците и на другите вработени, осовременување на процесот на образованието, како и вистинска достапност на образованието на сите без оглед на етничката припадност, пол, социјален статус, место на живеење, посебни потреби и сл.;
- често менување на образовните програми, нивно постојано иновирање, исклучување на застарените и воведување нови знаења;
- следење на функционирањето на сите делови на системот;
- ефикасна организација и управување и сл.

Така конципираниот систем на средно и на постсредно образование треба да се заснова на концепција на општество во кое доживотно се учи затоа што тоа е услов за опстанок бидејќи знаењата и технологијата брзо застаруваат, а прилагодувањето на тие промени е условено со доживотно учење.

Од изнесеното произлегува дека **основни карактеристики** на системот на средното и на постсредното образование се:

- демократичност;
- континуираност;
- флексибилност, еластичност, отвореност;

- проодност во потсистемот и помеѓу другите потсистеми;
- диференцираност на содржината на образованието на сите нивоа (базични, задолжителни, изборни, факултативни предмети и сл.);
- индивидуализација (максимално уважување на способностите, можностите и потребите на секој поединец);
- интеграција на животот, трудот, науката, културата и образованието;
- отвореност на образовните институции;
- ефикасност на образованието;
- насоченост кон излезите на образованието (резултатите, ефектите на образованието);
- квалитет на образованието;
- вреднување на процесот и на резултатите на образованието и на ефектите кои се постигнуваат во процесот на трудот по вработувањето.

### *4.2.3. Цел и задачи на средното и на постсредното образование*

Основен пристап во развојот и во модернизацијата на средното и на постсредното образование е неговата социјално-економска и индивидуална релевантност. Во согласност со тоа, образовните програми кои се реализираат во средното и во постсредното образование треба да бидат насочени кон образовните излези кои подразбираат **сет на компетенции** (јасно дефинирани знаења, умеења и способности) и потенцијали што ги бара пазарот на трудот, високообразовните институции и индивидуалниот развој на ученикот.

Општата цел на средното и на постсредното образование е оспособување на учениците (учесниците):

- активно и одговорно да учествуваат во економскиот, во општествениот и во културниот живот и да даваат придонес во демократскиот, во економскиот и во културниот развој на општеството, успешно да ги задоволуваат сопствените потреби и интереси, да ја развиваат сопствената личност и потенцијали почитувајќи ги другите, нивниот идентитет, потреба и интереси, односно да обезбедат можност за стекнување компетенции за вработување, натамошно образование и учење.

Задачи на средното и на постсредното образование се:

- создавање можност на секој поединец за образование за професионална кариера, односно стекнување компетенции неопходни за работа во определено подрачје на трудот;
- отворање широки патишта за влез во високото образование;

- создавање можности за развој на способностите, потенцијалите, талентот и личниот развој;
- обезбедување основа за доживотно образование.

### *4.2.4. Нивоа и видови на средното и на постсредното образование*

Со средното и со постсредното образование се задоволува најголемиот дел од потребите на кадри на пазарот на трудот. Поради разновидната сложеност на трудот, на ова ниво на системот на образованието се јавува најголема диференцираност на траењето на образованието сразмерно со барањата на трудот и со потребите на учениците за соодветна компетентност, но истовремено и за отворени шанси за натамошно продолжување на образованието. Според досегашното искуство кај нас и во земјите на Европската унија, средното и постсредното образование треба да се структуира во следниве нивоа:

1. **Стручно оспособување за работа** кое треба да ги задоволува кадровските потреби на наједноставните занимања кои можат да се обезбедат со образование од најмногу две години.
2. **Средно стручно образование** со кое се задоволуваат кадровските потреби за најголемиот број занимања од непосредното производство, услугите и занаетчиството во кои доминираат компетенции на психомоторни умеења, се разбира со соодветни придружни теоретски основи. Овие компетенции во долг временски период претходно и во актуелните образовни системи се обезбедуваат со тригодишното стручно образование.
3. **Средно техничко образование** кое е развиено и сè повеќе се шири за подготовка на стручни кадри во областа на сложените технички системи, проектирањето, организирањето и одржувањето на техничките системи, како и сложените услуги. Ова образование бара сложени интелектуални компетенции, но и извршни психомоторни и комуникациски вештини. Таквите барања условуваат ова ниво на образование да трае четири учебни години.
4. **Гимназиско образование** кое како стандардно образовно ниво во сите образовни системи треба да обезбеди доволна подготвеност за стекнување на највисоките квалификации за најсложените професионални и управувачки занимања за кои е потребно високо образование. Стекнувањето на широка општообразовна основа и посебни компетенции за самостојно учење го сочинуваат јадрото на овој вид четиригодишно средно образование кое во современите системи се проширува и со други општообразовни и стручни содржини по избор на учениците.

5. **Постсредно образование** кое се развива како одговор на предизвикот за поседување високо специјализирани компетенции и одговорно одлучување во сложени технолошки, социотехнички и социјални ситуации, а кои компетенции можат да се стекнат само врз поседување искуство за поедноставни компетенции и дополнително теоретско и практично образование. Досегашните искуства упатуваат дека овој вид образование може да обезбеди квалитетна оспособеност со едногодишна програма по средното техничко образование и соодветно работно искуство, како и задоволување на регионалната стопанска развиеност.

Покрај овие пет нивоа на средното образование, за задоволување на посебните потреби на одредени категории на кандидати за средно образование, во средното образование се програмираат и се организираат следниве посебни **видови** средно образование:

а) **Уметничко образование** кое по својата сложеност е исто со средно техничкото и гимназиското образование, но во содржински, организациски и процесен поглед ги задоволува посебните барања за развој на определена категорија креативни компетенции (ликовни, музички и балетски). Карактерот на развојот и примената на креативните способности бара во програмирањето на овој вид образование да се обезбеди рамнотежа меѓу финалната подготвеност за определени изведби и подготвеноста за продолжување на школувањето на повисоките нивоа (високо образование).

б) **Средно образование на ученици со посебни образовни потреби** кое се физиономира според следниве посебни барања:

- видот на попреченост определува кои образовни профили ќе бидат понудени на оваа категорија ученици;
- степенот на попреченост определува кои нивоа на средното стручно образование ќе бидат понудени на оваа категорија ученици и колку ќе биде траењето на образовниот процес со оглед на тешкотиите во совладувањето на определени компетенции.

По правило, овој вид образование се организира во мрежа на посебни образовни институции, но не е исклучена можноста со посебно создадени организациски и кадровски претпоставки некои од образовните профили за овој вид образование да се реализираат и во другите училишта за средно образование.

в) **Средно образование на надарени и на талентирани ученици** кое организациски се остварува во редовните училишта со посебен пристап во идентификувањето на овие ученици и создавање можности преку факултативните програми и други индивидуални облици на менторска работа или во посебни центри, да се овозможи забрзано напредување

и да се овозможи посеопфатен и позабрзан развој и напредок на овие ученици според нивните идентификувани и манифестирани предиспозиции.

г) **Средно образование на возрасните** кое како посебен образовен вид треба да оствари задоволување на две категории образовни потреби на кандидатите:

- овозможување на проширување и продлабочување на компетенции за поуспешно вршење на тековната работа поради настанатите промени во работењето;
- овозможување на напредување на повисоки нивоа на средното, на постсредното и на високото образование тогаш кога кандидатите ќе се одлучат за тоа.

Со задоволувањето на овие индивидуални потреби индиректно се задоволуваат потребите на работодавците за обезбедување покомпетентни извршители на работните процеси, а со тоа и обезбедување на поголема конкурентност на пазарот.

Специфичност на овој вид образование е изградбата на организациска инфраструктура за поддршка на образовните активности и самообразованието на овие кандидати и приспособување на курикулумот според конкретно утврдените образовни потреби на кандидатите и на работодавците.

### *4.2.5. Стручно оспособување за работа*

Стручното оспособување за работа е компонирано од два програмски дела. Првиот или заеднички програмски дел се однесува на општото образование кое овозможува работно комуницирање и порационално совладување на вториот, стручниот дел.. Овој општ дел ги содржи следниве програмски содржини: мајчин јазик и комуникации, основи на математичката писменост (сметање) и граѓанско образование и одговорност.

**Состојба:**

- Двегодишното образование во Република Македонија уште во почетокот не заживеа и многу мал број на ученици се определувале за занимања со траење до две години.
- Во струките: здравствена, економско-правна и трговска воопшто нема профил за работно оспособување. Најголем број на занимања за работно оспособување има во машинската, електротехничката, хемиско-технолошката, градежно-геодетската и угостителско-туристичката струка.
- Вкупниот број на образовни профили за работно оспособување е 45.

Се проценува дека за оваа програмска компонента ќе бидат доволни 150 – 200 наставни часа. Стручната компонента за ова образование треба да биде изведена од конкретните потреби на трудот за познат или за очекуван работодавец. Почетна основа треба да бидат потребните вештини за безбедно

и за квалитетно извршување на работните должности, а тие се реализираат како практична обука во училиштето или кај работодавецот. Овие содржини сочинуваат околу 70% од вкупното време за стручно образование. Во останатите 30% од времето за стручно образование треба да бидат програмирани теоретски основи нужни за разбирање и безбедно одвивање на работниот процес, како што се: познавање на материјалите, видовите и карактеристиките на типичните алати, карактеристиките на технолошкиот, односно услужниот процес и познавање на потребите и однесувањето на консументите за занимањата од областа на услугите (фризери, продавачи, бербери и сл.).

Содржините на програмите треба да бидат модуларно дизајнирани.

За ова ниво на образование, како и за сите други нивоа на средното образование, претпоставка е успешното завршено основно образование. Кога ова ниво на образование се организира за возрасни кандидати, во него можат да бидат вклучени и кандидати со незавршено основно образование со обврска паралелно со завршувањето на ова оспособување да се совлада и посебно програмираното основно образование за возрасни.

Стручното оспособување за работа завршува со стекнување уверение за стручна оспособеност за дадена образовна програма.

Кандидатите со завршено стручно оспособување за работа, по правило, можат да го продолжат своето образование во средното стручно образование каде што ќе бидат ослободени од стручно теоретскиот и практичниот дел од сите содржини што ги изучувале на нивото на стручно оспособување и проценетото работно искуство што го стекнале доколку тоа е соодветно со предвидената програма за практична обука во средното стручно образование.

Стручното оспособување за работа за одредени образовни програми го нудат сите јавни стручни училишта од соодветната струка, но и други приватни образовни и консултантски организации и работодавци кои со понудена програма и просторно- технички и кадровски услови ќе добијат акредитација од соодветна комора на работодавците.

### *4.2.6. Средно стручно образование*

Во програмирањето на средното стручно образование се поаѓа од потребите на пазарот на трудот како синтетичко согледување на поединечните работодавци во определената сфера на трудот. Со тоа се обезбедува во програмата за овој вид образование централно место да заземаат клучните компетенции за пошироки дефинирани образовни програми и проценет обем на општо и на стручно теоретско образование за ова ниво на образование.

На тој начин, програмската композиција на ова ниво на средно образование ќе содржи:

- општо образование за ниво на средно стручно образование како стандард за сите струки, програмирано и усвоено на државно ниво;
- стручно теоретско образование заедничко за целото подрачје на трудот (струка или група струки) програмирано и усвоено на државно ниво;
- практична обука за клучните компетенции и неопходна функционална стручна теорија, рамковно дефинирани на државно ниво, а конкретизирани, проширени и продлабочени на институционално ниво според барањата и потребите на работодавците и на локалната заедница;
- факултативни програми за посебните интереси и потреби на учениците, локалната самоуправа и работодавците.

Последниве две компоненти можат да опфатат до 20% од вкупниот наставен план за определена образовна програма, а ги утврдува наставничкиот совет на училиштето како стручно тело.

Со ваквото изведување на обликување на содржината на средното стручно образование се обезбедува до волна ширина на потенцијалните работни места за вработување, релативно брзо работно воведување, постигнување компетентност за успешно вршење на работите и соодветна флексибилност за промена на работните места и занимањата опфатени со широката образовна програма.

**Состојба:**

» Со програмската структура на средното образование од 1996 година беше предвидена и реформа на средното стручно тригодишно образование.

» Вкупниот број на образовни профили во тригодишното образование е 91. Во здравствената струка нема образовни профили со тригодишно образование.

» Во тригодишното стручно образование, општото образование е застапено со 50%, стручната теорија со 30%, а практичната обука со 20%.

» Бројот на наставни предмети по години просечно е од 13 до 15.

» Работилници и опрема стара и надвор од употреба.

» Расчленети образовни профили.

**Состојба:**

» Пилот-проектот за реформа на средното стручно тригодишно образование и обука ГТЗ започна 2003 година во три струки со три образовни профили и тоа: машинска, автотехничка и електротехничка во осум училишта во Република Македонија.

» Со пилот-проектот за реформа на средното стручно тригодишно образование ГТЗ се обединија повеќе образовни профили; општото образование е застапено со 25%, стручната теорија со 25%, практичната обука во училиштата со 25% и практичната обука во фирмите со 25%.

» Бројот на наставни предмети по година просечно е од 10 до 11.

» Работилници опремени со работни места за секој ученик.

» Организацијата на практичната настава е во неделни блокови.

» Проверка на стручната оспособеност се прави со меѓуиспит.

» Бројот на ученици во паралелка е 24.

» Вкупниот број на ученици опфатени со проектот е 452.

Општиот модел на програмската структура составен од општо образование, стручно теоретско образование и практична обука би ги имал следниве соодноси:

- 30% од вкупното наставно време за општообразовниот стандард за средно стручно образование;
- до 35% стручно теоретско образование;
- минимум 35% практична обука.

Средното стручно образование завршува со полагање завршен испит со што се стекнува диплома за средно стручно образование за определена образовна програма.

Проодноста на ова ниво се обезбедува преку диференцијален испит кон средно техничко образование и преку соодветно работно искуство и диференцијална програма во соодветно постсредно образование.

Реализацијата на средното стручно образование може да биде по два модела:

а) училишно образование каде што комплетната програма (и теоретската настава и практичната обука) се реализираат во училишни објекти;

б) дуален систем каде што практичната обука се реализира во занаетчиски дуќан или кај друг работодавец.

### 4.2.7. Средно техничко образование

Средното техничко образование е, исто така, програмирано за широки образовни програми. Карактеристика на ова образование е неговата заснованост на теоретски и на лабораториско-практични содржини со двојна функција:

- широко разбирање на сложените технолошки и социотехнички системи;
- подготовка за ефикасно продолжување на образованието
- на соодветни студиски програми.

Од тие причини, во овој вид образование доминира општото и стручно теоретско образование. Ра-

**Состојба:**

» Во средното техничко образование, по правило, се запишуваат ученици со завршено основно образование, но исто така, и со определена диференцијална програма и кандидати кои претходно завршиле средно стручно образование.

» Наставата од општообразовните предмети и предмети во функција на струката се реализира во училници или во кабинети опремени за некои од предметите. Практичната настава се реализира комбинирано: во училишни кабинети, работилници и лаборатории, како и во соодветни претпријатија и установи. Прифаќањето на учениците во установите има различен пристап. Во дел од нив учениците ги прифаќа стручно лице и ги распоредува за извршување на работните задачи, додека во дел од претпријатијата и установите оваа постапка е изоставена.

ботните умееља за овие занимања се релативно едноставни и затоа можат да се стекнат за релативно покусо време.

Ориентационата програмска структура на средното техничко образование која ги задоволува претходните карактеристики би била следната:

- околу 40% општо образование;
- околу 40% стручно теоретско образование;
- околу 20% практична обука.

Во овие три подрачја ќе бидат застапени задолжителни изборни предмети, како и посебни факултативни предмети во функција на посебните потреби на надарените и на талентираните ученици или посебните потреби на локалната самоуправа и работодавците.

Сите задолжителни општообразовни, стручнотеоретски предмети и практичната обука ќе се изработуваат и ќе се усвојуваат на државно ниво; одреден број изборни општообразовни и стручнотеоретски предмети се изработуваат на државно ниво, а остатокот од наставниот план до 20% се утврдува од страна на наставничкиот совет на институционално ниво.

**Состојба:**

» Бројот на струки е 24 со 63 профили во четиригодишното стручно образование со концептот од 1989 година.

» Во првата фаза на ФАРЕ програмата за реформа на средното стручно образование и обука во Република Македонија беа опфатени 8 струки или групи струки, 19 образовни профили со четиригодишно траење на образованието и 16 пилот-училишта во Македонија.

» Учебници за стручно-теоретските предмети според проектот за програма за реформа на средно стручно образование и обука – нема; во употреба се учебници од постојниот систем на образование. За општообразовните предмети се користат, главно, учебници од гимназиското образование. Проблемот за учебници се решава со користење скрипти од интерен карактер.

Средното техничко образование ќе **завршува** со полагање на државна матура која обезбедува право на високо образование во соодветната студиска програма и кон пазарот на трудот или со завршен испит со кој се стекнува диплома за средно техничко образование како документ за остварување на правото на работа.

**Состојба:**

» Во наредните години Проектот за реформа на средното стручно образование и обука се прошири во три струки со три образовни профили, а од учебната 2005/2006 година се воедначуваат наставните планови и програми во сите струки и образовни профили.

» Четиригодишното стручно образование завршува со полагање завршен испит кој обезбедува право на високо образование во соодветната студиска програма и кон пазарот на трудот.

» Намалување на процентот на невработени со четири години средно образование, и тоа од 35,27% во 2002 година на 34,32% во 2003 година.

Учениците определени за средно техничко образование уште при запишувањето или по заврш-вањето на првата, евентуално на втората учебна година, под определени услови ќе

можат да се школуваат и по програмата за стручна гимназија блиска до нивната струка. Со тоа тие ќе можат по завршувањето на стручна гимназија да полагаат државна матура, наместо завршен испит која ќе им овозможи поширока проодност во високото образование.

Практиката во стручното образование покажува потреба од:

- растоварување на наставните планови од поголемиот број наставни предмети, кои во некои струки и образовни профили се движат и до 15 предмети по година;
- преиспитување и преименување на одредени предмети од подрачјето задолжителни активности и од подрачјето општообразовни заеднички предмети;
- преиспитување на односот помеѓу општото образование и стручното образование во корист на зголемување на процентот на практичната настава;
- преиспитување на наставните планови и растоварување на наставните програми, како и редефинирање на целите во нив;
- регулирање на проблемите со позитивни законски прописи кои се јавуваат околу реализацијата на практичната настава во претпријатијата и во установите;
- преиспитување на мрежата на установи за стручно образование;
- учебници како за општообразовните предмети, така и за стручно теоретските предмети.

### *4.2.8. Гимназиско образование*

Веќе е речено дека и современото гимназиско образование доминантно ќе ја задржува својата традиционална функција на подготвување за успешно студирање на високото образование, но истовремено ќе ја проширува својата функција на подготовка за опреде-лен вид работа. Имајќи ги предвид овие две функции, а истовремено и барањето да се задоволи принципот на флексибилност на вкупниот образовен систем, се предлага гимназиското образование да се остварува во два типа гимназии: **општи гимназии** и **стручни гимназии.**

**Состојба:**

» Во Република Македонија гимназиското образование се организира во 43 јавни средни училишта од кои во 35 наставата се реализира на македонски наставен јазик, а во 8 училишта на албански наставен јазик и на македонски наставен јазик. Во четири училишта има гимназиски паралелки на турски наставен јазик.

» Од 43-те средни училишта, како гимназии се организирани само 14 училишта (9 на македонски наставен јазик и 5 на албански наставен јазик), а останатите се средни стручни училишта во кои се формирани гимназиски паралелки.

» Освен постојните јавни гимназии, во Република Македонија гимназико образование се остварува и во 3 приватни гимназии на: македонски, албански, турски и англиски наставен јазик.

Стручните гимназии се предлагаат само како една можност за зголемување на флексибилноста на образовниот систем, но нивното воведување бара утврдување на цврсти критериуми за нивното вклучување во мрежата на училиштата за средно образование со цел да се обезбедат придобивките од овој тип гимназии, а да се неутрализираат негативните импликации врз другите типови и видови средно образование. Стручните гимназии се предвидуваат како компензациско решение за физиономирање на некои од постојните струки (физичка култура, уметничко образование) или како задоволување на потребите на одредени мали средини за поголема проодност на некои од постојните струки (економско-правна и трговска, технички струки и др.).

**Состојба:**

- Наставниот план за гимназиско образование е обликуван со: задолжителни и изборни предмети, задолжителни изборни програми и проектни активности.
- Задолжителните предмети опфаќаат од 82%, од вкупниот неделен, односно, годишен фонд на часови во прва година до 55% во четврта година.
- Изборноста се јавува во втора година со еден изборен предмет, којшто учениците го избираат од листа на шест предмети. Во трета година учениците имаат можност да се определат за едно од следните подрачја со понудени две комбинации на изборни предмети во секое од нив:
  - природно-математичко подрачје;
  - јазично-уметничко подрачје;
  - општествено-хуманистичко подрачје.

**Состојба:**

- Завршувањето во гимназиското образование се обезбедува со полагање завршен испит кој опфаќа полагање на мајчин јазик, еден предмет по избор на ученикот и индивидуална матурска работа од задолжителните или од изборните предмети, или од пошироките образовни области.
- Од учебната 2001/2002 до учебната 2003/2004 година подготвени се нови наставни програми по сите предмети коишто ги содржи Наставниот план на гимназиското образование.
- Паралелно со иновирањето на гимназиското образование и подготовката на нови наставни програми, подготвени се и нови учебници за сите задолжителни и изборни предмети.

Општите гимназии треба да подготвуваат за најширока проодност на матурантите кон сите видови на високото образование, но истовремено да обезбедаат постапно насочување на учениците кон определени области на науката. Поради тоа, програмската структура на општите гимназии ќе биде:

- заедничка програма во прва и во втора година на сите гимназии;
- насочување на учениците во трета година во три академски насоки: општествено-хуманистичка, јазична и природно-математичка.

Со Концепцијата на гимназиското образование ќе биде прецизиран односот на задолжителните и на изборните предмети во овие два типа гимназиско образование како и соодветните студиски програми на високото образование кон коишто завршените ученици ќе имаат приоритет при запишувањето.

За проширување на проодноста, за задоволување на посебните потреби на талентираните ученици или за подготовка за определен вид работа, општите гимназии ќе можат да нудат факултативни предмети во обем до четири часа неделно почнувајќи од втората година. Во оваа функција можат да бидат ставени и проектните активности и додатната настава.

Општите гимназии ќе завршуваат со државна матура или училишна матура, а стручните гимназии со државна матура или завршен испит.

### *4.2.9. Постсредно образование*

**Функцијата** на постсредното образование не треба да претрпи битни промени во однос на функцијата на досегашното специјалистичко образование. Ова ниво на образование, кое бара поседување продлабочен увид во технологијата, во организацијата или во водењето на оперативното работење во производството или во услугите треба да обезбеди продлабочено оспособување за работа. Поради тоа, со ова образование се планира стекнување посложени компетенции, донесување оперативни одлуки и повисок степен на лична и на деловна одговорност (деловна етика). Со еден збор, на ова ниво се финализира највисоката професионалност во непосредното оперативно работење.

Во зависност од доминантната **содржина** на работењето на кадрите од ова ниво, постсредното образование може да се појави во следниве **видови**[2]:

- технолошка специјализација постсредно образование кое подготвува за оперирање со ком-

**Состојба:**

» Основа за организирање на специјалистичкото образование во постојниот систем беше утврдениот V степен на сложеност на определен број занимања во Единствената номенклатура на занимањата во поранешна СФРЈ. За задоволување на тие потреби на трудот од страна на тогашниот Педагошки завод беше направена Концепцијата за специјалистичко образование со која е дефинирана функцијата и програмската структура.

**Состојба:**

» Во зависност од типот, специјалистичкото образование трае од 400 до 900 часа.

» Во јавните средни училишта се организира специјалистичко образование во следниве струки и образовни профили (занимања):

1. *угостителско-туристичка струка*
2. *градежна струка*
3. *електротехничка струка*
4. *сообраќајна струка*
5. *машинска струка*

» Со Законот за средно образование („Сл. весник на РМ"бр. 52/2002 год.), со член 45 се определува начинот на запишување на редовните и вонредните ученици со завршено основно образование во стручното образование и траењето на стручното образование кое може да биде тригодишно, четиригодишно и специјалистичко.

[2] Во делот за иницијална и за континуирана обука на наставните кадри ќе биде дефинирано образованието на инструктивните кадри за практичната обука во средното образование, кое според согледувањето на оваа група треба да биде третирано во делот за професионалното високо образование кое регрутира кадри од соодветни профили од средното образование.

плексни технолошки постројки (процесно производство) или мобилни оперативни средства (багери во рударството, големи градежни машини и сл.);

- надзорништво: постсредно образование кое подготовува за непосредно раководење со извршителите во оперативното работење (производство и услуги) и кое во поделбата на работата се среќава како линиски менаџмент (предработници, надзорници или супервизори, шефови и сл.);
- претходните две функции во занаетчиството се обединети во сопственикот на занаетчискиот дуќан кој по потврдената позитивна традиција се јавува како мајстор кој основа дуќан, вработува калфи и прима на обука чираци. Тој ги врши најкомплексните, односно комплетните производно-услужни работи, вклучувајќи го и подучувањето на чираците. Заради интегрираната функција и начинот на школувањето на овие кадри, потребно е мајсторството да се третира како посебен вид постсредно образование.

**Влезот** во постсредното образование е секогаш по завршено претходно соодветно средно образование и, по правило, определено работно искуство што ќе се дефинира во секоја образовна програма посебно.

**Обемот на програмата** за овој вид образование ќе се димензионира во обем од 400 до 800 наставни часа распоредени во една до две учебни години.

Во подрачјата на работа во кои се дефинираат образовни програми за постсредно образование со влез од образовни програми со тригодишно и четиригодишно траење, наставниот план за постсредно образование се програмира во траење од една учебна година со тоа што за кандидатите со тригодишно средно образование се дефинира диференцијален испит како составен дел на наставниот план.

За образовните програми кои предвидуваат вклучување само на кандидати со претходно тригодишно образование и за мајсторското

**Состојба:**

» За вклучување во образовен профил во специјалистичкото образование потребно е кандидатот да има завршено тригодишно или четиригодишно образование и соодветно работно искуство од 2 до 5 години.

» Според достапните податоци во Бирото за развој на образованието, во учебната 1999/2000 година најголем број посетители во спе¬цијалистичкото образование се запишуваат во: машинската струка 105, електротехничката 33, сообраќајната 58 и угостителската 25 или вкупно 224 посетители.

**Состојба:**

» Запишувањето на посетителите во специјалистичкото образование се врши на неколку начини: преку редовен конкурс објавен во дневен печат на почетокот на учебната година, преку оглас во договор со претпријатијата (трговски друштва), а во некои образовни установи уписот се врши во текот на целата учебна година.

» Со специјалистичко образование посетителите се стекнуваат по пат на полагање испити. Висината на цената за запишување во програмите за специјалистичко образование и полагање на испитите ја утврдува самото училиште.

постсредно образование, наставниот план се дефинира во обем од двегодишно траење. Кандидатите со соодветна практика можат да сметаат на признавање до 30% од времето предвидено за специјалистичка практика.

**Состојба:**

- Со завршувањето на специјалистичкото образование, кандидатите се стекнуваат со уверение за завршено специјалистичко образование од профилот/струката.
- Во јавните средни училишта има главна книга за специјалистичко образование и уверение за завршено специјалистичко образование.
- Начинот и следењето на успехот на постигањата се остварува, главно, преку проверка на знаењата со полагање испити. Следењето на постигањата го вршат наставниците и обучувачите.

Клучен дел од планот и програмата е прецизното дефинирање на стандардите на работењето изразени преку клучните компетенции кои треба да бидат стекнати и кои се основа за проверка на оспособеноста за ова ниво на сложеност на работата.

Од друга страна, **содржината на програмите** треба да биде модуларно дизајнирана за да може дел од модулите да бидат признаени како кредити во преминот од ова ниво во нивото на професионалното високо образование. **Програмската структура** на постсредното образование ќе содржи општообразовен стандард, продлабочени стручни теориски основи за сите образовни програми од определен вид и подрачје на трудот и посебни профилирачки дисциплини од кои еден дел е задолжителен за образовната програма, а еден треба да биде изборен.

Во општообразовниот стандард треба да се сместат следниве дисциплини: деловно комуницирање, деловна етика и андрагошко водење и инструирање.

Постсредното образование треба да заврши со стекнување **диплома** по претходно положен **специјалистички испит** пред соодветна екстерна комисија во која ќе партиципира соодветните интересенти, пред сè претставници на работодавците.

Постсредното образование, како и другите видови средно образование, може да се организира во **јавни, но и во приватни образовни установи** кои ги исполнуваат нормативите за реализација на програмата, особено нормативите за соодветен специјализиран кадар.

За квалитетно реализирање на овој вид образование потребно е **наставниот кадар**, покрај теориското и практичното искуство од областа на специјалноста, да поседува соодветно андрагошко, педагошко-психолошко и методско образование за работа со возрасни учесници во обуката.

### 4.2.10. Средно уметничко образование

**Состојба:**

- Во Република Македонија има 6 установи за средно уметничко образование.
- За влез во овој вид образование, покрај завршеното основно образование, се врши проверка на предиспозициите за определена способност, а за музичката уметност во инструменталниот дел потребно е и претходно завршено основно музичко образование.

Карактеристика на средното уметничко образование е потребата од континуитет на посебно изразените способности уште од основното образование и континуирано продолжување на развивање на тие способности во текот на работата со завршено средно уметничко образование, а особено со продолжување на уметничкото образование на ниво на високо образование. Исто така, кај најголем број образовни програми од овој вид има висок степен на интегрираност на стручната теорија и практика што ќе дојде до израз кај секоја образовна програма посебно.

Поради тоа, се предвидува за овој вид образование да се обезбеди простор од околу 30% од вкупното време за општото образование како натамошно развивање на општата култура и создавање на пошироки основи за стручното образование, додека распоредувањето на остатокот на времето на останатите 70% од вкупното време, како и можноста на вградување до 20% од програмата на институционално ниво, ќе се врши за секоја од уметностите, па дури и за секоја образовна програма посебно со концептот за овој вид образование.

Како во случајот на средното техничко образование, така и за средното уметничко образование ќе се разработува концепт на уметнички гимназии со примарна функција да обезбедат посоодветна и поширока проодност на овој вид средно образование кон високото образование.

За влез во овој вид образование, покрај завршеното основно образование, се врши проверка на предиспозициите за определена уметност, а за музичката уметност во инструменталниот дел потребно е и претходно завршено основно музичко образование.

Учениците од средното уметничко образование на крајот од своето образование ќе полагаат училишна матура.

Средното уметничко образование се организира во рамките на државните средни уметнички училишта или во приватни уметнички училишта кои ќе ги исполнат потребните стандарди и ќе бидат акредитирани од страна од Министерството за образование и наука.

### *4.2.11. Средно образование за ученици со посебни образовни потреби*

Со вклучување во образовниот процес на учениците со посебни потреби им се олеснува нивниот развој, се актуелизираат нивните потенцијали и се оспособуваат за вклучување во општеството, а со тоа се придонесува за квалитетот на нивниот живот. Во последните десет години, медицината, психологијата и социологијата дојдоа до нови сознанија за тоа како да се олесни и да се забрза развојот на учениците со посебни потреби. Но, тоа бара промени во концепцијата за образование на учениците со посебни потреби.

**Состојба:**

- Во Р. Македонија постојат четири посебни специ-јализирани средни стручни установи во кои стручно се оспособуваат ученици со посебни образовни потреби (ученици со пречки во психичкиот развој, ученици со оштетен слух и ученици со оштетен вид).
- Установите се просторно, материјално-технички опремени и подготвени да понудат секаков вид услуга на учениците со посебни образовни потреби. Покрај постојниот стручен наставен и друг кадар во самото училиште, обезбедена е и дополнителна помош од дополнителни наставници и стручни лица од разни профили кои нудат дополнителна специфична стручна помош.
- Вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во установите за средно стручно образование е потполно инцидентно, без каков било вид организирана стручна помош од релевантни институции. Успешноста на вклучените ученици во редовните класови е детреминирана од повеќе чинители.

Учениците со посебни образовни потреби претставуваат мошне хетерогена и ранлива група млади луѓе, кои за да ги задоволат своите права и слободи треба да бидат, пред сѐ, прифатени и разбрани од другите. Имаат потреба од индивидуален пристап, прилагодени или посебни програми на поучување. За тоа се потребни специјалисти за изработување, реализирање и евалвација на образованието на учениците со посебни потреби.

Различните видови и степени на посебни потреби бараат соодветни оспособени наставници и дефектолози кои се посебно едуцирани за образование на ученици кои имаат такви посебни потреби. Програмите и начинот на нивното реализирање треба да ги имаат предвид нивните потреби на тој начин што постојната програма се прилагодува на посебните потреби во фазата на реализација или едукацијата се спроведува според претходно прилогодена програма. Посебните потреби се задоволуваат со дополнителна настава и со други форми на помош во подучување.

Денес се присутни ставовите за вклучување на учениците со посебни потреби во редовните установи за средно и за постсредно образование. Се препорачува учениците со посебни потреби, каде што е тоа можно, да го стекнуваат своето образование заедно со своите врсници во редовните установи за средно образование. За еден дел на ученици со потешки развојни потреби сѐ уште останува можноста за образование во посебни училишта или во паралелки во редовните средни училишта со помош на посебни програми

и форми на едукација. Притоа, посебните училишта или паралелките се разликуваат од редовните училишта по опремата, по вработените стручни лица и според бројот на учениците во паралелката. Во редовните установи за средно образование треба да се овозможи активно влијание на ученикот со посебни потреби, а не само негова физичка присутност во паралелката.

Најголем е бројот на ученици со посебни потреби кај кои нивните тешкотии се помалку изразени. Тоа се деца со тешкотии во учењето. Ним им е потребна само дополнителна помош во учењето што може да се постигне со инивидуализирана настава. Тие го посетуваат училиштето со другите ученици и многу често се несоодветно третирани. Главна причина за тоа е големиот број на ученици во паралелката и несоодветната оспособеност на наставниците за препознавање и за работа со таквите ученици, како и по потреба за соработка со дефектолог.

Наставникот е одговорен за сите ученици во паралелката, па мора да биде подготвен и оспособен за соработка со психологот, дефектологот и родителите на децата со посебни потреби. Во развиените земји се воведува практика на постдипломска-специјализација на наставниците за работа со ученици со посебни потреби.

**Состојба:**

» Програмите за овој вид образование се изработуваат со адаптација на планот и програмите за стручно оспособување за работа и средно стручно образование земајќи ги предвид специфичностите на видот и степенот на обученоста и работните обврски во рамките на соодветниот образовен профил на кој тие ќе можат да бидат ангажирани.

» Наставните планови и програми обезбедуваат стручно оспособување и стручно образование во траење од три години, со што е оневозможена непречена вертикална проодност и достапност до високообразовните установи.

» Наставата за ученици со посебни образовни потреби во посебните установи за средно стручно образование ја реализираат наставници кои ги исполнуваат нормативите согласно со Законот за средно образование.

» Воспитно-образовните содржини се разликуваат по обем и по длабочина во зависност од видот и од степенот на хендикепот. Генерално, содржините се групирани во следните подрачја: општо образование, стручно образование, практична настава, задолжителни активности, проектни активности.

**Состојба:**

» Учениците со посебни образовни потреби кои се запишуваат во посебните установи за средно стручно образование доаѓаат од посебните основни училишта, посебните паралелки при редовните основни училишта, или од редовните класови во основните училишта, претходно од соодветно тело категоризирани за определен вид и степен на попреченост во развојот.

» Бирото за развој на образованието располага со податоци дека мал број на ученици со посебни образовни потреби средното образование го завршуваат во редовниот систем заедно со своите врсници.

За да биде возможно вклучувањето на учениците со посебни потреби во установите за средно образование потребно е водење на потполна документација, од првата идентификација на посебните потреби до спро-

ведените образовни постапки и резултатите од следењето. Во другите земји се покажа корисна функцијата на лицето-координатор, кој соработува со наставникот и раководството на училиштето. Се смета дека за тоа најдобро е оспособен дефектологот.

Соработката на наставниците и дефектолозите треба да се остварува во сите компоненти на помош: при идентификација на посебните потреби на учениците, при изработување на прилагодени програми и избор на постапките на поучување, при реализација на индивидуализираната настава, вреднување на реализираната програма и напредувањето на ученикот, како и при одлучувањето за додатните форми на поучување. Ова е модел на насочување на учениците со посебни потреби, кој се остварува со тимска работа на стручни лица од училиштето однатре и однадвор.

Новите истражувања на подрачјето на вклучување на учениците со посебни потреби во редовните установи за средно образование ги идентификуваат следните најважни прашања важни за успешно вклучување: трајно стручно усовршување на наставниците и другите стручни лица во училиштето (педагог, психолог, лекар); усогласување на активностите на лицата кои работат со ученици со посебни потреби; програмирање на работата со секој ученик; прилагоденоста на просторот според потребите на учениците.

Освен општите материјални недостатоци, посебен проблем се архитектонските бариери и нефункционалноста на училишните згради, што го отежнува движењето на учениците со физички проблеми. Бројот на учениците во паралелката е преголем. Недостасуваат соодветни програми, како и соодветна опрема.

Од кадровските претпоставки најважни се соодветно едуцираните наставници кои во соработка со дефектологот треба да наоѓаат решенија за оптимален развој на учениците и на соодветен начин да соработуваат со родителите. Недостасуваат стручни лица кои се посебно едуцирани за работа со учениците со посебни потреби.

Поради сето наведено се предлагаат мерки за унапредување на едукацијата и на работата со учениците со посебни потреби:

- донесување закони во врска со проблемот на ученикот со посебни потреби (во чии рамки ќе се регулира и проблематиката на образованието);
- мрежата на установи за средно образование да се развива во мрежа која ќе ги задоволува потребите на учениците со посебни потреби;
- обезбедување адекватни образовни стандарди, пред сè во поглед на бројот на учениците во паралелката, просторните услови, наставните средства и училишната опрема и посебно условите за креативна работа;
- изработување прилагодени и посебни програми за образование на

ученици со посебни потреби, кои ќе обезбедат поврзаност на образованието со пазарот на трудот;

- обезбедување систем на вклучување на возрасни лица со посебни потреби, нивна адекватна преквалификација и доквалификација според преостанатите способности и потреби на пазарот на трудот;
- обезбедување можност за курсно совладување на дел од програмата за исто подрачје на работа, како и за вертикална проодност, но и за враќање на ученикот во програмата на понизок степен доколку за тоа се укаже потреба;
- обезбедување соодветен образовен кадар според видот на посебните потреби, како за општите така и за стручните предмети и практичната настава и нивно усовршување за работа со учениците со посебни потреби и за соработка со родителите;
- комплетирање и усовршување стручни тимови во установите за средно образование;
- обезбедување услови за постојано усовршување на наставните планови и програми, нивна модернизација и прилагодување, посебно на стручните предмети и практичната настава, според потребите на стопанството и услужните дејности;
- обезбедување на добро поставен систем на евалвација на: програмите, организацијата на наставата, формите и методите на работа со учениците заради преземање мерки доколку се појават проблеми во однесувањето и во развојното напредување на учениците со посебни потреби, како поединечно така и за паралелката во целина.

Значи, во основа на овој потсистем треба да се почитува принципот усвојување на филозофијата на образование на учениците со посебни потреби со кој се остварува еднакво право на образование прилагодено на можностите на секој поединец, **создавање училишта според потребите на учениците.**

### *4.2.12. Средно образование на надарени и на талентирани ученици*

Организираната и програмираната работа со надарените и со талентираните ученици од средното образование, во рамките на општите настојувања секој ученик во воспитно-образовниот систем оптимално да ги развива своите способности за натамошно образование и работа, има ***специфична задача*** да придонесе за формирање врвни стручњаци и уметници кои ќе станат творци на нови вредности во областа на науката, технологијата, културата и уметноста.

Поаѓајќи од така определената конечна цел се определуваат системот, концепцијата, програмите и формите на работа со надарените и со талентираните ученици. Воспитно-образовната работа со овие ученици може да се остварува во самите образовни установи за средно и постсредно образование и центри за талентирани ученици, кои треба да ги задоволуваат нивните специфични потреби и интереси и да ги почитуваат општествените потреби од врвни кадри од разни области.

Во рамките на средното образование систематски треба да се работи на откривање на надарените и на талентираните ученици во определени области, следење и прифаќање на таквите ученици од основното училиште, врз основа на досие за развојот на овие ученици, што треба да го води основното училиште. Во системот на откривање на надарените и на талентираните ученици треба да се вклучуваат соодветните наставници (секој во својата област), раководителите на паралелките, педагошко-психолошките служби и училишните центри за информирање и за професионално ориентирање на учениците, врз основа на посебно подготвена методологија. Во образовните установи треба да се организираат соодветни форми на работа со овие ученици и да им се овозможува вклучување во меѓуучилишните и во формите на работа надвор од училиштата.

При програмирањето на работата со надарените и со талентираните

**Состојба:**

- Во Република. Македонија првиот обид за воспоставување планска, систематска и долгорочна активност која опфаќа идентификување, насочување и следење на надарените ученици направен е во учебната 1987/88 год. од страна на службата за професионална ориентација при СИЗ за вработување во Битола (Војновски, П., 1989). Во првата фаза на овој долгорочен проект беа опфатени 341 ученик од 8 одд. од сите основни училишта во градот и од селата на општината Битола, од кои училишните педагози предложиле 169 како потенцијално надарени, а по дополнителното, покомплексно испитување со психолошки инструменти, се издвоиле 15 ученици со извонредни, натпросечни резултати.

**Состојба:**

- За учениците се изработени идентификациски карти кои даваат информации за: социјалното потекло, условите на живеење, информираноста за можностите за понатамошно школување, професионалните интереси, слободното време и др. Овие ученици им се препорачани на центрите за средно образование како приоритетни за запишување. Во рамките на проектот, идентификацијата се вршела со психолошки инструменти кои даваат дијагноза на 3 статуса: когнитивен, емоционалноконативен и здравствен. Критериум на надареност во проектот била интелектуалната супериорност на учениците, дефинирана како натпросечно постигнување (М + 1 СД) на тестовите на општата интелигенција и на посебните интелектуални способности. Резултатите од другите тестови биле користени за советување со професионално насочување на надарените ученици и со контрола на нивниот севкупен професионален развој.
- Во Република Македонија направено е истражување во основните училишта кое покажало дека училишната акцелерација недоволно се практикува, како еден од облиците на забрзан развој на надарените ученици. Се практикувала во високоразвиените градски училишни средини. Тоа значи дека оваа форма, и покрај нејзината законска легалност, во практиката сѐ уште не доживува реализација.

ученици треба да се има предвид дека основната ориентација во програмите е ***како*** да се учи, како да се доаѓа до сознанија, а не тоа ***шшо*** се учи. Оттука произлегува дека програмите треба да бидат флексибилни, да овозможуваат брзо прилагодување и внесување измени без сложени административни процедури. При подготвувањето на програмите се поаѓа од сознанијата за способностите, развојот и интересот на учениците, материјално-техничките и кадровските услови во училиштето.

Содржините за работа со надарените и со талентираните ученици можат да претставуваат проширување или продлабочување на содржините од редовната настава, интердисциплинарни содржини, одделни факултативни содржини, истражувачки проекти и сл. При изборот на содржините акцент треба да се става на современите содржини, научни теории, експерименти, нерешени проблеми и сл.

Поголем акцент во програмите за работа треба да се става врз методите и врз формите на работа. Тие треба да се флексибилни, да не се насочени кон давање готови знаења, туку кон: оспособување за самостојно учење и за користење информации; развивање способности за воочување, идентификување, дефинирање проблеми, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија; развивање на дивергентните способности; поттикнување на љубопитноста и на фантазијата.

Програмите за работа со надарените и со талентираните ученици треба да ги подготвува образовната установа во соработка со соодветни стручни и научни институции, според усвоени стандарди за нивно програмирање (што ги подготвува Бирото за развој на образованието).

Организацијата на работата со надарените и со талентираните ученици треба да биде разгранета и да овозможи на разни начини да се негуваат дарбата и талентот.

Организираната работа со надарените и талентираните ученици во училиштето треба да се остварува низ:

- ***редовнаша насшава***, по пат на индивидуализација, односно диференцирана работа со учениците со изразени способности;
- ***груйнаша насшава***, за посебно формирани групи ученици (10 – 15) со приближно исти предзнаења, способности и интереси;
- ***слободнишеученичкинаучно-исшражувачкиикулшурно-умешничкиакшивносши***, по пат на индивидуализација на работата, при што учениците ќе се упатуваат кон посложени активности;
- ***консулшашивнаша насшава*** за надарените ученици што сакаат позабрзано да напредуваат;

- ***специјализирани паралелки***, училишта или меѓуучилишни паралелки за надарени и за талентирани ученици во одредени области;
- в***клучување на учениците*** во меѓуучилишни специјализирани форми на работа со надарени талентирани ученици, како што се: летни и зимски училишта, натпревари, смотри, средби, семинари, трибини, конкурси, истражувачки активности и сл.

Со надарените и со талентираните ученици треба да работат најдобрите и најзаинтересираните наставници, кои и самите треба да бидат инвентивни. Покрај редовните наставници во училиштето, во зависност од видовите на надареност и талентираност и формите на работа, во работата со надарените и со талентираните ученици треба да се вклучуваат и стручњаци од науката, стопанството, уметници, студенти и др.

## *4.2.13. Средно и постсредно образование на возрасните*

Современитетековинаглобализација, здружувања и партнерства, го менуваат односот на одделните фактори во економијата. Висината на надниците на фабричките работници игра сè помала улога во рамките на светската конкуренција, а сè позначајна улога добиваат продуктивноста, квалитетот, дизајнот, иноваторството и маркетингот. Значи, сè помало е учеството на суровините, а сè поголемо е учеството на знаењето во индустриското производство.

Образовната понуда на установите за средно и за постсредно образование, најчесто не е заснована на вистинските потреби на фирмите, па и затоа не можела да даде соодветни ефекти. Образованието како функција во претпријатието е организирано и дејствува самостојно и независно од кадровската функција и недоволно е интегрирано во концептот за развој на кадрите, вклучувајќи го

**Состојба:**

- образованието за возрасните системски е минимално уредено;
- не се доволно прецизно утврдени надлежностите и одговорностите за одредени подрачја за образование на возрасните (неразграниченост на ингеренции на државата и на органите на локалната самоуправа, работодавците, вработените и социјалните партнери);
- нема организирани претставнички органи на вработените, односно невработените лица (совети, комисии, агенции);
- постојната регулатива е непрегледна и непотполна;
- во поглед на финансирање, делот од буџетот е минимален;
- не постојат прецизно дефинирани ниту други извори на финансирање (стипендии, уплати од синдикатот и сл.);
- нема адекватно организиран систем на оспособување на кадри и усовршување на носителите на образованието на возрасните;
- недостасуваат современи организациски облици на образование за возрасните (образование на далечина, мултимедиско образование, образование по модули и сл.);
- недостасува адекватен простор и современа наставна опрема за реализација на образовните програми.

и напредувањето. Пред нас, може да се рече, се одговорни и сложени задачи на отворање на нашата земја кон светот и прилагодување на стопанството и на барањата на пазарот на трудот. Образованието е пат на суштински промени и тоа мора да одигра важна улога во процесите на прилагодување.

**Состојба:**

- недостасува адекватен простор и современа наставна опрема за реализација на образовните програми;
- стручното образование, во принцип, не е врзано за пазарот на трудот, па нема планирање на структурата, ниту изразени потреби за кадар кој треба да го образува;
- во стручното образование, кога се врши дошколување, доквалификација, преквалификација, посебно место зазема практичната настава која се изведува во претпријатијата, кога покрај стекнувањето најупотребливи стручн знаења и вештини, посетителите се социјализираат и се прилагодуваат на реалните работни услови;
- постојните стандарди на знаење не се усогласени со стандардите на знаење на развиените земји, пред сѐ со земјите на ЕУ;
- образовните институции кои се занимаваат со стручно образование на возрасните не се опремени со соодветни наставни средства и помагала кои би овозможоиле добивање лиценца;
- нема системски решенија со кои се зголемува и мотивира образованието на возрасните за на тој начин да се создава поголема можност за вработување;
- во образованието на возрасните не се вклучени изведувачи од стопанството, ниту, пак, се мотивирани да се вклучат;
- Законот за работни односи („Сл. весник на РМ" бр. 80/2003 година) предвидува стручно усовршување на работникот во работниот процес. Според него, вработениот има право на платено отсуство до седум работни дена во една календарска година доколку полага стручен испит за потребите на работодавецот, а доколку работникот е упатен на стручно оспособување и усовршување платеното отсуство може да трае и подолго од седум дена.

Притоа, образованието на возрасните не може да биде concipирано за некое минато, туку за идно време. Покрај системот на училишно или формално образование, примарна улога треба да има и неформалното, надворешно училишно образование.

Неформалното образование на возрасните, сфатено во најсовремена смисла, ќе се потпира сѐ повеќе на универзалните потреби на човекот. Зголемувањето на значењето на неформалното образование треба да биде во пропорционален однос со порастот на значење на вистинската работна оспособеност.

Образованието на возрасните е клучен инструмент на социјалната трансформација на општеството. Тоа има големо значење за развојот и за демократизацијата на општеството и претставува основа на економскиот развој, мобилноста на работната сила и средство за интеграција во меѓународните економски текови. Како дејност, образованието на возрасните треба да се реализира во соработка со државата, со пазарот на трудот, со поединците и со другите актери.

Главните правци на развој на образованието на возрасните треба да бидат насочени кон остварување на концепцијата на доживотно образование и кон создавање услови за напредување кон концептот општество кое учи.

Основна цел е создавање на плуралистички, флексибилен и демократски систем на образование, којшто ќе биде отворен и прооден за сите, без разлика на возраста и којшто ќе овозможува учење и стекнување на знаења и компетенции за сите подрачја на живот и труд (нови технологии, професионален развој, развој на демократските процеси) социјална партиципација, граѓанска култура, подигање на квалитетот на животот, зачувување на околината, унапредување на семејниот живот, слободно време, живеење во староста и сл.

Имајќи ги предвид изнесените состојби во најглобални рамки, треба да се направи обид за измени на состојбите и понатамошен развој на средното образование на возрасните, и тоа:

- создавање можности за подобра достапност до квалитетно образование на возрасните преку отворање редовни училишта за возрасни, нивно програмско и организациско прилагодување на потребите на возрасните, креирање програми и модули на стручно образование и оспособување;
- јакнење на образовната функција на претпријатијата и развој на можностите за учење на работното место;
- формирање нови институции и организации за образование на возрасните (регионални-меѓуопштински центри за образование на возрасни и сл.);
- формирање на национален совет за образование на возрасните;
- регулирање на статусот на установите за неформално образование;
- развој на нови облици на неформално образование (центри за самостојно учење);
- воспоставување отворен и флексибилен систем на континуирано професионално образование и усовршување;
- разновидна понуда на образовни програми со флексибилна организација;
- евалвација и контрола на квалитетот на образовната работа;
- изработка на програми и на модули за оспособување и за усовршување на наставните кадри за работа со возрасните;
- изработување програми со содржинска и временска прилагоденост на потребите, искуството и предзнаењата на возрасните;
- во подготовката на новите образовни програми (содржини) секогаш треба да се загарантираат достигнувањата на еднакви стандарди на знаења со оние за образование на младите;
- покрај соодветната организациска инфраструктура, потребно е за оваа категорија на кандидати постојните планови и програми да се доразработат врз модуларен концепт со што на кандидатите ќе им се овозможи,

според потребите на трудот и според нивното слободно време, да совладуваат и полагаат одредени модули и по нивното комплетирање да се стекнат со правото на добивање соодветен завршен документ;

- почитување на начините за достигнување на стандардите на знаења од организациски, дидактички и методски аспект, според потребите за учење и за образование на возрасните;
- подобрување на начинот на проверување на знаењата и на вештините во текот на образованието и осмислување нов начин на завршното проверување на знаењата на возрасните;
- образованието на возрасните во установите за стручно образование, според квалификациската структура, односно според занимањето и според бројот на посетителите, да биде прилагодено на потребите на пазарот на трудот;
- практичната работа за возрасните да се организира во работилниците на образовните установи, претпријатија, центри за обука и др.;
- социјалните партнери да се вклучуваат во осмислувањето на целокупната политика на образование за возрасните, како и во подготвувањето и реализацијата на програмите за образование на возрасните;
- покрај постојните општински и меѓуопштински установи за средно и постсредно образование, како испорачувачи на образование да се јавуваат сè поголем број приватни консултантски фирми, невладини професионални асоцијации, здруженија на работодаваци и други институции со соодветна акредитација.

### *4.2.14. Модуларност и кредитен трансфер систем*

Модуларноста како програмски систем задоволува најголем број од современите програмски принципи: функционалност, флексибилност, рационалност и сл., а истовремено задоволува и голем број од реформските принципи на современото професионално образование воопшто: целна ориентираност, достапност, отвореност, проодност и сл. Овие карактеристики се задоволуваат со изработка на програмските модули како функционални, автономни и поливалентни програмски целини (елементи).

**Функционалноста** претставува карактеристика на програмската целина (елемент) со нејзината реализација да се постигне најмалку една или група сродни, точно дефинирани, на пазарот на трудот признати и препознатливи професионални компетентности.

**Автономноста** значи опфат на доволно содржини и со нив на соодветни методи на учење кои овозможуваат независно реализирање на програмскиот модул како самостојна целина.

**Поливалентноста** на програмскиот модул претставува негова вградливост во различни образовни програми (различни видови и нивоа на средно и на постсредно образование) и различни ситуации на негово стекнување (редовно школско учење, доквалификација, самостојно далечинско учење, искуствено стекнување определена клучна комптенција и сл.). Се разбира дека во финалното обликување на определена образовна програма, покрај избраните и комбинирани програмски модули ќе бидат додадени и определени „поврзувачки" програмски содржини и обучувачки ситуации.

Претпоставка за изработка на програмските модули во средното образование е дефинирање и од социјалните партнери прифаќање стандарди за **клучните компетенции**, практикување на методологијата на целно програмирање и афирмирање на системската флексибилност на доживотно учење.

Од друга страна, со изработката и со утврдувањето на комплетните одредби на програмските модули, особено стандардите за нивната сложеност и потребна врменска ангажираност за нивно остварување во рационално организиран процес на учење, се создаваат претпоставки за доделување и квантитативна вредност на секој модул, во системот на високото образование именувана како кредити или бодови. На тој начин, со модуларноста ќе се обезбедат содржинските претпоставки за воведување на **кредит трансфер системот (КТС)** и во средното обраозвание со тоа што, покрај обезбедувањето рационална подвижност на кандидатите во доживотното учење во средното и во постсредното образование, ќе се обезбеди и негова конзистентна поврзаност со високото образование. Се разбира, последново барање претставува и неопходни нормативни промени и институционални организациски подготовки.

Европската унија промовира соработка помеѓу установите за средно и за постсредно образование, како средство за унапредување на квалитетот на образованието во корист на учениците (учесниците) и установите за средно и за постсредно образование. Ваквата соработка во рамките на овој образовен потсистем, за младите и за возрасните надвор од Република Македонија, може да биде особено вредно искуство, бидејќи тоа не е само најдобар начин да се дознае нешто повеќе за другите земји, идеи, јазици и култури, туку тоа е и значаен елемент за развој на академска и на професионална кариера.

Признавањето на средното и на постсредното образование и дипломите е предуслов за создавање на отворен простор за образование и обука во и надвор од Република Македонија, каде што учениците (учесниците) и наставниот кадар ќе можат да се движат без никакви пречки. Поради тоа, има потреба од создавање кредит трансфер систем како средство за подобрување на академското признавање во светот.

КТС обезбедува инструмент за постигнување на принципот на транспарентност на потсистемот за средно и за постсредно образование, како и инструмент за градење мостови на соработка помеѓу установите за средно и за постсредно образование и за проширување на можностите достапни на учениците (учесниците).

КТС системот се заснова на три основни елементи:

- ***информации*** (за програмите и за постигањата на учениците/учесниците);
- ***меѓусебен договор*** (помеѓу партнерските установи за средно и за постсредно образование и учениците);
- употреба на ***КТС кредитите*** (за означување на обемот на работа на ученикот/учесникот).

Овие три основни елементи ќе се операционализираат преку употребата на три клучни документи: пакетот на информации/каталогот на курсеви, апликацијата/договорот за школување и преписот од евиденцијата.

Во основата, КТС на ниеден начин нема да ја регулира содржината, структурата или еквивалентноста на програмите. Ова се прашања кои треба да се регулираат помеѓу самите установи за средно и за постсредно образование при воспоставувањето на задоволителна основа за билатерални или мултилатерални договори за соработка. Притоа, КТС треба да им обезбеди на инволвираните страни, алатки за креирање ***транспарентност*** и обезбедување ***признавање.***

На мобилните ученици треба да им се обезбеди *целата листа на предмети* кои се предаваат во установите за средно и за постсредно образование кои користат КТС. Притоа, на учениците (учесниците) треба да им се овозможи да следат настава од **регуларни предмети**, а не од предмети кои се специјално дизајнирани за нив со што им се одзема можноста за исполнување на предусловите на институцијата - домаќин за добивање соодветен степен на средно образование или диплома. КТС кредитите обезбедуваат програмата да биде **разумна од аспект на обемот на работа** за периодот на школувањето во странство.

КТС треба да **му овозможува на ученикот/учесникот да го комплетира своето образование во странство,** доколку за тоа projави желба. Тоа значи, откако периодот на школување е завршен, можно е, на пример, ученикот/учесникот да не сака да се врати во установата од која доаѓа, туку преферира да остане на установата-домаќин со цел таму да добие диплома или да оди на некоја трета установа. Секоја установа треба да ги уреди овие можности и треба да постави услови кои ученикот треба да ги исполни за да може да добие диплома, или за да изврши трансфер на својот упис. За оваа цел е корисно

постоењето на некој вид потврда што ќе содржи податоци за резултатите на ученикот, а која ќе помогне во одлучувањето на инволвираните установи.

### 4.2.15. Можна примена на кредит трансфер системот (КТС) во средното и во постсредното образование

Користењето на КТС од страна на установите за средно и за постсредно образование во Република Македонија ќе биде доброволно и врз основа на заемно разбирање и доверба со партнерската установа. Со КТС ќе се инструменти за мерење и за споредување на стекнатото знаење и за негова трансформација од една институција во друга. Установата (како матична установа или установа-домаќин) ќе го овозможува тоа преку користењето на лесно разбирливи мерки-кредити и општа КТС скала за оценување.

Самиот КТС нема да ја регулира содржината, структурата или еквивалентноста на наставните планови и програми со установите за средно и за постсредно образование од другите земји. Тие компоненти се предмет на квалитетот кој треба да биде детерминиран од самите установи за средно и за постсредно образование во Република Македонија при поставувањето на задоволителни основи на договори за соработка (билатерални или мултилатерални).

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес на установата за средно и за постсредно образование ќе бидат информирани и обучени за да може да ги применат принципите и механизмите на КТС.

Примената на КТС налага установата за средно и за постсредно образование во Република Македонија да ги исполни следните обврски:

- поставување на КТС координатор во установата;
- поставување на КТС координатори на насоките во гимназиското образование или координатори на нивото на стручното образование, како и КТС координатори на струките и на образовните програми;
- доделување на КТС кредити на секој наставен предмет;
- изработка на информативен пакет за сите насоки (гимназиско образование), нивоа на образование, струки и образовни програми (стручно образование) во кои КТС ќе биде применет на мајчиниот јазик и на еден од јазиците на Европската унија;
- користење соодветни КТС формулари: пријавен лист на ученикот, уверенија за положен испит и договори за школување.

Установата за средно и за постсредно образование одлучува за задачите што ќе ги имаат КТС координаторите и задачите што ќе ги извршуваат другите членови на тимот кој ќе работи на меѓународната соработка.

КТС кредитите ќе бидат нумерички вредности доделени на секој наставен предмет за да се опише бараната ангажираност на ученикот за негово успешно

совладување. Тие треба да го рефлектираат бараниот квалитет на работа за секој предмет во корелација со вкупниот квантитет на работа потребен за комплетирање на образованието во текот на целата година (полугодието или тримесечјето) во установата што ќе опфаќа: предавање, практична работа (вежби), проекти, работа од конкретната област, самостојно учење (во библиотека или дома) и испити или друг вид оценување. Според тоа, КТС ќе се базира врз целокупната отповареност на ученикот и не треба да биде ограничен само на часовите на заедничка работа на учениците со наставникот.

За да може да доделува КТС кредити, установата за средно и за постсредно образование треба да ги опишува своите програмски содржини, што не ја наметнува потребата од какви било промени на овие содржини. Во одредени околности, доделувањето на КТС кредитите може да претставува едноставна математичка или механичка активност, додека, пак, во други случаи може да вклучува и одредени преговори во рамките на насоката/нивото на образование или на установата.

КТС кредити може да се доделуваат по сите предмети, независно од тоа дали станува збор за задолжителни или за изборни предмети. Исто така, кредитите треба да бидат доделувани и за работа на проекти во случаи кога тие се составен дел од наставниот план.

Еден ист наставен предмет што се изучува во различни години не треба да се кредитира во зависност од годината на учење, туку треба да се претпочита долгогодишното искуство на установите за средно и за постсредно образование од другите земји и да се доделува ист број кредити за еден наставен предмет.

Изборните предмети треба да добиваат кредити врз исти принципи како и задолжителните предмети, т.е. пропорционално на оптовареноста од конкретниот предмет во однос на вкупната работна ангажираност (оптовареност) во годината на изучување. Изборниот или факултативниот предмет во една установа може да е задолжителен предмет во друга установа. Во некои установи нема вклучено изборни или факултативни предмети во редовната образовна програма на школување, но тие можат да бидат дадени како нејзино дополнување. КТС кредитите во вакви случаи се доделуваат на изборните предмети според оптоварувањето за нивно совладување како кога тие би биле вклучени во програмата.

Учениците нема да добиваат КТС кредити само поради тоа што посетуваат предавања од одреден наставен предмет или престојуваат одредено време во друга земја, туку треба да бидат оценети и за постигнатото знаење според правилата во институцијата-домаќин. Процедурата на оценување треба да се спроведува на различни начини: преку писмен или устен испит, програми, комбинација на овие два или на друг начин, како и преку презентации на проекти, а информациите за начинот на полагање на испитите треба да бидат

дадени во информативниот пакет. Целосното признавање може да вклучува не само замена на период на школување, поминат во странство со соодветен период на школување во матичната установа, туку и замена на испитите од матичната установа со положените испити во странство. Доколку испитот во матичната установа опфаќа поширок опсег на теми и не постои можност за негова формална замена, тогаш установата за средно и за постсредно образование дава гаранција на ученикот дека испитите положени во странство ќе бидат земени предвид на најдобар можен начин, т.е. со полагање само на диференцијалните делови од испитите во матичната установа.

Матичната установа и установата-домаќин ќе подготвуваат и ќе вршат размена на уверенијата за положени испити за секој ученик-учесник во КТС пред и по училишниот престој во странство. На ученикот му се дава копија од овие уверенија за негово лично досие. Матичната установа треба да ја признава сумата кредити што ученикот ја добил од партнерската установа во странство, така што кредитите за положени предмети ќе претставуваат замена за кредитите, кои во друг случај би биле добиени во матичната установа. Договорот за школување претставува претходна гаранција за ученикот дека ќе биде извршен трансфер на кредитите за одбраната програма на школување. Самата установа за средно и за постсредно образование прави избор на моделот на кредитен трансфер.

Секоја установа за средно и за постсредно образование во Република Македонија која ќе го применува КТС ќе изработува и информативен пакет за предметите, наставните програми, академските и административните аранжмани на таа установа, како водич за потенцијалните партнери и ученици. Целта на информативниот пакет е да се постигне транспарентност на наставната програма, да им помогне на наставниците во водење на учениците за правилен избор на програмата за школување и добро планирање на престој во странство за време на школувањето, како и да обезбеди практични информации.

КТС скалата за оценување, која е направена со цел да им помогне на установите при пренесувањето на оценките што КТС учениците ги добиваат во институцијата-домаќин, ќе се користи и во установите за средно и за постсредно образование во Република Македонија. Таа дава информации за карактеристиките на ученикот како дополнување на информациите презентирани преку оценките дадени од установата, а таа не ја заменува скалата на оценувањето на матичната установа. Установите за средно и за постсредно образование во Република Македонија сами ќе одлучуваат за начинот на примена на КТС скалата за оценување во нивниот систем.

## 4.2.16. *Стандарди во средното и во постсредното образование*

### Функција на стандардите

Основна функција на стандардите е обезбедување еднозначна комуникација помеѓу сите субјекти (институционални и индивидуални) во процесот на дефинирањето, одвивањето и вреднувањето на одредени компоненти, видови и нивоа на средното и на постсредното образование. Поконкретно, со воспоставувањето на стандардите треба да се обезбеди:

- усогласување на очекувањата и на потребите на клучните интересенти во системот на средното и на постсредното образование, и тоа на социјалните партнери на пазарот на трудот (работодавците, образовните институции и државата), од една страна, и индивидуалните учесници (учениците, нивните родители и наставниот кадар), од друга страна;
- обезбедување услови за остварување на дефинираните стандарди;
- управување на образовниот процес, односно тековно и етапно проверување на исполнетоста на определени стандарди и преземање корективни мерки;
- обезбедување квалитет преку дефинирани процеси и индикатори на образованието.

### Опфат на стандардите

Стандардите како општа категорија се јавуваат како посебни документи или како компоненти од некои други решенија во системот на средното образование, како што е, на пример, стандардот на степенот на образование на наставниот кадар или стандардот за бројот на учениците во една паралелка.

За остварување на споменатата функција во средното и во постсредното образование, со стандардите треба да бидат опфатени следниве компоненти:

### а) Цели на образованието

Со целите на образованието се врши клучното усогласување на интересите на работодавците, на учениците и на образовните институции. Заради обезбедување на еднозначност во дефинирањето, целите на определен вид и ниво на средно и на постсредно образование се дефинираат како **образовни излези** во форма на **компетенции** за определен вид работа и определен вид натамошно образование, односно студирање.

### б) Содржина на образованието

Содржината на образованието се дефинира со образовни програми. Образовната програма претставува документ со кој се дефинира структурата

на образовните содржини за определено ниво, вид и делокруг на работа (стручно образование), односно научна област (гимназиско образование). Глобалната структура се искажува со наставниот план, а образовните цели, конкретните содржини и потребните услови за тие содржини се дефинираат со наставните програми.

Наставните програми за одделни наставни предмети се структуираат во функција на остварување на однапред дефинираните цели (целно програмирање), почнувајќи од целите на нивото и видот на образованието и посебните цели на образовната програма.

Образовните програми се изработуваат и се усвојуваат на две нивоа:

- државно ниво, каде што се утврдуваат образовните цели на нивоата и видовите средно и постсредно образование, рамковниот наставен план за секоја образовна програма и наставните програми по базичните наставни предмети за сите видови средно образование на определено ниво и задолжителните наставни предмети за определени образовни програми;
- институционално ниво, каде што се дефинираат посебни образовни цели и потреби на работодавците, учениците и локалната заедница; каде што се изработуваат и усвојуваат изборни и факултативни програми за тие посебни цели и каде што се програмираат другите воспитно-образовни активности со учениците. Овој посебен дел од образовната програма може да изнесува до 20% од вкупната програма.

## в) Образовни процеси

Образовните процеси се местото каде што се остваруваат образовните излези, односно цели. Бидејќи во тој дел е клучна улогата на учениците, потребно е во стандардите да се дефинираат ситуации на активно вклучување на учениците во процесот на учењето. Тоа е особено значајно во делот којшто се однесува на стекнувањето определени умеења (ситуации на практично вежбање) и на формирање определени ставови (обезбедување на реални или симулирани работни или други социјални ситуации во кои може да се согледа, анализира и вреднува определено прифатливо или определено неприфатливо однесување на учениците).

Дефинирањето на образовните процеси, на овој начин, ќе овозможи реално дефинирање и на активната улога на социјалните партнери и индивидуалните субјекти во реализирањето на средното и на постсредното образование (интерактивни методи за наставниците, работна практика кај работодавците, лабораториски вежби, проектни активности и сл.).

## г) Услови

Во минатото стандардите, всушност, се однесуваа само на потребните услови за образование (простор, опрема, кадри и сл.). Овој опфат на стандардите и натаму останува и се проширува со условите за влез во определена образовна програма, големината на образовната група за определени активности и посебните работни услови за практичната обука на учениците.

## д) Документираност на стандардите

Во текот на јавната расправа, клучните социјални партнери во средното образование треба да се усогласат за еден или за неколку документи во кои ќе бидат дефинирани стандардите на средното образование. Како можности на располагање стојат следниве: сеопфатен стандард на ниво на образовна програма; стандард на потребните услови; стандард на квалификациите и на образовните нивоа; стандард на клучните компетенции и стандард на сертификатите и сл.

## *4.2.17. Наставен кадар за средното образование*

**Состојба:**

- Во Република Македонија во примена се проекти чија цел е обука на наставниот кадар. Основни теми на семинарите се: инкорпорирање на новите наставни содржини, стратегии на активно учење и друго.
- Реализирани се семинари за наставниците од тригодишното и од четиригодишното образование по практична обука на тема унапредување на практичната настава (профили од ГТЗ и здравствена струка).

Наставата во средното образование, во основа, ја реализираат две категории наставници:

а) наставници по општообразовните предмети подготвувани за наставници по соодветен предмет или по група предмети;

б) стручњаци од определена област кои изведуваат стручно теоретска настава или практична обука кои претходно не се школувале за наставничка дејност.

За обезбедување на соодветен квалитет на средното образование потребно е за наставниците од втората категорија да се изработи и да се реализира најмалку едногодишна програма за нивна наставничка доквалификација во која ќе бидат вградени соодветни содржини од педагогија, психологија, андрагогија и методика, а особено практично оспособување за современа стручно теоретска настава и практична обука. За образовните проблеми за кои нема соодветно високо образование за практичната обука потребно е да се овозможи наставниците да бидат и со соодветно вишо стручно образование и споменатата едногодишна програма за наставничка доквалификација или со посебна двегодишна програма за наставници по практична обука во

која ќе бидат вградени покрај програмата за наставничка доквалификација и соодветни содржини од соодветната струка.

За ангажираните инструктори и ментори за практична обука кај работодавците е потребно да се подготви посебна програма за нивната инструктивна и менторска улога.

За наставниците по општообразовните предмети вклучени во образованието на возрасните треба да се постави обврската да ја совладаат андрагошката компонента од споменатата програма за наставничка доквалификација. За сите наставници ангажирани во средното образование за децата со посебни образовни потреби треба да се изработи и да се реализира посебна програма за нивна дефектолошка доквалификација.

Кога е во прашање усовршувањето на наставниот кадар потребно е:

- редефинирање на законската регулатива во областа на усовршувањето и напредувањето на наставниците, прецизирајќи ги можностите за напредување и соодветна материјална стимулација. За таа цел, треба да се воспостави листа на критериуми врз основа на кои на наставниците ќе им се овозможи напредување. Некои елементи кои би влијаеле на напредувањето на наставниците би биле: присуство на семинари, реализација на стекнатите знаења во практиката, пишување стручни трудови, работа со деца со посебни потреби, учество на научно-истражувачки собири, истражувачки проекти, специјализации и сл. Согласно со усовршувањето се предлага наставниот кадар да ги добива следните звања: ***наставник, истакнат наставник*** и ***наставник-ментор***;
- професионално усовршување признаено како интегрална компонента на работната оптовареност, а тоа значи во рамките на законот за работно време, стручното усовршување треба да најде ист третман како и наставната работа;
- определување редовни средства за усовршување на наставниот кадар.

## *4.2.18. Мрежа на средните училишта и институции за поддршка на образованието*




◯ број на државни средни училишта

☐ број на приватни средни училишта

**Сл. 1:** *Број на државни и средни училишта по статистички региони*

**Состојба:**

» Денес во Република Македонија има 91 јавно и 5 приватни образовни установи за средно образование, чија распределеност по статистички региони е дадена на сл. 1.

» Во Република Македонија гимназиското образование се организира во 43 државни установи за средно образование од кои во 35 наставата се реализира на македонски наставен јазик, а во 8 на албански наставен јазик. Во две училишта има гимназиски паралелки на турски наставен јазик.

» Од 43-те средни училишта како гимназии се организирани само 14 училишта (9 на македонски наставен јазик и 5 на албански наставен јазик), а останатите се средни стручни училишта во кои се формирани гимназиски паралелки.

» Освен постојните државни гимназии во Р. Македонија, гимназиско образование се остварува и во 3 приватни гимназии на: македонски, албански, турски и англиски наставен јазик.

Според Конкурсот за запишување ученици во државните средни училишта во учебната 2005/2006 година Република Македонија имаме:

| Образование | | Број на училишта |
|---|---|---|
| **гимназиско** | | 43 |
| **стручно** | | |
| струка | машинска | 20 |
| | електротехничка | 14 |
| | сообраќајна | 5 |
| | текстилно-кожарска | 13 |
| | економско-правна | 15 |
| | земјоделско-ветеринарна | 10 |
| | здравствена | 11 |
| | шумарско-дрвопреработувачка | 5 |
| | геолошко-рударска и металуршка | 3 |
| | хемиско-технолошка | 13 |
| | графичка | 2 |
| | градежно-геодетска | 4 |
| | угостителско-туристичка | 6 |
| | лични услуги | 4 |
| | спорт и спортски активности | 1 |
| | ликовна уметност | 1 |
| | музичка уметност | 6 |
| | балет | 1 |

Во последната деценија од 20-от век доаѓа до стагнација на економијата. Промената на сопственоста на фирмите не беше изразена со нови планови за кадровски преструктуирања. Многу големи претпријатија се преструктуираа во мали и во средни претпријатија. Се намалија производствените капацитети, а растеа фирми за лични услуги или за логистика.

Општата цел на реформите во средното стручно образование е обезбедување поддршка од Министерството за образование и наука во модернизацијата, адаптацијата и реформите на системот за средно стручно образование, како и подобро подготвување на учениците за потребите на пазарот на трудот.

Еден од условите за економскиот развој на Република Македонија е постоењето на образовни установи за средно и за постсредно образование, кои ќе даваат кадар со различно ниво на образование и способност за работа. Тоа е можно доколку мрежата на овие образовни установи е усогласена со структурата на стопанството на ниво на општина и на меѓуопштинско ниво.

Индикатор за ефикасноста на постојната мрежа на установите за средно и постсредно образование е побарувачката и евидентираната состојба за невработеноста. Според податоците во 2.2.3. од Програмата за развој на средното и на постсредното образование невработеноста се зголемува и е најголема кај лицата со завршено четиригодишно средно образование на возраст од 15 до 24 години. Установите за средно и за постсредно образование наместо извор на кадар за стопанството на една општина, стана извор на невработени.

**Состојба:**

Од 1998 година се започнати реформи во средното стручно образование и обука.

- Досегашните реформски процеси опфатија две фази, а во тек е и третата фаза, и тоа:
- 1998/2000 се имплементираше првата фаза ***Интегрирана ФАРЕ програма за стручно образование и обука во Р. Македонија***;
- 2000 година, меѓуфаза со поддршка на СОРОС фондацијата;
- 2002/2004 се имплементираше ***Програмата за стручно образование и обука*** (втора фаза);
- 2004/2005 се имплементира третата, односно ВЕТ 3 програмата.

**Состојба:**

- Во текот на реформите на средното стручно образование се реализирани следните проектни активности:
  - формирање клучна група во БРО, МТСП, Стопанска комора, како и соработка со Синдикатот и со одредени универзитетски професори;
  - изработени нови курикулуми за четиригодишно образование во осум струки;
  - воспоставување партнерство со ВЕТ училиштата од ЕУ;
  - обука на координатори, наставници и директори;
  - изработени документи за законска легислатива во СОО и др.
- Во гимназиското образование реформите се започнати од 2001 година. Притоа се реализирани следните активности:
  - подготвен е нов наставен план и нови наставни програми за предметите застапени во наставниот план;
  - обука на наставниците за реализација на новите наставни програми;
  - обука на наставниците и стручните соработници за примена на новите наставни програми, користење современи техники на работа и др.

Причината за оваа појава треба да се бара во затвореноста на установите за средно и за постсредно образование кон пазарот на трудот и кон неговите актуелни и развојни потреби. Тоа е резултат на постоење на силно централизирано планирање на мрежата, како и незаинтересираноста за ваквото планирање. Последица од невработеноста е губење на знаењето и на способноста за работа. Поправањето на ваквата состојба бара додатни финансиски средства кои треба да се вложуваат во различни видови на прилагодување кон потребите на пазарот на трудот.

Мрежата на институциите за средното и за постсредното образование, пред сè, на јавните средни училишта се развива како процес на оптимизирање на интересите на работодавците (за стручното образование) за квалитет и за рационалност на образованието и интересите на учениците, родителите и локалната заедница, за економичност на школувањето преку поголема достапност до местото на живеење на учениците. При преовладување на првиот критериум се формираат добро опремени технолошки центри за средно образование и гимназии со оптимална големина, а во услови на неразвиеност и на слаба економска моќ на родителите и на локалните заедници се формираат хетерогени центри за различни струки вклучувајќи ги и гимназиските паралелки.

Имајќи го предвид долгорочниот интерес за квалитет и новите надлежности на општините, треба:

- да се направи анализа на потребите на пазарот на ниво на општината и на меѓуопштинско ниво;
- да се афирмираат процесите на соработка на повеќе општини за развивање на добро опремени технолошко-хомогени образовни центри;
- да се концентрира гимназиското образование во поголемите урбани центри (општи гимназии);
- да се реализира достапноста на гимназиското образование за помалите средини преку стручните гимназии во рамките на стручните училишта;
- да се отворат струки и образовни програми во установите за средно и за постсредно образование според потребите на пазарот на трудот на ниво на општината и на меѓуопштинско ниво;
- да се анализираат постојните наставни планови и наставни програми и да се направат нивни промени според потребите на пазарот на трудот;
- да се усовршуваат континуирано директорите, наставниците и стручните соработници според потребите;
- да се иновира опремата и наставниот материјал во установите за средно и за постсредно образование според потребите.

## Институционална поддршка на средното и на постсредното образование

Во функција на подигање на квалитетот на средното и на постсредното образование на републичко ниво неопходно е да се развиваат и да се поддржуваат следните институции:

- Завод за школство;
- Државен просветен инспекторат;
- Државен испитен центар;
- Центар за стручно образование и оспособување;
- Институт за истражување и развој на образованието;
- Андрагошки центар.

## Облици на дејствување на социјалните партнери и на другите интересенти

Во функција на институционализација на дејствувањето на социјалните партнери во средното и во постсредното образование се препорачуваат следните облици на нивно дејствување:

- Национален совет за општо образование (основно и гимназиско);
- Национален совет за стручно образование;
- Национален совет за образование на возрасните.

Слични облици можат да се формираат и на општинско и на меѓуопштинско ниво. На пр.:

- партнерства помеѓу локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор;
- меѓуопштински координативен одбор за развој на мрежата на стручни училишта и сл.

# 5. СОЗДАВАЊЕ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ

За реализација на стратегијата за реформи во потсистемот за средно и за постсредно образование треба да се создадат претпоставки или услови за имплементација на клучните интервенции во секој од видовите на средното и на постсредното образование: општото гимназиско образование, стручното образование и обука и постсредното образование.

Носители на активностите во клучните подрачја за интервенции треба да бидат: Министерството за образование и наука, локалната заедница, установите за средно и за постсредно образование и социјалните партнери.

## 5.1. Нормативни промени

Од анализата на потсистемот за средно и за постсредно образование произлегува дека постојната законска регулатива во образованието не ги поддржува целосно предвидените реформи со Програмата за развој на средното и на постсредното образование. Во законска смисла, потсистемот за средно и за постсредно образование беше регулиран на централизиран начин и не беше во состојба да одговори на разновидните образовни потреби. Притоа, натамошните промени треба да се воведуваат постапно на постојните закони, и тоа:

- донесување законски акти за спроведување на децентрализацијата во потсистемот за средно и за постсредно образование со улога на контрола на власта на државно ниво;
- донесување посебен закон за искажување на новините и на специфичностите на секој вид образование (стручно, гимназиско) во потсистемот за средно и за постсредно образование со воопштени одредби, лесно спроведливи во практиката, а без правни празнини кои доведуваат до злоупотреба која тешко може да се спречи и санкционира;
- изработување посебен закон за организацијата, реализацијата, финансирањето и управувањето во средното и во постсредното образование;
- подзаконската регулатива на средното и на постсредното образование треба да се пополни со прописи за: видовите оценки, начините и постапките на оценување на учениците; следењето и усовршувањето на работата на наставниците, нормативите на наставни средства за некои струки и профили итн.;

- изработување на единствен модел на акти на училиштето (статут, правилник за внатрешната организација и систематизација на работните места, правилник за дисциплинска одговорност итн.);
- донесување на национална рамка за квалификации.

## 5.2. Развој на образовните институции

Во Република Македонија во последната деценија е присутно влошување на квалитетот на образовната инфраструктура и на опремата. Притоа, присутни се големи разлики помеѓу градските и селските средини. Затоа, треба да се преземат низа активности кои ќе овозможат постоење на функционална и финансиски одржлива мрежа на образовни установи за средно и за постсредно образование, кои ќе го задоволуваат поставениот минимум државни стандарди и ќе овозможуваат максимална искористеност на постојните ресурси, ќе бидат достапни за сите ученици и ќе ги задоволуваат потребите на локалната заедница.

Постојниот образовен процес во установите за средно и за постсредно образование не обезбедува доволна интеракција, учество и развивање на соодветни способности и вештини. За да се постигне тоа потребно е да се создаде атмосфера во која учениците ќе бидат во фокусот на вниманието. Програмата за развој на средното и на постсредното образование бара внесување на дидактичко-методски иновации во наставниот процес и зајакнување на надворешните образовни услуги.

Наставниот кадар е клучната карика во процесот на реформите во средното и во постсредното образование. Реализацијата на реформите зависи од професио-налната оспособеност на наставниците. Ограниченоста на можностите и отсуството на системот за професионално напредување ја доведуваат во прашање оспособеноста на наставниците за реализирање современа настава.

Затоа, Министерството за образование и наука треба да преземе активности за градење систем за кариерен развој на наставниците кој ќе овозможи надминување на неквалитетното работење на дел од наставниците и поголема заинтересираност на наставниците за успех. Паралелно со ова треба да се размисли да се воспостави и систем за лиценцирање на наставниците.

Сегашната структура на потсистемот за средно и за постсредно образование се покажа како недоволно флексибилна за да одговори на потребата за хоризонтална и за вертикална проодност, како и на потребите на пазарот на трудот. Поради тоа, потребен е договор меѓу централното и локалното ниво за развој на мрежата на установи за средно и за постредно

образование; согласност меѓу социјалните партнери за усогласување на пазарот на трудот и стручното образование; определба на високото образование за проодноста преку државната матура и за неговата поврзаност со постсредното образование.

## 5.3. Создавање услови за реализација на наставните планови и програми

За успешна реализација на новите наставни планови и програми потребни се соодветни извори за учење: учебници, ЦД, прирачници за наставниците и за учениците и друга помошна литература, кои ќе им овозможат на учениците активно учество во наставниот процес. Притоа потребно е да се утврдат стандарди за учебниците и за наставниот материјал.

## 5.4. Создавање услови за следење и за оценување на квалитетот на наставата

Оценувањето е клучен сегмент во потсистемот за средно и за постсредно образование, а придонесува за мотивирање на учениците за нивно активно вклучување во наставниот процес и за постигнување подобри резултати. Поради тоа потребно е да се обезбедат: релевантни показатели за квалитетот на потсистемот за средно и за постсредно образование; транспарентност на образовните стандарди и критериуми за оценување и вреднување; соодветно следење на постигањата на учениците на крајот од секое ниво на средното образование; резултатите од оценувањето и од вреднувањето да влијаат врз работата на учениците; соодветни услови за самовред-нување и сл.

## 5.5. Управување и финансирање

Законската регулатива на образовниот систем во Р. Македонија е фрагментарна и секторска и создава пречки за поставување на образованието како континуиран процес. Исто така, во регулативата недостасува систем на поделена одговорност, којшто би овозможил поголема автономија во потсистемот за средно и за постсредно образовние. За да се надмине постојната состојба неопходно е да се создаде унифицирана, транспарентна и ефикасна законска регулатива на поделена одговорност, како и да се усогласи законската регулатива со меѓународните спогодби и конвенции, следејќи ги европските трендови во развојот на легислативата.

Состојбата во управувањето со установите за средно и за постсредно образование произлегува од високата централизација во која моќта на контролата е целосно концентрирана во државата. Поради тоа потребно е да се обезбеди:

- усогласеност меѓу државната администрација, финансирањето на државно ниво и локалната заедница;
- учество на локалната заедница во процесот на одлучување за развојот на средното и на постсредното образование;
- јасна поделба на одговорностите меѓу административните нивоа, особено меѓу општинската и државната администрација;
- поефикасно користење на ресурсите со кои располага установата за средно и за постсредно образование;
- прилагодливи образовни установи за средно и за постсредно образование на потребите на пазарот на трудот;
- зголемена професионалност и иновативност на наставниот кадар и на училишните лидери.

Финансирањето на установите за средно и за постсредно образование треба да се трансформира на начин кој создава нови можности за развој, иновации, приватни придонеси и да обезбедува поефикасна искористеност на ресурсите.

Исто така, потребна е интервенција во информацискиот систем кој не овозможува систематско прибирање на податоци од различни аспекти на потсистемот за средно и за постсредно образование и не нуди решенија потребни за систематизирање и пренесување на податоците меѓу сите заинтересирани за овој потсистем на образование. Затоа потребно е:

- да се обезбеди ефикасен систем за собирање, средување, обработување и пренесување на информациите од сите сфери на средното и на постсредното образование до заинтересираните страни;
- да се обезбеди достапност на информациите до сите потенцијални корисници;
- да се креира систем на податоци во согласност со европските стандарди.

## 5.6. Истражување и развој

Во потсистемот за средно и за постсредно образование отсуствува истражување и развој. Присутна е реализацијата на развојни проекти, но отсуствува следење, евалвација и координација на проектите. Доколку сето ова би се правело за секој развоен проект, тогаш би можела имплементацијата на ефектите од нив во средното и во постсредното образование да биде поголема. Затоа, неопходно е:

- да се создадат ресурси, постапки и инструменти кои ќе го поддржуваат истражувањето во средното и во постсредното образование;

- да се обезбеди пристап на сите заинтересирани за истражување и развој;
- да се поттикнуваат проекти за иновации во средното и во постсредното образование.




**ШЕМА 1: Структура на системот на средното и постсредното образование**

**Легенда:**

→ директна проодност

- → проодност под посебни услови

⇒ вклучување во зависност од можностите

ДМ државна матура

ЗИ завршен испит

ИСО испит за стручна оспособеност

СИ специјалистички испит

МИ мајсторски испит

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ >>


Работна група:

Аспасија Хаџишче, координатор
д-р Тале Герамитчиоски
д-р Виолета Арнаудова
д-р Хасан Јашари
д-р Антонија Јосифовска
д-р Зоран Т. Поповски
д-р Зоран Велковски

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Високото образование е составен и неодвоив елемент од развојот на секоја земја. Тоа е не само најсилен агенс кој го детерминира општествено-економскиот развој на внатрешен план, туку и квалитет со кој земјата се легитимира себеси на надворешен план.*

*Политичката и економската глобализација на земјите во светот, пред сè европските, ја имплицираа потребата од образовна глобализација, како есенција на нивната одржливост, со посебен фокус на високото образование како основен столб на кој ќе се темели нивната идна манифестација. Прашањето дали треба да се развива високото образование не е прашање на добра волја, туку обврска од чие исполнување зависи дали земјата ќе се најде во улога на статист или активен играч во процесите на глобализација, дали ќе ги трпи последиците од глобализацијата или ќе ги ужива благодетите, дали ќе избере „безбедност" пропаѓајќи во својата статичност или ќе ги прифати промените и храбро ќе се впушти во развивање на своите потенцијали и компетитивност и истите ќе ги пласира на светскиот пазар како конкурентни квалитети.*

*Ваквата глобална архитектура предизвика нагласена потреба од забрзана трансформација на целокупната поставеност на високото образование во Република Македонија и воспоставување на квалитет соодветен на потребите на земјата, кој истовремено е транспарентен и конкурентен во меѓународни рамки. Надминувањето на рецидивите од минатото и имплементацијата на меѓународно признатите норми и стандарди во високото образование ќе бидат императив во делувањето на Министерството за образование и наука и Владата на Република Македонија во наредниот период. Само на тој начин, високото образование во потполност ќе ја остварува својата мисија на национално и интернационално ниво.*

*За таа цел, Владата на Република Македонија ја донесува оваа Програма за развој на високото образование за периодот 2006-2010 година. Важно е целокупната трансформација на високото образование да се*

*оствари во дадениот период поради потребата од остварување на динамика соодветна со динамиката на промените во земјите во Европа и негово активно вклучување во европскиот простор на високо образование.*

*Програмата претставува оперативна рамка со конкретни цели и активности кои покажуваат како треба да се оствари мисијата и визијата на високото образование во Република Македонија преку јасно дефинирање на обврските на сите чинители вклучени во овој процес.*

*Реализацијата на оваа Програма, која во себе ги вклучува не само националните посебности, туку и современите трендови во високото образование во Европската унија и пошироко, треба да овозможи засилување на неговата улога во развојот на демократијата и граѓанското општество, развојот на пазарното стопанство на земјата и дефинирањето на местото на Република Македонија во глобалните интегративни процеси, како и негов придонес во создавањето на европскиот простор на високото образование.*

## СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ

Во минатото, јавните универзитети беа тие што ги задоволуваа потребите на пазарот на трудот за високообразовани кадри. Меѓутоа, процесите на глобализација, политичката трансформација и јакнењето на приватната иницијатива, во голема мера го нарушија тој однос. Денес, пазарот на трудот воспоставува нови релации и односи, надминувајќи ги тесните национални рамки и го проширува својот опфат на интернационално рамниште. Поради динамиката што ја развива, пазарот на трудот има потреба од флексибилна и динамична образовна понуда, која можат да ја задоволат само флексибилни и динамични образовни установи. Поради тоа, јавните високообразовни установи се исправени пред предизвикот да ја променат својата досегашна поставеност и да развијат нова структурна и организациска поставеност, која ќе биде компатибилна со сеопштите промени на пазарот на трудот.

Внатрешните процеси на трансформација и процесите на глобализација, на планетарно ниво, силно се одразија во редизајнирањето на целокупната структура на општеството, со што се јави потребата од национална и интенанационална соработка и компатибилност на системите, а со тоа и иновирање на улогата и структурата на високото образование, како значаен фактор во остварувањето на таа компатибилност.

Потребата од стратешки приод во трансформацијата на високото образование не произлегува само од промените што се случуваат на национално ниво, туку таа е импликација и од влијанието на т.н. надворешни, т.е. глобални,

сеопшти фактори на влијание што го детерминираат високото образование и во другите земји во светот.

Новата планетарна архитектура, дизајнирана според влијанието на политичката, економската, културната и еколошката глобализација, имплицираше иницијативи кои имаат за цел зближување на народите во светот и решавање на проблемите со кои тие се соочуваат[1] или како што истакнуваат потписниците на The Magna Charta of European Universities[2]:

1. во идниот (XXI) век иднината на човештвото сè повеќе зависи од културниот, научниот и технолошкиот развој, кој се создава во средиштата на културата, знаењата и истражувањата како што се универзитетите;
2. задачата универзитетите да го шират знаењето меѓу младите генерации подразбира, дека во современиот свет тие мора да му служат на општеството како целина и дека културната, социјалната и стопанската иднина на општествата особено бара значајни вложувања во доживотното образование;
    - » универзитетите мора на идните генерации да им пружат образование и обука кои ќе ги научат - а преку нив и другите луѓе - да ја почитуваат хармонијата меѓу животната средина и животот сам по себе.

На 19 септември 2003 година, Република Македонија стана рамноправен член на европското семејство на земји кои се обврзуваат да ги следат и реализираат препораките од Болоњскиот процес и заедничката определба за креирање на единствен европски простор на високо образование.

Преземањето на обврските од Болоњскиот процес од страна на државата го става високото образование пред нови предизвици во неговата понатамошна трансформација. Покрај редовните настојувања за подигање на квалитетот на студиите и нивната ефикасност, високото образование се соочува и со обврските за сопствено структурно, организациско и програмско дизајнирање, кое ќе биде транспарентно, конкурентно, компатибилно и препознатливо на европскиот пазар на академски услуги и пошироко. Ваквата нова состојба значи доследно почитување на зацртаните одредби поставени во Болоњската декларација и нивно оживотворување.

Иницијативите за градење заеднички европски простор на високото образование ги ставаат високообразовните установи пред сопствено преиспитување и им даваат дополнителен импулс за вложување напори на нивниот пат за активно членство во семејството на европските универзитети и стекнување статус на респектабилни даватели на образовни услуги на широкиот европски академски пазар.

---

[1] Нацрт -стратегија за развој на образованието во Република Македонија, Скопје, 2000 година.

[2] Магна Цхарта оф Еуропеан Универзитатум, Болоња, 18 септември 1988.

Како една од потписничките на Болоњската декларација, Република Македонија, а со тоа и Министерството за образование и наука, се обврза во првото десетлетие од XXI век да ја приспособи својата политика за да овозможи реализација на целите произлезени од Болоњскиот процес:

1. **Усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на додаток на дипломата** (Диплома Суплемент), за да се овозможи проток на вработување на европските граѓани и меѓународна конкурентност на европскиот систем на високо образование.
2. **Усвојување на систем базиран на три главни циклуси - додипломски, пост-дипломски и докторски студии.** Пристапот кон вториот циклус е условен со успешно завршен прв циклус на студии, кој задолжително треба да трае најмалку 3 години. Степенот постигнат по три години се смета за потребен степен на квалификација на европскиот пазар на трудот. Вториот циклус ќе води кон магистериум, а третиот до докторат.
3. **Воведување на систем на кредити,** како што е ЕКТС3, како погодно средство за промоција на најширока размена на студентите. Кредитите можат да се акумулираат и надвор од високото образование, вклучувајќи го и доживотното учење, под услови истите да ги признае универзитетот што ги прифаќа студентите.
4. **Промоција на мобилноста** со надминување на пречките за слободно движење, особено на:
    - студентите: да им се даде можност за учење, да им се овозможи пристап до студиите и релевантните служби;
    - - наставниците, истражувачите и административниот персонал: да им се признае и валоризира времето што го минале во Европа на истражување, предавање или учење, без прејудицирање на нивните статутарни права.
5. **Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот** преку развивање на споредливи стандарди, критериуми и методологија.
6. **Промоција на европската димензија во високото образование**, особено во развојот на предметните програми, меѓуинституционалната соработка, шемите на мобилност и интегрираните студиски програми, обуката и истражувањето.
7. **Доживотно учење,** како суштински елемент на европскиот простор на високото образование. Во Европа како општество базирано на знаење, прифаќање на концептот на доживотното учење е неопходно за соочување со предизвиците на компетитивноста, користењето на современи техно-

[3] Европски систем за трансфер и акумулација на кредити.

логии и настојувањето да се унапредат социјалната кохезија, еднаквите можности и квалитетот на животот.

8. **Вклучување на студентите** како партнери во процесот на изградба на европскиот простор на високото образование.

9. **Зголемување на атрактивноста и компетитивноста на европскиот простор на високото образование**, со цел да се прошират можностите за соработка и мобилност со земји надвор од европскиот простор на високото образование.

10. Докторски студии и синергија помеѓу европскиот простор на високото образование и европскиот простор на истражување, по пат на зајакната улога на истражувањето и оспособувањето за истражување и промоција на интердисциплинарноста. Зголемување на мобилноста на докторско и постдокторско ниво и јакнење на институционалната соработка во рамките на докторските студии.

Реализацијата на овие цели, која треба да се изврши со целосно почитување на културните разлики, јазикот, националните системи на образование и автономијата на универзитетите, треба да овозможи изградба на европскиот простор на високото образование. Од аспект на високото образование во Република Македонија, тоа треба да резултира со:

- зголемена ефикасност во студирањето;
- мобилност на студентите и академскиот кадар;
- подобрен квалитет на образовниот процес;
- активна улога на студентите во обезбедувањето  квалитет;
- зголемување на можноста за вработување на дипломираниот кадар на националниот и на европскиот пазар на трудот;
- засилена научно-истражувачка работа;
- осигурана конкурентност и компатибилност на европскиот и на светскиот академски пазар.

Овие иницијативи директно ја детерминираат трансформацијата на високото образование и ја поставуваат државата пред сериозни предизвици да одговори на парашањата: Како треба да го постави високото образование и со какви механизми и инструменти тоа треба да располага за да ги подготви младите и возрасните за предизвиците што ги поставува современиот живот? Со каква архитектура на вредности треба да располага за да ги задоволи барањата на развојните процеси во создавањето на заедничкиот европски простор на високо образование, од една страна, и развојот на националниот систем и разрешувањето на ургентните внатрешни проблеми во државата и зачувувањето на националната култура, од друга страна.

# МИСИЈА

Високото образование во Република Македонија е посветено на развивањето и унапредувањето на знаењата и јакнењето на културата на живеење кај младите и возрасните. Во наредниот период, високото образование, со поддршка на Владата на Република Македонија, ќе настојува да ја одржи, зајакне и понатаму развива својата мисија со цел :

1. да продуцира висококвалификувани кадри и одговорни граѓани, способни да ги задоволат потребите што произлегуваат од егзистенцијалната, социјалната и индивидуалната сфера на човековата манифестација;
2. да обезбеди можности за квалитетно образование и за учење во текот на целиот живот;
3. да унапреди, создаде и дисеминира знаења преку развивање на научни и технолошки истражувања, во техничките, природно-математичките, биотехничките, уметничките, медицинските и општествените науки;
4. да помогне да се разберат, толкуваат, сочуваат, унапредат, промовираат и дисеминираат националните и регионалните, интернационалните и историските култури, во контекст на културниот плурализам и различитост;
5. да ги негува традиционалните обележја и вредности на сите заедници во Република Македонија, при што ги афирмира во интернационални димензии и ги промовира како заеднички културното богатство, богатството и традицијата на македонскиот народ (македонскиот јазик, историјата, литературата и културата), како и на деловите на другите народи што живеат во Република Македонија (албанскиот, турскиот, српскиот, ромскиот, влашкиот, бошњачкиот и др.);
6. да ја негува мултикултурата и мултилингвизмот;
7. да помогне во заштитата и унапредувањето на општествените вредности преку обука на младите за вредностите и етиката кои се основа на демократското општество;
8. да ја развива и остварува својата автономија, етичка улога, одговорност и антиципативна функција;
9. да ја усогласува својата академска понуда со потребите на пазарот на трудот и со своето социјално и културно окружување и да биде во постојан динамичен однос со нив;
10. да креира стимулативна околина за вработените во високото образование, овозможувајќи им развој на нивните способности, со цел исполнување на својата мисија;

# ВИЗИЈА

Министерството за образование и наука, Владата на Република Македонија, универзитетите и другите високообразовни установи во земјата - секој во рамките на сопствените надлежности и одговорности - ќе работат на создавање услови високото образование да стане дел од европски простор на знаење, базиран врз фундаменталните принципи на Болоњскиот процес и врз принципите на повеќето декларации и други документи, значајни за развојот на високото образование, во Европа и светот, донесени во последните години.[4])

За успешно остварување на мисијата и визијата на високото образование, во наредниот период, во согласност со својата јавна одговорност, *Министерството за образование и наука во соработка со универзитетите, другите високообразовни установи во земјата и студентите, ќе работат на создавање услови за непречено имплементирање на принципите и препораките произлезени од Болоњскиот процес* во високото образование во Република Македонија, преку реализација на следниве цели:

- *зголемување на бројот на високообразованите кадри во Република Македонија;*
- *структурно прилагодување на системот за високо образование на Болоњскиот процес;*

---

[4] Convention on the Recognition of Qualifications Concerning Higher Education in the European Region, Lisbon, 1997; Harmonisation of the architecture of the European higher education system, Sorbonne, 1998; The European Higher Education Area, Joint Declaration of the European Ministers of Education, Convened in Bologna on the 19th of June 1999; Haug, Guy & Knudsen, Inge: Trends in Learning Structures in Higher Education (I) - 1999; Message from the Salamanca Convention of European higher education institutions, Shaping The European Higher Education Area, Salamanca 2001; Haug, Guy & Tauch, Christian: Trends in Learning Structures in Higher Education (II) - 2001; Working on the European Dimension of Quality, Report of the international conference, Amsterdam, March 12 and 13, 2002; Credit Transfer and Accumulation – the Challenge for Institutions and Students, EUA/Swiss Confederation Conference, ETH Zürich, 11/12 October 2002; European Strategy Framework, For Improving and Increasing Global Education In Europe to the Year 2015, Europe-wide Global Education Congress, Maastricht, November 15th - 17th 2002; EUA Graz Convention, 29/31 May 2003 Reichert, S. and Tauch, Ch.: Trends in Learning Structures in European Higher Education (III) - 2003; Realising the European Higher Education Area, Communiquè of the Conference of Ministers responsible for Higher Education in Berlin on 19 September 2003; Reichert, S. and Tauch, Ch.: Trends in Learning Structures in European Higher Education (III) - 2003; Reichert, S. and Tauch, Ch.: Trends IV: European Universities Implementing Bologna - 2005; Bologna Follow-up Group: Bologna Process Stocktaking – 2005; Ministry of Science Technology and Innovation of Denmark: A Framework for Qualifications of The European Higher Education Area, February 2005; European Association for Quality Assurance in Higher Education: Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area, February 2005; Communiquè of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education: The European Higher Education Area-Achieving the Goals, Bergen, May 2005.

- *усогласување на правната регулатива со принципите и препораките на Болоњскиот процес;*
- *усогласување на нормативите и стандардите за високото образование;*
- *градење ефикасен систем на стипендирање, кој ќе овозможи засилена образовна мобилност на студентите и на наставниците;*
- *промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот преку развивање на споредливи критериуми и примена на стандардни методологии;*
- *зајакнување на системот за самоевалвација и надворешна евалвација на квалитетот во високото образовани;*
- *дефинирање и строго почитување на стандардите за основање и акредитација на високообразовни установи;*
- *развивање ефикасен систем за финансирање во високото образование и алокација на финансиските ресурси;*
- *подобрување на капацитетите за стратешко планирање и јакнење на менаџерските капацитети;*
- *развивање на стратегија за научен и технолошки развој;*
- *транспарентно финансирање на научно-истражувачката дејност;*
- *воспоставување на база за националниот систем за иновации во високообразовниот сектор.*

## 1. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА КАДРИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Окружување:**

- Економска, политичка, културна и образовна трансформација.
- Експанзија на приватната иницијатива во високото образование.
- Слаб економски статус на јавните универзитети и ограничен простор за алтернативни извори на финансирање.
- Разлики во динамиката на реформите во високото образование (меѓу универзитетите и факултетите).
- Неконсистентност во трансформацијата на факултетите.

**Состојба:** Република Македонија во изминатите години мина низ бурни трансформациони процеси во економската, политичката, културната и образовната сфера. Преодот од еднопартиски во повеќепартиски политички систем беше проследен и со трансформација на сопственоста и афирмирање на приватната сопственост како основа за градење на економијата на земјата. Благодарејќи на тоа, беше овозможен влез на приватниот капитал и во сферата на образованието, со што се создадоа услови за формирање на приватни универзитети и други високообразовни установи. Поради тоа, покрај државните универзитети: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и Државниот универзитет во Тетово (формиран во 2004), беше формиран приватниот универзитет - Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово (2001 година) и приватниот Европски универзитет „Република Македонија“ (2005) во Скопје. Покрај овие универзитети, во Република Македонија се основаат и приватни високообразовни институции, најчесто како оддели на универзитети од странство (на пр., New York College), или дисперзирани студиски програми (на пр. ,постдипломски студии од Универзитетот Питсбург-САД се изведуваат во Скопје).

*Пораст на бројот на студенти на 100 000 жители**

| Академска година | Вкупен број на студенти | Број на студенти на 100 000 жители |
|---|---|---|
| 2001/02 | 45 493 | 2 249 |
| 2002/03 | 47 798 | 2 363 |
| 2003/04 | 51 311 | 2 537 |
| 2004/05 | 61 556 | 3 043 |

**Вкупниот број на жители на Република Македонија, според пописот од 2002 година е 2 022 547.*

Порастот на бројот на универзитети и други високообразовни установи резултираше со значаен пораст на бројот на студентите во Република Македонија.

Во периодот 2002-2003 год., Владата и Собранието на Република Македонија обезбедија законска основа за подобрување на високото образование за младите припадници на немнозинските заедници, особено на албанската (усвоени се Законот за измени и дополнувања на Законот за

високо образование и  Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово). Универзитетот започна со работа во учебната 2004/05 година. Диверсификацијата на институциите за високо образование позитивно влијаеше и на опфатот на студентите од сите немнозински заедници.

*Распределба на студентите по национална припадност*

| Год | Вкупно | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Останати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | студенти | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % | број | % |
| 2001/02 | 45493 | 39777 | 87,44 | 3040 | 6,68 | 601 | 1,32 | 127 | 0,28 | 417 | 0,92 | 822 | 1,81 | 709 | 1,56 |
| 2002/03 | 47798 | 40778 | 85,31 | 4292 | 8,98 | 683 | 1,43 | 140 | 0,29 | 440 | 0,92 | 807 | 1,69 | 658 | 1,38 |
| 2003/04 | 51311 | 43645 | 85,06 | 5335 | 10,40 | 608 | 1,18 | 100 | 0,19 | 359 | 0,70 | 701 | 1,37 | 563 | 1,10 |
| 2004/05 | 61556 | 48900 | 79,44 | 9540 | 15,50 | 825 | 1,34 | 188 | 0,31 | 478 | 0,78 | 936 | 1,52 | 689 | 1,12 |

**Вкупниот број на жители на Република Македонија, според пописот од 2002 година е 2 022 547.*

Процесот на децентрализација ќе влијае на политиките и институционалните решенија за подобрување на образованието во помалку развиените региони.

Согласно Законот за високо образование, студентите кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните, имаат посебни погодности утврдени со статутот на високообразовната установа. Претстои многу работа и ангажман и на ниво на политики и на ниво на институции за подобрување на пристапот до високото образование за студенти и вработени со специјални потреби и развојни проблеми.

**Воведувањето на државната матура** во средното образование, која ќе ги замени приемните испити на универзитетите (Законот беше усвоен од Собранието во 2003 година и во тек е пилот-фазата на негова имплементација; целосен опфат на генерациите ќе започне од 2007 година), ќе ги фокусира средните училишта кон исполнување на испитните стандарди за успех. Од искуствата од други земји кои го воведоа овој систем, реално е да се очекува да се зголеми бројот на средношколци од недоволно застапените социјални групи кои ќе се квалификуваат за влез на универзитет.

Имајќи ја предвид важноста на учеството на кадри со високо образование во економскиот развој на државата, како и предностите што ги нуди овој образовен степен од аспект на вработливоста, благосостојбата и културата на живеење на населението, зголемувањето на лицата што имаат високо образование претставува најзначаен приоритет на Република Македонија. За таа цел, во наредниот период, потребно е да се преземат мерки кои ќе овозможат

широк опфат на младите и возрасните во високото образование и тоа преку следниве:

## Мерки:

- обезбедување на отвореност и достапност на високообразовните институции за сите лица кои сакаат да се образуваат, без оглед на предизвиците во нивниот развој;
- развој и проширување на универзитетите, со цел високото образование да стане достапно за ранливите групи на млади и возрасни (маргинални етнички групи, сиромашни, географски изолирани и сл.);
- развивање на услови за изведување на студиски програми по пат на е-образование (образование на далечина, со користење на информациони и комуникациони технологии);
- зајакнување и проширување на универзитетските капацитети;
- креирање на флексибилни патеки на учење во високото образование;
- развивање на систем и механизми за верификација на компетенции стекнати во претходното учење (формален и неформален сектор);
- формирање на центри за кариера при универзитетите;
- создавање услови за позначајно присуство на приватната иницијатива во високото образование;
- при можна дисперзија на одредени студиски програми на јавни високообразовни институции, ќе се води грижа за јасно изразениот јавен интерес, при што ќе се земе предвид неопходноста и гаранциите за обезбедување на квалитет.

# 2. СТРУКТУРНО И КВАЛИТАТИВНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ НА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС

## 2.1. Трансформација на државните универзитети во интегрирани универзитети

» Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ - Скопје и универзитетот „Св. Климент Охридски„ - Битола не се интегрирани универзитети.

» Државниот универзитетот во Тетово, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и Европскиот универзитет „Република Македонија„ во Скопје се интегрирани универзитети.

Република Македонија стана членка на Болоњскиот процес во 2003 год., но со измените во системот за високо образование започна многу порано (1999 год.). За таа цел, беше донесен *Закон за високо образование* со кој ги обврза универзитетите да пристапат кон воведување на ЕКТС и дизајнирање на студиските и предметните програми според принципите на Болоњскиот процес. Меѓутоа, условите под кои се вршеа промените ги карактеризираше нагласена бавност и некоординираност. Законот за високо образование, како и интерните документи што ги донесуваа универзитетите и високообразовните институции, не обезбедуваа чисти и јасни упатства за реформа во високото образование. Поради тоа, не само универзитетите, туку и факултетите индивидуално пристапуваа кон трансформација на студиските и предметните програми.

Покрај наведените причини за слабостите во имплементацијата на промените, една од најсилните пречки за успех на интервенциите е постојната организациска структура на јавните универзитети (Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола). Имено, покрај ректоратите, кои се централно тело со правен статус, со правен статус се и факултетите. Ваквата состојба во голема мера ја забавува ефикасноста, ги усложнува процедурите и создава големо преклопување на надлежностите и одговорностите.

Факултетите се затворени во своите рамки и тешко комуницираат со ректоратите. Тежиштето на своите активности е ставено во засилување и афирмација на факултетот за сметка на универзитетот како целина. Оваа состојба доаѓа до израз најмногу во доследноста и навременоста во реализацијата на акционите планови донесени на ниво на Универзитет и примената на универзитетските нормативи, што директно предизвикува отежнување на процесот на раководење и управување со универзитетите.

**Мерки:**

- *Министерството за образование и наука и Владата на Република Македонија ќе подготват и на Собранието на Република Македонија ќе му предложат донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за високо образование, со што ќе создаде правна рамка за забрзана трансформација на државните универзитети во интегрирани универзитети.*
- *До 2010 година сите универзитети во Република Македонија треба да се трансформираат во интегрирани универзитети.*

Имајќи предвид дека ова ќе биде најважната структурна промена, законот треба да предвиди преоден период, во текот на кој најпрвин ќе се интегрираат дел од функциите, т.е. надлежностите на факултетите, за во определен рок, кога ќе се создадат услови, да се комплетира целиот процес.

## 2.2. Усвојување на систем заснован на три циклуси

**Состојба:** Согласно принципите на Болоњскиот процес, Законот за измени и дополнувања на Законот за високо образование (2002 год.) создаде правна рамка за градење на систем на високо образование заснован на три циклуси. Работата на промена на структурата на високообразовните студии, пред сè на траењето на додипломските и постдипломските студии, предизвика сериозни дебати и реакции во универзитетските кругови.

До усвојувањето на законските измени, додипломските студии на поголемиот број факултети траеја 8 семестри (4 години), а на одделни факултети, односно студиски групи траеја 10 семестри (5 години, на пр.: техничките науки), односно 12 семестри (6 години, на пр.: на медицинските науки). По успешното завршување на студиската програма, се стекнува звањето дипломиран студент на соодветното подрачје.

Најзначајни реформи на студиските програми и воведување на двоциклични студии со кои го трансформираа традиционалниот 5+2+3 модел во 4+1+3, или 4+1,5+3 модел за академски студии и во модел 3+2+3 за професионални студии, извршија факултетите на техничките и тенолошките насоки (2004 год.). Некои од нив воведоа и студии со траење пократко од три години, како студии со ,,краток циклус" во рамките на првиот циклус на студии. Во тек се преструктуирања во другите области. Искуството покажува дека тешко се прифаќа моделот за тригодишни додипломски студии, т.е. моделот 3+2+3. Најголемиот број од факултетите на државните универзитети го задржаа досегашното траење на студиските програми од 4, а во некои случаи и 5 години. Недоволната координираност во трансформацијата на студиските програми доведе и до случаи кога еден ист профил, кој се стекнува на различни факултети, студентот може да го стекне преку студиски програми со различно времетраење, т.е. за 3 или за 4 години.

Во преструктуирањето на студиите од вториот циклус (постдипломски студии), дел од факултетите ги почитуваат препораките на Болоњскиот процес за магистерски студии во траење од 1,5 или 2 години (без оглед дали додипломските студии траат 3, 4 или 5 години) и докторски студии со траење од 3 години.

Бидејќи трансформациите на студиските програми се во тек, во моментов во Република Македонија може да се сретнат различни модели на студии: 3+2+3; 4+1+3; 4+1.5+3; 5+2+3; 4+2+3.

Причините за тешкотиите во преструктуирањето на студиските програми може да се бараат во:

- неподготвеноста на државните факултети да направат скратување на времетраењето на додипломските студии поради можноста дел од наставниците да останат без работен ангажман[5];
- доминацијата на традицијата на широки профили, што ги прави студиските програми обемни и тешки[6];
- непостоење на практика за компаративен пристап во редизајнирањето на студиските програми со слични студиски програми во другите земји;
- недефинираните/нејасните критериуми за задолжителниот обем на ангажманот на наставниците[7];
- слабости во постапката на дефинирање на студиските профили[8];
- слабата поврзаност со пазарот на трудот и немањето увид за компетенциите што ги бара пазарот на трудот на национално и интернационално ниво[9];
- опструкциите од страна на мал дел од наставниот кадар кои одбиваат да ги прифатат промените[10];

---

5 Постои можност дел од предметите, со редукцијата на времетраењето на студиите, да бидат избришани или префрлени во изборниот или факултетивниот дел. Најголемиот број од наставниците кои ги предаваат овие предмети не се спремни да го прифатат овој ризик.

6 Ревидираните студиски програми сè уште ги карактеризира: голем број предмети, доминација на научни дисциплини, чести преклопувања на содржините, фаворизирање на енциклопедизмот и фактографијата.

7 Поради државниот норматив од задолжителен 8-часовен ангажман за наставниот и 12-часовен за асистентскиот кадар, голем број наставници и асистенти се обидуваат да го исполнат тој број на часови, со што дополнително се врши притисок на студиските програми во поглед на нивното траење и бројот на наставни предмети. Се случува голем број на наставници да имаат 2, 3, 4 или повеќе предмети.

8 Мал дел од факултетите тргнуваат при развојот на студиските програми од однапред дефинирани стандарди на излезни компетенции за даден профил или од образовни излези. Најчест пристап во градењето на студиските програми е расположивиот кадар.

9 Мал е бројот на студиски програми каде постои јасна дистинкција меѓу академските студиски програми и студиските програми наменети за потребите на пазарот на трудот.

10 Прифаќањето на препораките и принципите на Болоњскиот процес кај дел од наставни-

- недоволната информираност[11].

**Национална рамка на квалификации** - Постапувајќи согласно препораките од Конференцијата на европските министри надлежни за високото образование (Берген, 2005 год.), Министерството за образование и наука и Владата на Република Македонија, во 2006 година, со новиот Закон за измени и дополнувања на Законот за високо образование, ќе предложат законска основа за развој на „национална рамка на квалификации". Националната рамка на квалификации треба да биде компатибилна со „сеопфатната рамка за квалификации во европскиот простор на високото образование" (Overarching Framework for Qualifications in the European Higher Education Area) и да биде комплементарна со пошироката рамка на квалификации за доживотно учење, која ќе ги вклучува и општото и стручното образование и обука (работна група на Групата за следење на Болоњскиот процес треба да ја изготви во 2006 год.).

Покрај националните рамки за квалификации, за одредени дисциплини и стручни дејности, кога ќе се постигне поширок консензус помеѓу земјите од Болоњскиот процес, ќе биде овозможено вмрежување на националните рамки на квалификации и развој на „секторски рамки на квалификации[12]" (Sectoral Qualifications Frameworks).

## *Мерки:*

- *Трансформација на студиските програми во три циклуси (вклучувајќи, во националниот контекст, можност за меѓу - квалификации intermediate qualifications).*
- *Дефинирање на генерички дескриптори за секој циклус базирани на резултати од учењето и стекнати компетенции, како и кредити за првиот и вториот циклус.*
- *Развој на национална рамка на квалификации, компатибилна со „сеопфатната рамка за квалификации во европскиот простор на високото образование" и комплементарна со поширокста рамка на квалификации за доживотно учење, која вклучува општо и стручно образование и обука.*
- *Целосна имплементација на принципите на Лисабонската конвенција и нивно вградување во националната легислатива на соодветен начин.*
- *Изработка на национални акциони планови за унапредување на квалите-*

от кадар се толкува како обид за унификација и создавање на добра основа за ,,одлив на мозоци" и културен хегемонизам. Во почетокот на реформските зафати во високото образование, бројот на лицата со вакви ставови беше поголем, но со текот на времето и благодарејќи на информативните семинари и семинарите за обука, нивниот број е сè помал.

[11] Кај дел од универзитетскиот кадар постои слаба информираност за Болоњскиот процес.

[12] http://tuning.unideusto.org/tuningeu/

*тот на процесот поврзан со признавање на квалификации стекнати во странство.*

- *Воспоставување правна рамка за признавање на заеднички степени доделени од две или повеќе држави од европскиот простор на високото образование.*
- *Следење на процесите на развој на секторски рамки на квалификации и примена на решенијата во националниот систем на високото образование.*

Овие мерки се обврзни не само за Министерството за образование и наука, туку и за секоја високообразовна установа во државата и подразбираат развивање на студиски програми базирани на три циклуси (додипломски, постдипломски и докторски). Додипломските студии да се изведуваат во рамките на 180 до 240 кредити, што е еднакво на реализација на студиски програми со 3 до 4 - годишно траење. Постдипломските студии (магистерски степен) треба да бидат во рамките од 90 до 120 кредити, т.е. со траење од 1,5 до 2 години, во зависност од профилите. Докторските студии треба да се со траење од 3 години.

Пристапот кон вториот циклус е условен со успешно завршен прв циклус на студии. Степенот постигнат по три години се смета за потребен степен на квалификација на европскиот пазар на трудот, додека вториот циклус води кон магистериум, а третиот кон докторат.

Националната рамка на квалификации ќе овозможи дефинирање на споредливи и компетитивни квалификации од аспект на: *нормите, нивоата, резултатите од учењето, компетенциите и профилите*, во согласност со сличните настојувања во европскиот простор на високото образование.

Во тие рамки, степените би требало да имаат различно дефинирани излези. Степените на првиот и вториот циклус треба да имаат различна ориентација и различни профили во функција на прилагодување на индивидуалните разлики, академските потреби и пазарот на трудот. Степените во првиот циклус треба да овозможат пристап, во смисла на Лисабонската конвенција за признавање, во програмите на вториот циклус. Степените на вториот циклус треба да овозможат пристап до третиот степен - докторските студии.

При развивањето на студиските програми мора да се води сметка за:

- студиските и предметните програми да се градат во функција на завршниот профил;
- доследно почитување на критериумите за групирање на наставните дисциплини на задолжителни, изборни и факултативни, со определување на нивниот соодност; како и при утврдување на едносеместрални, двосеместрални и повеќесеместрални предмети;

- видовите и бројот на насоките, студиите и студиските групи, според стандардите за профилирање на кадрите и за ефикасност во совладувањето на наставната програма со флексибилен пристап во поглед на насоките, студиите и студиските групи;
- профилот на студиите мора да биде дефиниран со матрица на индивидуални, социјални и стручни (работно потребни) компетенции;
- неопходна е имплементација на концептот на образовни излези (Learning Outcomes) во студиските и предметните програми;
- профилот на студиите треба да биде јасно дефиниран, со целосно почитување на меѓународните стандарди за соодветниот профил, особено стандардите на компетенции што ги поставуваат работодавците;
- профилот, покрај меѓународната димензија, мора да ја содржи и националната специфика која произлегува од културното, социјалното и економското окружување на земјата;
- студиската програма, во поглед на својата структура, мора да комуницира со најмалку една иста или слична студиска програма во Европа, освен во случаите кога студиската програма е од национален интерес или со национална специфика;
- студиската програма треба да е препознатлива, т.е. мора да води сметка не само за видот и структурата на предметните програми, туку и за терминолошките разлики кои постојат во одредени научни подрачја кај нас и во светот;
- студиската програма треба да е транспарентна и лесно достапна за потенцијалните корисници.

### *Признавање на степени и периоди на студирање*

**Состојба:** Како земја што во 2003 год. ја ратификува Лисабонската конвенција за признавање, истата година, со Законот за измени и дополнувања на Законот за високо образование, Република Македонија изврши подобрување на процедурата за признавање на степени и периоди на студирање во странство.

Согласно Законот, при Министерството за образование и наука функционира Информативен центар за признавање, кој во Република Македонија и во меѓудржавните односи ги извршува информациските работи за признавање, определени со Закон и со Правилник. Центарот е член на Европската мрежа на Советот на Европа и УНЕСКО на национални информативни центри за академско признавање и мобилност (ENIC/NARIC мрежата).

Со оглед на сè поизразената мобилност и потребата од признавање на стакнатите квалификации, потребно е да зајакне информативната функција на Информативниот центар.

На Конференцијата одржана во Берген 2005 год., европските министри надлежни за високото образование, се согласија:

- да подготват *национални акциони планови* за унапредување на квалитетот на процесот на признавање на странски квалификации;
- да усогласат процедури за признавање на заедничките степени стекнати во рамките на заеднички студиски програми што ги изведуваат високообразовни институции од две или повеќе земји потписнички на Болоњската декларација;
- министерствата надлежни за високото образование да соработуваат со високообразовните институции и другите партнери, со цел *да го унапредат признавањето на претходното учење*, вклучувајќи ги неформалното и информалното учење.

Со цел унапредување на процесот на признавање на квалификации и периоди на престој, Министерството за образование и наука ќе ги преземе следните

***Мерки:***

- *зајакнување на информативната функција на Информативниот центар;*
- *ќе биде подготвен национален акционен план за унапредување на квалитетот на признавање на странски квалификации;*
- *ќе се утврди процедура за признавање на заеднички степени;*
- *унапредување на признавањето на претходното учење, вклучувајќи ги неформалното и информалното учење.*

## 2.3. Примена на систем за трансфер и акумулација на кредити

**Состојба:** Согласно препораките од Болоњскиот процес, државните универзитети во Република Македонија го прифатија како стандард Европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (ЕКТС) (European Credit Transfer System - ECTS). И покрај присутните слабости во примената на методологијата за дефинирање на кредити, најголем дел од факултетите ги имаат имплементирано стандардите на ЕКТС, т.е. примена на 60 кредити за една година студирање (30 за еден семестар). Студиските програми од прв циклус со 4-годишно траење носат 240 кредити, а со 3-годишно траење носат 180 кредити.

Според ЕКТС, вкупниот број на кредити што студентот треба да ги освои во текот на еден семестар, без оглед на бројот на предмети (модули) или наставните часови, изнесува 30. Бројот на кредити кои се даваат за секој предмет не го рефлектира значењето на тој предмет во обликувањето на профилот, ниту

ангажманот на наставникот, туку претставува нумерички еквивалент на обемот на студентскиот ангажман (контакт часови и самостојна работа), изразен во часови, во текот на семестарот.

Најчест недостаток при дефинирањето на бројот на кредитите е кога тие го одразуваат ангажманот на наставникот, а не времето што му е потребно на студентот да го совлада соодветниот модул или предмет. Ваквата појава може да предизвика проблеми во процесот на мобилност на студентите на национално и меѓународно ниво, особено во доменот на признавање на освоените кредити.

Дел од универзитетите во Република Македонија го имаат прифатено американскиот модел на кредитирање во студиските програми (Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово и одделни факултети кои реализираат слични или исти студиски програми со универзитети во САД). Примената на двата модели и не секогаш исправната примена на методологијата на ЕКТС, ја отежнува компатибилноста на студиските програми, примената на модули, мобилноста на студентите и наставниците и ја отежнува комуникацијата со универзитетите/студиските програми во Европа. За таа цел потребно е да се преземат следните:

**Мерки:**

- *Министерството за образование и наука да подготви упатство за примена на ЕКТС во високото образование во Република Македонија.*
- *Сите студиски програми во високото образование во Република Македонија да се развијат со коректна примена на ЕКТС методологијата до 2007 година.*

Воведувањето на систем што овозможува и акумулација на кредити, како што е ЕКТС, претставува погодно средство за промоција на широка размена на студентите. Кредитите можат да се стекнуваат и надвор од високото образование, вклучувајќи го и доживотното учење, под услови да ги признае универзитетот кој ги прифаќа студентите.

Воведувањето на ЕКТС ќе овозможи надминување на статичноста на студиските програми. Содржинска петрифицираност на предметните програми и присутниот конзервативизам во структурите на студиските програми, особено на планот на нивната соработка, го прават системот на високото образование крут и нефлексибилен од аспект на можностите за избор и зголемување на динамиката на напредување на студентите во текот на студиите. На студентот ќе му се овозможи сам да го креира сопствениот профил во рамките на струката што ја одбрал. Ваквата можност беше многу мала со поранешната поставеност на студиските програми.

Имплементацијата на ЕКТС на универзитетите ќе овозможи остварување на споредливост на студиските и предметните програми, поголеми можности за избор, зголемена мобилност на студентите во универзитетот и меѓу универзитетите во земјата и странство, поактивен пристап на студентите во процесот на образование, поголема транспарентност на студиите, особено на планот на вреднување на постигањата на студентите и работата на наставниците, перманентно следење на постигањата на студентите и сл.

Воведувањето на ЕКТС на универзитетите и на секоја високообразовна институција мора да биде следено со издавање на информативен пакет во кој ќе бидат објаснети сите услови за студирање и можностите што му се нудат на студентот.

## 2.4. Воведување на додаток на диплома (Diploma Supplement)

**Состојба:** Во 2002 год. Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" усвои Правилник за воведување на додаток на диплома, со кој ги дефинира обликот, содржината и начинот на издавање на документот. Бидејќи не започна издавање на додаток на диплома, а почитувајќи ги обврските од Комуникето од Берлин на европските министри надлежни за високото образование, во 2005 год., Интеруниверзитетската конференција одлучи да се изготви заеднички модел на додаток на диплома, што би го користеле сите универзитети и други високообразовни установи во Република Македонија.

**Мерки:**

- *Универзитетите треба да изготват заеднички модел на додаток на дипломата кој ќе содржи единствени податоци за образовниот систем во Република Македонија.*
- *Почнувајќи од 2006 година, секој студент кој ќе дипломира задолжително да добие бесплатен додаток на дипломата на службениот јазик во државата и на еден од светските јазици.*
- *Министерството за образование и наука да ги обезбеди информациите што треба да се содржат во додатокот на дипломата, а се обврска на државата.*
- *Министерството за образование и наука во пресметките за финансирање на јавното високо образование да предвиди и трошоци за изработка на додатокот на дипломата за студентите кои студираат во државна квота.*

Потребата за воведување на додатокот на дипломата произлегува од:

- динамиката на промени на квалификациите на национално и меѓународно ниво;
- слабата евалвација на квалификациите;
- зголемената мобилност на студентите;
- фактот дека оригиналната диплома не дава доволно информации што им се потребни на образовните институции (доколку е во прашање продолжување на образованието) и работодавците (доколку е во прашање вработување);
- општиот недостаток на прецизни и точни информации за студиските програми, образовниот систем и компетенциите што ги стекнуваат студентите во процесот на образование;
- непостоењето воедначена терминологија во високото образование;
- присутната резервираност и двоумење при признавањето и третманот на квалификациите.

Додатокот на дипломата треба да го следи моделот развиен од Европската комисија, Советот на Европа и UNESCO/CEPES.

Додатокот на дипломата треба да содржи доволно независни податоци што ќе овозможат подобрување на меѓународната „транспарентност" и олеснување на академското и професионално признавање на квалификациите (дипломи, сертификати и др.).

Додатокот на дипломата треба да даде опис на природата, степенот, контекстот, содржината и статусот на студиите што ги завршил студентот. Во таа смисла, додатокот на дипломата треба да овозможи:

- промоција на транспарентност во високото образование;
- справување со брзите промени во квалификациите/системите;
- засилување на мобилноста, опфатот и доживотното учење;
- академско и стручно признавање, наменето за користење од страна на граѓаните, работодавците и образовните институции;
- заштита на националната/институционалната автономија и поддршка на образовниот диверзитет;
- промоција на децентрализирани процеси на донесување на одлуки;
- промоција на гледишта/ставови за квалификации;
- редукција на среднорочните и долгорочните трошоци;
- зголемена атрактивност на квалификацијата/иите за студентите.

## 2.5. Мобилност на европскиот простор на високо образование

**Состојба:** Република Македонија ја сфаќа важноста на програмите на Европската унија (Темпус, Шестата рамковна програма), COST и билатералната соработка и ги користи како инструменти за зголемување на мобилноста на студентите и вработените. Од подеднаква важност со мобилноста во/од земјите членки на Европската унија е мобилноста на студентите и кадарот во регионот на Југоисточна Европа. Интензивната мобилност во правец исток-запад и запад-исток е својствена на активностите на програмата Темпус. Без оглед дали се работи за мобилност исток-запад или запад-исток (преку 330 грантови се доделени на академски, административни кадри или на лица вработени во министерствата од 1996 година наваму) или, пак, за пообемна мобилност на академски, административен кадар или, пак, студенти во рамките на Заедничките европски проекти (Joint European Projects), проектите од типот на компактни мерки (Compact Measure Projects) и структурни и комплементарни мерки (Structural and Complementary Measures). Најдобрата илустрација за зајакнување на мобилноста на младите и академскиот кадар во регионот на Југоисточна Европа се гледа во реализираниот проект за постдипломски студии во областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија, кој вклучи студенти од Албанија, Хрватска и Република Македонија. Постигната е синергија со проектот за постдипломски студии финансиран од ДААД, кој вклучува студенти од истите три земји, но и од Бугарија, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Вклучувањето на студенти во Заедничките европски проекти, и во тој контекст, промовирањето на студентската мобилност, ќе биде приоритет за програмата Темпус во следниве години. Од 2002 година, Темпус програмата отвори можност претставници на студентските сојузи, исто така, да учествуваат во шемата за индивидуална мобилност. Република Македонија ќе продолжи да ги поддржува сите можности за интензивирање на мобилноста во високото образование.

Во март 2005 година, Република Македонија стана членка на CEEPUS мрежата, која овозможува мобилност на студенти и академски кадри помеѓу високообразовните институции од земјите членки на Централна и Источна Европа.

Република Македонија ќе ги продолжи преговорите со земјите членки на Европската унија, со земјите кандидатки и со други земји, со цел отстранување на формалните пречки за мобилноста (на пр., визниот режим).

Во согласност со стекнатиот статус на земја кандидат за членство во Европската унија, во текот на 2007 год. Република Македонија ќе спроведе постапка за основање и акредитирање на Национална агенција за имплементација на „Интегрираната програма за доживотно учење“ на Европската заедница.

Мобилноста на студентите и академскиот кадар промовира една од димензиите на европскиот простор на високото образование. Таа подразбира можности за непречен проток на луѓе на национално, регионално и интернационално рамниште, фокусирани во размената на идеи и соработка на полето на наставата и научно-истражувачката работа. Исто така, мобилноста подразбира развивање на способности за прилагодување на нови културни и образовни средини заради проширување на знаењата за другите култури. Ова е дел од напорите за создавање на европскиот простор на високото образование во кој, како што нагласуваат потписниците на Сорбонската декларација, „националните идентитети и заедничките интереси можат меѓусебно да делуваат во корист на Европа, нејзините студенти и сите граѓани".

Остварувањето на мобилноста подразбира надминување на пречките за слободно движење, особено на:

- *студентите: да им се даде можност за учење, да им се овозможи пристап до студиите и релевантните служби;*
- *наставниците, истражувачите и административниот персонал: да им се признае и валоризира времето кое го минале во Европа на: истражување, предавање или учење, без прејудицирање на нивните статутарни права.*

Создавањето и развојот на европскиот простор на високото образование зависи од доследното исполнување на преземените обврски од страна на високообразовните институции. Нивната јасна политика на интернационализација треба да ги земе предвид следниве:

## Мерки:

- *зајакнување на наставниот кадар со меѓународно искуство;*
- *развој на студиски програми што ќе се реализираат на еден од светските јазици;*
- *развој на студиски програми што ќе овозможат трансфер на кредити за домашните и странските студенти;*
- *развој на информативни центри кои ќе обезбедуваат јасни и лесно достапни информации за студентите во врска со можностите за меѓународна мобилност;*
- *зајакнување на студентските стипендии;*
- *градење на механизми за олеснување на преносливоста на стипендиите и кредитите;*
- *надминување на пречките за мобилност по пат на олеснување на добивање визи и дозволи за работа.*

## 2.6. Развивање на меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование

Остварувањето на компатибилноста на студиските програми и реализацијата на идејата за признавање на квалификациите, ја наметнуваат потребата од билатерална и мултилатерална соработка во процесот на развој и имплементација на студиските програми на додипломско и постдипломско ниво.

Според препораките произлезени од Болоњскиот процес, неопходно е засилување на соработката, најнапред на регионално, а потоа и на пошироко - европско и светско ниво. Оваа соработка може најбрзо и најефикасно да се оствари во доменот на постдипломските студии.

### Мерки:

- *Министерството за образование и наука, во наредниот период, треба да ја засили меѓународната соработка, да им предлага и да ги поддржува универзитетите во воспоставувањето на соработка со исти или слични универзитети во Европа и светот, на планот на мобилноста на студентите и академскиот кадар;*
- *зајакнување на процесите на регионалната, билатералната и мултилатералната соработка на високообразовните институции;*
- *развивање на интегрирани студиски програми и заеднички степени од прв, втор и трет циклус, преку здружување на академските ресурси и културни традиции;*
- *создавање на услови за образовна мобилност на студентите, т.е. обезбедување на нивен престој во странство на заеднички степенираните студиски програми;*
- *развој на студиски програми што ќе се изведуваат на повеќе јазици.*

## 2.7. Промоција на европската димензија

Во земјата се охрабруваат тековните процеси на развој и воведување модули, курсеви и студиски програми со европска содржина, ориентација и организација. Високообразовните институции се поттикнуваат да работат на развој на интегрирани студиски програми и заеднички дипломи од прв, втор и трет циклус. Студиските програми за заеднички дипломи треба да гарантираат дека еден значаен дел од студиите ќе се помине во странство, како и изучување на странски јазици. Бројни модули, курсеви и студиски програми со европска содржина од прв и втор циклус, како и курсеви за обука за зајакнување на капацитетите на јавната администрација за успешно одговарање на предизвиците на процесот на евро-интеграција, веќе се развиени и

имплементирани со помош на програмата Темпус, или по пат на билатерална соработка.

Република Македонија обрнува особено внимание на развој на европската димензија во високото образование. Поддршка во развивање на модули, курсеви и студиски програми со европска содржина, ориентација и организација обезбедуваат: Европската комисија (на пр., 74 Заеднички европски проекти Темпус / Tempus Joint European Projects), Советот на Европа, како и некои земји членки на Европската унија преку билатерални проекти.

Отворањето на новата програма *Erasmus Mundus* на Европската унија за соработка во областа на високото образование со земји од третиот свет, претставува нов предизвик на секторот на високото обрзование. И натаму ќе се поттикнуваат високообразовните институции да го продолжат учеството во програмите на Европската унија и другите меѓународни програми што имаат за цел промоција на европската димензија.

Промоцијата на европската димензија во високото образование се остварува и на регионално ниво. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е еден од иницијаторите за формирање на универзитетска мрежа во регионот. Членови на таа мрежа се универзитетите во: Скопје, Крагуевац (СЦГ), Марибор (Словенија) и Тузла (БиХ).

### Мерки:

- *градење на регионални и европски универзитетски мрежи;*
- *развој на заеднички студиски програми;*
- *збогатување на модулите, курсевите и студиските програми, на сите степени, со европски содржини, ориентација и организација.*

## 2.8. Вработливост на домашниот и европскиот пазар на трудот

**Состојба:** Процесите на приватизација предизвикаа драстична промена во карактерот на сопственоста на економските капацитети во Република Македонија. Вкупно постојат 148 727 деловни субјекти, од кои 132 934 или 89,38% се во приватна сопственост, 1 911 или 1,28% се во мешовита сопственост, 1.741 или 1,17% се во задружна сопственост, 437 или 0,29% се државни и 11 704 или 7,87% се во општествена сопственост.

Промената на сопственоста предизвика заживување на приватната иницијатива, со силни рефлексии врз пазарот на трудот и карактерот на работната сила. Во вкупниот број вработени, само 8,2% се самовработени работници. Форсирањето на развојот на малите и средните претпријатија, како и зголемувањето на вработувањето преку проширување на индустрискиот и услужниот сектор (стратешки определби на земјата) се одвива тешко поради забавениот економски развој и намалената финансиска моќ на населението.

Поради забавеноста на економскиот развој, зголемување на стапката на невработеност и, пред сè, процесите на приватизација, тешко може да се направи реална слика на позначајни секторски поместувања во земјата. Индустрискиот сектор сè уште е доминантно поле за пласман на работната сила, за разлика од секторот на услугите и сервисните дејности, кои, иако во последно време бележат благ пораст, сè уште не се доволно застапени за да може да се зборува за драстични промени во преминот на работната сила од еден во друг сектор.

Според статистичките податоци за 2003 година, во Република Македонија има 315900 невработени лица. Од нив 1,17 се без образование, 40,93% се со непотполно и потполно основно образование, 49,86% се со три и четиригодишно средно образование, а 8,04 % се со вишо и високо образование.

Според должината на невработеноста, 44,60% од невработените со високо образование чекаат за вработување повеќе од 4 години. Овој период се зголемува кај останатите образовни групи и најголем е кај невработените со непотполно основно (72,40%) и без образование (61,16%), кои чекаат за вработување повеќе од 4 години.

Високообразовните институции гледаат на вработувањето на своите дипломирани кадри како на важна цел и потврдување на ефектите од нивната работа. Ова бара поголема флексибилност на студиските програми, нивна академска валидност и релевантност на пазарот на трудот.

Можноста за вработување од универзитетски аспект значи:

- добро развиена имагинација;
- способност за систематичен и методичен приод кон решавањето на проблемите со примена на соодветни знаења;
- способност за раководење со општествените процеси.

Според тоа, севкупната структура на студиските програми и предметните содржини мора да се насочи кон развивање на тие способности и вештини кај студентите.

Зајакнувањето на вработливоста на дипломираните студенти на европскиот пазар на работна сила подразбира и развивање на широка понуда на образовни можности, т.е. создавање можности за објективизација на концепцијата на доживотното учење. Тоа значи дека високообразовните институции мора да развиваат и студиски програми (или множества од модули) кои ќе бидат во функција на доквалификација, реквалификација и преквалификација на дипломираните студенти и сите оние кои имаат потреба од стекнување на квалификација со која ќе бидат работно конкурентни не само на националниот, туку и на европскиот пазар на трудот. Развојот на овие студиски програми мора да ја следи динамиката на промените во сферата на трудот, како во

матичната земја, така и во Европа и светот. За да се реализира оваа потреба потребно е исполнување на следните:

**Мерки:**

- *развој на национална рамка на квалификации, компатибилна со сеопфатната рамка за квалификации (overarching framework for qualifications in the EHEA) во европскиот простор на високото образование;*
- *обезбедување комплементарност помеѓу сеопфатната рамка за квалификации во европскиот простор на високото образование и поширокатa рамка на квалификации за доживотно учење, која вклучува општо и стручно образование и обука;*
- *создавање на механизми за олеснување на процедурите за промена на студиските програми;*
- *градење на критериуми за признавање на стекнатите компетенции;*
- *зајакнување на транспарентноста и информативната моќ на Министерството за образование и наука и универзитетите;*
- *зајакнување на поврзаноста на универзитетите со работодавците / стопанските и јавните институции;*
- *промоција на интердисциплинарна обука и развој на преносливи вештини, со цел да се одговори на потребите на поширокиот пазар на работна сила.*

## 2.9. Осовременување на наставата

Сегашната поставеност на студиските и предметните програми на државните универзитети, во најголема мерка го фаворизира енциклопедизмот. Наставниците се фокусирани на целите и задачите на програмите, т.е. нивното внимание е концентрирано врз реализацијата на однапред дадени содржини, кои се трансформираат во цели и задачи.

Досегашните интервенции попатно или недоволно ги осмислуваа преобразбите во образовниот процес. Како сегмент, тој остана речиси неизменет: предавачки стил на работа со студентите, негување и поттикнување на меморирањето, наместо учење со разбирање и/или учење по пат на решавање на проблеми, послушност наместо критичност, пасивност наместо активност, фронтална работа наместо интеракција, недоволна употреба на современи наставни средства, недоволна употреба на информациска технологија и сл.

Во наставата доминираат традиционални техники, кои во голема мерка ги пасивизираат студентите, за сметка на доминантната улога на наставникот.

Автократскиот тип на раководење и предавањето се најчесто применуваните техники кои се користат во наставата, што придонесува процесите на интеракција и активното учење на студентите во текот на наставата да бидат вистинска реткост. Примената на современите облици на настава и учење од страна на наставниците (особено од помладите) во последно време се засилува, но тоа сè уште е недоволно. Ваквата состојба, со право, го отвора прашањето за спремноста и оспособеноста на наставниот кадар за примена на современи техники на настава и учење.

Причините за доминацијата на традиционалните модели на учење може да се бараат во:

- големиот број на студенти во група[13];
- недостатокот на современа информационо-комуникациона технологија и нејзината недоволна примена во процесот на учење;
- слабите дидактички компетенции на дел од наставниците;
- системот за вреднување на наставниците[14];
- непримената на концептот за резултати од учењето (Learning Outcomes) во предметните програми;
- слабата оспособеност на студентите за самостојна работа.

За разлика од државните, приватните високообразовни институции имаат поголеми можности (современа технологија, мали групи за настава, просторни услови) за примена на современи модели на настава и учење. Но, поради тешкотиите во обезбедувањето на квалитетен наставен кадар[15], и овие институции не секогаш се во можност да им пружат на студентите современа настава и учење.

## Мерки:

- *имплементација на концепцијата на образовен излез (Learning Outcomes) во наставниот процес;*
- *воведување на информационо-комуникациони технологии и Интернет во процесот на учење;*
- *обука на наставниот кадар.*

---

13 На некои од факултетите една група брои и над 300 студенти (Економски, Правен).

14 Наставникот и неговата работа се вреднуваат врз основа на реализираната програма нормативно, без притоа да се води сметка дали тој успеал да предизвика одредени промени кај студентите т.е. без да се води сметка колку секој студент стекнал знаења и вештини и какви ефекти тие знаења и вештини предизвикале кај него.

15 Во отсуство на квалитетен кадар, приватните високообразовни институции се принудени да ангажираат веќе пензиониран наставен кадар, да користат услуги на постојниот кадар вработен во државните универзитети или, пак, да вработат кадар со недоволни компетенции. Во последно време има тенденција на прелевање на кадарот од државните на приватните високообразовни установи.

## 2.10. Зајакнување на наставниот кадар

Слабостите што се јавуваат во реализацијата на наставата и учењето, во голема мерка се резултат на слабата обученост на наставниот и соработничкиот кадар на планот на високошколската дидактика. Потребата од воведување на современи облици на настава и примена на информатичка технологија во наставните и вонnаставните активности ја определува потребата од дополнително обучување на универзитетскиот кадар.

Во последно време забележлива е тенденцијата за осовременување на наставата со воведување на интерактивни модели на настава и употреба на современа образовна технологија, пред сè од страна на помладиот наставен кадар. Но, оваа категорија на наставници малку е застапена во високото образование.

Можностите за континуирано стручно и професионално усовршување на наставниот кадар во рамките на факултетот се лимитирани и често не соодветствуваат со постојната динамика на тенденциите во областите со кои се занимаваат. Најчесто, ваквите можности мора да ги остваруваат индивидуално и да ги користат услугите на институциите кои се надвор од факултетот. И покрај тоа што високообразовните установи настојуваат да го овозможат овој процес, сепак, поради лимитираните можности не успеваат во доволна мерка.

Рестриктивната политика на планот на вработување на наставен кадар неповолно се одразува на задоволувањето на потребите на високообразовните установи за покривање на редовната настава. Нема можност за надминување на оваа состојба по пат на вработување на наставници со делумно работно време.

Имајќи ги предвид присутните слабости кај наставниот и соработничкиот кадар, во идниот период, Министартството за образование и наука и универзитетите треба да преземат мерки за нивно надминување.

### Мерки:

- *анализа на образовните потреби на кадарот во високото образование;*
- *зголемено вработување на млад наставен кадар на државните универзитети;*
- *дефинирање на стандард на компетенции за ефективен наставник;*
- *градење на систем за континуирано професионално усовршување на наставниот кадар;*
- *создавање можности за стручно и научно усовршување во земјата и во странство;*

- *стимулирање на учеството на визитинг професорите во реализирањето на наставата на факултетите;*
- *учество на универзитетските кадри во средини во Европа и во светот;*
- *подобрување на материјалниот статус и стимулирање на академскиот кадар.*

## 2.11. Студенти

**Состојба:** Имплементацијата на принципите и препораките на Болоњскиот процес не предизвикуваат бранување само кај наставниот, соработничкиот и административниот кадар, туку во голема мерка ги разбранува и студентите. Првичните резултати покажаа дека студентската популација нема доволно информации за промените што се случуваат во високото образование. И покрај тоа што во трансформациските процеси редовно учествуваат студенти, изостанува дисеминацијата на искуството на целата студентска популација. За таа цел, во изминатиот период, студентите организираа неколку семинари, трибини и средби, на кои се расправаше за студентските проблеми, Болоњскиот процес и како тој ќе влијае на студентите, како и за местото и улогата на студентите во реформските зафати. Во изминатиот период недостасуваа почести средби меѓу менаџерските структури на универзитетите и студентите, на кои би се расправало за конкретни акции, како и публикување на печатени документи кои се однесуваат на Болоњскиот процес, а кои би биле достапни за студентите.[16]

---

[16] Голем дел од документите кои се релевантни за реформите што се спроведуваат во високото образование во Македонија се достапни само на Интернет. Има потреба од превод и печатење на документи, како на пример: World Conference on Higher Education, Higher Education in the Twenty-first Century: Vision and Action, 9 October, Paris, 1998; Convention on the Recognition of Qualifications Concerning Higher Education in the European Region, *Lisbon, 1997;* Harmonisation of the Architecture of the European Higher Education System, Sorbonne, 1998; The European Higher Education Area, Joint Declaration of the European Ministers of Education, Convened in Bologna on the 19th of June 1999; Haug, Guy & Knudsen, Inge: Trends in Learning Structures in Higher Education (I) - 1999; Message from the Salamanca Convention of European Higher Education Institutions, Shaping The European Higher Education Area, Salamanca 2001; Haug, Guy & Tauch, Christian: Trends in Learning Structures in Higher Education (II) - 2001; Working on the European Dimension of Quality, Report of the International Conference, Amsterdam, March 12 and 13, 2002; Credit Transfer and Accumulation – the Challenge for Institutions and Students, EUA/Swiss Confederation Conference, ETH Zürich, 11/12 October 2002; European Strategy Framework, for Improving and Increasing Global Education In Europe to the Year 2015, Europe-wide Global Education Congress, Maastricht, November 15th - 17th 2002; EUA Graz Convention, 29/31 May 2003 Reichert, S. and Tauch, Ch.: Trends in Learning Structures in European Higher Education (III) - 2003; Realising the European Higher Education Area, Communique of the Conference of Ministers Responsible for Higher Education, Berlin, 19 September 2003; Reichert, S. and Tauch, Ch.: Trends IV: European Universities Implementing Bologna - 2005;

Улогата на студентите во креирањето на образовната политика на универзитетот, во услови на сегашната поставеност, не се одликува со висока ефективност. И покрај тоа што студентите по пат на учество на свои членови во универзитетските и факултетските тела имаат можност да ги искажат своите забелешки и идеи за подобрување на состојбата, сепак не го даваат саканиот учинок.

Со Болоњскиот процес студентот станува „страна-партнер" во образовниот процес. Партнерскиот статус на студентите треба да им овозможи да станат рамноправни оценувачи на образовниот процес и двигатели на иницијативи за промени кои водат кон подобрување. Во таа своја улога студентите треба да бидат одговорни и компетентни. За да се оствари оваа нова улога на студентите потребно е:

- да се почитуваат правата, потребите и интересите на студентите од страна на академскиот кадар и институциите на универзитетот;
- да се оствари демократски однос и двонасочна комуникација;
- да се обезбеди учеството на студентите во оценувањето на квалитетот на образовниот процес.

***Социјална димензија на Болоњскиот процес***: Министерството за образование и наука прави напори, во рамките на можностите што ги даваат средствата од националниот буџет наменети за високото образование, да им овозможи на студентите да ги завршат студиите без поголеми тешкотии поради нивната социјална и економска состојба.

*Поддршка на студентите од буџетот на Р. Македонија:*

| Академска година | Стипендии | Кредити | Стипендии согласно билатерални договори |
|---|---|---|---|
| 2001/02 | 2.697 | 6.336 | 360 |
| 2002/03 | 2.709 | 6.167 | 286 |
| 2003/04 | 3.002 | 4.163 | 259 |
| 2004/05 | 3.543 | 4.312 | 212 |

*Извор: Министерство за образование и наука.*

Зголемени се можностите за сместување на студентите во студентски домови (област во која е овозможена и приватна иницијатива). Системот за поддршка на студентите со стипендии и кредити треба и натаму да се подобрува и во себе да ги инкорпорира социјалната и економската компонента,

Bologna Follow-up Group: Bologna Process Stocktaking – 2005; Ministry of Science Technology and Innovation of Denmark: A Framework for Qualifications of The European Higher Education Area, February 2005; European Association for Quality Assurance in Higher Education: Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area, February 2005; Communiquè of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education: The European Higher Education Area-Achieving the Goals, Bergen, May 2005.

но и компонентата на наградување согласно постигнатите резултати во текот на студиите. Потребно е да се унапредат можностите студентите да работат со делумно работно време во текот на студиите.

***Можности за избор:*** Пазарот на образовна понуда во високото образование во Република Македонија е доста тесен, со што изборот на видот на студии кои студентите сакаат да ги посетуваат е во голема мера ограничен. Образовната понуда, главно, може да се подели на две големи групи, и тоа:

1. студиски програми кои нудат широк профил на професионална култура;
2. студиски програми кои нудат тесен профил на професионална култура, но остваруваат поголема комуникација со потребите на пазарот на трудот.

Широкиот профил е доминантен кај јавните универзитети, за разлика од приватните кои, претежно, нудат потесен стручен профил.

Во последно време универзитетите го напуштаат широкиот профил и воведуваат т.н. флексибилен профил на стручност. Тие градат модуларизирани студиски програми во рамките на кои студентот, во согласност со афинитетот, по пат на избор може да се определи за еден или повеќе потесни профили на стручност.

***Улогата на средното образование:*** Причините за слабата ефикасност на студиите и за недоволната заинтересираност на студентите за универзитетскиот живот и работа, често се бараат во универзитетите, без да се земе предвид улогата на средното образование кое ги подготвува лицата за влез на универзитет.

Со цел студентиете успешно да ја остварат својата улога во високото образование, неопходно е тие да стекнат базични компетенции кои гарантираат успешно студирање и активен пристап кон универзитетскиот живот пред да станат дел од високото образование. Во сегашни услови, средното образование не ги обезбедува овие компетенции. Иако во изминатиот период во средното образование се извршија низа промени, првенствено во областа на средното стручно образование, средното образование сѐ уште го карактеризираат: енциклопедизам, фактографија, доминација на традиционалните техники на настава и учење, маргинализација на независноста на ученикот и на неговите способности за критичко мислење и решавање проблеми.

## Мерки:

- *зајакнување на средното образование;*
- *подобрување на условите за студирање и живот на студентите, обезбедување помош при навремено завршување на студиите, без пречки во поглед на нивното социјално и економски потекло;*

- *зајакнување на улогата и учеството на студентите во клучните институционални функции и процеси, вклучувајќи управување со високообразовните институции;*
- *подобрување на студентските служби, вклучувајќи развивање на релевантни информациони системи за поддршка на нивната работа;*
- *развивање и примена на специјални информациони системи со податоци релевантни за социјалната и економската состојба на студентите, со што би се оптимизирала поддршката што има ја дава општествената заедница.*

## 2.12. Информационо-комуникационите технологии во високото образование

Примената на информационо-комуникационите технологии (ИКТ) во високото образование предизвикува организациони, образовни, технички и финансиски промени во институциите. Долгорочно, најзначајните влијанија од примената на ИКТ се очекуваат во: поттикнување на универзитетите да развиваат курсеви за е-образование со модуларен карактер, флексибилни и отворени за потребите на доживотно учење; развој на соработка помеѓу универзитетите и организирање студиски програми за стекнување на заеднички дипломи; промоција на виртуелна мобилност; развој на механизми за признавање, обезбедување квалитет и меѓународна акредитација на е-образованието, како и развој на алатки и услуги за олеснување на академската соработка.

**Слабости на сегашната состојба во земјата:** Дел од факултетите на јавните универзитети недоволно ги користат информатичката техно-

**Постојни структури и средина за е-образование во Република Мекдонија**

- Образование на информатички профили е застапено на универзитетите „Св. Кирил и Методиј„-Скопје, „Св. Климент Охридски„ – Битола (трите циклуси); Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово (прв и втор циклус); Европскиот универзитет „Република Македонија„ и Њујорк колеџ-Скопје (прв циклус).
- Најголем дел од студиските програми за други профили вклучуваат предмет за ИКТ писменост.
- Дел од студиските програми за други профили вклучуваат примена на информационо-комуникациони технологии во областите за кои образуваат кадри.
- Информационо-комуникациона инфраструктура: Македонската академска и истражувачка мрежа (МАРНЕТ) ги поврзува ИКТ мрежите на универзитетите „Св. Кирил и Методиј„-Скопје, „Св. Климент Охридски„ – Битола. Моментално се работи за поврзување на универзитетската мрежа на Универзитетот на Југоисточна Европа со МАРНЕТ.
- Библиотечен информационен систем: информатички поддржан во Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски„ и во одреден број високообразовни институции.
- Развиени се платформи за е-учење и модел на „безжичен кампус„ на универзитетите „Св. Кирил и Методиј„ - Скопје, „Св. Климент Охридски„ – Битола и Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово.
- Воспоставена е соработка помеѓу универзитетите „Св. Кирил и Методиј„ - Скопје, „Св. Климент Охридски„ – Битола и Државниот универзитет од Тетово во изведување на веб-базирана настава на македонски и на албански јазик.

логија и информациските системи во процесот на образованието и научноистражувачката дејност. На локално ниво, оваа состојба е резултат од неприлагодената инфраструктура и недостатокот од соодветен хардвер и софтверска поддршка. Исто така, информатичкото образование на дел од академските и административните кадри не е на задоволително ниво.

Ваквата состојба придонесува во наставниот процес сè уште да се присутни елементи од традиционалната настава, што во голема мера негативно влијае врз мотивацијата на наставниците и студентите и врз квалитетот и ефикасноста на образовниот процес и студирањето во целина.

Недоволната развиеност на универзитетските информациони системи (особено на јавните универзитети), директно се одразува на можностите за примена на современи модуларизирани студиски програми, базирани на системот за трансфер и акумулација на кредити. За реална примена на ЕКТС, неопходна е силна и високо организирана информатичка поддршка на работата на академската администрација задолжена за ЕКТС и додаток на дипломата.

Поради значењето на МАРНЕТ за овозможување заедничка работа и оптимално користење на ресурсите на сите високообразовни, научноистражувачки, културни и други институции вклучени во мрежата и нејзина вклученост во европскта академска мрежа ГЕАНТ и глобалниот Интернет, потребно е подобрување на организационата поставеност и зајакнување на кадровската поддршка. Владата на Република Македонија треба да обезбеди стабилно финансирање на МАРНЕТ како инфраструктура од национално значење.

Република Македонија треба да овозможи континуирано унапредување на примената на ИКТ во библиотечното работење: поврзување со значајни национални и меѓународни библиотечни информациони системи; дигитализација на фондовите, вклучувајќи и фондови значајни за културното наследство, како и зајакнување на интероперабилноста во работата на Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола со библиотеките на другите универзитети и високообразовни установи во земјата и пошироко („виртуелна национална библиотека“).

Во наредниот период, Министерството за образование и наука и универзитетите треба да ги преземат следните:

## Мерки:

- *екипирање на јавните универзитети со современа информатичка и образовна технологија;*
- *обука на наставниот и соработничкиот кадар за користење на*

*информатичката технологија и нејзина примена во процесот на образование;*

- *обезбедување на слободен и бесплатен пристап на Интернет за сите студенти, академски и административни кадри во рамките на универзитетите;*
- *унапредување на информациските системи на универзитетите и соодветна обука на административниот кадар;*
- *формирање на Центар за примена на информационо-комуникациони технологии во образованието, како поддршка на наставниците и студентите;*
- *континуирано обезбедување средства од националниот буџет, наменети за финансирање на функциите на МАРНЕТ и нејзино поврзување во европската академска мрежа ГЕАНТ и глобалниот Интернет;*
- *проширување на МАРНЕТ и воспоставување на национална универзитетска мрежа;*
- *обезбедување средства од националниот буџет за развој на библиотечниот информационен систем и негово вклучување во меѓународните мрежи.*

## 3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

Во процесот на изградба на заеднички европски простор на високото образование, централно место добива квалитетот на високото образование. Во функција на обезбедување непречена мобилност на студентите и универзитетскиот кадар на европскиот академски пазар и мобилност на европскиот пазар на трудот, на Конференцијата на европските министри надлежни за образование (Берген, 2005), беа усвоени стандардите и водичот за обезбедување квалитет во високото образование во европскиот простор на високото образование.

Обезбедувањето на квалитетот мора да се остварува на институционално, национално и интернационално ниво. Во таа смисла, се афирмира потребата од развивање на меѓусебно деливи критериуми и конзистентна методологија за обезбедување на квалитетот. Почитувајќи го принципот на институционалната автономија, примарната одговорност за обезбедување на квалитетот во високото образование лежи на високообразовните установи, што создава основа за вистинска надлежност на академскиот систем во националната рамка за квалитет.

Системите за обезбедување на квалитетот треба да бидат транспарентни и соодветни на системите во другите европски земји, заради препознавање и евалвација на квалитетот на наставните и научно-истражувачките процеси, што ќе овозможи признавање на дипломите и сертификатите и зголемување на вработливоста на европскиот пазар на работна сила.

**Сегашна состојба**: Законска рамка на процесот на акредитација и евалвација постави Законот за високо образование (2000). Акредитацијата на високообразовните институции и на студиските програми ја врши Одборот за акредитација во високото образование. Одборот е формиран во 2001 год., а членовите имаат четиригодишен мандат. Одборот е независен во својата работа и донесува решенија од својата надлежност врз основа на стручност и компетентност. Во рамките на своите права и обврски, Одборот за акредитација одлучува дали, врз основа на поднесените документи (вклучувајќи и проект за основање на високообразовни институции), се задоволени сите барања за изведување на високообразовна дејност; одлучува за акредитација на научни институции кои сакаат да организираат постдипломски и докторски студии; определува дали високообразовната институција ги исполнува условите за организирање на нови студиски програми и ги определува капацитетите за студирање на високообразовните институции; акредитира нови студиски програми; задржува документација за акредитирните високообразовни институции и за други акредитации; и извршува други задачи доделени со Законот за високото образование.

Оценувањето на квалитетот на високото образование се врши по пат на евалвација. *Надворешна евалвација* и оценување на квалитетот на академските кадри врши Агенцијата за евалвација на високото образование, формирана од Одборот за акредитација во 2001 година. Мандатот на членовите на Агенцијата е четири години. Членовите на Агенцијата се независни во работата. Евалвацијата врши мониторинг на акредитираните високообразовни установи и подготвува извештаи од надворешната евалвација во циклус од пет години. Врз основа на резултатите од надворешната евалвација, Агенцијата му предлага на Одборот за акредитација обновување или укинување на лиценцата за работа на високообразовната установа. Извештаите од евалвацијата се објавуваат. Секоја високообразовна установа спроведува процес на *самоевалвација*. Самоевалвацијата ја врши комисија составена од академски кадри, административни кадри и претставник на студентите. Универзитетскиот сенат формира универзитетска комисија за евалвација, која подготвува извештај од самоевалвацијата на ниво на универзитетот.

Република Македонија ќе работи на усогласување на процесот на обезбедување на квалитет во високото образование со препораките од Коминикето од Берген (2005):

- дефинирање на одговорностите на сите тела и институции вклучени во процесот;
- евалвација на програмите и институциите, вклучувајќи интерна процена, надворешна ревизија, учество на студентите на сите нивоа од процесот на обезбедување квалитет и публикување на резултатите;
- систем за акредитација, сертификација или слични/споредливи процедури;
- меѓународно учество, соработка и партиципирање во регионални мрежи и пошироки мрежи за обезбедување на квалитет.

## Мерки:

- *дефинирање на одговорноста и надлежноста на универзитетите, националните тела за евалвација и акредитација и Државниот просветен инспекторат;*
- *вклучување на студентите во националното тело и универзитетските тела за обезбедување и контрола на квалитет;*
- *вклучување на претставници од деловниот сектор и од социјалните партнери во националното тело за обезбедување квалитет;*
- *јакнење на меѓународната компонента во обезбедувањето на квалитет на национално ниво;*
- *имплементација на стандардите и насоките за обезбедување квалитет во европскиот простор на високото образование предложени од ENQA;*
- *прифаќање на модел на експертска ревизија на агенциите за обезбедување квалитет на национално ниво, со почитување на заеднички договорени насоки и критериуми;*
- *воспоставување на европски регистар на агенции за обезбедување квалитет, заснован на национална ревизија.*

Со цел да се надминат тешкотиите за спроведување на издржани постапки за обезбедување на квалитет, поради скромниот обем на системот на високо образование Република Македонија ќе развива регионална мрежна соработка во областа на обезбедувањето квалитет, а националното тело за обезбедување квалитет ќе стане член на Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (European Network for Quality Assurance-ENQA). Земјата ќе обрне особено внимание на развојот на квалификуван кадар за поддршка на системот на обезбедување квалитет. Во досегашната практика, процесите на евалвација (особено надворешната евалвација) во голема мера беа поддржани од донаторски средства, преку меѓународни

проекти. На среден или долг рок, ваквата состојба треба да се надмине. Министерството за образование и наука ќе планира средства од националниот буџет или средства од други извори, наменети за континуирана евалвација на квалитетот. Буџетски средства ќе се обезбедуваат и за поддршка на работата на националните тела за обезбедување квалитет.

# 4. ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ - ОКОСНИЦА НА РАЗВОЈОТ НА „ОПШТЕСТВО БАЗИРАНО НА ЗНАЕЊЕ“

Болоњскиот процес на прилагодување на високото образование со цел воспоставување „европски простор на високото образование“ и развојот на „европски истражувачки простор“ ја определуваат улогата на високото образование во Лисабонскиот процес на развој на „Европа базирана на знаење“ (Комунике за улогата на универзитетите во изградбата на Европа на знаење[17]).

## 4.1. Високото образование и научно-истражувачката работа

Со Комуникето од Берлинската конференција (2003), европските министри се обврзаа да вложуваат напори за синергија помеѓу развојот на „европски простор на високото образование“ и „европски простор на истражување“. Дотогашниот фокус на високото образование заснован на два циклуси, се прошири со докторски студии како трет циклус на Болоњскиот процес. Нагласени се важноста на истражувањето, оспособувањето за истражувачка работа и промоцијата на интердисциплинарниот пристап во високото образование како фактори за обезбедување и унапредување на квалитетот на високото образование. Министрите повикаа на зголемена мобилност на докторско и постдокторско ниво и ги охрабрија институциите да соработуваат на планот на докторските студии и оспособувањето на млади истражувачи. Од високообразовните институции се бара да ја зголемат улогата и релевантноста на истражувањата за технолошка, социјална и културна еволуција ориентирана кон потребите на општеството.

На Конференцијата во Берген, европските министри надлежни за високото образование ги реафирмираа заложбите од Берлин и се обврзаа дека квалификациите од третиот циклус ќе траат 3-4 години, ќе бидат усогласени со „сеопфатната рамка на квалификации за европскиот простор на високото образование„ и дека при изготвувањето на студиските програми ќе го користат

[17] Комунике на Европската комисија „The role of universities in building a Europe of knowledge, COMM (2003)58 final)“.

пристапот на „резултатите од учењето“. Студиите треба да овозможат развој на преносливи вештини, кои ќе овозможуваат прилагодување на пазарот на трудот.

Во моментов, од мрежата акредитирани високообразовни установи во Република Македонија, стекнување со докторат овозможуваат Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. Во 2004 год., при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје се формира Југоисточно-европската школа за магистерски и докторски студии за градежно инженерство, која применува интердисциплинарен пристап во организирањето регионални докторски студии.

### *Компетенции значајни за градење „општество базирано на знаење“*

Европските искуства покажуваат дека во рамките на високото образование и истражувачката работа треба да се развиваат следните вештини и компетенции: предвидување на трендови и способност за справување со непредвиден развој на настаните; тимска работа и способност за работа со мрежи од тимови; водство; вештини за комуникација, вклучувајќи користење на странски јазици; одлична оспособеност за примена на информатика во областа за која се оспособува студентот/истражувачот; познавање на правото од областа на интелектуалната сопственост (вклучувајќи ги и проблемите).

Во зависност од студиските групи, студиските програми и применетите образовни методологии, високообразовните установи во Република Македонија овозможуваат стекнување на некои од наведените компетенции. Сериозен обид кон градење на вештини и компетенции е застапен на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Во првите два семестри од студиите се изучуваат јазици (англиски и албански), користење на информациони технологии и работа со Интернет, запознавање со техники на анализа, презентација и критика и европски студии.

### *Научно-истражувачка дејност*

**Состојба:** Системот на научно-истражувачката дејност на универзитетите опфаќа научни истражувања, оспособување и усовршување на кадри за научно-истражувачка работа и научно-истражувачка инфраструктура. Дејноста е уредена со Законот за научно-истражувачка дејност и со Законот за високо образование.

Согласно законите, државните универзитети/факултети и научните институти уживаат академска слобода во изведувањето на фундаментални, развојни и применети истражувања. Резултатите од научните истражувања се вреднува-

ат и соопштуваат преку: рецензирање, објавување на научни трудови, научна критика, оценка од експерти и примена во практиката.

Истражувачката работа како основна дејност се изведува во самостојните научни институти, но таа се одвива и во рамките на научно-истражувачката работа на факултетите, институтите и катедрите што се во нивниот состав. Често, истражувањата се од меѓународен карактер и се финансирани од странски институции и фондации, од кои најголемиот број се проекти во рамките на рамковните програми на Европската заедница, COST, NATO и европските програми за развој на високото образование.

Финансирањето на научно-истражувачката дејност на самостојните научни институти има третман на финансирање на нивната основна дејност и финансирање на проекти  на Министерството за образование и наука, а научно-истражувачката дејност на факултетите се финансира само преку проекти.

Состојбата на опремата и лабораториите, пред сè на јавните универзитети, е на незадоволително ниво, а некаде и сосема изостанува, поради што не може да се примени современа технологија во истражувањето.

Тешкотиите во економскиот развој доведоа до уште подрастично опаѓање на можностите за примена на науката во стопанските и нестопанските дејности. Ваквата состојба предизвикува намалување на соработката на научно-истражувачки план меѓу универзитетот / факултетите и економските субјекти / јавниот сектор, што дополнително влијае врз мотивацијата на академскиот кадар за реализација на научно-истражувачки активности.

За подобрување на состојбите во научно-истражувачката дејност на високото образование потребно е да се преземат следните:

## Мерки:

- *студиските програми за сите три циклуси на високото образование да овозможуваат градење на компетенции значајни за „општество базирано на знаење“;*
- *усогласување на квалификациите на докторско ниво со сеопфатната европска рамка на квалификации, со користење на пристап базиран на постигнатите резултати;*
- *лицата вклучени во програми од третиот циклус да имаат третман на студенти и на истражувачи во рана фаза (млади истражувачи);*
- *олеснување на регулацијата на докторските програми;*
- *подобрување и осовременување на условите за постдипломски и докторски студии;*
- *изработка на национална стратегија за развој на научно-истражувачката работа;*

- *формирање на научно-истражувачки единици при универзитетите чија задача ќе биде планирање и координирање на научно-истражувачките активности;*
- *зголемување на финансиските средства за обезбедување на услови за научно-истражувачка работа;*
- *поттикнување на меѓународните научно-истражувачки проекти, особено во сферата на докторските студии;*
- *укинување на царините и даноците за додадена вредност за набавка на хардвер и софтвер, опрема и хемикалии за истражување;*
- *поврзување на универзитетите со истражувачко-развојните единици во стопанството;*
- *зголемување на издвоените финансиски средства за науката од општествениот производ и изнаоѓање други извори на средства за финансирање на оваа дејност;*
- *воспоставување систем за увид во доменот на применетите истражувања.*

Високообразовните и научно-истражувачките установи во Република Македонија ќе придонесуваат кон изградбата на општество базирано на знаење по пат на:

- ***Поддршка на регионалниот развој***: Порамномерен развој на земјата може да се постигне доколку се обезбеди порамномерна распределба на човечките потенцијали. Резултатите од преку 25-годишната работа на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола ја потврдуваат неговата улога во создавањето кадри кои, во најголем дел, продолжија да живеат и работат во овој дел од земјата. Замислен како универзитет со изразито регионален карактер, во 2001 година во Тетово започна со работа Универзитетот на Југоисточна Европа. Академската понуда на Универзитетот произлегува од поширокиот општествен контекст, а прилагодувањата се резултат од дијалогот со неговата околина. Во 2004 година започна со работа и Државниот универзитет во Тетово, со што се создадоа услови за пристап до високото образование и на студенти од албанската заедница со послаби финансиски можности. Со цел да овозможи пристап до високото образование на студенти со послаби материјални можности, од 2005 година Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје започна со изведување на дисперзирани студиски програми во Источна Македонија (Штип и Струмица).

  Република Македонија ќе продолжи да го поддржува развојот на регионалните високообразовни установи. Покрај зајакнувањето на финансир-

ањето од национални извори, ќе се стимулира меѓусебната соработка, како и меѓународната високообразовна и научно-истражувачка соработка на регионалните универзитети. Ќе се поттикнуваат стопанските субјекти и установите од регионите на соработка со високообразовните установи, што ќе придонесува за трансфер на знаења и развој на заеднички истражувања за поттикнување на општествено-економскиот развој на заедницата. Ќе се поттикнува дисеминацијата на позитивните резултати и искуства од научно-истражувачката и иновативната работа.

- ***Унапредување на соработката помеѓу високото образование и стопанството*** со цел трансфер на знаење и развој на иновации. Ќе продолжи поттикнувањето на соработката на високообразовните и научно-истражувачките установи (финансирање на развојно-истражувачки и иновациски проекти од националниот буџет и софинансирање на развојно-истражувачки и иновациски проекти чии носители се субјектите на технолошкиот развој), како и трансферот на технологии и знаења помеѓу високообразовните и научно-истражувачките установи, од една, и стопанството, од друга страна (центри за трансфер на технологии, научно-истражувачки јадра и др.).
- Земјата ќе презема посебни ***мерки за заштита на правата на интелектуална сопственост*** (индустриска сопственост, авторските и другите сродни права).
- ***Високообразовните и научно-истражувачките установи и стопанскиот сектор треба да воспостават облици за подобро информирање за капацитетите и знаењата во обата сектори***, што ќе придонесе за развој на квалитетни партнерства.
- ***Ќе се унапредува националната рамка за трансфер на знаења*** (правна рамка и нејзина ефикасна имплементација, вклучувајќи и фискални олеснувања).
- ***Развој на интердисциплинарни студии и истражување.*** Интердисциплинарноста е широко прифатена како инструмент за јакнење на „одличноста“, создавање иновации, креирање нови знаења и нивна дисеминација. Структури од овој тип се ретки на високообразовните установи во Република Македонија: интердисциплинарни студии по јавна администрација при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, студии по новинарство при Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и др. Основна пречка за развој на поголем број интердисциплинарни студии на овие два универзитети е нивната сегашна организациона поставеност. Во 2006 година ќе се воспостави правната рамка на интегриран универзитет. Интердисциплинарноста во истражувањето е повеќе застапена, особено во проектите од меѓународен карактер.

- ***Јакнење на меѓународната компетитивност на високото образование и истражувањето.*** Реформите во високото образование поттикнати од Болоњскиот процес придонесуваат за образование на компетентни, мобилни кадри, со знаења за европските процеси, способни за меѓународна соработка во глобалниот процес на градење општество базирано на знаење. Во областа на истражувањето и развојот, потребните знаења и вештини се стекнуваат по пат на меѓународна соработка. Ќе се интензивира вклученоста на Република Македонија во истражувањето и развојот на Европската унија и соработката во областа на истражувањето и развојот надвор од програмите на Европската унија (ЦОСТ, НАТО, УНЕСКО, билатерална соработка и др.).

## 4.2. Доживотно учење

Брзите промени што настануваат во сите сфери на економскиот и социјалниот живот поради сè поизразената глобализација и развојот и примената на нови технологии, како и фактот на демографско стареење на популацијата, ги ставаат во фокусот доживотното учење и „активното стареење".

**Сегашна состојба**: Во 2005 год. Министерството за образование и наука, во соработка со Европската фондација за обука од Торино-Италија, подготвија „Предлог за стратегија за образование на возрасни во Република Македонија, во контекст на доживотното учење (2006-2015)". Документот препорачува: формирање на Совет за образование на возрасни; воспоставување центри за развој на човечките ресурси при единиците на локалната самоуправа; развој на систем за признавање на претходното учење; подготовка и донесување на закон за образование на возрасни; зголемување на бројот на специјалисти за образование на возрасни и организирање јавна кампања за доживотно учење.

Согласно Законот за високо образование, високообразовните установи можат да воспостават форми на континуирано образование. Тие изведуваат обука преку курсеви со

**Капацитети за доживотно учење во високото образование:**

- Бирото за развој на образованието во соработка со Филозофскиот, Природно-математичкиот и други педагошки факултети, организира континуирано оспособување на наставници од основното и средното образование.
- Посебни организациони единици за соработка со стопанството, јавниот сектор и невладините организации има Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје при: Технолошко-металуршкиот факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна, Електротехничкиот факултет, Машинскиот факултет, Економскиот факултет, Правниот факултет „Јустинијан Први" и Рударско-геолошкиот факултет - Штип.
- Платформите за е-образование ги поврзуваат Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола и Државниот универзитет - Тетово.

кратко траење за лица за кои работното место бара стекнување нови знаења (особено поврзани со процесот на евро-интеграција), освежување на знаењата или за невработени лица кои ценат дека одредени знаења и вештини би им помогнале да се вработат. Имајќи предвид дека изградбата на општество базирано на знаења бара сѐ поспецифични и пософистицирани знаења, високообразовните установи треба да ја зголемат својата отвореност кон потребите за образование и обука на различни структури од општеството и да развиваат капацитети за брз одговор на изразените потреби.

Високообразовните установи треба да работат на: зголемување на можностите за пристап до облиците на доживотно учење на лица што немале можност да студираат на помлада возраст; зголемена улога во обезбедувањето континуирано образование на лица вработени во стопанството, јавниот сектор и невладините организации; користење на е-образованието како облик погоден за континуирано образование, достапен многу пошироко од класичниот начин на високо образование; образование на сопствените академски кадри за работа со возрасни и лица со работно искуство.

Поради нераскинливата врска помеѓу Болоњскиот процес и Копенхагенскиот процес за зајакната соработка во областа на стручното образование и обука (2002), во тек се активности за воспоставување синергија на процесите во обата домени, а кои се однесуваат на: транспарентност на квалификациите (ЕУРОПАСС), системи за трансфер на кредити, обезбедување квалитет и европска рамка на квалификации за доживотно учење.

## Мерки:

- *усогласување на националната рамка за национални квалификации од областа на високото образование, со националната рамка на квалификации за стручното образование (чија подготовка е во тек) и со Европската рамка на квалификации за доживотно учење (треба да се усвои до крајот на 2006 година);*
- *креирање можности за флексибилно учење во високото образование, вклучувајќи и процедури за признавање на претходното учење: неформално, информално и др.;*
- *користење на е-образование за реализација на курсеви за доживотно учење;*
- *универзитетите да преземаат мерки за образование на своите академски кадри за образовни методологии за образование на возрасни и лица со работно искуство;*
- *национални усогласувања согласно развојот на ЕУРОПАСС и другите активности за синергија со развојот на стручното образование.*

# 5. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА

Уставот на Република Македонија ја регулира автономијата на универзитетите и на високообразовните институции. Министерството за образование и наука е одговорно за високото образование (планирање, организација, финансирање, развој на мрежата на институции и на академски и административен кадар, верификација на професии и профили, акредитација, признавање на дипломи, други општи прашања).

Законот за високо образование во Република Македонија (усвоен од Собранието на 25-ти јули 2000, „Службен весник на РМ“ бр. 64/2000) и Законот за измени и дополнувања на Законот за високо образование (усвоен од Собранието на 16-ти јули 2003, („Службен весник на РМ“ бр. 49/2003) ја сочинуваат законската рамка за високото образование. Законите ги регулираат следните области:

- законскиот статус и автономијата на универзитетите во согласност со Уставот;
- основањето на јавни и приватни високообразовни институции и неопходните услови за нивна регистрација;
- воведувањето на систем за обезбедување квалитет (евалвација и акредитација на високообразовните институции);
- формирање и престанок со работа на високообразовните институции;
- организационите единици во високообразовните институции и видовите соработка меѓу нив;
- телата на високообразовните институции и нивните одговорности;
- развојот, финансирањето и сопственоста на високообразовните институции;
- високообразовните активности;
- научно-истражувачките, наставните и соработничките звања;
- студентите;
- признавањето на дипломите;
- супервизијата на активностите на високообразовните институции.

Комплексноста на Болоњскиот процес бара континуирано осовременување на законската рамка со цел развој на задолжителен регулативен контекст за реформи во високото образование. Неопходно е осовременување на Законот за високо образование, на подзакоските акти и на другите правни инструменти од областа на високото образование, како и на легислативата од областите поврзани со развојот на високото образование (на пр., финанси-

ските закони, законите од областа на трудот и социјалната заштита, законите за заштита на интелектуалната сопственост, законите за мобилност и движење на граѓаните итн.). Република Македонија го третира високото образование како јавно добро и јавна одговорност. Владата ја презема јавната одговорност за рамката на високото образование, вклучувајќи ги:

- структурата на дипломите/звањата;
- институционалната рамка;
- националната рамка за обезбедување квалитет;
- обезбедувањето авторитативни информации за националната рамка на високото образование.

## Мерки:

*Во наредниот период треба да се изработат или ревидираат:*

- *Законот за високо образование*
- *Правилник за нормативи и стандарди за вршење на високообразовна дејност*
- *Правилник за засновување и вршење на работен однос во високото образование*
- *Правилник за обезбедување на квалитет во високото образование*
- *Правилник за работа на Одборот за акредитација*
- *Правилник за работа на Агенцијата за евалвација*
- *Правилник за студиски програми за заеднички степени (joint degrees)*
- *Правилник за регулирани професии*
- *Национална рамка на квалификации усогласена со Overarching Qualification Framework for the European Higher Education Area*
- *Правилник за меѓуквалификации*
- *Правилник за примена на европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (ЕКТС)*
- *Правилник за додаток на дипломата*
- *Правилник за меѓународна соработка*
- *Правилник за признавање на квалификации и периоди на престој*
- *Правилник за признавање на претходното учење*
- *Правилник за мобилност на студентите (домашни и странски)*
- *Правилник за чување и користење на евиденциите што содржат лични податоци*
- *Правилник за финансирање и распределба на средствата во високообразовните институции.*

Во подготовката на предлозите за измени и дополнувања на Законот за високо образование и другите акти што го регулираат високото образование, а кои ќе имаат за цел прилагодување на правната регулатива за реформите предвидени со Болоњскиот процес, активно ќе учествуваат и соодветните тела (Советот за развој и финансирање на високото образование, Интеруниверзитетската конференција, Одборот за акредитација, Агенцијата за евалвација и др.). Документите, усогласени со соодветните тела, Министерството за образование и наука ќе ги доставува до телата и институциите надлежни за нивно усвојување.

На крајот на 2006 година Република Македонија ќе започне активности за формирање на Национална агенција за имплементација на Интегрираната програма за доживотно учење на Европската заедница. Се очекува деталите за отворање на Програмата да бидат усогласени во текот на 2007 година и истата година да се потпише меморандумот на разбирање. Во истиот период ќе се одвиваат подготовките за потпишување на меморандум за разбирање за учество на Република Македонија во ВИИ-та рамковна програма на Европската заедница за соработка од областа на истражувањето и развојот.

Министерството за образование и наука ќе поддржува потпишување на договори за билатерална соработка во областа на високото образование и научно-истражувачка работа со земјите потписнички на Болоњската декларација на национално, институционално, организациско и индивидуално ниво.

# 6. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЕФИКАСНОСТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 6.1. Зајакнување на менаџментот и административната поддршка

**Состојба:** Имплементацијата на препораките и принципите на Болоњскиот процес во голема мера го актуелизира прашањето на менаџментот во високото образование. Овој процес придонесе јасно да се манифестираат слабостите и предностите во менаџментот во секторот на високото образование.

Менаџментот во јавниот високообразовен сектор го карактеризираат: гломазна и неефикасна администрација, сложени процедури за остварување на тековните и развојните активности, недоволно јасно дефинирани надлежности, губење на одговорноста во лавиринтот на бирократските процедури, бавност во одлучувањето и отсуство на јасна контрола.

Традиционално наследениот изразен субјективитет на членките во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и Универзитетот „Св. Кли-

мент Охридски" - Битола (универзитети со структура и организација што не одговара на поимот за интегриран универзитет), предизвикува дополнителни потешкотии и го комплицира функционалното и интегралното менаџирање на овие универзитети. Извештаите од евалвацијата на двата универзитети што ги изврши Европската асоцијација на универзитетите ја идентификуваа нивната постојна структура и организација како главна пречка за напредок на институциите и имплементација на обврските од Болоњскиот процес.

Стратешкиот менаџмент и планирањето на институционалниот развој треба да бидат клучни во идните реформи. Бидејќи во моментов не се во фокусот на реформите, неопходна ќе биде интензивна обука на менаџерските структури при универзитетите/факултетите/институтите. Недостатокот на соодветни знаења и вештини е веќе идентификуван од различни меѓународни партнери (Светската банка, Европската комисија, УНЕСКО-ЦЕПЕС итн.).

За разлика од јавниот сектор, приватните високообразовни институции се карактеризираат со пофункционална управувачка и менаџерска структура, јасно дефинирани надлежности и фаворизирање на ефикасноста како основен критериум во управувањето со активностите.

Генерална констатација која важи за сите високообразовни институции е: транформациите се имплементираат подобро и побргу во институции со добар менаџмент.

## *Информационен систем за менаџмент во високото образование*

Комплексноста на системот за високо образование и неопходноста за ефикасност и ефективност во реализацијата на активностите, вклучувајќи го и менеџментот на финансиските средства, налагаат развој на информационен систем за менаџмент во високото образование. Системот треба да ги користи предностите што ги овозможуваат современите информационо-комуникациони технологии и по пат на поврзување на различни извори на информации (универзитетите и нивните членки, други високообразовни установи, Министерството за образование и наука, Државниот завод за статистика и др.) да овозможи ажурност на базите на податоци, меѓународно поврзување и размена на информации и постојана можност за нивно користење. Информациониот систем треба да им овозможи на сите субјекти во системот на високото образование транспарентни податоци и информации неопходни за процесите на планирање, управување и менаџмент на различни нивоа и за различни потреби.

**Мерки:**

- *воспоставување законска основа за воспоставување на функционално интегриран универзитет;*
- *интензивирање на процесите за функционално интегрирање на јавните универзитети „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и „Св. Климент Охридски“ - Битола;*
- *универзитетите и Министерството за образование и наука треба да развијат програми за континуирана обука на менаџерските структури;*
- *воспоставување механизми за ефикасен универзитетски менаџмент;*
- *развој на информационен систем за менаџмент во високото образование.*

## 6.2. Автономија на универзитетите

Сите универзитети потписници на Magna Charta Univerzitatum (Болоња, 1988) се обврзани да ја задржат својата автономија[18]. Потпишан од 454 ректори на европски универзитети, овој документ ги зацртува насоките на регулирање на универзитетската автономија. Овде за прв пат се воведува моделот на „владина супервизија„. Со овој модел, универзитетите остваруваат значајно висок степен на самостојност од надворешни влијанија, како и одговорност независно да решаваат за:

- внатрешната структура;

[18] Во речникот на Болоњскиот процес (http://www.bologna-bergen2005.no/EN/Glossary/Glos1.HTM) се користат следните термини:
Институционална автономија - Автономните високообразовни институции обично имаат право да одлучуваат за нивната организациона и административна структура, да одлучуваат за нивните приоритети, да управуваат со својот буџет, да избираат наставници и друг универзитетски кадар, да запишуваат студенти и да одлучуваат за содржините и облиците на образование и истражувачка работа што ќе ги применуваат. Степенот на автономија се дефинира во националната легислатива.
Академска слобода - Академската слобода за институцијата е централен елемент на институционалната автономија „за одлучување за содржините и формите на образованието и истражувачката работа„ или согласно Magna Charta Univerzitatum: „истражувањето и образованието мора да бидат морално и интелектуално независни од сите политички власти и од економските сили„. Академската слобода за академските кадри подразбира слобода за избор на предметите, насоките и методите на истражувањата и слобода во изборот на содржините и методите на наставата сè додека оваа слобода не е во контрадикторност со легислативата, или не ги повредува правата на другите лица, или правата на институцијата, или согласно Magna Charta Univerzitatum: „Слободата на истражувањето и образованието е фундаментален принцип на универзитетскиот живот и властите и универзитетите - секој во својот домен - мора да обезбедат почитување на ова фундаментално барање“.

- наставните методи и условите за нивна имплементација;
- изборот на наставници и друг универзитетски кадар;
- распределбата на нивниот буџет;
- долгорочните и среднорочните стратегии и инвестирање во развојот;
- меѓународната соработка.

Ваквата позиција им овозможува на универзитетите во Република Македонија да преземат мерки за гарантирање на квалитетот на академскиот кадар, образовните процеси и слободата за развивање на студиски програми. Високиот степен на автономија им овозможува на универзитетите да вршат промени во внатрешната структура, во договор со одговорните тела, а во исто време да се заштитени од надворешно влијание, предлози или наметнати решенија.

» Универзитетите, факултетите, високите стручни школи и научните установи ја вршат својата дејност врз принципите на универзитетската автономија.
» Автономијата на универзитетите е правно заштитена пред судовите и пред надлежните државни органи.
» Автономијата им овозможува на универзитетите академска слобода, автономија во организирањето, управувањето и распределбата на финансиските средства.
» Автономијата ја гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница, образовниот и истражувачкиот процес.
» Универзитетската автономија подразбира отчетност и одговорност во рамките на универзитетите и пред надлежните државни органи.

Автономијата, исто така, значи одговорност. Универзитетите се одговорни за своите активности пред надлежните тела и треба да ја докажат својата ефективност, квалитет и дисциплина во користењето на привилегиите што произлегуваат од автономниот статус.

## Мерки:

- *Јасно и прецизно дефинирање на универзитетската автономија.*
- *Одржување на автономијата на Универзитетите.*
- *Градење механизми за отчетност (вклучувајќи ја и финансиската отчетност) пред основачот и пред поширокатa општествена заедница.*
- *Градење на механизми и инструменти за доследно извршување на обврските и бенефициите што произлегуваат од универзитетската автономија.*
- *Градење на механизми за заштита од политички влијанија, водејќи грижа за одговорноста на основачот, кон дефинирање на јавниот интерес и заштита на корисниците.*

## 6.3 Финансирање на високото образование

**Сегашна состојба:** Издвојувањата на средства од националниот буџет наменети за високото образование се во благ пораст во периодот 2001-2005 година (процентот на буџетските средства наменети за високото образование се зголеми од 1,55 до 1,82% од вкупниот национален буџет). По категории, средствата од националниот буџет се распределуваат на следниот начин:

*Процентуална распределба на националниот буџет за високо образование по категории:*

| Година | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Буџетска категорија** | % | % | % | % | % | % | % | % |
| Капитално одржување/ поправки | 4.38 | 2.04 | 2.83 | 2.49 | 0.04 | 0.00 | 1.34 | 0.54 |
| Опрема, образовни материјали | 0.36 | 0.41 | 0.40 | 0.44 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Помошни средства (Utilities) | 12.27 | 10.63 | 10.54 | 10.25 | 9.86 | 8.97 | 8.97 | 9.14 |
| Плати и додатоци | 82.99 | 86.92 | 86.22 | 86.81 | 90.10 | 91.03 | 89.70 | 90.32 |
| **Вкупно** | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

*Извор: Министерство за образование и наука.*

Во периодот 2001-2004 год. Министерството за образование и наука направи напори за балансирање на трошоците по студент според студиските подрачја.

Најголем процент од средствата од националниот буџет наменети за научно-истражувачка дејност се насочуваат кон високообразовните установи преку финансирање на проекти. Користењето на овие средства овозможува афирмирање на научно-истражувачката дејност во институциите за високо образование.

Покрај буџетските средства, високообразовните установи стекнуваат средства и од други извори: кофинансирање на трошоците за студирање; вршење на образовни услуги на правни и физички домашни и странски лица; продавање на научни и стручни услуги и производи на правни и физички домашни и странски лица; камати и дивиденди; приходи по основа на авторски права во сопственост на високообразовната установа; легати, подароци, завештанија, прилози и други извори.

**Распределба на вкупниот буџет на државните универзитети во периодот 1998-2005 година**




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Буџетски средства | 1.226.742.000 | 1.236.742.000 | 1.182.510.000 | 1.113.497.000 | 1.108.563.000 | 1.159.204.000 | 1.214.238.000 |
| Сопствени средства | 952.879.000 | 1.000.522.950 | 1.050.549.000 | 988.751.397 | 1.167.561.000 | 1.688.210.000 | 1.611.366.000 |
| Година | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |

Важна улога во реформските процеси му е доделена на **Советот за развој и финансирање на високото образование,** чие основање беше овозможено со Законот за измени и дополнувања на Законот за високо образование. Советот е формиран во 2003 год. со Одлука на Владата на Република Македонија. Советот усвои Регулативи за мерки и критериуми за финансирање на високообразовните институции според принципот „блок трансфер“, при што ќе се земат предвид:

- бројот на акредитираните студиски програми;
- бројот на студентите според јавниот интерес признаен од државата;
- студиските програми кои се сметаат за дефицитарни од Владата и пазарот на трудот;
- меѓународната применливост;
- времетраењето на студиите;
- проодноста кон повисоките студиски години.

Со цел да стекнуваат дополнителни средства за развој и финансирање на дејноста, високообразовните установи треба да градат капацитети и да ја развиваат компонентата за претприемачка култура (entrepreneurial university).

Во рамките на напорите за подобрување на условите за студирање и живеење на студентите, Министерството за образование и наука и Советот за развој и финансирање на високото образование ќе ги преземат следните:

**Мерки:**

- *зголемување на буџетот за високо образование на 1% од БДП до 2010 година;*
- *изготвување на програма за инвестирање која има за цел зголемување на просторните капацитети на високообразовните институции и студентските домови;*
- *доследно почитување на заедничкиот ценовник на административни услуги за студентите;*
- *воспоставување на грантови за поддршка на студенти на „неатрактивните“ студиски програми и факултети;*
- *развој на претприемничка култура на универзитетите.*

## *Кофинансирање и финансирање на студентите*

Определба на Министерството за образование и наука и универзитетите во Република Македонија е:

- *високообразовните установи го дефинираат бројот на студентите согласно решението за акредитација, донесено од Одборот за акредитација;*
- *јавните универзитети го предлагаат бројот на студентите за упис и дополнителните квоти предвидени со закон, а конечна согласност за бројот на студентите што можат да се запишат дава Владата на Република Македонија;*
- *да се укине кофинансирањето за студентите кои припаѓаат на квотата финансирана од државата, за кои Владата на Република Македонија ќе утврди јавен интерес;*
- *нивото на кофинансирање на студентите кои припаѓаат на квотата финансирана од државата го определува Владата на Република Македонија во соработка со универзитетите, а врз основа на утврдениот јавен интерес;*
- *јавен универзитет може да воведе и кофинансирање на трошоците за студирање за студентите кои се запишани надвор од квотата што се финансира од државата, а во рамките на бројот на студентите што им е одобрен со решението за акредитација донесено од Одборот за акредитација, но во износ не поголем од 1:1 споредено со студентите од квотата финансирана од државата. Висината на кофинансирањето ја предлага универзитетот, а согласност дава Владата на Република Македонија.*

# АНЕКС:

## Приоритети

Во наредниот период, во согласност со својата јавна одговорност, *Министерството за образование и наука, Владата на Република Македонија, универзитетите и другите високообразовни установи во земјата - секој во рамките на сопствените надлежности и одговорности - ќе работат на создавање услови за непречено имплементирање на принципите и препораките од Болоњскиот процес* во високото образование во Република Македонија - при што главниот акцент треба да се стави на КВАЛИТЕТОТ - преку реализација на следните цели:

- универзитетите и самостојните високообразовни установи треба да ги усогласат своите стратегии со националната стратегија;
- Законот за високо образование треба да се ревидира во духот на Болоњскиот процес;
- критериумите за акредитација и финансирање на високото образование треба да кореспондираат со целите што треба да се остварат;
- Министерството за образование и наука треба да ги мобилизира и другите владини структури во поддршка на трансформациските процеси во високото образование;
- Министерството за образование и наука, во соработка со универзитетите, да изготви национална рамка на квалификации, усогласена со сеопфатната рамка на квалификации за европскиот простор на високото образование и со европската рамка за квалификации за доживотно учење;
- Министерството за образование и наука и универзитетите треба итно да организираат обука за менаџерските структури на универзитетите за препораките на Болоњскиот процес;
- заокружување на реформирањето на студиските програми (двоциклусни) врз основа на Болоња имајќи ја предвид потребата за пофлексибилни студии во првиот степен;
- Интеруниверзитетската конференција, во соработка со Министерството за образование и наука, најитно да ја усогласи содржината на додатокот на дипломата, а универзитетите да започнат да го издаваат овој документ од учебната 2006/07 година;
- Интеруниверзитетската конференција, во соработка со Министерството за образование и наука, да пристапи кон дефинирање на правилата за внатрешна мобилност на студентите, врз основа на Болоњските принципи;

- пристапување кон концентрација на студиските програми кај факултетите кај кои долго време не се врши упис на студенти;
- универзитетите треба да ја зајакнат информативната кампања околу европскиот простор на високо образование (во самите универзитети и надвор од нив);
- универзитетите треба да дистрибуираат прирачник со јасни упатства за трансформациските процеси до сите единици во нивниот состав;
- Министерството за образование и наука и универзитетите треба да работат заедно на развојот на механизми и инструменти за национална и меѓународна соработка;
- универзитетите треба да дизајнираат механизми и инструменти за забрзување на процесите на иновирање на студиските програми;
- меѓународните организации, институции и агенции и невладиниот сектор (во соработка со Министерството и универзитетите) треба да играат поголема улога во поддржување на овие процеси на следните начини:
  - » финансиска и експертска помош во обуката на универзитетскиот кадар;
  - » популаризација на Болоњскиот процес меѓу студентите;
  - » создавање на студентски информативни служби;
  - » зајакнување на меѓународната соработка меѓу студентите со вклучување на можностите што ги даваат програмите Темпус, ЦЕЕПУС, Интегрираната програма за доживотно учење на Европската комисија (по 2007 година) и другите форми за билатерална и мултилатерална соработка;
  - » трансфер на позитивни меѓународни искуства во имплементацијата на Болоњскиот процес;
  - » зајакнување на облиците на доживотно учење;
  - » поддршка на обуката за примена на информационите технологии на универзитетите;
  - » поддршка за научно-истражувачките активности;
  - » поддршка на обуката на наставниот кадар за подобрување на квалитетот на студиите;
  - » поддршка на проекти кои придонесуваат за имплементација на Болоњскиот процес.

# БИБЛИОГРАФИЈА:


- Ministry od Education and Science of the Republic of Macedonia and the European Training Foundation: "Proposal for a Strategy for Adult Education in the Republic of Macedonia in the Context of Lifeling Learning (2006-2015)", Скопје 2006.
- Communiquè of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education: The European Higher Education Area-Achieving the Goals, Bergen, May 2005.
- Reichert, S. and Tauch, Ch.: Trends IV: European Universities Implementing Bologna - 2005;
- Bologna Follow-up Group: Bologna Process Stocktaking – 2005.
- Ministry of Science Technology and Innovation of Denmark: A Framework for Qualifications of The European Higher Education Area, February 2005.
- European Association for Quality Assurance in Higher Education: Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area, February 2005.
- Собрание на Република Македонија: „Национална стратегија за развој на информатичко општество и акционен план„, Скопје, 2005.
- ЕУА програма за институционална евалвација „Институционална евалвација на Универзитетот 'Св. Кирил и Методиј' во Скопје", Извештај на Експертскиот тим на ЕУА, октомври 2003 - март 2004.
- The World Bank "Tertiary Education and Innovation Systems in Armenia", Draft version, June, 2004.
- Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, „Стратегија 2003 - 2010", Скопје, мај 2004.
- Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, „Програма на институционален развој на Универзитетот 'Св. Климент Охридски' - Битола (2003-2007), Битола, февруари 2004.
- Европска фондација за обука „Поранешна Југословенска Република Македонија 2001 Извештај на Националната опсерваторија, Европска фондација за обука, Торино, 2001.
- Виолета Чепујноска, Бернд Баумгартл, Божин Доневски и Јохен Фрид, „Обезбедување квалитет во високото образование: Од анализа кон подобрување - Упатства за Македонија во контекст на тековната практитка во Европа", Скопје, мај 2004;
- Закон за основање на Државен универзитет во Тетово, („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2004).

- http://www.see-university.com/english/index.asp
- Communique of the Conference of Ministers responsible for Higher Education, Berlin, 19 September 2003.
- Извештај бр. 26681-МК на Светската банка, „ПЈР Македонија Национален економски меморандум за намалување на невработеноста“, септември 2003.
- Darvas Peter, the World Bank “Tertiary Education Policy Report”, 2003 (необјавен)
- Национална политика во високото образование во Република Македонија, Извештај изготвен за регионалниот проект на УНЕСКО-ЦЕПЕС „Регионална универзитетска мрежа за управување и менаџмент на високото образование во ЈИЕ“, 2003.
- „Realising the European Higher Education Area” – Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education, Berlin, 19 September 2003, http://www.bologna-berlin2003.de.
- Закон за измени и дополнувања на Законот за високо образование, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 49, јули 2003.
- Regional University Network on Governance and Management of Higher Education in South East Europe: “Joint workshops on governance and management of higher education in South East Europe - from words to action – conclusions and recommendations”, UNESCO-CEPES, Bucharest, July 2003, http://www.un.ro/unesco_cepes.html
- Норми и стандарди за основање на високообразовни институции, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 33, мај 2003.
- UNESCO-CEPES / European University Association (EUA) Conference on The External Dimension of the Bologna Process: South-East European Higher Education and the European Higher Education Area in a Global World, Bucharest, Romania, 6 - 8 March 2003, http://www.un.ro/unesco_cepes.html
- Преглед на тековната состојба на имплементацијата на Болоњскиот процес во земјата, Министерство за образование и наука - Национална група за следење на Болоња, април 2003.
- Статистички податоци обезбедени од Државниот завод за статистика.
- Извори од Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕУ) во Тетово, 2002;
- Годишни извештаи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот на Југоисточна Европа -Тетово.
- Закон за високо образование, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 64, август 2000.

# ПРОГРАМА
# ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ
# НА УЧИЛИШНИОТ КАДАР >>>>




Работна група:

Лирие Реџепи, координатор
д-р Киро Камберски
м-р Весна Јаневски
Кирил Ристевски
Назиктере Сулејмани
м-р Коста Гочев

# ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИОТ КАДАР

## Вовед

Република Македонија, како и останатите земји во светот, е зафатена со вителот на процесите на глобализација и агресивниот од на технолошката, т.е. информатичката револуција кои го детерминираат секој сегмент од општеството. Ваквата појава е особено изразена во образовната сфера. Со оглед на големото влијание на образованието во развојот на личноста и неговото фундаментално и стратегиско значење за државата, повеќе од неопходно е ова прашање да заземе соодветно место во севкупните настојувања за агенсирање и оптимализирање на општествениот, економскиот и културниот развој во иднина.

Потребата од задоволување на стандардите за компатибилност, современост и ефикасност на образовната практика го актуелизира прашањето за научно осмислен и глобален приод во таа сфера. Подигањето на квалитетот на работата, особено квалитетот на наставниот процес и вкупната ефективност на воспитно- образовната институција, императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја. Поради тоа, сите училишни кадри се наоѓаат во центарот на општествените настојувања за подобрување на квалитетот на образовната работа и подигање на ефикасноста на воспитно-образовната институција. Притоа барањата кои произлегуваат од местото и улогата на овие кадри на преден план ја истакнуваат нивната квалификуваност, т.е. оспособеност за почитување, познавање и аплицирање на современите сознанија од сферата на воспитно-образовната теорија и практика.

Со оглед на фактот дека формалното сертификатно образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, како и со оглед на брзото застарување на сознанијата (стекнати за време на формалното школување) очигледна е потребата од нова архитектура на системот за иницијална обука и системот за професионалното усовршување на училишните кадри. Во таа смисла, се очекува квалитетот и успешноста на нивната работа сè помал-

ку да претставува еманација на нивната сертификатна квалификација, а сè повеќе да биде продукт на нивната вистинска оспособеност, т.е. квалификуваност и подготвеност за перманентна образовна мобилност.

Во анализата што следува, главно, ќе се задржиме на анализа на состојбата и трендовите со училишниот кадар во редовното основно и средно образование, прашањата и проблемите поврзани со иницијалното и со континуираното образование, како и на потребата од воспоставување стимулативен систем за кариерен развој, како битна претпоставка за успешно остварување на сопствената улога и функција.

# 1. СОСТОЈБИ И ТРЕНДОВИ

## 1.1. Наставен кадар во основното и во средното образование

Статистичките податоци за движењето на бројот на наставниците во основното и во средното образование во последната декада покажуваат релативна стабилност во однос на вкупниот број вработени, со мали, незначителни осцилации. Така, бројот на вработените наставници во **основното образование,** речиси, е ист во учебната 2004/05 година (13 654) со бројот на вработените наставници во учебната 1994/95 година (13 693). Притоа, бројот на учениците на еден наставник од 19 е намален на 17, што може да се доведе во врска со постојаното намалување на бројот на учениците вклучени во основното образование. Ваквиот тренд се очекува да продолжи и во наредниот период.

Речиси слична е состојбата и во **средното образование**, со таа разлика што бројот на учениците опфатени во него покажува тенденција на постепено зголемување од година во година.

*Ученици и наставници во основното и во средното образование / 1999/00 - 2002/03 година*

| Год. | Основно образование | | | Средно образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | Наставници | Соодност | Ученици | Наставници | Соодност |
| 1999/00 | 252212 | 13782 | 18,3 | 89775 | 5557 | 16,2 |
| 2000/01 | 246490 | 13329 | 18,5 | 90990 | 5467 | 16,6 |
| 2001/02 | 242707 | 13508 | 18,0 | 92068 | 5550 | 16,6 |
| 2002/03 | 235516 | 13678 | 17,2 | 93526 | 5749 | 16,3 |

Во **основното образование**, според професионалниот статус, работат *одделенски* ( I-IVодд. ) *и предметни* (V-VIII одд.) наставници. Во учебната 2004/05 година од вкупниот број наставници одделенска настава изведувале 37%, а предметна 54%. Само 9% од наставниците биле вклучени во воспитно-образовна работа со деца во дневен престој, во забавишта и во ученички домови.

*Ученици според јазикот на кој се изведува наставата 2004-2005 год.*

| Наставен јазик | Ученици | | Паралелки | | Ученици | | Паралелки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| | 2003/04 | | | | 2004/05 | | | |
| македонски | 149413 | 64,36 | 6551 | 65,90 | 145150 | 64,08 | 4480 | 65,63 |
| албански | 76346 | 32,89 | 3084 | 31,03 | 75146 | 33,18 | 3087 | 31,26 |
| турски | 5922 | 2,55 | 269 | 2,71 | 5135 | 2,54 | 273 | 2,76 |
| српски | 462 | 0,20, | 36 | 0,36 | 462 | 0,20 | 34 | 0,34 |
| ВКУПНО: | 232143 | 100,00 | 9940 | 100,00 | 226493 | 100,00 | 9874 | 100,00 |

*Наставници во основното образование (учебна 2004/05 година)*

| Стручна подготовка | Статус | | | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделенска настава | | Предметна настава | | Дневен престој. Воспитувач - интернат | | | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Магистер | 5 | 0,10 | 28 | 0,38 | 4 | 0,32 | 37 | 0,27 |
| Висока | 1460 | 28,97 | 2749 | 37,30 | 522 | 41,89 | 4731 | 34,65 |
| Виша | 3191 | 63,33 | 4219 | 57,26 | 679 | 54,50 | 8089 | 59,24 |
| Средна | 383 | 7,60 | 373 | 5,06 | 41 | 3,29 | 797 | 5,84 |
| ВКУПНО | 5039 | 100,00 | 7369 | 100,00 | 1246 | 100,00 | 13654 | 100,00 |

Од прегледов може да се констатира, сè уште, високиот процент на наставници кои работат во основното образование, а се со виша стручна подготовка, дури 60%, односно 64% во одделенска настава, и покрај тоа што пред 10 години е воведена обврска за високо образование на сите наставници. Сепак, во однос на учебната 1995/96 година кога процентот на наставници со вишо образование изнесувал 71,6 (одделенска настава 75%), има значајно подобрување на квалификационата структура.

Што се однесува до **половата структура** на наставниците во основното и во средното образование, карактеристична е тенденцијата на зголемување на женскиот пол. Така, на пример, во 1991 година учеството на жените во вкупниот број наставници во **основното образование** изнесувало 51,8%, во 1997 година - 55%, а во учебната 2002/03 година - 57,56%. Слична тенденција бележи и **средното образование** каде што процентот на учество на жените во вкупниот број наставници од 51,48% во учебната 1990/91 година е зголемен на 55,11% во учебната 2002/03 година.

Податоците за ангажираноста на наставниците со настава (неделен фонд на часови, предмети и сл.) укажуваат на следните карактеристики:

**Основно образование:**

- 83,3% од наставниците се ангажирани со 18-24 часа неделно;
- 78,5% од наставниците ја водат наставата по еден предмет, 18% по два предмети, и 3,7% по три и повеќе предмети;
- 91% од наставниците работат во едно училиште, 8% во две, и само 1% во три и повеќе училишта.

**Средно образование:**

- 20% од наставниците имаат неделен фонд до 18 часа, 71,5% од 18-24 , и 8,5% над 24 часа неделно;
- 74,6% од наставниците изведуваат настава по еден предмет, 11,8% по два предмети, и 13,6% по три и повеќе предмети;
- 89,4% од наставниците работат во едно училиште, 9,2% во две, и 1,4% во три и повеќе училишта.

Според **националната припадност** на наставниците, во редовното основно и средно образование карактеристична е тенденцијата на постојано зголемување на бројот на наставниците од албанската националност, посебно во основното, но, исто така, и во средното образование. Тоа може да се види од следните податоци:

*Наставници во средното образование според националната припадност*

| Национална припадност | 1995/96 | 2002/03 |
|---|---|---|
| | | |
| Македонци | 84,0% | 79,6% |
| Албанци | 10,4% | 16,7% |
| Други | 5,6% | 3,7% |

Од вкупниот број наставници Албанци, 9% изведуваат настава во училиштата со македонски наставен јазик.

Од анализата на состојбата со наставен кадар во средното образование во Република Македонија, глобално гледано, може да се констатира дека во поглед на формалното образование на наставниците (согласно Законот) е постигнат релативно успешен кадровски развој, освен кај делот наставници кои изведуваат практична настава, на кој треба да се посвети посериозно внимание со оглед на посебното значење што практичната компонента ја има во стручното образование.

## 1.2. Стручни соработници

Во основното и во средното образование како училиштен кадар се вклучени и стручни соработници чија работа е функционално врзана со остварувањето и унапредувањето на воспитно-образовната дејност на училиштето. Според актуелните закони за основно и за средно образование, стручни соработници се: педагог, психолог, социолог, дефектолог и библиотекар (и лаборант во средното образование).

Во **основното образование** во учебната 2001/02 година бројот на стручните соработници изнесувал 604. Споредено со бројот на учениците произлегува сооднос од 402 ученици на еден стручен соработник. Од стручните соработници, 70% припаѓаат на женскиот пол, а според нивото на образованието - подготовката, со високо образование се 81,3%, со вишо 15,1% и со средно 3,6%.

Истата учебна година во **средното образование** работеле 215 стручни соработници (1 стручен соработник на 428 ученици), од кои 84,6% со високо образование, 7,4% со вишо и 8% со средно.

Споредено со учебната 1995/96 година бројот на стручните соработници во основното образование е зголемен за 44% ( од 420 на 604), а во средното дури за 159% (од 83 на 215), што може да се оцени како мошне значајна тенденција, со оглед на нивната улога и функција во остварувањето и унапредувањето на воспитно-образовната и севкупната дејност на училиштето.

*Вработен кадар во основните училишта 2004-2005 год .*

| ВРАБОТЕН КАДАР | М-р | ВСС | ВШС | ССС | ВКВ | КВ | ПКВ | НСС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раководни работници | 7 | 169 | 236 | 1 | | | | | 413 |
| Стручни соработници | 7 | 494 | 139 | 28 | | | | | 668 |
| Воспитно-образовен кадар | 37 | 4731 | 8089 | 797 | | | | | 13654 |
| Административно-технички персонал | | 119 | 127 | 403 | 57 | 332 | 261 | 2065 | 3364 |

*Воспитно-образовен кадар по работно место и степен на образование во основните училишта 2004-2005 год.*

| ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН КАДАР | М-р | ВСС | ВСШ | ССС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| одделенска настава | 5 | 1460 | 3191 | 383 | 5039 |
| целодневна настава | 4 | 169 | 128 | 7 | 308 |
| дневен престој | | 38 | 40 | 6 | 84 |
| предметна настава | 28 | 2749 | 4219 | 373 | 7369 |
| воспитувач во забавиште | | 304 | 501 | 25 | 830 |
| воспитувач во интернат | | 11 | 10 | 3 | 24 |
| ВКУПНО: | 37 | 4731 | 8089 | 797 | 13654 |

*Преглед на бројот на вработените и степенот на образование во основните и средните училишта во учебната 2004-2005 год.*

| РАБОТА | М-р | ВСС | ВСШ | ССС | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|
| РАКОВОДНИ РАБОТНИЦИ | 10 | 185 | 239 | 1 | 435 |
| ДИРЕКТОР | 10 | 165 | 185 | 1 | 361 |
| ПОМОШНИК ДИРЕКТОР | | 18 | 45 | | 63 |
| СМЕНОВОДИТЕЛ | | 2 | 9 | | 11 |
| СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ | 7 | 506 | 141 | 28 | 682 |
| ПЕДАГОГ | 2 | 259 | | 1 | 262 |
| ПСИХОЛОГ | 4 | 133 | | | 137 |
| СОЦИОЛОГ | 1 | 18 | | | 19 |
| СОЦИЈАЛЕН РАБОТНИК | | 10 | 2 | | 12 |
| ДЕФЕКТОЛОГ | | 23 | 3 | 3 | 29 |
| БИБЛИОТЕКАР | | 63 | 136 | 24 | 233 |
| ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ РАБОТНИЦИ | 52 | 5 000 | 8 179 | 802 | 14 033 |
| ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА | 5 | 1 518 | 3 205 | 383 | 5 111 |
| ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА | 4 | 175 | 130 | 7 | 316 |
| ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ | | 42 | 43 | 6 | 91 |
| ПРЕДМЕТНА НАСТАВА | 43 | 2 982 | 4 288 | 378 | 7 637 |
| ВОСПИТУВАЧ ВО ЗАБАВИШТЕ | | 305 | 501 | 25 | 831 |
| ВОСПИТУВАЧ ВО ИНТЕРНАТ | | 32 | 12 | 3 | 47 |

# 2. ИНИЦИЈАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

## 2.1. Иницијално образование

***Наставници:*** Иницијалното образование како првична професионална подготовка на наставници во основното и во средното образование во Република Македонија се остварува со различен пристап, во зависност од тоа дали станува збор за одделенски или за предметни наставници по општообразовни, уметнички или стручни предмети или, пак, по практична настава.

Од учебната 1995/96 година иницијалното образование на сите наставници (освен за практична настава) е подигнато на факултетско ниво, во траење од 4 години. Во Република Македонија, одделенски наставници подготвуваат: Педагошкиот факултет во Скопје (со настава на македонски, албански и турски јазик), педагошките факултети во Штип и Битола, Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. На истите високообразовни установи се подготвуваат и предучилишни воспитувачи. Сите установи имаат иста или слична студиска програма. Студиските програми ги сочинуваат општообразовни предмети, општи и стручни педагошки предмети, психолошки предмети и методички предмети соодветни на наставниот план на одделенската настава. Предметни наставници за основното образование, пак, се подготвуваат на 6 факултети: Филозофскиот, Филолошкиот, Природно-математичкиот, Факултетот за физичка култура, Факултетот за ликовни уметности и Факултетот за музички уметности, како и на Универзитетот на ЈИЕ во Тетово.

Сложеноста на **средното образование**, која произлегува, пред сѐ, од неговата организациска и програмска структура, го прави мошне комплексно прашањето за наставниот кадар.

Во средното образование постојат три категории наставници:

1. Наставници кои непосредно се оспособуваат за вршење на наставничката дејност во текот на факултетските студии.
2. Наставници кои завршиле друг, ненаставнички факултет и со дополнително образование (главно: педагогија, психологија, методика) се здобиваат со право да изведуваат настава во стручните училишта по соодветни стручни предмети.
3. Наставници за изведување практична настава (инструктори). Оваа категорија, образовно гледано, и покрај одредени законски барања, практично е најнедефинирана.

Иницијалното образование, имајќи ја предвид сегашната поставеност, посебно внимание заслужува од гледиштето на неговата програмско-дидактичка физиономија.

Наставничката дејност (нејзината компетентност), како што е познато, се темели врз две основни компоненти: (1) стручно-научна и (2) педагошка, што значи дека за успешно извршување на наставничката професија потребни се стручно-научни знаења од одредена област и педагошки знаења, способности и вештини (умеења). Општа тенденција во светот е меѓу овие две компоненти да се воспостави промислен баланс, иако во различни земји тој сооднос различно се решава. На пример во САД и Јапонија соодносот меѓу овие две компоненти изнесува 3:1, во Франција - 2:1, во Германија е приближно еднаков, а во Англија (во колеџите за наставници) 2:3. Кај нас (се имаат предвид предметните наставници) тој соодност е на мошне несоодветно ниво. Така, на факултетите кои репродуцираат најголем број предметни наставници за основното и за средното образование (Природно-математичкиот, Филолошкиот и Филозофскиот), педагошката компонента во вкупниот број на неделни часови е застапена со приближно 6-10% или соодност од ≈9:1. Ваквиот соодност јасно укажува дека наставниците во предметна настава имаат/ стекнуваат иницијално образование кое ни приближно не ги задоволува потребите на наставничката професија.

Слична е состојбата и со оспособувањето наставници за работа во средните стручни училишта, по стручните предмети. Кај нас е присутна практика како наставници да се ангажираат лица со завршено соодветно високо образование (економски, земјоделски, технички факултет и сл.), но без соодветна педагошка подготовка. Законската обврска да се здобијат со педагошко, психолошко и методичко образование, за да можат да работат како наставници, нема соодветно институционално решение. Таканаречената *педагошка доквалификација*, што за овој вид наставници се реализира на Филозофскиот факултет (Институт за педагогија) и на некои други факултети (Педагошки-Скопје), повеќе е формална отколку суштинска. Многу поважно е да се добие формален сертификат отколку професионални знаења, способности и вештини, неопходни за успешно вршење на функцијата наставник. Со ваквиот начин на професионално оспособување тешко може да се очекува заживување на воспитно-образовен процес кој бара мотивиран, иницијативен и креативен наставник.

Сериозно внимание заслужува и педагошката практика како значајна компонента на иницијалното образование. Последните десетина години во светот е присутна општа тенденција за нејзино постојано зголемување и проширување. Кај нас таа сѐ уште е недоволно осмислена и, главно, се реализира преку наставата на соодветните методики, што е сосема незадоволително. Неопходно е на практичната компонента во рамките на иницијалното

образование да се даде поголемо значење и тоа како во поглед на времетраењето, така и во поглед на содржината, задачите и начинот на нејзината реализација. Мошне важно е таа да биде методички осмислена, со почитување на основните педагошки принципи и на законитостите на воспитно-образовниот процес.

Меѓу актуелните проблеми кои заслужуваат внимание во рамките на иницијалното образование на наставниците за средното образование посебно ќе ги посочиме и следниве:

- прашањето на избор и селекција на кандидатите за вклучување во институциите на иницијалното образование (утврдување критериуми и механизми);
- оспособувањето наставници по еден, два или повеќе наставни предмети;
- програмската структура и карактерот на курикулумот;
- стандардите и начините на евалвација на иницијалното образование;
- приправничкиот стаж и менторството како продолжена практична обука на иницијалното образование и други.

Познато е дека недоволно осмислената професионална подготовка на наставниците на најдиректен начин имплицира сериозни проблеми во воспитно-образовната практика. Новите предизвици со кои се соочуваат воспитанието и образованието претпочитаат наставник професионално оспособен за творечко делување, кој ќе поттикнува, мотивира, ќе овозможува разновидни наставни, образовни и воспитни ситуации во кои ученикот ќе ја доживува сопствената себереализација. Во таа смисла посебно внимание заслужува потребата од концепциско и програмско дидактичко осмислување не само на иницијалното, туку и на континуираното образование.

## 2.2. Професионално усовршување

***Предучилишно образование:*** Базичната обука на наставниот кадар за предучилишно, основно и средно образование се остварува на четирите универзитети во Република Македонија.

Професионалното усовршување на наставниците во предучилишното, основното и средното образование се остварува на следните нивоа:

1. државно или регионално - најчесто преку подрачните единици на Бирото за развој на образованието, зависно од целта на усовршувањето или бројот на учесниците кои треба да бидат опфатени (за наставни планови и програми, одредени прашања од образовната технологија, проекти - како дидактички и програмски иновации);
2. училишта /образовни институции како стручни активи на групи нас-

тавници (одделенска настава, предметна настава, општообразовна, стручна група предмети) или училишни тимови (главно, во рамките на одделни проекти);
3. стручни средби, тркалезни маси, симпозиуми, најчесто за актуелни или „базични“ прашања од воспитно-образовниот процес каде учеството е поединечно или како училишни претставници;
4. педагошки и стручни списанија, весници, информатори со стручни материјали, методички прилози, согледувања каде учеството е индивидуално или на ниво на институција /училиште.

***Основно и средно образование:*** Според Законот за основно (член 76, став 2) и Законот за средно образование (член 79, став 2) континуираното (стручно и педагошко) усовршување на наставниците го остваруваат Бирото за развој на образованието, наставничките факултети и други специјализирани (јавни и приватни) установи, според свои програми.

Досегашните искуства покажуваат дека професионалниот развој на наставниците има низа недостатоци:

- отсуство на утврдена политика за професионален развој на наставникот;
- препуштеност на индивидуална иницијатива;
- недоволна материјална поддршка ва училиштето и на наставникот за негов професионален развој;
- формализирање на менторскиот систем со приправниците;
- отсуство на стандарди и критериуми за професионален развој и напредување во кариерата;
- отсуство на иницијативи за професионално усовршување на наставникот;
- недефиниран систем за обука;
- неизграден систем за акредитација.

## 2.3.Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците

Во секоја земја треба да се спроведат соодветни политички мерки со цел промовирање на доживотното учење на наставниците. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците, како и континуираниот развој на училиштето треба да се посматраат во нивното единство и да се промовираат во природно поврзани и меѓузависни процеси. Доживотното учење треба да овозможи други модели и патишта за учење, како независно учење, училишното искуство и вклученоста во проекти за подобрување на училиштето треба да се ценат и формално да се признаваат и

разните начини на стекнување на знаења, по можност, и да се сертифицираат. Доживотното учење и професионалниот развој на наставниците имаат смисла само ако се поврзани со унапредување на квалитетот на образованието на ученикот.

Еве неколку примери за постојниот и посакуваниот професионален развој на наставниците:

| Постојна состојба | Посакуван професионален развој на наставникот (ПРН) |
|---|---|
| Моделот се заснова на концептот пренесување (трансмисија) на знаења. Да се научи значи да се акумулираат знаења, па со тоа наставникот е доминантен пренесувач/ предавач на знаењата. | Новиот модел се заснова на концептот конструкција на знаењата. Знаењето не може да се пренесе, тој што учи мора со своја сопствена активност да го конструира. Според тоа, наставникот се третира како партнер во процесот на изградување на знаењето во педагошката комуникација, но и практичар кој ја промислува сопствената работа, практика, некој кој врз основа на старите знаења гради нови знаења и искуства и со тоа не ги става во заблуда своите ученици. |
| Обуката најчесто се одвива еднократно (иницијалното, базичното образование на наставникот), односно усовршувањето е обично следење на еднократни курсеви на кои наставникот добива нови информации за поединечни аспекти на работењето, главно нови содржини (и тоа најчесто во вид на предавања за поголема група истовремено). | Обуката на наставникот е фазен, долгорочен и перманентен процес, додека универзитетското образование е само првата фаза во подготвувањето за неговата идна улога. Не постои јаз меѓу базичното образование на наставниците и нивното понатамошно усовршување. Усовршувањето е составен дел на нивното перманентно образование и ги вклучува искуствата кои наставникот ги стекнал надвор од формалниот систем на образование и/или усовршување (наставникот учи во текот на времето и тоа го вградува во училишната практика). |
| Обуката и образованието на наставникот се лоцира надвор од училницата и, главно, не се поврзани со актуелното искуство на наставникот. | Професионалниот развој на наставникот се случува во специфичен контекст. Најефикасен ПРН се одвива најчесто во училиштето, тесно е поврзан со дневните активности на наставникот и ученикот и на него многу делуваат знаењата и искуствата на наставникот. |
| Повремено следење и евалвација на работата на наставникот (најчесто од страна на соодветните советници од Бирото за развој на образованието). | Постојано следење и редовна поддршка и помош на наставникот во работата со постојани повратни информации, преку разни видови на евалвации. Оценка на неговата работа не дава само советникот (стручното лице, просветните инспектори), туку и неговите колеги, парови или тимови на наставници и сл. Улогата на евалвацијата е да овозможи размена на добрите резултати меѓу луѓето кои се занимаваат со образование. |
| Реформите се спремаат, главно, во надлежното министерство и се испорачуваат на наставниците за да се запознаат и да ги применуваат. Наставникот во реформите е вклучен само како реализатор на истите. | Дел од реформите се одвиваат токму во училиштата. Задача на наставникот е да учествува во нив и со својата активност да придонесе за успешно спроведување на истите. Наставникот се третира како професионалец кој работи на менување на ситуацијата во која работи. |

| | |
|---|---|
| Наставникот интерпретира туѓи истражувања и теории, тој е пренесувач на туѓи знаења. | Наставникот прави свои рефлексии и врз нивна основа спроведува мали испитувања (наставникот како истражувач). Наставникот е и произведувач на знаења, многу од тие рефлексии, резултати на истражувања и искуства ги вклучува повратно во својата настава, менувајќи ја, унапредувајќи ја и прилагодувајќи ја на конкретни случаи. |
| Усовршувањето на наставникот е негова приватна работа, личен избор дали сака или не да се вклучи во некој вид на усовршување. Усовршувањето му се препорачува на наставникот, но системот не го принудува на тоа и не ги проверува ефектите од тоа усовршување во процесот на неговата работа. | Постојаното усовршување е задолжителен дел од наставничката улога и е вградено во системот на кариерен развој. Наставникот не може да го избегне усовршувањето бидејќи од него се очекува да внесе иновации во својата работа и тоа се проверува. |
| За образованието на наставникот задолжена е одредена институција (пр., БРО). | ПРН подразбира сложен динамички модел на соработка на низа различни институции (факултети, истражувачки институции, владини експертски или невладини институции и сл.) за образование и развој на наставниците. |
| Наставникот работи најчесто изолирано (дури и од колегите кои го предаваат истиот предмет). Наставникот по свое убедување се консултира со другите. | Тимската работа на наставникот и другите колеги систематски е предвидена во дефинирањето на работата. ПРН е кооперативен процес иако има простор и за изолирана работа, Постои смислена интеракција на наставниците меѓу себе, како и со стручните соработници, родителите и членовите на заедниците. |
| Наставникот најчесто е на маргините на општествените збиднувања и ретко учествува во промените во локалната заедница. | Од наставникот се очекува да биде жив агенс на промените во училиштата и во локалната заедница. |
| Синдикатот како организација во која учествуваат наставниците се занимава, главно, со платите на наставниците, но не и со нивниот професионален развој. | Се инсистира на професионално здружение на наставниците кое, покрај грижата за положбата на професијата и за стручниот развој, ќе води сметка и за организирање на разни видови на професионална помош, ќе се грижи за положбата на наставниците во општеството и сл. |

Најголем број на експерти истакнуваат дека професионализацијата на наставниците е предуслов за успешно унапредување на квалитетот на образованието и дека тоа е од голем интерес за оние кои ја креираат образовната политика. Токму поради тоа е потребно воведување и развивање на концепт за **професионален развој** на наставниците.

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката дејност.

Создавањето стимулативни општествени и професионални услови за кариерен развој во наставничката професија значително ќе го промени односот на наставникот кон сопствениот професионален развој.

Современите стандарди за ефикасно и ефективно работење на воспитно-образовните институции ја наметнаа потребата за имплементирање и институционализирање на систем за иницијална обука (pre-service) и систем за професионално усовршување (in-service) на вработените во воспитно-образовните институции.

Прашањата кои се однесуваат на образованието на наставниците и обучувачите се  дел од голем број на иницијативи на европско и светско рамниште, како: Декларацијата - Образование за сите, Резолуцијата за доживотно учење, Акциониот план за вештини и мобилност, Болоњскиот процес и Резолуцијата на Советот и Копенхашката декларација за подобрена европска соработка во областа на стручното образование и обука, Акциониот план за е-учење и во работата на Eurydice и на меѓународни организации како УНЕСКО и ОЕЦД.

Бидејќи иницијалното образование на наставниците во најголема мерка се обезбедува во рамките на високообразовните институции, Болоњскиот процес е од особена важност во наоѓањето на адекватни решенија за овој проблем.

# 3. КЛУЧНИ ПОДРАЧЈА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ

## 3.1. Професионален развој на наставниците

Ликот на наставникот треба да биде во согласност со реалното случување и антиципираните потреби. Тоа е лик на наставник за 21 век - богат на општо-образовно и стручно поле и оспособен и мобилен на планот на стекнување потребни вештини за успешно реализирање на неговата професија. Значи, наставникот ќе мора, покрај стекнувањето на формалната квалификација, и постојано стручно и професионално да се  оспособува.

*Задоволувањето на потребите за: зголемување на квалитетот на наставниците и обучувачите*[1] *во контекст на нивната видоизменета улога во на-знаење базирано општество и остварување на нивна континуирана образовна мобилност, создавањето на услови за втора шанса на невработените наставници чии способности и знаења со оглед на работната пауза во голема мерка се редуцирани, нивелацијата на сертификатната, персоналната и работната квалификација во доменот на иницијалното*

1 Под поимот наставник се подразбираат наставници од основно и од средно (гимназиско и стручно) образование. Поимот обучувачи/тренери се користи за означување на поддршката и обуката на ученици (обучувани) во претпријатија, каде се одвива работната компонента во иницијалното стручно образование и обука, како и континуираното стручно образование и обука, без оглед дали се однесува на работната компонента или не.

*образование на наставниците, перманентната научно-истражувачка дејност во сферата на образованието, надминувањето на парцијалните приоди во осовременување на образовната практика и теорија, и афирмирање на македонската педагошка теорија и практика и нејзино имплементирање во меѓународни рамки, претставува една од приоритетните задачи на Министерството за образование и наука во наредниот период.*

Ваквиот приод е клучен не само од национален аспект, туку и од аспект на остварување на првата цел од Процесот на дефинирање на целите на Европската комисија за образование: ,,Подобрување на квалитетот и ефективноста на системите за образование и обука во Европската унија“[2]. Четирите клучни прашања кои треба да се одговорат се:

1. Идентификување на вештините што треба да ги поседуваат наставниците и обучувачите, со оглед на нивните променливи улоги во општество базирано на знаење.
2. Обезбедување на услови кои им пружаат адекватна поддршка на наставниците и обучувачите во нивното третирање на предизвиците на општеството базирано на знаење, вклучувајќи иницијална обука и професионално усовршување од перспективата на доживотно учење.
3. Обезбедување на задоволителен влез во наставничката професија, во сите предмети и степени, како и грижа за долгорочните потреби од оваа професија преку зголемување на атрактивноста на наставата и обуката.
4. Привлекување на нови ,,регрути“ во образовната и обучувачката професија кои имаат професионално искуство во други области.

**Активности:**

*Министерството за образование и наука ќе ги преземе следниве мерки во наредниот период:*

1. Евалвација и усовршување на програмите за обука на наставници и обучувачи.
2. Создавање на ефикасна стручна и институционална поддршка на системот за образование и усовршување на наставниците и обучувачите.
3. Обезбедување на услови за стекнување звање наставник или обучувач во зависност од образовното ниво.
4. Обезбедување на услови за напредок во кариерата на наставниците.

2 Нивоата на постигања кои се прифатени од страна на Советот во мај 2003 се, исто така, важни при разгледувањето на стратешката улога на наставниците и обучувачите, кога се однесуваат на: а) остварување на просечна стапка од под 10% предвремено напуштање на образованието; б) завршено средно образование за најмалку 22% од 22-годишници; в) намалување од 20% во бројот на 15-годишници со ниски постигања во описменувањето.

## 1. *Евалвација и усовршување на програмите за обука на наставници и обучувачи*

Програмите за иницијална обука на наставниците треба да се динамични, променливи и да се во постојан развој. Тие треба да ги подготват идните наставници за прогресивно и проактивно преземање на професионалните обврски кои се очекуваат од нив. Тие треба постојано да размислуваат за природата на образовниот систем, не само да одговорат на промените во професионалниот контекст, туку да придонесат и за самиот процес на промени. Поради тоа, при дефинирањето на студиските програми за иницијално образование на наставниците мора да се води сметка за:

**Стручноста е** традиционална карактеристика/компетенција на добриот наставник и таа останува од есенцијална важност. Добриот наставник е битен извор на знаења и разбирања. Меѓутоа, начинот на кој наставникот ги стекнува и гради своите компетенции треба да се менува и да се ситуира во рамките на системот за доживотно учење, како супсумирачки поим на иницијалното образование и континуираното професионално усовршување.

**Педагошки компетенции -** Наставникот треба да биде компетентен на општо- педагошки и дидактички план за да може да пренесе широка лепеза на знаења и вештини со посебен фокус врз стратегиите за стекнување на знаења и вештини, развојот и стимулирањето на мотивацијата за учење, креативноста, соработката, самостојноста, критичкото мислење, способноста за решавање на проблеми и креативноста кај учениците, за сметка на фаворизирањето на енциклопедизмот, фактографијата и репродукцијата.

**Компетентноста за употреба на образовната технологија, особено ИКТ,** е клучна карактеристика на професионалноста на наставниот кадар во образованието. Најважно е да се разбере технологијата во смисол на педагошки потенцијал и можност за нејзина интеграција во стратегиите за учење и организација на работата.

**Организациски компетенции и способност за тимска работа -** Наставничката професија не може повеќе да се посматра само како индивидуална активност; таа сѐ повеќе се трансформира во тимска работа и претставува дел од колективната „организација за учење“.

**Флексибилност -** Наставникот мора да прифати дека барањата можат да се променат неколку пати во текот на неговата професионална кариера и не треба да ја интерпретира професионалноста како изговор за отпор кон промените.

**Отвореноста** е вештина која наставникот треба да ја научи: способност за работа со родителите на начин кој треба да биде комплементарен на другите аспекти на неговата професионална работа[3].-

3 Адаптирано според: ОЕЦД, 1998.

Врз база на вака дефинираните општи категории/компетенции може да се даде спектарот на *клучни* професионални компетенции за наставникот кои секоја институција што обучува наставници треба да го задоволи, и тоа:

- висока експертиза во еден или повеќе специфични предмети (академско образование);
- поседување на стабилни знаења и разбирање од предметната/ите област/и за кои тој/таа е одговорен/а;
- познавање на најмалку еден странски јазик;
- дополнување на своите предметни експертизи со педагошки способности, вклучувајќи ја мотивацијата за учење, креативноста, соработката, разбирање на социјалниот контекст на образованието (особено предметните наставници);
- разбирање за педагошкиот потенцијал на технологијата (особено ИКТ), развојот на способностите да се интегрира во процесот на наставата и учењето;
- способност за интегрирање на принципите на доживотното учење во процесот на наставата и учењето;
- способност за постигнување на меѓународни (европски) стандарди во држењето на наставата;
- широки и избалансирани знаења и разбирање на основните карактеристики на образованието во најразличен, особено европски и интеркултурен контекст;
- способности за воспоставување и одржување на обмислена аргументација за образовни прашања на јасен, луциден и кохерентен начин;
- отчетност за придонесот кон образованието на детето или младинецот и преземање професионална одговорност за развојот на личноста, талентот и менталните, духовните и физичките атрибути на секое дете или млада личност;
- знаења, разбирање и спремност за вклучување во тековните образовни прашања и давање придонес во процесите на развој на курикулумите (особено на локално ниво), професионалниот развој на вработените и севкупниот училиштен развој;
- оспособеност за примена на широк спектар на различни стратегии во наставата со цел овозможување на учењето на децата, вклучувајќи соодветна примена на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ);
- способност и посветеност за промоција на еднаквоста на можностите за сите луѓе во инклузивно општество и активно преземање чекори за елиминација на дискриминацијата;
- интелектуална независност и докажан критички ангажман;

- знаења и способности за унапредување на учењето на оние ученици кои имаат проблеми/бариери во учењето, вклучувајќи ги оние кои имаат потреба од поддршка во определени курикулумски области и оние со емоционални потешкотии и проблеми во однесувањето;
- известување на родителите и другите заинтересирани страни за успехот и напредокот на учениците;
- способност за примена на истражувања и други видови на валидна евиденција со цел обезбедување на информации кои би го воделе изборот, промените и приоритетите во промовирање на образовните практики и напредокот;
- соодветно однесување како професионалец во развој/професионалец за развој кон другите наставници и колегите од други професии, парапрофесионалци и агенции кои се ангажирани во пружање поддршка на учениците и стекнување искуство во соработка со нив;
- извршување на административни задачи според барањата на училиштето;
- преземање обврска и заложби за сопствениот професионален развој што произлегува од професионалниот само-увид и само-евалвација на сопствената професионална практика и практиката на другите.

Треба да се истакне дека овие клучни компетенции овозможуваат нивна примена во различни социјални, културни, лингвистички и образовни окружувања.

Од горенаведеното јасно е дека програмите ќе бараат од студентите да поминуваат подолго време на училиште и во други релевантни образовни институции. Како резултат од ова, тие ќе имаат можности да стекнат директно искуство во наставата за деца и млади и во професионалната интеракција со други наставници, пара-професионалци, родители и претставници на други професии.

Барањата кои се поставуваат пред програмите за иницијална обука на наставниците имаат за цел да ги објаснат и илустрираат аспектите на работата/постигањата на студентите, кои дизајнираната програма цели да ги оствари. Овие карактеристики ќе се користат од државата и од основното училиште во дизајнирањето на стратегиите за оценување, кои ќе гарантираат дека се остварени барањата за компетенции на студентите во иницијалната обука на наставници.

Институциите за иницијално образование треба да продолжат да се грижат за студентите и по завршувањето на студиите и да им пружаат адекватна помош за време на нивниот приправнички/асистентски период. За време на приправничката практика тие треба да работат кон постигање на стандардите за регистриран (лиценциран) наставник.

Иницијалното образование на наставниците кои завршиле студии надвор од образовната сфера (идни наставници во предметната настава) ќе се остварува со паралелна или сукцесивна педагошка доквалификација на високообразовните установи кои се занимаваат со образование на наставници и/или кои за предмет на своите студиски програми го имаат образованието.

Стручните наставници во средното образование потребните педагошки компетенции можат да ги стекнуваат паралелно со својата стручна обука (познато како - студии под Б) или сукцесивно, т.е. по завршувањето на нивното иницијално стручно образование, во соодветна педагошка високообразовна установа.

*Акредитацијата на програмите* за иницијална обука на наставниците ја врши Одборот за акредитација во високото образование и таа мора да се разбере во контекст на:

- екстерен систем на одобрување и/или акредитација на програмите за образование на наставниците;
- надворешен систем за сертификација на професионалните квалификации на наставниците.

Овој надворешен систем за сертификација треба да ја потврди соодветноста на програмата за образование на наставниците и нејзината можност да подготвува за професионалните задачи и улогата на наставничката професија. Во таа смисла, Одборот за акредитација на студиските програми за иницијално образование на наставниците одлуката за акредитација ја носи само доколку се исполнат следниве услови:

- Студиските програми да бидат водени од страна на институции кои вклучуваат разни препознатливи општествени партнери и кои располагаат со соодветен и квалитетен наставен кадар.
- Студиските програми да бидат водени од страна на институции кои успешно го минале процесот на внатрешна и надворешна евалвација (по можност од европските институции).
- Студиските програми да бидат водени од институции кои ги задоволуваат стандардите за евалвација на програмите за образование на наставници.
- Студиските програми да ги исполнуваат условите предвидени за иницијално образование на наставниците во поглед на потребните компетенции.

## 2. *Создавање на ефикасна стручна и институционална поддршка на системот за образование и усовршување на наставниците и обучувачите*

За да се обезбеди успешна обука потребно е воспоставување на систем за акредитација на давателите на образовните услуги за да се осигура дека услугите за обука на наставниците во текот на работењето се обезбедуваат од повеќе понудувачи на обука и дека тие ги исполнуваат соодветните стандарди за квалитет.

За да се реализира сето ова потребна е и соодветна стручна и институционална поддршка. Таквата поддршка подразбира етаблирање и функционирање на следниве тела:

### а) Совет за професионален развој на наставниците (СПРН)

**Статус:** Советот за професионален развој на наставниците (Советот) ќе биде формиран од страна на Министерството за образование и наука (МОН) и ќе поднесува извештаи директно до Министерството за образование и наука.

Советот нема надлежности за донесување одлуки. Неговата улога е да дава совети, како и предлози или препораки за да се осигура успехот во имплементацијата на политиката поврзана со наставниците.

**Улога:** СПРН ја исцрпува својата улога преку давање на стручни совети, инструкции и препораки до Министерството за образование и наука за можните идни развојни цели поврзани со наставниците. Ваквите цели можат да ги вклучат прашањата поврзани со:

- правниот статус на наставниците;
- професионалните квалификации;
- сертификацијата;
- професионалниот развој;
- задолжителната обука пред вработувањето.

**Членови:** СПРН е составен од:

| ПРЕТСТАВНИЦИ | БР. | НАЗНАЧУВАЊЕ |
|---|---|---|
| Наставници | 1 | Назначен од Синдикатот на наставниците. |
| Високо образование | 2 | Назначени од универзитетите. |
| Директори | 1 | Назначени од Асоцијацијата на директорите на училиштата. |
| Општински совети | 1 | Назначен од здружението на директорите. |
| Претставници на заедницата | 3 | Лица со висока положба во општеството со одредено искуство во образованието (не е неопходно професионално искуство) кои ќе ја зајакнат работата на СПРН. Овие лица ќе бидат назначени од Министерството по прибавено мислење од локалната самоуправа. Најмалку едно од назначените лица треба да биде родител од училиштен одбор. |
| МОН | 1 | Проектниот советник за професионален развој на наставниците ќе биде претседавач на Советот. |
| Секретар | 1 | Назначен од страна на Советот. |
| Вкупно | 10 | |

## б) Одбор за акредитација на програми за стручна и професионална обука на наставниците

Професионалното и стручното усовршување на наставниците во текот на нивната работна кариера ќе се реализира во контекст на степенестиот модел на професионален развој и во соработка на широк круг на акредитирани даватели на образовни услуги, а под координација на Одборот за акредитација на програми за професионално усовршување.

Успешната реализација на оваа мерка ќе води сметка за тоа дали програмите за професионално и стручно усовршување на наставниците се поставени врз барањата кои произлегуваат од:

- професионалните улоги кои наставникот треба да ги извршува во основното училиште и во пошироките општествен контекст;
- работните задачи на наставникот во училиштето (едукација, евалвација, администрација, советување и иновација);
- соодветното ниво на квалификација за компетентно извршување на професионалните улоги и задачи.

**Статус:** Одборот ќе биде формиран од страна на Министерството за образование и наука.  Одборот ќе го советува МОН за прашањата поврзани со акредитацијата на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми и ќе ***донесува одлуки*** за акредитација на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми.

**Улога:** Одборот ќе се формира за да обезбеди совети, инструкции и препораки на Министерството за образование и наука во развојот и имплементацијата на компонентата - обука на наставниците во текот на работата. Одборот, исто така, ќе донесува одлуки за акредитација на понудувачите и нивните програми.

Одборот ќе се занимава со:

- пружање помош за да се востановат стандарди и процедури за акредитација на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми;
- обезбедување совети и инструкции за информациите кои треба да им бидат достапни на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата во врска со новите предлози за акредитацијата;
- донесување одлуки за акредитацијата на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми;
- обезбедување совети и инструкции за публикацијата на понудувачите на обука на наставниците во текот на работата и нивните програми;

- прегледување и оценување на развојот и имплементацијата на програмата и извештаите на консултантите и предлагање соодветни чекори што ќе произлезат од овие прегледи;
- состанување редовно како што ќе биде потребно и на барање на проектниот советник за професионален развој на наставниците;
- доставување полугодишни извештаи до заинтересираните страни.

**Членови:** Одборот е составен од:

| ПРЕТСТАВНИЦИ | БР. | НАЗНАЧУВАЊЕ |
|---|---|---|
| Наставници | 1 | Назначен од Синдикатот на наставниците. |
| Високо образование | 3 | Назначени од Интер-универзитетската конференција. |
| Директор на училиште | 1 | Назначен од Асоцијацијата на директорите. |
| МОН | 1 | Проектниот советник за професионален развој на наставниците-претседавач. |
| Претставници на НВО | 1 | Назначен од невладините организации ( НВО). |
| Вкупно | 7 | |

**Придобивки за наставниците:**

- Наставниците како професионалци ќе можат да се фокусираат на своите кариери и да размислуваат проактивно за можностите за напредок во својата кариера.
- Наставниците ќе можат да станат поефикасни менаџери во реализирањето на воспитно-образовниот процес.
- Наставниците ќе станат поефикасни, поорганизирани и поконструктивни во својата работа.

**Придобивки за институциите:**

- Поставување на основа за систем за интерна контрола на работата на наставниците.
- Поставување на основа на порационален систем за избор и напредување на наставниците (истовремено промовирајќи еднаквост во можностите).
- Поефективно искористување на буџетот за обука на наставниците во текот на работата.

## в) Агенција / Одбор за лиценцирање на наставници

**Статус:** Агенцијата/Одборот ќе биде формиран/а од страна на Министерството за образование и наука и Синдикатот на просветните работници. Агенцијата/Одборот ќе го советува МОН и Синдикатот за прашањата поврзани со лиценцирање на новите наставници и тесно ќе соработува со институциите за контрола на квалитетот во основното и во средното образование (ДПИ и ДИЦ). Агенцијата/Одборот има право да одземе лиценца на наставник доколку утврди последователни слабости во неговата работа, детектирани од страна на ДПИ и ДИЦ.

**Улога:** Оваа професионална организација ќе ја преземе одговорноста за:

- лиценцирање на наставниците врз основа на изградени индикатори за квалитет;
- гарантирање и подигање на квалитетот на професионалните услуги на наставниците;
- соработка со МОН и другите социјални партнери во одобрувањето и акредитацијата на програмите за обука на наставниците.

**Членови:**

| ПРЕТСТАВНИЦИ | БР. | НАЗНАЧУВАЊЕ |
|---|---|---|
| Наставници | 3 | Назначени од Синдикатот на наставниците. |
| Високо образование | 3 | Назначени од Интер-универзитетската конференција. |
| Директор на училиште | 1 | Назначен од Асоцијацијата на директорите. |
| МОН | 1 | Проектниот советник за професионален развој на наставниците- претседавач. |
| ДПИ | 1 | Назначен од Државниот просветен инспекторат. |
| Вкупно | 9 | |

## г) Кариерен развој на наставниците

Изостанувањето на системски пристап во имплементација на проектите и старите навики за урамниловка во статусот и наградувањето, кај голем дел од наставниците, без оглед што поседуваат знаења и способности за современа настава и учење, создаде отпор кон професионалните обврски, со што и имплементацијата на современи стратегии во наставата ја доживуваат како привремен и често дополнителен работен ангажман. Кон тоа придонесуваат и селективноста во имплементацијата и непостоењето на објективна евалвација.

Очигледно е дека осовременувањето на наставата и учењето е невозможно да се изврши сѐ додека системски не се изврши промена во статусот и наградувањето на наставниците, со што би се избегнале ситуациите во кои сите

наставници имаат ист статус и се вреднуваат (наградуваат) *исто*, без оглед на квалитетот што го поседуваат, пристапите што ги практикуваат во наставата и резултатите што ги постигнуваат во работата со учениците.

*Министерството за образование и наука системски ќе изгради модел за напредување во кариерата за наставниците во основното образование и ќе го вгради во законската регулатива.*

Ваквиот модел за напредување во кариерата за наставниците треба да овозможи степенест пристап во статусот на наставниците (*наставник - приправник, наставник, истакнат наставник и наставник - ментор*) кој ќе биде соодветно поткрепен и со степенест пристап во наградувањето (наставник приправник - 80% плата, за останатите степени наградувањето ќе биде регулирано според посебен правилник).

Изборот во повисоко звање ќе се врши врз основа на прецизни индикатори за стекнатите компетенции, искуство, покажан квалитет/ успех во наставата и учењето на учениците, иновациите и училишните и вонучилишните активности. *(Анекс 2)*

Професионалната квалификуваност на наставникот не смее да заврши со стекнување на диплома, туку треба да се развива и унапредува во наставната практика.

Многу е важно кај наставниците да се развива свеста и потребата за континуирано учење, како основа за професионален развој. Поставување на критериуми и стандарди за напредување по нивоа е, исто така, важен мотивирачки фактор за постојано професионално напредување на наставниците.

# УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ ВО КАРИЕРАТА

## 1. НАСТАВНИЦИ

### 1.1. Наставник почетник

- Ниво на образование: универзитетски степен
- Компетенции за базично ниво во стручното подрачје (за предметни наставници и стручни наставници)
- Педагошки компетенции: завршена студиска програма за професионално педагошко усовршување
- ИТ компетенции: базично информатичко образование
- Здравствено уверение
- Психолошки профил
- Евалвација
  - » Интерна: самопроцена, ученици, стручни работници, виш-наставник/ментор, директор
  - » Екстерна: од родителите, од советниците и инспекторите, од стопанството
- Времетраење: една година

### 1.2. Наставник

- Ниво на образование: универзитетски степен
- Наставно искуство: најмалку 1 година како наставник почетник
- Законски услови: стекната лиценца за наставник
- ИТ компетенции: употреба на компјутерски апликации
- Психолошки профил
- Здравствено уверение

*Опис на задачите*

- Учествува во тимското планирање на наставата
- Учествува во дизајнирањето на материјалите за учење
- Соработува со стручните служби во училиштето

- Учествува во креирањето и дизајнирањето на воннаставните и вонучилишните активности на учениците
- Води сопствена педагошка евиденција
- Учествува во обука за задоволување на основните услови и критериуми
- Поддржува иницијативи за осовременување на наставата
- Учествува во проектни активности во училиштето
- Следи актуелна педагошка и стручна литература
- Објавува сопствени прилози во стручниот печат
- Следи и учествува на стручни собири, трибини и др.
- Остварува соработка:
  - » Интерна: со ученици, наставници, стручни активи, стручни соработници, директори
  - » Екстерна: со родители, претпријатија, стручни асоцијации, локална заедница
- Евалвација:
  - » Интерна: самовреднување, ученици, стручни соработници, директор
  - » Екстерна: родители, советници, инспектори, претпријатија
- Користење на образовна технологија
- Добиени одреден број на кредити (бодови од претходно наведените критериуми) регулирано со посебен правилник за напредување.

## 1.3. Истакнат наставник

Услови и критериуми:

- Работно искуство: најмалку 4 години како наставник
- Објавени трудови во стручниот печат
- Учество во проекти во својство на имплементатор на проектни активности
- Минимум 200 часа обука од соодветни области
- Учество во стручни тела и органи во училиштето
- Учество на стручни собири во својство на излагач на сопствен труд
- Изработена сопствена стручна библиографија
- Развива и користи сопствени материјали за учење
- Соработува со локалната заедница
- Здравствено уверение

- Волонтерска училишна работа
- Употреба на стручна литература и други извори на учење
- Мониторирање, раководење, анализи и евиденции на наставниот процес
- Туторство/менторство на студенти идни наставници и ученици
- Проектна настава
- Развивање на наставни материјали, дидактички материјали, наставни средства други извори за образование
- Менторство на наставници почетници
- Учествува во комисија за изработка на наставни програми
- Остварува соработка:
  - Интерна: со ученици, наставници, стручни активи, стручни соработници, директори
  - Екстерна: со родители, претпријатија, стручни асоцијации, локална заедница
- Евалвација:
  - Интерна: самовреднување, ученици, стручни соработници, директор
  - Екстерна: родители, советници, инспектори, претпријатија
- Добиени одреден број на кредити (бодови од претходно наведените критериуми) регулирано со посебен правилник за напредување.

## 1.4. Наставник ментор

Услови и критериуми:

- Работно искуство: најмалку 6 години како истакнат наставник
- Иновации во наставата и училишната работа
- Национални проекти (член на тим, советник, координатор)
- Употреба на современа литература и други извори на учење
- Проектни активности на меѓународно ниво
- Публикување на стручна и педагошка литература
- Менторство во проектни обуки на наставници
- Учество во проекти во својство на координатор, член на примарен тим, тим на девелопери или тим за обука
- Учество на државни и меѓународни собири
- Развивање на материјали за учење, дидактички материјали

- Остварува соработка:
  - Интерна: со ученици, наставници, стручни активи, стручни соработници, директори
  - Екстерна: со родители, претпријатија, стручни асоцијации, локална заедница
- Евалвација:
  - Интерна: самовреднување, ученици, стручни соработници, директор
  - Екстерна: родители, советници, инспектори, претпријатија, ДИЦ
- Добиени одреден број на кредити (бодови од претходно наведените критериуми) регулирано со посебен правилник за напредување.

Бидејќи напредувањето во кариерата за наставниците бара системско решение со прецизно дефинирање на сите аспекти за преминување од едно на друго ниво, мора да се изработи јасен и прецизен правилник за напредување на наставниците.

**Еднаш стекнатите звања немаат траен карактер, што ќе биде регулирано со посебен правилник согласно постојните законски прописи.**

Во разни земји различно е поставен, регулиран и организиран процесот на стручното усовршување на наставниците што може да се види од дадениот прилог.

## 2. СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

### 1. Потреба и значење

Стручниот тим во предучилишните установи и во основните и во средните училишта треба да е дел од менаџерскиот тим. За таа цел мора да поседува и соодветни компетенции што ќе овозможат успешна работа и напредување на процесот. Од друга страна, тоа значи вклученост во изработката на развојните планови, програмите и плановите за реализација на активностите, како и постојано следење на сите промени и придонес во осовременување на процесот. Ваквите компетенции бараат постојано остручување на кадарот, следење на новините во образованието, посета на обуки и други активности што ќе бидат во интерес на сите чинители.

### 2. Видови напредување

Поради специфичната профилираност на кадарот се препорачуваат три нивоа на стручниот кадар:

| НИВО | СТРУЧЕН СОРАБОТНИК | | | |
|---|---|---|---|---|
| I | Педагог | Психолог | Дефектолог | Социолог |
| II | Истакнат педагог | Истакнат психолог | Истакнат дефектолог | Истакнат социолог |
| III | Педагог советник | Психолог советник | Дефектолог советник | Социолог советник |

## 3. Општи компетенции на стручниот тим

| | |
|---|---|
| Компјутерски вештини | ▸ Основни комјутерски вештини<br>▸ Работа во Microsoft Word, Power Point, Excel, Internet |
| Странски јазик | ▸ На базично ниво:<br>▸ основна комуникација<br>▸ следење литература<br>▸ користење на Интернет |
| Образование | ▸ Соодветно високо образование |
| Работно искуство | ▸ Стручен тим во предучилишни установи, основни и средни училишта - пожелно е работно искуство |
| Деловна етика | ▸ Чесност<br>▸ Тактичност<br>▸ Манири<br>▸ Изглед<br>▸ Личност и стил<br>▸ Грижа за другите |
| Комуникациски вештини | |
| - *Вербални* | ▸ Објаснување<br>▸ Презентирање<br>▸ Водење состаноци<br>▸ Дебатирање<br>▸ Интервју |
| - *Писмени* | ▸ Извештаи<br>▸ Аналитички согледувања<br>▸ Презентации<br>▸ Писма<br>▸ Материјали за областа<br>▸ ЦВ |
| Социјални вештини | ▸ Разбирање за другите<br>▸ Соработка со другите<br>▸ Учество во социјалните активности<br>▸ Соработка со социјалната средина |
| Лидерски вештини | ▸ Волја - свесност и насоченост кон цел<br>▸ Влијателност<br>▸ Доверливост<br>▸ Пријатност<br>▸ Прилагодливост<br>▸ Разумност |

| | |
|---|---|
| Процена на ситуацијата | ▸ Согледување на сите можности<br>▸ Донесување суд |
| Донесување на одлуки | ▸ Користење на сите извори<br>▸ Консултирање<br>▸ Разгледување на факти<br>▸ Преземање на одговорност за донесување на одлуки |
| Решавање на проблеми | ▸ Снаоѓање во непознати ситуации<br>▸ Користење на искуство |
| Справување со конфликти | ▸ Лични, социјални, професионални, меѓуетнички, културни, историски, политички и др. Конфликти |
| Преговарање | ▸ За разрешување на ситуации<br>▸ За разрешување на конфликти<br>▸ За изнаоѓање најсоодветни решенија |
| Способности за тимска работа | ▸ Прилагодување на работата на тимот<br>▸ Почитување на туѓите мислења<br>▸ Сослушување на другите<br>▸ Исполнителност за задачите поставени од тимот<br>▸ Способност за водство на тимот (по потреба) |
| Стручни вештини од различни сфери | ▸ Образование<br>▸ Образовен систем<br>▸ Образовна политика<br>▸ Образовни стандарди<br>▸ Курикулум<br>▸ Проектен менаџмент |
| Аналитичко-синтетички вештини | ▸ Формирање на база на податоци<br>▸ Анализирање на база на податоци<br>▸ Анализа на состојби<br>▸ Анализа на постигнатиот успех во текот на годината<br>▸ Испитување на причините за отсуство од наставата<br>▸ Проучување на причините за слабите резултати и пронаоѓање начини за надминување<br>▸ Изработка на инструменти за следење на одредени проблеми<br>▸ Собирање на различни податоци Презентирање на резултатите<br>▸ Испитување на педагошките фактори што се важни за напредувањето<br>▸ Изработка на анализи, табеларни прегледи и статистика |
| Евалваторски способности | ▸ Способности за проценување<br>▸ Способности за оценување<br>▸ Способности за самооценување<br>▸ Учество во изработка за инструменти за евалвација<br>▸ Развивање на стандарди за оценување и самооценување |
| Стручно усовршување | ▸ Иницирање и иновација во воспитно-образовната работа<br>▸ Создавање услови за воведување новини во наставата<br>▸ Учество во стручно усовршување на наставниците<br>▸ Соработка со други училишта и размена на искуства<br>▸ Грижа за постојана обука на кадарот<br>▸ Сопствено усовршување |

| | |
|---|---|
| Учество во реализација на процесот | ▸ Работа со стручни органи<br>▸ Учество во работата на стручните органи<br>▸ Соработка со стручни институции и пошироката општествена средина<br>▸ Подготовка, водење и преглед на документацијата<br>▸ Подготовка за започнување на учебната година<br>▸ Учество во изработка на годишна програма<br>▸ Подготовка, планирање и следење на воспитно-образовната работа<br>▸ Следење на реализацијата на планот и подготовката на училиштето / предучилишната установа<br>▸ Следење на воспитно-образовната работа<br>▸ Помагање и упатување во работата на помладите колеги |

## 4. Специфични компетенции

### *4.1. Специфични компетенции за профилот ПЕДАГОГ - на три нивоа*

| | |
|---|---|
| Работа насочена кон наставниците | ▸ Следење на глобалните и тематските планирања на наставниците<br>▸ Консултации со стручните активи<br>▸ Усогласување во реализацијата на наставните програми<br>▸ Следење на реализацијата на наставната програма<br>▸ Испитување на причините за нереализирање на наставната програма<br>▸ Посета на настава и укажување за нејзино подобрување |
| Работа насочена кон учениците | ▸ Периодична анализа на постигнатите резултати.<br>▸ Соработка со ученичката заедница (за ОУ и СУ)<br>▸ Давање соодветна помош на децата/ учениците<br>▸ Професионална ориентација на учениците во завршните години (за ОУ и СУ)<br>▸ Подготовка за изведување на завршен испит (за средните училишта) |
| Советодавно-консултативни компетенции | ▸ Планирање и подготовка на современи приоди и концепти<br>▸ Соработка при избор на нови форми, методи и постапки за реализација на наставниот процес<br>▸ Учество и демонстрирање на практични модели на наставна работа<br>▸ Учество во изработка на инструменти за оценување или проверка на постигањата<br>▸ Организација на педагошко образование за родителите<br>▸ Советодавна работа со родителите во однос на педагошки прашања |

## *4.2. Специфични компетенции за профилот ПСИХОЛОГ - на три нивоа*

| | |
|---|---|
| Работа насочена кон наставниците | ▸ Проучување на психолошката атмосфера во училницата<br>▸ Соработка со наставниците за давање помош на одделни ученици<br>▸ Унапредување на оценувањето на знаењата |
| Работа насочена кон учениците | ▸ Работа со деца/ученици (индивидуално, групно и колективно)<br>▸ ученици повторувачи<br>▸ проблем-деца<br>▸ проблем-ученици<br>▸ надарени деца<br>▸ деца/ученици со социјални проблеми<br>▸ деца/ученици со семејни проблеми<br>▸ деца/ученици со лични пролеми<br>▸ деца/ученици со послаб успех<br>▸ Следење на поведението на децата/учениците периодично<br>▸ Давање психолошка помош на учениците<br>▸ Откривање на причините за промена во однесувањето<br>▸ Прилагодување на децата во почетна година (за предучилишно образование)<br>▸ Прилагодување на учениците во прво  и во петто одд.<br>▸ Прилагодување на учениците од прва година во средно училиште<br>▸ Учество во тимска работа во професионалната ориентација на учениците во завршните години |
| Психолошки компетенции | ▸ Градење на меѓучовечки и меѓуетнички односи помеѓу децата/ учениците и во колективот<br>▸ Работа во младинско советувалиште<br>▸ Советодавна помош и соработка со родителите |

## *4.3. Специфични компетенции за профилот ДЕФЕКТОЛОГ - на три нивоа*

| | |
|---|---|
| Работа насочена кон наставниците | ▸ Следење на пристапот на наставниците во работата со деца со пречки во развојот<br>▸ Методи и средства за работа со деца со пречки во развојот<br>▸ Степен на задоволеност на сите потреби<br>▸ Создавање клима<br>▸ Следење на инвентивноста и креативноста на наставниците за работа со овие ученици |
| Работа насочена кон учениците | ▸ Следење на степенот на интегрираност на учениците со пречки во развојот во наставниот процес<br>▸ Откривање на учениците на кои им е потребна стручна помош<br>▸ Помагање во адаптацијата<br>▸ Емоционална состојба - специјални образовни потреби<br>▸ Работа со деца/ученици (индивидуално, групно и колективно)<br>» психомоторика<br>» говор<br>» дискалкулија<br>» мобилност и ориентација во просторот<br>» Брајова азбука (за деца со оштетен вид)<br>» орален и гестовен говор ( за деца со оштетен слух)<br>▸ интерпретирање на наставни содржини |
| Советодавно-консултативни компетенции | ▸ При изработка на програмата за работа - учество во идентификацијата, конкретизацијата и операционализацијата на целите и задачите<br>▸ Учество во адаптацијата на содржините<br>▸ Стручно усовршување на наставниците кои работат со деца со пречки во развојот<br>▸ Работа на разбирање и толеранција меѓу учениците<br>▸ Советување за родителите - за социјализација на децата<br>▸ Друга стручна помош на родителите во соработка со други експерти<br>▸ Професионално ориентирање на децата според способностите<br>▸ Информирање на социјалната средина за потребите и проблемите на овие деца |

## *4.4. Специфични компетенции за профилот СОЦИОЛОГ - на три нивоа*

| | |
|---|---|
| Работа насочена кон училиштето | ▸ Изработка на специфични програми за:<br>» општествени организации<br>» заедница на ученици<br>» соработка со локалната самоуправа<br>» производствена и друга работа<br>▸ Потенцирање на социолошкиот аспект при реализацијата на:<br>▸ вонnаставните активности |
| Работа насочена кон учениците | ▸ Следење на социолошките компоненти во наставата<br>▸ Изготвување инструменти за следење на успехот и социјалниот развој<br>▸ Идентификација на социолошките аспекти и анализа на специфичните проблеми<br>▸ Примена на форми за социјална интеракција<br>▸ Следење на осипувањето на учениците<br>▸ Утврдување на социо-културните потреби на учениците<br>▸ Испитување и проучување на посложени социолошки феномени во наставниот процес |

## 5. Начини на напредување

**Педагог/психолог/дефектолог/социолог** - се вработува со полагање на стручен испит, според програма на Советот за професионално усовршување на наставниот кадар. Програмата ќе биде определена со посебен акт.

**Истакнат педагог/психолог/дефектолог/социолог** - по 3 години од вработувањето како педагог/психолог/дефектолог/социолог, доколку ги исполнува критериумите предвидени со посебен акт (определен број посетени обуки за стручно усовршување, определен број посети и интервенции во училиштата, подготвување материјали и оценка на нивниот квалитет и придонес за развој на образованието, успешно реализирани обуки за наставниците).

**Педагог/психолог/дефектолог /социолог – советник** - по 5 години работа како истакнат педагог/психолог/дефектолог/социолог, доколку ги исполнува критериумите предвидени со посебен акт (определен број посетени обуки за стручно усовршување, определен број посети и интервенции во училиштата, подготвување материјали и оценка на нивниот квалитет и придонес за развој на образованието, успешно реализирани обуки за наставниците).

**Предуслови**

1. Измени на Законот за основно и на Законот за средно образование.
2. Донесување на критериуми и правилник со индикатори за следење на резултатите на воспитно-образовната организација.
3. Формирање на надлежни институции за спроведување на трите нивоа на евалвација.

**Евалвација**

Евалвацијата треба да се одвива на три нивоа:

- Самоевалвација - самопроцена според воспоставени критериуми и соодветен правилник.
- Евалвација - од страна на сите учесници во процесот (наставници, директор, ученици, родители) и од надлежна институција.
- Екстерна евалвација - надворешна процена од независна институција специјализирана за ваков вид евалвација која ќе вклучува различни аспекти и евалвација од сите учесници во процесот.

V

Програма за професионален развој на училишниот кадар

## 3. РАКОВОДЕН КАДАР

### *а) Приказ на постојната структура на директорите*

Според степенот на образованието постојната структура на директорите во *основното образование* во учебната 2004/05 е следна:

| СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | |
|---|---|
| Средно | 1 |
| Вишо | 185 |
| Високо | 165 |
| Магистер | 10 |
| ВКУПНО | 361 |

### *б) Правата, надлежностите и одговорностите на директорот на училиште*

Надлежностите и функциите на директорот на училиштето се уредени или произлегуваат од одредбите во законската регулатива од областа на образованието (закони, правилници, критериуми и сл.), на работните односи, на финансиското работење, на правната и правосудната регулатива и сл., како

и од областа на колективните договори со Синдикатот за образование, од Законот за локална самоуправа, од актите на училиштето (статут, правилници, програми за работа) и сл.

Работните задачи на директорот можат да се групираат во две групи: **педагошко-инструктивна и административно-организациска група задачи**.

**Педагошко-инструктивната група** задачи ги содржи обврските и надлежностите на директорот на училиштето наведувајќи дека тој треба да ја организира и да ја следи реализацијата на наставните планови и програми, активно да учествува во планирањето и програмирањето на сите форми и подрачја на воспитно-образовната работа (настава, слободни активности и др.), како и во утврдувањето на предлогот за поделбата на предметите на наставниците и задолженијата во врска со слободните активности и работата во одделни работни тела, комисии, стручни активи и др. Директорот треба да учествува и во изготвувањето на анализата за успехот на учениците и тој е член и раководи со наставничкиот совет и со одделенскиот/советот на годината на училиштето.

Во остварувањето на обврските и раководењето директорот треба да ја подготви и да ја предложи годишната програма за работа на училиштето, презема мерки за нејзина реализација и поднесува извештај за работата, за успехот и постигнатите резултати во воспитно-образовната работа до Бирото за развој на образованието и до Министерството.

Директорот ја следи, анализира и оценува работата на наставниците, врши увиди на часовите за да утврди како се планира, интерпретира и реализира наставниот материјал и како се користат разни наставни методи, форми, средства и материјали. Врз основа на добиените сознанија од увидите и од стекнатите сознанија од современата педагошка теорија и практика им дава помош и совети на наставниците (а особено на помладите наставници) за подобрување на нивната работа и во нивното стручно-педагошко оспособување и усовршување.

Директорот, исто така, треба да биде ангажиран и со аналитичко-студиските активности во училиштето. Во соработка со педагошко-психолошката служба во училиштето, стручните активи и наставниците, тој учествува во разни истражувања, анализи и воведување на образовни иновации, на наставните програми, видовите планирања, вклучувањето на учениците во разни активности, нивниот напредок и постигања, нивните ставови, положба, тешкотии, кризи, конфликтни состојби и сл.

Директорот на училиштето непосредно соработува со педагошките служби, со Министерството и со други училишта, стручни и научни институции.

Во **административно-организациската група задачи** се наведуваат обврските на директорот за организирање и координирање на работата на сите субјекти и дејности во училиштето и грижата за материјалната состојба на училиштето, учество во договарањето со Министерството околу кадровските и финансиските потреби на училиштето, изборот на наставен и административно-технички кадар, согласно со законот и актите на училиштето, потоа врши распоредување и оценување на работниците; и одлучува за престанок на работниот однос на работниците. Директорот учествува во подготвувањето на финансискиот план и на годишната пресметка. Тој, исто така, учествува и во договарањето со други стопански организации во врска со реконструкцијата или адаптацијата на училишните објекти или простор, во набавувањето и одржувањето на опремата, средствата, материјалите и сл. Притоа, тој врши надзор над административно-финансиското работење, изготвувањето на статистички податоци, анализи, извештаи и поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до училишниот одбор и до Министерството.

Директорот има значајна улога и во соработката со локалната заедница, со општествените, државните, стопанските, стручните и научните организации, институции, здруженија и сл.

Во контекст на надлежностите на директорот, неминовно е да се спомене и неговата одговорност или, како што некои го нарекуваат, работниот морал. Овие поими подразбираат свесно залагање при извршувањето на работните задачи за остварување на поставените цели, како и свест за почитување на сопствените интереси, интересите на групата и интересите на колективот во целина.

## 3. Профил на директор

Директорот на воспитно-образовната институција треба да ги насочи напорите на вработените кон успешно остварување на однапред поставените цели. Заради тоа, потребен е директор кој:

- ќе ги унапреди условите за најефикасно реализирање на воспитно-образовната услуга која ќе биде пласирана и прифатена на пазарот;
- ќе изгради стратегија за развој на воспитно-образовната институција имајќи го предвид влијанието на околината;
- ќе моделира организациска структура која ќе обезбеди интегрален пристап во управувањето со сите процеси во воспитно-образовната институција;
- ќе ги искористи рационално внатрешните кадровски потенцијали и образовните техничко-технолошки и финансиски ресурси;

- ќе создаде и развие организациска култура која ќе ги поттикнува вработените за потполно учество во остварувањето на целите;
- ќе ги задоволи барањата на државните органи кои ја контролираат работата на воспитно-образовната институција (ресорното министерство, Бирото за развој на образованието, Просветната инспекција);
- ќе ја вклучи воспитно-образовната институција во информативниот-ите систем-и од соодветните области;
- ќе делува како авторитет кој компететивно и одговорно ќе ја води воспитно-образовната институција.

Сето ова, од директорот на воспитно-образовната институција ќе бара солидна стручна подготовка, одговорност при извршувањето на задачите, компетентност при донесувањето на одлуките и одлучност при нивното спроведување.

## 4. Утврдување на потребите за обука и усовршување на директорите

Современите стратегии на образовниот развој се темелат на концепцијата на доживотно учење и концепцијата ,,општество кое учи“. Концепцијата за доживотно учење настана од причина што количината на новите знаења секојдневно се зголемува, додека постоечкото знаење сѐ повеќе застарува. За да бидеме во чекор со времето, потребно е да се учи цел живот, иако цел живот не се оди во училиште. Затоа, освен школувањето, образованието се спроведува и преку неформално образование, самообразование и информално учење.

Човечките ресурси, односно нивниот постојан развој е основна претпоставка за успешна имплементација на усвоените промени во образованието. Подобрување на квалитетот на образованието до степен на споредување со меѓународните стандарди не е можно без професионален развој на раководните кадри.

Директорите на основните и на средните училишта во Република Македонија потекнуваат од редовите на наставниот и стручниот кадар во воспитно-образовните институции и, главно, нивното знаење го имаат стекнато како базично професионално образование. Но, факт е дека проблемот се фокусира на водењето на воспитно-образовните институции за што директорите ги немаат потребните сознанија. Проблемите што се појавуваат, обично, се решаваат интуитивно и/или на база на искуство.

Затоа, неопходна е потребата, за актуелните, но и за потенцијалните директори, за организирање на *иницијална обука за директор,* но и *конти-*

*нуирана обука* со кои истите би ги усовршиле постојните вештини за успешно водење на воспитно-образовните институции.

Трансформацијата на образовниот систем во Р. Македонија мора да се изврши на сите сегменти. Во делот на менаџирањето треба да се напушти концептот на централно-плански управуван систем и да се имплементира концепт на управување според пазарните механизми и законитости, но не само во рамките на локалната самоуправа или регионот, туку да се изрази подготвеност, прагматичност и зрелост за интеграција во пошироки рамки. Со тоа ќе се зголеми квалитетот на образовните услуги, квалитетот и постигањата на учениците, персоналот и секако раководните структури.

Во Република Македонија се преземаат коренити промени за децентрализација. Во таа смисла и во сегментот образование се преземаат активности за надминување на досегашниот централизиран начин на управување со воспитно-образовните институции. Имено, досега, целокупната распределба на финансиските средства, добивање на согласности за нови вработувања, поставувањето на директорските позиции и сл. се вршеше од страна на Министерството за образование и наука. Со реформите многу од овластувањата ќе преминат на локално ниво.

Во изминатиот период начинот и постапките на назначувањето и разрешувањето на директорите на воспитно-образовните институции во Република Македонија се карактеризираше со висок степен на исполитизираност, што за последица имаше постојано менување на директорите на тие институции. Овој дисконтинуитет беше причина за запирање на некои реформски процеси и неможност да се реализираат започнати проекти, иновации, идеи и слично. Значи, станува збор за еден мошне актуелен проблем којшто бара посебно внимание. Имајќи го предвид претходното, а со цел надминување на тие слабости, се предложи изборот на директорот да се децентрализира и деполитизира. Имено, овие измени се содржани во законските решенија во Законот за основно образование („Службен весник на РМ“, бр. 63/2004) и Законот за средно образование (,,Службен весник на РМ“, бр. 67/2004).

## *4.1. Програма за полагање испит за директор*

Во врска со стекнувањето на уверение за положен испит за директор потребно е да се донесе соодветна програма. Преку реализацијата на таа програма ќе се обезбеди усовршување на професионалните компетенции на директорите на воспитно-образовните институции.

Концептот на програмата ќе биде од следните области: инструктивно-педагошко водење на воспитно-образовните институции, менаџмент на воспитно-образовните институции, финансирање на воспитно-образовните институции и законска регулатива. Преку сензибилизација и унапредување

на постоечките знаења и вештини, апликативност на теоријата во практиката, размена на искуства, програмата ќе им се овозможи на директорите (сегашни и идни) ефикасна и ефективна примена на новостекнатите знаења и вештини во функција на развој на воспитно-образовните институции и образовниот систем во целина.

Реализацијата на содржините ќе се остварува преку работилници со користење на активни методи (презентации, работа во групи, вежби, играње улоги, студии на случај, поттикнати дискусии, симулации) кои овозможуваат размена на искуства и лепеза на опции за имплементација на образовните трендови во македонски контекст.

Програмата за полагање испит за директор ја носи министерот надлежен за работите на образованието, на предлог на стручната комисија за полагање испит за директор. Програмата за испит се состои од содржини од гореспоменатите области. По завршувањето на секоја содржина, кандидатот за полагање испит за директор изготвува семинарска работа која не се оценува и е составен дел од досието за полагање испит за директор. Семинарската работа кандидатот ја пишува и презентира на мајчин јазик.

## Основна цел на програмата

Преку реализацијата на програмата за сертификација на директорите во Република Македонија, да се обезбеди усовршување на професионалните компетенции на директорите и кандидатите за директори на воспитно-образовните институции, за управување со човечките, материјалните и финансиските ресурси, унапредување на организациските и комуникациските вештини и вештините за стратешко и организациско планирање и визионирање во функција на професионално водење на воспитно-образовните институции.

## Посебни цели на програмата

1. Сензибилизација и унапредување на знаењата и вештините за изнаоѓање на креативни, иновативни и квалитетни решенија во воспитно- образовните процеси и институции.

2. Трансфер на теоријата во практиката на начин специфичен за воспитно-образовните институции, преку размена на искуствата помеѓу директорите и кандидатите за директори на воспитно-образовните институции.

3. Ефективна примена на стекнатите компетенции во функција на развој на воспитно-образовните институции и образовниот систем во целина.

## Услови за учество во програмата

Кандидати на програмата за полагање испит за директор можат да бидат назначени директори или кандидати кои ги исполнуваат условите за наставник или за стручен соработник.

## Организација и реализација на програмата

За кандидатите кои ја следат подготовката се води евиденција која се состои од досие за секој кандидат. Евиденцијата ја водат лицата кои ја изведуваат подготовката. Примерок од досието на кандидатот, најдоцна две недели по завршувањето на подготовката, изведувачот задолжително доставува до комисијата.

Доколку кандидатот успешно ја реализира подготовката, изведувачот му издава потврда за реализираната подготовка, со која тој стекнува право да се пријави за полагање испит за директор. Роковите за полагање испит за директор се во: јануари, април, јуни и август.

## Следење и проверување на постигањата

Следењето на постигањата на целите на програмата се врши тековно (при реализацијата на содржините, вежбите, активностите, дискусиите, донесувањето на заклучоците, презентациите) и сумативно (по презентацијата на семинарските работи). Притоа ќе се следат и проценуваат:

1. кооперативноста и колаборативноста;
2. апликативноста на приодот во решавање на проблемските задачи;
3. јасноста, концизноста и логичноста на презентациите на содржините од групната и индивидуалната работа;
4. квалитетот на изготвување и презентација на семинарските работи.

Испитот за директор се полага пред комисија формирана од министерот, согласно законот. Испитот се состои од проверка на стручната оспособеност на кандидатот со усно образложение на дел, односно делови од изработените семинарски работи во текот на подготовката.

## Документ за успешно завршување на барањата од програмата

За успешно положен испит за директор, на кандидатот му се издава уверение за положен испит за директор на училиште.

### *УСЛОВИ*

- Измени на Законот за основно и на Законот за средно образование.
- Донесување на правилник за реализација на испит за директор.
- Донесување на програма за содржините и начинот на реализација на подготовката за испит за директор.
- Формирање на комисија за спроведување на испитот за директор.

### *Индикатори за успешноста на директорите*

Сè поактуелни стануваат потребите од вршење посеопфатни анализи и оценки за карактерот и функцијата на директорот на училиштето зара-

ди надминување на одделни актуелни состојби и аномалии во оваа сфера, неопходни од аспект на подобрувањето на ефикасноста и квалитетот на воспитно-образовната дејност и континуитетот и развојот во раководењето со основните и со средните училишта во Република Македонија.

Индикатори за успешен директор би биле:

- јасно поставена, општоприфатена и реално остварлива мисија и визија на воспитно-образовната институција;
- нови и остварливи стратегии за развој;
- примена на партиципативното одлучување;
- примена на повеќе разновидни начини за информирање на вработените;
- развиен систем на постојано стручно усовршување на вработените;
- оспособени наставници за примена на интерактивни методи и современа образовна технологија;
- обучените наставници интензивно ги користат стекнатите знаења и вештини од обуките;
- зголемена оспособеност на наставниците за превентивна и мотивирачка работа со учениците (педагошко-психолошко образование);
- зголемен број на наставници кои се стекнале со повисоки педагошки и стручни звања;
- постојано следење и предлагање на измени и дополненија на наставните планови и програми;
- редовно следење на потребите на пазарот на трудот и, соодветно на тие потреби, предлагање на нови образовни профили;
- зголемен број на средби и соработка со родителите;
- зголемена соработка со социјалните партнери;
- зголемена соработка со стручни организации и институции;
- зголемено учество на домашни и меѓународни образовни проекти;
- вклученост во надворешни тимови, комисии и сл. за реформи во образовниот систем;
- подобрени услови за работа и учење;
- подобрен ученички стандард;
- постојана евалвација и самоевалвација.

Успешноста ќе се мери доколку директорите исполнуваат повеќе од наведените индикатори.

*УСЛОВИ*

- Измени на Законот за основно и на Законот за средно образование.
- Донесување на правилник за следење и вреднување на постигнатите индикатори и критериуми за стекнување на одредено ниво на директор и премин во повисоко ниво.

***Нивоа на евалвација на резултатите од работењето на воспитно-образовните организации***

За да се обезбеди унапредување на образовниот процес и да се осигура квалитет во образованието препорачуваме концепт со три нивоа на вреднување на работата и постигањата на воспитно-образовната институција:

- самоевалвација;
- евалвација;
- екстерна евалвација.

**Првото ниво**, самоевалвацијата, ќе се спроведува на ниво на воспитно-образовната институција. Одговорни за спроведување на самоевалвацијата ќе бидат директорот и менаџерскиот тим со партиципирање на наставниците, учениците, родителите и социјалните партнери. За процесот на самоевалвација ќе се користат критериуми за самоевалвација и стандардизирани инструменти.

**Второто ниво**, евалвација на постигањата на воспитно-образовната организација ќе се спроведува од страна на Државниот просветен инспекторат кој ќе врши евалвација и инспекција. Работата на Државниот просветен инспекторат ќе биде во функција на унапредување на работата на воспитно-образовната институција и подобрување на нејзината ефикасност и ефективност. Записниците од спроведената инспекција врз работата, како и извештаите од евалвацијата ќе се користат како документи во функција на процесот на напредување на директорите на воспитно-образовната институција.

**Третото ниво**, екстерната евалвација, како највисоко ниво на евалвација на работата и постигањата на воспитно-образовната институција ќе се спроведува од независна овластена институција и ќе има за цел да обезбеди поголема објективност. Екстерната евалвација ќе се спроведува на постигањата на учениците, работата на наставниците, работата на директорот и менаџерскиот тим, работата на воспитно-образовната институција во целина. Резултатите, анализите, извештаите од овој вид евалвација ќе се користат како документи во функција на процесот на напредување на директорите на воспитно-образовната институција.

## *УСЛОВИ*

- Измени на Законот за основно и на Законот за средно образование.
- Донесување на критериуми за следење на резултатите на воспитно-образовната институција.
- Формирање на надлежни институции за спреведување на трите нивоа на евалвација.

### *Професионално усовршување*

Луѓето со висок степен на лична усовршеност живеат во постојана состојба на учење. Тие никогаш на застануваат. Личното усовршување не е нешто што се поседува. Тоа е процес и дисциплина која се развива во текот на целиот живот.

Еднаш достигнатото ниво, односно стекнато звање, нема траен карактер. Имено, директорот е должен постојано да ги надградува своите професионални компетенции, односно се предвидува атестација на директорите. Постапката на атестација ќе се регулира со посебен ***правилник за атестирање на директорите.***

Споменатата атестација треба да се базира на следните принципи:

- Сеопфатност - сите директори треба да се атестираат на секои 4 години.
- Слобода на избор - директорот на училиштето по сопствена желба или избор може да го избере времето за атестација и соодветната категорија.
- Континуитет - директорите се обврзни на секои 4 години од датумот од претходно стекнатата категорија да ја потврдат категоријата која ја имаат.
- Објективност - атестацијата гарантира транспарентност и јавност на процедурата и критериумите за вреднување на работата на директорот на училиштето.
- Стимулација - платата на директорот на училиштето треба да е усогласена според стекнатата или потврдена категорија во согласност со *правилникот за атестирање на директорите на училиштата*.

**Атестирањето ќе се спроведува во три дела:**

1. **Познавање на теоријата.**
2. **Оспособеност за практична работа - водење на училиштето.**
3. **Определување на степенот на остварување на улогите што директорот ги достигнал во водењето на училиштето.**

**1. Целта на делот** ***познавање на теоријата*** е да се определи квантумот на теоретски сознанија со коишто располага кандидатот, а кои се однесуваат на сферата на менаџментот во образованието, педагошката практика, планирањето и организирањето на наставата, истражувањето, евалвацијата на постигањата. Како потврда за усвоените теоретски сознанија може да послужат претходно добиените сертификати од усовршувањето на директорите.

**2. Целта на** ***вториот дел*** е да се провери степенот на оспособеност на кандидатот за спроведување на теоријата во практиката - водењето на училиштето, на стекнатите знаења и вештини и оценување на постигнатите резултати во работата на училиштето. Во функција на овој дел ќе биде експертската анализа од страна на атестатори на соодветната административна и педагошка документација, анализи, извештаи, планирања, записници.

**3. Целта на** ***третиот дел*** е да се определи степенот на остварување на улогите што директорот ги достигнал во водењето на училиштето. Такви се улогите на: информатор, обезбедувач на ресурси, менаџер на банка на податоци, менаџер за кадровски прашања, инспектор-контролор, планер, координатор, организатор, комуникатор, иноватор, истражувач, визионер, аналитичар, програмер, методичар.

Атестирањето на директорите ќе треба да го спроведе **национална комисија** согласно *правилник за атестирање на директорите на училиштата.*

Националната атестациона комисија (НАК) ја верифицира постапката за атестација и се грижи за нејзиното спроведување. Работата на НАК ќе се регулира со посебен *правилник за работа на атестационата комисија* донесен од министерот на Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Атестацијата се планира да се започне 2 години по завршувањето на иницијалната обука на првата група директори или оспособувањето на првата група кандидати за директори.

Овде повторно треба да се изготви план на реализација на целиот процес. Мора да се има во вид дека станува збор за голем и сериозен процес, кој бара сериозна законска, програмска и финансиска поддршка, за да се обезбеди транспарентност и професионалност на целиот систем. Уште повеќе, какви било други пристапи ќе бидат само импровизација и изобличување на намерата.

***УСЛОВИ***

- Измени на Законот за основно и на Законот за средно образование.
- Донесување на правилникот за атестирање на директорите на училиштата и другите членови на менаџерскиот тим.
- Донесување на правилник за работата на атестационата комисија.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во Р. Македонија процесот на транзиција е во тек во сите сегменти на работењето, а тоа подразбира и во сферата на образованието преку донесување на соодветна нормативно-правна регулатива и инфраструктура за негово успешно заокружување.

Факт е дека воспитно-образовните институции во Р. Македонија не се снајдоа адекватно на новиот начин на делување. Новото време бара директори-менаџери кои ќе знаат да донесат реален и квалитетен план за развој на воспитно-образовната институција, добри организатори, комуникатори, мотиватори, добри доносители и реализатори на одлуки, водачи на тимови, евалватори.

Резултатите од одделни истражувања и анализи и сознанијата од извршените увиди во работата на директорите на воспитно-образовните институции укажуваат на недоволната подготвеност на поголем број директори на училишта за вршење на оваа комплексна и одговорна дејност. За жал, кај нас менаџментот во образованието сѐ уште не го пронајде своето место, односно не постојат посебни високошколски институции за образование и оспособување на директори на воспитно-образовните институции. Освен некои обуки кои биле реализирани на дел од директорите, не биле сериозно сфатени значењето и улогата на директортите на воспитно-образовните институции.

Директорот е клучниот фактор за ефикасна работа во воспитно-образовната институција. Од неговото успешно водење ќе зависи задоволството на сите учесници во воспитно-образовниот процес и рејтингот на воспитно-образовната институција на пазарот на образовната понуда. Затоа, во Р. Македонија се наметнува потребата за институционално решение на овој сегмент, со кое ќе се овозможи обучување и усовршување на постоечките директори, како и едуцирање нови кандидати за директори во склад со принципите за постигање на ефикасност и ефективност во работењето.

# ПРИЛОГ 1

## Преглед: Искуства од стручното усовршување на некои земји (ЕУ)

| Земја | Иницијатор и начин на организирање на усовршувањето | Усовршувањето го спроведува | Задолжителност на следење на усовршувањето |
|---|---|---|---|
| Австрија | ▸ Федералното министерство<br>▸ Регионалните училишни власти<br>▸ Училиштата<br><br>*Децентрализирано на регионално и училишно рамниште* | ▸ Регионални центри за стручно усовршување на наставниците<br><br>(без акредитација) | ▸ Не постои (освен кога се воведуваат новини) |
| Белгија | ▸ Централната администрација<br><br>*Централизирано, па децентрализирано по региони* | ▸ Центри за стручно усовршување<br>▸ Високи педагошки училишта<br>▸ Универзитетот<br><br>(со акредитација) | ▸ Не постои<br>▸ (наставникот има право на 10 дена усовршување) |
| Данска | ▸ Кралска школа за образование на наставници во основните училишта<br>▸ Министерството за образование<br>▸ Центри за обука<br><br>*Централизирано, па децентрализирано на локално рамниште* | ▸ Данската кралска школа<br>▸ Специјализирани институции<br><br>(без акредитација) | ▸ Не постои |
| Финска | ▸ Национален одбор за образование<br>▸ Општините<br>▸ Училишните управни тела<br><br>*Децентрализирано на општинско/училишно ниво* | ▸ Училишни управни тела<br>▸ Државни центри за обука<br>▸ Универзитети<br>▸ Одделот за образование на наставници<br><br>(без акредитација) | ▸ По избор<br>▸ (најмалку 3-5 дена) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Франција | ▸ Министерството за образование<br>▸ Ректоратот<br><br>*Централизирано на академско рамниште* | ▸ Универзитетски институции за образование<br>▸ Академска инспекција<br>▸ Други понудувачи на обуки<br><br>(без акредитација) | ▸ Не постои,<br>▸ освен за програми на Министерството |
| Грција | ▸ Министерството за образование<br>▸ Високата учителска школа<br>▸ Центри за обука<br><br>*Централизирано, па децентрализирано по региони* | ▸ Институт за високо образование<br>▸ Регионални центри за обука<br>▸ Високата учителска школа<br>▸ Музеи и други приватни институции<br><br>(без акредитација) | ▸ Постои , за наставниците почетници<br>▸ |
| Ирска | ▸ Министерството за образование<br><br>*Централизирано* | ▸ Посебни средишни служби<br>▸ Образовни центри за поддршка<br>▸ Образовни партнери<br><br>(со акредитација) | ▸ Постои за добивање повисоки квалификации |
| Италија | ▸ Министерството за образование<br>▸ Испитниот центар<br><br>*Централизирано на сите нивоа од национално до локално* | ▸ Разни понудувачи на услуги<br><br>(со повеќекратна акредитација) | ▸ Не постои |
| Луксембург | ▸ Одделот за координација истражување и технички иновации<br>▸<br>*Ценраталризирано* | ▸ Институт за образовни истражувања<br>▸ Универзитети (странски) | ▸ Не постои |
| Холандија | ▸ Министерството за образование<br>▸ Училишни одбори<br><br>*Децентрализирано* | ▸ Учителски високи школи<br>▸ Универзитети<br>▸ Други институции и експерти<br><br>(без акредитација) | ▸ Не постои |
| Германија | ▸ Министерствата на одделните држави<br>▸ Центри за обука<br><br>*Централизирано ( во секоја држава)* | ▸ Центри за обука<br>▸ Недржавни институции<br>▸ Универзитети<br><br>(без акредитација) | ▸ Постои |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Португалија | ▸ Министерството за образование<br>▸ Општиот училиштен инспекторат<br>▸ Регионални уреди за образование<br><br>*Централизирано и децентрализирано на регионално/локално ниво* | ▸ Институции за високо образование<br>▸ Центри за обучување во училиштата<br>▸ Центри за обучување во (учителски здруженија)<br><br>(со акредитација) | ▸ Не постои (задолжително за напредување) |
| Шпанија | ▸ Образовната администрација<br>▸ Центри за наставници<br><br>*Централизирано, па децентрализирано по региони* | ▸ Центри за обука<br>▸ Институции за високо образование<br>▸ Приватни институции<br>▸ Здуженија<br><br>(со акредитација) | ▸ Постои (за напредување и зголемување на платата) |
| Шведска | ▸ Општините<br>▸ Националната агенција за образование<br><br>*Децентрализирано* | ▸ Локални центри за обука на наставниците<br>▸ Универзитети<br>▸ Други установи<br><br>(без акредитација) | ▸ По избор (најмалку 5 дена) |
| Шкотска | ▸ Шкотската управа на Министерството за образование<br>▸ локалните власти и училиштата<br>▸<br>*Главно, децентрализирано на регионално/училишно ниво* | ▸ Високообразовни институции<br>▸ Локални центри за обука на наставници | ▸ Постои,<br>▸ 5 дена,<br>▸ по 50 часа годишно |
| Велс и Англија | ▸ Министерството за образование<br>▸ Локални училишни власти<br>▸ Училишни одбори<br>▸ Директори и наставници<br><br>*Децентрализирано на локално ниво* | ▸ Високообразовни институции<br>▸ Универзитети<br>▸ Училишта<br>▸ Други понудувачи на услуга<br><br>(со акредитација) | ▸ По избор<br>▸ (најмалку 3-5 дена надвор од наставата) |

Од табеларното прикажување може да се констатира дека сè поголем број земји преминуваат од моделот на традиционално централизирано стручно усовршување пропишано одозгора кон воспоставување на децентрализиран модел според кој секоја локална заедница и училиште подготвува свои годишни планови на стручно усовршување и бара од понудувачите на услугите да нудат свои програми при што во нивните пресметки ги алоцираат средствата за таа намена.

# ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО





Работна група:

Бојана Нацева, координатор
м-р Киро Попоски
д-р Сефедин Елези
Весна Танеска
м-р Ирена Кузманоска

# ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

## 1. СОСТОЈБИ И ПОТРЕБИ

Квалитетното образование е еден од најзначајните фактори за развојот на секоја индивидуа, а со тоа и на општеството во целина. Квалитетот на образованието е еден од најважните приоритети на членките на Европската унија. Високото ниво на знаење, компетенциите и вештините се прифатени како базични услови за активно граѓанство, вработување и социјална кохезија. Квалитетот на образованието е есенцијален и од аспект на потребите на пазарот на трудот и слободното движење на работната сила надвор од рамките на државата.

### 1. Постојна состојба

Прашањето за тоа колку е квалитетно нашето образование особено стана актуелно по осамостојувањето на Македонија. Нашата претходна самоувереност за високиот квалитет на нашето образование се доведе во прашање по изведените меѓународни, но и национални мерења на знаењата на учениците по определени наставни предмети. Квалитетот на нашето образование се доведе во прашање и со извештаите на странските експерти за оценување кои, пред сѐ, истакнуваа дека државата нема докази за квалитетот на постигањата на учениците на сите степени на образованието.

Повеќе од јасно е дека потребата за повисок квалитет на образованието е условена од промената на сегашниот систем за обезбедување и вреднување на квалитетот на образованието.

Во нашиот образовен систем не постои сеопфатен систем за обезбедување и контрола на квалитетот кој на сите заинтересирани страни, во и надвор од системот, навремено би им нудел валидни и релевантни информации за ефикасноста на системот, резултатите од активностите, условите во кои се одвива образовниот процес, како и за квалитетот на постигањата на учениците.

Речиси единствен показател за квалитетот на образовниот процес кај нас, на училишно, но и на државно ниво, се оценките на учениците, иако во последно време како да е присутно неподелено мислење дека на училишните оценки не можеме многу да им веруваме бидејќи не се доволно објективни. Главна карактеристика на оценувањето на учениците од страна на наставниците е традиционалниот пристап во вреднувањето на нивните усни или писмени одговори при што, најчесто, од нив се бара да ги репродуцираат фактите што се дадени во учебниците. Ваквиот начин на проверување на знаењата не го одразува квалитетот, туку способноста на ученикот да меморизира и репродуцира факти. Непостоењето на стандарди на постигања и критериуми, врз основа на кои наставникот ќе ги оценува постигањата на учениците, го прави процесот на оценување нејасен и со голема доза на субјективност. Причина повеќе што не може да се цени квалитетот на нашето образование преку училишните оценки е и тенденцијата на сѐ поизразеното зголемување на процентот на одлични ученици во последниве десетина години.

Доказ дека овие констатации не се базирани на импресии, се резултатите што учениците ги постигнаа на екстерните мерења, изведени во нашата земја последниве 5 години, на кои основните стандарди на постигања ги постигнуваа 70-60% наместо очекуваните 90% од учениците.

Недостатоците на постојниот систем на оценување на учениците во училиштата на јавноста ѝ се познати многу одамна и биле предмет на анализа во повеќе стручни трудови, но досега многу малку е направено овој систем да се осовремени и да се дополни со други видови на следење и оценување на постигањата на учениците во процесот на нивното школување.

Во нашата држава не постојат утврдени постапки и процедури за самовреднување на работата на училиштата чија основна функција е да се идентификува квалитетот на работата на училиштето во целина и да овозможи ефективно развојно планирање на неговата понатамошна работа. Постојна практика кај нас е училиштата да изготвуваат годишна програма за работа и извештаи за реализација на програмата. И двата вида документи се изготвуваат да дадат опис на работата и постигањата на училиштата без аналитичен пристап во вреднувањето и отсуство на развојната компонента во планирањето. Позитивни движења во овој домен има во рамките на повеќе проекти, но, бездруго, овие почетни чекори потребно е да се стават во систем кој ќе биде применлив во практиката и кој ќе има поддршка од институциите на локално и на државно ниво.

Една од причините за неефикасно функционирање на системот за обезбедување и контрола на квалитетот е и недоволно јасната поделба на одговорностите во овој домен на постоечките институции, како и непостоењето на институција чија примарна задача ќе биде да ги следи трендовите во

постигањето на стандардите на државно ниво.

Во моментот кај нас постојат три основни механизми за надзор и вреднување на квалитетот на образовниот систем. Државната просветна инспекција е одговорна за надзор во извршувањето на законите и другите прописи и акти за работата на воспитно-образовните установи, а стручниот надзор или квалитативните аспекти од работата на училиштето е во надлежност на Бирото за развој на образованието.

Државната просветна инспекција изготвува записници по извршените увиди во кои освен констатираните состојби, предлага и мерки за надминување на воочените законски недоследности, а во извештаите од Бирото се даваат препораки за унапредување на работата. Главна слабост на двата постоечки механизми за надзор и вреднување на квалитетот е што тие не се вршат систематски и што не постои доволно јасна методологија за вреднување на квалитетот на работата на училиштата. Постојните слабости произлегуваат и од недоволниот број на советници во Бирото за развој на образованието, како и од големиот број на одговорности кои ги имаат советниците.

Третиот механизам за вреднување на квалитетот преку екстерни оценувања го врши специјализирана единица во рамките за Бирото за развој на образованието. Овој механизам сè уште е во фаза на воспоставување иако досега се веќе изведени 4 национални оценувања на постигањата на учениците на крајот од одделенската настава, како и претестирања на решенијата од Концепцијата за матура и за завршни испити во јавното средно образование. Ова одделение веќе изготви стандарди на постигања за повеќето наставни предмети во одделенската настава, а во фаза на изготвување се и стандарди на постигања за наставните предмети на крајот на основното образование.

Идните напори за обезбедување и контрола на квалитетот треба да се насочат кон дефинирање на системот и изготвување на соодветна легислатива која ќе ги регулира односите и надлежностите во остварувањето на крајната цел на системот – подигање на квалитетот на образованието и образовните услуги.

## 2. Потреба од обезбедување и контрола на квалитетот на образованието

Потребата од обезбедување и контрола на квалитетот на образованието се базира врз следниве сознанија:

- Пред сè, тоа е сознанието за значителната поврзаност на квалитетот на образованието со неговото континуирано следење и вреднување. Контролата треба да даде повратни информации, односно да покаже колку добро работат и какви резултати постигнуваат учениците, како

работат училиштата (наставниците и другите кадри), и, се разбира, како функционира образовниот систем во целина. Тоа значи дека контролата (вреднувањето) треба да покаже со каков успех училиштата ја остваруваат својата мисија - она за што се формирани и постојат, односно какво образование им обезбедуваат на учениците и на останатите корисници на нивните услуги.

- Повратните информации, пак, што ги обезбедува системот на обезбедување и контрола на квалитетот, на надлежните државни, локални и училишни фактори, како и на другите субјекти им служат да ја оценат образовната политика, да констатираат дали се реализираат планираните цели, колку рационално се трошат средствата и слично и да планираат и реализираат решенија и активности со кои ќе се обезбеди образовниот систем, не само успешно да функционира, туку и постојано да се развива. Без *повратните информации*, што ги обезбедува системот на обезбедување и контрола на квалитетот, *образовниот систем не би можел да се усовршува и унапредува.* Систематската контрола на квалитетот на образованието претставува начин на верификација на дејноста, слично како што за стопанството е пазарот.

- *Вреднувањето го штити образованието од волунтаризам и некомпетентност во двојна смисла:*

  ***Прво,*** така *се открива и елиминира секое нестручно планирање, организирање и изведување на воспитно-образовната работа*, не само од страна на училиштата, туку и од страна на повисоките државни и локални органи. Во отсуство на развиен систем на контрола на квалитетот, постои опасност автономијата на наставниците (училиштата) да затаи и да се претвори во самоволие, непрофесионалност и слично.

  ***Второ,*** контролата на квалитетот на образованието е нужна и *за да се заштитат и училиштата од евентуални неосновани критики за нивното работење,* на кои, често, неоправдано се изложени. Имено, на училиштата им се упатуваат забелешки за нивното (не)работење, што во отсуство на стандарди и критериуми за квалитетно образование е многу тешко да се докажат или негираат. Но, за квалитетот е исто толку опасно кога училиштата го утврдуваат сами и во отсуство на дефинирани стандарди и критериуми.

- Системот за обезбедување и контрола на квалитетот обезбедува информации кои се основа за *градење и функционирање и на информативниот систем во образованието*. На тој начин се обезбедува постојано, навремено и целосно информирање на јавноста а, пред сè, на најзаинтересираните (учениците, родителите, работодавците) за постигањата во образованието.

- Децентрализацијата на управувањето со образованието ја наметнува потребата од изнаоѓање и на нови пристапи во обезбедувањето и контролата на квалитетот на образованието. Имено, со децентрализацијата се очекува систематското следење и вреднување на работата на училиштата во добра мера да се пренесе на директорот и на другите субјекти во самото училиште, зашто со децентрализацијата и со зголемувањето на автономноста на училиштата се менува и улогата на надворешните установи или овластени советници од државата и тоа од претежно надзорничка (контролна, инспекциска) - во супервизиска. Тоа е уште една сериозна причина час поскоро да се преземат конкретни активности за менување на сегашната состојба и да се обезбеди следење и вреднување на квалитетот на образованието во предучилишните установи и основните и средните училишта, а за тоа да се оспособат и самите воспитно-образовни установи.
- Наспроти ваквото сознание, во нашиот образовен систем не е изграден (развиен) и не функционира целосен и современ систем за обезбедување и контрола на *претпоставките* за квалитетно образование (како ,,влез" во образованието), *на текот на воспитно-образовниот процес* (во кој се создава квалитетот на образованието), како и на *резултатите*, како ,,излез" од тој процес на сите нивоа (индивидуално, групно - паралелка, училишно, државно). Оттаму, паралелно со сите други промени во образованието неопходно е да се пристапи и кон развивање и воведување на соодветен систем на обезбедување и контрола на квалитетот на образованието, зашто следењето и вреднувањето во секоја образовна реформа, во исто време, е инструмент и мерило на нејзината успешност.

## 3. Цели на Програмата

Основна цел на Програмата за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието е да се конципира (развие, дефинира) и на практиката да ѝ се понуди целосен современ и кохерентен систем за обезбедување и контрола на квалитетот на предучилишното, основното и средното воспитание и образование, систем кој ќе биде компатибилен со системите на другите европски земји и чија доследна примена во практиката ќе гарантира постојано унапредување на квалитетот на образованието во нашата земја.

Системот за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието врз основа на стандарди за квалитет е составен дел на образовниот систем и негова *стратешка цел* е да обезбедува квалитет на *условите* за образование, квалитет на наставниот *процес* и квалитет на *резултатите* од образованието.

# 2. СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО, ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ1[1]

## 1. Зошто систем

Систем затоа што станува збор за повеќе елементи со одредени карактеристики, кои меѓу себе се заемно поврзани во една кохерентна функционална целина што тие ја сочинуваат.

Систем затоа што со него се определува како се водат неопходните два вида (групи) активности (за обезбедување и за контрола на квалитетот на образованието), односно затоа што нивното успешно остварување, во заемна интеракција, води кон постигнување на јасно определената цел - квалитетно образование.

Системот функционира така што влезните елементи (фактори) ги трансформира во излезни, односно ги постигнува своите цели со процесите на регулирање на активностите, врз основа на повратните информации меѓу влезните и излезните елементи.

Отсуството на систем значи препуштање на случајноста, односно на личните иницијативи, желби, можности и способности на одделни колективи (училишни или во други надлежни установи) во обезбедувањето и контролата на квалитетот.

## 2. Цели на системот

*Основна (општа) и крајна цел на овој пристап* е *постојано подобрување на квалитетот на предучилишното, основното и средното воспитание и образование - негово подигање на повисоко ниво*. Во тоа се огледа *развојната функција* на системот за обезбедување и контрола на квалитетот.

За постигнување на крајната цел системот ги има и следниве цели:

- На надлежните државни, локални, училишни и други овластени и заинтересирани субјекти да им обезбеди навремени, валидни и целосни информации за функционирањето на образовниот систем во земјата, односно за степенот на постигнатост на неговите цели, а заради преземање на евентуални корективни и други активности за подобрување на квалитетот на образовните услуги што им ги пружа на корисниците.

[1] Системот за обезбедување и контрола на квалитетот на високото образование е утврден во Законот за високо образование и измените на истиот („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 64/00, 49/03) и Правилникот и измените на истиот („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 47/01, 97/02).

- Да се поттикне интерес кај училишните колективи и да ги мотивира за обезбедување и постојано следење и вреднување на квалитетот на услугите и за подобрување на истиот.
- Да се развие интерес за постојано стручно усовршување (училиштето, во целина, да стане организација која учи), особено преку искуствено учење и саморефлексија на вработените, за поголема кооперативност меѓу себе, за соработка со средината итн., а тоа значи и поголема грижа за развојот на училиштето во целина.
- Да ги заинтересира и мотивира родителите на учениците и другите субјекти за вреднување на квалитетот и за неговото подобрување и да им помогне да се оспособат и активно да се вклучат во процената и подобрувањето на квалитетот.
- Да придонесе за (само)контрола во работењето на воспитно-образовните установи, не само во функција на отчетност, туку и заради превентивно дејствување - навремено откривање и елиминирање на грешки, слабости и пропусти.

Коректната примена на овој пристап се очекува да придонесе воспитно-образовните установи - *од статични* (кои постојано чекаат поттик однадвор и кои реагираат само за да се приспособат на барањата на околината) полека *да станат динамични* и сами да го планираат и водат сопствениот развој и да нудат и обезбедуваат квалитетно образование.

## 3. Појдовни основи на системот

Развивањето и воведувањето во практиката на систем за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието е само еден аспект од севкупните промени што се започнати и што ќе се одвиваат во наредниот период во предучилишното, основното и средното образование и тој не само што треба да се третира, туку и *се очекува да функционира како нивен интегрален* дел. Тој се базира на повеќе теориски поставки, но и на значајни практични сознанија и искуства за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието.

- Овој систем ги има предвид сите потврдени вредности и искуства на досега применуваните наши и туѓи, но и на некои нови пристапи во обезбедувањето и контролата на квалитетот. Според тоа, развојот и имплементацијата на нов систем за обезбедување и контрола на квалитетот *не значи целосно напуштање на кој и да е од досега практикуваните и нивно заменување со сосема нови*, туку нивно иновирање и (заедно со новите компоненти на системот) вградување во една кохерентна целина, *што ќе претставува квалитативно нов систем* кој ќе биде во функција на целта на севкупните промени и намерите за подобар квалитет на образованието.

- За градењето на систем за обезбедување и контрола на квалитетот од прво-степено значење *се програмските и другите промени од дидактички аспект*, односно внатрешното иновирање на предучилишното, основното и средното образование.
- Една од основите од кои се поаѓа во развојот и имплементирањето на нов систем за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието е и *процесот на децентрализација и демократизација во управувањето со образованието* во нашава земја. Имено, со проширувањето на автономноста на воспитно-образовните установи се зголемува и нивната одговорност за квалитетот на сопствената работа, па поради тоа самите тие се првите кои, преку самовреднување, треба да (до)кажат колку успеваат да ги постигнат утврдените стандарди, односно да ги задоволат потребите на корисниците на нивните услуги, но и да кажат колку и тие самите се задоволни со обезбедените (пред)услови во кои работат.
- Значајни претпоставки од кои поаѓа системот се и материјалната основа на образованието, односно поддршката што тоа треба да ја има од надлежните фактори, како и од ставот дека сознанијата од контролата на квалитетот, пред сѐ, им служат на наставниците и другите фактори во училиштето, кои треба да го подобрат квалитетот на својата работа. Тоа значи дека основна намена на контролата на квалитетот е натамошниот развој, а не оценување на училиштето (наставниците) и негово споредување со други.
- Овој систем поаѓа од една суштествена карактеристика на училиштето, како организација во која се остварува воспитно-образовна дејност, а тоа е дека училишната средина е простор кој постојано се менува. Дел од промените се условени од промените во општеството пошироко или од промените во непосредната околина на училиштето, бидејќи се менуваат и потребите на родителите и на останатите посредни корисници на услугите на училиштето. Постојано променливиот простор, во кој дејствува училиштето, го отежнува планирањето на неговата работа. Тоа не е во состојба сосема успешно и во целост да ги утврди (насети) специфичните потреби на корисниците и да го испланира нивното задоволување. Но, затоа може и треба да го организира начинот на кој може да се обезбеди квалитетно задоволување на потребите. Тоа е една од основните причини поради кои и методологијата на вреднување на квалитетот на работата на училиштата треба да биде комплексна и усогласена со потребите и можностите на образовниот систем.

## 4. Општи и методолошки принципи

Успешното развивање и имплементирање на системот за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието во голема мера е условено од дефинираноста и почитувањето на одредени принципи (општи и методолошки) при неговото функционирање во практиката.

### *4.1. Општи принципи*

- ***Практична изводливост*** - што подразбира дека системот за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието по сите основи е соодветно приспособлив на реалните услови (кадровски, материјални, финансиски, временски и др.) во кои треба да функционира, односно дека е практично применлив во условите во кои се остварува работата во воспитно-образовните установи.
- ***Корисност*** - значи дека системот треба не само со голема сигурност да води кон обезбедување на саканиот квалитет, туку и постојано да овозможува повратни информации, корисни за планирање на, евентуални, корективни, но и иновативни активности заради натамошно подобрување на квалитетот на образованието.
- ***Партиципативност*** - значи дека во процесот на обезбедување и контрола на квалитетот на образованието се вклучени не само оние кои вршат вреднување, туку и оние чија работа и постигања се вреднуваат, како и оние кои на посреден начин имаат влијание или се заинтересирани за ефектите од воспитно-образовниот процес (родители, луѓе од локалната средина и др.).
- ***Транспарентност*** - што се огледа во тоа што вреднувањето се врши врз основа на стандарди за квалитет и од нив изведени показатели и критериуми, кои се јавни стручни документи и до кои секој заинтересиран има пристап во секое време. Транспарентноста е постојано присутна и во текот на самиот процес на изведување на екстерните оценувања и испити и на надворешното вреднување од страна на државните институции. Освен тоа, таа е овозможена и со вклученоста во тој процес на поголем број наставници, ученици, родители и надворешни субјекти. Транспарентноста на системот за обезбедување и контрола на квалитетот се огледа и во тоа што училиштето (тимот), на погоден начин, врши јавно презентирање на извештајот од вреднувањето.
- ***Етичност*** - значи дека при практичната примена на системот реализаторите и сите заинтересирани за квалитетот на образованието постапуваат чесно и одговорно. Чесноста и одговорноста, пак, за основа ја имаат стручноста на кадрите во образованието, како на оние во управните и

стручните органи, така и на непосредните практичари. Етичноста подразбира да се почитуваат и одредени правила за анонимност на одделни процедури и тајност на некои податоци и информации, почитување на личниот интегритет на секоја единка чија работа се следи и вреднува; коректни односи меѓу сите учесници во вреднувањето и заштита на човековите права и правата на децата (учениците).

## *4.2. Методолошки принципи*

Поаѓајќи од суштествените карактеристики кои ја одразуваат природата на феноменот *квалитет на образованието*, при практичната примена на системот за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието, врз основа на стандарди за квалитет, особено треба да се имаат предвид следниве ставови (принципи) од методолошка природа:

- Практичната изведба на сите видови активности (организациски, методски, технички) во процесот на обезбедување и контрола на квалитетот на образованието мора да се остваруваат со ***висок степен на професионалност***, што, во наши услови, претпоставува и дополнително темелно стручно оспособување на учесниците во вреднувањето.
- Обезбедувањето и контролата на посакуваниот квалитет на образованието нужно претпоставува ***да постојат јасно утврдени стандарди и показатели за квалитетот, како и критериуми за процена на степенот на нивната постигнатост.*** Се разбира, и едните и другите мора да произлегуваат од суштината и законитостите на воспитно-образовниот процес, односно да се во согласност со теоријата врз основа на која е граден концептот за него. Тоа значи дека овој систем го уважува ***критериумскиот пристап*** во вреднувањето, при што постигањата на училиштата се споредуваат со стандардите (национални, локални, училишни), а не со постигањата на останатите училишта.
- ***Квалитетот на образованието не може да се изрази статистички, само врз основа на мерења и бројчано изразени резултати, туку нему треба да му се приоѓа како на дијалектичко единство од квантитативни и квалитативни компоненти.*** Во таа смисла и овој пристап во обезбедувањето и контролата на квалитетот на образованието ги има предвид двата негови аспекти - квантитативен и квалитативен. Друго е прашањето на што во одреден момент ќе се даде предност (поголемо значење) - на квантитетот или на квалитетот. Квантитативниот пристап се базира на мерење, пообјективен е, звучи „студено" и служи за аналитичко оценување, а квалитативниот се базира на вреднување, помалку е објективен, звучи „топло" и служи за глобално оценување. И двата пристапа претпоставуваат постоење на стандарди и критериуми.

- ***Квалитетот на образованието мора да се проценува и вреднува како целина***, а не само некои негови, пред сè, мерливи елементи. Квалитетот и по дефиниција е севкупност од својства кои ја одразуваат неговата суштина и само како таков може да се вреднува. Значи, на квалитетот на образованието мора да му се пријде холистички, а не парцијално.
- ***За квалитетот на образованието не може да се размислува и суди само врз основа на некои конкретно утврдени резултати, туку, пред сè, и секогаш од аспект на процесите и односите меѓу соучесниците во образовниот процес***, во кои тој и се создава. Ова начело посебно треба да се има предвид со оглед на фактот што во нашата образовна практика, а и во пошироката средина, сè уште многу поголемо значење им се придава на резултатите (во смисла на обем на усвоени знаења и сл.), отколку на процесот во кој тие резултати се постигнати.
- ***Квалитетот на образованието не може да се проценува и вреднува како пресек (снимка) на моменталната состојба***, и тоа најмалку поради следниве две причини: прво, затоа што на тој начин се запоставува процесот кој претходи на таа состојба и во кој тој квалитет е постигнат и, второ, затоа што одделни ефекти на образованието доаѓаат до израз одложено - често и по неколку години од неговото апсолвирање.

## 5. Стандардите - основа за обезбедување и контрола на квалитетот

Квалитетот воопшто, па и квалитетот на образованието се дефинира и како придржување кон пропишани стандарди, како при неговото создавање (обезбедување), така и при неговото вреднување. Според тоа, ***стандардите се основа за обезбедување и контрола на посакуваниот квалитет.***

За обезбедување и контрола на квалитетот на образованието неопходно е да постојат три групи на стандарди:

- ***Стандарди за (пред)условите*** - за потребниот простор, опрема, наставни средства, учебници, соодветен и доволен број на наставен кадар, стандарди за финансирање на училиштата и други. Тоа се национални стандарди со кои државата на некој начин пропишува што сè треба да биде обезбедено за да може една воспитно-образовна установа да биде регистрирана за вршење на соодветна воспитно-образовна дејност.
- ***Стандарди за процесот*** - Овде се вбројуваат стандардите за курикулумот во поширока смисла за зборот, односно за наставните планови и програми со кои се пропишуваат целите, содржините, стандардите за планирање и за организација на воспитно-образовната работа, за формите и методите на изведување на наставата и начинот на оценување на

постигањата, за организацијата на воспитно-образовната работа (број на ученици во паралелка или воспитна група, број на наставници, големина на училиштето, вкупен број на работни денови и нивната организација во текот на годината - календар на учебната година) и други.

- ***Стандардите на постигања*** претставуваат прифатени описи на нивоата на квалитетот и квантитетот на знаењата што се очекува учениците да ги достигнат на крајот на определен период на образованието. Наставните програми определуваат што учениците треба да знаат и можат, како резултат на усвојување на содржините што програмата ги предвидува, а стандардите на постигањата претставуваат конкретизирање и диференцирање на постигањата по нивоа. Токму ваквото конкретизирање и диференцирање овозможува објективно и валидно гледање на постигањата на учениците и го олеснува нивното мерење и вреднување.

Стандардите ќе се користат како показатели за утврдување на постигањата на учениците во различни услови и ќе можат да се користат од различни субјекти заинтересирани за состојбите во образованието.

Тие првенствено ќе се користат при сукцесивните мерења (тестирања) на крајот од одделни образовни циклуси, при што ќе се обезбедуваат показатели за постигнатоста на овие стандарди на ниво на државата. Описите на нивоата на постигањата дадени во стандардите по одделни предмети ќе им овозможат на наставниците да ги вреднуваат постигањата на нивните ученици, а со тоа и ефектите од сопствената работа. Состојбите во постигањето на стандардите на ниво на државата ќе им овозможат на одговорните фактори да преземаат мерки врз основа на емпириски показатели, т.е. мерки кои ќе условат позитивни промени во постигањето на стандардите. За родителите и пошироката јавност стандардите на постигањата ќе претставуваат средство што ќе им помогне подобро да ги разберат и да ги вреднуваат постигањата на училиштата, во одредени услови за работа, по одделни наставни предмети.

За успешна примена на стандардите потребно е:

- сите стандарди да бидат проследени со јасно дефинирани показатели, со чија помош ќе може да се утврдува степенот на постигнатост на стандардите;
- за стандардите да постои општа согласност (консензус) од страна на сите надлежни и други заинтересирани фактори.

*Залагањето за постоење на стандарди не значи и залагање за стандардизација во смисла на унификација на образовната дејност.* Стандардите се користат за организирање и изведување на воспитно-образовната работа, за повремено проценување и објаснување на она што се случува во определен период и да се утврди дали учениците напредуваат во

согласност со стандардите. Стандардите, сфатени како стандардизација или унификација, се во целосна спротивност со концептот на квалитетот.

Залагањето - квалитетот на образованието да се обезбедува со придржување кон определени стандарди - важи само под услов ако во поставувањето на стандардите се вклучени не само институциите кои нив ги подготвуваат, туку и училиштата (наставниците), како и корисниците на образовните услуги, но и ако така усвоените стандарди се сметаат само како времени, односно такви што секогаш - штом ќе се постигнат, ќе можат да се подигнат на повисоко ниво.

За функционирање на системот за обезбедување и контрола на квалитетот на образованието многу важен услов е редефинирањето на функциите на веќе постоечките државни институции (Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат), како и воспоставувањето на нови институции (Државен испитен центар, Центар за средно стручно образование). Овие институции треба да го воспостават системот, да пружаат стручна поддршка во неговата примена, како и да се грижат постојано да го унапредуваат сообразно на општите и образовните промени.

## 6. Обезбедување и контрола на квалитетот

### *6.1. Обезбедување на квалитетот*

Обезбедувањето на квалитетот на образованието во поширока смисла, и на ниво на образовен систем и на ниво на воспитно-образовни установи, претпоставува преземање на повеќе разновидни активности од страна на надлежните органи и институции, како и од заинтересираните субјекти заради создавање на услови за успешно остварување на програмираната воспитно-образовна работа во училиштата. Притоа, се мисли, пред сè, на постоење и реализација на *развојна политика* за образованието во целина, но и на секое одделно училиште.

Поточно, под ***обезбедување на квалитетот*** на образованието се подразбира постоење, односно созадавање на сите нужни предуслови (како „влезни“ фактори) од кои тој зависи. Поточно, тоа се низа од меѓусебно поврзани активности насочени, од една страна, на планирање, координирање, организирање на работата на училиштето во целина, согласно со пропишаните стандарди и други нормативни акти, насочени кон создавање на услови за работа на училиштата и, од друга страна, конкретните активности за успешна реализација на програмираниот воспитно-образовен процес заради задоволување на потребите и очекувањата на корисниците на нивните услуги, односно за постигнување на стандардите за квалитет на образованието.

## 6.2. Контрола на квалитетот

Под *контрола на квалитетот на образованието* се подразбира континуиран динамичен процес на изведување на поширока лепеза од активности на следење и проверување на бројни параметри (состојби, решенија, активности - процеси и постигања - резултати), сврзани со функционирањето и постигањата на воспитно-образовниот систем или некој негов потсистем, училиштето или делови од него и слично. Тоа е процес на прибирање на податоци за текот на воспитно-образовниот процес, за условите во кои тој се одвива, како и за резултатите од него и нивно средување и обработување (анализирање, оценување и интерпретирање). Поточно, се работи за стручно изведени активности на следење, проверување, оценување и вреднување на степенот на постигнатост на стандардите, односно степенот на задоволеност на потребите и очекувањата на корисниците на образовните услуги.

Меѓу овие две основни компоненти на системот (обезбедување и утврдување на квалитетот), како и меѓу поткомпонентите на системот, постои интеракција.

Активностите за обезбедување на квалитетот, главно, се свртени кон ,,влезните“ фактори (предуслови), додека активностите на вреднување - кон ,,излезните“ фактори (резултатите), а и двата вида активности подеднакво внимание посветуваат на процесите во кои се создава квалитетот.

## 6.3. Подрачја и предмет (содржина) на контролата (вреднувањето)

Предмет на вреднување не се само постигнатите *резултати*, туку и *условите* (претпоставките) за подобар квалитет, како и *процесите* во кои тој се постигнува. Поточно, тоа се подрачјата од работењето на воспитно-образовните установи, во кои тоа ги задоволува потребите и очекувањата на учениците, родителите, околината и вработените во самото училиште. Тоа се следниве подрачја и потподрачја:

| Подрачје | Потподрачје |
|---|---|
| 1. Курикулум - план и програма за воспитно- образовна работа | ▸ Реализираност на програмата<br>▸ Можности за изборност и факултативност<br>Вонннаставни активности<br>*Содржини од локален интерес* |

| | |
|---|---|
| 2. Резултати - постигнатост нацелите накурикулумот | ▸ Постигања во усвојување на знаења и вештини<br>▸ Формирање на вредности (ставови)<br>▸ Успешност на одделни групи (пол, наставен јазик, насока, образовен циклус)<br>▸ Општа успешност на учениците во училиштето<br>▸ Трендови во постигањата |
| 3. Наставен процес - учење и поучување | ▸ Планирање и подготовка на наставата<br>▸ Организација и изведување на наставата<br>▸ Приспособеност на наставата на можностите на учениците (индивидуализација)<br>▸ Време наменето за учење и поучување<br>▸ Оценувањето како интегрален дел од наставата<br>▸ Информираност за напредокот на учениците |
| 4. Поддршка и помош на учениците | ▸ Севкупна грижа за учениците<br>▸ Средина за учење<br>▸ Услови за добросостојба, здравје и безбедност<br>▸ Клима за учење<br>▸ Помош за избор на програми и професија |
| 5. Ресурси | ▸ Училишни објекти - просторни капацитети<br>▸ Опрема, наставни средства и помагала<br>▸ Обезбеденост на наставни и други кадри<br>▸ Следење на работата и развојот на кадрите<br>▸ Вклученост на кадрите во работата на училиштето, активности надвор од наставата |
| 6. Етос - училишна клима | ▸ Односите во училиштето<br>▸ Рамноправност (еднаквост) и правичност<br>▸ Информирање<br>Вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес и можности за влијание |
| 7. Раководење и управување | ▸ Стручен развој на директорот<br>▸ (Рако)водење<br>▸ Управување<br>▸ Однесување (постапување) со ресурсите<br>▸ Грижа за наставата<br>▸ Соработка со средината |

Во секое од споменатите подрачја се опфатени и одреден број на потподрачја. Нивната конкретна содржина се определува со стандардите. Освен тоа, за секое подрачје и потподрачје, кое е предмет на вреднување, со методологијата за вреднување на квалитетот се утврдуваат и одреден број на *показатели*, кои укажуваат на одделни карактеристики на квалитетното образование.

## 6.4. Видови вреднувања на квалитетот

За утврдување, односно вреднување на квалитетот на образованието, според овој пристап се користат три методолошки постапки, односно три вида на вреднување. Тоа се: *самовреднување или внатрешно вреднување, надворешно вреднување и екстерните оценувања и испити.*

### *А. Самовреднување*

Првиот чекор во процесот на вреднување на квалитетот на образованието во воспитно-образовните установи започнува со самовреднување. Тоа е еден вид на самоспознавање, што подразбира и критички однос кон себе, кон сопственото работење, зашто секое сознание за себе значи и споредување на себеси со некоја општествена норма (стандард) и давање на (само)оценка. Но, самооценката не е доволна. Таа има дијагностички карактер бидејќи претставува *утврдување на состојбата*, односно оценка на степенот на постигнатост на целите на установата во споредба со стандардите и критериумите. Самовреднувањето, пак, претпоставува уште и *определување на односот кон утврдената состојба*. Едно е да се констатира што сме постигнале, а сосема друго е колку сме задоволни со постигнатото, како тоа се прифаќа и доживува, колку е значајно во споредба со целите.

Самовреднувањето е постојан процес, во кој вработените во училиштето и учениците сами проценуваат колку се успешни, врз основа на споредување на своите постигања со стандардите. Притоа, тие го искажуваат и својот однос кон она што го постигнуваат, но не само во споредба со барањата на стандардите, туку и во споредба со она што установата планирала да го постигне, односно со нивната визија на мисијата на установата.

### Зошто самовреднување

Самовреднувањето е нов пристап во процесот на обезбедување и вреднување на квалитетот на образованието, кој последниве десетина години сè почесто се применува во повеќе земји во Европа и во светот. Тоа е составен дел од сите активности на вреднување на квалитетот на образованието во една воспитно-образовна институција или на образовниот систем во една земја. Неговото прифаќање и практикување е последица на децентрализацијата и демократизацијата, односно на зголемената автономност во управувањето со образованието, а со тоа и на зголемената одговорност на неговите носители. Освен тоа, се покажало дека самовреднувањето ги предизвикува и мотивира субјектите за подобро работење и за промени кон подобар квалитет. Како постапка самовреднувањето е многу значајно и затоа што:

- наставниците и останатите вработени во воспитно-образовните институции, па и учениците и нивните родители, најдобро се запознати со работата, со условите за работа и со постигнатите резултати;
- учесници во самовреднувањето се истите луѓе кои, по вреднувањето, ќе треба да реализираат корективни или други активности што ќе водат кон одржување и/или подобрување на квалитетот;
- самовреднувањето и самоопределувањето за наредните цели и активности го јакнат чувството на припадност кон процесот на вреднување и верувањето дека тоа придонесува за подобрување на квалитетот, а ја зголемува и одговорноста за евентуалниот неуспех;
- сознанијата од самовреднувањето се основа и клучен фактор за колегијалното и надворешното вреднување.

Најпосле, треба да се каже и тоа дека самовреднувањето, по правило, е *благовремено* и со повеќе елементи на *формативно вреднување* (што не е случај со надворешното вреднување); тоа е солидна основа за потемелно и пообјективно надворешно вреднување. Нема успешна контрола (вреднување) без самоконтрола (самовреднување). Најбитно е што кај учесниците во самовреднувањето е присутно чувството дека тие ја имаат контролата во свои раце, дека тие владеат со сопственото однесување - дека од нив зависи колку и што ќе постигнат, а сето тоа ја поттикнува и засилува нивната внатрешна мотивација за работа.

## Цели и намена на самовреднувањето

*Општа цел на самовреднувањето е постојано подобрување на квалитетот на работењето, како на секој поединец, така и на воспитно-образовната установа во целина.* Поточно речено, негова цел е да ги охрабри и да им помогне на сите во училиштето да расправаат, да размислуваат за тоа дека секој од нив носи дел од одговорноста за квалитетот и за воведените подобрувања на истиот. Притоа постојано треба да имаат предвид дека *носечка, централна вредност,* со која се поврзани сите стратешки цели и одлуки во воспитно-образовните установи, односно нивното практично дејствување, *е степенот на задоволството на корисниците на нивните услуги*.

Ефективноста на сопственото внатрешно следење и самовреднување зависи од развиеноста на училишната култура. Но, во исто време, и самовреднувањето придонесува за создавање (развивање) на култура и клима, па и етика за сопствено преоценување на сите во воспитно-образовната установа со почитување на утврдени и прифатени правила (кодекс) на однесување.

Практичната примена на овој пристап претпоставува и оспособеност на тимот кој го планира и реализира самовреднувањето, но и *оспособеност на вработените во воспитно–образовните установи* за самостојно изведување на сите етапи од циклусот на квалитетно изведување на воспитно-образовната работа, а особено за следење и вреднување на процесот и резултатите, односно за утврдување на степенот на задоволеност на потребите и очекувањата на корисниците (степенот на постигнатост на целите на училиштето).

## Што опфаќа - што е содржина на самовреднувањето

Општа и сеопфатна рамка на предметот на вреднување на квалитетот на образованието е дадена во поглавјето: Предмет на вреднување (стр. 15). Воедно таа е и општа рамка за содржината на самовреднувањето во воспитно-образовната установа. Но, веднаш да кажеме: такво сеопфатно вреднување на работата и на постигањата на една установа се прави поретко (циклично на секои 3-5 години). Според тоа, едно конкретно самовреднување може да опфати само дел од сѐ она што, по правило, е нејзин предмет, односно само едно или неколку подрачја и само некои нивни аспекти. Што од сето тоа, навистина, ќе опфати самовреднувањето ќе зависи од многу нешта, а, пред сѐ, од целите и намената на истото.

На пример, ако сознанијата од самовреднувањето треба да послужат за изработување на развојна неколкугодишна програма за работа на воспитно-образовната установа, тогаш е јасно дека негова содржина ќе бидат сите подрачја од нејзиното работење и живеење. Меѓутоа, пред нивното користење за подолгорочно развојно планирање, по правило, сознанијата од самовреднувањето треба да се усогласат со сознанијата од надворешното вреднување. Вообичаено е тоа да се прави на секои 3-5 години. Тоа е и период кој, по правило, се совпаѓа и со циклусот во кој се врши и целосно надворешно вреднување на работата на секое училиште од страна на надлежна институција, иако нивното совпаѓање не е задолжително.

Но, самовреднувањето може да се однесува и само на едно подрачје или дел од одредено подрачје (на пример: може да се врши вреднување само на раководењето - управувањето со установата; само на постигањата на учениците; на стручното усовршување на наставниците; на соработката со родителите и локалната заедница; на слободните активности на учениците итн.) Често се случува, на пример, предмет на самовреднување да биде некој актуелен проблем (на пример: училишната култура и клима; материјално-техничките и организациските услови за работа и сл.), реализацијата на некој проект итн.

Според тоа, што ќе биде предмет на самовреднувањето во една воспитно-образовна установа, одлучува неговото раководство во консултација со

сите други заинтересирани субјекти и за тоа формира посебен тим. Ваквиот пристап е можен и поради фактот што почетокот на самовреднувањето и неговата динамика не се поврзани со некои определени термини од учебната година.

Составен елемент на самовреднувањето (интерното вреднување) може да биде и т.н. *колегијално вреднување*. Навистина, оваа постапка не е задолжителна, но е многу корисна и затоа е пожелна. За неа одлучува тимот што го води училишниот проект за вреднување, во консултација со директорот и наставниците. Колегијалното вреднување може да го вршат лица од ист профил (дисциплина) или колеги од други профили, кои се оспособени за процена на некои специфични аспекти на квалитетот (на пр., раководење - менаџмент; планирање на наставата; оценување на постигањата на учениците; индивидуализација на наставата, изработување и користење на тестови на знаења и сл.). Тие можат да бидат внатрешни (од истото училиште) или надворешни - од други училишта, за кои ќе се определи соодветниот наставник, односно директорот - ако станува збор за вреднување на неговата работа од страна на друг директор. Колегијалното вреднување може да се базира на сознанија од самовреднувањето, како и сознанија од непосреден увид, хоспитации во наставата (работата на колегата) или преку увид во документацијата (планирања, подготовки на тестови, досијеа итн.).

Во основа, колегијалното вреднување се сведува на менторска или, подобро, на советодавно - инструктивна и *супервизорска работа*. Затоа при ангажирањето на лицата за колегијално вреднување треба да се води сметка и за нивната оспособеност за оваа улога.

### Намена на сознанијата од самовреднувањето

Добиените сознанија од самовреднувањето воспитно-образовната установа може да ги искористи за разни намени. Пред сè, врз основа на тие сознанија таа ги планира сопствените активности во насока за зачувување на добрите (позитивните), но и за отстранување на негативните страни во нејзиното работење. Сите тие, и други активности што ги планира воспитно-образовната установа, треба да придонесат за натамошно подобрување на квалитетот на образовните и други услови што им ги пружа на своите корисници. Сознанијата од самовреднувањето се и почетна основа за надворешното вреднување од страна на надлежните институции.

## *Б. Екстерни оценувања и испити*

Екстерните испити и оценувања се изведуваат на определен период и, по правило, на крајот на одредени образовни циклуси. Нивна основна карактеристика е што се целосно стандардизирани и се изведуваат по

формализирани процедури и според однапред утврдени стандарди на постигања. Овие испити и оценувања ги планираат и изведуваат специјализирани установи (испитни центри), а конципирањето на содржината и начинот на оценувањето се во надлежност на стручни одбори и комисии (Државен матурски одбор, државни предметни комисии). Екстерните испити и оценувања не ја доведуваат во прашање функцијата и потребата од училишното оценување. Оценувањето на постигањата на учениците од страна на наставниците, а особено формативното оценување и, со воведувањето на ваквите надворешни оценувања, и понатаму ќе ја има функцијата континуирано во текот на образовниот процес да обезбедува повратни информации за квалитетот на постигањата на учениците и за квалитетот на поучувањето. Анализата на резултатите од екстерните оценувања и испити, на ниво на училиште треба да биде составен дел на процесот на (само)оценување во училиштето и еден од индикаторите за квалитетот на образовниот процес.

Воспоставувањето на екстерни испити и оценувања во Македонија ќе овозможи државата, но и локалните образовни власти и училиштата да имаат валидни и објективни информации за постигањата на учениците и за образовните фактори кои влијаеле на постигањата, но и да се следат трендовите во постигањето на стандардите. Овие информации треба да им послужат на одговорните субјекти на државно и на локално ниво за донесување на одлуки во образовната политика засновани на вистинските состојби и потреби во образовната практика, како и за ефикасна распределба на ресурсите.

Но, за да може системот на контрола на квалитетот да ги обезбедува потребните информации за носителите на одлуки во образованието, испитите и оценувањата, што се составен дел на системот, треба да се одликуваат со определени карактеристики како што се:

- да се соодветни на целта на мерењето;
- да обезбедуваат еднаквост;
- да се интегрирани во системот;
- да бидат прифатени од јавноста;
- да се соодветни на материјалните и човечките ресурси во земјата;
- да се транспарентни, т.е. процедурите на спроведување и оценување да им се познати на сите заинтересирани субјекти;
- да е законски регулиран начинот на користење на резултатите;
- да обезбедуваат подобрување на квалитетот на воспитно –образовниот процес.

Видовите на испити и екстерни оценувања што се предлагаат произлегуваат од имплементираните или планираните промени во образовниот процес, од

потребата за обезбедување на квалитет во образованието, финансиските и човечите ресурси, како и од современите концептуално – методолошки новини во овој домен  во светот.

***Стандардите на постигања*** се централна компонента на овој систем.  Стандардите се основен услов за да може да се врши вреднување на постигањата на учениците што е еден од индикаторите за процена и на квалитетот на образованието. Од ова произлегува дека приоритетна задача во воспоставувањето на систем за обезбедување и вреднување на квалитетот би било изготвувањето на стандарди на постигања.

Следната компонента на системот се испитите и екстерните оценувања со кои ќе се врши систематско следење и информирање за постигнатоста на стандардите. Во одредувањето на видот  на испитите и оценувањата, што предлагаме да бидат дел од системот, основни услови се целта заради која тие се организираат и ефикасноста и ефективноста што тие ја обезбедуваат  во следењето и информирањето за постигнатоста на целите. Оттука предлагаме следниве испити и екстерни оценувања да бидат дел од нашиот образовен систем:

- национални оценувања на крајот од развојно-педагошките фази во задолжителното основно образование;
- екстерни и училишни испити на крајот од четиригодишното средно образование;
- училишни испити на крајот од тригодишното средно образование.

***Националните оценувања*** се модел на екстерна проверка на постигањата на учениците кои обезбедуваат показатели за постигањата на учениците и постигнатоста на стандардите како индикатори за квалитетот на образованието. Тоа значи дека оценувањето е насочено кон користење на информациите за процена на квалитетот на образованието и имплементирање на мерки за подобрување на квалитетот, а не кон оценување на постигањата на индивидуални ученици. Затоа ваквите испитувања обично се вршат на репрезентативен примерок, што овозможува добивање на веродостојни податоци за заклучување на ниво на државата и на ниво на одделни подгрупи, а едновремено е кадровски и финансиски рационално[22]. Составен дел на овие оценувања е и прибирањето на информации за факторите кои влијаат на постигањата што овозможува длабинска анализа на состојбите во делот од образовниотсистемчијквалитетсепроверува.[33]Многузначајнакарактеристика на овој вид на оценувања е што овозможува следење на трендовите, т.е. споредување на постигањата во различни последователни временски

[2] Испитувањата по ист наставен предмет се повторуваат по неколку години.

[3] Постигањата на учениците се мерат со помош на серија од тестови, а податоците со прашалници  за факторите кои влијаат на постигањата.

периоди во однос на постигнатоста на стандардите. Сите овие карактеристики овозможуваат на еден рационален и ефективен начин да се врши проверка на квалитетот, да се следат промените и да се согледуваат бенефициите од ефикасното распределување на ресурсите и имплементацијата на иновациите за подобрување на квалитетот. Овој вид на екстерно оценување е особено погоден за проверка на квалитетот на задолжителното образование каде што нема потреба од испити кои овозможуваат селекција на учениците. Оттука се предлага во нашата земја да се вршат национални оценувања во основното образование на крајот од развојно-педагошките целини при што постепено ќе се вклучуваат сите наставни предмети.

Друг вид на екстерна проверка се ***испитите*** кои се организираат заради сертификација и селекција на учениците за повисок степен на образование. Испитите кои се спроведуваат на крајот на одделните потсистеми (основното, средното образование) во поголема мера овозможуваат сертифицирање на постигањата на секој ученик поединечно или служат за објективна селекција на учениците кои сакаат да го продолжат образованието во наредниот степен од системот. Иако овој модел на оценување е насочен повеќе кон вреднување на индивидуалните постигања, анализата на податоците од испитите може да послужи за вреднување на квалитетот на образованието. Особено корисни ќе бидат резултатите добиени од испитите што се оценуваат екстерно и се задолжителни за сите ученици, како и од резултатите добиени од испитите што ќе ги одбере најголемиот дел од популацијата. Вакви испити би се спроведувале на крајот на средното образование, а одговорноста за организирањето, спроведувањето и оценувањето би била во најголема мера во надлежност на државата, т.е. на специјализирана институција која би била формирана за оваа намена.[44] Вакви испити можат да се спроведуваат за одреден број предмети и на крајот на основното образование доколку државата има потреба од механизми за селекција на кандидатите за запишување во средното образование.

## Намена на сознанијата од екстерните оценувања и испити

Добиените сознанија ќе бидат достапни и корисни за различни корисници. Институциите што, непосредно или посредно, се креатори на образовната политика (МОН, Бирото за развој на образованието, универзитетите) сознанијата од екстерните оценувања и испити ќе можат да ги користат за процена на состојбите во системот и за планирање на идниот развој. Резултатите од екстерните испити ќе послужат како селективен механизам за влез на високото образование и ќе обезбедат правична распределба на

[4] Видовите на испитите и начинот на нивното полагање на крајот од четиригодишното средно образование се проектирани во Концепцијата за матура и за завршен испит што ја изготви Државниот матурски одбор.

слободните места на факултетите.

Воспитно–образовните установи, што значи директорите, стручните работници и наставниците, ќе можат да добијат сознанија за постигањата на државно ниво, за практиката што е поврзана со повисоки постигања на учениците, што ќе им помогне да ја проценуваат и усовршуваат сопствената работа. Анализата на резултатите од екстерните оценувања и испити, според однапред изготвена методологија, треба да биде составен дел на процесот на самовреднувањето во училиштата и еден од основните индикатори според кој ќе се изготвуваат училишните развојни планови. Појасното дефинирање на стандардите на постигањата и сознанијата за нивното постигање ќе им помогнат на училиштата своите стандарди да ги изедначуваат со државните.

Најважните показатели треба да бидат публикувани на начин достапен до голем број заинтересирани (родители, социјални партнери) кои не се професионално врзани за образованието. Тие ќе добијат релевантни сознанија за постигањата на учениците на државно ниво, а од екстерните испити и за постигањата на секое училиште одделно. Овие информации треба да им послужат за градење на квалификувани оценки за нашиот образовен систем и да им послужат да влијаат и да придонесуваат во креирањето на образовната политика.

### *В. Надворешно вреднување*

Тоа е вреднување кое се врши како редовна контрола на одредени повторливи периоди, како и по барање на воспитно-образовната установа или според оценка или барање на надлежните органи.

Надворешното вреднување на квалитетот на образованието во воспитно-образовните установи го врши Државниот просветен инспекторат. Инспекторатот е централна образовна институција задолжена за континуирана и системска контрола на квалитетот во образовниот систем.

Државниот просветен инспекторат преку своите инспектори ќе врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето на квалитетот на образованието преку евалвацијата на работата на воспитно-образовните установи во предучилишното, основното, средното и постсредното образование, а истовремено ќе го следи и контролира спроведувањето на законите во сферата на сите степени на образование.

Во вршењето на своите контролни функции Државниот просветен инспекторат непосредно соработува со Бирото за развој на образованието (БРО), а особено во контролата на квалитетот на спроведување на националниот курикулум во воспитно-образовните установи во Република Македонија.

Надворешното вреднување ги остварува двете функции на вреднувањето: *развојната* - значи, унапредување на работата и квалитетот, и *контролната* - проверка како се остваруваат стандардите и елиминирање на грешките. Поточно, се работи за два вида оценување и вреднување: формативно и сумативно. Прашање е само како тие да се усогласат во текот на нивното практично изведување, односно на која од двете функции ќе се даде предност во конкретните околности. Во зависност од тоа и ќе доминираат „тврдите" (квантитативните) или „меките" (квалитативните) податоци, односно дали предност ќе се даде на објективноста или на валидноста или ќе се стреми кон врамнотеженост.

*Контролната функција* е поврзана со сумативното вреднување. Таа треба да се остварува по потреба или на нечие барање и, се разбира, како задолжителна. Тоа значи дека таа ќе има помалку превентивна улога од причини што контрола може да се врши над спроведување на правно-нормативни и други акти, на нешто што е јасно и строго пропишано. Контролата не води кон развој, туку кон одржување на одредена состојба.

*Советодавната функција* е поврзана со формативното внатрешно и надворешно вреднување и затоа, по својата суштина, треба да е *високостручна супервизиска работа*.

Вршителот на надворешното вреднување (Инспекторатот) својата работа (надзорна и советодавна) мора во целост да ја усогласи со образовните стандарди, да ја стандардизира. Освен тоа, оваа служба треба да има и извесна автономност во вршењето на своите функции. Давањето предност на советодавната функција и зголемената автономија на надзорот значително ја зголемува и *соодговорноста* на оваа служба за квалитетот на работата на воспитно-образовните установи. Од друга страна, пак, и работата на надзорниците, на извесен начин, се вреднува не само од Министерството за образование и наука, туку и од оние чија работа тие ја вреднуваат (воспитно-образовните установи).

*Цел* на надворешното вреднување е да се продлабочат, објективизираат и верифицираат наодите од самовреднувањето, односно да се воспостави дијалог со вработените во воспитно- образовните установи, да се оформат сопствени видувања за добрите страни, но и за евентуалните проблеми и слабости во сите подрачја на вреднувањето и да се предложат мерки и активности за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи.

Надворешното вреднување помага самовреднувањето да биде чесно, објективно и критичко, а ги афирмира и позитивните страни на работењето на кои внатрешното вреднување не секогаш обраќа доволно внимание. Според тоа, надворешното вреднување и самовреднувањето се *комплементарни,* а не спротивставени меѓу себе. Кога се практикуваат и двете постапки се доаѓа до поцелосно, посоодветно вреднување на работата на воспитно-образовните установи, при што јакне и самодовербата кај вработените во нив. Во секој случај познато е дека надворешното вреднување обезбедува и подобар кредибилитет на образовната установа пред пошироката јавност.

Значајно е да се има во вид и фактот дека елементи на самовреднување има и во колегијалното и во надворешното вреднување, бидејќи и во едното и во другото, оној чија работа се вреднува има можност да се произнесе, да дискутира, разговара за оценката од колегата или од надворешниот проценувач и истата да ја прифати или не или да утврдат заедничка оценка.

## 7. Извештаи од вреднувањата и екстерните оценувања и испити

Секое вреднување (самовреднување, колегијално вреднување и надворешно вреднување и екстерни оценувања и испити) завршува со пишување на извештај за сознанијата до кои се дошло. Секој извештај, по правило, има три главни дела.

Во *првиот - воведниот дел* се прикажува постапката како е извршено вреднувањето, кој сѐ учествувал во тоа и во пишувањето на извештајот, колку добро, односно со какви тешкотии се одвивало вреднувањето и друго.

Во *вториот дел* се прикажуваат сознанијата до кои се дошло во текот на вреднувањето. Тоа се прави така што прво се дава опис на состојбите, без какви било коментари или оценки. Тоа е *дескриптивниот* дел од извештајот. Потоа следи *аналитичкиот* дел, во кој се објаснуваат, се интерпретираат прикажаните информации за состојбите и се даваат оценки за истите. И во двата дела соодветно се прикажуваат позитивните и негативните страни во секое од вреднуваните подрачја.

Во *третиот дел* се даваат заклучните согледувања за добрите и слабите страни и се предлагаат можни решенија за тоа како да се задржат добрите,

односно да се надминат слабите страни. Тоа е основа за изработка на план на активностите што ќе следат по вреднувањето.

Анализата и користењето на резултатите од внатрешното и надворешното вреднување и испитите е не само значајно, туку и многу чувствително прашање. Резултатите од вреднувањето претставуваат огромен потенцијал за нови предизвици кон промена на училишната практика, што ќе води и кон подобар квалитет.

Секој извештај, откако ќе се напише, се дава на увид на субјектите на чија работа се однесува или кои на некој начин биле вклучени во вреднувањето за да ги искажат своите мислења за неговата содржина. Потоа следат евентуални корекции и најпосле тој се усвојува од надлежен орган.

## 8. Активности по вреднувањето

По усвојувањето на извештајот од вреднувањето започнува процесот на реализирање на активностите што се предложени во врска со задржувањето на постигнатиот квалитет или за неговото подобрување. Поточно, врз основа на заклучоците во извештајот воспитно –образовните установи изработуваат развоен план за период за кој сметаат дека ќе може да ги реализирааат, пред сѐ, нужните активности за отстранување на констатираните слабости. Тоа се конкретни активности на сите или на одделни субјекти во воспитно-образовните установи, испланирани за определен период, по кои повторно следи вреднување.

## 9. Цикличност на постапките - дејствијата

Една од основните карактеристики на овој систем за обезбедување и контрола на квалитетот е неговата цикличност - непрекинатост и заемна поврзаност (зависност) на одделните етапи што го чинат циклусот. Тоа се следниве активности и според следниов редослед:

- се започнува со *анализа на постојната состојба со квалитетот*, врз основа на податоците прибрани по пат на самовреднување и/или надворешно вреднување, јавни испити и оценувања;
- потоа следи *планирање на идната работа (цели),* врз основа на сознанијата од анализата на состојбата;
- третата етапа е *реализација на планираните активности*;
- четвртата етапа е *утврдување на степенот на постигнатост на планираните цели - вреднување итн*.

Тоа значи дека обезбедувањето и контролата на квалитетот, според овој пристап, се одвива континуирано во повторливи циклуси од споменатите

активности. Се разбира, тоа може да се прави на сите нивоа, за сите подрачја и во кое било време од учебната година. Според тоа, очигледно е дека процесите на утврдување на стандарди и нивното коригирање, како и процесите на следење, вреднување, планирање и реализирање чинат непрекината спирала која постојано води кон повисок квалитет.



## 10. Нивоа на примена на системот за вреднување

Пред сè, многу е важно да се знае дека активностите на системот за обезбедување и контрола на квалитетот врз основа на стандарди за квалитет може да се остваруваат на следниве нивоа:

- *ниво на воспитно-образовен систем;*
- *ниво на потсистем* (предучилишно, основно, средно, високо);
- *ниво на одделна воспитно-образовна установа* (градинка, училиште, факултет);
- *ниво на одделение / клас / група или образовен циклус во рамките на потсистемите* (на пр., одделенска настава, предметна настава и сл.);
- *ниво на одделен елемент од воспитно-образовниот процес* (на пример: подрачјето оценување, практична настава, изучување на странски јазици и сл.);
- индивидуално ниво (ниво на наставник, наставна програма).

Освен тоа, битно е што на секое ниво се изведува и повторува комплетниот циклус на активности: анализа на постојната состојба (следење и вреднување), планирање и изведување (реализација на планираното) и повторно: следење и вреднување, планирање, изведување итн.

На кое ниво ќе се врши вреднувањето ќе зависи како од целите што се сака да се постигнат, така и од обезбеденоста на објективните и субјективните услови за негово успешно изведување.

## 11. Други видови вреднувања

Повремено и по потреба се вршат и други видови вреднувања (контрола) на квалитетот на образованието. Тоа можат да бидат истражувања (испитувања) и процени на ефективноста на образовниот систем во целина или на одделни негови потсистеми (предучилишно, основно, средно, високо), односно на нивни делови (на пример: одделенска настава, предметна настава, гимназиско образование и сл.) или на посебни аспекти од функционирањето на системот или негови компоненти (концептот на курикулумот и наставата, моделот на управување и раководење, потсистемот на финансирање итн.).

Овој вид испитувања (вреднувања) ги вршат надлежните државни институции сами или во соработка со научните институции од земјава, односно со меѓународни асоцијации и институции, а по претходна согласност или на барање од Министерството за образование и наука.




# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО >>>>>>>>>



Работна група:

д-р Зоран Т. Поповски, координатор
д-р Тале Герамитчиоски
Ќамил Целадини
д-р Благородна Лакинска
Мирјана Гацева
Драган Недељковиќ
д-р Константин Петковски
Бојана Нацева
Афердита Хаџијаха – Имери

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА НА РЕФОРМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## ВОВЕД

Децентрализацијата, но и другите реформски интервенции во образованието ја налагаат потребата од нова институционална поставеност на управувањето, организацијата и обезбедувањето на квалитетот во образованието. Заради тоа, воведувањето на екстерната евалвација во сите степени на образованието, поврзувањето на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, професионалниот развој на наставниот и раководниот кадар во образованието, сертификацијата на неформалното образование, европеизацијата на реформите во високото образование согласно со препораките на Болоњската декларација и во стручното образование согласно со Копенхагенската декларација имаат потреба од соодветна институционална поддршка која ќе обезбеди одржливост на споменатите реформски зафати.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Во управна смисла, МОН ќе игра улога на орган надлежен за решавање на управни постапки од втор степен, во финансиска смисла ќе има контролна и советодавна улога, додека во стручна смисла своите надлежности ќе ги остварува преку органите во неговиот состав.

Во прво време органите во состав ќе бидат под директна јурисдикција на надлежното министерство, но со текот на времето дел од нив ќе се осамостојуваат и ќе прераснуваат во независни агенции кои ќе ги нудат своите услуги за обука, обезбедување и контрола на квалитетот на образованието кон државата. Ова особено се однесува на Државниот испитен центар, институционалните форми за обука на директори и наставници и Центарот за стручно образование и обука.

Во однос на високото образование, сите постојни тела кои се надлежни за основање, финансирање, акредитација и евалвација, освен советодавната, ќе

преземаат и извршна улога паралелно со нивното целосно осамостојување.

Покрај надлежностите кои досега ги имаше кон споменатите потсистеми, МОН во претстојниот период ќе треба да развие посебни надлежности кон неформалното образование и образованието за возрасни. Во таа смисла МОН ќе учествува во акредитацијата на понудувачите на образовни услуги од неформален тип, но и во верификацијата на издадените документи (сертификати и уверенија) за завршена обука, преквалификација и доквалификација.

### *а) Надлежностите на МОН во предучилишното, основното и општото средно образование:*

» проверување на исполнетоста на условите за отворање или затворање на образовни институции врз основа на утврдени мерила и критериуми;

» водење централен регистар на училиштата;

» водење единствен образовен информационен систем преку кој ќе подготвува компаративни анализи за организацијата и финансирањето на образованието врз основа на утврдени индикатори;

» вршење контрола и ревизија на финансиското работење на образовните институции;

» координирање на меѓународната соработка во образованието преку водење единствен регистар на донации во образованието;

» водење на процесот на нострификација на дипломите за завршено основно и гимназиско образование во странство;

» во соработка со НВО, учество во организацијата на спортските натпревари во областа на училишниот спорт на национално ниво;

» предлагање по еден претставник во училишните одбори на училиштата преку кои ќе има увид во управувањето со образовните институции;

» координирање на реализацијата на воннаставните активности (екскурзии, настава во природа, натпревари, изложби, смотри).

### *б) Надлежностите на МОН во стручното образование и обука:*

» задржување на надлежностите за управување, организација и финансирање на државните средни стручни училишта;

» по препорака на Националниот совет за стручно образование и обука, предлагање на Владата мрежа на установи за средно образование и обука;

» давање согласност за престанокот со работа на установите за стручно образование и обука, на начин утврден со закон;

» вршење верификација на установите за стручно образование и обука, на начин утврден со закон;
» вршење акредитација на установите кои ќе организираат внатрешна обука и преквалификација на наставниците по практична настава (инструктори);
» по предлог на Центарот, водење и ажурирање на регистарот на стандарди за занимањата за стручното образование и обука;
» предлагање по еден претставник во училишните одбори на стручните училишта преку кои ќе има увид во управувањето со средното стручно образование;
» водење на единствениот образовен информационен систем преку кој ќе подготвува компаративни анализи за организацијата и финансирањето на стручното образование врз основа на утврдени индикатори;
» вршење контрола и ревизија на финансиското работење на средните стручни училишта;
» водење на процесот на нострификација на дипломите за стекнато средно стручно образование во странство;
» координирање на меѓународната соработка во образованието преку водење единствен регистар на донации во стручното образование;
» преговарање и соработка со социјалните партнери (Стопанската комора, синдикатите, другите министерства) на национално ниво заради задоволување на потребите на пазарот на трудот;
» воспоставување посебна канцеларија за подготовка на проекти од стручното образование според програмите на Европската унија;
» донесување национални рамковни наставни програми и планови;
» заедно со Стопанската комора на Македонија и Комората на занаетчиите на Република Македонија (во натамошниот текст: Коморите) утврдување на процедурите за надзор и вршење надзор над установите за стручно образование и обука;
» по предлог на ЦСОО донесување наставен план и програма за стручно-дидактичка дообука на обучувачите од претпријатијата во установите за стручно образование и обука кои се под негова надлежност.

### *в) Надлежностите на МОН во образованието на возрасните:*

» воспоставување посебен систем на регистрација на понудувачи на образовни услуги од неформален тип базиран на утврдени нормативи и стандарди;
» воспоставување систем за верификација и нострификација на докумен-

тите за доквалификација и преквалификација;
- ќе биде надлежно за спроведување на законите во областа на образованието на возрасните;
- воспоставување посебна канцеларија за подготовка на проекти од областа на доживотното учење според програмите на Европската унија;
- афирмирање на филозофијата за доживотно учење;
- координирање на меѓународната соработка во образованието на возрасните.

### *г) Надлежностите на МОН во високото образование:*

- обезбедување средства за високо образование од буџетот на државата;
- координирање на меѓународната соработка во високото образование преку ТЕМПУС канцеларијата и Болоња фоллоњ уп групата;
- водење на процесот на нострификација на дипломите за стекнато високо образование, специјализација и научно усовршување во странство;
- давање мислење до Владата на Република Македонија на предлогот за упис на државните високообразовни установи;
- водење централен регистар за бројот на студентите и вработените во државните високообразовни институции;
- делегирање 7 члена во Советот за развој и финансирање на високото образование;
- делегирање 4 члена во Одборот за акредитација и евалвација на високото образование;
- реализирање на средствата за плати, надоместоци, материјално-тековно одржување, инвестиции и договорни услуги одобрени од буџетот на Република Македонија.

## ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

### ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ (ДПИ)

ДПИ ќе врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето на квалитетот на образованието, ефективноста преку евалвацијата на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.

Својата надлежност, ДПИ интегрално ќе ја врши во: основните и средните училишта, јавните детски градинки, установите за образование на возрасните, установите за образование и оспособување на учениците со посебни воспитно-образовни потреби и во ученичките и студентските домови. Во високообразовните установи и во научните установи ДПИ ќе врши надзор над примената на законите во делот на процедурите за избор и реизбор во наставни и научни звања.

Своите надлежности Инспекторатот ќе ги спроведува преку надзор над:

» постоењето услови за вршење на дејноста во воспитно-образовните, високообразовните и научните установи;

» остварувањето на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното, средното и постсредното образование;

» посебните услови за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи, како и нивното стручно и педагошко усовршување и полагањето на стручен испит (во предучилишното, основното, средното и постсредното образование);

» постапката за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања;

» управувањето и раководењето со воспитно - образовните установи за предучилишно, основно и средно образование;

» реализацијата на наставните планови и програми и другите пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно-образовната дејност;

» реализацијата на воннаставните активности;

» реализацијата на експерименталните програми во воспитно-образовните установи;

» спроведувањето на конкурсот за запишување на учениците и студентите и на конкурсот за сместување на учениците и студентите во ученичките и студентските домови;

» педагошката евиденција и документација и нивното издавање и употреба во предучилишното, основното, средното и високото образование;

» примената на нормативите за бројот на потребните наставници и соработници и за големината на групата на редовни студенти во високообразовните установи;

» постапката за донесување на студиските програми во високото образование;

» следењето на воспитно-образовниот процес за време на штрајк во предучилишното, основното и средното образование;

- работата на овластените инспектори на општината само во однос на надлежностите што се утврдени од државата во сферата на образованието;
- наплатувањето и распределбата на средствата за образовни услуги стекнати од сопствени извори во основното и во јавното средно образование;
- примената на законската регулатива во воспитно-образовните, високообразовните и научните установи.

## БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО (БРО)

БРО ќе работи на развојот и унапредувањето на системот за предучилишното, основното, гимназиското образование, образованието на возрасните и образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на нивниот мајчин јазик и култура.

### Стручните надлежности на БРО во однос на содржината на образованието:

- следење и проучување на резултатите и достигањата на педагошката теорија и практика заради унапредување на системот на образованието и воспитанието и внесување иновации во содржините, методите, облиците и средствата за воспитно-образовната работа;
- изготвување анализи и предлагање концепти и други студии од општ и системски карактер за развојот на предучилишното, основното, средното и специјалистичкото воспитание и образование и образованието на возрасните;
- изработување и предлагање наставни планови и програми за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото воспитание и образование, образованието на децата со посебни потреби, ученичките домови и образованието на возрасните;
- изработување програми за изучување на мајчиниот јазик и култура на децата на граѓаните на Република Македонија во странство;
- изработување и предлагање стандарди и нормативи за наставен кадар, опрема и наставни средства;
- изработување дидактичко-методски и други упатства за реализација на воспитно-образовната работа;
- изработување стручни упатства и други материјали за актуелни прашања на воспитанието и образованието;
- предлагање нови содржини, методи, форми и средства за воспитно-образовната работа и нивна експериментална примена;

- проучување и унапредување на наставната технологија и воспитно-образовната практика;
- проучување и вреднување на ефектите на воспитно-образовната работа и наставните програми во градинките и училиштата;
- изработување програми и насоки за вонnаставните активности;
- проучување на условите за остварување на наставните планови и програми во воспитно-образовните установи;
- давање мислења за развојните програми на воспитно-образовните установи и проучување на годишните извештаи за нивната работа;
- давање стручна помош на училиштата во работата со надарените и талентираните ученици и предлагање мерки за нивна поддршка;
- проучување на промените во системот и организацијата на образованието и воспитанието и предлагање мерки за натамошен развој на предучилишното, основното, средното и специјалистичкото воспитание и образование;
- иницирање и учество во развојно-истражувачки проекти за иновирање на наставата и другите облици на воспитно-образовна работа и следење на ефектите од нивната реализација;
- соработување со наставно-научните установи и сродните установи на Бирото од земјата и странство;
- проучување и работа на прашањата сврзани со меѓународната соработка во областа на образованието;
- вршење и други работи во врска со воспитно-образовната работа на образовните установи согласно закон.

**Стручните надлежности на БРО кон наставниот кадар:**

- вршење советодавни работи со воспитувачите, наставниците, стручните соработници и директорите за планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа;
- вршење советодавна работа за интерна евалвација и самоевалвација на работата на наставниците, директорите и стручните соработници на образовните установи;
- вршење советодавно-консултативна и менторска работа во организацијата и реализацијата на воспитно-образовната работа во градинките и училиштата;
- прибирање податоци за образовната структура на воспитно-образовните кадри и евидентирање на промените во образованието на наставниците и другите кадри во предучилишното, основното и средното воспитание и образование;

- испитување и утврдување на образовните потреби на воспитувачите, наставниците, стручните соработници и директорите во градинките и училиштата;
- предлагање програма за стручно и педагошко усовршување на воспитно-образовниот кадар;
- планирање, организирање и реализирање на стручно и педагошко усовршување на воспитно-образовниот кадар во врска со реализацијата на наставните програми;
- соработување со факултетите и други установи во врска со стручното, педагошкото и дидактичко-методското усовршување на воспитувачите и наставниците.

**Стручните надлежности на БРО во однос на издаваштвото:**

- предлагање план и програма за издавање учебници за предучилишното, основното, гимназиското образование, образованието на возрасните и образованието на децата на граѓаните на Република Македонија во странство за учење на нивниот мајчин јазик и култура;
- предлагање програми за издавање експериментални учебници;
- перманентно следење и развој на квалитетот на учебниците, детските списанија и дополнителната литература од областа на воспитанието и образованието;
- изготвување концепција за учебници за основното и за средното образование и методологија за вреднување на учебниците;
- издавање дидактички материјали за учениците за истражувачки цели;
- подготвување мислења за ракописите за учебници и другата литература за учениците: работни тетратки, работни листови, збирки на задачи, практикуми, прирачници, тестови на знаења и слично за предучилишното, основното и средното образование и воспитание и доставување до Министерството за образование и наука;
- издавање прирачници и друга прирачна литература за воспитувачите, наставниците и стручните соработници;
- издавање дидактичко-методски публикации за наставниците за планирање и подготовка на наставата, како и педагошка, дидактичко-методска, психолошка и друга литература наменета за воспитувачите и наставниците;
- издавање списанија за теоретски и практични прашања во областа на воспитанието и образованието; издавање публикации за актуелностите во воспитанието и образованието;
- издавање на наставните планови и програми за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование и за основното обра-

зование на возрасните и нивно доставување до градинките, училиштата и институциите во кои се организира основното образование на возрасните;

» развивање концепти за педагошката евиденција и документација за предучилишното, основното и средното воспитание и образование.

» Надлежностите на БРО во однос на информациско-документациската дејност:

» воспоставување информациски систем и база на податоци за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование и образованието на возрасните;

» прибирање, средување и обработување информации и податоци од областа на предучилишното, основното, средното, специјалистичкото воспитание и образование и за основното образование на возрасните;

» прибирање, средување и чување педагошка документација од значење за образованието во Република Македонија (наставни планови, програми, учебници, монографии и др.);

» набавување стручна литература и списанија од земјата и од странство за своите потреби.

## ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (ЦСОО)

ЦСОО го основа Министерството за образование и наука (алтернатива: Владата).

Во ЦСОО се усогласуваат и интегрираат државните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Република Македонија, со што се создаваат услови за успешно вклучување на меѓународниот пазар на трудот.

Во рамките на ЦСОО ќе функционира и Македонската национална опсерваторија (МНО) како институционално тело за соработка со Европската тренинг фондација (ЕТФ).

Целта на ЦСОО е да обезбеди квалитетно стручно образование според потребите на пазарот на трудот, согласно на европските стандарди и темелните вредности на претприемничкото општество. На таков начин ЦСОО ќе придонесе за подобрување на вработливоста на младите и зголемување на економската ефективност и конкурентноста во македонското стопанство.

Имајќи го сето ова предвид, надлежностите на ЦСОО би биле:

» развој на стручното образование и обука заради усогласување со

потребите на современиот технолошки и општествен развој;
- поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на стручното образование и обука;
- поврзување на образованието и работата во духот на филозофијата за доживотно учење;
- развивање на европска ориентација на стручното образование, со обезбедена транспарентност и конкурентност на стекнатите стручни компетенции, прилагодени на потребите на заедничкиот европски пазар на трудот преку соработка со ЕТФ и ЦЕДЕФОП;
- истражување на пазарот на трудот и стручните квалификации и занимања, како и развојните трендови;
- подготвување на концепции за сите видови на стручно образование и обука;
- регистрација на понудувачите на образовни услуги од неформален тип;
- развивање на методолошка основа, согласно дефинираните стандарди за спроведување на испитите на крајот на секој вид на стручното образование и обука;
- изготвување на стандарди на струки и занимања, како основа за изработка на наставните планови и програми;
- изготвување и предлагање список на занимања за стручното образование и обука до Советот;
- развивање на наставни планови и програми за стручните предмети на сите нивоа на стручното образование и обука;
- следење на реализацијата на наставните планови и програми, како и на резултатите од испитите на крајот на секој вид на стручното образование и обука;
- обезбедување поддршка на стручното образование преку советување, инструирање и менторирање на наставниците и обучувачите во стручното образование и обука;
- давање мислење за исполнетоста на условите на институциите кои бараат верификација за реализирање на стручното образование и обука;
- развој и реализирање на стручно усовршување на наставниците во стручното образование и обука;
- изработка на проекти за опремување на училиштата и учество во развивањето на образовните содржини и образовната технологија;
- посредување во кариерниот развој на учениците во стручното образование и обука;

» развивање на национална рамка на квалификации;

» предлагање решенија за подобрување на врските помеѓу стручното образование и основното образование, стручното образование и општото образование и стручното образование и високото образование.

## ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР (ДИЦ)

Со оглед на фактот дека ДПИ би бил задолжен за перманентната контрола на квалитетот во основното и во средното образование, ДИЦ ќе спроведува проверка на знаењата на учениците преку организирање на национални оценувања во основното и во средното образование и преку организирање на полагањето на државната матура и на завршниот стручен испит во средното стручно образование. Овие типови на испити како заеднички именител ја имаат екстерноста, која ќе обезбеди зголемување на одговорноста кај наставниот и раководниот кадар.

На почетокот ДИЦ би функционирал како орган во состав на МОН, но со текот на времето може да се осамостои во независна агенција која ќе нуди услуги на државата кои се однесуваат на екстерната евалвација.

Клучни функции на ДИЦ:

» организирање и изведување на државна матура и завршен испит во средното образование;

» организирање на национални оценувања во основното и во средното образование;

» воспоставување стандарди на постигањата на учениците, како и систематско следење и прибирање податоци за нивната постигнатост;

» учество во подготовката и организацијата на меѓународните тестирања кои би се спроведувале во Република Македонија;

» обука и сертификација на наставниците за интерно оценување (самоевалвација);

» обука на наставниците за користење на резултатите од екстерните оценувања и испити;

» обезбедување на аналитичка поддршка на Министерството за образование и наука и училиштата преку објективни информации од оценувањата и испитите;

» давање поддршка на институциите кои ќе ја спроведуваат екстерната евалвација и самоевалвацијата на работата на училиштата преку изготвување на стандардизирани инструменти;

» други мерења поврзани со квалитетот и постигањата во образованието;

» давање стручни услуги од областа на образовните мерења и оценувањето;
» публикување на материјали поврзани со образовните мерења и оценувањето.

## ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА УЧИЛИШНИ ДИРЕКТОРИ (ЦОУД)

Пренесувањето на голем дел на надлежностите во образовните институции низ процесот на децентрализација, бара и сосема нов профил на директор на училиштето. Директор кој нема да очекува помош само „одгоре" и „отстрана", туку работите ќе ги преземе во свои раце. За таа цел, секој оној кој ќе претендира да стане директор на образовна установа треба да помине низ соодветен систем на обука кој ќе ги зајакне неговите менаџерски, финансиски, правни, педагошки и административно-технички вештини без кои нема да може успешно да управува со училиштето.

Заради тоа е неопходно востановување на еден ваков центар кој ќе служи како инкубатор за обука и дообука на раководните кадри во образованието.

ЦОУД би ја организирал обуката на претендентите за директори, дообуката на затекнатите директори, а преку свои претставници во Државната комисија за полагање испит за директор би учествувал во нивното лиценцирање и сертифицирање.

Постоењето на ЦОУД не ја исклучува можноста од востановување на посебна студиска програма за постдипломски (специјалистички или магистерски) студии со чие завршување би се супституирала предложената обука како облик на неформално образование.

И овој центар, како и ДИЦ, со текот на времето може да прерасне во независна институција која ќе работи врз принцип на самофинансирање.

## УПРАВА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАЗИЦИТЕ НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ (УРУЈЕЗ)

Со Охридскиот рамковен договор предвидено е формирање на УРУЈЕЗ која би ги имала следните надлежности:

- водење организирана грижа за изведување настава за припадниците на етничките заедници согласно со Уставот и Законот за употреба на јазиците;
- обезбедување учебници и друга литература за припадниците на етничките заедници од нивните матични држави;
- обезбедување подобар пристап до сите степени на образованието за сите маргинални етнички групи;

- координирање на реализацијата на проектите кои имаат за цел јакнење на толеранцијата помеѓу припадниците на различните етнички заедници во Република Македонија.

# СОВЕТОДАВНИ ТЕЛА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## ДРЖАВЕН СОВЕТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ (ДСО)
**(алтернатива: Да не постои ДСО)**

ДСО е највисоко советодавно тело надлежно за образованието именувано од страна на Собранието на Република Македонија. Него го сочинува 21 член именувани од редот на еминентните стручњаци и научници од соодветните наставни дисциплини.

ДСО би ја имал улогата на корективен инструмент врз извршната власт во областа на образованието.

Тој би учествувал во:

» донесувањето стратешки одлуки и документи во областа на образованието;

» верификацијата на националната рамка на квалификации по предлог на ЦСОО;

» утврдувањето мерки за грижа за надарените млади;

» именувањето на членовите на стручните комисии за оценка на ракописи;

» усвојувањето на наставните планови и програми за основното и средното образование;

» усвојувањето на програмата за обука на директорите;

» утврдувањето на динамиката на националното оценување;

» усвојувањето на концептите за матура и за завршен испит;

» издавањето на акредитација за неформалното образование по предлог на ЦСОО;

» усвојувањето на разделот за образование од буџетот на Република Македонија.

## СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (СРФВО)

СРФВО е самостоен советодавен орган составен од 15 члена од кои 8 се предложени од Интеруниверзитетската конференција и 7 од МОН. Тој би ги имал следните надлежности:

» одлучување за средствата за финансирање на високообразовната дејност;

» одлучување за распределбата на средствата за вршење на дејноста на високообразовните установи;

» утврдувањето услови и критериуми за финансирање на дејноста на универзитетите и високообразовните установи, како и за финансирање на меѓународната соработка, издавачката и информациската дејност;

» одлучување за инвестиционите зафати, за одржување на постојната опрема и набавка на нова, за одобрување на средствата за набавка на стручна литература и за обезбедување на амортизацијата и осигурувањето;

» одлучување за системот на стипендирањето и кредитирањето на студентите и за субвенциите на студентскиот стандард;

» утврдување мерила и критериуми за стимулирање на талентираните студенти и одлучување за доделување стипендии на студентите кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите;

» утврдување мерила и критериуми за кофинансирање на студиите и другите партиципации на студентите.

## ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛВАЦИЈА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ОАЕВО)

ОАЕВО е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на принципот на стручност и компетентност. Тој би се состоел од 15 члена од кои 11 од високообразовните институции и 4 од МОН. ОАЕВО ќе биде задолжен за спроведување на системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование кој опфаќа:

» одобрување, потврдување и признавање на високообразовната установа за вршење дејност согласно со овој закон, што се остварува преку акредитација;

» проценување на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети (преку системот на евалвација).

ОАЕВО во рамките на своите надлежности во однос на акредитацијата на високообразовните институции:

» ќе утврдува дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност;
» ќе одлучува за акредитацијата на научната установа која сака да врши постдипломски и докторски студии;
» ќе утврдува дали високообразовната установа ги исполнува условите за организирање на студии за нови студиски програми и го утврдува капацитетот за студирање на високообразовната установа;
» ќе дава акредитација на студиски програми;
» ќе води евиденција на високообразовните установи за кои одлучил да бидат акредитирани.

Во делот на евалвацијата ОАЕВО:

» врз основа на извештајот на комисијата за евалвација на високообразовната установа ќе ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и дозвола за вршење на високообразовна дејност;
» секои пет години ќе ја оценува состојбата и дејноста на високообразовните установи и на академскиот кадар и врз таа основа ќе му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или да ја одземе акредитацијата;
» ќе дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност;
» ќе предлага мерки за подобрување на мрежата на високообразовните установи;
» врз основа на оцена на квалитетот на академскот кадар извршен на високообразовните установи ќе го оценува квалитетот на академскиот кадар на универзитетите и другите високообразовни установи во Република Македонија и ќе предлага мерки за негово подобрување.

## СОВЕТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА (ССОО)

ССОО е советодавно тело кое ги предлага стратешките прашања кои се однесуваат на стручното образование и обука.

Членовите на ССОО ги именува Владата на Република Македонија, а него го сочинуваат претседател и 10 члена, од кои: два члена од министерството надлежно за образование, по еден член од министерството надлежно за труд, министерството надлежно за економија, министерството надлежно за финансии, од Коморите, Синдикатот, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување, Бирото за развој на образованието. Член на Советот е и директорот на Центарот за стручно образование и обука

(ЦСОО), но без право на глас во одлучувањето.

Имајќи ја предвид неговата хетерогена структура ССОО би ги имал следните функции:

- советодавна улога во донесувањето на државната стратегија за стручното образование и обука;
- ќе му предлага на Министерството список на занимања за стручно образование и обука;
- ќе му предлага на Министерството државни квалификации и стандарди за занимања;
- во соработка со општините, ќе доставува до Министерството за развој предлог за мрежата на стручното образование и обука.

# ДРУГИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ КОИ ЌЕ ИМААТ НАДЛЕЖНОСТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА (МТСП)

Надлежностите на МТСП во образованието, главно, би се однесувале на стручното образование и обука и би се состоеле во:

» основање посебна единица наменета за следење на состојбите во образованието и науката;

» учество во спроведувањето на државната политика во областа на стручното образование и обука;

» согледување на потребите од кадар од стручно образование и обука преку анализа на тенденциите во развивање на пазарот на трудот;

» давање мислење за уписната политика во установите за стручно образование и обука;

» учество во подготвувањето, усогласувањето и актуелизирањето на државните потреби за здобивање на стручни квалификации по стандарди;

» учество во изготвувањето и ажурирањето на регистар на стандарди на занимања;

» учество преку Агенцијата за вработување во организирањето на професионалната ориентација и кариерниот развој;

» донесување и надзор над прописите за условите за заштита при реализација на стручната обука.

## ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА (ЕЛС)

По завршување на процесот на децентрализација, кон единиците на локалната самоуправа ќе се пренесат основачките и сопственичките права врз јавните основни и средни училишта во Република Македонија. Тоа подразбира и обврска на ЕЛС да ги одржуваат училишните објекти согласно со предвидените стандарди, а подоцна и да обезбедуваат средства за плати на вработените, како и за инвестиции. Исто така, ЕЛС преку своите претставници во училишните одбори ќе учествуваат во управувањето со образовните институции, а градоначалникот, по предлог на училишниот одбор, ќе ги именува директорите на училиштата.

Освен овие права и обврски, единиците на локалната самоуправа (општините и градот Скопје) ќе можат:

» да предлагаат промена на училишната мрежа преку основање или укинување на основни и средни училишта;
» да вршат анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и да ги искажуваат согледувањата за потребите до ЦСОО;
» да доставуваат предлози до Министерството надлежно за образование и до ЦСОО за воведување нови образовни занимања.

## СТОПАНСКА КОМОРА

Стопанската комора како учесник во социјалниот дијалог има надлежност:

» да учествува во креирањето на политиката на стручното образование и обука;
» да доставува предлози до ЦСОО за донесување на наставните планови и програми;
» да учествува во изведувањето на завршните испити во стручното образование и обука;
» да води регистар на склучените договори помеѓу установите за стручно образование и обука и работодавците за практичната обука на учениците.

## КОМОРА НА ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ (КПР)

КПР ќе биде задолжена за лиценцирање и унапредување на наставниот кадар во Република Македонија врз основа на кодекс утврден од Собранието на Комората. (Алтернатива: Оваа надлежност да ја преземе СОНК.)

## КРАТЕНКИ

МОН - Министерство за образование и наука
ДПИ - Државен просветен инспекторат
БРО - Биро за развој на образованието
ЦСОО - Центар за стручно образование и обука
ДИЦ - Државен испитен центар
ЦОУД - Центар за обука на училишни директори
УРУЈЕЗ - Управа за развој и унапредување на јазиците на етничките заедници
ДСО - Државен совет за образование
СРФВО - Совет за развој и финансирање на високото образование
ОАЕВО - Одбор за акредитација и евалвација во високото образование
ССОО - Совет за стручно образование и обука
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
ЕЛС - Единици на локалната самоуправа
КПР - Комора на просветните работници

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ИКТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО >>>>>>>>>

Работна група:

м-р Јани Макрадули, координатор
д-р Ѓорѓи Јованчевски
д-р Вера Стојановска
д-р Сашо Јосимовски
Фисник Далипи
д-р Пеце Митревски
Фисник Марку
д-р Анета Бучковска

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ИКТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## 1. ВИЗИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

Развојот на информатичко општество претставува една од приоритетните задачи на владите на сите земји. Никој не го поставува прашањето дали треба или не треба општествениот развој да се базира на примена на информатичко-комуникациските технологии, туку се поставува прашањето како тоа да се направи. Целта за сите земји е иста, но патиштата се различни. Визиите се слични, но мисиите се различни. Главната причина е во фактот што различни земји се наоѓаат на различно ниво на развој на информатичкото општество, било од аспект на техничката опременост, било од аспект на образовната структура или, пак, од аспект на степенот на трансформација на клучните сегменти во земјата.

Нема сомнение дека образованието е еден од клучните сегменти во поттикнување и поддржување на развојот на информатичкото општество, и тоа од два аспекти. Прво, овој сегмент треба да биде лидер во промоцијата на информатичкото општество и создавањето на стручни и компетентни кадри кои ќе можат да одговорат на предизвиците на информатичкото општество и потребите на економијата базирана на знаење. Не постои развој на информатичко општество и економија базирана на знаење без соодветни квалификации на луѓето кои активно треба да партиципираат во користењето на бенефициите кои ги нудат истите. Второ, квалитетот на наставно-образовниот процес директно зависи од примената на информатичко-комуникациските технологии во него.

Насоките за развој и целите на образованието во функција на поддршка на информатичкото општество се определени со Националната стратегија за развој на информатичкото општество, во делот за е-образование, утврдена во 2005 година. Се разбира дека реализацијата на предвидените цели во формалното и неформалното образование директно е условена од степенот на инфраструктурната опременост на образовните институции. Тековните про-

екти несомнено ќе ја подобрат опременоста, било од аспект на потребниот хардвер и софтвер, било од аспект на поврзувањето со Интернет. Но, треба да се има предвид дека инвестирањето само во опрема не е добра политика и не дава никакви резултати. Затоа, техничкото опремување на образовните институции мора да биде проследено со соодветни активности, како што се едукација на наставниот кадар во постојните образовни институции, нова организација и ново менаџирање на образовните процеси. Основната цел е да се максимизира и оптимизира искористеноста на опремата од различните категории на потенцијални партиципиенти: наставници, ученици, студенти, граѓани.

За реализација на целите на е-образованието главен приоритет треба да има соодветната едукација на наставниот кадар. Овој процес не треба да ги опфати само наставниците кои треба да предаваат „за" технологиите, туку подеднакво и наставниците кои треба да ги применуваат информатичките технологии во изведувањето на наставно-образовниот процес. Овој процес треба да биде од обем според техничката опременост на образовните установи. За подобра координација и обезбедување на унифициран и соодветен квалитет најпрво треба да се дефинираат соодветни стандарди (домашни или европски) за различните профили на наставниците. Поради својата природа овие мерки се посебно значајни во основното и во средното образование.

Логичен чекор е воведувањето на ИКТ образованието во пониските одделенија на основното образование и во сите години на средното образование. Особено внимание треба да се посвети на наставните содржини за различни целни групи. Посебен акцент треба да се даде на примената на ИКТ во стручните училишта, односно тие да се прифатат како алатка за извршување на работните задачи, а не како цел сама за себе.

Дел од едукацијата може да се направи со користење на методи кои ги овозможува токму оваа технологија: учење од далечина, постоење на отворени веб базирани курсеви на македонски јазик, албански јазик и слично.

## ВИЗИЈА

*Придвижување на Република Македонија кон економија базирана на знаење преку одржлив развој на информатичкото општество.*

За остварување на визијата потребно е реализирање на множество од приоритетни цели, и тоа:

- Целокупниот наставен кадар до 2010 година да е дигитално описменет.
- Целокупниот наставен кадар до 2015 година да користи ИКТ во наставниот процес.
- Секој ученик од ИВ одделение да започне со дигитално описменување до крајот на 2007.
- Сите училишта да се обезбедат со одржлив пристап до брза Интернет конекција.
- Сите училници да бидат поврзани со локални Интранет мрежи до крајот на 2010 година.
- Да се достигне принцип од 5-15 ученици по мултимедијален компјутер до 2015 година.
- Да се осигура пристапност на сервиси за поддршка и едукативни мултимедијални ресурси на Интернет до крајот на 2015 година.

Иницијативата за примена на ИКТ во образованието, исто така, цели да го забрза чекорот на тренинг на сите нивоа, особено со промовирање на универзална дигитална елоквентност и генерална достапност на соодветен тренинг за наставници и тренери, вклучувајќи технолошки тренинг, како и курсеви за едукативната употреба на технологијата и менаџментот на промена.

Училиштата, универзитетите и тренинг центрите мора да се залагаат да станат локални центри за стекнување знаење кои се сестрани и достапни за сите. Политиката во ова поле ќе ја земе предвид Европската стратегија за вработување и националните стратегии за доживотно учење.

- На сите ученици кои го напуштиле училиштето да им се овозможи да станат дигитално писмени.
- На сите наставници да им се обезбеди соодветен тренинг, да се усвои соодветна програма за тренинг на наставници и да се претставаат мерки за охрабрување на наставниците да имаат вистинска корист од дигиталната технологија на нивните часови.
- На секој невработен да му се понуди можноста да биде дигитално едуциран преку доживотен систем на учење.

Иницијативата за е-учење става нагласок на креирање соодветни услови за развој на содржината, услугите и околината за учење кои се многу развиени и релевантни за едукацијата, во смисла како на пазарот, така и во

јавната сфера. Достигнувањето на стандарди е од особена важност, како што е и воспоставувањето на услови за извршување на промени и адаптација на начините на кои едукацијата и тренинг системите ќе бидат организирани.

Последната цел на иницијативата за е-учење е да се зајакне соработката и дијалогот и да се подобрат врските меѓу мерките и иницијативите на сите нивоа - локално, регионално, национално и европско и меѓу сите учесници во процесот: универзитети, училишта, тренинг центри, оние кои носат одлуки и администраторите одговорни за избор на опремата, софтверот, содржината или услугите (вклучително и социјалните партнери). Партнерството меѓу јавниот и приватниот сектор ќе продолжи да се воспоставува, со цел да се охрабрат размените на искуствата, трансферот на технологијата и подобрувањето на начинот на кој потребите за бизнис квалитети треба да се спојат со мерките советувани од Европската стратегија за вработување.

# 2. ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА ВО ОСНОВНОТО И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 2.1. Инфраструктура

| ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 226.493 | | | | | | |
| **1. Кинеска донација** | Број на пц-а | пц сервери | принтери | Оперативен систем | Анти-вирус | УПС | Софтвер |
| | 3.000 | 300 | 300 | WindowsXP | Symantec | 3300 | OfficeXP, Linux, Open Office |
| Распределба: | Број на пц-а | пц сервери | Број на училишта | Вкупен број на ученици | Просек ученици/пц | | |
| Во централни училишта | 2.797 | 270 | 322 | 188.765 | 62 | | |
| Во подрачни училишта | 203 | 30 | 39 | 11.084 | 48 | | |
| Вкупен опфат | | | 361 | 199.849 | 61 | | |
| **2. ЦТЛ/УСАИД Сорос** | | | | | | | |
| Медиа Лабс | Број на пц-а | Број на училишта | | | Комуни-кативен просек ученици/пц | | |
| | 225 | 45 | | | 64 | | |
| **3. Вмрежување** | | | | | | | |
| | | Број на училишта | | | | | |
| | WLAN | 360 | | | | | |
| **4. Друга опрема** | | | | | | | |

VIII

Програма за развој на ИКТ во образованието

## Средно образование

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно ученици | 95.000 | | | | | |
| **1. Кинеска донација** | Број на пц-а | Оперативен систем | Анти вирус | УПС | Софтвер | |
| | 2.000 | Њин-доњсЦП | Csмантец | 2.000 | OfficeXP, Linux, Open Office | |
| Распределба: | Број на пц-а | Број на училишта | Просек ученици/ пц | | | |
| Во централни училишта | 1.800 | 90 | | | | |
| Во подрачни училишта | 200 | 10 | | | | |
| | | | 47,5 | | | |
| **2. ЦТЛ/УСАИД Сорос** | | | | | | |
| Медиа Лабс | Број на пц-а | Број на училишта | | | | Комуникативен просек ученици/пц |
| | 180 | 18 | | | | 43,58 |
| **3. Вмрежување** | | | | | | |
| | | Број на училишта | | | | |
| | ЛАН | 100 | | | | |
| **4. Друга опрема** | | | | | | |

## Интернет во основното и во средното образование

| | |
|---|---|
| Проект | |
| 1. Macedonia Connectc | Број на училишта |
| | 460 |
| 2. Македонски телекомуникации | Број на училишта |
| | 234 |
| 3. Независни иницијативи на училишта | |

## 2.2. Наставен процес

### *2.2.1. Основно образование*

### 2.2.1.1. Наставни планови, програми и учебници

Наставниот предмет информатика во основното образование е воведен како факултативен во 1996 година во VII и VIII одделение. Истиот се изведуваше во мал број ОУ кои располагаа со компјутерски лаборатории, или со по неколку компјутери, и со наставници по информатика. Затоа тогашната наставна програма се реализираше во околу 10% од ОУ.

Од 2002 година се применува нов наставен план, според кој предметот информатика се изведува факултативно во VI одд. , а изборно во VII и VIII одд.

За првата наставна програма по предметот информатика за основното образование, која се реализираше од 1996 до 2002 година, со 1 час факултативна настава, беа изготвени учебници за VII и VIII одд.

За втората наставна програма од 2002 година до денес, одобрени се два учебници за VI и VII одд. и три учебници за VIII одд.

- **Проблем 1:** Недоволен број на ИКТ кадар за реализирање на наставата по предметот информатика.
- **Проблем 2:** Непостоење на ИКТ предмет во курикулумот за основно образование.

### 2.2.1.2. Настава: ученици и наставници

Опфатеноста на учениците со наставата по информатика е резултат од ИК-опременоста и наставниот кадар.

- **Проблем 1:** Мал број на ученици кои избрале да го слушаат предметот информатика.
- **Проблем 2:** Големи паралелки: 2 до 5 ученици на еден компјутер.
- **Проблем 3:** Неодржување на компјутерската и комуникациската опрема.
- **Проблем 4:** Голема ангажираност на професорите по информатика за други активности: одржување на кабинетот, помош на колегите и администрацијата на училиштето.
- **Проблем 5:** Немање можности за усовршување на професорите по ин-

форматика.

- **Проблем 6:** Недоволно или слабо користење на кабинетот за потребите на додатната настава: подготовки за натпревари, работа со талентирани ученици и вoннаставните активности.
- **Проблем 7**: Недоволно или слабо користење на кабинетот по други наставни предмети.
- **Проблем 8:** Незаинтересираност на информатичарите за работното место професор по информатика, поради малите лични примања во споредба со примањата во други фирми и институции.

## *2.2.2. Средно образование*

### 2.2.2.1. Наставни планови, програми и учебници

Во средното образование информатиката како наставен предмет е воведена од 1986 година. Оттогаш па до денес изменети се неколку наставни планови. Со првиот наставен план беа воведени информатички предмети во сите години на гимназиското образование. До 2003 година беа извршени повеќе измени на наставните планови, а најдолго се изведуваше Наставниот план од 1994 до 1999 година, според кој содржини од информатиката се изучуваа во:

I година: Информатика (задолжителен општообразовен предмет за сите ученици).

II година: Информатика (изборен предмет за гимназии).

IV година: Информатика (изборен предмет за гимназии).

Голем недостаток и на овој наставен план беше тоа што не постоеше информатички предмет во III година.

Според Наставниот план од 1999 до 2003 година, содржини од информатиката беа изведувани во:

I година: Информатика (задолжителен општообразовен предмет за сите ученици).

I година: Информатичка технологија (изборен предмет за гимназии).

II година: Информатичка технологија (изборен предмет за гимназии).

IV година: Програмски јазици (изборен предмет за гимназии, по стара програма).

Програмските содржини по предметот информатичка технологија (I и II година) не беа прилагодени на возраста на учениците.

Тековниот наставен план е воведен од 2003 година, во кој содржини од информатиката се изучуваат во:

I година: Информатика (задолжителен општообразовен предмет за сите ученици).

II година: Информатичка технологија (изборен предмет за гимназии).

III година: Програмски јазици (изборен предмет за гимназии, подрачје Б).

IV година: Програмски јазици (изборен предмет за гимназии, подрачје А).

Во неколку стручни училишта наставните планови се изведуваат според ФАРЕ програмата, а во неколку според ГТЗ програмата.

Учебници по информатичките предмети се изготвени уште со воведување на првите наставни планови од 1986 година.

Со измените и воведувањето на нови наставни програми не се изготвувани сите потребни учебници.

За реализација на тековните наставни програмски содржини по информатичките предмети изготвени се учебници, и тоа:

за предметот информатика за I година: 3 учебници;

за предметот информатичка технологија за II година: 2 учебници;

за предметот програмски јазици за IV година: 1 учебник.

### 2.2.2.2. Опрема

Опремувањето на училиштата со компјутерска и комуникациска опрема започна со воведување на наставниот предмет информатика во Наставниот план од 1986 година. Најпрво беа промовирани компјутерски училници, само во десетина средни училишта во Македонија, кои беа опремени со компјутерите Партнер и Марта.

- **Проблем 1**: И покрај инсталацијата на по еден компјутерски кабинет од кинеската донација, сепак не е доволен бројот на компјутери и комуникациска опрема за потребите на наставата по информатичките предмети, а да не зборуваме по другите предмети.
- **Проблем 2**: Недостаток на компјутерска и комуникациска опрема, како и Интернет врски.
- **Проблем 3**: Одржливост на инсталираните Интернет конекции, по завршувањето на проектите финансирани од меѓународни организации.

### 2.2.2.3. Настава: ученици и наставници

- Проблем 1: Опфатеноста на учениците со информатички предмети опаѓа со годините и тоа од 9 паралелки по училиште во И година, на 1 паралелка во ИВ година. Тоа се должи, пред сè, на:
  - » изборноста на информатичките предмети;

- » недоволната популаризираност на наставата по информатика и на потребата од информатичко образование на сите ученици;
- » неопременоста на училиштата со ИК-опрема.

- **Проблем 2:** Големи паралелки: 2 до 5 ученици на еден компјутер.
- **Проблем 3:** Неодржување на компјутерската и комуникациската опрема.
- **Проблем 4:** Голема ангажираност на професорите по информатика за други активности:
  - » одржување на кабинетот – 3,15 часа неделно;
  - » помош на колегите и администрацијата на училиштето - 2,82 часа неделно. (Некои професори декларираат од 1 до 10 часа работа за потребите на училиштето или колегите.)
- **Проблем 5:** Немање можности за усовршување на професорите по информатика.
- **Проблем 6:** Недоволно или слабо користење на кабинетот за потребите на додатната настава: подготовки за натпревари, работа со талентирани ученици и воннаставните активности.
- **Проблем 7:** Недоволно користење на кабинетот по други наставни предмети.
- **Проблем 8:** Незаинтересираност на информатичарите за работното место професор по информатика, поради малите лични примања во споредба со примањата во други фирми и институции.

## 2.2.2.4. Човечки ресурси

Состојбата со наставниот кадар по информатика во основните и во средните училишта е незадоволителна. Постои голема фреквенција на измени во наставниот кадар кај наставниците по информатика, понекогаш и на средина од полугодието. Причини има многу, како:

- Секојдневно работење во здравствено необезбедени кабинети покрај помал или поголем број на компјутери (постојана изложеност на електромагнетно зрачење од опремата).
- Големиот број на обврски кои дополнително и редовно им се наметнуваат (за разлика од наставниците по другите предмети), како на пример: учество во комисии за уписи и матури заради внесување и уредување/подредување на списоците, изготвување билтени и алманаси од и за училиштата, одржување на курсеви за користење на компјутерите на наставниците по други предмети, помош околу изработката на платните и пописните списоци и многу други нешта, а за што не се ни најмалку финансиски или како било наградени. За споредба информатичарите

кои работат во стопански фирми или други државни институции имаат повеќе од двојно повисоки примања.

- Непостоењето на организирано стручно усовршување кое е неопходно потребно во време на брзи и драстични измени на полето на информатиката. Наставниците по информатика досега беа оставени на нивниот ентузијазам во потребата за учење на новините во информатиката. Денес наставен кадар за информатички предмети во основното образование не се образува на ниту еден факултет во Македонија. Наставниците кои предаваат изборни предмети во мал број основни училишта се професори по информатика со завршен Природно-математички факултет насока Информатика или електроинженери со завршен Електротехнички факултет насока Компјутерска техника и информатика. Но, тие се многу малку. Најголемиот број наставници кои изведуваат настава во основните училишта се со завршени студии по математика или математика-информатика (поранешни студии), а има и со завршени педагошки факултети.

Наставен кадар за професори по информатика во средното образование се образува само на Природно-математичкиот факултет на насоката Информатика. Завршените студенти добиваат звање дипломиран професор по информатика. Најголем број наставници по информатика се со завршен Природно-математички факултет, а помал број, повеќето во техничките училишта, се со завршен Електротехнички факултет.

Поради малата застапеност на информатиката во средните училишта, бројот на професорите по информатика во едно училиште е еден или најмногу двајца.

# 3. ПРЕПОРАКИ

## 3.1. Нови модели на настава и учење со користење на ИКТ

Живееме во време кога секој граѓанин ги користи услугите на компјутерите и комуникациската технологија, без разлика на струката и професијата; време кога Интернетот е алатка за добивање на информации на секој географ, хемичар, историчар, бизнисмен, ученик, министер, работник...

Модерното образование треба да биде така организирано учениците да можат да стекнат солидна информатичка писменост и култура. Но, и покрај тоа (нај)големиот број на информации и вештини младата популација сѐ уште ги добива и стекнува на курсеви или по пат на самоучење на домашните компјутери (без никаков избор, редослед и систематизација). Сето тоа се изведува без контрола на лица со стручна, методска и педагошко-психолошка подготвеност. Сметаме дека прво и главно место на кое учениците треба да стекнуваат основни знаења од областа на информатиката се основното и средното образование, чии наставни планови и програми треба да го следат трендот на информатичките знаења. Причините поради кои младите претпочитаат воншколски курсеви на сметка на редовната настава се многу транспарентни и според нас приоритетни: добрата опрема и изведувањето на ефективна настава со мали групи, чиј број не го надминува бројот на компјутерите во училницата.

Затоа препорачуваме да се воведат нови модели на настава и учење со користење на ИКТ. Тие модели треба да се воведат од раните школски години.

Во новите модели на учење треба интензивно да се користат можностите на информатичко-комуникациската технологија, како што се:

- компјутерите;
- компјутерската опрема: печатачи, скенери, камери, цртачи, мемориски уреди;
- видеопроекторите;
- локалните и интранет компјутерските мрежи;
- Интернет и сите негови можности: разгледување, барање, преземање, комуникација;
- образовен софтвер по сите предмети;
- виртуелни училници и др.

Конкретните мерки кои треба да се преземат за модернизација на образовниот процес ќе бидат, всушност, решение на претходно воочените проблеми во образованиот процес:

1. Опремување на сите основни и средни училишта со една, а по можност со две компјутерски лабораатории и придружна комуникациска опрема, во која задолжително треба да има барем еден видеопроектор.
2. Поврзување и одржување на сите училишта со Интернет врска.
3. Формирање образовна мрежа со поврзување на сите училишта меѓусебно и со Министерството за образование и наука.
   » Варијанта: Формирање сервисна служба.
   » Варијанта: Ангажирање фирми за одржување на компјутерската и комуникациската опрема во училиштата.
4. Формирање на паралелки со големина до 16 ученици за наставата по информатичките предмети.
5. Воведување задолжителни информатички предмети во наставните планови за основното и за средното образование.
6. Ослободување на професорите по информатика од други активности во училиштата кои се поврзани со нивните информатички вештини: помош на колеги, на администрацијата, одржување на компјутерските училници и др.
7. Перманентно дообразување/усовршување на наставниците по информатика, преку чести курсеви и семинари организирани од соодветните наставни факултети.
8. Формирање центар за помош и обука на наставници на сите факултети кои образуваат наставници, во кој би се подготвувале и презентирале новите достигнувања во информатиката и наставата по информатика.
9. Задолжително користење на кабинетите по информатика за изведување настава по другите наставни предмети.
10. Користење на кабинетите по информатика за други воспитно-образовни активности (подготовка на домашни задачи, за натпревари, за дополнителна настава со послаби ученици, слободни ученички активности).
11. Оценување на професорите и доделување на соодветни звања.
12. Задолжителна изработка на веб-страница за секое училиште со сите податоци за училиштето и образовните профили.
13. Најитно започнување со изготвување или набавка на образовен софтвер на мајчин јазик по сите предмети во основното и во средното образование.
14. Изготвување на нови наставни програми за информатичките предмети во основното и во средното образование.

## 3.2. Нови курикулуми

### *3.2.1. За основно образование*

#### По информатичките предмети

Информатиката во образовниот процес треба да се воведе од IV одделение. За секое одделение треба да се изработат посебни курикулуми кои ќе бидат тесно поврзани, т.е. ќе се надополнуваат континуирано од одделение во одделение. Затоа треба да се изработи нацрт-наставна програма за информатичкото знаење кое треба да го стекне секој ученик во основното образование, како и делови од темите од таа програма да се распоредат во сите одделенија од IV до IX.

Во IV и V одделение учениците треба да се запознаат со основните елементи и користењето на компјутерите и да стекнат основна дигитална писменост.

Во основни елементи за користење на компјутерите треба да влезат:

» приклучување на компјутерот и мониторот;

» стартување (логирање) на компјутерот;

» наоѓање и стартување на програма;

» ракување со тастатурата;

» ракување со глувчето.

Под основна дигитална писменост подразбираме оспособеност за основно користење на програми за:

» пишување (уредување) на текст;

» цртање;

» слушање музика;

» компјутерски игри.

Во VI и VII одделение учениците треба да ги прошират вештините за понапредно користење на компјутерите со програми за:

» пишување текст;

» цртање;

» комбинирање текст, графика, музика;

и да се запознаат со користење на програми за:

» табелирање;

» користење на ЦД/ДВД уреди и програми;

» мултимедиски програми;

» програми за видеоанимации;

» основно користење на Интернет (разгледување и e-mail);
» заштита на податоците на компјутерот;
» организација на податоците во компјутерот.

Во VIII и IX одделение учениците треба да научат понапредно користење на:

» табелирање и графичко презентирање на податоците;
» сервисите на Интернет (преземање податоци, барање податоци, разговарање);

и да се запознаат со:

» основните елементи за базите на податоци;
» програми за презентации;
» изработка на сопствени веб-страници;
» поврзување уреди на компјутерот и нивна контрола;
» мониторинг на околината.

### По неинформатичките предмети

Во наставните планови, поточно во наставните програми по неинформатичките предмети во основното образование треба да се внесат измени во смисла на нивна реализација со користење на ИКТ. Тоа подразбира друг пристап на изложување на материјалот во одредени теми, пред сè со користење на образовен софтвер од соодветната област/тема.

Образовен софтвер постои за сите предмети: природа, општество, математика, ликовно, музичко, географија, историја, биологија, физика, хемија. Најголем проблем ќе се јави при реализацијата на програмите од страна на наставниците, за што ќе биде потребно обучување/дообразување.

Веројатно ќе биде потребна набавка на соодветен образовен софтвер, при што ќе треба да се одреди нивото на набавката: локално (од училиштата) или државно (од Министерството). Исто така, ќе треба да се избере соодветен софтвер за секој предмет. За процена на соодветен софтвер по одреден предмет веројатно ќе треба да се формираат компетентни комисии. Софтверот ќе треба да влезе како задолжителен во наставната програма, со што ќе биде потребна нејзина измена, а и измена на учебниците.

## 3.2.2. За средно образование

### По информатичките предмети

Наставните програми по информатичките предмети во средното образование треба да се прилагодени на профилот кој се образува, и тоа:

а) гимназиско:

» природно-математичко;

» општествено-хуманитарно;

» јазично-уметничко;

б) стручно:

» 1, 2, 3, 4-годишно;

» специјалистичко;

в) уметничко;

г) со посебни потреби.

Информатички предмети треба да има во сите видови на средно образование, но со различна тежина и времетраење.

***а) Препораки за гимназиското образование***

Гимназиското образование е предвидено да овозможи продолжување на образованието на младите на високошколските институции. Почетниот (прелиминарен) избор на областа на студирање учениците го одредуваат уште во третата година од гимназиското образование, кога се определуваат за потесно подрачје: природно-математичко или општествено-хуманитарно.

Учениците кои ќе го изберат природно-математичкото подрачје се определуваат за студирање на природно-математички или на некој од техничките факултети. Тие ќе бидат идни инженери или професори од соодветната област. Затоа ним ќе им биде потребна солидна информатичка наобразба, односно потребно е информатиката да ја изучуваат со поголем фонд на часови.

Препорачуваме наставните програми по информатичките предмети да содржат:

**I година:**

» утврдување на знаењата од основното образование за обработка на: текст, табели, слики, звук, видео и Интернет сервиси;

» запознавање со компјутерските системи;

» запознавање со оперативните системи;

» запознавање со комуникациските системи;

**II година:**

запознавање со апликативни програми за:

» уредување на публикации;

» цртање и обработка на слики и дизајнирање;

» изработка на презентации;

» изработка на динамички веб-страници;

» бази на податоци;

**III година:**

» запознавање со програмирањето и програмските јазици;

» изучување на еден објектно ориентиран јазик;

**IV година:**

» веб-програмирање;

» изучување на еден јазик за веб-програмирање.

Учениците од општествено-хуманитарното подрачје се предвидува да студираат на некој од медицинските, економските, правните, филозофските, филолошките или педагошките факултети. Нивното предфакултетско информатичко образование треба да биде на пониско ниво од информатичкото образование на учениците од природно-математичкото подрачје.

Наставните програми за ова подрачје треба:

I и II година: да се исти со природно-математичкото подрачје;

III година: Интернет технологии во општествено-хуманитарните области.

IV година: едукативен софтвер за соодветната струка.

Во јазично-уметничкото подрачје препорака е информатиката да се изучува со намален фонд на часови само во I и II година.

***б) Препораки за стручното образование***

Во стручното образование учениците треба да изучуваат и општи информатички предмети и предмети специјализирани за нивната струка.

Сметаме дека е најсоодветно и учениците од стручните училишта да се стекнат со истите знаења со кои се стекнуваат и учениците од гимназиските паралелки во првите две години, бидејќи тие предмети се општообразовни информатички.

Во III и IV година од стручното образование информатичките предмети треба да бидат во согласност со струката, а за нивно дефинирање треба да се формира една посебна комисија или посебни комисии за секоја струка, составени од компетентни стручњаци.

***в) Препораки за уметничкото подрачје***

За уметничкото подрачје потребно е:

I година: исто со природно-математичкото подрачје;

II година: апликации соодветни на насоката:

- ликовна - музичка - балетска.

### По неинформатичките предмети

Во наставните програми по неинформатичките предмети во средното образование  треба задолжително да се користи информатичка технологија исто како и во основното образование, но со многу поголема ИКТ-поддршка, како хардверска така и софтверска.

Со задолжително користење на образовен софтвер од соодветниот предмет, за оние предмети за кои постои таков образовен софтвер, потребни се измени во наставната програма и прилагодување за изложување на материјалот со користење на ИКТ.

Најголем проблем и тука, како и во основното образование, ќе се јави при реализацијата на програмите од наставниците, за кои ќе биде потребно обучување/дообразување.

За набавката на образовен софтвер ќе треба да се одреди нивото на набавката: локално (од училиштата) или државно (од Министерството) и да се формираат компетентни комисии за негово оценување.

## 3.3. Човечки ресурси

### Професори по информатика

Со модернизација на наставата по информатика во основните и во средните училишта ќе се јави потреба од повеќе наставен кадар. Во наредниот период мора широко да се отворат вратите за обука на наставници од областа на информатиката. Затоа треба да се предвиди образување на соодветен кадар и за основните и за средните училишта. Особено што со опремување на училиштата со компјутерска опрема ќе се создадат услови за реализација и на сегашната наставна програма.

Системот за градење на соодветен наставен кадар предлагаме да се допрецизира и структурира согласно следнава препорака:

» МОН да донесе правилник кој ќе специфицира кои категории на дипломирани кадри, од различни вискообразовни институции кои образуваат кадри од областа на информатиката, дообразувајќи се со педагошка доквалификација, можат да изведуваат настава по информатика.

» Да се воведат наставни содржини од областа на информатиката на педагошките факултети или факултетите со педагошки насоки, кои би изведувале настава во основното образование.

### Информатичка обученост на професорите по неинформатичките предмети

Со оглед на фактот дека формалното сертифицирано образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, како и со оглед на брзото застарување на сознанијата (стекнати за време на формалното школување) очигледна е потребата од нова архитектура на системот за иницијална обука и системот за професионално усовршување на наставниците. Во таа смисла се очекува квалитетот и успешноста во работата на наставниците сè помалку да претставува одраз на нивната сертификатна квалификација, а сè повеќе да биде продукт на нивната вистинска оспособеност, т.е. квалификуваност и подготвеност за перманентна образовна мобилност.

Моменталната состојба на вработениот наставен кадар во училиштата, во однос на нивната оспособеност за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа е следна:

» Наставници коишто во текот на своето базично образование воопшто се немаат стекнато со знаења потребни за примена на ИКТ, но и во текот на својот натамошен професионален развој.

» Наставници коишто во текот на своето базично образование воопшто се немаат стекнато со знаења потребни за примена на ИКТ, но во текот на својот работен стаж, преку курсеви или семинари, се имаат обучено да користат ИКТ.

» Наставници коишто во текот на своето базично образование имаат стекнато потребни знаења за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа (тоа се наставници кои ги завршиле своите студии по студиски програми во кои се изучувале информатички содржини, последниве неколку години).

Но, треба да се има предвид и тоа дека има и дел невработени наставници кои ги завршиле своите студии по стари студиски и предметни програми, кои не им овозможиле да се обучат за користење на ИКТ, но и невработени наставници кои во текот на иницијалната обука се стекнале со основни информатички знаења, но не доволни и согласни со развојот на денешната ИКТ.

Според тоа, треба да се интервенира во иницијалната обука на наставниот кадар, но и во професионалното усовршување на наставниот кадар, во смисла на вградување, збогатување со содржини, кои ќе им овозможат на наставниците успешно да ја применуваат ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето.

***Иницијална обука на наставниот кадар за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето.***

- Збогатување на системот за иницијална обука на наставниот кадар со содржини од ИКТ, но и примена на ИКТ во реализацијата на програмски содржини од различни наставни предмети.
- Стекнување на знаења и вештини на студентите идни наставници за успешна примена на ИКТ во воспитно-образовниот процес.

***Професионално усовршување (професионална обука) на наставниот кадар за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето.***

Цел: Стекнување на знаења и вештини од дигиталната култура и образовната полза од ИКТ, преку осознавање на можностите и потенцијалите на ИКТ, и тоа како ИКТ може да ги збогати процесите на настава и учење.

Обуката на наставниот кадар за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето ќе биде фокусирана на образовната полза.

Обуката треба да вклучува примери на образовна употреба во рамките на разни предметни содржини.

За обука на наставниот кадар за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето може да се предвидат три опции или нивоа на обука и тоа согласно со сетовите на стручни и професионални компетенции на наставниците во поглед на звањата (наставник, истакнат наставник, наставник ментор). Ова подразбира изработка на стручни компетенции на наставниците за примена на ИКТ за образовните потреби во училиштето согласно со степенот на звањето, т.е. со сетовите на стручни и професионални компетенции на наставниците.

Според тоа, потребно е да се организираат следниве три нивоа на обука:

- основна ИКТ (ова ниво на обука е задолжително за сите наставници, компетенциите на наставниците согласно со ова ниво ќе бидат вградени во сетот на компетенциите за звањето наставник);
- ИКТ во развој (звање истакнат наставник);
- напредна ИКТ ( звање наставник ментор).

***Препораки во врска со осмислувањето, организирањето и реализирањето на обуката на наставниците за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето:***

- Определување на стандарди на компетенции на наставниците, врз чијашто основа ќе се изготвуваат/осмислуваат нивоата на обука на наставниците за ИКТ, согласно со сетовите на стручни и професионални компетенции на наставниците во поглед на звањата (асистент наставник,

наставник, наставник ментор).

- Процена на потребите на наставниците за примена на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето (може да биде направена врз основа на самооценување на наставниците на нивната компетенција и обука за образовната употреба на ИКТ и на придонесот на ИКТ за исполнување на нивните нови улоги).
- Утврдување на можностите од корелација со некои проекти кои веќе се реализираат во основните училишта, а во чии рамки е опфатена и обуката на наставниците за користење на ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето.
- Изработка/креирање на модули за обука на наставниците, групирани во три нивоа (пожелно е да работи еден тим составен од различни стручни лица - информатичар, наставник, универзитетски професор од областа на образованието, компетентни лица од некои проектни активности кои на некој начин имаат искуство, врска или ја пропагираат примената на ИКТ во процесот на учењето и поучувањето).
- Изработка на прирачни материјали/водичи за наставниците и други потребни ресурси.
- Избор и назначување на реализатори на обуката/ даватели на услуги коишто ќе ја држат обуката за наставниците.
- Избор на наставници од различни училишта кои ќе бидат опфатени со обуката и кои по завршувањето на обуката ќе бидат назначени за наставници-ментори за нивните училишта (може тоа да се наставници веќе вклучени во некои проектни активности или наставници кои имаат голема желба или основни познавања од областа на ИКТ).
- Определување на динамика за опфатеноста на наставниците од училиштата од целата Република.
- Определување на времетраењето за реализација на одделните модули, по нивоа, предвидени за обуката на наставниците.
- Изработување на план - определување на интервалите за реализирање на обуката (неделно или дневно, по колку часа и сл.).
- Подготовка на материјали за наставниците потребни за обуката.
- Вреднување на резултатите од реализираната обука.
- Изработка и доделување на сертификати на наставниците посетители на обуката.
- Ангажирање на наставниците кои ги завршиле трите нивоа на обука како ментори за пренесување на стекнатите искуства (знаења и вештини) за примена на ИКТ на наставниците од нивните училишта.

Општи стандарди на компетенции на наставниците за примена на ИКТ во воспитно- образовната работа во училиштето:

- Вклучува компјутер и работи со тастатура и глушец.
- Внесува, копира, снима разни видови на податоци.
- Работи со текст процесор.
- Прилагодува методи на работа кон секој ученик.
- Обезбедува различни извори за учење со примена на ИКТ кои соодветствуваат на различните стилови и приоди во учењето.
- Создава услови за учење преку решавање проблеми.
- Континуирано го следи, евидентира, анализира напредувањето на учениците.
- Планира, евидентира, вреднува - наставни, воннаставни и вонучилишни активности со помош на ИКТ.
- Планира и развива програми за ученици со посебни потреби.
- Пребарува на Интернет.
- Користи електронска пошта (е-маил).
- Владее со програмски пакети.
- Планира видови на технолошка поддршка на процесите на учење и поучување.
- Користи различни видови бази на податоци.
- Планира вид и обем на активности на учениците со примена на ИКТ.
- Планира стратегии за реализација на поставените цели.
- Користи образовен софтвер за потребите на наставата.
- Изработува соодветни инструменти за следење и вреднување на ефектите од работата на учениците.
- Дизајнира активно истражување на учениците помагајќи им да поставуваат и решаваат проблеми.
- Бара веб-информации.
- Креира мултимедијални презентации.
- Се вклучува во разни видеоконференции.
- Дизајнира веб-страница.

**Напомена:** Овие компетенции треба да се надополнат и да се структурираат во три групи според нивоата на обука.

За секое ниво треба да бидат изготвени соодветни педагошки силабуси за обука на наставниците за употреба на ИКТ во нивната воспитно-образовна

работа. Кога наставникот успешно ќе ги совлада задачите од конкретното предвидено ниво на обука за ИКТ, му се издава сертификат како потврда за успешно завршување на обуката/курсот. Стекнатите компетенции од обуката ќе бидат верифицирани и ќе подлежат на лиценцирање од страна на државата.

***Стручни соработници во училиштата***

Треба да ги поседуваат компетенциите за ИКТ предвидени за сите опции - нивоа на обука на наставниците за примена ИКТ во воспитно-образовната работа во училиштето.

***Реализатори на обуката/ даватели на услуги***

За таа цел потребно е да се формира широк круг на акредитирани даватели на образовни услуги - центри за стручна обука на наставниците, кои ќе нудат можности за професионално усовршување на наставниот кадар од основното и средното образование.

Задачата на акредитираните даватели на образовни услуги во поглед на ИКТ е да помогнат да се премости јазот меѓу сегашниот курикулум и новите виртуелни материјали, активности и платформи за учење базирани на ИКТ, но и континуирано да го следи развојот на ИКТ од аспект на образовните предности.

# 4. ОДРЖЛИВОСТ НА СТРАТЕГИЈАТА

За развој на информатичкото општество од аспект на подобрување на образовната структура потребна е поддршка и на другите форми на образование како доживотното учење. Актуелноста на концептот *Општество базирано на знаење* ја зголемува потребата од професионалци кои покрај потребната стручност во одредена област поседуваат добри комуникациски и социјални способности, добро се информирани, постојано спремни за учење и способни за справување со новонастанатите ситуации.

Потребни предуслови за успешно учество во општеството базирано на знаење се трансформирање на парадигмата на образованието и креативна употреба на стекнатото знаење и искуство, со способности за креирање на оригинални решенија. Затоа образованието зазема централно место, како неоспорен клуч за одржлив развој, квалитет и конкурентност. Во овој контекст е-образованието е нова форма на образование со тежиште на ученикот во која со иновативна употреба на информатичко-комуникациските технологии треба да се подобри традиционалниот систем на учење преку суштинска трансформација на содржината и начинот на учење и да се избришат границите меѓу ученикот и учителот, и меѓу училиштето, домот и работното место. Оваа форма на образование треба да овозможи развивање на вештини и капацитети за подобро функционирање во модерниот свет, со глобална перспектива и широки погледи.

Системите за учење на далечина, е-учење, доживотно учење и други флексибилни форми на учење, како и можностите за развој и презентација на мултимедиски и повеќејазични содржини се само некои од примерите за местото на информатичките и комуникациските технологии во новото е-образование.

## 4.1. Подигање на образовното ниво на населението

Зголемената технолошка писменост, започнувајќи од образовната средина, треба да го трансформира образовниот процес, резултирајќи со продуктивни граѓани за успешна интеграција во глобалното информатичко општество.

Препораки:

- Приспособување на граѓанското образование во насока на оспособување на граѓаните за користење на е-услуги.

Зголемување на способноста на граѓаните за лесно и ефикасно користење на е-услуги, како комплементарна мерка на активностите за поголемо

учество на граѓаните во севкупните општествени процеси преку подобро користење на ИКТ.

Стимулирање на активности за зголемување на дигиталната писменост со промовирање и поддршка на курсеви, материјали и флексибилни облици на обука, како и форми на доживотно учење.

Обрнување посебно внимание на достапноста на овие активности на лицата со специјални потреби, за нивно полесно интегрирање во општеството, со и преку употреба на ИКТ.

- Воведување на домашни и прифаќање на европски сертификати за стекнати знаења за ИКТ.

Поттикнување на користење на европски и домашни сертификати преку вклучување на обврска за поседување на сертификати за дигитална писменост како задолжителен елемент при вработувањето во државните институции (на пример, преку Агенцијата за државни службеници).

Детерминирање на минимум елементи што треба да ги содржи сертификатот и отворање на простор за конкурентно присуство на домашни и европски сертификат-програми.

- Издавање на литература од ИКТ во стандарден и мултимедиумски формат.

Креирање на литература на македонски јазик и на другите локални јазици, со што начинот на кој се користи ИКТ и придобивките кои ги носи истата позитивно ќе влијаат на зголемувањето на дигиталната писменост на граѓаните.

Дефинирање на стимулативни мерки за креирање на ИКТ литература како, на пример: даночни олеснувања за нејзино издавање и зголемување на мотивацијата кај авторите преку регулирање и доследно спроведување на законот за авторски права.

- Креирање и користење на информации во дигитална форма, како во библиотеките, така и во другите институции сродни на образовните: истражувачки институции, музеи и институции од областа на културата и обезбедување на виртуелни работни околини.

Интензивно користење на ИКТ, не само за потребите на работењето на самите институции, туку и во остварувањето на нивната образовна функција (постојните библиотечни и музејски збирки во Македонија својата образовна функција ја остваруваат на претежно класичен начин).

Дигитализација и интероперабилност на Народната и универзитетска библиотека и подрачните библиотеки.

## 4.2. Подобрување на задолжителното образование

Препораки:

- Ревизија на застапеноста на ИКТ во основното и средното образование

Воведување на ИКТ наставни содржини во пониските години на основното образование и дефинирање на квантитативно и квалитативно присуство на ИКТ во системот на основното и средното образование.

- Унапредување на содржината на ИКТ образованието во основното и во средното образование: наставни планови и програми и профилирање на кадри.

Усогласување на наставните планови и програми за информатичките предмети во основното и во средното образование со генералните цели на „Националната стратегија за развој на информатичко општество“ и „Националната програма за развој на образованието во РМ“, компатибилни со меѓународните норми и препораки.

Дефинирање на нови предмети и програми и воведување на структурни и содржински промени во постојните.

Лесно и динамично прилагодување на наставните планови и програми од ИКТ областите со следење на динамиката на актуелностите во ИКТ областа во целина.

Дефинирање правни услови за можноста на ангажирање на ИКТ специјалисти во образовниот систем, како и профилирање наставни кадри за ИКТ образованието во системот (основно, средно, задолжително, изборно).

- Поттикнување на создавањето и користењето на дигитални содржини како наставни помагала (мултимедиумски и повеќејазични) во основното и во средното образование.

Поттикнување на интерактивноста, креативноста и партиципативноста кај учениците преку користење на дигитални содржини кои, во многу случаи, се единствениот одговор на предизвиците за задоволување на современите јазични и методолошки стандарди.

- Координирање и унапредување на образованието од областа на ИКТ во високообразовните институции: специјализирани факултети и наставни програми од ИКТ.

Воведување на дистинкција на апликативно и истражувачки насочено образование за ИКТ специјалисти.

Профилирање на ИКТ специјалисти на повеќе нивоа (вишо, високо, сертифицирано) и усогласување на специјалностите по областа на специјализација.

Редефинирање на статусот на постојните образовни институции кои профилираат ИКТ кадри и нивно прераснување во самостојни факултети.

Воведување на задолжително ИКТ образование на сите високообразовни институции во Република Македонија со прилагодени програми за дигитална писменост.

## 4.3. Промоција на доживотно учење

Сè позабележлива е потребата од приближување кон различните форми на доживотно учење, особено она кое се фокусира на неформалното образование на возрасните како дел од секојдневниот живот и нераздвоен аспект на граѓанството. Доживотното учење претставува мноштво различни процеси на учење во текот на животот, кои ги трансформираат искуствата во знаења, вештини и ставови. Истото треба да се разбере како израз и задоволување на вродената љубопитност кај човекот, процес со кој се интегрираат веќе стекнатите искуства преку програми за доусовршување, далечинско и on-line учење.

Препораки:

- Развој на системи за учење на далечина, е-учење и флексибилни облици на учење користејќи ИКТ.

Поттикнување на употребата и развојот на системите за учење на далечина и флексибилните облици на учење користејќи ИКТ во сите сегменти на образовниот процес.

Обезбедување правна рамка за нивна имплементација и акредитација.

- Обезбедување услови за поттикнување на активности на т.н. центри за доживотно учење.
    - » Промовирање и поддршка на курсеви, материјали и флексибилни облици на обука и доусовршување.
- Обезбедување можности за неформално учење користејќи ИКТ во организации каде што тоа е секундарна функција.
    - » Бизнис, индустрија, здравствени организации, библиотеки, музеи и мноштво други агенции.
- Поттикнување на информалното учење користејќи ИКТ во рамките на заедниците (групи на луѓе со заеднички интереси или социјална интеракција).
    - » Идентификување на проблемите и потребите, изнаоѓање решенија и мобилизирање на неопходните ресурси.

## 4.4. Институционална рамка

Светските искуства велат дека е неопходна дополнителна институционална поддршка за успешна реализација на делот на стратегијата кој се однесува на масовната примена на ИКТ во образовниот процес. За таа цел неопходно е:

- да се редефинира статусот на постојните образовни институции (насоки) кои профилираат ИКТ кадри и нивно прераснување во самостојни факултети;
- да се формира инстанца за акредитирање на центри и институции за промовирање и издавање на сертификати од областа на ИКТ образованието;
- да се формира центар за е-технологии кој би вршел испитување на квалитетот и сертифицирање на сите имплементирани решенија од ИКТ областа во државата;
- да се подвлече значењето на МАРНЕТ и да се пронајдат решенија за институционални и одржливи ингеренции и механизми за нејзино функционирање.

## 4.5. Инфраструктура

### *4.5.1. Модел на компјутерска училница и финансиски рекапитулар*

1. компјутерска мрежа (минимум FastEthernet со број на приклучоци колку има компјутерски единици + 20%)
2. сервер
3. работи станици
4. принтер, мрежен (ласерски или inkjet)
5. медиум за презентација
    - проектор или ТВ
    - ДВД/ВЦР
6. мебел компјутерски маси, столови и останато
7. други помали реквизити
8. Интернет пристап (минимум 128 kbps)

### *4.5.2. Финансиска конструкција*

1. компјутерска мрежа

а) структурно каблирање

n x 100 €

пр. 20 конекции -> 2000 €

16-24 port-en switch

10/100+1x1000 - > 300 €

б) безжична

n x 100 € (приближно) -> 200 €

2. сервер ... 1000€

1 x CPU XEON ili AMD64

2 x SATA raid 1 200GB

1 x DVD RW

external USB CD changer (4 units)

2GB RAM 400MHz

1 x 1000BaseT

1 x 100BaseT

128MB PCIX VIDEO

15” TFT

3. клиенти

станица А за посложени апликации (3D, CAD): ... 700 €

1 x CPU P4 HT ili AMD64

1GBMB RAM 400MHz

80GB HDD SATA

10/100/(1000) Ethernet PIX BOOT WOL

128MB PCIX Video

DVD ROM

15”TFT

станица Б стандардна: ... 400 €

1 X CPU Intel P4 or AMD

512MB RAM 400MHz

80GB SATA

10/100/(1000) ethernet WOL PIX BOOT

64MB VIDEO AGP

15” TFT

UPS

4. принтер мрежен (ласерски, игличен)

ласерски:

20PPM A4 ... 500 €

1200X1200

250 pages cassete

10/100ethernet printserver (internal)

USB connector

PCL and Postscript connector

inkjet принтер ... 400 €

A3 paper size

separatte inc cartriges

ethernet print server, USB connector

5. медиум за презентација

LCD videoprojector ... 800 €

800AnsiLummen

1024X768 at 16bits colour

audio-speakers

TV set ... 300 €

72cm diagonal size

compozite or s-video in

stereo sound, scart-euro connector, wall stand

DVD / VCR player ... 150 €

6. мебел

компјутерска маса и стол ... 100 €

табла ... 250 €

орман ... 100 €

7. други помали реквизити ... 100 €

ласерско пенкало, фломастери, табла и сл.

8. Интернет пристап ... 30 € (месечно)

9. Софтвер ... 1500 €

Процена на трошоци за компјутерска лабораторија со **20** работни станици:

**12,000€** (без трошоците за посебен софтвер и Интернет)

# 5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 5.1. Демократско и одржливо образование

Проблемот за одржливост на инвестициите во образованието е сериозен проблем со кој се соочиле многу земји. Најчесто инвестициите поврзани со ИКТ се одвиваат во контекст на поволно финансирање, преку национални или европски фондови. Формирање на национален фонд во рамки на кој ќе се финансира организацијата на натпревари (олимпијади, најдобар проект од ИКТ и сл.) и ќе се доделуваат награди за најдобри резултати е еден начин за предизвикување интерес и мотивација. Доколку учеството во една активност е достапно за сите без дискриминација, натпреварувачкиот приод може да даде добри плодови. Ваква политика би поттикнала образовни иновации со примена на нови улоги и за учениците и за наставниците. Изнаоѓањето фондови за опремување на училиштата со компјутери и Интернет е релативно лесна работа во споредба со финансирањето софтвер и луѓе за новите улоги како одржување, менторство и материјали за курсеви.

## 5.2. Промоција на културниот идентитет

Потребата за дигитална писменост произлегува од фактот дека се соочуваме со сериозен процес на културна трансформација. Овој процес вклучува преминување од една когнитивно-културна парадигма во друга и носи со себе пресврт во начинот на мислење, обичаите, начинот на живеење и трансформацијата на вредностите.

Како таков, овој процес ќе го препознаеме како историски процес од огромно значење кој може да го смени правецот на нашата историја. Од овој аспект, да се води дигитално описменување значи тоа да се стави во контекст на нашата културна историја и да се стави пред нашето симболично-културно наследство.

Ја имаме можноста да го зачуваме и да го пренесеме целото наше културно наследство во дигиталниот свет. На овој начин ќе се промовира проширување на ова наследство, пристапот до него, па дури и нов начин на негово толкување.

Ќе се развијат нови универзални јазици (како англискиот, ИТ, математичката логика и др.). Може да се каже дека се соочуваме со нов вид на хуманизам.

Значи, дигиталната писменост и дигиталната култура нема да бидат елементи спротивни на хуманистичкото разбирање на културата. Тие треба да се фокусирани и водени од можноста што ја имаат за проширување и промоција

на централната позиција на човекот во општеството. Така, говорењето за дигитална култура, на некој начин, ќе биде слично на дискутирање за можноста на конструирање нов вид на хуманизам.

## 5.3. Интеграција во Европската унија

Со цел постигнување ниво на дигитална писменост во услови на „дигитал дивиде", кое ќе овозможи поедноставно прилагодување во процесот на интеграција во ЕУ, потребно е:

- да се поттикнува искористувањето на постоечкиот висококвалитетен дигитален материјал за учење и подучување, како и развојот на таков материјал во образовните области од посебен национален карактер;
- да се искористат ИКТ за развивање европска свесност, размена и соработка на сите наставно-образовни нивоа и, посебно во училиштата, да се испитаат можностите за интегрирање на европските искуства од оваа област во курикулумите и да се поддржи и зајакне физичката и виртуелната мобилност (промоција на виртуелни универзитети), како важен дел на образованието, развивајќи нови вештини и компетенции неопходни за живеење и работа во повеќејазично и мултикултурно општество;
- да се негува европската димензија за заеднички развој на курикулуми во високото образование кои ќе бидат ИКТ-поддржани и ИКТ-дополнети и ќе бидат поттик за факултетите во процесот на постигнување иновации на ова поле на европско ниво;
- да се стимулира меѓународната соработка од аспект на зголемување на истражувањата во областа на е-учењето, посебно во правец на подобрување на перформансите на учењето со помош на ИКТ, педагошкиот развој, како и импликациите од учењето засновано на ИКТ.

## 5.4. Зајакнување на регионалната и европската соработка

Креирањето на порталот за е-учење ќе обезбеди референтен центар за сѐ во врска со е-учењето, како на локално, така и на регионално, односно европско ниво. Овој портал би се користел како место за иновативна практика, водич кон едукативните ресурси, платформа за соработка и форум за контакти и дебати за сите инволвирани страни.

Зајакнувањето на соработката ќе се реализира преку овозможување на размена на искуства во клучните полиња за зајакнување на политиката за користење на ИКТ во образованието и наставата како:

- финансирање на инфраструктурата, опремата и пристапот до Интернет;
- наставните стратегии;

- поддршка за развој на квалитетни содржини и услуги;
- мониторирање и развој на напредни студии.

За имплементација на кажаното треба да се помогне поврзувањето со мрежите од типот ЕУН- Европеан Сцхоолнет, тематските мрежи развиени под Соцратес, европските асоцијации на професори и студенти (ученици) и други европски организации. Секако, креирање на мрежа за е-учењето во високото образование, како и организирање на конференција за „училиштето утре" и „универзитетот утре" би биле од огромно значење.

# 6. АКЦИОНЕН ПЛАН

Предложените конкретни мерки и активности мора да ги сублимираат барањата и препораките изложени во претходните поглавја:

- Значително зголемено ниво на дигитална писменост на граѓаните.
- Воведување и усогласување на стандарди за е-образование.
- Структурален и содржински развој и зголемена присутност на ИКТ образованието на сите нивоа.
- Поттикнување на современи и флексибилни форми на образование со помош на ИКТ: континуирано учење, учење на далечина, преквалификација итн.
- Континуиран развој на националната академска истражувачка мрежа како носител на современо и ефикасно делување на субјектите во образованието на национално и глобално ниво.

## 6.1. Стратешки мерки

За успешна реализација на поставените цели и препораки, се предлага реализација на следниве стратешки мерки:

- *Протеус - портал за сублимирање на сите активности во областа на е-образованието.*

Постоењето на многу донации и бројни проекти за зголемување на употребата на ИКТ во сите сегменти на образованието, кои најчесто се некоординирани и нестандардизирани, наметнува силна потреба од координирање и следење на овие активности од едно централно место, каде што ќе може да се добијат информации за различните активности кои се во тек, како и за оние кои треба да отпочнат за реализирање на поставената стратегија. Ваквата состојба ќе се подобри со креирање на Протеус порталот којшто ќе биде сублимат на сите ИКТ активности кои се одвиваат во областа на образованието.

- *Подобра поврзаност на субјектите од образованието, науката и културата.*

Современите и технолошки развиени држави се одликуваат со развиена ИКТ инфраструктура, особено кај субјектите кои се занимаваат со образование. Поседувањето на постојан и брз Интернет, како можност за комуникација со останатите образовни институции, е една од работите на кои се обрнува посебно внимание. Во тој контекст, треба да се обезбеди континуиран развој на академската и универзитетска истражувачка мрежа - МАРНЕТ на национално и меѓународно ниво и обезбедување на нејзина соодветна компатибилност со паневропските мрежи. Овој развој би се постигнал преку подобрување на организационата поставеност, доекипирање, професионализација, зголемување на транспарентноста и обезбедување на финансиската стабилност на МАРНЕТ (преку обезбедување на алоцирани средства од Владата). Вака реорганизиран, МАРНЕТ треба да обезбеди постојан, евтин и квалитетен пренос на информации меѓу субјектите во државата, како и со останатите образовни субјекти во светот.

- *Зголемување и стандардизација на хардверска и софтверска опрема во наведените субјекти и обезбедување на интероперативилност.*

Со помош на неколку иницијативи[1] од загрижувачката бројка 200 ученици на компјутер, се дојде до приближно задоволителна бројка од 50 ученици по компјутер со легален софтвер. Во наредниот период мора и државата да се вклучи во набавка и модернизација на хардверската опрема, секако имајќи ги предвид воспоставените стандарди, како и меѓусебната компатибилност.

- *Обезбедување брз и евтин Интернет пристап за сите правни и физички субјекти кои учествуваат во образовниот процес, како и одржување на истиот.*

Посебен акцент треба да се обрне на потребата на задоволување на стандардите и позитивната практика за Интернет достапноста во образованието. Да се пронајдат и предложат форми за бесплатен Интернет пристап во образованието како институционална придобивка и како центри за ширење на веб-културата и писменоста. На академско и истражувачко ниво посебен акцент се става на МАРНЕТ и поддршка на нивните иницијативи.

- *Подобрување на работата на истражувачките и иновативни центри и центрите за трансфер на технологија.*

Сублимирање на актуелната состојба, експертизите и научно-истражувачките и апликативните капацитети на истражувачките центри од доменот на ИКТ. Промоција на приоритети и координација на насоките на развој на истражувачките центри и стимулирање на развојот во приоритетно

[1] Народна Република Кина, УСАИД, Мајкрософт.

дефинирани области. Да се стимулираат центрите за трансфер на технологија низ конкретни бенефиции, преку основање на претпријатија-инкубатори во рамките на високообразовните институции.

- *Имплементација на современи информациони системи за образовните средини на сите нивоа и обезбедување нивна интеропeратибилност.*

Креирање и имплементација на менаџерски информационен систем и дефинирање на стандарди за интероперaтибилност и електронско поврзување на администрацијата меѓу институциите од образовниот систем на соодветните нивоа (основно, средно, високо). Дефинирање на административните задолженија од и кон центрите на локална или централна власт, како и специјализираните институции (Државен завод за статистика).

- *Интегрирање на постојните мрежи на подрачни библиотеки, подрачни музеи и културни домови, како и мрежата на Народна техника и НВО на Македонија за ИКТ образование – бесплатен пристап кон Интернет преку јавни е-точки и формирање на клубови за развој на содржини.*

Во постојната мрежа на институции од овие три области (библиотеки, музеи и домови на културата и организациони единици на Народна техника) да се стимулира формирање на центри со ИКТ инфраструктура како носители на активностите за реализација на целите на Стратегијата од делот Дигитална писменост и развој на содржини.

- *Зголемување на присутноста на ИКТ во основното и во средното образование.*

Воведување на информатиката во пониските години на основното образование и дефинирање на квантитативно и квалитативно присуство на ИКТ во образовниот систем на основното и средното образование.

- *Приоритетна ревизија на наставните планови и програми од областа на ИКТ образование во основното и во средното образование.*

Наставните планови и програми за информатичките предмети во основното и во средното образование треба да бидат во согласност со генералните цели на Стратегијата и компатибилни со меѓународните норми и препораки.

Потребно е дефинирање на нови предмети и програми и воведување на структурни и содржински промени во постојните.

Поставеноста на наставните планови и програми од ИКТ областите треба да овозможи лесно и динамично прилагодување на истите со следење на динамиката на актуелностите во ИКТ областа во целина.

Треба да се дефинираат правни услови за можноста на ангажирање на ИКТ специјалисти во образовниот систем, како и профилирани наставни кадри за ИКТ образованието во системот (основно, средно, задолжително, изборно).

Воведувањето на ИКТ образование уште во основното училиште, уште од IV одделение, и зголемувањето на фондот на предметите во сите средни училишта (без разлика на нивната основна струка), се чекори кои би требало да се преземат од оние субјекти кои се занимаваат со формалното образование.

- *Координир ање и развивање на образованието во високообразовните институции од ИКТ специјалност.*

Профилирањето на идните ИКТ специјалисти е од клучна важност за севкупниот развој на информатичкото општество. Потребно е воведување на дистинкција на апликативно и истражувачки насочено образование за ИКТ специјалисти. Потребно е да се стимулираат образовни профили на ИКТ специјалисти на повеќе нивоа (вишо, високо, сертифицирано) и усогласување на специјалностите по област на специјализација.

За успешна реализација на овие мерки потребно е редефинирање на статусот на постојните образовни институции кои профилираат ИКТ кадри и нивно прераснување во самостојни факултети.

Значајно е и воведувањето на задолжително ИКТ образование на сите високообразовни институции во Република Македонија со прилагодени програми за дигитална писменост.

- *Интегрирање на флексибилните облици на учење и форми за доживотно учење со користење на ИКТ во постојниот систем и стимулирање на нивната употреба.*

Да се стимулира употребата и развојот на системите за учење на далечина, доживотното учење и флексибилните облици на учење користејќи ИКТ во сите сегменти на образовниот процес. Да се прилагоди или изгради правна рамка за нивна имплементација и акредитација.

Да се обезбедат услови за поттикнување на активностите на центри за флексибилни облици на учење со користење на ИКТ, учење на далечина и стекнување на знаења од областа на ИКТ.

- *Обезбедување на изградба на дигиталната писменост како дел од граѓанското образование.*

Како пратечка мерка на активностите за поголемо учество на граѓаните во севкупните општествени процеси преку подобро користење на ИКТ треба да се зголеми нивната способност за лесно и ефикасно користење на е-услугите. Да се стимулираат активности за зголемување на дигиталната писменост со промовирање и поддршка на курсеви, материјали и флексибилни облици на обука, како и форми на доживотно учење.

Посебно внимание да се обрне на достапноста на овие активности на лицата со специјални потреби за нивно полесно интегрирање во општеството со и преку употреба на ИКТ.

- *Обезбедување на континуирано дигитално описменување во сите професии со прилагодување кон специфичните професионални потреби.*

Развојот на информатичко општество и општество кое се базира на знаење изискува образовани луѓе. Поради големиот раст кој го има информатичката технологија во последните неколку години, во општеството се јавува голема маса на население кое ретко доаѓа во контакт со таа технологија. Предрасудите и незнаењето се основните кочници за креирање на информатичко-комуникациската технологија. Еден ваков проект би имал цел да го зголеми користењето и употребата на информатичката технологија во секојдневието, преку образување на сите структури на население. За оние кои не се вклучени во формалното образование би требало да се воведат бесплатни или евтини курсеви од сертифицирани институции преку кои ќе можат да се стекнат со основно образование потребно за употреба на информатичката технологија.

- *Промовирање на концептот на сертифицирани знаења од ИКТ областите.*

Поттикнување на користење на европски и домашни сертификати преку вклучување на обврска за поседување на сертификати за дигитална писменост како задолжителен елемент при вработувањето во државните институции (на пример преку Агенцијата за државни службеници). Детерминирање на минимум елементи што треба да ги содржи сертификатот и отворање на простор за конкурентно присуство на домашни и европски сертификат програми.

- *Креирање на ИКТ литература на македонски јазик и на јазиците на заедниците во средините и областите каде за тоа постои правна рамка.*

Како една од мерките за зголемување на дигиталната писменост на граѓаните позитивно ќе влијае креирањето на литература на македонски јазик и на другите јазици, со што начинот на кој се користи ИКТ и бенефициите кои ги носи ќе биде полесно достапна до истите. Потребно е дефинирање на стимулативни мерки за креирање на ИКТ литература како: даночни олеснувања за нејзино издавање и зголемување на мотивацијата кај авторите преку регулирање и доследно спроведување на законот за авторски права.

- *Стимулирање на креирање и користење на информациите во дигитална форма - библиотечни фондови и области сродни на образовните: музеи и слично.*

Постојните библиотечни и музејски збирки во Македонија својата образовна функција ја остваруваат на претежно класичен начин. Новите стандарди и трендови во овие области налагаат интензивно користење на ИКТ како во работата на самите институции, а посебно во остварувањето на нивната образовна функција. Да се обезбеди дигитализација и интероперабилност на

Народната и универзитетска библиотека и подрачните библиотеки.

- *Стимулирање на креирање и користење на дигитални содржини како наставни помагала (мултимедиски и повеќејазични) во основното и средното образование.*

Употребата на ИКТ во образовниот процес е клучниот фактор за брза и ефикасна трансформација кон образование во чиј центар е ученикот, а чии цели се здобивање партиципативно искуство во текот на учењето. ИКТ содржините обезбедуваат стимулирање на интерактивноста, креативноста и партиципативноста кај учениците и во многу случаи се единствениот одговор на предизвиците за задоволување на современите јазични и методолошки стандарди.

- *Македонски толковен речник.*

Недостатокот на стандардизација за толкување на различните поими од областа на ИКТ со кој се среќаваме секојдневно ја отежнува имплементацијата на истата преку создавање на конфузија. Преку реализација на еден ваков проект би се отворила јавна дискусија за дефинирање на стандарди за сите поими поврзани со

ИКТ и толкување на истите на македонски јазик и на другите локални јазици во средините и областите каде за тоа постои правна рамка.

- *Едукативен софтвер на мајчин јазик.*

Изработка на мултимедијални наставни содржини на мајчин јазик, кои би се нашле на веб-страници, достапни и за родителите и за учениците, со што ќе се стимулира дополнително учење на одделни наставни содржини. Пример за приоритетен проект би бил: дигитален буквар.

# 7. ЗАКЛУЧОК

ИКТ им дозволува на луѓето, насекаде во светот, да имаат моментален пристап до информации и знаење. Индивидуите, организациите и заедниците треба да добијат корист од знаењето и информациите. Развиената политика води сметка за развојот и промоцијата на јавните информации во земјата како важен интернационален инструмент промовирајќи јавен пристап до информации.

Владите во 21 век се принудени да обезбедат соодветен пристап преку различни комуникативни ресурси, посебно Интернетот, до јавните официјални информации. Поттикнато е и основање на законодавство врз основа на пристапот до информациите и заштитата од јавните податоци, посебно во областа на новите технологии.

Станува секојдневна практика да се промовира истражувањето и развојот преку помош за пристапност на ИКТ до сите, вклучувајќи ги групите на луѓе со посебни потреби.

Владите во 21 век и другите чинители треба да создадат постојани повеќенаменски целни точки на пристап, создавајќи дозволен или бесплатен пристап за нивните граѓани до различни комуникациски ресурси, посебно до Интернетот. Овие точки на пристап треба колку е можно повеќе да се прошират, да имаат доволен капацитет за да овозможат помош на корисниците во библиотеките, образовните институции, јавните администрации, поштите или други јавни места, со посебен нагласок на руралните и подуслужните области, додека се почитуваат интелектуалните имотни права (ИПР) и во поттикнување на информациите и во размената на знаење.

Владите во 21 век посебен приоритет даваат на поттикнување на истражувањето и промоцијата на свесност помеѓу чинителите од дополнителните можности понудени од различни софтверски модели, и значењето за нивното креирање, вклучувајќи сопствен, open-source и бесплатен софтвер, со цел да се зголеми конкуренцијата, слободата на избор и дозволеноста, и да се оспособат сите чинители да проценат која солуција најмногу одговара на нивните барања.

Владите во 21 век мора активно да ја промовираат употребата на ИКТ како основна работна алатка од страна на нивните граѓани и локалните власти. Во овој случај интернационалните заедници и другите чинители треба да го поддржат градењето на капацитетот за локалните власти во ширењето на употребата од ИКТ како средство за подобрување на локалната власт.

Владите во 21 век се тие кои поттикнуваат истражувања за информатичкото општество, вклучувајќи ги и иновативните форми на вмрежување, приспосо-

бување на ИКТ инфраструктурата, алатки и апликации кои помагаат во пристапот на ИКТ до сите, посебно групите на луѓе со посебни потреби.

Владите во 21 век поттикнуваат креирање и развој на дигиталните јавни библиотеки и архивски услуги, адаптирани на информатичкото општество, вклучувајќи преглед на националните стратегии и закони за библиотеките, развивање на глобално познавање за потребата од „хибридни библиотеки", и грижа за кооперација меѓу библиотеките во светски размери. Притоа се носат иницијативи за помош во пристапот, вклучувајќи слободен и дозволен пристап отворајќи го пристапот до весниците и книгите, како и архивите за важни информации.

Цивилното општество, исто така, игра важна улога околу Интернет масовноста, особено на комуникациско ниво, и треба да се остави да продолжи да ја игра таа улога.

Изборот е наш.

## ПОИМНИК

| | |
|---|---|
| **ИКТ** | Информатичко-комуникациски технологии |
| **Информатика** | Дисциплина за генерирање и обработка на податоци |
| **Дигитално писмен** | Лице кое поседува знаење, способности и вештини за користење на ИКТ |
| **ОУ** | Основно училиште |
| **Е-образование** | Под е-образование се подразбираат сите форми на електронски и/или електронски поддржани образовни услуги, вклучувајќи го и Интернетот. |



# ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ >>>>>

Работна група:

д-р Зоран Велковски
д-р Олаф Мекданиел

# ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ*

## РЕЗИМЕ

Цел на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. Поради тоа, образованието мора да биде достапно за секој кој живее на тлото на Република Македонија, без оглед на неговата возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба и социјална и финансиска положба. Исто така, образованието и обуката мора да ги поседуваат сите услови за ефикасност и ефективност за да бидат во состојба на сите да им пружат доволно општо и стручно образование.

- Како што младата возрасна група се намалува, значењето и уделот на повозрасното население во развојот на државата ќе расте .
- Продуктивноста и ефикасноста ќе расте во на-знаење базираната работа.
- Современиот труд ќе има потреба од знаења и способности за адаптирање и пресретнување на промените.
- Современиот труд ќе предизвика намалување на работната сила и ќе ја промовира важноста на образованието и обуката во сите возрасни групи.
- Слободата на младите луѓе да прават избор на различни стилови на живеење без способности добиени во образованието и културата, може да предизвика проблеми во управувањето со животите и да одведе до ексклузија.
- Развојот на образованието на возрасните ќе придонесе за создавање на значајни можности за инклузија, партиципација и влијание.
- Тоа ќе овозможи континуирано стекнување на работни и граѓански компетенции, градење на сопствен идентитет, компетентно управување со сопствениот живот и спречување на ексклузијата.

Целта на доживотното учење е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на сите возрасти во текот на целиот живот. Во идниот период, Министерството за образование и наука ќе настојува да создаде позитивна атмосфера за

* Програмата за образование на возрасните во Република Македонија во контекст на доживотното учење, е изработена во соработка со Европската фондација за обука (ETF - European Training Foundation), во рамките на посебен проект.

континуирано учење и саморазвој за сите популациски групи. Тоа подразбира зголемување на можностите за образовна мобилност на младите и возрасните и остварување на динамична соработка меѓу образовните установи и потребите кои произлегуваат од сферата на трудот и општествениот живот. Во овој контекст, важно ќе биде мобилизирањето на оние популациски групи на кои поради различни причини им застарело знаењето, не располагаат со соодветни компетенции или останале образовно хендикепирани, како на пример: невработените, неписмените и маргиналните групи. Соработката меѓу различните субјекти во образованието, јавниот и приватниот сектор, невладините организации и волонтерските здруженија, ќе биде исклучително значајна за остварување на засилена образовна мобилност на младите и возрасните. Во таа смисла, ќе се даде силна поддршка на активностите на невладините и волонтерските активности на полето на доживотното учење.

За успешно реализирање на концептот на доживотното учење потребно е децата и младите уште во текот на нивното базично образование да се стекнат со способности и навики за континуирано учење.

Не треба да се очекува целокупната одговорност за јакнењето на интелектуалните капацитети на државата, оспособувањето на младите и возрасните за ефикасна работна и социјална инклузија и партиципација во процесите на одлучување и управување да се препушти само на формалното образование. Поради тоа, во наредниот период, ќе се преземат мерки за засилување на соработката меѓу институциите за формално образование и институциите и формите на неформално образование. Во тој домен, важна претпоставка ќе биде градење на ефикасна врска со невладиниот сектор и негово промовирање во *клучен партнер* во развојот на образованието и земјата во целост. За таа цел, потребно е да се изградат механизми и да се оствари динамична соработка и поделба на одговорностите и активностите, во согласност со приоритетите на државата, меѓу Владата и навладиниот сектор.

Посматрано од аспект на работната компетентност и конкурентност, остварувањето на социјалната кохезија и унапредувањето на квалитетот на животот, важно е да се одржат, кондицираат и подигнат на повисоко ниво работните и социјалните компетенции на возрасните. Со оглед на динамиката на промените кои го зафаќаат современиот труд и експлозијата на на-знаење базирани работни места и потребите за ефикасна социјална инклузија и партиципација на возрасните, како и функционалното содржинско исполнување на нивното слободно време, повеќе од нужно е да се воспостави широка мрежа на формални и неформални даватели на образовни услуги. Истовремено, тоа значи перманентна афирмација и потенцирање на значењето на образованието за современиот живот и работа.

Министерството за образование и наука ќе биде фокусирано во

спроведување на активности и давање поддршка на сите иницијативи кои се насочени кон спречување на работната и социјалната ексклузија. Промовирајќи го доживотното учење и безбедноста на работното место истовремено ќе ја промовира и добросостојбата на населението.

За таа цел, во наредниот период ќе се остварат активности кои ќе овозможат:

- намалување на стапката на неписменост кај возрасните, особено диспаритетот меѓу стапките на неписменост кај мажите и жените;
- експанзија на базичното образование кај возрасните;
- можности за стекнување на знаење, вештини и вредности од страна на возрасните, кои се бараат за подобрување на квалитетот на животот;
- зголемување на можностите за образовен избор;
- развивање на образование на возрасните кое ќе биде во функција на општествената кохезија;
- развивање на можности за образование и обука кои соодветно одговараат на очекувањата, аспирациите и потребите на различните групи од постојната и потенцијалната работна сила;
- образование и обука на возрасните за динамичните промени во сферата на трудот и животот.

Остварувањето на овие цели бара мобилност на сите клучни фактори во државата и остварување на партнерски однос во реализацијата на активностите. Од аспект на доживотното учење, овој партнерски однос мора да резултира со:

- развој на специјализирани институции кои ќе остварат координација на активностите во сферата на образованието на возрасните и ќе го регулираат пазарот на образовна побарувачка и понуда;
- перманентен мониторинг врз ризичните групи кои тендираат да станат долготрајно невработени;
- мобилност на службите за вработување и советодавна дејност;
- успешна антиципација на идните образовни потреби и работни места ;
- поголемо насочување кон знаењата и вештините кои се потребни на претпријатијата и локалната економија;
- апликација на комбинирани мерки на обука и работно искуство (сендвич метод);
- развиен информациски систем за пазарот на трудот и можностите кои ги нуди;
- давање предност на способностите, а не на сертификатот;

- активен однос на социјалните партнери (државата, синдикатите и претпријатијата);
- развој на пошироките институции и помошните структури (целодневна и part- time работа, самовработување, образование и обука, поврзување на семејството и работата);
- афирмирање на концептот на транзиционален пазар на трудот, со краткотрајни работни места кои помагаат да се одржува или поврати работоспособноста; и
- навременост на акцијата.

# ПОЗАДИНА

Стратегијата за образованието на возрасните во Република Македонија во контекст на доживотното учење (2006-2015) е резултат од заедничкиот проект кој го реализираа Министерството за образование и наука на Република Македонија и Европската фондација за обука (ЕТФ) од Торино.

Презентираната состојба со образованието на возрасните претставува резултат на водени разговори со заинтересираните страни за образованието на возрасните од различен профил (НВО, локална самоуправа, Синдикатот, Стопанската комора, Здружението на приватните занаетчии, Агенцијата за вработување и приватни центри за образование на возрасните), како и одржаните работилници со националната експертска група, составена од претставници на: Државната агенција за вработување, Државниот статистички завод, експерти за образование на возрасните од BDE, Асоцијацијата на приватни стопанственици, Сојузот на синдикатите на РМ, работничките универзитети во Скопје и во Тетово, Сојузот на жените на Македонија, невладиниот сектор и др.

На сите поединци и институции кои подарија дел од своето слободно време, вложија енергија и ги ставија своите капацитети на располагање во сите фази на изработката на овој документ, најсрдечно им благодариме.

Посебна благодарност им укажуваме на ЕТФ експертите Олаф Мекданиел и Хелмут Зелоф и националниот експерт проф. Зоран Велковски од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Стратегијата за образование на возрасните остварува комуникација со сите образовни развојни документи во Република Македонија и во Европа. Особена релација е воспоставена со Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015), како и посебните програми за развој на основното, средното/постсредното и високото образование. Многу решенија кои се понудени во овие документи овде не се спомнати со цел да не се оптоварува документот со она што е веќе зацртано, треба или веќе се реализира. Таков е случајот со националната рамка на квалификации, професионалното и стручното континуирано усовршување на наставниот кадар, напредувањето во кариерата на наставниците, ВЕТ реформите, решенијата за постсредното образование и др. Со самото тоа, овој документ станува интегрален дел од вкупниот пакет мерки кои МОН и Владата на Република Македонија го подготвија за интервенции во образовната сфера.

## Окружување

- Македонското општество е развиено врз база на плуралитет и различитост на вредностите.
- Традициите сѐ уште претставуваат значајни извори на вредности.
- Локалните, националните, етничките и религиозните фактори и во иднина ќе се манифестираат како важни спротивности на глобализацијата.

## Население

- Во Република Македонија живеат 2,022,547 жители од кои 1,015,377 се од машки (50,20%) а 1,007,170 од женски пол (49,80%).[1]
- Општа карактеристика за движењето на населението во Република Македонија е благото намалување на прирастот на населението. Природната стапка на прираст на населението која во 1990 година изнесувала 9,70 во 2002 година е намалена на 4,80.[2]
- Во последната декада има појава на намалување на стапката на прираст и на децата. Од 34,608 живородени деца во 1989 година овој број се намалил на 27,761 деца во 2002 година.[3]
- Населението на возраст со 65 и повеќе години во 1991 година учествувало во вкупното население со 8,15%, додека во 2002 година тоа учествува со 10,57% и се очекува во 2015 година да изнесува близу 14%.[4]
- Вкупното население во Република Македонија го сочинуваат 11,70% земјоделско и 88,30% неземјоделско население.[5]
- Близу половината од населението (49,39%), на возраст поголема од 15 години, го карактеризира неповолно образовно ниво. Од нив, без образование се 3,85%, со незавршено основно образование - 10,77% и со комплетирано основно образование 34,77%. Со стекнато средно образование се 40,09%, со вишо 3,24% и со високо образование 7,28%. [6]

## Работна сила

- Вкупната работна сила во Република Македонија изнесува 54,51% од работоспособното население. 22% од работната сила е вклучена во земјоделски дејности, 34% во индустриски дејности и 44% во услужни дејности.[7]

1 Државен завод за статистика, Годишен извештај, 2004.
2 Исто.
3 Исто.
4 Исто.
5 Исто.
6 Државен завод за статистика, Анкета на работната сила 2004.
7 Исто.

- Во 2005 година степенот на невработеност достигна 38,8% од активната популација на возраст од 15 - 64 години како резултат од зголемена партиципација и намалените можности за вработување.[8] И покрај тоа што нема прецизни податоци останува убедувањето дека голем дел од регистрираните невработени остваруваат работен ангажман на црниот пазар. Истражувањето на Државната агенција за вработување покажа дека голем број од невработените се пријавуваат во Агенцијата само поради социјалното осигурување што статусот невработен им го овозможува.
- Образовната структура на вработените покажува дека без образование и со некомплетно основно образование се 5,4%, со комплетирано основно образование се 20,9%, со тригодишна средно образование се 11,1%, со четиригодишно средно образование се 42,1%, со постсредно образование се 5,6%, и со универзитетско образование се 15,0%.[9]
- Образовната структура на невработените покажува дека без образование и со некомплетно основно образование се 6.6%, со комплетирано основно образование се 31,5%, со 3-години средно образование се 14,4%, со четиригодишно средно образование се 39,8%, со пост-средно образование се 2,0%, и со универзитетско образование се 5,8%.[10]
- Највисока стапка на невработеност имаат лицата кои поседуваат средно или пониско образование (вкупно 46,1% во 2004). Најниска стапка на невработеност имаат лицата со завршено високо образование (вкупно 18,3% во 2004).[11]
- Според должината на невработеноста 44,60% од невработените со високо образование чекаат за вработување повеќе од 4 години. Овој период се зголемува за останатите образовни групи и најголем е кај невработените со непотполно основно (72,40%) и без образование (61,16%).
- Долгорочната невработеност претставува сериозен проблем за Република Македонија, што од аспект на застарување на компетенциите, т.е. намалувањето на работоспособноста на населението има големо значење. Долгорочната невработеност има свој дел во вкупната невработеност од 80%, што е многу над просекот на земјите од Централна и Источна Европа (55,3% во 2002) и просекот во ЕУ-15 (40,2%).[12]
- Невработеноста најсериозно ја погодува ромската популација. Според ОЕЦД 90% од нив се невработени, а според УНДП истражувањето од 2001 година само 2% од вкупниот број на вработени поседуваат образование повисоко од основно, додека 75% поседуваат некомплетно основно об-

8 Извештај за пазарот на трудот во Република Македонија, ЕТФ, 2005.
9 Државен завод за статистика, Анкета на работната сила 2004.
10 Извештај за пазарот на трудот во Република Македонија, ЕТФ, 2005.
11 Исто.
12 Исто.

разование.[13]

- Невработеноста кај младите достигнува 67,6% од вкупната невработеност во 2004 година. Невработеноста во примарната возрасна група (25-54 години) е зголемен од 28,6% во 1998 година на 33,5% во 2004 година.[14]
- Во групата на вработени, лицата на возраст од 15-19 години учествуваат со 1,6%, додека во групата на невработени истата возраст учествува со 5,4%. Слична е состојбата и со возраста од 20-24 години. Оваа возраст во групата на вработените учествува со 5,8%, додека во групата на невработените учествува со 19%. [15]
- Во Македонија постојат 148 727 деловни субјекти, од кои 132 934 или 89,38% се во приватна сопственост, 1911 или 1,28% се во мешовита сопственост, 1 741 или 1,17% се во задружна сопственост), 437 или 0,29% се државни и 11 704 или 7,87% се во општествена сопственост.[16]
- Форсирањето на развојот на малите и средните претпријатија, како и зголемувањето на вработувањето преку проширување на индустрискиот и услужниот сектор тешко се одвива заради забавениот економски развој и намалената финансиска моќ на населението.
- Во изминатиот период приватниот сектор понуди мали можности за вработување и најчесто беше следен со голем ризик и несигурност за вработените во него. И покрај тоа што уделот на приватниот сектор во вработувањето се зголемува од 41,6% во 1999 година на 56,7% во 2004 година, сепак тој не успеа да акумулира голем дел од работниците кои ја напуштија јавната администрација, како последица на финансиските аранжмани на Светската банка и ММФ и заложбите за мала и ефикасна администрација на Владата на Република Македонија. Најголем дел од вработувањата се оствариja во приватниот земјоделски сектор (86,1% од вкупното вработување во земјоделскиот сектор). [17]
- Индустрискиот сектор е сè уште доминантно поле за пласман на работната сила за разлика од секторот на услугите и сервисните дејности, кои иако во последно време бележат благ пораст, сè уште не се доволно изразени за да може да се зборува за драстични нарушувања во преминот на работната сила од еден во друг сектор.

[13] исто
[14] исто
[15] исто
[16] Државен завод за статистика, Анкета на работната сила 2004
[17] Извештај за пазарот на трудот во Република Македонија, ЕТФ, 2005

# ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИТЕ ПРАШАЊА И ИНДИКАТОРИ

Како резултат на активностите на експертите и работната група и увидот во документацијата и статистичките податоци, може да се истакнат повеќе глобални карактеристики на образованието на возрасните во Република Македонија:

- Образованието на возрасните и доживотното учење во Република Македонија, денес, се во длабока криза. Општите карактеристики на образованието на возрасните во Република Македонија се: не постои систем за образование на возрасните, изгубена е културата на учење кај населението, не постои координација и соработка меѓу партнерите, слаба транспарентност и достапност на образовната понуда, слаба адекватност на образовната понуда во контекст на образовните потреби на населението и општеството, квалитетот на образовните услуги е невоедначен.
- Најголемата концентрација на корисниците е насочена во преквалификацијата, посетување на курсевите за странски јазици и компјутерската обука. Обуките кои овозможуваат започнување на сопствен бизнис и вклучување во приватниот сектор се доста атрактивни за возрасните но сѐ уште немаат забележителен број на корисници.
- Пазарот на провајдери е доста хаотичен и тешко достапен. Државата издвојува минимални финансиски средства за оваа намена, а можностите за сопствено финансирање на образованието од страна на поголемиот број на возрасни се минимални.
- Преквалификацијата како последица на организирана акција од страна на државните органи доминира во дејноста на установите за образование на возрасните. На државно ниво, Агенцијата за вработување е таа која ја организира и финансиски покрива преквалификацијата на работниците. Учеството, т.е. партиципацијата на општествените и приватните претпријатија во обуката или преквалификацијата на (не)вработените возрасни скоро и да не постои.
- Образовната мобилност на возрасните во рамките на основното и средното образование е минимална. Може да се констатира драстично опаѓање не само на бројот на училиштата за основно образование на возрасните туку и на бројот на посетителите. Од 30 основни училишта за возрасни во 1987/88 год. тие се намалиле на само 13 во 2004 година. Паралелно со ова се намалува и бројот на слушателите.[18]
- Образованието на возрасните на ниво на средно училиште скоро и да не постои во Република Македонија. Со укинувањето на средните вечерни

[18] Државен завод за статистика, Годишен извештај 1991/2004

училишта за возрасни (1987 год.) овој ангажман на возрасните како дејност на андрагошките установи престана да постои. Одредени чекори за заживување на оваа дејност има во 1997 година, како последица на потребата за преквалификација на работниците кои ги изгубиле своите работни места, „по заслуга“ на приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

- Мотивираноста на работодавците за образование и обука на своите вработени е многу ниска. Покрај тоа што во државата не постојат стимулативни мерки за образование и обука на вработените (финансиски бенефиции, даночни олеснувања и сл.), меѓу вработувачите е доминантен ставот дека инвестицијата во образование и обука на вработените е неисплатива инвестиција. Една од причините за ваквата состојба е и фактот што и покрај тоа што се очекуваше дека стопанството забрзано ќе се движи во насока на „на знаења базирани“ работни места, тоа не се случи. Во вкупниот број на слободни работни места доминираат оние кои имаат потреба од работна сила со ниска квалификација (земјоделство, трговија, текстилна индустрија). Нема нагласено движење на работната сила од сектори со помал раст кон сектори со повисок раст и продуктивност. Процесот на приватизација кој засилено се одвиваше во периодот на транзиција не резултираше со соодветна динамика во отворањето на нови работни места и капацитети кои имаат потреба од работна сила со повисоки работни компетенции. Сè уште на пазарот на трудот на цена се старите квалификации кои лесно можат да се најдат на пазарот на работната сила.

Државните и приватните фирми сè уште немаат развиено доволна свесност за потребата од образовна активност на своите вработени. Државните фирми сè уште акцентот го ставаат на иницијалната обука на своите вработени, раководејќи се од принципот „едно образование за доживотно работно место“. Во приватниот сектор ретки се случаите кога одредени фирми соработуваат со универзитетите и/или други установи за образование на возрасните, со цел зајакнување на компетенциите на своите вработени. Успешна приказна е фирмата „Баргала“ од Штип која разви соработка со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за едукација на своите вработени и подигање на нивните компетенции во сферата на организацијата на работата. Успешен пример се и оние фирми, претежно во сервисниот сектор, кои се занимаваат со ICT, имаат изграден систем за обука на своите вработени, доминантно користејќи ги услугите на странски установи за образование на возрасните.

- Граѓанските здруженија, особено НВО, доминантно се фокусирани во неформалниот сектор и, пред сè, се занимаваат со општообразовна и културна едукација на возрасните. Нивната соработка со владините тела е сиромашна.

- Меѓународните здруженија/институции/НВО го покриваат формалниот и неформалниот сектор. Во формалниот сектор доминантно се фокусирани на професионалното усовршување на возрасните (наставници, директори на училишта, вработени во државната администрација и др.) додека во неформалниот сектор се фокусирани на општообразовното и културното образование на возрасните.

Специфични карактеристики на образованието на возрасните во Република Македонија се:

## Политика и законодавство

Дефинирана стратегија за развој, организација и реализација на образованието на возрасните во Република Македонија не постои. Тоа јасно укажува дека во државата не постои интегрирана, опфатна политика за учење на возрасните. На тој начин се создадени услови за постоење на расцепкана политика, голем број празнини и раздвоени пристапи во образованието на возрасните и недостаток на јасност во приоритетите. Ваквата состојба е условена, пред сѐ, со непостоењето на прецизен економски и општествен план за развој на човечките ресурси кој во себе би ја вклучувал компонентата на образованието на возрасните.

Досегашна практика беше прашањето за образованието на возрасните, т.е. системот на установите и формите на образованието на возрасните да се врзува за законските акти кои се однесуваа на формалното образование. Така, во рамките на законите за основно и за средно образование беше регулирана и дејноста - образование на возрасните. Во последно време, со започнувањето на реформските активности во сферата на образованието воочена е потребата од издвојување на овој сегмент и во процедура е донесување на посебен Закон за образование на возрасните. Треба да се истакне дека во рамките на државните стратегии за развој на останатите сегменти од образовниот систем во Р. Македонија свое место зазема и образованието на возрасните и доживотното учење.

## Управување и финансирање

Во недостиг на државна регулатива која ќе го покрие прашањето на образованието на возрасните управувањето во оваа сфера се одвива на ниво на здруженија на установи за образование на возрасните. Така, на пример, *Сојузот на работничките универзитети* во Република Македонија е единствено тело кое ја регулира дејноста во овие установи и ја координира работата на ниво на државата. Меѓутоа, надвор од Сојузот остануваат бројни центри за образование на возрасните кои својата дејност ја регулираат интерно и во согласност со сопствените стратегии за развој.

Финансирањето на установите за образование на возрасните е препуштено на самите установи. Државата само симболично учествува во финансирањето на државните установи за образование на возрасните. Поради тоа, тие се ориентирани пазарно и најголемиот дел од финансиите за сопствената дејност ги стекнуваат од самите образовни партиципиенти. Приватните установи за образование на возрасните, исто така, се финансираат самостојно.

## Држава, пазар и понудувачи на услуги

Образованието на возрасните е под директна ингеренција на Министерството за образование и наука. Посебен оддел кој ќе се занимава со образованието на возрасните во Министерството не постои. Целокупната дејност се покрива во рамките на посебните сектори за основно, средно и високо образование кои постојат во ова Министерство.

Прецизна анализа на пазарот на даватели и корисници на образовни услуги во Република Македонија не постои. Постојат само поединечни напори од страна на Министерството за образование и наука за анализа на пазарот на трудот кои се дел од севкупните зафати за реформа на средното стручно образование.

Од постојните даватели на образование на возрасните можат да се издвојат:

- специјализирани институции за образование на возрасните: работнички универзитети, центри за странски јазици, центри за компјутерско образование, центри за советодавна работа, основни училишта за образование на возрасните;
- курсеви кои ги организира Синдикатот;
- курсеви за потребите на Агенцијата за вработување;
- курсеви за потребите на професионални тела;
- универзитетски курсеви;
- курсеви кои ги организираат невладини организации.

## Институции и организации

Во Република Македонија образованието на возрасните го покриваат следните институции: работнички универзитети, приватни центри за странски јазици, приватни центри за компјутерска обука на возрасни, домови на културата, граѓански здруженија/НВО, Државната и локалните агенции за вработување, универзитети, синдикати, национални и регионални стопански комори, меѓународни здруженија.

## Учесници и услуги

Зголемувањето на образовната мобилност на возрасните лица во Република Македонија е детерминирано од нивната економска состојба. Лимитирачки фактори се: ниското образовно ниво, слабата финансиска состојба, малата финансиска поддршка што ја обезбедува државата за образованието на сиромашните и местото на живеење. Семејствата со понизок животен стандард имаат помали шанси за повисоко образовно ниво.

Образованието и сиромаштијата меѓусебно се условуваат. Како најранлива група се потврдува категоријата на *невработени лица*, потоа лица без образование, незавршено основно, како и со завршено основно образование. Повеќе од 40% од сите домаќинства кај кои „главата на домаќинството“ е лице без образование спаѓаат во категоријата на сиромашни домаќинства, додека тој процент од домаќинствата кај кои „главата на семејството“ е со незавршено основно образование изнесува 34,2%, а од оние со завршено основно образование - 30,4%. Основна карактеристика на овие домаќинства е тоа што најголемиот број се од селските средини, со мали можности да го променат својот економски статус и со многу висок ризик од социјално исклучување.[19]

Државата е оптоварена со висок процент на **невработени** и ниско образовно ниво кај поголем дел од оваа популација. Поради тоа, најчести корисници на услугите на установите за образование на возрасните се невработените, кои најчесто се определуваат за образовни курсеви кои им овозможуваат промена на занимањето и курсеви кои создаваат предуслови за самовработување. Оваа дејност во голема мерка се исцрпува во работничките универзитети и дејноста на Агенцијата за вработување. Во помала мерка, невработените ги користат услугите на центрите за странски јазици и центрите кои нудат компјутерска обука.

Оние кои имаат завршено средно образование имаат две можности: да бараат вработување со мали можности да го добијат или да се запишат во високообразовна установа. За жал, обуките кои ги даваат установите за образование на возрасните, како работничките универзитети и Агенцијата за вработување, на пример, не се признаваат од страна на вработувачите како официјални квалификации.[20]

Можностите на невработените да учествуваат во обука или реобука се ограничени (само 1,3% од невработените на возраст од 25-64 години во 2003 година). Недостатокот на финансиски средства, неразвиениот систем на пост-средно стручно образование и сиромашниот избор на институции за

[19] Стратегија за намалување на сиромаштијата во Република Македонија, 2005.
[20] Извештај за пазарот на трудот во Република Македонија, ЕТФ, 2005.

образование на возрасните се најсилните причини за оваа појава. [21]

Од аспект на образованието на возрасните дополнително негативно влијание имаат и неформалните активности кои ги преземаат возрасните кои имаат ниско ниво на образование и, пред сè, сиромашните, како: сезонските активности во земјоделството, повремените активности како физички работници (повозрасните машки лица), услужните активности (помладите лица) или производството на рачно изработени предмети (женските лица). Заедничко за сите овие активности се високиот ризик заради нелегалниот карактер на работата и малите заработувачки, но и фактот дека за извршување на овие активности не е потребна дополнителна стручна обука.

**Вработените** се втората категорија на корисници на услуги. Тие најчесто се определуваат за доквалификација и усовршување. Најмасовни форми за овие активности се во сферата на обуката на наставниците и менаџерскиот кадар од предучилишно, основно и средно образование. Најчести носители на овие форми на образование на возрасните се БРО и меѓународните организации, како на пример: ФОСИМ, УСАИД, Уницеф[22] и др. со помош на странски и домашни експерти. Притоа, и покрај фактот што најголем број на вработувачи ја сметаат обуката на нивните вработени како трошок, а не инвестиција, не треба да се занемарат и напорите што одредени фирми ги прават за своите вработени. Во соработка со универзитетите тие остваруваат професионално усовршување на нивниот кадар.

Покрај овие видови на образование на возрасните, доста чести се и неформалните курсеви кои се организираат за возрасното население во Р. Македонија со посебен акцент на маргиналните групи, женското население, жителите во руралните региони и сл., кои се фокусирани во општообразовното и културното зајакнување на возрасното население. Од тој аспект, значајни се да се споменат напорите за алфабетско и функционално описменување на возрасните (Уницеф, ФОСИМ), зајакнувањето на компетенциите за ран детски развој на женското население, подигање на свеста за значењето на образованието кај маргиналните групи, едукација од областа на здравствената заштита, граѓанското образование, мултикултурното образование и слично.

Облици како што се отвореното учење и учењето на далечина во Република Македонија не постојат.

Главните ризични групи врз кои треба да се фокусира вниманието на државата, не само во поглед на дефинирање на економската и социјалната политика, туку и од аспект на зголемување на нивното образовно ниво, т.е. зголемување на нивната работна компетентност и конкурентност се:

---

[21] Исто

[22] За жал, образовната програма на Уницеф беше драстично намалена во 2005 година.

- вработените без соодветно образование, нискообразованите и нисковалификуваните;
- долготрајно невработените лица;
- сиромашните домаќинства од руралните подрачја и малите градови;
- лицата со пречки во психофизичкиот развој;
- институционализираните лица;
- старите лица.

## Персонал

Персоналот вработен во специјализираните установи за образование на возрасните, како на пример работничките универзитети, центрите за странски јазици, основните училишта за образование на возрасните, како и најголемиот број од реализаторите на курсеви за возрасните во неформалниот сектор, е претежно со завршено високо образование. Основен недостаток на овој кадар е неговата слаба оспособеност за работа со возрасни.

## Податоци, информации и истражувачка база

Во Република Македонија не постои национален систем за прибирање на податоци за учењето на возрасните. Поради тоа, не само што не е можно да се утврди вистинската бројка на возрасните кои се вклучени во некој облик на образование, видот на образованието, успехот, ефикасноста на работата и повратниот ефект, туку не е можно да се постигне и поголема транспарентност во информациите за давателите и видот на услугите што се нудат на образовниот пазар. Поради тоа, постојат ограничени информации за можностите за учење кои им стојат на располагање на младите и возрасните.

Ваквата состојба е дополнително влошена со непостоењето на одржлив систем за анализа на трендовите во вештините, промените на пазарот на трудот и потребите на вработените за вештини или на работниците во „сивата“ економија. Секакви прогностички напори се неможни.

## Финансии и адекватни ресурси

Општа карактеристика е дека има недоволно финансирање за учењето на возрасните. Исто така, учењето на возрасните не е приоритет во процесот на планирање на буџетот, особено на буџетот на Министерството за образование и наука кој доминантно е концентриран на почетното образование и обука. Средствата од буџетот, кои се издвојуваат за професионално усовршување и обука на вработените, се повеќе од симболични. Ако на оваа состојба се додаде и недостатокот на соработка за воспоставување на

заеднички фонд за учење на возрасните, недостатокот на правна рамка за финансиски придонеси на вработувачите и поединците и непостоењето на механизми за заедничко финансирање, тогаш станува јасно зошто образованието на возрасните во Република Македонија е во преголема зависност од донаторското финансирање.

## Образование и истражување

Единствена институција која се занимава со истражување на образованието на возрасните во Република Македонија е Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. На оваа институција постои и посебна насока (андрагошка) која продуцира дипломирани андрагози, т.е. кадар чија специјалност е образованието на возраснитете.

Проучувањето на образованието на возрасните е дел и од работата на поединци вработени во Институтот за педагогија и во Бирото за развој на образованието кое во помал обем и претежно се занимава со обука на наставниците и директорите.

## Влијание на ниската вредност која се припишува на учењето на возрасните

Присутните слабости во финансирањето и непостоењето на национален план за развој на човечките ресурси (ХРД), имплицираат непостоење на организиран систем за образование на возрасните. Пратечки карактеристики кои дополнително ја влошуваат состојбата се:

- слабиот повраток на инвестициите во учењето кои дополнително предизвикуваат дестимулација и слаба мотивација за учење кај возрасните;
- ставот на поголем број на фирми кои го сметаат образованието и обуката на возрасните за трошок, а не за инвестиција;
- нееднаквиот пристап кон учењето кај многу загрозени групи на население, особено кај Ромите и руралното население.

## Партнерски пристап

Големи проблеми во образованието на возрасните во Република Македонија предизвикува несериозниот однос на државата кон ова прашање и непостоењето на соработка, како меѓу секторите во Владата, така и меѓу Владата и останатите субјекти во државата (синдикатот, стопанските комори, вработувачите, образовните установи, граѓанските организации и сл.) за заеднички пристап во образованието на возрасните. Ваквата состојба во го-

лема мерка е предизвикана од ниската свест на партнерите за значењето на образованието на возрасните.

Тоа дополнително се потврдува и со фактот што во Македонија сѐ уште нема национална класификација на занимањата, интегриран систем на стручни квалификации, систем за признавање и оценување на претходното учење и искуство, систем за професионално информирање, водство и советување, достапно на сите, систем за осигурување на квалитет усклаaден со меѓународните стандарди и нема политика за работна обука на наставниците/инструкторите за стручна обука.

Сето ова јасно укажува дека во наредниот период треба да се вложи голем напор оваа состојба да се промени за да може образованието на возрасните да го добие соодветниот статус во развојните планови на државата.

Во рамките на развојните програми на Владата зацртано е донесување Закон за образование на возрасните и воспоставување систем за образование на возрасните. Со ова се очекува целокупната дејност на планот на бразованието на возрасните да ја добие својата легислатива, да се воспостави систем на даватели на образовни услуги, прецизирање на дејноста на установите за образование на возрасните, поврзување на формалното образование со неформалните и информалните облици на образование на возрасните, при што се создава можност и редовните училишта да се јавуваат како институции за образование на возрасни, регулирање на прашањето на финансирањето на образованието на возрасните и сл. Истовремено се предвидува поголема поврзаност на пазарот на трудот и стопанството со институциите за образование на возрасните. Анализата на образовните потреби на возрасните (на државно и на локално ниво) е составен дел на овие настојувања.

# ПРЕПОРАКИ

## 1. Формирање на Совет за образование на возрасните (СОВ)

**Цел:** Остварување на системски пристап во образованието на возрасните и координација на активностите на ниво на државата.

**Поставување на проблемот:** Една од поголемите слабости на образованието на возрасните во Република Македонија е непостоење на издржана програма за образование на возрасните, недостаток од координација на активностите и парнерски пристап во нивната реализација.

**Оправданост на активноста:** Со оваа активност ќе се обезбеди повисок степен на соработка, воедначен пристап и можност за фокусирање на образованието на возрасните во вкупниот развој на државата. На тој начин ќе се овозможи рационализација на финансиите и енергијата во оваа сфера. Можноста за интензивирање на соработката меѓу заинтересираните страни и искористувањето на нивните капацитети во постигањето на заедничките цели е голема. Исто така, ова тело нуди можност за успешна антиципација на идните образовни потреби и работни места, како и поголемо насочување на давателите на образовни услуги кон вештините кои се потребни на претпријатијата и државната и локалната економија.

**Опис:** Оваа активност треба да резултира со формирање на владино тело составено од претставници на заинтересираните страни (образованието, економијата, вработувачите, синдикатот, владата, граѓанскиот сектор). Функционирањето на ова тело треба да ги обедини интересите на сите страни и да создаде основа за системски пристап во развојот и реализацијата на образованието на возрасните на сите нивоа. Неговата примарна задача е креирање на политиката во образованието на возрасните и координација на иницијативите и активностите во сферата на образованието на возрасните на ниво на целата држава. Покрај оваа задача, Советот ќе спроведува и активности како што се: перманентен мониторинг врз ризичните групи кои тендираат да станат долготрајно невработени, обезбедување мобилност на службите за вработување и советодавна дејност, колектирање и пласман на информации (за пазарот на трудот и можностите кои ги нуди, образованието, владините развојни програми, граѓанските иницијативи и иницијативите на локалните самоуправи), т.е. формирање на база на податоци за движењата на пазарот на трудот и образовната понуда и побарувачка, акредитација на давателите на образовни услуги во сферата на образованието на возрасните и посредување при реализација на програмите.

**Релација:** Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015); EU COUNCIL RESOLUTION on lifelong learning (2002/C 163/01).

**Модалитети/Партнери:** Во реализацијата на оваа активност треба да се координира учеството на сите заинтересирани страни во конституирањето на Советот, да се алоцираат средства за инфраструктурно и техничко опремување и да се изработат сите акти кои ќе ја регулираат дејноста на Советот. Оваа активност ќе се реализира во соработка меѓу Владата на Република Македонија и ЕТФ.

**Прашања и претпоставки:** Во која мерка заинтересираните страни ќе бидат вистински заинтересирани заедно да соработуваат? Основен предуслов е постигнување на консензус во самата Влада на РМ и интерсекторско усогласување на одговорностите.

**Следни чекори:** Формирање на комисија која треба да подготви операционализација на активностите.

*Граф. 1: СОВ во системот за образование на возрасните*



## 2. Формирање на општински центри за човечки развој преку доживотно учење

**Цел:** Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа и ефикасно користење на облиците на доживотно учење во функција на локалниот развој.

**Поставување на проблемот:** Со започнувањето на процесот на децентрализација се воочија сите слабости на локалните самоуправи во поглед на: расположиви капацитети (кадровски, информациски, образовни, економски, социјални и сл.), соработката меѓу образовните установи и претпријатијата, компетентноста на расположивата и потенцијалната работна сила, мобилноста на населението во решавањето на локалните проблеми.

**Оправданост на активноста:** Децентрализацијата, т.е. пренесувањето на надлежностите и одговорностите од централно на локално ниво во голема мерка е предизвик за локалните самоуправи. Во новата ситуација локалните економии директно ќе зависат од компетентноста на расположивата работна сила. Од интерес на локалната самоуправа е континуирано следење на потребите и можностите што ги нуди локалниот пазар на трудот и адаптирање на образовната понуда на тие потреби. Развојот на човечките ресурси ќе биде од круцијална важност за локалните самоуправи во идниот период. Можноста за интензивирање на соработката меѓу заинтересираните страни и искористувањето на нивните капацитети во постигнувањето на заедничките цели е голема. Исто така, ова тело нуди можност за успешна антиципација на идните образовни потреби и работни места, како и поголемо насочување на давателите на образовни услуги кон вештините кои се потребни на претпријатијата и локалната економија.

**Опис:** Оваа активност претпоставува формирање на општински HRD центри кои ќе ги обединат интересите и потребите на сите субјекти кои го детерминираат регионалниот развој (локалните власти, вработувачите, образованието, граѓанскиот сектор). Улогата на овие центри е да остваруваат перманентна комуникација со владиниот Совет за образование на возрасните, да доставуваат информации до главната база на податоци на СОВ, да колектираат информации од пазарот на трудот присутен во регионот, давателите на образовни услуги и иницијативите на граѓанските здруженија, да спроведуваат анализи на образовните потреби на младите и возрасните, да креираат програми за образование на возрасните, да делуваат локално на популаризација на образованието и развојот на културата на учење и да вршат перманентен мониторинг врз ризичните групи кои тендираат да станат долготрајно невработени, и да обезбедуваат мобилност на службите за вработување и советодавна дејност.

**Релација:** Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015), програмите за развој на основното, средното/постсредното и високото образование; Стратегијата за намалување на сиромаштијата во Република Македонија; EU COUNCIL: Resolution on lifelong learning (2002/C 163/01).

**Модалитети/Партнери:** Реализацијата на оваа активност подразбира координација на учеството на сите заинтересирани страни во конституирањето на Центарот, алоцирање на финансиски средства во буџетот на општината за просторно, инфраструктурно и техничко опремување, изработка на акти кои ќе ја регулираат дејноста на Центарот. Директни партнери во спроведување на оваа активност се СОВ и ЕТФ.

**Прашања и претпоставки:** Во која мерка локалната самоуправа ќе ја сфати сериозно важноста и неопходноста од формирање на ова тело? Дали сите општини ќе имаат капацитети успешно да ја реализираат оваа активност?

**Следни чекори:** Формирање на два пилот-центри во Кичево и во Штип. Врз основа на прелиминарните разговори локалните власти во овие градови покажуваат спремност да се зафатат со реализација на оваа активност. Со оглед на нивната географска/регионална поставеност инсталацијата на центри на овие локации дава можност за меѓуопштинска соработка и учество на субјекти од поширокиот регион. Врз основа на првичните резултати може да се испланираат следните чекори и да се формираат исти центри и во другите општини во Република Македонија.

*Граф. 2: ОЦ за HRD во Системот за образование на возрасните*



## 3. Развивање на систем за признавање на претходното учење

**Цел:** Препознавање и признавање на компетенциите кои младите и возрасните ги стекнуваат преку неформалните и информалните облици на учење и овозможување на нивна работна и образовна мобилност во формалниот образовен систем.

**Поставување на проблемот:** Во Република Македонија нема институција која е специјализирана за спроведување на идентификација и признавање на претходното учење, стекнато преку облиците на неформално и информално учење. Реализацијата на оваа активност е неопходна и од аспект на современите тенденции во сферата на образованието и потребата од вреднување на секој образовен напор што младите и возрасните го преземаат особено во неформалната и информалната сфера.

**Оправданост на активноста:** Со најновите измени во образованието во Република Македонија мрежата на образовни установи ќе се прошири и во сферата на постсредното образование. Ваквата поставеност мора да биде поддржана и со механизми кои ќе воспостават комуникација меѓу формалното, неформалното и информалното образование. Реализацијата на оваа активност ќе ги зголеми можностите за вработување и образовна мобилност на младите и возрасните. На тој начин се очекува зајакнување на неформалното и информалното образование и негов рамноправен третман во глобалниот образовен систем.

**Дескрипција:** Оваа активност ќе се реализира преку утврдување на инструменти и механизми со кои ќе се врши детекцијата/евалвацијата на претходното учење за оние кои стекнале одредени компетенции и сакаат тие да им бидат вреднувани и признаени. Евалвацијата ќе се врши врз основа на усвоената национална рамка на квалификации. Активноста подразбира и нејзина институционализација.

**Релација:** *Цел 1: Национална рамка на квалификации* во Програмата за развој на средното и постсредното образование во Република Македонија; програмите за развој на основното и високото образование, Програмата за професионален развој; Стратегијата за намалување на сиромаштијата во Република Македонија; EU COUNCIL: Resolution on lifelong learning (2002/C 163/01)

**Модалитети/Партнери:** Оваа активност може да припадне на Комората на занаетчиите (за ниските степени на квалификација) и на центар за средно стручно образование (за повисоките степени на квалификација во рамките на средните и пост средните степени). Со оглед дека тој е надлежен за воспоставување на стандарди на квалитет и усогласување на формалниот средношколски систем со потребите на трудот и општеството, како и за

функционирањето на постсредното образование во Република Македонија, во потполност ги задоволува условите за препознавање и признавање на претходното учење на ниво на до средно и постсредно образование. Реализацијата ќе се оствари во соработка меѓу Центарот, СОВ и граѓанскиот сектор.

**Прашања и претпоставки:** Оваа активност ќе биде возможна единствено ако се донесе национална рамка на кфалификации. Останува отворено прашањето за квалитетот и објективноста на механизмите за идентификација и прознавање на претходното учење, од една страна, и начините на соработка на Центарот со СОВ, ОХРДЦ и давателите на образовни услуги, од друга страна.

**Следни чекори:** Во Елаборатот за формирање на Центарот за стручно образование да се вметне и оваа задача.

## 4. Изработка на Закон за образование на возрасните

**Цел:** Поставување на правна рамка која ќе го регулира образованието на возрасните во Република Македонија.

**Поставување на проблемот:** Во државата не постои правна рамка во која давателите на образовни услуги ќе можат да го регулираат својот статус и дејноста.

**Оправданост на активноста:** Сегашната состојба ја карактеризира хаотичност на пазарот на образовни услуги. Не постои регулатива која ќе ги класифицира институциите за образование на возрасните и ќе ги понуди нивните капацитети на заинтересираните страни. Истовремено, не постои јасна одредба кој може да се занимава со образованието на возрасните и кои услови треба да ги исполнува. Се очекува новиот Закон за образование на возрасните да воведе ред, транспарентност, соработка и ефикасност во работењето на провајдерите за образование на возрасните и нивно статусно дефинирање.

**Дескрипција:** Оваа активност ќе се спроведува во согласност со Проектот на МОН и ЕТФ кој е во тек.

**Релација:** Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015); законите за основно, средно и високо образование.

**Модалитети/Партнери:** Законот за образование на возрасните треба да се усогласи со постојните закони за основно, средно и високо образование.

**Прашања и претпоставки:** Не смее да се дозволи Законот за образование на возрасните да ги фаворизира големите и специјализирани провајдери за

образование на возрасни наспроти помалите и оние од невладиниот сектор. Изработката на Законот треба да се изврши во соработка со експертите од ЕТФ.

**Следни чекори:** Изработка на Закон за образование на возрасните, јавна расправа и усвојување во Собранието на Република Македонија.

## 5. Зголемување на бројот на андрагошки кадри

**Цел:** Зајакнување на стручната поддршка на системот на образование на возрасните.

**Поставување на проблемот:** Образованието на возрасните во Република Македонија, меѓу другото, го карактеризира недостаток на стручна поддршка, т.е. учество на експерти чија потесна област е образованието на возрасните. Токму поради тоа, во голем број на случаи, програмите за образование на возрасните и нивната реализација не се разликуваат од програмите кои се наменети за децата и начините за реализација кои се карактеристични во пониските степени на образование.

**Оправданост на активноста:** Со зголемување на бројот на специјалисти за образованието на возрасните се создава можност за нивно ангажирање во системот на образование на возрасните. Тоа ќе предизвика повисок квалитет на образовната понуда и поголеми ефекти во работата со возрасните ученици. Нивната работа во голема мерка ќе биде од корист за локалните власти во делот на детекцијата на образовните потреби, планирањето, организацијата, реализацијата и евалвацијата на програмите за образование на возрасните.

**Дескрипција:** Осовременување на универзитетските студиски програми кои продуцираат експерти од областа на образованието на возрасните.

**Релација:** Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015).

**Модалитети/Партнери:** Оваа активност може лесно да се реализира доколку се зајакнат кадровските и просторните капацитети на Институтот за педагогија / Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кој е единствена високообразовна институција која продуцира ваков тип на кадри во државата. Неопходно е изнаоѓање на финансиски средства/стипендии со кои ќе се стимулираат младите да се определуваат за овој вид на студии.

**Прашања и претпоставки:** Кадровското зајакнување и осовременувањето на студиските програми за експерти од областа на образованието на возрасните е еден од основните услуви за успешно реализирање на оваа активност. Во нејзината реализација може да се вклучат и ЕТФ, МОН и ИЗЗВД.

**Следни чекори:** Покренување на иницијатива за системско решавање на ова прашање и изработка на елаборат за овој вид на студии под покровителство на МОН и ЕТФ.

## 6. Јавна кампања за доживотно учење

**Цел:** Развивање на културата на учење кај младото и возрасното население

**Поставување на проблемот:** Една од детектираните слабости во образованието на возрасните е недостатокот на култура на учење кај возрасното население. Оваа слабост предизвикува намален интерес за вклучување на возрасните во разни облици на образование и е најмногу изразена кај повозрасното население и кај припадниците на одредени маргинални етнички групи (Роми, на пример).

**Оправданост на активноста:** Развивањето на културата на учење и зголемувањето на свесноста кај младото и возрасното население за значењето на образованието треба да резултира со нивна засилена мобилност во формалните, неформалните и информалните облици на учење. Со тоа директно се придонесува за зајакнување на работните и социјалните компетенции на населението и спречување на работната, социјалната и образовната ексклузија на загрозената популација.

**Дескрипција:** МОН во соработка со општинските центри за човечки развој треба да изработи програма за популаризација на образованието и да ја спроведе по пат на јавни манифестации, фестивали, саеми, презентации, популарна литература и користејќи ги услугите на соодветните медиуми (печат, радио, телевизии, Интернет). Во рамките на курикулумот на основното и средното образование ќе се инсистира на развој на компетенциите за учење и подигањето на свеста кај децата и младите за доживотно учење, како и апликација на комбинирани мерки на обука и работно искуство („сендвич метод“) во функција на зајакнување на нивната вработливост.

**Релација:** Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015); EU COUNCIL: RESOLUTION on lifelong learning (2002/C 163/01).

**Модалитети/Партнери:** Оваа активност претпоставува активен придонес на локалната самоуправа во планирањето и реализацијата на кампањата. Со оглед на анализите на потенцијалните корисници на образованието на возрасни фокусот треба да се стави на вработените, невработените на возраст до 39 години, на лицата со до средно образовно ниво и маргиналните групи на население. Соработката со IIZVDD[23] е препорачлива со оглед на неговото

[23] Institute for Internacional Cooperation of the German Adult Education Association.

големо искуство во популаризацијата на доживотното учење во Република Македонија.

**Прашања и претпоставки:** За успешна реализација на оваа активност потребно е кампањата да не се одвива декларативно, туку да навлезе внатре во локалните средини, институциите, фирмите и семејствата.

**Следни чекори:** МОН треба да формира експертско тело кое ќе изработи програма за популаризација на доживотното учење. Со оглед на искуството кое го има IIZVDD во оваа сфера, неговото учество во спроведување на оваа активност е повеќе од потребно.

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент
Охридски“,
Скопје

37.014(497.7) “2005/2015“

НАЦИОНАЛНА програма за развој на образованието
во Република Македонија 2005-2015 со придружни
програмски документи, - Скопје;
Министерство за образование и наука на Република
Македонија, 2006,
- 463 стр. ; илустр. 23 см

ISBN 9989-2376-7-0

а)Образование – Национална програма – Македонија
– 2005-2015 COBISS.MK-ID 66011914